ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

# ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИМПРЕСУМ

Наслов:
ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Издавач:
Центар за правни истражувања и анализи

За издавачот:
Лидија Стојкова-Зафировска

Автори:
Жарко Хаџи-Зафиров
Емил Мифтари
Јелена Ристиќ
Југослав Ѓоргиевски
Симона Трајковска
Горица Наџинска
Марко Гучески
Кристијан Михајловски
Елена Мујоска Трпевска
Ивица Пеповски
Жанета Трајковска
Ана Мукоска

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, јуни 2021

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

347.993(497.7)(047.31)

ФУНКЦИОНАЛНА анализа на основните судови во Република Северна Македонија / [автори Жарко Хаџи-Зафиров ... и др.]. - Скопје : Центар за правни истражувања и анализи, 2021. - 470 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Емил Мифтари, Јелена Ристиќ, Југослав Ѓоргиевски, Симона Трајковска, Горица Наџинска, Марко Гучески, Кристијан Михајловски, Елена Мујоска , Ивица Пеповски, Жанета Трајковска, Ана Мукоска

ISBN 978-608-4926-04-7

1. Хаџи-Зафиров, Жарко [автор] 2. Мифтари, Емил [автор] 3. Ристиќ, Јелена [автор] 4. Трајковска, Симона [автор] 5. Наџинска, Горица [автор] 6. Гучески, Марко [автор] 7. Михајловски, Кристијан [автор] 8. Мујоска, Елена [автор] 9. Пеповски, Ивица [автор] 10. Трајковска, Жанета [автор] 11. Мукоска, Ана [автор]
а) Основни судови -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 54973957

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Овој производ е подготвен во рамки на проектот “Вградување на аналитички и мониторинг алатки за поддршка на правосудните реформи во Северна Македонија” финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# СОДРЖИНА


ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 12
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 13
МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА 17
ХРОНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ОПИС НА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 21
ИНДИКАТОРИ ЗА ПРОЦЕНА НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ 27
А. Европски стандарди 28
Б. EU Justice Scoreboard – Инструмент за промоција на ефективна правда и раст 29
В. ЕУ ранг-листа на правосудството 30
Г. Индикатори на ЕУ ранг-листата на правосудството 31
НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАНОСТ 33
1.Апелациско подрачје Битола 47
1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 47
1.2.Основен суд Крушево 48
1.3.Основен суд Охрид 49
1.4.Основен суд Прилеп 50
1.5.Основен суд Ресен 51
1.6.Основен суд Струга 52
2.Апелациско подрачје Гостивар 53
2.1.Основен суд Гостивар 53
2.2.Основен суд Дебар 54
2.3.Основен суд Кичево 55
2.4.Основен суд Тетово 56
3.Апелациско подрачје Скопје 57
3.1.Основен суд Велес 57
3.2.Основен суд Гевгелија 58
3.3.Основен суд Кавадарци 59
3.4.Основен суд Кратово 60
3.5.Основен суд Крива Паланка 61
3.6.Основен суд Куманово 62
3.7.Основен суд Неготино 63
3.8.Основен Граѓански суд Скопје 63
3.9.Основен Кривичен суд Скопје 63
4.Апелациско подрачје Штип 64
4.1.Основен суд Берово 64
4.2.Основен суд Виница 65
4.3.Основен суд Делчево 66
4.4.Основен суд Кочани 67
4.5.Основен суд Радовиш 68
4.6. Основен суд Свети Николе 69
4.7.Основен суд Струмица 70
4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 71
НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ 72

ЕФИКАСНОСТ 73
Ефикасност во основните судови во Република Северна Македонија 77
Мерење на ефикасноста на основните судови во четирите апелациски подрачја 81
1.Апелациско подрачје Битола 81
1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 81
1.2.Основен суд Крушево 84
1.3.Основен суд Охрид 86
1.4.Основен суд Прилеп 88
1.5.Основен суд Ресен 90
1.6.Основен суд Струга 92
2.Апелациско подрачје Гостивар 94
2.1.Основен суд Гостивар 94
2.2.Основен суд Дебар 96
2.3.Основен суд Кичево 98
2.4.Основен суд Тетово 100
3.Апелациско подрачје Скопје 102
3.1.Основен суд Велес 102
3.2.Основен суд Гевгелија 105
3.3.Основен суд Кавадарци 107
3.4.Основен суд Кратово 109
3.5.Основен суд Крива Паланка 111
3.6.Основен суд Куманово 113
3.7.Основен суд Неготино 115
3.8.Основен Граѓански суд Скопје 118
3.9.Основен Кривичен суд Скопје 120
4.Апелациско подрачје Штип 123
4.1.Основен суд Берово 123
4.2.Основен суд Виница 126
4.3.Основен суд Делчево 128
4.4.Основен суд Кочани 130
4.5.Основен суд Радовиш 132
4.6.Основен суд Свети Николе 134
4.7.Основен суд Струмица 136
4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 138
НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ЕФИКАСНОСТ 140

ТРАНСПАРЕНТОСТ И ОТЧЕТНОСТ 141
1.Апелациско подрачје Битола 144
1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 144
1.2.Основен суд Крушево 145
1.3.Основен суд Охрид 146
1.4.Основен суд Прилеп 147
1.5.Основен суд Ресен 148
1.6.Основен суд Струга 149
2.Апелациско подрачје Гостивар 150
2.1.Основен суд Гостивар 150
2.2.Основен суд Дебар 151
2.3.Основен суд Кичево 152
2.4.Основен суд Тетово 153
3.Апелациско подрачје Скопје 154
3.1.Основен суд Велес 154
3.2.Основен суд Гевгелија 155
3.3.Основен суд Кавадарци 156
3.4.Основен суд Кратово 157
3.5.Основен суд Крива Паланка 158
3.6.Основен суд Куманово 159
3.7.Основен суд Неготино 160

| | |
|---|---|
| 3.8.Основен Граѓански суд Скопје | 161 |
| 3.9.Основен Кривичен суд Скопје | 162 |
| 4.Апелациско подрачје Штип | 163 |
| 4.1.Основен суд Берово | 163 |
| 4.2.Основен суд Виница | 164 |
| 4.3.Основен суд Делчево | 165 |
| 4.4.Основен суд Кочани | 166 |
| 4.5.Основен суд Радовиш | 167 |
| 4.6.Основен суд Свети Николе | 168 |
| 4.7.Основен суд Струмица | 169 |
| 4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип | 170 |
| НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ | 171 |
| КВАЛИТЕТ НА СУДСКА ПРАВДА | 173 |
| 1.Апелациско подрачје Битола | 181 |
| 1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар | 181 |
| 1.2.Основен суд Крушево | 183 |
| 1.3.Основен суд Охрид | 185 |
| 1.4.Основен суд Прилеп | 188 |
| 1.5.Основен суд Ресен | 191 |
| 1.6.Основен суд Струга | 193 |
| 2.Апелациско подрачје Гостивар | 196 |
| 2.1.Основен суд Гостивар | 196 |
| 2.2.Основен суд Дебар | 198 |
| 2.3.Основен суд Кичево | 200 |
| 2.4.Основен суд Тетово | 203 |
| 3.Апелациско подрачје Скопје | 205 |
| 3.1.Основен суд Велес | 205 |
| 3.2.Основен суд Гевгелија | 207 |
| 3.3.Основен суд Кавадарци | 209 |
| 3.4.Основен суд Кратово | 212 |
| 3.5.Основен суд Крива Паланка | 214 |
| 3.6.Основен суд Куманово | 216 |
| 3.7.Основен суд Неготино | 218 |
| 3.8.Основен Граѓански суд Скопје | 220 |
| 3.9.Основен Кривичен суд Скопје | 223 |
| 4.Апелациско подрачје Штип | 226 |
| 4.1.Основен суд Берово | 226 |
| 4.2.Основен суд Виница | 228 |
| 4.3.Основен суд Делчево | 230 |
| 4.4.Основен суд Кочани | 232 |
| 4.5.Основен суд Радовиш | 234 |
| 4.6.Основен суд Свети Николе | 235 |
| 4.7.Основен суд Струмица | 237 |
| 4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип | 239 |
| НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА | 242 |
| ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 243 |
| 1. Апелациско подрачје Битола | 249 |
| 1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар | 249 |
| 1.2.Основен суд Крушево | 251 |
| 1.3.Основен суд Охрид | 252 |
| 1.4.Основен суд Прилеп | 255 |
| 1.5.Основен суд Ресен | 256 |
| 1.6. Основен суд Струга | 258 |
| 2.Апелациско подрачје Гостивар | 261 |
| 2.1.Основен суд Гостивар | 261 |
| 2.2.Основен суд Дебар | 263 |

2.3.Основен суд Кичево 264
2.4.Основен суд Тетово 266
3.Апелациско подрачје Скопје 269
3.1.Основен суд Велес 269
3.2.Основен суд Гевгелија 271
3.3.Основен суд Кавадарци 273
3.4.Основен суд Кратово 275
3.5.Основен суд Крива Паланка 276
3.6.Основен суд Куманово 278
3.7.Основен суд Неготино 280
3.8.Основен Граѓански суд Скопје 282
3.9.Основен Кривичен суд Скопје 284
4.Апелациско подрачје Штип 286
4.1.Основен суд Берово 286
4.2.Основен суд Виница 287
4.3.Основен суд Делчево 289
4.4.Основен суд Кочани 291
4.5.Основен суд Радовиш 293
4.6.Основен суд Свети Николе 294
4.7.Основен суд Струмица 296
4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 298
НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ 300

УСЛОВИ ЗА РАБОТА, ФИЗИЧКИ ПРИСТАП И БЕЗБЕДНОСНИ УСЛОВИ ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО ЧЕТИРИТЕ АПЕЛАЦИОНИ ПОДРАЧЈА 303
1.Апелациско подрачје Битола 304
1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 304
1.2.Основен суд Крушево 305
1.3.Основен суд Охрид 306
1.4.Основен суд Прилеп 308
1.5.Основен суд Ресен 310
1.6.Основен суд Струга 311
2.Апелациско подрачје Гостивар 314
2.1.Основен суд Гостивар 314
2.2.Основен суд Дебар 316
2.3.Основен суд Кичево 317
2.4.Основен суд Тетово 318
3.Апелациско подрачје Скопје 320
3.1.Основен суд Велес 320
3.2.Основен суд Гевгелија 321
3.3.Основен суд Кавадарци 323
3.4.Основен суд Кратово 324
3.5.Основен суд Крива Паланка 325
3.6.Основен суд Куманово 327
3.7.Основен суд Неготино 328
3.8.Основен Граѓански суд Скопје 330
3.9.Основен Кривичен суд Скопје 1 331
4.Апелациско подрачје Штип 333
4.1.Основен суд Берово 333
4.2.Основен суд Виница 334
4.3.Основен суд Делчево 336
4.4.Основен суд Кочани 337
4.5.Основен суд Радовиш 339
4.6.Основен суд Свети Николе 340
4.7.Основен суд Струмица 342
4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 343
НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ И ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ 345

ИКТ ОПРЕМА И ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО ЕЛЕКТРОНСКО ПОВРЗУВАЊЕ 347
1.Апелациско подрачје Битола 354
1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 354
1.2.Основен суд Крушево 355
1.3.Основен суд Охрид 356
1.4.Основен суд Прилеп 357
1.5.Основен суд Ресен 358
1.6.Основен суд Струга 359
2.Апелациско подрачје Гостивар 360
2.1.Основен суд Гостивар 360
2.2.Основен суд Дебар 361
2.3.Основен суд Кичево 362
2.4.Основен суд Тетово 363
3.Апелациско подрачје Скопје 364
3.1.Основен суд Велес 364
3.2.Основен суд Гевгелија 365
3.3.Основен суд Кавадарци 366
3.4.Основен суд Кратово 367
3.5.Основен суд Крива Паланка 368
3.6.Основен суд Куманово 369
3.7.Основен суд Неготино 370
3.8.Основен граѓански суд Скопје 371
3.9.Основен Кривичен суд Скопје 372
4.Апелациско подрачје Штип 373
4.1.Основен суд Берово 373
4.2.Основен суд Виница 374
4.3.Основен суд Делчево 375
4.4.Основен суд Кочани 375
4.5.Основен суд Радовиш 376
4.6.Основен суд Свети Николе 377
4.7.Основен суд Струмица 379
4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 379
НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ИНФОРМАТИЧКО КОМПЈУТЕРСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА 381

АКМИС 383
1.Апелациско подрачје Битола 385
1.2.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 385
1.3.Основен суд Крушево 386
1.4.Основен суд Охрид 387
1.5.Основен суд Прилеп 388
1.6. Основен суд Ресен 388
1.7.Основен суд Струга 389
2.Апелациско подрачје Гостивар 391
2.1.Основен суд Гостивар 391
2.2.Основен суд Дебар 392
2.3.Основен суд Кичево 393
2.4.Основен суд Тетово 394
3.Апелациско подрачје Скопје 395
3.1.Основен суд Велес 395
3.2.Основен суд Гевгелија 396
3.3.Основен суд Кавадарци 396
3.4.Основен суд Кратово 397
3.5.Основен суд Крива Паланка 398
3.6.Основен суд Куманово 399
3.7.Основен суд Неготино 400
3.8.Основен граѓански суд Скопје 401
3.9.Основен кривичен суд Скопје 402

4.Апелациско подрачје Штип 403
4.1.Основен суд Берово 403
4.2.Основен суд Виница 403
4.3.Основен суд Делчево 404
4.4.Основен суд Кочани 405
4.5.Основен суд Радовиш 406
4.6.Основен суд Свети Николе 407
4.7.Основен суд Струмица 408
4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 409
НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА АКМИС 410

ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ 411
1.Апелациско подрачје Битола 416
1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 417
1.2.Основен суд Крушево 417
1.3.Основен суд Охрид 417
1.4.Основен суд Прилеп 417
1.5.Основен суд Ресен 418
1.6.Основен суд Струга 418
2.Апелациско подрачје Гостивар 419
2.1.Основен суд Гостивар 420
2.2.Основен суд Дебар 420
2.3.Основен суд Кичево 420
2.4.Основен суд Тетово 420
3.Апелациско подрачје Скопје 421
3.1.Основен суд Велес 422
3.2.Основен суд Гевгелија 422
3.3.Основен суд Кавадарци 422
3.4.Основен суд Кратово 422
3.5.Основен суд Крива Палнка 423
3.6.Основен суд Куманово 423
3.7.Основен суд Неготино 423
3.8.Основен Граѓански суд Скопје 423
3.9.Основен суд Кривичен Скопје 424
4. Апелациско подрачје Штип 425
4.1.Основен суд Берово 426
4.2.Основен суд Виница 426
4.3.Основен суд Делчево 426
4.4.Основен суд Кочани 426
4.5.Основен суд Радовиш 427
4.6.Основен суд Свети Николе 427
4.7.Основен суд Струмица 427
4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 427

ЈАВНИ НАБАВКИ 429
1.Апелациско подрачје Битола 433
1.2.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 433
1.3.Основен суд Крушево 433
1.4.Основен суд Охрид 433
1.5.Основен суд Прилеп 434
1.6.Основен суд Ресен 434
1.7.Основен суд Струга 434
2.Апелациско подрачје Гостивар 435
2.1.Основен суд Гостивар 435
2.2.Основен суд Дебар 435
2.3.Основен суд Кичево 435
2.4.Основен суд Тетово 436

3.Апелациско подрачје Скопје 437
3.1.Основен суд Велес 437
3.2.Основен суд Гевгелија 437
3.3.Основен суд Кавадарци 437
3.4.Основен суд Кратово 438
3.5.Основен суд Крива Паланка 438
3.6.Основен суд Куманово 438
3.7.Основен суд Неготино 439
3.8.Основен граѓански суд Скопје 439
3.9.Основен кривичен суд Скопје 439
4.Апелациско подрачје Штип 440
4.1.Основен суд Виница 440
4.2.Основен суд Делчево 440
4.3.Основен суд Кочани 440
4.4.Основен суд Радовиш 441
4.5.Основен суд Свети Николе 441
4.6.Основен суд Струмица 441
4.7.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 441
НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ, БУЏЕТИРАЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ 443

РОДОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО КАДРОВСКАТА СТРУКТУРА И РАБОТАТА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ 445
1.Апелациско подрачје Битола 450
1.1.Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар 450
1.2.Основен суд Крушево 450
1.3.Основен суд Охрид 451
1.4.Основен суд Прилеп 451
1.5.Основен суд Ресен 452
1.6.Основен суд Струга 452
2.Апелациско подрачје Гостивар 453
2.1.Основен суд Гостивар 453
2.2.Основен суд Дебар 453
2.3.Основен суд Кичево 454
2.4.Основен Суд Тетово 454
3.Апелациско подрачје Скопје 455
3.1.Основен суд Велес 455
3.2.Основен суд Гевгелија 456
3.3.Основен суд Кавадарци 456
3.4.Основен суд Кратово 457
3.5.Основен Суд Крива Паланка 457
3.6.Основен суд Куманово 458
3.7.Основен суд Неготино 458
3.8.Основен Граѓански суд Скопје 459
3.9.Основен Кривичен суд Скопје 459
4.Апелациско подрчје Штип 460
4.1.Основен суд Берово 460
4.2.Основен суд Виница 460
4.3.Основен суд Делчево 461
4.4.Основен суд Кочани 461
4.5.Основен суд Радовиш 462
4.6.Основен Суд Свети Николе 462
4.7.Основен суд Струмица 463
4.8.Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип 463
НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РОДОВИ ПЕРСПЕКТИВИ 464

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АКМИС | Автоматизиран информационен систем за управување со судски предмети |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| АС Битола | Апелационен суд Битола |
| АС Гостивар | Апелационен суд Гостивар |
| АС Скопје | Апелационен суд Скопје |
| АС Штип | Апелационен суд Штип |
| ВСРСМ | Врховен суд на Република Северна Македонија |
| ГРЕКО | Групата на земји против корупција на Совет на Европа |
| ЕСЕ | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЗЈО | Закон за јавното обвинителство |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| ЈОРСМ | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| ОГС Скопје | Основен граѓански суд Скопје |
| ОКС Скопје | Основен кривичен суд Скопје |
| ОС Берово | Основен суд Берово |
| ОС Битола | Основен суд Битола |
| ОС Велес | Основен суд Велес |
| ОС Виница | Основен суд Виница |
| ОС Гевгелија | Основен суд Гевгелија |
| ОС Гостивар | Основен суд Гостивар |
| ОС Дебар | Основен суд Дебар |
| ОС Делчево | Основен суд Делчево |
| ОС Кавадарци | Основен суд Кавадарци |
| ОС Кичево | Основен суд Кичево |
| ОС Кочани | Основен суд Кочани |
| ОС Кратово | Основен суд Кратово |
| ОС Крива Паланка | Основен суд Крива Паланка |
| ОС Крушево | Основен суд Крушево |
| ОС Куманово | Основен суд Куманово |
| ОС Неготино | Основен суд Неготино |
| ОС Охрид | Основен суд Охрид |
| ОС Прилеп | Основен суд Прилеп |
| ОС Радовиш | Основен суд Радовиш |
| ОС Ресен | Основен суд Ресен |
| ОС Свети Николе | Основен суд |
| ОС Струга | Основен суд Струга |
| ОС Струмица | Основен суд Струмица |
| ОС Тетово | Основен суд Тетово |
| ОС Штип | Основен суд Штип |
| ССРСМ | Судски совет на Република Северна Македонија |
| ЦПИА | Центар за правни истражувања и анализи |
| ЦЕПЕЈ | Европска комисија за ефикасност на правдата |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Функционалната анализа на основните судови на Република Северна Македонија е клучен сегмент во рамките на проектот "Воспоставување на алатки за следење на реформите за поддршка на правосудниот сектор во Република Северна Македонија" имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи со финансиска поддршка на Британската амбасада во Скопје. Целта на оваа функционална анализа е да се идентификуваат предизвиците со кои основните судови се справуваат во остварување на судските надлежности и вршењето на судската власт. Функционалната анализа ја опфаќа во целост работата на основните судови преку клучните области за правосудството, односно степенот на независност и непристрасност, ефикасност, транспарентност и отчетност во работењето и квалитет на судската правда, а беа анализирани и аспектите кои се неопходни во секојдневното работење на основните судови односно човечките капацитети, специјализацијата и унапредувањето, достапноста на информатичка технологија и опрема, просторните услови за работа и пристап до судот, како и финансирањето на основните судови.

Општиот заклучок за работата на основните судови е дека постојат определени системски недостатоци и слабости во функционирањето на целокупната судска власт, екипираност на стручен судски кадар и достапни технички и финансиски средства. Но, и покрај тоа може да се констатира дека основните судови максимално ги користат расположливите капацитети за обезбедување на минимум услови за функционалност на судот. Законската рамка воведена со реформскиот процес во правосудството е соодветна за да ги подобри резултатите за работата на судовите, но од анализата произлезе дека правосудните институции не ја применуваат во целот поради ненавремено донесување на подзаконските акти и уредување на поединечни процедури (информирање на јавноста, содржини на веб страните, оценување на вработените во судот). Воедно, во сите аспекти од работењето на судовите се констатираше дека ефикасноста и економичноста во основните судови значително ќе се подобрат со користење на информатичките алатки особено во делот на комуникација со странките преку електронско доставување на документи, веб услуги за работата на судот, онлајн пристап до судските одлуки и судската пракса, автоматска обработка на податоци за судските предмети и следење на ефектот од работата на судиите и судските службеници. Се забележува дека во сите процеси во основните судови недостасува стратешки пристап и аналитички капацитети за проценката на потребните ресурси за функционалност на судот согласно законските надлежности (екипираност со стручен кадар како стручни службеници, референти, информатичари, опрема за работа, стручно усовршување на вработените и следење на нивната работа, финансиската политика и долгорочните капитални вложувања). Преку утврдување на реалните услови и капацитети во основните судови, од анализата може да се оцени степенот на ефикасност и ефективност на основните судови во обезбедување на заштита и правна сигурност во судските постапки.

Од анализата за **независноста и непристрасноста на судиите** се утврди дека уставните и законските гаранции се доволни за заштита на судиите во вршењето на судската функција, но проблематичен е нередовниот избор на судии и по упразнување на судиските места. Според анализата, во сите основни судови недостасуваат избрани судии кои се предвидени согласно одлука на Судскиот совет на РСМ и мислење на Врховниот суд на РСМ. Од анализата произлезе дека природниот одлив на судии по основ на пензија е непропорционално повисок во споредба со избраните судии во основните судови што упатува на заклучокот дека нема механизам за баланс во старосната застапеност на судиите со повеќегодишен стаж и новоизбраните судии. Анализата истакнува дека постојат ризици врз независноста на судската власт поради условеноста од извршната власт во делот на планирање на судскиот буџет и потребните вработувања, што како практика претставува ризик по уставното начело на поделба на власта.

Анализата на **ефикасноста на основните судови** ја опфати динамиката во движењата на предметите во судовите низ годините и преку односот на решени предмети и вкупно предмети во работа во судот. Се утврди дека сите основни судови покажуваат висока стапка на ефикасност во решавањето на предметите, но со оглед на недостатокот на избрани судии и вработени судски службеници може да се констатира дека постои висока оптовареност на судиите во вршењето на судската функција. Имено судиите во основните судови решаваат во просек 5 предмети на ден преку

целата година. Со цел да помогне во носењето на заклучоци и мерки за потребните материјални и кадровски ресурси за ефикасно постапување на судовите, во анализата се направени проекции за справување со обемот на работа во моментални услови и во услови на исполнети судиски места и позиции за судските службеници. Од анализата произлезе потребата при следењето на ефикасноста на основните судови да се вклучат и оние параметри кои влијаат врз квалитетот во работењето на судот, како што е утврдување на суштински и несуштински персонал во основните судови, процесните рокови и достапните ресурси и опрема кои им требаат на судиите во тековното вршење на судската функција.

Анализата на **транспарентноста и отчетноста** на основните судови се изврши преку постулатите на правото на правично судење, односно можностите за присуство на јавноста во судските постапки и информирањето на граѓаните за работата на судот. Од анализата се увиде дека основните судови имаат потешкотии во примена на правилата за односи со јавноста предвидени во Судскиот деловник поради недостаток на соодветен кадар и недостаток на посебна едукација на лицата кои ќе ги применуваат процедурите за транспарентно и отчетно работење на основните судови. Анализата покажа дека веб страните на судовите се главен канал за комуникација со јавноста и странките за работата во судот, но и дека отсуствуваат унифицирани содржини и информации кои можат да се подобри транспарентноста и отвореноста на судовите која би резултирала со зголемување на степенот на доверба на граѓаните во судството.

**Квалитетот на судската правда** беше анализиран преку статистичките податоци за предметното работење на основните судови изразен преку бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки од повисоките судови. Анализата утврди дека недостасуваат алатки и стандардизирани обрасци и дека достапните податоци не се доволни за да се донесе заклучок за квалитетот во постапувањето на основните судови и дека е потребно ревидирање на методологијата за мерење и следење на квалитетот на судската правда. Во овој дел беа анализирани програмите на АСЈО за стручно усовршување на судиите и судската служба и беше утврдена потреба за проширување на темите за обуки, како и воспоставување на алатки за следење на националната и меѓународната судска пракса во насока на воедначено постапување на основните судови.

**Човечките ресурси** се сериозен недостаток со кој основните судови се справуваат континуирано низ годините со цел да обезбедат ефективно работење на судот. Преку анализа на актите за систематизација и организација во судовите се утврди дека нема целосна пополнетост на предвидениот број на судии и судски службеници, особено стручни судски службеници и раководители на судските служби што укажува дека судовите немаат јасно утврден механизам за управување со човечките ресурси кој би опфатил следење и оценување на ефектот од нивната работа. Преку анализа на пополнетоста и соодносот од различни категории на вработени лица во основните судови се потенцира дека е неопходно да се ревидираат потребниот број, критериумите во актите за систематизација на судските службеници, судската полиција и помошно техничкиот персонал за да соодветствуваат на реалните потреби на судовите.

Во поглед на функционалноста на **условите за работа во основните судови**, анализата ги истакнува просторните капацитети и ресурси за остварување на судските надлежности, како што се опременоста на судниците за водење на судски постапки, пристапот до писарницата и до судот за странките и лицата со попреченост, капацитетите на судската архива и просториите за вработените во судот. Анализата утврди дека речиси сите судови имаат потреба од реконструкција, обновување на инфраструктурата и санирање на постоечки дефекти кои можат да бидат опасност по вработените и граѓаните во судот. Од анализата се утврди дека обновувањето и одржувањето на просторните и технички услови во судовите не се одвива тековно поради отсуство на поголеми капитални инвестиции во судството. Дополнително, во рамките на анализата е утврдено дека постои низок степен на соработка со Агенцијата за управување со одземен имот и дека постојат потешкотии во примената на Законот за оттуѓување на движен имот што резултира со пренатрупување на судските простории со предмети со кои се извршени кривични дела како и стар инвентар.

Функционалната анализа потврди дека **компјутерската поддршка во основните судови** е недоволна за да ги поддржи сите информатички процеси кои се предвидени во законската рамка за судовите. Во анализата се прикажани податоци за компјутерската опрема во судовите и се утврди дека истата е евидентно застарена или нефункционална за ги обезбеди основните судови во исполнување на нивните надлежности, а дополнително се утврди отсуство на посебна организациона единица која ќе ги следи работните процеси со примена на ИКТ во судовите. Во тој контекст, анализата го прикажува и потенцијалот на Автоматизираниот компјутерски систем за движење на предметите во судот (АКМИС) и можностите кои ги има за собирање, обработка и анализа на податоците за предметите, но кои во отсуство на утврдени процедури и надлежности недоволно се користат во основните судови.

Од аспект на **финансирањето на судската власт**, беа анализирани судските буџети за период од 5 години со што беа опфатени тековните трошоци во судот, платите на судиите и износите на капиталните инвестиции во судовите. Преку анализата се утврди дека постојниот модел претставува препрека за ефикасно функционирање на судовите бидејќи не дозволува самостојност на основните судови во планирањето и распределувањето на судскиот буџет, па така основните судови функционираат со намален судски буџет од предвиденото и со ненавремени јавни набавки и вработувања во судот. Од анализата произлезе дека извршната власт дава согласност за судскиот буџет спротивно на Законот за судски, но и дека не се почитуваат законските ограничувања за потребниот износ на судскиот буџет. Според анализата финансиските податоци не дозволуваат подетална анализа за работата на судот во насока на планирање на финансиски политики со стратешко значење, а се констатираа и недоволно капитални вложувања во судските капацитети што според анализата е неопходно да се третираат како приоритети за сите основни судови.

Од аспект на **родовите перспективи**, беше извршена анализа на родовата структура на судиите и судската служба во основните судови, од која се увиде дека и покрај тоа што во судовите постои мнозинска застапеност на жените, определени сегменти се целосно маскуларизирани, на пример судската полиција. Анализата на родовата застапеност беше ограничена во делот на својата продлабоченост поради отсуство на систематизирани родово разделени податоци но сепак истата претставува солидна основа за изнаоѓање на решенија на прашањата кои се директно поврзани со родовите перспективи.

Како резултат на овие состојби судската власт се соочува со системски потешкотии да ги реализира работните процеси во судот на ефикасен, ефективен и економичен начин, а притоа да го обезбеди квалитетот на судската правда.

Наодите на оваа анализа се солидна основа за изнаоѓање на нови решенија, процеси и приоритети за подобрување на условите и капацитетите за работа и управување во основните судови.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА

При утврдувањето на методологијата за оваа анализа се тргна од моделот за спроведување на функционална проценка на капацитетите на институциите од јавниот сектор[1], кој во основа е креиран за функционална анализа на јавната администрација. Притоа, предвид беше земена и методологијата на работа при подготовката на Функционалната анализа на апелациските судови во Република Северна Македонија и Функционалната анализа на Врховниот суд во Република Северна Македонија [2] како модел кој повеќе одговара на функциите и потребите на судовите.

Моделот на функционалната анализа се состои од проценка според три основни критериуми, прв критериум - стратешка усогласеност со планираните цели на повисоко ниво, втор критериум - градење на организациските капацитети во институцијата и трет критериум - ефективно и ефикасно извршување на работните задачи за остварување на планираните резултати. Сепак моделот на функционалната анализа беше усогласен со начинот на функционирање на основните судови кои се кои се делат согласно стварната надлежност на основни судови со основна надлежност и основни судови со проширена надлежност и општо на македонското судство кој е генерално различен од начинот на функционирање на јавната администрација и дополнет со методологијата на Совет на Европската комисија за евалуација на ефикасноста на правосудството од Советот на Европа (ЦЕПЕЈ), ЕУ ранг-листа на правосудството како и со Првиот национален извештај од Матрицата на индикатори за мерење на перформансите и реформите во правосудството (Матрица)[3] и Вториот национален извештај од Матрицата на индикатори за мерење на перформансите и реформите во правосудството кој паралелно беше изработен со Функционалната анализа за основните судови во Република Северна Македонија.

Следствено, целокупната функционална анализа започна со консултирање на позитивните законски прописи, паралелно анализирајќи ги годишните извештаи за работата поединечно на секој основен суд, документите на ССРСМ, Министерството за правда на РСМ и сите останати документи и акти за работата на судовите. Податоците за основните судови беа собирани за последните четири години, односно за временскиот период 2017 – 2020 година, освен за поглавјето Ефикасност, каде што се земаа предвид податоци за движењето на предметите во судот за период 2011 – 2020 година, со цел да се подготват соодветни проекции за натамошното движење на предметите. Притоа беа подготвени информациони прашалници чија цел е да ја расчлени организациската структура на основните судови и да овозможи длабинска анализа на секоја област која е составен дел од работењето во судовите од аспект на претседателот на судот, судскиот администратор и доколку има судски оддели и од аспект на претседателот на одделот. Во прашалниците беше побаран значителен обем на податоци од судовите и истите беше доставен до експертите кои ја подготвуваа оваа анализа. Прашалниците ги содржат сите аспекти од работењето на судовите, почнувајќи од архивската документација, просторните услови во судовите, расположливите човечки ресурси, како и финансиското работење, правилниците за функционирање на информатичките системи во судовите, стандарди за мерење на квалитетот на судската правда, ефикасноста на работата на судовите, транспарентноста и отвореноста на основните судови, односите со јавноста, прашања поврзани со родова сензитивност, итн.

По спроведената анализа на документите, следеше дополнување на информациите кои недостасуваа и верификација на првичните заклучоци. За таа намена беа искористени статистики на Судскиот совет на Република Северна Македонија посебно во делот на ефикасноста на работата на судовите и човечките ресурси кои беа употребени за да изготват анализи за ефикасноста и да се направат проекции за потребните човечки ресурси за следните 5 години.

Паралелно со овие процеси, дел од експертскиот тим одржа работни посети во сите 27 основни судови во Републиката со цел директно да се утврди состојбата со просторните услови како и условите за работа на судиите и судската служба.

---

1 Моделот е изготвен во рамки на проектот „Поддршка на процесот на реформи на јавната администрација", финансиран од Британската амбасада Скопје.

2 Функционалната анализа е подготвена во рамки на проектот „Подобрување на ефикасноста и ефективноста на административната правда во Република Македонија ", финансиран од Фондот за добро владеење на Британската влада

3 Првиот национален извештај е подготвен во рамки на проектот „Подобрување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Македонија", финансиран од Британската амбасада Скопје

На крајот на истражувањето се примени методот на синтеза. Преку него сите поединечни сознанија и заклучоци беа сублимирани и беше донесен општ став за независноста, ефикасноста, транспарентноста, квалитетот на правдата кои ја досудуваат основните судови, како и за условите за работа од човечки, материјален и технички аспект. Во рамки на анализата се разгледуваа и финансиските документи и судски буџети со цел да се направи реална проценка на потребните средства и инвестиции за нормално функционирање на судовите. Од тие наоди беа изработени препораки, односно беше трасиран патот за понатамошниот развој на основните судови на Република Северна Македонија во претстојниот период со цел постигнување на европските стандарди и зајакнување на заштитата на човековите и граѓанските права и слободи.

Анализата за секој од основните судови е прикажана во азбучен редослед по четирите апелациони подрачја (Апелациско подрачје Штип, Апелациско подрачје Гостивар, Апелациско подрачје Битола, Апелациско подрачје Скопје).

# ХРОНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ОПИС НА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со Уставот на Република Македонија во 1991 година, за првпат во Македонија беше вов-еден демократски систем на владеење со јасно дефинирана основа - поделба на власта на законодавна која беше предвидено да се спроведува преку Собранието на Република Македонија, извршната преку Владата на Република Македонија и судската власт преку судовите на чело со Врховниот суд како највисок суд во Република Македонија. Без оглед на тоа дека и по осамостојувањето во 1991 година, судскиот систем во Република Македонија остана во структура и форма утврдена со законите кои беа дел од претходниот социјалистички систем кога основните судови беа во рамките на општините и изборот на судиите се вршеше од страна на општинските одбори. Сепак Уставот на Република Македонија преку воведувањето на принципот на поделба на власта даде јасна основа за новиот судски систем кој требаше да ги следи нововоспоставените демократски принципи и вредности.

Согласно Уставот на РМ, судската власт во Република Македонија ја вршат судовите кои се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот додека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите.

Организацијата на судскиот систем во Република Македонија согласно со Законот за судовите од 1995 година ја сочинуваат Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во државата кој одлучувал како највисок касационен суд во предмети од кривична и граѓанска материја и како единствен суд кој врши управно-судска контрола врз законитоста на управните акти на органите на државната управа и организациите со јавни овластувања во прв и последен степен, трите апелациони судови како жалбени (второстепени судови) во Скопје, Битола и Штип и вкупно 27 основни судови како првостепени судски инстанци во областа на кривично-правната и граѓанско-правната заштита.

Согласно Законот за судовите од 1995 година, основните судови се надлежни да решаваат во прв степен и за вонпроцесните работи, извршувањето и обезбедувањето и за заверувањето на тапиите и интабулациите, ако со закон не е определена надлежност на други органи или институции; да решаваат во прв степен и за прекршоците, доколку со закон не е определено за определени видови на прекршоци да решаваат други видови органи (царински, девизни, надворешно- трговски и даночни); судење во прв степен и вршење на работи во кривична постапка за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над десет години и стопански престапи, имотни и други граѓанско- правни спорови во кои како странки се јавуваат општините, градот Скопје и Републиката, претпријатијата и други правни лица, иматели на дуќани и други поединци кои вршат регистрирана стопанска дејност, спорови на домашни правни и странски физички лица и меѓу странски физички и правни лица, постапка за стечај, присилно порамнување и ликвидација и спорови што притоа ќе настанат, спорови за статусни промени (поделба, спојување, припојување и организирање) и извршување на одлуки на тие судови, одлучува и за законитоста на поединечниот акт во управно- сметководствените спорови, за заштита поради незаконски дејствија, за признавање и дозволување на извршување на одлуките на странски судови, како и да вршат работи на меѓународна правна помош ако со закон не е определена надлежност на друг орган. Притоа, Основниот суд во Битола за подрачјето на Апелациониот суд во Битола, Основниот суд Скопје И за подрачјето на Апелациониот суд во Скопје и Основниот суд во Штип за подрачјето на Апелациониот суд во Штип се надлежни за водење на судски регистар додека за обезбедување на единствена евиденција за запишаните субјекти во регистрите се установува збирен судски регистар за територијата на Република Македонија што го води Основниот суд Скопје I во Скопје.

а) судење во прв степен и вршење на работи во кривична постапка за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над десет години и

б) стопански престапи, имотни и други граѓанско-правни спорови во кои како странки се јавуваат општините, градот Скопје и Републиката, претпријатијата и други правни лица, иматели на дуќани и други поединци кои вршат регистрирана стопанска дејност, спорови на домашни правни и странски физички лица и меѓу странски физички и правни лица, постапка за стечај, присилно порамнување и ликвидација и спорови што притоа ќе настанат, спорови за статусни промени (поделба, спојување, припојување и организирање) и извршување на одлуки на тие судови, одлучува и за законитоста на поединечниот акт во управно-сметководствените спорови, за заштита поради незаконски дејствија, за признавање и дозволување на извршување на одлуките на странски судови, како и да вршат работи на меѓународна правна помош ако со закон не е определена надлежност на друг орган.

Надлежноста од став 1 на овој член ќе ја вршат судовите, и тоа: Основниот суд во Битола и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Ресен; Основниот суд во Куманово и за предмети од подрачјето на основните судови во Кратово и Крива Паланка; Основниот суд во Прилеп и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Крушево; Основниот суд во Струмица и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Радовиш; Основниот суд во Штип и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Свети Николе; Основниот суд во Кочани за предмети од подрачјето на основните судови во Берово, Виница и Делчево; Основиот суд во Кавадарци и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Неготино; Основниот суд во Гостивар и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Дебар; Основниот суд во Тетово за подрачјето на општина Тетово; Основниот суд во Титов Велес за подрачјето на општина Титов Велес; Основниот суд Гевгелија за подрачјето на општините Гевгелија и Валандово; Основниот суд во Кичево за подрачјето на општините Кичево и Македонски Брод; Основниот суд во Охрид за подрачјето на општина Охрид; Основниот суд во Струга за подрачјето на општина Струга; Основниот суд Скопје I за подрачјето на Општините Центар и Карпош и Основниот суд Скопје II за подрачјето на општините Гази Баба, Кисела Вода и Чаир. За водење на судски регистар се надлежни: Основниот суд во Битола за подрачјето на Апелациониот суд во Битола, Основниот суд Скопје I за подрачјето на Апелациониот суд во Скопје и Основниот суд во Штип за подрачјето на Апелациониот суд во Штип. Заради обезбедување на единствена евиденција за запишаните субјекти во регистрите од ставот 3 на овој член, врз основа на тие податоци, се установува збирен судски регистар за територијата на Република Македонија што го води Основниот суд Скопје I во Скопје.

Основните судови во Битола, Скопје I и Штип се надлежни да решаваат и за кривични дела против вооружените сили, и тоа: Основниот суд во Битола за подрачјето на основните судови во Кичево, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга; Основниот суд Скопје I за подрачјето на основните судови во Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Скопје II, Тетово, Титов Велес и Неготино; Основниот суд во Штип за подрачјето на основните судови во Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе и Струмица.

Основните судови покрај надлежноста утврдена со член 30 на овој закон, за подрачјата за кои се основани, се надлежни за:

а) судење во прв степен и вршење на работи во кривична постапка за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над десет години и

б) стопански престапи, имотни и други граѓанско-правни спорови во кои како странки се јавуваат општините, градот Скопје и Републиката, претпријатијата и други правни лица, иматели на дуќани и други поединци кои вршат регистрирана стопанска дејност, спорови на домашни правни и странски физички лица и меѓу странски физички и правни лица, постапка за стечај, присилно порамнување и ликвидација и спорови што притоа ќе настанат, спорови за статусни промени (поделба, спојување, припојување и организирање) и извршување на одлуки на тие судови, одлучува и за законитоста на поединечниот акт во управно-сметководствените спорови, за заштита поради незаконски дејствија, за признавање и дозволување на извршување на одлуките на странски судови, како и да вршат работи на меѓународна правна помош ако со закон не е определена надлежност на друг орган.

Надлежноста од став 1 на овој член ќе ја вршат судовите, и тоа: Основниот суд во Битола и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Ресен; Основниот суд во Куманово и за предмети од подрачјето на основните судови во Кратово и Крива Паланка; Основниот суд во Прилеп и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Крушево; Основниот суд во Струмица и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Радовиш; Основниот суд во Штип и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Свети Николе; Основниот суд во Кочани за предмети од подрачјето на основните судови во Берово, Виница и Делчево; Основиот суд во Кавадарци и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Неготино; Основниот суд во Гостивар и за предмети од подрачјето на Основниот суд во Дебар; Основниот суд во Тетово за подрачјето на општина Тетово; Основниот суд во Титов Велес за подрачјето на општина Титов Велес; Основниот суд Гевгелија за подрачјето на општините Гевгелија и Валандово; Основниот суд во Кичево за подрачјето на општините Кичево и Македонски Брод; Основниот суд во Охрид за подрачјето на општина Охрид; Основниот суд во Струга за подрачјето на општина Струга; Основниот суд Скопје I за подрачјето на Општините Центар и Карпош и Основниот суд Скопје II за подрачјето на општините Гази Баба, Кисела Вода и Чаир. За водење на судски регистар се надлежни: Основниот суд во Битола за подрачјето на Апелациониот суд во Битола, Основниот суд Скопје I за подрачјето на Апелациониот суд во Скопје и Основниот суд во Штип.

Во текот на наредниот период следуваат измени кои се однесуваат на правичната застапеност при вработувањата на судиите , а подоцна во 2006 година доаѓа до промена на Законот за судови со што отпочнува со примена новиот закон. Имено, согласно Стратегијата за реформа од 2004 година и вкупниот процес на апроксимација на националното законодавство на Република Македонија со законодавството на ЕУ, во новиот закон од 2006 година се вметнати нови правни стандарди и правила во однос на судската власт каде што евидентно е дека националното законодавство го следи трендот на европската легислатива. Во 2006 година се доуредија основните начела, се изврши промена на месната надлежност на судовите преку додавање на ново апелациско подрачје во Гостивар. Оценките за состојбите во правосудството подразбираа донесување на Стратегија за унапредување на судскиот систем кон самостојно, независно и непристрасно судство со цел остварување на неговата функција на ефективно, квалитетно и правично правораздавање. Врз основа на оценките на ЕК за напредокот на РСМ, Препораките од групата високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите откриени пролетта 2015 година, потоа препораките од 2017 година, праксата на ЕСЧП изразена преку пресудите против РСМ, извештаите на ГРЕКО и ЦЕПЕЈ, Венецијанската комисија и други меѓународни релевантни институции беше донесена нова Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022. И покрај сите законски прописи и нови институции кои согласно Стратегијата се формираа во правосудниот сектор, останува проблемот на нивна доследна реализација и примена. Постигнатите резултати на полето на ефикасноста на судството остануваат во сенка поради нарушената независност што резултира со низок квалитет и недоверба на граѓаните во институциите на правосудниот систем.

Стратегијата утврдува насоки за создавање законски услови, но и амбиент за вистинска реализација на начелото на одговорност од страна на правосудните органи за сопственото работење. Последниве години се забележува отсуство на таква одговорност, првенствено кај судството и јавното обвинителство. Нормативните мерки утврдени во Стратегијата често ќе значат „враќање назад" кон законските решенија пред 2009 година бидејќи анализите укажуваат дека нормативниот хаос во казненото, управното, прекршочното и граѓанското право почнува токму во тој период и трае непрекинато до 2017 година.

## А. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕЗАВИСНОСТА НА СУДСТВОТО ВО ПЕРИОДОТ 2005 – 2017 ГОДИНА

Тргнувајќи од фактот дека реизборот во 1995 година остави дамка на сомнеж на македонското судство за можно политичко влијание на политиката преку законодавната власт во изборот на сите тогашни судии, со првата сеопфатна Стратегија за реформа на правосудството 2004-2007 година се пристапи кон коренито менување на системот на избор, оценување и разрешување на судиите. Првиот чекор беше преземен со усвојување на амандманите на Уставот на Република Македонија, кога со Амандманот XXVIII и Амандманот XXIX се дефинира нов статус, структура, состав и надлежности на дотогашниот Републички судски совет кој беше преименуван во Судски совет на Република Македонија кој наместо дотогашните 7 броеше 15 члена.

Целосната операционализација на амандманите беше донесена со новиот закон од 2006 година, во кој покрај основните, апелационите и Врховниот суд, беше предвидено судската власт да ја врши и Управниот суд како специјализирана инстанца која претставува нов елемент во судскиот систем.[4] Дополнително се реформира надлежноста на апелационите судови, со што покрај градовите Битола, Скопје и Штип, апелационен суд доби и Гостивар и притоа се создаде ново апелациско подрачје со најмал број на основни судови – 4, односно два беа преземени од Скопското апелациско подрачје, Тетово и Гостивар и другите два беа преземени од Битолското апелациско подрачје, Кичево и Дебар.[5]

Во поглед на разрешувањето од судската функција, Законот од 2006 година содржи поекстензивна рамка во поглед на престанокот на судиската функција, разрешувањето на судијата, а додадени се посебни поглавја кои се однесуваат на нестручно и несовесно вршење на судиската функција, регулирана е потешка дисциплинска повреда и предвидени се посебни дисциплински мерки.

Законот за судови претрпува измени во погледот на условите за избор и разрешување на судија со промените на законот од 2010 година каде се предвидуваат посебни услови за функцијата судија, а дополнително со измената, во сила стапува одредбата дека за судии можат да бидат избрани лицата кои претходно успешно ја завршиле почетната Академијата за судии и јавни обвинители.

Во 2008 година, во законот се направени измени со цел основање на специјализирано судско одделение од областа на организиран криминал во пет основни судови за потоа оваа одлука да биде ревидирана на начин да се намали бројот од 5 одделенија на едно кое беше сместено во Основниот суд Скопје 1 Скопје, а конечно во предвид се земаат одредбите за судење во разумен рок согласно со правилата и принципите на ЕКЧП и слободи, тргнувајќи од судската пракса на ЕСЧП.[6] Во овие измени, наведени се и условите за избор на судија во судските инстанци на судската власт.

Во измените од 2010 година во Законот за судови, направени се измени во поглед на изборот на судиите, преку полагање испити за познавање јазици, како и полагање психолошки тест. Измените во поглед на посебните услови за избор на судија во судските инстанци, се однесува на претходното работење на судиите и неопходниот критериум за највисока оцена во работењето, дадена од страна на ССРСМ.[7] Дополнително во овие измени се утврдени основите за утврдување на ефикасност на работењето на судиите.

Во 2010 година основан е и Вишиот Управен суд на РМ како посебна судска инстанца кој решава по жалбите на Управниот суд, одлучува за судир на надлежностите меѓу органите на РМ, општините и градот Скопје, носителите на јавни овластувања како и други работи утврдени со закон.

---

4 Чл. 22, Закон за судовите 58/06
5 Чл. 29, Закон за судовите 58/06
6 Службен Весник на РМ бр. 35/08
7 Службен Весник на РМ бр. 150/2010

## Б. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕЗАВИСНОСТА НА СУДСТВОТО ВО ПЕРИОДОТ ПОСЛЕ 2017 ГОДИНА

Владата на Република Македонија во октомври 2017 година усвои нова Стратегијата за реформи во правосудството 2017-2022 во која (Стратешка насока 2.3.2) се предвидува утврдување функционални и транспарентни механизми за одговорност на судиите. Потребата за нови решенија во Законот за судовите произлегува од мислењето на Венецијанската комисија од 2015 година во однос на основите за одговорност на судиите, извештајот на ГРЕКО од Четвртиот круг на евалуација, итните реформски приоритети и препораките дадени во извештаите на експертската група предводена од Прибе, што се однесуваат на правосудството.[8] Така во периодот 2015-2019 Законот за судови беше изменет три пати.

Стратегијата за реформа во правосудството воедно предвидува и редефинирање на критериумите за унапредување на судијата и јавниот обвинител со измени на Законот за судовите. Со членот 3 во одредбата од законот со која се уредува внатрешната организација на судот за формирање на специјализирани судски оддели се брише зборот „покарактеристични" со што се дава поширока можност на судовите за формирање на оддели, а со цел за зајакнување на можноста за специјализација на судиите за работа по одделен вид предмети.

Новите измени на Законот за судскиот совет и измените на Законот за судови ја укинуваат можноста истакнати правници да бидат избрани за вршење на судиската функција.

Судската власт во Република Северна Македонија во моментов ја сочинуваат Врховниот суд на Република Северна Македонија, 4 Апелациски судови во Битола, Гостивар, Скопје и Штип, Управниот суд и Вишиот управен суд и 27 основни судови со три одделенија.




8 Senior Experts' Group, „The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on Systemic Rule of Law Issues Relating to the Communications Interception Revealed in Spring 2015"; Senior Experts' Group, „The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Assessment and Recommendations of the Senior Experts' Group on Systemic Rule of Law Issues 2017".

# ИНДИКАТОРИ ЗА ПРОЦЕНА НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

# А. Европски стандарди

Како еден од позначајните документи во областа на судската постапка се смета Европската конвенција за човекови права, која Собранието на Република Северна Македонија ја има ратификувано со Законот за ратификација на Европската конвенција за човекови права во 1997 година со што стана интегрален дел на националниот правен поредок. Особено значење за судската постапка има членот 6 став 1 од Европската конвенција за човековите права, кој гласи: "Секој, во текот на одлучувањето за неговите граѓански права и обврски или за кривичното обвинение против него, има право на правична и јавна расправа во разумен рок пред независен и непристрасен суд, образуван на основа на закон…". Со одредбата на членот 6 се утврдуваат минимумот на процедуралните гаранции, преку кои се одлучува за субјективните права и правните интереси на странката. Овој член се однесува и на пристапот до судот (право на тужба), на присуство во постапката, на контрадикторна постапка, еднаквост на средствата на странките, на докажување и на образложението на пресудата.

Во рамките на Советот на Европа, Комитетот на министри по иницијатива на европските мин-истри за правда во 2002 година ја формираа Европска комисија за ефикасност на правдата. Целта за формирање на ЦЕПЕЈ е да се создаде иновативно тело за подобрување на квалитетот и ефикасноста на европските судски системи и зајакнување на довербата на корисниците на судскиот систем во тие држави.

По формирањето на ЦЕПЕЈ, се пристапи кон развивање на посебни мерки и алатки за креаторите на политики и практичарите со цел:

- Анализирање на функционирањето на судските системи и јавните политики за правдата;
- Стекнување на подобро знаење за судските рамки и оптимизирање на судското планирање на времето;
- Промовирање на квалитетот на јавниот сервис на правдата;
- Олеснување на имплементацијата на Европските стандарди во полето на правдата;
- Поддршка на државите членки во нивните реформи за организацијата на судовите.

За извршување на овие цели, ЦЕПЕЈ подготвува одредници, собира и анализира податоците, ги дефинира мерните инструменти и средствата за евалуација, усвојува документи (извештаи, совети, упатства, акциони планови итн.).

Основни задачи на ЦЕПЕЈ се:

- Анализа на резултатите на судските системи;
- Идентификација на тешкотиите што ги среќаваат;
- Дефинирање на конкретни начини за подобрување, од една страна, за евалуација на нивните резултати, а од друга страна, функционирањето на овие системи;
- Обезбедување помош на земјите-членки, на нивно барање;
- Давање предлози на надлежните институции на Советот на Европа за области каде би било пожелно да се изработи нов правен инструмент.

Република Северна Македонија како членка на Советот на Европа е дел од двегодишните извештаи на ЦЕПЕЈ и истите ги користи со цел да го увиди степенот на развој на судскиот систем на целата држава.

Во делот на механизмите за гарантирање на примената на ЕКЧП неопходно е да го спомeнеме Европскиот суд за човековите права кој е основан согласно ЕКЧП и истата ја спроведува во пракса. Имено, Европскиот суд за човековите права во повеќе наврати донесе пресуди со кои потенцира и потврдува дека еден од фундаменталните аспекти на владеењето на правото е принципот на правна сигурност како и дека спротивставените одлуки во слични случаи одлучувачи од страна на ист суд, кој суд дополнително е суд од крајна инстанца по прашањето, во отсуство на механизам кој обезбедува конзистентност на примената на законот може да го повреди тој принцип и оттука да ја намали јавната доверба во судството.

# Б. EU Justice Scoreboard – Инструмент за промоција на ефективна правда и раст

Европската унија, како една од своите основни цели, постојано го истакнува економскиот пораст. Всушност, најголемиот дел од политиките односно од механизмите кои се развиваат во рамките на Унијата се однесуваат токму на економскиот пораст во нејзини рамки, кој во крајна линија, е дури и мотивот за постоењето на Унијата. Институциите на Унијата константно се занимаваат со прашањето – кои фактори влијаат на економскиот пораст. Очекувано, меѓу низата фактори кои имаат силно влијание на економскиот пораст, се вбројуваат и националните правосудни системи (односно според јазикот на Унијата: национална правда).

Унапредувањето на квалитетот на националното правосудство е тесно поврзана со извршувањето на улогата на судството во земјите-членки на Унијата. Доколку судските одлуки се предвидливи, навремени и подобни за извршување тогаш и самата деловна (бизнис) атмосфера ќе биде поатрактивна. Токму искуството на земјите-членки на Унијата кои се предмет на Програмите за економско прилагодување покажува дека аномалиите во поглед на националното правосудство доведуваат до намалување на довербата на граѓаните во институциите, што пак од своја страна, доведува до намалување на економскиот раст. Оттаму, фокусот на Унијата во областа на правосудството се ориентира кон ефективната правда (ефективно правосудство), односно нејзиното постигнување.

Освен што ефективната правда е предуслов за економскиот раст, пристапот кон неа е и фундаментално право на секој граѓанин на Унијата. Односно, Повелбата за основните права на Европската унија стипулира дека секој оној чии права и слободи гарантирани со законите на Унијата се нарушени има право на делотворен правен лек пред суд во согласност со условите предвидени во овој член (член 47).

# В. ЕУ ранг-листа на правосудството

Оттаму, ефективноста на правдата (правосудството) е суштински интерес на институциите на Унијата, поради што тие секогаш ќе инсистираат на изнаоѓање начини за нејзиното подобрување. Притоа, механизмите со кои се цели кон зајакнување на ефективноста на правдата секогаш треба да бидат системски, односно широко поставени и добро испланирани, а не ad hoc односно, инцидентни. Како еден од основните и најзначајните механизми во тој поглед се јавува EU Justice Scoreboard, односно ЕУ ранг-листата на правосудството (во натамошниот текст „Ранг-листа").

Целта на Ранг-листата е, како што вели Комисијата во една од своите Комуникации, е да им се помогне на Унијата и на земјите членки да постигнат ефективност на правосудството. Таквата помош ќе биде извршена со тоа што ќе се приложат веродостојни, споредбени и објективни податоци за функционирањето на правосудните системи во сите земји-членки. Квалитетот, независноста и ефикасноста се клучни компоненти на „ефективниот правосуден систем." Оттаму, податоците во врска со овие компоненти придонесуваат кон развиток на посоодветни политики во областа на правосудството, на национално и на ниво на ЕУ.

Како што објаснува Комисијата, основните карактеристики на Ранг-листата се:

- **Ранг-листата е споредбен метод, кој ги покрива сите земји-членки, независно од правната традиција, односно правосудниот модел. Ранг-листата содржи споредби на некои индикатори, меѓутоа во никој случај не тежнее кон промовирање на даден правосуден систем.**

- **Ранг-листата цели кон претставување на трендовите во поглед на функционирањето на националните правосудни системи во текот на времето. Ранг-листата за прв пат претстави извесни податоци во 2013 година, што значи дека тие податоци можеби не ги отсликуваат и ефектите од актуелните реформи кои се случуваат во националните правни системи.**

- **Ранг-листата е не обврзувачка алатка, која подразбира отворен дијалог со земјите-членки, со цел да им се помогне ним и на Унијата во креирањето на подобри политики во областа на правосудството. Преку Ранг-листата се идентификуваат проблемите кои заслужуваат внимание. Доколку индикаторите укажат на слаби перформанси се оди кон подлабока анализа на причините за таквите перформанси, по што може да се пристапи кон реформски зафати.**

- **За крај, Ранг-листата е и еволуирачка алатка, која со текот на времето ќе се прошири и ќе опфати и области кои, иницијално, не биле опфатени. Исто така, зависно од суштинските параметри Ранг-листата може да се здобие со поинакви индикатори и методи. Во дијалог со земјите-членки Ранг-листата може, прогресивно, да опфати и полиња кои не биле опфатени, а се дел од „правосудниот-ланец", па оттаму и неопходна да е нивна анализа.**

Освен овие основни карактеристики, неопходно да се истакне и дека Ранг-листата се бави исклучиво со случаи кои не се кривично-правни. Односно, Ранг-листата ги анализира само оние аспекти од правосудниот систем кој на непосреден начин се поврзани со инвестиционата клима. Оттука, таа се бави со граѓанските и трговските постапки, со кои се решаваат трговските спорови, како и со административните случаи. Со цел подготовка на Ранг-листата, Комисијата побара од ЦЕПЕЈ да прибира податоци и да изврши анализа. ЦЕПЕЈ ги користи најрелевантните и значајни податоци до кои има пристап, а тука спаѓаат и податоците од надворешни извори (пр. Светската банка, Светски економски форум).

# Г. Индикатори на ЕУ ранг-листата на правосудството

Индикаторите на Ранг-листата, во најголема мера, се однесуваат токму на ефикасноста на правосудството. Примарните индикатори во 2013 се должината на постапките, стапка на завршени случаи, и „висечките" случаи.

- Должината на постапките, како индикатор, значи дека се мери (во денови) колку време е потребно да се реши еден случај во прв степен. Како под-индикатор се јавува и „времето за решавање по поединечен предмет". Овој под-индикатор ја изразува бројката која се добива со делење на нерешените со решените случаи на крајот на годината, по што се множи со 365.
- Стапката на завршени случаи го изразува односот на бројот на решени случаи со бројот на пристигнати случаи. На тој начин се согледува дали судот може да ги следи трендовите на покачување на бројката на пристигнати случаи. Пример, доколку од пристигнати 1000 случаи судот решил 500, тој решил половина од случаите. Дали доколку пристигнат 1500 случаи, судот повторно ќе успее да реши половина од нив?
- Бројот на „висечки" случаи го одразува бројот на случаи кои по завршетокот на извесен референтен период (пр. година) се уште не се решени. Бројот на „висечки" случаи влијае на „времето на решавање по поединечен предмет".

Од ваквото објаснување на индикаторите со кои се мери ефикасноста на правосудството гледаме дека тие се, всушност, во тесна корелација. Должината на постапките е тесно поврзана со стапката на завршени случаи, а незавршените случаи пак на крајот на референтниот период (годината) се додаваат на бројката на „висечки" случаи.

Ранг-листата, сепак, не се занимава исклучиво со ефикасноста на правосудниот систем туку ги проучува и индикаторите кои говорат за квалитетот на правосудството, во материјална смисла на зборот. Односно, со цел да се одрази квалитетот на правосудството се користат и други методи, покрај оние кои ја рефлектираат ефикасноста. Тука би се наброиле методите со кои се анализираат:

- Мониторингот и евалуацијата на активностите на судовите. Квалитетот и ефикасноста во судските постапки во голема мера зависат од мониторингот, од страна на пошироката и експертската јавност. Доколку самиот систем овозможува проширување на информациите во јавноста, се овозможува и поголема транспарентност, а оттаму и квалитет на одлуките. Освен тоа, евалуацијата е неопходна поради тоа што овозможува увид во пропустите, па следствено и подобрување на перформансите во иднина.
- Мониторингот подразбира публикации, односно годишни извештаи, како и мерење на бројот на пристигнати случаи, бројот на донесени одлуки, бројот на одложени случаи и должината на постапките.
- Евалуацијата, пак, од своја страна е индикатор кој говори за активностите на судовите. Таа се базира на:
  - постоење на индикатори со кои се мерат перформансите,
  - редовна евалуација на перформансите и аутпутите (резултатите од работата на судовите),
  - постоење на стандарди за квалитет (политики со кои се обезбедува квалитет, политики во поглед на човечките ресурси итн.),
  - постоење на специјализирани судски кадри кои ќе се бават со политиките за квалитет.

- ICT (информатички и комуникациски) системи на судовите. Употребата на информатички и комуникациски технологии во денешно време е нужна за секој субјект, па така и за судовите. Не би можело да се говори за соодветно ниво на развиеност на правосудниот систем, доколку самите судовите не користат модерни информатички и комуникациски технологии. Оттаму, овој индикатор се занимава со постоењето на соодветни технологии во судовите, со што се овозможува регистрирање и менаџирање со случаите и комуникација помеѓу судовите и останатите субјекти.
- Алтернативните начини на решавање на споровите. Во граѓанските и трговските спорови алтернативните начини на решавање на споровите имаат исклучително голема важност. Тие имаат низа предности во однос на традиционалните судски постапки. Поради тоа, се смета дека со нив се овозможува поголем квалитет на правосудниот систем.
- Обуката на судиите. Обуките на судиите, иницијалните и континуираните, се исклучително важни кога се говори за квалитетот на правосудството. Притоа, кога се говори за обуки не се мисли само на обуките од соодветната правна област туку и на оние со кои се овозможува подобрување на било какви вештини кои би им користеле на судиите при извршувањето на нивните задачи.
- Средствата во буџетот кои се наменети за судството.

Овие индикатори во поглед на квалитетот се користени и во периодот од 2013 до 2018 година, со тоа што во 2015 година се остварени повеќе непосредни контакти со лица во рамки на правосудните системи со што се овозможила подалекусежна анализа. Исто така, од 2015 година Ранг-листата содржи и податоци за правната помош и рамнотежата во поглед на половата застапеност во правосудството.

За крај, освен со ефикасноста и квалитетот на правосудството, Ранг-листата се занимава и со перцепцијата за независноста на судството. Притоа, нужно да се нотира е дека не станува збор за индикатори за фактичката независност туку индикатори со кои се мери перцепцијата за независноста на правосудството. Доколку граѓаните го перципираат правосудниот систем како доволно независен тие би одлучиле да инвестираат, односно своите ресурси да ги вложат во дадената земја. Тесно поврзана со оваа анализа е анализата на Светскиот економски форум кој секоја година објавува „индекс на перцепирана независност". Овој индекс е добиен преку истражувања во кои учествуваат фирми од клучните сектори во стопанството. На тој начин се добива слика околу тоа колку јавноста го перцепира правосудството како независно. Освен тоа, и Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права говорат за важноста на восприемањето на судството како независност.

# НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАНОСТ

Независноста и непристрасноста на судството претставуваат темел на принципот на „владеење на правото". Потребата од постоење на независен и непристрасен суд произлегува од темелното демократско начело на поделба на власта, согласно кое, судската власт треба да биде гарант на уживање и заштита на човековите слободи и права како и контролор на извршната власт. Во суштина постоењето на независен и непристрасен суд значи исклучување на секаков облик на зависност на судството односно превенција на било какво потенцијално мешање и влијание на законодавната и извршната власт врз судството. Исто така, независноста и непристрасноста на судството ја исклучува можноста судовите да бидат предмет на влијание од приватни интереси, меѓу кои прединачат политичките, економските, итн. Различни држави се обидуваат идејата за независност и непристрасност на судството да ја имплементираат во пракса преку различни начини на независен и непристрасен избор на судии. Еден начин да се промовира независност и непристрасноста на судството е давање на доживотен мандат или долг стаж на судиите, што во идеални околности треба да овозможи судиите еден вид на сигурност во донесувањето на пресуди врз основа на сопствено слободно судиско уверување лишено од било какви надворешни притисоци, со целосна примена на позитивните законски норми, дури и ако тие пресуди се политички непопуларни или се спротивни на интересите на одделни интересни групи.

Иако во секое демократско општество постои општ консензус околу потребата од воспоставувањето на независно и непристрасно судство, сепак во пракса се појавуваат многу проблеми, кои оневозможуваат судовите да работат независно и непристрасно. Со оглед на фактот дека законодавната власт е таа која ги носи законите, вклучително и оние кои се однесуваат на уредување на статусот на судството и судиите, разбирливо е дека во вакви околности судската власт на некој начин се во подредена положба во однос на законодавната власт. Зависноста на судството во однос на извршната власт е уште поизразена, од причина што извршната власт е таа која е одговорна за креирање на политиките во државата, вклучително и оние кои преку соодветното министерство се креираат за реформа на судството. Ова особено поради фактот што извршната власт е одговорна за собирање и располагање со буџетските средства, а секоја дискусија за независност на судството, без при тоа да се гарантира финансиска независност е беспредметна.

Дискусијата за постоење на независен и непристрасен суд е особено актуелна во држави во транзиција, како што е и Република Северна Македонија, во кои политичкото влијание врз судството е основна причина за постоењето на „заробена држава", односно „хибриден режим".

Пред да се разгледа во детали состојбата во однос на независноста и непристрасноста на судството во државата, многу е битно да се земат во предвид сите меѓународни стандарди и препораки, кои се релевантни за темата.

Согласно со европските стандарди, независноста и непристрасноста на судството се обезбедува преку:

- **Функционална независност на судовите (избор и мандат на судиите)**

  Европските и меѓународните документи потенцираат дека кандидатите за судии треба да бидат избрани според објективни критериуми засновани на заслуги, а изборот да го изврши независно тело. Ако некое лице или тело надвор од судството, како што е шефот на државата, има овластување да назначува судии, тој е должен да постапи по предлогот на независното тело и само формално да го изврши назначувањето.

- **Организациска независност судовите (Судски совети и администрирање на судовите)**

  Судските совети се тела чија цел е да се заштити независноста на судството и на судиите и да се промовира ефикасно функционирање на судскиот систем. Воведувањето на овие тела е препорачано од Венецијанската комисија, како и со Препораката (2010) 12 на Комитетот на министри на Советот на Европа за судиите (независност, ефикасност и одговорност) „телото што донесува одлуки за избор и унапредување на судиите треба да биде независно од извршната и законодавната власт". Затоа, не е прифатливо ако извршната власт е во можност да интервенира на директен начин во работата на надлежното тело, особено во врска со изборот на судии, нивното унапредување или преместување, изрекувањето дисциплински мерки или нивното разрешување.

- Непристрасност на судиите
  (Етички кодекс, професионално однесување и дисциплинска одговорност)

  Судиите, при постапување по предмети не треба да преземаат дејствија од кои ќе се заклучи дека веќе имаат претходен став по однос на решавање на предметот со што ќе се влијае на правичноста на постапката. Судиите треба да покажат еднакво внимание кон сите лица вклучени во постапката (странки, сведоци, бранители, на пример) и не смеат во никој случај незаконски да покажуваат пристрасност. Судиите мора да се однесуваат професионално и да бидат стручни при извршувањето на нивните должности.

- Финансиска независност на судовите
  (обезбедување на доволно финансии за нормално функционирање на судовите)

  Ефикасноста на судиите и на судските системи е неопходен услов за заштита на правата на секое лице, усогласеност со барањата од член 6 на ЕКЧП, правна сигурност и доверба на јавноста во владеењето на правото. Секоја држава треба да одвои соодветни ресурси, капацитети и опрема на судовите за да им овозможи да функционираат во согласност со стандардите утврдени во член 6 од ЕКЧП и да им овозможи на судиите ефикасно да работат.

  Немањето доволно финансиски средства може да ја намали можноста судовите да одлучуваат за предметите со потребниот квалитет и во разумен рок. Недоволното финансирање и кратењето на буџетот може да резултира во пренагласување на „продуктивноста" од судскиот систем. Обемот на работа на судиите мора да овозможи пресудите да не се носат само брзо, туку и со висок квалитет. Мора да се преземаат неопходните чекори за да се осигури безбедноста на судиите и соодветните услови за работа за да им се даде на значење на важноста и достоинството на судството. Пристапот до правдата и правото на фер постапка не се соодветно загарантирани ако предметот не може да се разгледа во разумен рок од судот или ако пристапот до правдата е попречен преку прекумерни трошоци или зависи од износот на буџетот со кој располагаат судовите.

- Транспарентност (јавни расправи и следење на работата на судиите)

  Што се однесува до односите на судиите со медиумите, иако слободата на медиумите е демократски принцип, судскиот процес треба да биде заштитен од непотребно надворешно влијание. Мора да постои баланс помеѓу правото на јавноста да добива информации од јавно значење кое е основен принцип кој произлегува од членот 10 на Европската конвенција за човекови права и спречувањето од било какво надворешно влијание, вклучително и на јавноста при донесувањето на пресудите. Судиите може да постапат по легитимните очекувања на граѓаните единствено со законити и јасно образложени пресуди согласно стандардите кои ги предвидува членот 6 од ЕКЧП.

  Постои општ тренд кон поголемо внимание на медиумите насочено кон работата на судовите и судиите, особено во областа на кривичното право. Имајќи ги предвид врските што може да се направат помеѓу судиите и медиумите, постои опасност начинот на кој самите судии се однесуваат, да биде под влијание на медиумите. Соодветно на тоа, судиите треба да покажат внимателност во односите со медиумите и да можат да ја задржат својата независност и непристрасност, воздржувајќи се од однесување кое би значело нивно јавно експонирање. Судиите исто така треба да бидат слободни да подготват резиме со кое ќе го појаснат значењето на нивните пресуди за јавноста. Покрај тоа, за земјите каде судиите се вклучени во кривични истраги, препорачливо е тие да ги усогласат потребните ограничувања во врска со предметите кои ги водат, со правото на информации.

## НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ НА СУДСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Независноста и непристрасноста на судовите се основен предуслов за доследно применување на темелните вредности од член 8 на Уставот на Северна Македонија, кои се однесуваат на „владеењето на правото" и „поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска"[9].

Заради уставна гаранција на независноста и непристрасноста на судовите, во Глава III од Уставот која се однесува на „Организацијата на државната власт" содржан е Делот 4 кој се однесува на „Судството" како посебна гранка на државната власт. Притоа, членот 98 (2) од Уставот утврдува дека „Судиите се самостојни и независни. Судиите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот". Во членот 99 од Уставот се предвидени неограниченото траење на мандатот на судиите, како и основите за престанок на судиската функција и разрешување на судиите. Во членот 100 од Уставот е загарантиран имунитетот на судиите. Сите овие одредби се детално обработени во Законот за судови и Законот за Судски совет на РСМ.

Потребата од зајакнување на независноста и непристрасноста на судовите и судиите, но и проблемите со кои државата се соочува во овој дел може да се согледаат и во уставните амандмани кои се донесувани во однос судството, од кои позначајни се Амандманите XXV, XXVII, XXVIII, XXIV и XXX, со кои уставно се зајакнува позицијата на судиите, се исклучува кривична одговорност на судиите за искажано мислење или одлучување при донесување на судски пресуди, се воведува судискиот имунитет и се воспоставува Судскиот совет на Република Македонија како самостоен и независен орган на судството во кој членуваат мнозинство на судии кои се избрани на непосредни избори од страна на судиите. Советот ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Во случајот на нашата држава, критики за независноста на судиите беа изразени во сите изминати извештаи на ЕК за напредок на Република Северна Македонија како и во извештаите на ГРЕКО за четвртиот евалуационен круг кој покрај другите институции се однесува и на судството[10]. Последниот извештај на ГРЕКО од овој круг нотира напредок, но изречно нагласува дека е потребно да се прецизира значењето на терминот "нестручно и несовесно работење" на судија како основ за негово разрешување. Оваа препорака е целосно имплементирана во најновите законски измени на Законот за судови и Законот за судски совет кои беа усвоени од страна на Собранието на Република Северна Македонија во 2019 година.

Појдовна основа при разгледувањето на проблемите во поглед на независноста и непристрасноста на судовите и судиите беа препораките на Вишата експертска група на Европската комисија и Рајнхард Прибе од 2015 година [11]. Препораките се засноваат на општо прифатените стандарди за независно одлучување и функционирање на судскиот систем и од таму опфаќаат области како што се вработувањето на судската служба (вклучително и судските службеници на сите нивоа) единствено согласно правилата за заслуги, зајакнување на системот на управување со учинок за судии и судската служба, доследно спроведување на правилата кои го регулираат распределување на предмети на судиите, доследно извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, и други.

Заради утврдување на стратешките приоритети на државата во однос на реформата на судството, како и за надминување на констатираните проблеми, во 2017 година беше усвоена Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022[12]. Во оваа Стратегија (Стратешка насока 2.3.2) се предвидува утврдување функционални и транспарентни механизми за одговорност на судиите.

9 Устав на Република Северна Македонија, Службен весник на Р. Македонија бр.52/1991, изменет со Амандмани I-XXXVI

10 Извештајот е достапен тука: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/MKD%20GrecoRC4(2020)4%20Interim%20RC4-North%20Macedonia%20Final%20Public.pdf

11 Извештајот е достапен тука: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_urgent_reform_priorities.pdf

12 Стратегија за реформа на правосдуниот сектор, 2017 – 2022, достапна на: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf

Според стратешките насоки за реформа во правосудството беше донесен Закон за преста-нување на важењето на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија. Истовремено во 2018 година е донесен и Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија со кој се врати надлежноста на ССРСМ, за водење на постапка за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд, согласно препораките на Венецијанската комисија, а соодветно беше изменет и Законот за судови во согласност со меѓународните препораки и препораките од ГРЕКО.

Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022, како една од целите предвидува „Создавање финансиски, персонални, информациски и други претпоставки, со ургентно зголемувања на буџетските вложувања, заради подигање на ефикасноста на судството и јавното обвинителство".

Една од стратешките насоки во областа независност и непристрасност предвидува: „Самостоен и одржлив судски буџет, конзистентен на законската определба од бруто-националниот доход, со поголемо учество на Судски буџетски совет за реализација на оваа насока". Стратегијата укажува и на актуелната состојба дека во судството се забележува отсуство на капацитети за стратешко планирање, буџетско и финансиско управување, како и недоволно развиени капацитети на стручните служби.

Нужно е да се истакне дека при спроведување на секоја анализа која има цел да изврши квантитативно мерење на независност и непристрасноста на судството, може да се зборува само за два методолошки пристапи на анализирање: 1. анализа на правна норма и 2. мерење на перцепцијата за независноста на судовите. Оттука, во оваа Функционална анализа не станува збор за индикатори за фактичката независност, туку за индикатори низ кои се анализира актуелното законодавство во Република Северна Македонија:

- избор и статус на судиите
- постоење на заштитни механизми при прераспределување на судии без нивна согласност и унапредување и оценување на судии
- алокација на ново-примени предмети
- изземање на судии при постоење на судир на интерес
- финансиска независност на судот.

## ИЗБОР И СТАТУС НА СУДИИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

Во Законот за судови[13] и Законот за Судскиот совет на РСМ[14] е детално уредена постапката за избор на судии во судовите во Република Северна Македонија. Во Законот за Судскиот совет во членовите од 45 до 50 е уредена постапката за утврдување на слободни судиски места во основните судови која започнува со носење на одлука за утврдување на слободни судиски места од страна на ССРСМ. Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен за утврдување на оптималниот број на судии и судии поротници по судови во Република Македонија. Оптималниот број на судии и судии поротници во судовите во Република Северна Македонија се определува со одлука на Судскиот совет на Република Македонија кој по прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија и мислење од седницата на судиите на соодветниот суд, подготвува анализа и проекција за слободни судиски места и применувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. Со одлуката за утврдување на слободни места во основните судови ССРСМ ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители најдоцна до 31 март во годината во која одлуката е донесена. Во членот 49 од Законот за Судскиот совет се предвидува правото на кандидатот кој не е избран за судија да во рок од 8 дена од приемот на известувањето од Судскиот совет да поднесе жалба до Советот за жалби на Врховниот суд на РСМ. Истите правни одредби се предвидени и за избор на претседател на суд.

13 Закон на судовите, Службен весник на Р. Македонија бр. 58/2006 од 11.05.2006

14 Закон за Судскиот совет, Службен весник на Р. Македонија бр. 102/2019 од 22.05.2019

Постапката за избор на судии е утврдена во член 41 од Законот за судовите[15]. Притоа, членот 46 пропишува посебни услови за избор на судија во основен, апелационен суд и во ВСРСМ, при што во ставот 3 е предвидено дека ССРСМ за судија на апелационен суд може да избере лице кое има работно искуство од најмалку шест години непрекинат стаж како судија во основен суд, Управен или Виш управен суд до моментот на изборот. Како дополнителен услов е предвидено тоа лице да е оценето со позитивна оценка во согласност со Законот за Судскиот совет и одредбите за постапката за избор од Законот за Судскиот совет на РСМ. Целта на ова решение беше да се ограничат надворешни влијанија при изборот на судии во повисокиот суд, па така иако со оваа новина на некој начин херметички се затвора кругот за можноста за влез на истакнати правници во судската фела, позитивен е исчекорот влезот во судската фела да се врши единствено преку Академијата за судии и јавни обвинители. Со новите законски измени на Законот за судови, како посебен услов е предвидено судија од апелационен суд со работно искуство од најмалку шест години непрекинат стаж да може да биде избран како судија на Вишиот управен суд. Како новина е воведено и дека може да се избере судија во било кој суд од сите степени доколку еден мандат вршел функција во меѓународен суд.

## ПОСТОЕЊЕ НА ЗАШТИТНИ МЕХАНИЗМИ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРЕРАСПОРЕДУВАЊЕ НА СУДИИ БЕЗ НИВНА СОГЛАСНОСТ

Овој индикатор утврдува дали постојните механизми за заштита на судиите дозволуваат ваков модел на (пре) распоредување на судии, ги утврдува институциите надлежни да решаваат вакви случаи, како и причините поради кои се дозволува распоредувањето на судии. Освен тоа, индикаторот ја анализира и утврдува дозволеноста на жалбата во вакви случаи, односно утврдува до која надлежна судска инстанца се поднесува жалбата. Во Република Северна Македонија, судиите можат да бидат прераспоредени само со нивна согласност. Заштита на судиите во поглед на нивното прераспоредување овозможува Уставот на Република Северна Македонија, каде во членот 99 е предвидено дека судијата не може да биде преместен против својата волја.

Оваа уставна одредба е преземена и во Законот за судовите , каде во членот 39 (3) е утврдено дека единствено со согласност на судијата тој/таа може да биде преместен од еден во друг суд. По исклучок, судијата може да биде распореден во друг судски оддел против негова волја со писмено образложена одлука на претседателот на судот, а по претходно прибавено мислење од Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, кога тоа го бара зголемениот обем и предметот на работа во судот, но најдолго за време од една година и не повеќе од еднаш во текот на пет години. По истекот на времето за кое судијата е распореден во друг судски оддел задолжително се враќа во одделот во кој бил претходно распореден. Оттаму можеме да заклучиме дека Законот за судовите нуди соодветна заштита во овој поглед, со предвидување на можност за прераспоредување кое е временски ограничено како и фактот дека за самото распоредување кое е спротивно на волјата на судијата треба да се даде мислење од страна на Општата седница на Врховниот суд која претставува највисок форум за одлучување и креирање на политики во рамките на судството.

Прераспределувањето на судиите во основните судови се утврдува со Годишниот распоред за работа, а постои и воспоставена пракса на прераспределување во случаите кога помалите судови имаат недостаток на судии а зголемен прилив на работа.

15 Закон на судовите, Службен весник на Р. Македонија бр. 58/2006 од 11.05.2006

## РАЗРЕШУВАЊЕ НА СУДИИ ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

Овој индикатор се однесува на организацијата на институцијата која ја донесува одлуката за разрешување на судија, како и на надлежните инстанци за давање на иницијатива или предлог за разрешување на судија.

Во член 74 од Законот за судови[16], судијата може да биде разрешен поради две причини:

- потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судиската функција пропишана со закон и
- поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција под услови утврдени со закон.

Притоа одлуката за разрешување на судијата ја донесува Судскиот совет на Република Северна Македонија доколку утврди дека повредата е сторена со намера или очигледно небрежност по вина на судијата без оправдани причини и доколку повредата предизвикала тешки последици. Дисциплинска мерка се изрекува во случај на полесен облик на повреда на основите за разрешување на судиската функција.

Во членот 75 од Законот за судовите се предвидени основите поради кои се смета дека е направена потешка дисциплинска повреда и за кои се поведува постапка за утврдување на одговорност на судијата:

1. потешка повреда на јавниот ред и мир и други посериозни форми на недолично однесување со која се нарушува угледот на судот и неговиот углед;
2. грубо влијание и мешање во вршењето на судиската функција на друг судија;
3. ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити или
4. очигледно прекршување на правилата за изземање во ситуации во кои судијата знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени со закон.

Во насока на зголемување на транспарентноста на постапките за утврдување на одговорност на судиите, со новите законски измени Судскиот совет е должен да даде детално образложение за причините поради кои судијата се разрешува.

Во насока на утврдување на причините кои влијаат на квалитетот и ажурноста во постапувањето на судиите се воведуваат основи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Законот како основи на нестручно и несовесно работење ги наведува следниве основи:

- доколку во две последователни оценувања се утврдени неисполнувања на критериумите за успешност во работењето, по вина на судијата и без оправдани причини;
- доколку е осуден со правосилна судска пресуда поради дисциплинска повреда како резултат од вршењето на судиската функција;
- неовластено издава класифицирани информации, односно изнесува информации и податоци за судски предмети со што е повредена обврската за заштита на тајноста на постапката утврдена со закон;
- ја одолговлекува постапката без оправдани причини и не ги закажува рочиштата во предметите кои му се доделени во работа;
- не го зема предметот во работа, заради што настапува застареност на кривичното гонење или застареност на извршување на кривична санкција за кривично дело;
- зема во работа предмет кој не му е распределен преку АКМИС системот за управување со предмети;
- намерно и неоправдано прави професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата;

16 Закон на судовите, Службен весник на Р. Македонија бр. 58/2006 од 11.05.2006

Дисциплински мерки за утврдување на одговорност на судиите се изрекуваат во случаите на полесна повреда на јавниот ред и мир или друга полесна форма на недолично однесување со кое се нарушува угледот на судот и неговиот углед; искористување на својата функција и угледот на судот за остварување на свои правни интереси, неисполнување на менторски задолженија, повреда на правилата за отсуство од работа, но и непосетување на задолжителните обуки и неносење на судската тога за време на судењата. Законот предвидува можност за ССРСМ да изрече дисциплинска мерка во форма на писмена опомена, јавен укор и намалување на платата во висина од 15% до 30% од месечната плата на судија во траење од еден до шест месеци. При утврдувањето на дисциплинската одговорност, определувањето и изрекувањето на дисциплинските мерки задолжително се земаат предвид тежината на повредата, степенот на одговорност, околностите под кои е сторена повредата и однесувањето на судијата, последиците од сторената повреда, како и претходно изречените дисциплински мерки.

Дисциплинската мерка се изрекува во случаите кога е настаната некаква повреда но без намера или постои очигледна небрежност по вина на судијата без оправдани причини а истата да предизвикала тешки последици. Во Законот за судовите во членот 77 се наведени основите за кои Судскиот совет поведува постапка за утврдување на одговорност на судија меѓу кои се наведени:

- полесна повреда на јавниот ред и мир или друга полесна форма со која се нарушува угледот на судот или угледот на судијата;
- искористување на својата функција и угледот на судот за остварување на свои приватни интереси;
- неисполнување на менторски задолженија и правилата за отсуство од работа;
- непосетување на задолжителните обуки;
- неносење судска тога за време на судењата.

Претседател на суд се разрешува од функција претседател, кога Судскиот совет на Република Македонија во постапка ќе утврди исполнување на некои од следниве основи:

- пречекорување и повреда на законските овластувања;
- незаконско и ненаменско располагање со финансиските средства во судот;
- влијание врз независноста на судиите во врска со одлучувањето по одделни предмети;
- неприменување на одредбите во врска со управувањето и распределбата на судските предмети;
- повреда на одредбите за донесување и измена на Годишниот распоред на судии;
- доколку претседателот на судот не го извести ССРСМ за сторена потешка дисциплинска повреда од страна на судот во кој е претседател, настанувањето на повредата му било познато а непријавувањето е заради прикривање на истата и;
- доколку оневозможува вршење на надзор во Судот согласно закон.

## УНАПРЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИ

Целта на професионалното оценување на судиската функција е да го унапреди квалитетот на судската правда. Ова може да се постигне преку јакнење на личната мотивација на судиите и обезбедување на професионален развој врз основа на професионалните способности, со што ќе се обезбедат и услови за унапредување на судиите без какво било влијание и ќе се зајакне независноста на судиите при вршењето на судиската функција. Претходната регулатива за оценување на судиите не предвидуваше објективна оценка на квалитетот во постапувањето на судиите и се засноваше на критериуми кои ја отсликуваа продуктивноста на судиите преку Автоматскиот судско-информатички систем за управување со предмети (АКМИС). Ваквиот систем не ги земаше предвид потребните аспекти за обезбедување реална и сеопфатна оценка на судиите во вршењето на судиската функција, како што е способноста за аргументација и образложеност на одлуките, сложеноста на предметите, подготвеност за водење на расправа итн. и не нудеше оценка на исполнетоста на условите за унапредување на судиите. Поради недостатокот на прецизна постапка за оценување на работата на судиите, во согласност со меѓународните принципи и

стандарди, Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 предвиде ревидирање на системот за следење на работата и оценување на судиите со комбинирање на квалитативни и квантитативни критериуми.

Новиот Закон за ССРСМ усвоен во мај 2019 година предвиде целосно ревидирање на системот за оценување на судиите, со кој особено ќе се нагласат квалитативните критериуми. Новите правила утврдени во член 86 од Законот за Судскиот совет предвидуваат дека оценките ќе го користат компјутеризираниот систем за распределување на предметите во судството, преку кој ќе се извлекуваат податоци за одредени одлуки, правни лекови, поништувања, процедурални повреди, на ниво на активност во управувањето со предметот и за усогласување на сите процедурални чекори со роковите. Во однос на квалитативните критериуми, во измените е воведено дека ќе се оценува квалитетот на судската постапка и тоа способноста за аргументација, подготвеност за водење на расправата, сослушувањето на странки, способноста за решавање на конфликти, квалитетот на ажурното постапување (почитување на законски рокови). Аспектот на оценка на квалитетот на водење на судската постапка за судијата е детално уредена во Методологијата за утврдување исполнетост на квалитативните критериуми за оценување на судиите која беше усвоена од Судскиот совет во декември 2020 година. Значајна новина е дека увидот во исполнетоста на квалитативните критериуми за оценување на судијата ќе го вршат комисии од судии на непосредно повисокиот суд кои ќе го оценуваат квалитетот на работење на судиите преку увид во пет предмети по случаен избор од страна на АКМИС и пет предмети определени од судијата од страна на Комисии на судии од повисокиот суд кои треба да ги избере Судскиот совет за секое редовно оценување на судиите.

За исполнетоста на другите два квалитативни критериуми за оценување на работата на судиите ќе се разгледува почитувањето на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките и времетраењето на судската постапка и преземањето на процесните дејствија како еден аспект од оценување на ажурноста на судиите по постапувањето по судските предмети. Квалитетот на работата на судијата ќе се оценува и преку увид во бројот на укинати одлуки заради сторена битна повреда на постапката во однос на вкупниот број на решени нормирани предмети. За последните два квалитативни критериуми, Судскиот совет ќе ги оценува судиите врз основа на податоците од АКМИС.

Со новите законски измени се воведоа и квантитативни критериуми за оценување на работата на судиите и се однесуваат на обемот на работа на судот кој е претставен преку бројот и видот на решени предмети во однос на ориентациониот број на предмети што треба судијата да ги реши месечно. Квантитетот на работата ќе се оценува и преку бројот на преиначени одлуки во однос на вкупниот број решени нормирани одлуки.

Во согласност со законските измени, Судскиот совет во текот на 2019 година презема активности за ревидирање на Методологијата со индикатори за сложеност на предметите според која е предвидено да се врши рамномерна распределба на предметите притоа имајќи ги предвид правната област, сложеноста на материјата и видот на судовите. Донесувањето на Методологијата со индикатори за сложеноста е значаен елемент од увидот во квантитативните критериуми за оценување на судиите која треба да даде основа за оценување на квантитетот но и квалитетот во обемот на работа на судиите.

Вонредното оценување го спроведува Судскиот совет и истото се врши во случај кога судијата конкурира за избор на судија во повисок суд или претседател на суд. Начинот на избор е детално уреден со Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд донесен од Судскиот совет во текот на 2020 година. Правилникот предвидува формирање на Комисија од тројца членови на Судскиот совет која составува ранг листа на кандидати врз основа на направени проверки од технички карактер во однос на комплетноста на документите на кандидатите по огласот, функционалноста на емаил адресата на кандидатот, прибавува мислења за угледот на кандидатот за судија од судот и од други извори. Правилникот ги уредува критериумите за рангирање на кандидатите, а Комисијата оценувањето го врши од аспект на следниве критериуми[17]:

17 Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд бр. 01-245/1 од 04.02.2020 година;

- стручното знаење и специјализација во струката и учество во континуирана обука;
- позитивна оценка во работењето
- способноста за усно и писмено изразување што се гледа преку изготвените одлуки и судиското стручно дејствување
- преземање на дополнителна работа при вршењето на судиската функција преку менторство, едукација и слично
- должина на судиски стаж.

За вонредното оценување на судиите, Комисијата врши бодување врз основа на достапните податоци за оценување на судијата, особено личното досие, оценувањето од претседателот, достапните оценувања и податоци од кандидатите (сертификатите за обука, сертификати за познавање на јазик, издадени трудови). Комисијата својата одлука за унапредување на судијата ја образложува во детали со тоа што внимава да се опише квалитетот на кандидатот на попрецизен начин.

Со новите законски измени се воведоа посебни квантитативни и квалитативни критериуми со кои се оценува работата на претседателите на судовите, и се прави разлика во зависност од тоа дали претседателот презел обврска за судење на предмети при што ориентациската норма се вреднува на 70%.

Во член 92 од Законот за Судскиот совет се уредени квалитативните критериуми за оцена на работата на претседателот на судот[18] чиј увид се врши од страна на Комисија составена од членовите на Судскиот совет кои вршат увид во однос на:

- реализирана програма за работа со акциски план,
- примената на Судскиот деловник која се оценува преку увид во извештаите од редовните и вонредни контроли од страна на повисокиот суд, Советот и Министерството за правда,
- функционирање на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети кое се оценува преку увид во извештаите од редовните и вонредни контроли од страна на повисокиот суд, Советот и Министерството за правда,
- квалитет на донесена одлука во судска управа, кој се утврдува преку увид во пет предмети по случаен избор од страна на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети и пет предмети определени од претседателот на судот, во периодот на оценување, при што се цени законскиот основ, разбирливоста и јасноста на јазикот во одлуката, јасна аргументираност на сите факти, околности и докази и - односи со јавноста и транспарентност во работењето, кои се оценуваат преку увид во веб страницата на судот (соопштенија за работа на судот, објавени одлуки, анализи и извештаи за работата на судот и слично) и слободен пристап до информации од јавен карактер.

## АЛОКАЦИЈА НА НОВОПРИМЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО РАМКИТЕ НА ЕДЕН СУД

Автоматизираното управување со судските предмети ги опфаќа дејствијата кои ги преземаат претседателот на судот, судскиот администратор, судиите и судските службеници од денот на прием на предметот во судот до денот на нивно правосилно завршување и архивирање на предметите. Новопримените предмети во судовите се движат согласно внатрешните процедури за управување со движењето на предметите во судот и заклучоците на Работното тело за стандардизација на постапките.

Во текот на 2019 година беше донесен нов Закон за управување со движењето на предметите во судовите согласно кој АКМИС се користи задолжително во случаите на распределба на предметите. Надлежноста за следење на состојбата со управувањето со движењето на предметите во судот е кај Претседателот кој е должен да го врши надзорот врз работењето на АКМИС преку формирање на

18 Закон за Судскиот совет, Службен весник на Р. Македонија бр. 102/2019 од 22.05.2019

Работно тело за управување со движењето на предметите во судот во кој членуваат претседателите на судските оддели и судските службеници, стручните службеници и едно лице кое е задолжен за автоматизираниот систем.

Според член 5 од Законот за управување со движењето на предметите[19], Претседателот на судот е должен да ја следи состојбата со управувањето со движењето на предметите во судот, а особено да го следи приемот, отворање и прегледување на писмена, поднесоци, документи и податоци во електронска форма, образување на предметите, автоматска распределба на предметите, предавање и прифаќање на предметите во работа, прераспределба на предметите, закажување и одржување на расправи/рочишта, работата на судската писарница во однос на водење на уписниците, донесување, изготвување и објавување на одлуките, доставување на писмена, доставување на предмети по правен лек, доставување на предмети по барање на друг суд или државен орган, преземањето на судски дејствија надвор од судската зграда, повикување на судии поротници, вештаци, толкувачи, преведувачи и проценители, работа со нотари и извршители и објава на нивните огласи, состојба со предметите дадени на вештачење, постапување по предметите од меѓународна правна помош, состојбите со функционирањето на автоматизираниот систем, обновување на предмети и списи, спроведување на одлуките за други постапувања, архивирање на предметите, состојбите со наплатувањето на судски такси, извршувањето на кривични и прекршочни одлуки и ажурно водење на казнената евиденција, евиденцијата на прекршочни санкции и други евиденции од надлежност на судот.

## ИЗЗЕМАЊЕ НА СУДИИ ОД ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКА

Непристрасноста на судиите подразбира дека судијата во текот на судската постапка е должен да одлучува независно врз основа на своја лична оцена на фактите и во согласност со законот, без оглед на било какви надворешни влијанија, предубедувања, притисоци, закани или мешања, посредни или непосредни од било која страна. Ова е во насока на подобрување на довербата на граѓаните во судската правда и принцип кој и самите судии треба да го почитуваат и поддржуваат како основна гаранција за правично судење.

Овие индикатори укажуваат на постоењето на заштитни механизми во случај кога судија кој нема да се изземе од судење (во наведените случаи) може да се санкционира (дисциплински или сл.). Понатаму, се утврдува која институција е надлежна да одлучува по барања за изземање на судија од страна на трета страна и дали постои можност за поднесување на жалба од страна на судија против одлука за изземање, до повисок судски орган.

Во Законот за парничната постапка[20], пак, постои засебна глава посветена токму на изземањето на судиите. Во членот 64 од таа глава се предвидени повеќе основи поради кои судијата не може да ја врши судиската должност. Тоа се случаите кога судијата:

- самиот е странка, законски застапник или полномошник на странка, ако со странката е во однос на сооврастеник, сообврзник или регресен обврзник или ако во истиот предмет е сослушан како сведок или вештак;
- постојано или привремено работи кај работодавец кој е странка во постапката;
- странката или законскиот застапник или полномошникот на странката му е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втори степен, без оглед дали бракот престанал или не;
- е старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик на странката, на нејзин законски застапник или полномошник;
- во истиот предмет учествувал во донесувањето на одлуката на пониските суд или на друг орган и
- ако постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност.

19 Закон за управување со движењето на предметите, Службен весник на Р. С. Македонија бр. 42/2020 од 16.02.2020 година

20 Закон за парнична постапка, Службен весник на Р. Македонија бр. 79/2005 од 21.09.2005 година

Во натамошните одредби од Законот е предвидено дека судијата, веднаш штом дознае за постоењето на некоја од околностите предвидени во членот 64, точка 1 до точка 5, е должен веднаш да ја запре секоја работа на предметот и да го извести претседателот на судот, кој ќе му определи замена. Доколку пак, судијата смета дека постои некоја друга околност, согласно шестата точка од членот 64, должен е да го извести претседателот на судот, кој ќе одлучи по повод изземањето.

Од овие одредби во Законот за парничната постапка евидентно е дека постојат два вида на околности/причини за изземање. Првите, се оние при чие постоење судијата не смее да постапува и мора да биде изземен. Тие се наведени во точката 1 до точката 5 од членот 64 од Законот. Вторите околности се оние при чие постоење судијата не мора да биде изземен. При нивното постоење за изземањето одлучува претседателот на судот.

Освен тоа, во Законот за парничната постапка се предвидува и можност за самите странки да бараат изземање на судијата. Во ваков случај, доколку изземањето се бара поради некоја од причините од точка 1 до точка 5 во членот 64, судијата веднаш запира со било каква работа на предметот се додека претседателот на судот не одлучи по повод поднесеното барање на странката. Доколку пак, изземањето се бара поради други околности според точката 6 на членот 64, судијата може до донесувањето на решение за барањето да ги презема оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.

Одредби за изземање на судиите се предвидени и во Законот за кривичната постапка[21]. Во одредбите од членот 33 до 35 е се предвидени посебни критериуми за околностите кои предизвикуваат сомневање во непристрасноста на судиите. Изземањето може да биде и по барање на странките, а претседателот на судот одлучува за барањето. Во кривичната област е предвидено изземање и на записничарите, преведувачите, односно толкувачите и стручните лица, како и врз вештаците. Постои можност и за поднесување на барање за изземање и до јавниот обвинител во предметот.

## ФИНАНСИСКА НЕЗАВИСНОСТ

Одобрениот годишен буџет за судовите, владините расходи изразени како процент од БДП, бројот на судии и адвокати на 100.000 жители обезбедуваат податоци за средствата кои се користат во правосудниот систем.

Независноста на судството е во директна врска со финансиската самостојност. Според став 2 од Мислењето бр. 2 (2001) на Консултативниот совет на европските судии при Совет на Европа за Комитетот на министри при Совет на Европа за финансирање и управување на судовите со осврт кон судската ефикасност и членот 6 од ЕКЧП, „финансирањето на судовите е тесно поврзано со темата 'независност на судството', така што ги определува условите во кои судовите ја извршуваат својата функција". Според Препораката бр. 8 од Мислењето бр. 1 (2001) на Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа која се однесува на платите на судиите, се предвидува следново: „Платите на судиите треба да бидат соодветни на нивната улога и одговорност и треба да обезбедат здравствена и пензиска заштита. Треба да бидат гарантирани со специфични правни одредби насочени против нивно намалување и треба да има одредби за покачување, пропорционално на порастот на животните трошоци".

Согласно со методологијата на ЦЕПЕЈ, нивото на средства кои се определуваат за функционирањето на сите судови се мери преку износот на сите средства (национални и регионални) кои се определуваат на годишно ниво, по глава на жител. Според оваа методологија во 2018 година за судовите биле издвоени 70% од вкупниот судски буџет, 10% за бесплатна правна помош и 20% за буџетот на јавното обвинителство[22]. Најголем дел од судскиот буџет е наменет за плати и надоместоци и тоа околу 80%, а најмал дел инфраструктурни објекти. Притоа, се нотира дека Северна Македонија заедно со Црна Гора, Кипар, Монако и Луксембург се единствените земјите

21 Закон за кривична постапка, Службен весник на Р. Македонија бр. 150/2010; 100/2012 и бр.198/2018

22 Достапно на: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Evaluation%20Report%20Part%201%20English.docx.pdf

кои не користат надворешни услуги од приватни субјекти за работење на судството (ИТ одржување, обуки, достава, архивирање, хигиена, преведувачи и толкувачи). Во 2020 година, годишниот буџет на судството во Северна Македонија изнесувал 3.219.430.000 денари додека во 2021 година изнесува 3.237.705.000 денари.

Дополнителен индикатор кој се користи во Ранг листата на правда на ЕУ е износот на средства определен за судовите, прикажан како процент од годишниот буџет. Освен финансиските средства, во Ранг листата се проценува и квалитетот на донесените судски одлуки зависи од расположливите човечки ресурси во судовите. Индикаторот е ревидиран 2014 год., и според него се сметаат само редовно вработените судии, а се изземат судските службеници. Во 2011 год., Република Северна Македонија имала 33 судии на 100.000 жители со постапно намалување со текот на годините односно 32.4 во 2012 и 31.8 во 2013 година. Во 2014 година бројот на судии се намалил на 30,12 судии на 100.000 жители и трендот на опаѓање продолжил да се намалува и во следната 2015 година на 28,6 судии , во 2016 година на 27,45 судии, во 2017 година на 26,26 судии на 100.000 жители, додека во 2020 година просекот на судии на 100.000 жители е паднат на 24,5 судии на 100.000 жители.

Сепак иако номинално средствата издвоени за судовите по глава на жител се ниски, истите треба да се анализираат со земање предвид на нивниот процент од вкупниот национален буџет и големината на економијата на земјата. Притоа, голема забелешка треба да се упати во однос на транспарентноста на судските буџети. Судскиот буџет е прикажан кумулативно во Буџетот на Република Северна Македонија, а посебна ставка е прикажана само за Уставниот суд на Република Северна Македонија. Согласно Законот за судскиот буџет, истиот претставува годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија и е наменет за нивно финансирање. Согласно член 4 од Законот за судски буџет е предвидено дека делот на средствата „Судска власт" во Буџетот на Република Северна Македонија, потребни за функционирање на единките корисници се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, меѓутоа овој процент за 2020 година изнесуваше 0,29% од бруто-домашниот производ[23].

Во судовите постојат внатрешни процедури за буџетско планирање на судскиот буџет. Планирањето на судскиот буџет е врз основа на посебен ИТ систем за финансиско работење кој е мрежно поврзан - Автоматизиран буџетски менаџмент систем (АБМС). Параметрите кои се користат се врз основа на анализа на претходните години за потрошените финансиски средства и потребите на судот. Секој суд своето финансиско раководење го води според посебни внатрешни акти. Платите и надоместоци, како и бодовите и коефициентите се пресметуваат врз основа на Законот за плати на судиите и Законот за судска служба. За пресметка и исплата на платите секој суд има свој благајник и сметководител.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ И ЕТИКАТА ВО СУДСТВОТО

Во склоп на сите реформи кои се воведоа во правосудството, беа преземени и активности во насока на подобрување на интегритетот на судиите а со тоа и јавната доверба во судското одлучување. Здружението на судии во 2015 година го подготви Кодексот на етика на судиите и судиите поротници кој беше усвоен на општа седница на Врховниот суд на РСМ во септември 2019 година. Кодексот се заснова на Бенгалорските принципи за етичко однесување на судиите во кои се истакнува обезбедување на еднаквоста и непристрасноста во донесувањето на одлуките и постапките пред судовите, стручност и совесност на судијата за соодветно извршување на судиската функција. Кодексот има за цел да воведе нови и позитивни практики помеѓу судиите со цел да спречи ситуации во кои се појавени надворешни притисоци или закани кон судиите и да го зголеми квалитетот во вршењето на судиската функција и притоа претпоставува дека судиите се одговорни за своето однесување. Кодексот ги опфаќа петте клучни области за судството, односно принципот за независност и вршењето функцијата врз основа на лична оцена на фактите и во

23

согласност со совесното разбирање за правото и законите, принципот на непристрасност кој подразбира дека судијата и судиите поротници мора да се изземат од учество во постапка ако не можат да донесат непристрасна одлука поради лични познавања на случајот, странките или фактите од интерес за постапката, принципот на интегритет кој укажува дека судиите и судиите поротници не смеат да примаат ниту бараат никакви подароци, заеми или услуги од странки или лица кои може да имаат интерес во определен предмет и ги дефинира материјалните (пари, хартии од вредност, предмети, права и други услуги) и нематеријалните придобивки кои го наведуваат судијата или судијата поротник да се воздржува од некое дејствие во спротивност со неговите службени обврски. Принципот на стручност и совесност се предуслови за соодветно извршување на судиската функција кој подразбира дека судиите треба да настојуваат да ја усовршуваат својата професионалност, знаење и вештини, да се информира за измените во меѓународното право и меѓународните конвенции како и во постапката пред судот тој да биде трпелив, достоинствен и љубезен во односот со странките, поротниците, сведоците и адвокатите. Со Кодексот е воспоставено и Советодавно тело за етика при Здружението на судиите на Република Северна Македонија кое е надлежно да дава мислења за определени прекршувања на принципите на Кодексот кои може да се подведат под судир на интереси или корупција и кои имаат превентивно и советодавно значење. Советодавното тело се состои од претседател и 6 члена еден судија на Врховен суд на Република Северна Македонија, еден судија на Виш Управен суд или Управен суд, по еден судија од секое апелациско подрачје, кои уживаат доверба кај судиите врз основа на својот личен интегритет и дигнитет во вршењето на судиската функција, и еден судија од редовите на судиите поротници. Членовите на советодавното тело работат без надоместок, но имаат имунитет и против нив не можат да се покренат дисциплински постапки поради гласање, искажано мислење или дејствие како членови на советодавното тело. Барањата за советодавни мислења, совети и издадените мислења се доверливи, но Советодавното тело е должно да ги објавува на веб страницата на Здружението на судиите и Врховниот суд на РСМ со соодветно аномизирање на лицата, местата и другите податоци кои би можеле да бидат насоки за други судии кои се соочуваат со слични прашања. [24]

24 http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/vsrm/10ae444c-09fd-4cbd-9fa6-ed45ae4ad13b/%D0%9A%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D1%81+%D0%B7%D0%B0+%D0%B5%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0+%D0%BD%D0%B0+%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%B8%D1%82%D0%B5+%D0%B8+%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%B8%D1%82%D0%B5+%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8.pdf?MOD=AJPERES&CVID=mSBbAAH

# 1. Апелациско подрачје Битола

## 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

| ОСНОВЕН СУД БИТОЛА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии поротници | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Битола

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Битола во периодот од 2017 до 2020 година поведена е една постапка за утврдување на одговорност на судиите. Имено во 2020 година, за една судија – жена е покрената постапка за утврдување на одговорност, но се уште нема разрешница по основ на овој предлог. Во 2020 година поведени се постапки за утврдување на одговорност на судиите од страна на Судскиот совет на РСМ, од каде еден судија е разрешен по основ на потешка дисциплинска повреда додека другиот судија е разрешен поради нестручно и несовесно вршење на работата. За претходните години во извештајниот период нема податоци за разрешувања по овие основи, а нема ниту изречени дисциплински мерки како и претставки за утврдување на договорност на судии, поднесени од правни или физички лица. Во анализираниот период немало разрешување по основ на пензионирање, а избор на судија во ОС Битола бил направен во 2020 година.

Во 2020 година, еден судија е времено упатен во Основниот суд Крушево, а еден судија побарал преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судиите, во ОС Битола постојат воспоставени механизми за јакнење на интегритетот на судиите, а воедно се предвидени контроли во случаи на непримерно однесување, притисок, закани и вмешување од трети страни. Во судот постои механизам за пријавување на надворешни притисоци за што е наведено дека за истите се води евиденција. Во досегашното работење на судот не се случило одлуките вратени на повторно разгледување од страна на повисокиот суд да имплицираат на донесување на пристрасна одлука.

## 1.2. Основен суд Крушево

| ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| За колку судии е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Колку судии во изминатиот период се времено упатени во друг суд? | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Крушево

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Крушево во анализираниот период од 2017 до 2020 година не се поднесени претставки за утврдување на одговорност на судии од страна на физички или правни лица поради работата на судија. Притоа, во анализираниот период нема ниту разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда, или дисциплинска мерка поради нестручно и несовесно вршење на работата.

Од ОС Крушево нема судии упатени во друг суд ниту судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судиите, од ОС Крушево забележуваат дека немало ситуации на надворешен притисок, закани и вмешување од трети страни и поради тоа не се увидела потреба за евиденција за поднесените пријави. Во досегашното работење на судот немало ситуации за надворешен притисок врз судија. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука.

## 1.3. Основен суд Охрид

| ОСНОВЕН СУД ОХРИД | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 2 | 1 |
| Број на судии во изминатиот период кои се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 10 | 10 | 10 | 10 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 7 | 6 | 5 | 11 |

Извор: доставени податоци од ОС Охрид

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Охрид во периодот од 2017 до 2018 година биле поднесени 29 претставки за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица. Во 2019 година биле поведени 2 (две) постапки, а во 2020 година била поведена 1 (една) постапка за утврдување на одговорност на судија. Имено, во 2017 биле поднесени 7 (седум) претставки од страна на физички и правни лица, во 2018 година биле поднесени 6 (шест) претставки, во 2019 година биле поднесени 5 (пет) претставки и во 2020 година биле поднесени 11 (единаесет) претставки. Во анализираниот период ниту еден судија не бил разрешен поради потешка дисциплинска повреда, изречени дисциплински мерки или разрешување поради нестручно и несовесно работење. Разрешување по основ на пензија имало во 2018 и во 2020 година, а во 2020 имало еден избран судија во ОС Охрид.

Во текот на 2018 година, Судскиот совет спровел постапка согласно Законот за Судски совет и изготвил Извештај со предлог одлука од страна на Комисијата. Судијата правосилно е разрешен во 2020 година, откако претходно исполнил услови и бил разрешен по основ исполнување улови за старосна пензија.

Во ОС Охрид во периодот 2017-2020 година нема судии кои се времено упатени во друг суд, нема судии преместени во друг суд ниту судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судиите, од ОС Охрид забележуваат дека иако нема воспоставено посебен механизми за јакнење на интегритетот на судиите, Судскиот совет на РСМ ја има надлежноста за спроведување контроли во случај на непримерно однесување, притисок, закани и вмешување од трети страни. Во анализираниот период не е регистриран случај на надворешен притисок ниту случај на вратени одлуки на повторно разгледување од повисокиот суд, бидејќи имплицирале донесување на пристрасна одлука.

## 1.4. Основен суд Прилеп

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 0 | 0 | 22 | 24 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 5 | 2 | 0 | 7 |

Извор: доставени податоци од ОС Прилеп

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Прилеп во периодот од 2017 до 2020 година евидентирани се 14 постапки во однос на утврдување на одговорност на судиите. Во анализираниот период нема разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда, но и разрешување по дисциплинските мерки врз основа на нестручно и несовесно вршење на работата на судијата.

Според бројот на претставки за утврдување на одговорност на судија, имало вкупно 5 претставки за судии во текот на 2017 година, подоцна имало уште две претставки за двајца судии во 2018 година, а во 2020 година имало седум претставки за судиите, но за нивната разрешница не постои податок преку кој може да се види како е постапено по претставките и дали некој од судиите е дисциплински санкциониран.

Во анализираниот период во ОС Прилеп имало времено упатување на судии во ОС Крушево и тоа еден судија во 2018 и еден судија во 2019 година. Преместени судии во друг суд во овој суд немало, ниту судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во судот нема воспоставени механизми за јакнење на интегритетот на судиите т.е. не се предвидени контроли во случаи на непримерно однесување, притисок, закани и вмешување од трети страни. Исто така, во судот не се предвидени механизми за пријавување на надворешни притисоци, а ниту се води постапка за евиденција на овие пријави. Во досегашното работење судиите во ОС Прилеп не дошле до заклучок дека одредени одлуки од повисоките судови вратени на повторно разгледување имплицираат на донесување на пристрасна одлука.

## 1.5. Основен суд Ресен

| ОСНОВЕН СУД РЕСЕН | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 1 | 4 | 5 |

Извор: доставени податоци од ОС Ресен

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Ресен во периодот од 2017 до 2020 година нема судии кои биле предмет на постапка за утврдување на одговорност ниту пак има судии кои биле разрешени по основ на потешка дисциплинска повреда, или дисциплински мерки поради нестручно и несовесно вршење на работата. Исто така, во ОС Ресен нема случаи во кои се изречени дисциплински мерки а нема ниту примени  претставки за утврдување на одговорност на судија поднесени од физички или правни лица.

Во ОС Ресен во периодот 2017-2020 година, нема судии кои се времено упатени или преместени во друг суд, ниту има судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во судот не постојат механизми за јакнење на интегритетот на судиите, а не се предвидени ниту контроли во случаи на непримерно однесување, притисок, закани и вмешувања од трети страни, а не се води ниту евиденција за бележење на ваквите ситуации.

## 1.6. Основен суд Струга

| ОСНОВЕН СУД СТРУГА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 1 | 1 | 2 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Струга

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Струга во периодот од 2017 до 2020 година за судиите не се поведени постапки за утврдување на одговорност. Од аспект на пол и основ, за ниеден судија не е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период, исто така нема разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда, ниту поради нестручно и несовесно работење, како ни изречени дисциплински мерки. Во истиот период до судот не поднесени претставки за утврдување на одговорност на судија поднесени од страна на физички или правни лица.

Во анализираниот период нема судии кои се времено упатени во друг суд, нема судии преместени во друг суд ниту судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судии, од ОС Струга забележуваат одредени ситуации на надворешен притисок, закани и вмешување од трети страни. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука, но во одредени ситуации Претседателот на судот презема дејствија и ги известува повисоките органи како и Министерството за внатрешни работи доколку е потребна дополнителна интервенција и заштита на судиите. Во судот ретко се пријавуваат надворешни притисоци. Иако ретко се случуваат, за истите е известен претседателот на судот со цел да се преземат дејствија за заштита, а пријавите се евидентираат писмено во судската управа.

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

| ОСНОВЕН СУД ГОСТИВАР | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии поротници | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 4 | 4 | 2 | 9 |

Извор: доставени податоци од ОС Гостивар

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Гостивар во периодот од 2017 до 2020 година не е поведена постапка за одговорност на судиите. Во судот нема разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда, како ниту поради нестручно и несовесно вршење на работата. Во периодот од 2017 до 2020 година биле поднесени 19 претставки за утврдување на одговорност на судија, и тоа во 2017 година од страна на 3 физички лица и еден непознат барател, во 2018 година 2 физички лица, адвокат и едно правно лице имаат поднесено претставки за одговорност на судија, во 2019 година биле поднесени 2 претставки од едно физичко и едно правно лице, а во 2020 година претставки поднеле 6 физички лица, едно адвокат и едно здружение на граѓани.

Од ОС Гостивар немало времено упатување на судии во друг суд, но имало преместување во друг оддел на една судијка во текот на 2020 година.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во ОС Гостивар постојат воспоставени механизми за јакнење на интегритетот на судиите. Од судот не навеле дали постои механизам за пријавување на надворешни притисоци, но истакнале дека не се води евиденција на примени поплаки и претставки. Во досегашното работење на судот, судиите одговориле дека не се соочиле со вратени одлуки од повисоките инстанци кои имплицираат носење пристрасна одлука.

## 2.2. Основен суд Дебар

| ОСНОВЕН СУД ДЕБАР | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Дебар

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Дебар во периодот од 2017 до 2020 година не била поведена постапка за утврдување на одговорност на судиите. Во анализираниот период немало разрешување на судиите поради потешка дисциплинска повреда ниту имало разрешување поради нестручно и несовесно работење. Во 2020 година имало една изречена дисциплинска мерка и ниту еден судија не бил разрешен ниту имало избор на нови судии во судот.

Во ОС Дебар во изминатите четири години немало ниту едно времено упатување на судија во друг суд.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во досегашното работење на судот не се забележани надворешни притисоци од надворешни субјекти. Во судот до сега не е регистриран ниту случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука.

## 2.3. Основен суд Кичево

| ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 50 | 15 | 15 | 15 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 2 | 1 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 6 | 1 | 6 | 16 |

Извор: доставени податоци од ОС Кичево

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во Основниот суд Кичево во изминатите 4 години биле поведени вкупно 29 претставки за утврдување на одговорност на судија. Од вкупно 29 претставки, по шест биле поднесени во 2017 и 2019 година, само една во 2018, и дури 16 претставки поднесени во 2020 година. Во овој период не биле поведени постапки за утврдување на судиска одговорност и немало случаи на разрешување на судии во ОС Кичево по основ на тешка дисциплинска повреда, изречена дисциплинска мерка или разрешување поради нестручно и несовесно работење.

Во ОС Кичево во изминатите четири години немало ниту едно времено упатување на судија во друг суд.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во ОС Кичево постојат развиени механизими за јакнење на интегритетот на судиите и за пријавување на надворешни притисоци, но до сега не е пријавен ваков случај. До сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицирале донесување на пристрасна одлука.

## 2.4. Основен суд Тетово

| ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 20 | 20 | 20 | 20 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Тетово

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Тетово  во периодот од 2017 до 2020 година не била поднесена ниту една претставка за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица. Во анализираниот период немало судии кои биле разрешени поради потешка дисциплинска повреда, немало изречени дисциплински мерки или разрешени судии поради нестручно и несовесно работење.

Во текот на анализираниот период од 2017 до 2020 година само во 2018 имало времено упатување на еден судија во друг суд. Во рамки на работењето на судот нема судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во ОС Тетово не е воспоставен посебен механизам за подобрување на интегритетот на судиите, ниту се спроведуваат контроли во случаи на непримерно однесување, притисок, закани и вмешување од трети страни.  Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука ниту од страна на Апелацискиот суд Гостивар ниту од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

| ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии преместени во друг суд | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 26 | 23 | 22 | 42 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 13 | 7 | 12 |

Извор: доставени податоци од ОС Велес

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Велес во периодот од 2017 до 2020 година не била поведена постапка за утврдување на одговорност на судија од страна на физички и правни лица. Во 2017 немало ниту една претставка од физички или правни лица за утврдување на одговорност на судија, за разлика од следните три години односно во 2018 година биле покренати 13 претставки, во 2019 година 7, а во 2020 година биле покренати 12 претставки. Во периодот од 2017 до 2020 година, немало разрешување на судии по основ на тешка дисциплинска повреда, изречена дисциплинска мерка или разрешување поради нестручно и несовесно работење.

Во 2020 година еден судија од ОС Велес бил времено упатен на работа во ОС Неготино.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судии, од ОС Велес нотираат дека не се забележани случаи на непримерно однесување, притисок, закани или вмешување од трети страни. Евиденцијата на примените поплаки се води преку нивното пријавување до Претседателот на судот и Подружницата на Здружението на судии на РСМ во ОС Велес. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд да имплицираат донесување на пристрасна одлука од страна на судиите во ОС Велес.

## 3.2. Основен суд Гевгелија

| ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 8 | 5 | 0 | 25 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Гевгелија

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Гевгелија во периодот од 2017 до 2020 година не била поднесена ниту една претставка за утврдување на одговорност на судија, ниту пак биле поднесени поплаки за работата на судиите или судот од страна на физички или правни лица. Во овој период не се поведени постапки за утврдување на одговорност на судија и немало разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда или изречени дисциплински мерки поради нестручно и несовесно работење.

Во изминатите четири години ниту еден судија од ОС Гевгелија не бил времено упатен во друг суд и немало судии кои побарале преместување во друг судечки оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Од Основниот суд Гевгелија забележуваат дека ниту во кривичниот ниту во граѓанскиот оддел до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука од страна на судија од ОС Гевгелија. Во ОС Гевгелија е воспоставен механизам на пријавување на надворешни притисоци и закани преку пријавување кај Претседателот на судот, но до сега не биле регистрирани вакви случаи. ОС Гевгелија забележуваат дека се води сметка и за јакнење на интегритетот на судиите, како и дека е воспоставен механизам за јакненење на интегритетот на судиите.

## 3.3. Основен суд Кавадарци

| ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 17 | 20 | 20 | 18 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Кавадарци

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Кавадарци во периодот од 2017 до 2020 година не била поведена ниту една постапка за утврдување на судиска одговорност согласно Законот за судовите. Во анализираниот период не е поднесена ниту една претставка за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица, односно во овој период немало случаи на разрешување на судии по основ на тешка дисциплинска повреда, изречена дисциплинска мерка или разрешување поради нестручно и несовесно работење.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судии, од ОС Кавадарци забележуваат дека немало ситуации на надворешен притисок, закани и вмешување од трети страни и поради тоа не се увидела некаква потреба за евиденција за поднесените пријави. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука.

## 3.4. Основен суд Кратово

| ОСНОВЕН СУД КРАТОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 2 | 1 | 4 | 1 |

Извор: доставени податоци од ОС Кратово

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Кратово во периодот од 2017 до 2020 година не била поведена ниту една постапка за утврдување на судиска одговорност согласно Законот за судовите. Во периодот кој е предмет на анализа, поднесени се вкупно 8 претставки за утврдување одговорност на судија, од страна на физички и правни лица, односно вкупно 2 претставки во 2017 година, една претставка во 2018 година, 4 претставки во 2019 година и една претставка во 2020 година. Во наведениот период на анализа немало случаи на разрешување на судии во ОС Кратово по основ на тешка дисциплинска повреда, изречена дисциплинска мерка или разрешување поради нестручно и несовесно работење. Немало разрешување по основ на пензионирање и немало избор на нови судии во анализираниот период.

Во ОС Кратово во изминатите три години немало ниту едно времено упатување на судија во друг суд. Претседателот на судот не е судија од ОС Кратово туку е судија кој е избран во ОС Куманово.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судии, од ОС Кратово забележуваат дека немало ситуации на надворешен притисок, закани и вмешување од трети страни и поради тоа не се увидела некаква потреба за евиденција за поднесените пријави. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука.

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

| ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Крива Паланка

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Крива Паланка во периодот од 2017 до 2020 година не била поднесена ниту една претставка за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица - странки. Во овој период не се поведени постапки за утврдување на одговорност на судија, ниту пак се разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда и изречени дисциплински мерки или разрешени судии поради нестручно и несовесно работење.

Во анализираниот период од 2017 до 2020 година имало вкупно 3 времени упатувања на судиите во друг суд, односно вкупно еден судија бил времено упатен да одлучува упатување за 2017, 2018, 2019 и 2020 година во Основниот Граѓански суд во Скопје. Во рамки на работењето на судот нема судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судии, од ОС Крива Паланка забележуваат дека немало ситуации на надворешен притисок, закани и вмешување од трети страни и поради тоа не се увидела некаква потреба за евиденција за поднесените пријави. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука, но доколку се појави потреба се користи Кодексот за судиската етика и Законот за судовите.

## 3.6. Основен суд Куманово

| ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 4 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 8 | 7 | 7 | 7 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 3 | 3 | 2 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Куманово

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Куманово во изминатите четири години не биле поднесени претставки за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица. Во овој период не се поведени ниту постапки за утврдување на одговорност на судија, ниту пак се разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда и изречени дисциплински мерки или пак разрешени судии поради нестручно и несовесно работење.

Во изминатите четири години имало 4 времени упатувања на судии на Основен суд Куманово во други судови. Од страна на упатените судии немало приговори, бидејќи истото е правено на нивно барање и без согласност од Основен суд Куманово. Во рамки на работењето на судот нема судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во ОС Куманово не се воспоставени посебни механизми за јакнење на интегритетот на судиите или пак за пријавување на надворешни притисоци. Ниту во кривичниот ниту во граѓанскиот оддел до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд укажуваат на донесување на пристрасна одлука од страна на судија од ОС Куманово. Од судот забележуваат дека каков било притисок врз судијата може да се пријави пред надлежните органи на извршната власт, Судскиот совет и секако кај Претседателката на судот, но во судот сепак не се води евиденција на вакво вид пријави.

## 3.7. Основен суд Неготино

| ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 0 | 4 | 4 | 4 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Неготино

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во Основниот суд Неготино во изминатите 4 години не била поведена ниту една постапка за утврдување на судиска одговорност согласно Законот за судовите. Во периодот кој е предмет анализа (2017-2020), не е поднесена ниту една претставка за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица (странки). Следствено, во овој период немало случаи на разрешување на судии по основ на тешка дисциплинска повреда, изречена дисциплинска мерка или разрешување поради нестручно и несовесно работење.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во досегашното работење не се регистрирани или пријавени случаи одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд да имплицираат донесување на пристрасна одлука. Во ОС Неготино не е предвиден посебен механизам за пријавување на надворешни притисоци или влијанија, а во изминатите 4 години воопшто не е регистрирано пријавување на надворешни притисоци до претседателот на судот. Сепак, ОС Неготино нема воспоставен механизми за јакнење на интегритетот на судиите.

## 3.8. Основен Граѓански суд Скопје

Основниот Граѓански суд Скопје не достави податоци ниту достави одговори на прашањата поврзани со независноста и непристрасноста во судот.

## 3.9. Основен Кривичен суд Скопје

Основниот Кривичен суд Скопје 1 не достави податоци за поднесени пријави за утврдување на одговорност на судии, ниту пак податоци за поведени постапки за утврдување на судиска одговорност согласно Законот за судовите. Од Основниот Кривичен суд во Скопје единствено известија дека за јакнење на интегритетот на судиите се одржуваат редовни и вонредни Колегиуми во судот и се користат капацитетите на Здружението на судии.

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

| ОСНОВЕН СУД БЕРОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Број на избрани судии | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Берово

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Берово во периодот 2017 до 2020 година не била поднесена ниту една претставка за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица. Во анализираниот период ниту еден судија не бил разрешен поради потешка дисциплинска повреда, изречени дисциплински мерки или разрешување поради нестручно и несовесно работење. Разрешување по основ на пензионирање имало на двајца судии во 2019 и во 2020 година и немало избор на нови судии во анализираниот период.

ОС Берово располага со мал број на судии и истите не се избрани судии за судот туку се делегирани од други судови од апелациското подрачје Штип. Во моментов, Претседателот на ОС Берово во тековната 2021 година е вршител на должност - судија делегиран од Основен суд Струмица, додека другиот судија е судија кој е делегиран од ОС Кочани.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судии, од ОС Берово забележуваат дека немало ситуации на надворешен притисок, закани и вмешување од трети страни и поради тоа не се увидела некаква потреба за евиденција за поднесените пријави. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука.

## 4.2. Основен суд Виница

| ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Виница

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Виница во периодот од 2017 до 2020 година не биле поднесена ниту една претставка за утврдување на одговорност на судија, ниту пак биле упатени поплаки за работата на судиите во овој суд. Во овој период не се поведени постапки за утврдување на одговорност на судија, ниту имало разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда, или  дисциплински мерки поради нестручно и несовесно работење. Разрешување по основ на пензија имало во 2019 година и немало избор на нови судии за ОС Виница во анализираниот период.

Основниот суд Виница има мал број на судии (3 со претседателот на судот) па судиите не се упатуваат на работа на одреден период во друг суд.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Механизми за јакнење на интегритетот на судиите не е воспоставен, а не се забележани случаи на непримерно однесување, притисок, закани или вмешување од трети страни. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука.

## 4.3. Основен суд Делчево

| ОСНОВЕН СУД ДЕЛЧЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 10 | 10 | 8 | 8 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Делчево

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Делчево во изминатите 4 години не била поведена постапка за утврдување на одговорност на судија согласно Законот за судовите. Во овој период нема разрешени судии поради сторена потешка дисциплинска повреда, за нестручно и несовесно работење, нема изречени дисциплински мерки ни претставки за утврдување на одговорност на судија поднесени од физички или правни лица.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизми за јакнење на интегритетот на судиите и за пријавување на надворешни притисоци, ОС Делчево не располага со таков вид на механизам. Во досегашното работење не се случило одлуките да бидат вратени на повторно разгледување од повисокиот суд бидејќи имплицирале донесување на пристрасна одлука.

## 4.4. Основен суд Кочани

| ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 2 | 2 | 3 | 2 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 9 | 8 | 13 | 11 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 3 | 10 | 14 | 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Кочани

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Кочани во периодот од 2017 до 2020 година биле вкупно поднесени 37 претставки за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица-странки. Во 2017 година биле поднесени 3 пријави, во 2018 година 10, бројот се зголемил на 14 претставки во 2019, и во 2020 година биле поднесени повторно 10 пријави за утврдување на одговорност кај судиите. Во овој период не се поведени постапки за утврдување на одговорност на судија, ниту пак се разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда и изречени дисциплински мерки или разрешени судии поради нестручно и несовесно работење, а немало ниту разрешување по основ на пензија или избор на нови судии во анализираниот период.

Од ОС Кочани времено се упатуваат по двајца судии на работа во ОС Делчево и ОС Берово. Во однос на внатрешната организација, судиите не практикуваат барања за преместувања во други судови или судечки оддели.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

ОС Кочани нема воспоставено механизми за јакнење на интегритетот на судиите и не се предвидени контроли во случаи на непримерно однесување, притисок, закани и вмешување од трети страни туку секој судија поединец е одговорен за јакнењето на својот интегритет. Во судот досега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука од страна на повисоките судови. Во случаите на забележан надворешен притисок судот има предвидено механизам за пријавување, за што е надлежен Претседателката на судот. До сега не се евидентирани пријави за непримерно однесување, притисок, закани или вмешување од трети страни кон судиите.

## 4.5. Основен суд Радовиш

| ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| За колку судии е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Колку судии во изминатиот период се времено упатени во друг суд? | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Радовиш

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Радовиш во периодот 2017 до 2020 година не била поднесена ниту една претставка за утврдување на одговорност на судија, ниту пак биле упатени поплаки за работата на судиите.

Во овој период не се поведени ниту постапки за утврдување на одговорност на судија, ниту пак се разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда или дисциплински мерки поради нестручно и несовесно работење. Во анализираниот период немало разрешување на судии по основ на пензионирање ниту имало избор на нови судии во анализираниот период.

Во периодот од 2017-2019 година, еден судија од ОС Радовиш бил времено упатен во друг суд, а во 2020 судијата бил и преместен на работа во ОС Свети Николе.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во однос на механизмите за јакнење на интегритетот на судии, од ОС Радовиш забележуваат дека немало ситуации на надворешен притисок, закани и вмешување од трети страни и поради тоа не се увидела некаква потреба за евиденција за поднесените пријави. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука.

## 4.6. Основен суд Свети Николе

| ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Свети Николе

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во Основниот суд Свети Николе во изминатите 4 години не била поведена постапка за утврдување на одговорност на судија согласно Законот за судовите. Во досегашното работење на судот не се забележани случаи на разрешени судии поради сторена потешка дисциплинска повреда, нестручно и несовесно работење, нема изречени дисциплински мерки ни претставки за утврдување на одговорност на судија поднесени од физички или правни лица.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Механизмите за јакнење на интегритетот на судиите кои ги применуваат во ОС Свети Николе произлегуваат од Законот за судовите, Законот за судскиот совет и Кодексот на судиска етика. Во досегашното работење не се случило одлуките да бидат вратени на повторно разгледување од повисокиот суд бидејќи имплицирале донесување на пристрасна одлука. Во случај на надворешни притисоци истите се пријавуваат до Претседателот на судот.

## 4.7. Основен суд Струмица

| ОСНОВЕН СУД СТРУМИЦА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Број на судии преместени во друг суд | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 7 | 7 | 17 | 17 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Струмица

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Струмица во периодот од 2017 до 2020 година не биле поднесени претставки за утврдување на одговорност на судија од страна на физички и правни лица. Во овој период не биле ниту поведени постапки за утврдување на одговорност според последните измени на Законот за судови, ниту пак имало разрешување на судии по основ на потешка дисциплинска повреда, изречена дисциплинска мерка или разрешување поради нестручно и несовесно работење. Разрешување по основ на пензионирање имало во 2017 и во 2019 година, но во анализираниот период немало избор на нов судија во ОС Струмица.

Еден судија, од 01.01.2017 година е постојано делегиран во ОС Берово. Во моментов, делегираниот судија во својство на ВД Претседател на ОС Берово, но и судија поради малиот број на судии. Судиите не ги менуваат судските оддели, но во Основниот суд Струмица досега има пет од судиите имаат побарано преместувања во друг суд.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Основниот суд Струмица нема воспоставено механизми за јакнење на интегритетот на судиите и притоа не се предвидени контроли во случаи на непримерно однесување, притисок, закани и вмешување од трети страни. Во случаите на забележан надворешен притисок судот има предвидено механизам за пријавување, за што е надлежен Претседателот на судот. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука. До сега не се евидентирани пријави за непримерно однесување, притисок, закани или вмешување од трети страни кон судиите.

## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

| ОСНОВЕН СУД ШТИП | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Број на судии по кои е поведена постапка за утврдување на одговорност во изминатиот период | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои во изминатиот период се времено упатени во друг суд | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Број на судии преместени во друг суд | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии кои побарале преместување во друг оддел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на судии поротници | 10 | 10 | 10 | 28 |
| Број на избрани судии | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Број на разрешени судии по основ на пензија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на изречени дисциплински мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на разрешени судии поради нестручно и несовесно работење | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на претставки за утврдување на одговорност на судија, поднесени од физички или правни лица | 7 | 11 и 1 поплака | 3 | 13 и 6 поплаки |

Извор: доставени податоци од ОС Штип

### ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИ

Во ОС Штип во периодот од 2017 до 2020 година биле вкупно поднесени 34 претставки за утврдување на одговорност на судија од страна на физички или правни лица - странки. Во 2017 г. биле поднесени 7 пријави, во 2018 г. 11 претставки и една поплака, бројот се намалил на 3 претставки во 2019, и во 2020 година биле поднесени вкупно 13 претставки за утврдување на одговорност кај судиите и 6 поплаки од физички и правни лица. Во овој период не се поведени постапки за утврдување на одговорност на судија, немало разрешени судии по основ на потешка дисциплинска повреда и изречени дисциплински мерки, но и немало разрешени судии поради нестручно и несовесно работење или по основ на пензионирање. Во 2020 година направен е избор на еден судија за ОС Штип.

Времено упатување на судија имало во 2019 година и во 2020 година во ОС Берово и ОС –Виница. Во рамки на работењето на судот нема судии кои побарале преместување во друг оддел.

### МЕХАНИЗМИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ НА СУДИИТЕ

Во ОС Штип не е воспоставен посебен механизам за подобрување на интегритетот на судиите, ниту се спроведуваат контроли во случаи на непримерно однесување, притисок, закани и вмешување од трети страна. Во судот до сега не е регистриран случај при кој одлуките вратени на повторно разгледување од повисокиот суд имплицираат донесување на пристрасна одлука ниту од страна на Апелацискиот суд Штип ниту од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Досега не била утврдена потреба за судот да води евиденција на овие пријави, но судот има на располагање капацитети за соодветно да ги заведе ваквите постапки и да постапи согласно законот.

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ

## „ПРАВНАТА РАМКА КАКО ГАРАНЦИЈА НА НЕЗАВИСНОСТА Е ДОБРО ПОСТАВЕНА И ЦЕЛОСНО ИМПЛЕМЕНТИРАНА ОСВЕН ВО ДЕЛОТ НА ФИНАНСИСКАТА НЕЗАВИСНОСТ НА СУДСКИОТ БУЏЕТ“

1. Основните гаранции за независност на судството се воспоставени преку Уставот на РСМ, Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Законот за судскиот буџет и други правни акти.

2. Независноста на судството е зајакната со ограничување на законските основи по кои Судскиот совет на РСМ може да поведе постапка за разрешување од судиската функција и изрекување на дисциплински мерки за судијата.

3. Постои конзистентност во политиките на законодавната и извршната власт во неспроведување на правните гаранции за финансиска независност на судовите преку необезбедување на задолжителните 0,8% од БНП во ниту еден државен буџет од донесувањето за Законот за судскиот буџет во 2010 година. Поради тоа судскиот буџет е несоодветен за да ги покрие сите потреби на судот и воедно не дозволува поголеми финансиски вложувања за поголема функционалност поради што судовите функционираат со минимум услови за работа.

4. Речиси сите основни судови функционираат со помал број на судии и судска администрација што е резултат на несоодветната финансиска политика и отсуството на стратешки пристап кон планирањето на судскиот буџет од страна на Судскиот совет на РСМ и Судско буџетскиот совет на РСМ.

5. Временото упатување на судии во основните судови со основна надлежност е воспоставена пракса на Судскиот совет на РСМ која се должи на немање на интерес кај кандидатите за судии за избор во овие судови и отсуство на стратешки пристап кон рамномерно пополнување на капацитетите на основните судови. За пример, во ОС Берово нема избран судија, а судиската функција ја вршат еден судија од ОС Струмица и една судијка од ОС Кочани.

6. Непостои јасно утврден систем на заштита на безбедноста на судиите во основните судови како и заштита од надворешни притисоци, влијанија и закани.

7. Воспоставено е Советодавното тело за етика при Здружението на судии на РСМ кое има превентивна и советодавна улога во ситуации кога има прекршувања на Кодексот на етика, судир на интереси или корупција, но нема посебен акт кој се применува за решавање на етичките прашања на судиите и судската служба.

# ЕФИКАСНОСТ

Ефикасноста на правдата подразбира, пред сè, обезбедување на конечни пресуди во разумен рок, при што се работи за еден од главните елементи на концептот на правично судење и одржување и зајакнување на владеењето на правото, воопшто. Во оваа смисла, членот 6 на ЕКЧП[25], кој го гарантира правото на правично судење, во првиот став предвидува дека „секој има право на ... судење во разумен рок ...". Судењето во разумен рок претставува исклучително важен елемент, бидејќи ја поставува рамката за правично судење и правична постапка.

Целта на барањето за ефикасност на судската постапка, односно за судењето во разумен рок е да гарантира дека во разумно време, преку судска одлука ќе престане состојбата на правна несигурност во која се наоѓа лицето во однос на неговиот/нејзиниот граѓански статус или во однос на состојбата во која се наоѓа како резултат на кривична постапка покрената против него/неа или покрената од негова/нејзина страна. Судењето во разумен рок е во интерес на засегнатите лица, но, пред сè, тоа е во интерес на почитувањето и зајакнувањето на правната сигурност но и на општата јавност која е заинтересирана судската правда да биде навремена, ефикасна и ефективна. Во спротивно, задоцнетата правда е негирана правда.

Според практиката на ЕСЧП, разумноста на должината на постапката треба да се утврди во светло на околностите на случајот, при што е потребна сеопфатна проценка (Boddaert v. Belgium, § 36; Frydlender v. France [GC], § 43). Притоа, треба да се земат предвид и определени критериуми кои ЕСЧП ги воспоставил во рамки на својата долгогодишна судска практика како општи принципи при оцената на разумноста на траењето на постапката. Во оваа смисла, при оценувањето дали судењето било спроведено и завршено во разумен рок, ЕСЧП поаѓа од четири главни критериуми: сложеноста на предметот; однесувањето на жалителот, однесувањето на домашните власти во постапката и засегнатиот интерес на жалителот во спорот (Comingersoll S.A. v. Portugal [GC]; Frydlender v. France [GC], § 43; Sürmeli v. Germany [GC], § 128; Lupeni Greek Catholic Parish and Others v. Romania [GC], § 143; Nicolae Virgiliu Tănase v. Romania [GC], § 209).

Со цел да се запазат разумни рокови при водењето на судските постапки за да се постигне соодветно ниво на ефикасност на постапката, меѓу другото, потребно е и обезбедување на соодветни услови за работа. Ова тврдење е констатирано и од страна на Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа, во став 6 од Мислењето бр. 3 (2002) за Комитетот на министри при Советот на Европа за принципите и правилата за професионално поведение на судиите, етика, несоодветно однесување и непристрасност: „Судиите, исто така, треба да ги вршат своите функции со грижливост и во разумен рок. Секако дека за оваа цел им се неопходни соодветни услови, опрема и помош. Така обезбедени, судиите треба да бидат во можност внимателно да ги обавуваат своите обврски содржани во членот 6 (1) на ЕКЧП, односно да донесуваат пресуди во разумно време".

Исто така, треба да се има предвид дека ефикасноста на судството е тесно поврзана и со професионалната компетентност на судиите. Во оваа смисла, став 25 од Мислењето бр. 3 (2002) на Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа за Комитетот на министри при Советот на Европа за принципите и правилата за професионално поведение на судиите, етика, несоодветно однесување и непристрасност[26], го утврдува следново: „Ефикасноста на судскиот систем бара, исто така, судијата да има висок степен на професионална свест. Треба да се обезбеди одржување на висок степен на професионална компетентност на судиите преку основна и континуирана обука која ќе им обезбеди соодветни квалификации".

Меѓународните стандарди, кои ја определуваат ефикасноста на правдата како суштински дел од концептот за правично судење, преку барањето за судење во разумен рок, се вградени и во рамки на домашното право. Во оваа смисла, во Законот за судовите се инкорпорирани одредби според кои едно од начелата врз кои се заснова постапката пред судот е начелото на судење во разумен рок, додека „при одлучувањето за граѓанските права и обврски и при одлучувањето за кривичната одговорност, секој има право на ... судење во разумен рок ...". Дополнително, во законот е предвидено и правен лек кои им стои на располагање на граѓаните во случај на потреба

25 Европска конвенција за човекови права, Совет на Европа, Рим, 1950 година

26 Мислење бр. 2 на Консултативниот совет на европските судии при Совет на Европа, достапно на: https://rm.coe.int/1680747784

за заштита на конкретното право при негова евентуална повреда. Така, во оваа смисла, доколку странката „смета дека надлежниот суд го повредил правото на судење во разумен рок, има право да поднесе барање за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховниот суд на Република Македонија". Тргнувајќи од фактот дека овој правен лек се поднесува до Врховниот суд и во прв и во втор степен очигледно е дека важноста на судењето во разумен рок е еден од приоритетите во македонското судство.

Имајќи ја предвид суштината на концептот на ефикасна правда, методолошката основа врз која треба да бидат дефинирани претпоставките за ефикасно судство имплицира определено ниво на комплексност. Претпоставките за ефикасно судство треба да бидат усогласени со релевантните европски стандарди (препораки на Советот на Европа и CEPEJ, ЕУ и европски судски тела) и да вклучуваат мерливи инструменти врз основа на кои може да се врши евалуација на постигнатиот напредок. Имајќи ги предвид европските стандарди, извршена е измена во начинот на оценување на ефикасноста на судиите од страна на Судскиот совет на РСМ, во смисла на напуштање на користењето на исклучиво квантитативни критериуми при оценувањето. Имено, во согласност со препораките на ЕУ, Советот на Европа и ГРЕКО, претходно споменатиот начин на оценување е заменет со систем на превентивни и поттикнувачки мерки, квалитативни критериуми и диференцирано и индивидуализирано оценување (за различните судови, без Врховниот суд, различната материја и тежина на конкретните случаи). Со преземање на целосна одговорност од страна на судството за одредувањето на условите, материјални, кадровски и други претпоставки за ефикасно остварување на судската функција и за ефективна, брза и неселективна правда, се потврдува и зацврстува неговата самостојност и независност.

Значењето на ефикасноста на правосудството, како еден од виталните фактори за одржување и подобрување на нивото на владеење на правото, е многукратно. Имено, ефикасната правда значајно придонесува кон доброто управување, промовирање на борбата против корупцијата и градењето на доверба во институциите. Дополнително, ефикасноста на правосудството придонесува кон подобрување на бизнис-климата, поттикнување на иновации, привлекување на странски инвестиции и обезбедување на јавни приходи на државата. Така, искуството на земјите-членки на ЕУ, кои се предмет на Програмите за економско прилагодување, покажува дека разните аномалии во контекст на националното правосудство доведуваат до намалување на довербата на граѓаните во институциите, што пак, од своја страна, доведува до намалување на економскиот раст. Оттаму, главниот фокус на ЕУ во областа на правосудството е насочен кон постигнување на повисок степен на ефективна правда (ефективно правосудство). Притоа, треба да се има предвид дека пристапот кон правда која е ефикасна и квалитетна е, пред сѐ, основно право на секој граѓанин, загарантирано со бројни меѓународни инструменти.

Ефективноста на правдата претставува суштински интерес на институциите на ЕУ, поради што тие секогаш инсистираат на изнаоѓање начини за нејзиното подобрување. Притоа, се инсистира механизмите чија цел е зајакнување на ефективноста на правдата да бидат системски поставени и добро испланирани. Во оваа смисла, еден од основните и најзначајните механизми е EU Justice Scoreboard, односно ЕУ ранг-листата на правосудството (во натамошниот текст: „Ранг-листа").

Европската комисија, во една од своите Комуникации , утврдува дека целта на Ранг-листата е да се помогне на Унијата и на земјите членки да постигнат ефективност на правосудството. Оваа помош ќе биде обезбедена на начин што ќе се приложат веродостојни, споредбени и објективни податоци за функционирањето на правосудните системи во сите земји-членки. Имајќи предвид дека квалитетот, независноста и ефикасноста се клучни компоненти на „ефективниот правосуден систем", податоците во однос на овие компоненти придонесуваат кон развој на порелевантни и посоодветни политики во областа на правосудството, на национално ниво и на ниво на ЕУ. Во оваа смисла, кога се зборува за ефикасноста на правдата, од исклучително значење е просечното траење на предметите, заостанувањето на предметите и бројот на предмети што се водат подолго време, човечките и материјалните ресурси, буџетот доделен на судството, ИТ – технологиите и електронскиот пристап кон судската практика.

Според објаснувањето на Комисијата, основните карактеристики на Ранг-листата се:

- Ранг-листата е споредбен метод, во кој се опфатени сите земји-членки, независно од правната традиција, односно правосудниот модел. Ранг-листата содржи споредби на некои индикатори, меѓутоа во никој случај не тежнее кон промовирање на даден правосуден систем.
- Ранг-листата цели кон претставување на трендовите во поглед на функционирањето на националните правосудни системи во текот на времето. Ранг-листата за прв пат претстави извесни податоци во 2013 година, што значи дека тие податоци можеби не ги отсликуваат и ефектите од актуелните реформи кои се случуваат во националните правни системи.
- Ранг-листата е необврзувачка алатка, која подразбира отворен дијалог со земјите-членки, со цел да им се помогне ним и на Унијата во креирањето на подобри политики во областа на правосудството. Преку Ранг-листата се идентификуваат проблемите кои заслужуваат внимание. Доколку индикаторите укажат на слаби перформанси се оди кон подлабока анализа на причините за таквите перформанси, по што може да се пристапи кон реформски зафати.
- Конечно, Ранг-листата е и еволуирачка алатка, која со текот на времето ќе се прошири и ќе опфати и области кои, иницијално, не биле опфатени. Исто така, зависно од суштинските параметри Ранг-листата може да се здобие со поинакви индикатори и методи. Во дијалог со земјите-членки Ранг-листата може, прогресивно, да опфати и полиња кои не биле опфатени, а се дел од „правосудниот-ланец“, па оттаму и да е неопходна нивна анализа.

Исто така, неопходно е да се истакне дека Ранг-листата опфаќа исклучиво предмети кои не се кривично-правни. Имено, Ранг-листата ги анализира само оние аспекти од правосудниот систем кои на непосреден начин се поврзани со инвестиционата клима. Оттука, таа се бави со граѓанските и трговските постапки, со кои се решаваат трговските спорови, како и со административните постапки. Со цел да се изготви Ранг-листата, Комисијата го задолжи ЦЕПЕЈ да прибира податоци и да изврши анализа. Притоа, ЦЕПЕЈ ги користи најрелевантните и најзначајните податоци до кои има пристап, а тука спаѓаат и податоците од надворешни извори (пр. Светска банка, Светски економски форум).

Индикаторите на Ранг-листата, во најголема мера, се однесуваат токму на ефикасноста на правосудството. Примарните индикатори во 2013 се: должината на постапките, стапката на завршени случаи, и тековните случаи.

- **Времетраење на постапките**, како индикатор, значи дека предвид се земаат деновите и колку време е потребно да се реши еден случај во прв степен. Како под-индикатор се јавува и „времето на постапување по поединечен предмет“. Овој под-индикатор се добива со делење на бројот на предмети во тек кои се нерешени на крајот на годината со бројот на решени предмети за истиот период помножени со 365. Проценката на ефикасноста на судот во овој поглед не е пресметка на просечното време за решавање на предметот, туку претставува теоретска проценка на времето потребно за да се реши и процесира определен предмет што е во тек, но не ги зема предвид спецификите на предметот како што е сложеноста или правниот основ на предметот. Потребни се повеќе податоци за предметите кои може да се добијат од ИКТ системите во судовите за да се утврдат стандарди за времетраење на постапките.
- **Стапката на решени случаи** го изразува односот на бројот на решени случаи со приливот на предмети. На тој начин се согледува дали судот може да ги следи трендовите на зголемување на приливот на предметите. На пример, доколку од пристигнати 1000 случаи судот решил 500, тој решил половина од случаите. Дали доколку пристигнат 1500 случаи, судот повторно ќе успее да реши половина од нив?

ЦЕПЕЈ има развиено два индикатори за успешност на судската ефикасност на европско ниво. Првиот индикатор е Стапка на решени предмети, која ја мери ефикасноста на судовите како едноставен однос, добиен со делење на бројот на решени предмети со бројот на примени предмети, изразен во процент и покажува како судот или судскиот систем се справува со приливот на предмети. Доколку стапката на решени предмети е близу 100% тогаш може да се заклучи дека системот може

да реши повеќе од бројот на предмети што се примени, како и на можноста судовите да ги намалат постојните заостанати предмети. Ефикасноста се намалува кога стапката на решавање е под 100% и се јавува кога бројот на примени предмети е поголем од бројот на решени предмети.

- **Бројот на тековни случаи** го одразува бројот на случаи кои по завршетокот на извесен референтен период (пр. година) сè уште не се решени. Бројот на тековни случаи влијае на „времето на решавање по поединечен предмет“.

Од претходно наведените дефиниции на индикаторите со кои се мери ефикасноста на правосудството може да се заклучи дека тие се наоѓаат во меѓусебна тесна корелација. Така, должината на постапките е тесно поврзана со стапката на завршени случаи, додека пак незавршените случаи на крајот на референтниот период (годината) се додаваат на бројката на тековни случаи.

## ЕФИКАСНОСТ ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ранг листата на правосудство ги прикажува резултатите од индикаторите земајќи предвид проценета вредност за целото судство. Во оваа анализа се користи методологијата на ЦЕПЕЈ за проверка на ефикасноста на административното судство во Република Македонија, односно се локализира индикаторот за проверка на ефикасноста на основните судови.

Стапката на решавање е соодносот на бројот на решени предмети во однос на бројот на предмети во работа во текот на дадената година. Кога овој број би се помножил со 100 би се добил процентот на решени предмети. Пониска стапка на решавање значи и подолго време по поединечен предмет, а со тоа и помала ефикасност на судството.

| | | |
|---|---|---|
| Стапка на решени предмети | Решени предмети / Прилив на предмети | X 100 |

Стапката на нерешени предмети се изразува преку бројот на нерешени предмети на 1000 жители што остануваат да се решат на крајот на пресметковниот период (на пример, една година). Оваа стапка исто така влијае на времето на решавање на поединечен предмет. За да се пресметка стапката на нерешени предмети потребен е податок за тоа колку жители има на подрачјето на основните судови.

| | | |
|---|---|---|
| Стапка на нерешени предмети | Нерешени предмети / Број на жители за подрачјето на судот | X 100 |

Времето на решавање по поединечен предмет се изразува на тој начин што бројот на нерешени предмети на крајот на годината се дели со бројот на решени предмети, по што добиениот резултат се множи со 365 (број на денови во текот на една година).

| | | |
|---|---|---|
| Времетраење на постапките | Број на тековни нерешени предмети / Број на решени предмети | X 365 |

При разгледување и оценување на ефикасноста на судовите треба да се земат предвид и други параметри, како што се материјалните и човечките ресурси со кои располага судството во државата. Според извештаите на ЦЕПЕЈ, Република Северна Македонија веќе години наназад е над европскиот просек по однос на бројот на вработени во судовите кои не се судии. Од друга страна, Судскиот совет во своите годишни извештаи констатира дека во судовите недостасуваат стручни судски службеници.

Од извештаите на Европската комисија произлегува дека судовите во РСМ во периодот од 2016-2019 година покажуваат континуирана ефикасност со стапка на решавање повисока од 100% или повеќе, и покрај кадровските и материјалните ограничувања. Од друга страна, според извештајот на

Судскиот совет за 2019 година, судовите во текот на 2019 година во целина работеле неажурно, при што за три од вкупно четири апелациони подрачја е констатирана неажурност, наспроти наодите од извештајот за 2018 година, каде што е утврдено дека приливот на новопримени предмети бил совладан и биле намалени заостанатите предмети. При донесувањето на заклучоци треба да се земат предвид и користените методологии, кои не се идентични.

**Објаснување на моделот[27] користен при одредување на ефикасноста на основните судови**

## 1. ФАКТОРИ/КАРАКТЕРИСТИКИ ВО МОДЕЛОТ

За секоја година:

**Со $x_1$ го означуваме бројот на судии;**

**Со $x_2$ го означуваме бројот на службеници;**

**Со $x_3$ го означуваме вкупниот број на предмети во работа;**

**Со y го означуваме бројот на решени предмети.**

При претходната анализа (за апелациони судови), бројот на решени предмети **y** беше генерално помал и имаше помала варијација на вредности. Сега во прашање се основни судови и бројот на решени предмети **y** е многу поголем и содржи поголема варијација на вредности.

## 2. ПРОБЛЕМИ СО СТАРИОТ МОДЕЛ И ДЕФИНИРАЊЕ НА НОВ

За разлика од **y**, бројот на судии и службеници има многу мали варијации. Во многу од судовите овој број речиси и да не се менува или се менува многу малку, а бројот на решени предмети се менува значително. Затоа не може да се користи истиот модел кој го користевме претходно, а кој беше:

$$y = Ax_1+Bx_2$$

Но може да се забележи дека судовите всушност во голема мера се трудат да одржат некоја 'норма' на решени предмети, т.е. стапката на решени предмети да си ја држат на некое ниво без разлика на бројот на персонал. Од овде дојде заклучокот дека улога во бројот на решени предмети **y** игра и бројот на предмети во работа за таа година $x_3$. Дополнително и од статистички аспект, ова е и единствениот друг релевантен податок од табелите кој има варијација приближна на онаа на бројот на решени предмети. Затоа, новиот модел кој се користи сега е:

$$y = Ax_1+Bx_2+Cx_3$$

Во овој модел (како и во претходниот), коефициентот **A** на некој начин кажува колкав удел има секој судија во бројот на решени предмети, а коефициентот **B** на некој начин кажува колкав удел има секој службеник во бројот на решени предмети. Новитет е коефициентот **C** кој укажува колкав удел во бројот на решени предмети има вкупниот број на предмети во работа.

Ова е единствениот модел кој може да даде колку-толку релевантни и веродостојни проекции за иднина. Дури и тој има проблем – бројот на податоци (претходни години) е толку мал (7 години), што моделот не успева да ги опфати варијациите кај секој од судовите и се јавуваат неизбежни ситуации кај многу судови според кои коефициентот **A** или **B** (а некаде и двата) имаат негативни вредности. Ова во реалност би значело дека судиите или службениците имаат негативен (!) ефект врз бројот на решени предмети, што не е многу реално. Можно е некаде тоа навистина да е случај (суд пренатрупан со персонал не работи ефикасно), но многу пореално е дека бројот на решени предмети зависи од многу други невидливи фактори кои ги немаме како податоци.

---

27 Линеарен модел: Линеарна регресија

Според тоа, излегува дека нашиот модел е преедноставен и затоа некаде резултира со негативни коефициенти. Проблемот е што посложени модели (комбинирање на $\mathbf{x_1}$ и $\mathbf{x_2}$ во производ на пример) нема да ја подобри ситуацијата бидејќи имаме премалку податоци – кога има малку податоци подобро е да се оди со едноставен модел отколку да се оди со сложен модел кој гарантирано нема да даде веродостојни резултати бидејќи ќе го моделира и шумот од податоците. Но и покрај оваа едноставност, воведувањето на бројот на случаи во работа $\mathbf{x_3}$ го усидри моделот во реалноста бидејќи очигледно е дека судот и вработените во него реагираат на бројот на предмети кој го имаат за решавање и постапуваат соодветно. Затоа овој модел е најдобар со оглед на околностите.

## 3. ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ ПОДАТОЦИ КАКО ИНДИКАТОР ЗА РАБОТАТА НА СУДОТ

Но проблем тука е што при проекциите за иднина бројот на нерешени случаи останува горе-долу константен а никако не се намалува или зголемува – ова е резултат на воведувањето на $\mathbf{x_3}$ како фактор во моделот. Затоа се воведени два нови податоци во секоја табела – тие се добиени како количник помеѓу вкупниот број на решени предмети и бројот на судии (и службеници соодветно) во таа година:

$$\mathbf{K_1 = y/x_1}$$
$$\mathbf{K_2 = y/x_2}$$

, каде што за секоја година:

**со $K_1$ го означуваме бројот на решени предмети по судија;**

**со $K_2$ го означуваме бројот на решени предмети по службеник.**

На тој начин се гледа која е оптовареноста на секој поединечен вработен во судот за таа година. Тука е важно да се нагласи дека ова не е никаква официјална норма, стандард, или пресметка, и јасно е дека во реалноста работите не се така едноставни (предметите се од различна природа, службениците се со различни задачи, судиите се со различни искуства и оптоварувања, итн), но сепак **овие две вредности се квалитативен индикатор за генералната оптовареност на двата типа на персонал во судот (судии и службеници).**

Во ситуација кога нашиот модел спречува значително менување на бројот на решени и нерешени предмети во идните проекции, токму **$K_1$ и $K_2$ ни даваат неопходна информација за тоа по која цена на оптовареност судот ќе си ја одржи стапката на решавање.** Со други зборови, ако идните проекции велат дека судиите имаат зголемено оптоварување (зголемен коефициент $\mathbf{K_1}$ за разлика од неговите вредности во периодот 2014-2020), тогаш тоа значи дека судиите ќе имаат многу повеќе задолженија и оптовареност за да ја одржат стапката на решавање во иднина (слично и за службениците и коефициентот $\mathbf{K_2}$). Токму тоа е индикатор дека треба да се донесат повеќе судии (или службеници) во тој суд. Доколку пак на пример идните проекции велат дека персоналот ќе има слично или помало оптоварување $\mathbf{K_1}$ и/или $\mathbf{K_2}$ од досегашното, тогаш заклучокот за тој суд би бил дека нема потреба од вработување на нови судии или службеници бидејќи и досегашните ќе си ја одржат стапката на решавање без зголемено оптоварување.

Единствениот проблем е што, како што беше кажано погоре, кај доста од судовите се јавуваат негативни коефициенти на удел на персоналот (**A** и/или **B**). Во таквите случаи за жал не може да се каже точно **колку персонал** треба дополнително да се доведе за да се совлада приливот на нови предмети.

Како заклучок, може уште еднаш да се нагласи дека овие два новововедени параметри всушност даваат информација за оптовареноста на целиот суд како институција која ги решава предметите, и на судиите и службениците како основни двигатели на решавањето. Но нема начин во предвид да се земат поединечните детали кои се однесуваат на различноста на предметите и нивната тежина, и различноста на судиите и службениците и нивните улоги, искуства, квалитет, итн.

## ДОПОЛНИТЕЛНО

Причината заради која некои од табелите се изоставени е во тоа што бројот на податоци (претходни години) е толку мал (7 години), што моделот не секогаш успева да ги опфати варијациите кај секој од судовите. Како резултат се јавуваат ситуации кај некои судови според кои еден или двата од коефициентите **A** (удел на судии во број на решени предмети) или **B** (удел на помошници во број на решени предмети) имаат негативни вредности. Ова во реалност би значело дека судиите или службениците имаат негативен (!) ефект врз бројот на решени предмети, што не е многу реално. Можно е некаде тоа навистина да е случај (суд презаситен со персонал не работи ефикасно), но многу пореално е дека бројот на решени предмети зависи од многу други невидливи фактори кои ги немаме како податоци.

Овој проблем, предизвикан од малиот број на податоци, ќе беше уште почест доколку не се воведеше и вкупниот број на предмети во работа како фактор и доколку не се воведоа просечниот број на решени предмети по судија и по службеник како фактори. На овој начин, се избегнаа многу такви ситуации и се доби модел и конкретни вредности кои се квалитативни индикатори за генералната оптовареност на двата типа на персонал во судот.

# МЕРЕЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО ЧЕТИРИТЕ АПЕЛАЦИСКИ ПОДРАЧЈА

## 1. Апелациско подрачје Битола

### 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

#### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Основниот суд Битола целокупната евиденција на предметите, вклучително и ненормираните, се води преку АКМИС системот.

Основниот суд Битола во периодот 2017 - 2020 година претежно успешно се справувал со приливот на предмети. Приливот на нови предмети не бил совладан во 2019 година кога судот го зголемил заостатокот за 554 предмети. Основен суд Битола бил забележан и како неажурен суд и во 2020 година.

За обемот на работа и приливот на предмети Основниот суд Битола редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Битола редовно донесува годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

#### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата на ОС Битола се одвива во два оддела и тоа граѓанскиот и кривичниот оддел.

Бројот на судии во 2020 изнесувал 19, од кои еден е претседател на суд кој постапува по предмети само во рамките на судската управа. Десет од судиите судат во граѓанска материја, додека 8 судии во кривична. Согласно податоците од судот, во ОС Битола не се ангажирани судии поротници.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС БИТОЛА

| Основен суд Битола | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 |
| Број на судски службеници | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 | 77 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 3778 | 3173 | 3024 | 3578 | 3702 | 3516 | 3517 | 3517 | 3517 |
| Новопримени предмети | 21460 | 22410 | 21654 | 19725 | 22457 | 22457 | 22457 | 22457 | 22457 |
| Погрешно заведени | 17 | 15 | 13 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 25221 | 27164 | 24665 | 23290 | 26159 | 25973 | 25974 | 25974 | 25974 |
| Вкупно решени предмети | 22048 | 22544 | 21087 | 19588 | 22643 | 22456 | 22457 | 22457 | 22457 |
| Решени предмети по судија | 1160 | 1187 | 1110 | 1031 | 1192 | 1182 | 1182 | 1182 | 1182 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.29 | 1.26 | 1.35 | 1.45 | 1.26 | 1.27 | 1.27 | 1.27 | 1.27 |
| Решени предмети по службеник | 220.5 | 214.7 | 198.9 | 183.1 | 211.6 | 209.9 | 209.9 | 209.9 | 209.9 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 6.80 | 6.99 | 7.54 | 8.19 | 7.09 | 7.15 | 7.15 | 7.15 | 7.15 |
| Нерешени предмети | 3173 | 3024 | 3578 | 3702 | 3516 | 3517 | 3517 | 3517 | 3517 |
| Стапка на решавање | 0.87 | 0.83 | 0.85 | 0.84 | 0.87 | 0.86 | 0.86 | 0.86 | 0.86 |
| Процент на решени предмети | 87% | 83% | 85% | 84% | 87% | 86% | 86% | 86% | 86% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.87 | 0.83 | 0.98 | 1.01 | 0.96 | 0.96 | 0.96 | 0.96 | 0.96 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 53 | 49 | 62 | 69 | 57 | 57 | 57 | 57 | 57 |

Извор: доставени податоци од ОС Битола и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Битола за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Битола во изминатите години по предмети постапувале 19 судии а судот го опслужуваат 77 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Крушево изнесува 4,0 што е речиси еднаков со просекот на персонал во судовите на државите членки на Советот на Европа.

При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Битола не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Битола се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, но и благо да го зголемува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 25.973 и 26.159 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи околу 22.500 предмети. ОС Битола во периодот 2021-2025 е предвидено да ја задржи стапката на решавање во износ од 0,86 и да го задржи процентот на решени предмети на 86%, со што ќе се намали стапката на нерешени предмети во износ од 0,96.

| Основен суд Битола | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 |
| Број на судски службеници | 77 | 77 | 77 | 77 | 119 | 119 | 119 | 119 | 119 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 3778 | 3173 | 3024 | 3578 | 3702 | 3021 | 3025 | 3025 | 3025 |
| Новопримени предмети | 21460 | 22410 | 21654 | 19725 | 22457 | 22457 | 22457 | 22457 | 22457 |
| Погрешно заведени | 17 | 15 | 13 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 25221 | 27164 | 24665 | 23290 | 26159 | 25478 | 25482 | 25482 | 25482 |
| Вкупно решени предмети | 22048 | 22544 | 21087 | 19588 | 23138 | 22453 | 22457 | 22457 | 22457 |
| Решени предмети по судија | 1160 | 1187 | 1110 | 1031 | 1218 | 1182 | 1182 | 1182 | 1182 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.29 | 1.26 | 1.35 | 1.45 | 1.23 | 1.27 | 1.27 | 1.27 | 1.27 |
| Решени предмети по службеник | 220.5 | 214.7 | 198.9 | 183.1 | 194.4 | 188.7 | 188.7 | 188.7 | 188.7 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 6.80 | 6.99 | 7.54 | 8.19 | 7.71 | 7.95 | 7.95 | 7.95 | 7.95 |
| Нерешени предмети | 3173 | 3024 | 3578 | 3702 | 3021 | 3025 | 3025 | 3025 | 3025 |
| Стапка на решавање | 0.87 | 0.83 | 0.85 | 0.84 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 |
| Процент на решени предмети | 87% | 83% | 85% | 84% | 88% | 88% | 88% | 88% | 88% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.87 | 0.83 | 0.98 | 1.01 | 0.83 | 0.83 | 0.83 | 0.83 | 0.83 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 53 | 49 | 62 | 69 | 48 | 49 | 49 | 49 | 49 |

Извор: доставени податоци од ОС Битола и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Битола за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со целосно исполнета систематизација на работните места. Доколку се исполни предвидениот број на судска служба, и тој изнесува 119, за ОС Битола се предвидува намалување на оптовареноста на судиите. Бројот на нерешените предмети се очекува да стагнира, но судиите полесно би го достигнувале приливот на предмети. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би се задржале на 0,94, односно 94%, додека стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,05.

## 1.2. Основен суд Крушево

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Предметите во работа во Основниот суд Крушево целосно се евидентираат во АКМИС системот.

Основниот суд Крушево во периодот од 2017 до 2020 година најчесто успешно се справувал со тековниот прилив на предмети. Единствено во 2017 година судот имал вкупно во работа 1.582 предмети, а решил 1.419 предмети, со што бил оценет како неажурен суд.

За обемот на работа и приливот на предмети Основниот суд Крушево редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Крушево редовно донесува Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во овој суд не се формирани специјализирани судски оддели, а како суд со основна надлежност, начинот на организација се одвива преку формирање на одделенија и отсеци во составот на одделението (пр. Кривично одделение, отсек за прекршоци, граѓанско одделение). За тоа се изготвува Годишен план за распоред на работа на судиите по одредени уписници.

Во судот по предмети постапуваат двајца судии, еден во граѓанска и еден во кривична материја. Во судот константно се делегираат судии на годишно ниво од судовите од апелациското подрачје поради пензинирањето на судиите избрани за ОС Крушево. Во судот се ангажирани и пет судии поротници.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС КРУШЕВО

| Основен суд Крушево | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Број на судски службеници | 16 | 16 | 16 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 190 | 163 | 207 | 194 | 241 | 213 | 211 | 211 | 211 |
| Новопримени предмети | 1392 | 1704 | 1581 | 1526 | 1673 | 1673 | 1673 | 1673 | 1673 |
| Погрешно заведени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 1582 | 1867 | 1788 | 1726 | 1914 | 1886 | 1884 | 1884 | 1884 |
| Вкупно решени предмети | 1419 | 1660 | 1594 | 1485 | 1701 | 1675 | 1673 | 1673 | 1673 |
| Решени предмети по судија | 473 | 830 | 797 | 742 | 850 | 837 | 836 | 836 | 836 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 3.17 | 1.81 | 0.94 | 1.01 | 0.89 | 0.90 | 0.90 | 0.90 | 0.90 |
| Решени предмети по службеник | 88.69 | 103.8 | 99.63 | 99 | 113.4 | 111.7 | 111.5 | 111.5 | 111.5 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 16.91 | 14.46 | 15.06 | 15.15 | 13.31 | 13.44 | 13.45 | 13.45 | 13.45 |
| Нерешени предмети | 163 | 207 | 194 | 241 | 213 | 211 | 211 | 211 | 211 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.89 | 0.89 | 0.86 | 0.89 | 0.89 | 0.89 | 0.89 | 0.89 |
| Процент на решени предмети | 90% | 89% | 89% | 86% | 89% | 89% | 89% | 89% | 89% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.04 | 0.06 | 0.05 | 0.07 | 0.06 | 0.06 | 0.06 | 0.06 | 0.06 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 42 | 46 | 44 | 59 | 46 | 46 | 46 | 46 | 46 |

Извор: доставени податоци од ОС Крушево и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Крушево за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Крушево во изминатите години по предмети постапувале 2 судии а судот го опслужуваат 15 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Крушево изнесува 7,5 што е за 3,6 поголем од стандардите за персонал во судовите на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Крушево не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Крушево се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, но и благо да го зголемува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 1.884 и 1.914 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 936 - 850 предмети. ОС Крушево во периодот 2021-2025 е предвидено да ја задржи стапката на решавање во износ од 0,89 и да го задржи процентот на решени предмети на 89%, со што ќе се зголеми стапката на нерешени предмети во износ од 0,06.

| Основен суд Крушево | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Број на судски службеници | 16 | 16 | 16 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 190 | 163 | 207 | 194 | 241 | 202 | 200 | 200 | 200 |
| Новопримени предмети | 1392 | 1704 | 1581 | 1526 | 1673 | 1673 | 1673 | 1673 | 1673 |
| Погрешно заведени | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 1582 | 1867 | 1788 | 1726 | 1914 | 1875 | 1873 | 1873 | 1873 |
| Вкупно решени предмети | 1419 | 1660 | 1594 | 1485 | 1712 | 1675 | 1673 | 1673 | 1673 |
| Решени предмети по судија | 473 | 830 | 797 | 742.5 | 570.7 | 558.3 | 557.7 | 557.7 | 557.7 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 3.17 | 1.81 | 0.94 | 1.01 | 2.63 | 2.69 | 2.69 | 2.69 | 2.69 |
| Решени предмети по службеник | 88.69 | 103.8 | 99.63 | 99 | 114.1 | 111.7 | 111.5 | 111.5 | 111.5 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 16.91 | 14.46 | 15.06 | 15.15 | 13.14 | 13.43 | 13.45 | 13.45 | 13.45 |
| Нерешени предмети | 163 | 207 | 194 | 241 | 202 | 200 | 200 | 200 | 200 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.89 | 0.89 | 0.86 | 0.89 | 0.89 | 0.89 | 0.89 | 0.89 |
| Процент на решени предмети | 90% | 89% | 89% | 86% | 89% | 89% | 89% | 89% | 89% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.04 | 0.06 | 0.05 | 0.07 | 0.06 | 0.05 | 0.05 | 0.05 | 0.05 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 42 | 46 | 44 | 59 | 43 | 44 | 44 | 44 | 44 |

Извор: доставени податоци од ОС Крушево и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Крушево за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ. Доколку се исполни предвидениот број на судии, односно во ОС Крушево се прими уште еден судија во работа, а со задржување на истиот број на судска служба, за ОС Крушево се предвидува намалување на оптовареноста на судиите. Бројот на нерешените предмети се очекува да стагнира, но судиите полесно би го достигнувале приливот на предмети. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би се задржале на 0,94, односно 94%, додека стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,05.

# 1.3. Основен суд Охрид

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Основниот суд Охрид, целокупната евиденција за предметите во работа ја води во квартални извештаи во кои има образец за евидентирање на ненормираните предмети.

Во периодот од 2017 до 2020 година, ОС Охрид бил оценет како ефикасен и ажурен во 2017 година, кога успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот за 816 предмети, и во 2020 година.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Охрид редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет. Годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот за 2021 година е донесен и јавно е објавен.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата во ОС Охрид е организирана во два оддела – граѓански и кривичен оддел. Во Годишниот распоред на работа за распределба на судските оддели и бројот на судии за 2020 година во граѓанскиот оддел суделе 8 судии а во кривичниот оддел суделе 7 судии во кои не се вбројува претседателот на судот од причина што истиот е судија кој доаѓа од суд од со повисока инстанциона надлежност. Во последните четири години бил забележан зголемен обем на работа во судот и бил делегиран судија од Основниот суд Струга. Бројот на судии поротници во ОС Охрид изнесува 10.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ОХРИД

| Основен суд Охрид | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 18 | 16 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| Број на судски службеници | 74 | 71 | 70 | 73 | 73 | 73 | 73 | 73 | 73 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 4058 | 3242 | 4125 | 4247 | 4076 | 5312 | 6036 | 6460 | 6708 |
| Новопримени предмети | 14896 | 15895 | 14198 | 11800 | 15640 | 15640 | 15640 | 15640 | 15640 |
| Погрешно заведени | 17 | 6 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 18939 | 19131 | 18319 | 16362 | 19716 | 20952 | 21676 | 22100 | 22348 |
| Вкупно решени предмети | 15697 | 15006 | 14072 | 12286 | 14404 | 14916 | 15216 | 15392 | 15494 |
| Решени предмети по судија | 872.1 | 937.9 | 938.1 | 819.1 | 960.3 | 994.4 | 1014 | 1026 | 1033 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.72 | 1.60 | 1.60 | 1.83 | 1.56 | 1.51 | 1.48 | 1.46 | 1.45 |
| Решени предмети по службеник | 212 | 211 | 201 | 168 | 197 | 204 | 208 | 210 | 212 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 7.07 | 7.10 | 7.46 | 8.91 | 7.60 | 7.34 | 7.20 | 7.11 | 7.07 |
| Нерешени предмети | 3242 | 4125 | 4247 | 4076 | 5312 | 6036 | 6460 | 6708 | 6854 |
| Стапка на решавање | 0.83 | 0.78 | 0.77 | 0.75 | 0.73 | 0.71 | 0.70 | 0.70 | 0.69 |
| Процент на решени предмети | 83% | 78% | 77% | 75% | 73% | 71% | 70% | 70% | 69% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.89 | 1.13 | 1.16 | 1.12 | 1.45 | 1.65 | 1.77 | 1.84 | 1.88 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 75 | 100 | 110 | 121 | 135 | 148 | 155 | 159 | 161 |

Извор: доставени податоци од ОС Охрид и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Охрид за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Охрид во изминатите години по предмети постапувале 15 судии а судот го опслужуваат 73 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Охрид изнесува 4,8 што е за 0,9 поголем од просекот за судски персонал во судовите на земјите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Охрид не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа во судот и во наредните 5 години, ОС Охрид се очекува да се соочи со проблеми при исполнување на ефикасноста, односно при достигнување на приливот на предмети, но и да го зголемува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 19.716 и 22.348 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 212 - 197 предмети. ОС Охрид во периодот 2021-2025 е предвидено да ја намали стапката на решавање во износ од 0,70 и да го задржи процентот на решени предмети на 70%, со што ќе се зголеми стапката на нерешени предмети во износ помеѓу 1,45 – 1,88.

| Основен суд Охрид | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 18 | 16 | 15 | 15 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| Број на судски службеници | 74 | 71 | 70 | 73 | 73 | 73 | 73 | 73 | 73 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 4058 | 3242 | 4125 | 4247 | 4076 | 3763 | 3580 | 3473 | 3410 |
| Новопримени предмети | 14896 | 15895 | 14198 | 11800 | 15640 | 15640 | 15640 | 15640 | 15640 |
| Погрешно заведени | 17 | 6 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 18939 | 19131 | 18319 | 16362 | 19716 | 19403 | 19220 | 19113 | 19050 |
| Вкупно решени предмети | 15697 | 15006 | 14072 | 12286 | 15953 | 15823 | 15747 | 15703 | 15677 |
| Решени предмети по судија | 872.1 | 937.9 | 938.1 | 819.1 | 886.3 | 879.1 | 874.8 | 872.4 | 870.9 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.72 | 1.60 | 1.60 | 1.83 | 1.69 | 1.71 | 1.71 | 1.72 | 1.72 |
| Решени предмети по службеник | 212.1 | 211.4 | 201 | 168.3 | 218.5 | 216.8 | 215.7 | 215.1 | 214.8 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 7.07 | 7.10 | 7.46 | 8.91 | 6.86 | 6.92 | 6.95 | 6.97 | 6.98 |
| Нерешени предмети | 3242 | 4125 | 4247 | 4076 | 3763 | 3580 | 3473 | 3410 | 3373 |
| Стапка на решавање | 0.83 | 0.78 | 0.77 | 0.75 | 0.81 | 0.82 | 0.82 | 0.82 | 0.82 |
| Процент на решени предмети | 83% | 78% | 77% | 75% | 81% | 82% | 82% | 82% | 82% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.89 | 1.13 | 1.16 | 1.12 | 1.03 | 0.98 | 0.95 | 0.93 | 0.92 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 75 | 100 | 110 | 121 | 86 | 83 | 81 | 79 | 79 |

Извор: доставени податоци од ОС Охрид и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Охрид за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ. Доколку се исполни предвидениот број на судии, односно во судот се прими уште тројца судии во работа, а со задржување на истиот број на судска служба, за ОС Охрид се предвидува намалување на оптовареноста на судиите. Бројот на нерешените предмети се очекува да стагнира, но судиите полесно би го достигнувале приливот на предмети. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би се задржале на 0,94, односно 94%, додека стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,05.

# 1.4. Основен суд Прилеп

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденцијата на предметите по кои Основниот суд Прилеп постапува се води во евидентни книги во АКМИС системот.

Во периодот од 2017 до 2020 година, единствено во 2017та година Основниот суд Прилеп успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 449 предмети, поради што бил оценет како ефикасен и ажурен суд. Во останатите години судот бил оценет како неажурен суд од страна на ССРСМ поради зголемување на бројот на нерешени предмети во годината.

За обемот на работа и приливот на предмети Основниот суд Прилеп редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во судот е донесен Годишен план за 2021 година (како и за сите години претходно) за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата во ОС Прилеп е организирана во граѓански и кривичен оддел. Работата во судечките оддели согласно Годишниот распоред на работа ја вршат шест судии во кривичниот оддел и шест судии во граѓанскиот оддел. Од ОС Прилеп во текот на 2018 и 2019 година имало еден судија делегиран во ОС Крушево, а во периодот 2019-2020 година уште еден судија бил делегиран исто во ОС Крушево. Во изминатите 4 години судот не примил времено упатен или делегиран судија од основните судови од апелациското подрачје или од повисок суд.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ПРИЛЕП

| Основен суд Прилеп | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 15 | 14 | 14 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 |
| Број на судска администрација | 85 | 79 | 79 | 79 | 79 | 79 | 79 | 79 | 79 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 3260 | 2811 | 2863 | 3293 | 4876 | 5525 | 5841 | 5995 | 6071 |
| Новопримени предмети | 16285 | 17956 | 18309 | 16952 | 18925 | 18925 | 18925 | 18925 | 18925 |
| Погрешно заведени | 2 | 5 | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 19543 | 20726 | 21169 | 20382 | 23801 | 24450 | 24766 | 24920 | 24996 |
| Вкупно решени предмети | 16732 | 17899 | 17876 | 15506 | 18276 | 18609 | 18771 | 18849 | 18888 |
| Решени предмети по судија | 1115 | 1279 | 1277 | 1193 | 1406 | 1431 | 1444 | 1450 | 1453 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.34 | 1.17 | 1.17 | 1.26 | 1.07 | 1.05 | 1.04 | 1.03 | 1.03 |
| Решени предмети по службеник | 196.8 | 226.6 | 226.3 | 196.3 | 231.3 | 235.6 | 237.6 | 238.6 | 239.1 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 7.62 | 6.62 | 6.63 | 7.64 | 6.48 | 6.37 | 6.31 | 6.29 | 6.27 |
| Нерешени предмети | 2811 | 2863 | 3293 | 4876 | 5525 | 5841 | 5995 | 6071 | 6108 |
| Стапка на решавање | 0.86 | 0.86 | 0.84 | 0.76 | 0.77 | 0.76 | 0.76 | 0.76 | 0.76 |
| Процент на решени предмети | 86% | 86% | 84% | 76% | 77% | 76% | 76% | 76% | 76% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.77 | 0.78 | 0.90 | 1.34 | 1.51 | 1.60 | 1.64 | 1.66 | 1.67 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 61 | 58 | 67 | 115 | 110 | 115 | 117 | 118 | 118 |

Извор: доставени податоци од ОС Прилеп и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Прилеп за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Прилеп во изминатите години по предмети постапувале 13 судии а судот го опслужуваат 79 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Прилеп изнесува 6,0 што е за 2,1 поголем од просекот за персонал во судовите на државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Прилеп не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа во судот и во наредните 5 години, ОС Прилеп се очекува да се соочи со проблеми при исполнување на ефикасноста, односно при достигнување на приливот на предмети, но и да го зголемува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 23.801 и 24.996 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 18.276 – 18.888 предмети. ОС Прилеп во периодот 2021-2025 е предвидено да ја намали стапката на решавање во износ од 0,76 и да го задржи процентот на решени предмети на 76%, со што ќе се зголеми стапката на нерешени предмети во износ помеѓу 1,51 – 1,67.

| Основен суд Прилеп | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 15 | 14 | 14 | 13 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| Број на судска администрација | 85 | 79 | 79 | 79 | 113 | 113 | 113 | 113 | 113 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 3260 | 2811 | 2863 | 3293 | 4876 | 3089 | 2218 | 1793 | 1586 |
| Новопримени предмети | 16285 | 17956 | 18309 | 16952 | 18925 | 18925 | 18925 | 18925 | 18925 |
| Погрешно заведени | 2 | 5 | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 19543 | 20726 | 21169 | 20382 | 23801 | 22014 | 21143 | 20718 | 20511 |
| Вкупно решени предмети | 16732 | 17899 | 17876 | 15506 | 20712 | 19796 | 19350 | 19132 | 19026 |
| Решени предмети по судија | 1115 | 1279 | 1277 | 1193 | 1151 | 1100 | 1075 | 1063 | 1057 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.34 | 1.17 | 1.17 | 1.26 | 1.30 | 1.36 | 1.40 | 1.41 | 1.42 |
| Решени предмети по службеник | 196.8 | 226.6 | 226.3 | 196.3 | 183.3 | 175.2 | 171.2 | 169.3 | 168.4 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 7.62 | 6.62 | 6.63 | 7.64 | 8.18 | 8.56 | 8.76 | 8.86 | 8.91 |
| Нерешени предмети | 2811 | 2863 | 3293 | 4876 | 3089 | 2218 | 1793 | 1586 | 1485 |
| Стапка на решавање | 0.86 | 0.86 | 0.84 | 0.76 | 0.87 | 0.90 | 0.92 | 0.92 | 0.93 |
| Процент на решени предмети | 86% | 86% | 84% | 76% | 87% | 90% | 92% | 92% | 93% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.77 | 0.78 | 0.90 | 1.34 | 0.85 | 0.61 | 0.49 | 0.43 | 0.41 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 61 | 58 | 67 | 115 | 54 | 41 | 34 | 30 | 28 |

Извор: доставени податоци од ОС Прилеп и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Прилеп за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ и пополнет број на службеници во судот согласно Правилникот за внатрешна систематизација на судот. Доколку се исполни предвидениот број на судии, односно во судот судат 18 судии а го опслужуваат 113 службеници, за ОС Прилеп се предвидува намалување на оптовареноста и на судиите и на службениците. Бројот на нерешените предмети се очекува константно да се намалува. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би растел и достигнува 0.93, односно 93%, додека стапката на нерешени предмети би била во константно опаѓање и би изнесувала и 0,41.

# 1.5. Основен суд Ресен

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евидентирањето на новопримени предмети во ОС Ресен се врши комплетно преку АКМИС системот. Во изминатите години, Основниот суд Ресен константно успева да го совлада приливот на предмети и со тоа останува да биде континуирано оценет како ажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ. ОС Ресен редовно доставува извештаи за својата работа до надлежните органи, а има донесено Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во Основниот суд Ресен по предмети постапуваат вкупно 3 судии, а во нив се вбројува и претседателката на судот. Поради малиот број на судии, работата во судот не организирана во судски оддели.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС РЕСЕН

| Основен суд Ресен | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Број на судски службеници | 23 | 23 | 23 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 542 | 478 | 417 | 401 | 541 | 356 | 342 | 341 | 341 |
| Новопримени предмети | 3069 | 3148 | 3740 | 2833 | 3081 | 3081 | 3081 | 3081 | 3081 |
| Погрешно заведени | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 3610 | 3624 | 4157 | 3064 | 3622 | 3437 | 3423 | 3422 | 3422 |
| Вкупно решени предмети | 3132 | 3207 | 3760 | 2732 | 3266 | 3095 | 3082 | 3081 | 3081 |
| Решени предмети по судија | 1044 | 1069 | 1253 | 910.7 | 1089 | 1032 | 1027 | 1027 | 1027 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.44 | 1.40 | 1.20 | 1.65 | 1.38 | 1.45 | 1.46 | 1.46 | 1.46 |
| Решени предмети по службеник | 136.2 | 139.4 | 163.5 | 130.1 | 155.5 | 147.4 | 146.8 | 146.7 | 146.7 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 11.02 | 10.76 | 9.18 | 11.53 | 9.64 | 10.18 | 10.22 | 10.22 | 10.22 |
| Нерешени предмети | 478 | 417 | 397 | 541 | 356 | 342 | 341 | 341 | 341 |
| Стапка на решавање | 0.87 | 0.88 | 0.90 | 0.89 | 0.90 | 0.90 | 0.90 | 0.90 | 0.90 |
| Процент на решени предмети | 87% | 88% | 90% | 89% | 90% | 90% | 90% | 90% | 90% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.13 | 0.11 | 0.11 | 0.15 | 0.10 | 0.09 | 0.09 | 0.09 | 0.09 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 56 | 47 | 39 | 72 | 40 | 40 | 40 | 40 | 40 |

Извор: доставени податоци од ОС Ресен и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Ресен за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Ресен во изминатите години по предмети константно постапуваат 3 судии, додека судот го опслужуваат 21 судски службеник. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Ресен изнесува 7,0 што е за 3,1 поголем од просекот за судски персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Ресен честопати успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа во судот и во наредните 5 години, ОС Ресен се очекува да го достигнува приливот на предмети и минимално да го намалува заостатокот на нерешени предмети.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 3.422 и 3.622 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 3.081 – 3.266 предмети. ОС Ресен во периодот 2021-2025 е предвидено минимално да ја зголеми стапката на решавање на предметите и таа ќе достигне максимум од 0,90, односно процентот на решени предмети ќе изнесува 90%. Стапката а нерешени предмети пак се очекува да се намалува и да изнесува 0,09.

| Основен суд Ресен | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Број на судски службеници | 23 | 23 | 23 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 542 | 478 | 417 | 401 | 541 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Новопримени предмети | 3069 | 3148 | 3740 | 2833 | 3081 | 3081 | 3081 | 3081 | 3081 |
| Погрешно заведени | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 3610 | 3624 | 4157 | 3064 | 3622 | 3081 | 3081 | 3081 | 3081 |
| Вкупно решени предмети | 3132 | 3207 | 3760 | 2732 | 3695 | 3196 | 3196 | 3196 | 3196 |
| Решени предмети по судија | 1044 | 1069 | 1253 | 910.7 | 923.8 | 799 | 799 | 799 | 799 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.44 | 1.40 | 1.20 | 1.65 | 1.62 | 1.88 | 1.88 | 1.88 | 1.88 |
| Решени предмети по службеник | 136.2 | 139.4 | 163.5 | 130.1 | 176 | 152.2 | 152.2 | 152.2 | 152.2 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 11.02 | 10.76 | 9.18 | 11.53 | 8.53 | 9.86 | 9.86 | 9.86 | 9.86 |
| Нерешени предмети | 478 | 417 | 397 | 541 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стапка на решавање | 0.87 | 0.88 | 0.90 | 0.89 | 1.02 | 1.04 | 1.04 | 1.04 | 1.04 |
| Процент на решени предмети | 87% | 88% | 90% | 89% | 102% | 104% | 104% | 104% | 104% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.13 | 0.11 | 0.11 | 0.15 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 56 | 47 | 39 | 72 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Ресен и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Ресен за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ. Доколку се исполни предвидениот број на судии, односно во судот судат 4 судии, за ОС Ресен се предвидува намалување на оптовареноста на судиите. Во вакви услови, нерешените предмети се очекува да бидат решени уште во првата година. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би растел и достигнува 1.04, односно 104%, додека стапката на нерешени предмети би била во константно опаѓање и би изнесувала и 0,00.

## 1.6. Основен суд Струга

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденцијата на предметите во ОС Струга се врши целосно преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се дел од ориентационата норма. Во изминатите години, Основниот суд Струга најчесто успева успешно да се справи со приливот на нови предмети, па единствено во 2018 и 2020 година беше забележан како неажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ. ОС Струга редовно доставува извештаи за својата работа до надлежните органи, и редовно донесува Годишен план за за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата во ОС Струга е организирана во два оддела – кривичен и граѓански додека во 2020 година во судот по предмети постапуваат вкупно 9 судии во кои се вбројува и претседателот на судот кој суди, односно постапува по предмети. Во граѓанскиот оддел постапуваат 5 судии, додека во кривичниот 4 судии.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС СТРУГА

| Основен суд Струга | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 13 | 12 | 10 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 |
| Број на судски службеници | 58 | 58 | 57 | 56 | 56 | 56 | 56 | 56 | 56 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 2444 | 1789 | 2040 | 2016 | 2696 | 1772 | 2083 | 1978 | 2014 |
| Новопримени предмети | 14358 | 14901 | 14327 | 11933 | 13448 | 13448 | 13448 | 13448 | 13448 |
| Погрешно заведени | 5 | 2 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 16797 | 16688 | 16364 | 14076 | 16144 | 15220 | 15531 | 15426 | 15462 |
| Вкупно решени предмети | 15008 | 14648 | 14411 | 11380 | 14372 | 13137 | 13553 | 13412 | 13461 |
| Решени предмети по судија | 1154 | 1221 | 1441 | 1264 | 1597 | 1460 | 1506 | 1490 | 1496 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.30 | 1.23 | 1.04 | 1.19 | 0.94 | 1.03 | 1.00 | 1.01 | 1.00 |
| Решени предмети по службеник | 258.8 | 252.6 | 252.8 | 203.2 | 256.6 | 234.6 | 242 | 239.5 | 240.4 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.80 | 5.94 | 5.93 | 7.38 | 5.84 | 6.39 | 6.20 | 6.26 | 6.24 |
| Нерешени предмети | 1789 | 2040 | 1953 | 2696 | 1772 | 2083 | 1978 | 2014 | 2001 |
| Стапка на решавање | 0.89 | 0.88 | 0.88 | 0.81 | 0.89 | 0.86 | 0.87 | 0.87 | 0.87 |
| Процент на решени предмети | 89% | 88% | 88% | 81% | 89% | 86% | 87% | 87% | 87% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.49 | 0.56 | 0.53 | 0.74 | 0.49 | 0.57 | 0.54 | 0.55 | 0.55 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 44 | 51 | 49 | 86 | 45 | 58 | 53 | 55 | 54 |

Извор: доставени податоци од ОС Струга и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Струга за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Струга во 2020 година по предмети постапувале 9 судии, а судот го опслужуваат 56 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Струга изнесува 6,2 што е за 2,3 поголем од просекот за персонал во судовите на земјите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Струга не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Струга се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, но и благо да го зголемува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 15.220 и 16.144 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 13.137 – 14.372 предмети. ОС Струга во периодот 2021-2025 е предвидено да задржи стапка на решавање во износ од 0,87 и да го одржува процент на решени предмети на 87%, со што стапката на нерешени предмети ќе варира околу 0.55.

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденцијата на предметите во ОС Гостивар се врши целосно преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се дел од ориентационата норма. Во периодот 2017 – 2020 година, Основниот суд Гостивар не секогаш успешно го достигнувал приливот на предмети, па Судскиот совет на РСМ го забележува како ажурен суд во 2018 и 2019 година. За својата работа, Основниот суд Гостивар доставува годишни извештаи до Судскиот совет, но нема донесено Годишен план за управување со движењето на предметите, што претставува законска обврска согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата во ОС Гостивар е организирана во два судечки оддели – кривичен и граѓански. Во двата оддела постапуваат по 9 судии. Вкупниот број на судии во ОС Гостивар изнесува 19, вклучувајќи го и претседателот на судот кој постапува единствено по предмети кои се дел од судската управа. Во изминатите години, поради зголемен обем на работа, кај судот не се јавила потреба за прием на судија од друг суд.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ГОСТИВАР

| Основен суд Гостивар | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 |
| Број на судски службеници | 81 | 83 | 82 | 79 | 79 | 79 | 79 | 79 | 79 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 6288 | 5614 | 5432 | 5840 | 6382 | 6706 | 6705 | 6705 | 6705 |
| Новопримени предмети | 38634 | 35064 | 30424 | 24432 | 32670 | 32670 | 32670 | 32670 | 32670 |
| Погрешно заведени | 25 | 30 | 17 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 45233 | 41110 | 36143 | 30494 | 39052 | 39376 | 39375 | 39375 | 39375 |
| Вкупно решени предмети | 39619 | 35678 | 30303 | 24113 | 32346 | 32671 | 32670 | 32670 | 32670 |
| Решени предмети по судија | 1981 | 1784 | 1515 | 1206 | 1617 | 1634 | 1634 | 1634 | 1634 |
| Решени предмети по службеник | 489.1 | 429.9 | 369.5 | 305.2 | 409.4 | 413.6 | 413.5 | 413.5 | 413.5 |
| Нерешени предмети | 5614 | 5432 | 5840 | 6382 | 6706 | 6705 | 6705 | 6705 | 6705 |
| Стапка на решавање | 0.88 | 0.87 | 0.84 | 0.79 | 0.83 | 0.83 | 0.83 | 0.83 | 0.83 |
| Процент на решени предмети | 88% | 87% | 84% | 79% | 83% | 83% | 83% | 83% | 83% |
| Стапка на нерешени предмети | 1.54 | 1.49 | 1.60 | 1.75 | 1.84 | 1.84 | 1.84 | 1.84 | 1.84 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 52 | 56 | 70 | 97 | 76 | 75 | 75 | 75 | 75 |

Извор: доставени податоци од ОС Гостивар и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Гостивар за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Гостивар во изминатите години константно судат 20 судии а судот го опслужуваат 79 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Гостивар изнесува 3,9 што е комплетно во согласност со просекот на стандардите за персонал во судовите на ниво на земјите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Гостивар не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Гостивар се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, но не и да продолжи да го намалува бројот на нерешени предмети од минатите години. Ова пред се се' должи на фактот дека судиите во ОС Гостивар се оптоварени со голем број предмети.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 39.376 и 39.052 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 32.346– 32.671 предмети, но бројот на нерешени предмети се зголемува. ОС Гостивар во периодот 2021-2025 е предвидено да достигне стапка на решавање во износ од 0,83 и да го зголеми процентот на решени предмети на 83%, со што ќе се зголеми стапка на нерешени предмети во износ од 1,84.

## 2.2. Основен суд Дебар

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденцијата на предметите во ОС Дебар се врши целосно преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се дел од ориентационата норма. Основниот суд Дебар не секогаш успешно успева да се справи со приливот на предмети. Од изминатите четири години, ОС Дебар бил забележан како ажурен суд во 2017 и 2020 година од страна на Судскиот совет на РСМ. Судот редовоно доставува извештаи за својата работа до Судскиот совет на РСМ и донесува Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот согласно обврските од Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата во ОС Дебар е организирана во граѓански и кривичен оддел. Во секој од одделите судат по 2 судии, вклучувајќи го и претседателот кој постапува по предмети во кривична материја. Во изминатите години, поради зголемен обем на работа, кај судот не се јавила потреба за прием на судија од друг суд

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ДЕБАР

| Основен суд Дебар | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Број на судски службеници | 24 | 24 | 25 | 22 | 22 | 22 | 22 | 22 | 22 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 262 | 255 | 308 | 388 | 356 | 293 | 292 | 292 | 292 |
| Новопримени предмети | 7408 | 8682 | 8419 | 8976 | 5584 | 5584 | 5584 | 5584 | 5584 |
| Погрешно заведени | 1 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 7722 | 8972 | 8780 | 9364 | 5940 | 5877 | 5876 | 5876 | 5876 |
| Вкупно решени предмети | 7467 | 8664 | 8433 | 9008 | 5647 | 5585 | 5584 | 5584 | 5584 |
| Решени предмети по судија | 1867 | 2166 | 2108 | 2252 | 1412 | 1396 | 1396 | 1396 | 1396 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.80 | 0.69 | 0.71 | 0.67 | 1.06 | 1.07 | 1.07 | 1.07 | 1.07 |
| Решени предмети по службеник | 311.1 | 361 | 337.3 | 409.5 | 256.7 | 253.9 | 253.8 | 253.8 | 253.8 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 4.82 | 4.16 | 4.45 | 3.66 | 5.84 | 5.91 | 5.91 | 5.91 | 5.91 |
| Нерешени предмети | 255 | 308 | 347 | 356 | 293 | 292 | 292 | 292 | 292 |
| Стапка на решавање | 0.97 | 0.97 | 0.96 | 0.96 | 0.95 | 0.95 | 0.95 | 0.95 | 0.95 |
| Процент на решени предмети | 97% | 97% | 96% | 96% | 95% | 95% | 95% | 95% | 95% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.07 | 0.08 | 0.10 | 0.10 | 0.08 | 0.08 | 0.08 | 0.08 | 0.08 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 12 | 13 | 15 | 14 | 19 | 19 | 19 | 19 | 19 |

Извор: доставени податоци од ОС Дебар и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Дебар за период 2021 – 2025 година, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Дебар во изминатите години константно судат 4 судии а судот го опслужуваат 22 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Дебар изнесува 5,5 што е за 1,6 поголем од стандардите за персонал во судовите на државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Дебар речиси секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Дебар се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, но и да стагнира со бројот на нерешени предмети од минатите години. Тоа се должи на фактот дека доколку останат истите услови на работа во судот, се очекува да се дојде до преоптовареност на судиите во ОС Дебар.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 5.876 и 5.940 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 5.584 – 5.647 предмети. ОС Дебар во периодот 2021-2025 е предвидено да ја намали стапката на решавање во износ од 0,95 и да го намали процентот на решени предмети на 85%, со што ќе се задржи константна стапка на нерешени предмети во износ од 0,08.

## 2.3. Основен суд Кичево

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Во Основниот суд Кичево, евиденција на сите предмети се врши согласно АКМИС системот, вклучувајќи ги и предметите кои не влегуваат во ориентациона норма, освен оставинските предмети кои се евидентираат во уписник и согласно азбучен ред се доставуваат на нотарите како поверените на судот. Основниот суд Кичево не секогаш успешно го совладува приливот на новопримени предмети, па во периодот 2017-2020 година, во 2019та и 2020та година е забележан како неажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ. За обемот на работа и приливот на предмети Основниот суд Кичево редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Кичево има донесено Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во последните четири години кои се предмет на оваа анализа, во работата на Судот не се забележани значителни проблеми со зголемен обем на работа, па така и немало потреба да се прими судија на работа од другите основни судови. Работата во судот е организирана во кривичен и граѓански оддел. Во кривичниот оддел судат 3 судии, додека во граѓанскиот 5 судии. Во судот по предмети постапуваат вкупно 8 судии вклучувајќи го и претседателот кој постапува во граѓанска материја.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС КИЧЕВО

| Основен суд Кичево | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 11 | 9 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| Број на судски службеници | 53 | 57 | 53 | 54 | 54 | 54 | 54 | 54 | 54 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1416 | 1170 | 966 | 1406 | 2051 | 1496 | 1532 | 1530 | 1530 |
| Новопримени предмети | 15381 | 14925 | 14140 | 10798 | 13409 | 13409 | 13409 | 13409 | 13409 |
| Погрешно заведени | 5 | 1 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 17073 | 16406 | 15105 | 12460 | 15460 | 14905 | 14941 | 14939 | 14939 |
| Вкупно решени предмети | 15903 | 15362 | 13733 | 10408 | 13964 | 13373 | 13411 | 13409 | 13409 |
| Решени предмети по судија | 1446 | 1707 | 1717 | 1301 | 1746 | 1672 | 1676 | 1676 | 1676 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.04 | 0.88 | 0.87 | 1.15 | 0.86 | 0.90 | 0.89 | 0.89 | 0.89 |
| Решени предмети по службеник | 300.1 | 269.5 | 259.1 | 192.7 | 258.6 | 247.6 | 248.4 | 248.3 | 248.3 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.00 | 5.57 | 5.79 | 7.78 | 5.80 | 6.06 | 6.04 | 6.04 | 6.04 |
| Нерешени предмети | 1170 | 1044 | 1372 | 2051 | 1496 | 1532 | 1530 | 1530 | 1530 |
| Стапка на решавање | 0.93 | 0.94 | 0.91 | 0.84 | 0.90 | 0.90 | 0.90 | 0.90 | 0.90 |
| Процент на решени предмети | 93% | 94% | 91% | 84% | 90% | 90% | 90% | 90% | 90% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.32 | 0.29 | 0.38 | 0.56 | 0.41 | 0.42 | 0.42 | 0.42 | 0.42 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 27 | 25 | 36 | 72 | 39 | 42 | 42 | 42 | 42 |

Извор: доставени податоци од ОС Кичево и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Кичево за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Кичево во изминатите години по предмети постапувале 8 судии а судот го опслужуваат 54 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Кичево изнесува 6,7 што е за 2,8 поголем од стандардите за персонал во судовите на земјите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Кичево не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Кичево се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, но и да го зголемува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 14.905 и 15.460 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 13.373 – 13.964 предмети. ОС Кичево во периодот 2021-2025 е предвидено да ја достигне стапката на решавање во износ од 0,90 и да го намали процентот на решени предмети на 90%, со што ќе се зголеми стапката на нерешени предмети во износ од 0,42.

| Основен суд Кичево | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 11 | 9 | 8 | 8 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 |
| Број на судски службеници | 53 | 57 | 53 | 54 | 54 | 54 | 54 | 54 | 54 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1416 | 1170 | 966 | 1406 | 2051 | 835 | 913 | 908 | 909 |
| Новопримени предмети | 15381 | 14925 | 14140 | 10798 | 13409 | 13409 | 13409 | 13409 | 13409 |
| Погрешно заведени | 5 | 1 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 17073 | 16406 | 15105 | 12460 | 15460 | 14244 | 14322 | 14317 | 14318 |
| Вкупно решени предмети | 15903 | 15362 | 13733 | 10408 | 14625 | 13331 | 13414 | 13408 | 13409 |
| Решени предмети по судија | 1446 | 1707 | 1717 | 1301 | 1125 | 1025 | 1032 | 1031 | 1031 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.04 | 0.88 | 0.87 | 1.15 | 1.72 | 1.44 | 1.46 | 1.45 | 1.45 |
| Решени предмети по службеник | 300.1 | 269.5 | 259.1 | 192.7 | 270.8 | 246.9 | 248.4 | 248.3 | 248.3 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.00 | 5.57 | 5.79 | 7.78 | 13.76 | 11.52 | 11.64 | 11.63 | 11.63 |
| Нерешени предмети | 1170 | 1044 | 1372 | 2051 | 835 | 913 | 908 | 909 | 909 |
| Стапка на решавање | 0.93 | 0.94 | 0.91 | 0.84 | 0.95 | 0.94 | 0.94 | 0.94 | 0.94 |
| Процент на решени предмети | 93% | 94% | 91% | 84% | 95% | 94% | 94% | 94% | 94% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.32 | 0.29 | 0.38 | 0.56 | 0.23 | 0.25 | 0.25 | 0.25 | 0.25 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 27 | 25 | 36 | 72 | 21 | 25 | 25 | 25 | 25 |

Извор: доставени податоци од ОС Кичево и Судски совет на РСМ

Во ова второ сценарио, односно во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Кичево за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ. Доколку се исполни предвидениот број од 13 судии, а со задржување на истиот број на судска служба, за ОС Кичево се предвидува значително намалување на оптовареноста на судиите. Бројот на нерешените предмети се очекува да падне под 1.000 предмети годишно, бидејќи судиите полесно би го достигнувале приливот на предмети. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети имаат пораст на 0,94, односно 94%, додека стапката на нерешени предмети се намалува и достигнува 0,25.

## 2.4. Основен суд Тетово

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Во Основниот суд Тетово не се води посебна евиденција за предметите кои не се дел од ориентационата норма. Основниот суд Тетово редовно во текот на анализираниот период 2017-2020 година успева да го совлада приливот на новопримени предмети и со тоа да го намали заостатокот на стари предмети, па во изминатиот период редовно бил оценуван како ажурен суд. За обемот на работа и приливот на предмети ОС Тетово редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Тетово редовно донесува годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата во ОС Тетово е организирана во два оддели - Кривичен и Граѓански Оддел. Во Кривичниот оддел е формирано Одделение за малолетници каде постапува 1 судија, Одделение за полнолетни каде постапуваат 6 судии, Одделение за прекршоци со 4 судии, Одделение за извршување на санкциите каде постапуваат 2 судии и назначен е 1 судија на претходна постапка. Во Граѓанскиот оддел, функционираат Парнично одделение со 7 судии, Вонпарнично одделение со 2 судии и Стопанско одделение каде судот 2 судии. Судот се справува со обемот на работа, па до сега не е забележана потреба од прием на судии од други судови.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ТЕТОВО

| Основен суд Тетово | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 23 | 22 | 22 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 |
| Број на судски службеници | 124 | 122 | 129 | 130 | 130 | 130 | 130 | 130 | 130 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 6352 | 4297 | 3630 | 2514 | 2736 | 3892 | 3810 | 3816 | 3816 |
| Новопримени предмети | 20089 | 20193 | 38207 | 39249 | 25657 | 25657 | 25657 | 25657 | 25657 |
| Погрешно заведени | 3 | 11 | 24 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 26438 | 25051 | 42158 | 41757 | 28393 | 29549 | 29467 | 29473 | 29473 |
| Вкупно решени предмети | 22283 | 21421 | 39548 | 39021 | 24501 | 25739 | 25651 | 25657 | 25657 |
| Решени предмети по судија | 968.8 | 973.7 | 1798 | 1697 | 1065 | 1119 | 1115 | 1116 | 1116 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.55 | 1.54 | 0.83 | 0.88 | 1.41 | 1.34 | 1.34 | 1.34 | 1.34 |
| Решени предмети по службеник | 179.7 | 175.6 | 306.6 | 300.2 | 188.5 | 198 | 197.3 | 197.4 | 197.4 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 8.35 | 8.54 | 4.89 | 5.00 | 7.96 | 7.58 | 7.60 | 7.60 | 7.60 |
| Нерешени предмети | 4155 | 3630 | 2610 | 2736 | 3892 | 3810 | 3816 | 3816 | 3816 |
| Стапка на решавање | 0.84 | 0.86 | 0.94 | 0.93 | 0.86 | 0.87 | 0.87 | 0.87 | 0.87 |
| Процент на решени предмети | 84% | 86% | 94% | 93% | 86% | 87% | 87% | 87% | 87% |
| Стапка на нерешени предмети | 1.14 | 0.99 | 0.71 | 0.75 | 1.07 | 1.04 | 1.04 | 1.04 | 1.04 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 68 | 62 | 24 | 26 | 58 | 54 | 54 | 54 | 54 |

Извор: доставени податоци од ОС Тетово и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Тетово за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Тетово во изминатите години по предмети постапувале 23 судии а судот го опслужуваат 130 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Тетово изнесува 5,6 што е за 1,7 поголем од стандардите за персонал во судовите во земјите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Тетово не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Тетово се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, но и повторно да го зголемува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 29.549 и 28.393 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 25.793 – 24.501 предмети. ОС Тетово во периодот 2021-2025 е предвидено да ја намали стапката на решавање во износ од 0,87 и да го намали процентот на решени предмети на 87%, со што ќе се зголеми стапката на нерешени предмети во износ од 1,04.

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденцијата на сите предмети во ОС Велес се врши преку АКМИС системот. Основниот суд Велес најчесто успева да го совлада приливот на новопримени предмети и со тоа да го намали заостатокот на стари предмети, па во периодот 2017-2020 година, единствено во 2019 година беше нотиран како неажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ во својот годишниот извештај.

За обемот на работа и приливот на предмети Основниот суд Велес редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Велес редовно донесува годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот. Планот содржи детална анализа на причините за заостаток на предметите и предвидува конкретни предлог – мерки за нивно надминување. Во последните четири години кои се предмет на анализа, во работата на судот не се забележани значителни проблеми со зголемен обем на работа, па така и немало потреба да се прими судија на работа од другите основни судови. Целокупната евиденција за предметите се води преку АКМИС, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата на ОС Велес е организирана во два оддела, кривичен и граѓански. Во Годишниот распоред на работа за распределба на судечките оддели и судии што го донесува Основниот суд Велес за 2020 година, во судот по предмети постапуваат 14 судии, по 7 во секој оддел. Иако во ОС Велес се всушност ангажирани 16 судии, еден судија од кривичниот оддел е времено упатен во ОС Неготино за помош при справување со обемот на работа, додека Претседателот на Основниот суд Велес постапува единствено по предмети од судската управа.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ВЕЛЕС

| Основен суд Велес | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 17 | 16 | 16 | 14 | 14 | 14 | 14 | 14 | 14 |
| Број на судски службеници | 64 | 60 | 54 | 55 | 55 | 55 | 55 | 55 | 55 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 2246 | 2112 | 2095 | 2304 | 2180 | 2171 | 2170 | 2170 | 2170 |
| Новопримени предмети | 13335 | 14763 | 16566 | 13221 | 15260 | 15260 | 15260 | 15260 | 15260 |
| Погрешно заведени | 2 | 13 | 5 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 15942 | 17097 | 18855 | 15720 | 17440 | 17431 | 17430 | 17430 | 17430 |
| Вкупно решени предмети | 13830 | 15002 | 16551 | 13540 | 15269 | 15261 | 15260 | 15260 | 15260 |
| Решени предмети по судија | 813.5 | 937.6 | 1034 | 967.1 | 1091 | 1090 | 1090 | 1090 | 1090 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1,84 | 1,60 | 1,45 | 1,55 | 1,38 | 1,38 | 1,38 | 1,38 | 1,38 |
| Решени предмети по службеник | 216.1 | 250 | 306.5 | 246.2 | 277.6 | 277.5 | 277.5 | 277.5 | 277.5 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 6.94 | 6.00 | 4.89 | 6.09 | 5.40 | 5.41 | 5.41 | 5.41 | 5.41 |
| Нерешени предмети | 2112 | 2095 | 2304 | 2180 | 2171 | 2170 | 2170 | 2170 | 2170 |
| Стапка на решавање | 0.87 | 0.88 | 0.88 | 0.86 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 |
| Процент на решени предмети | 87% | 88% | 88% | 86% | 88% | 88% | 88% | 88% | 88% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.58 | 0.57 | 0.63 | 0.60 | 0.59 | 0.59 | 0.59 | 0.59 | 0.59 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 56 | 51 | 51 | 59 | 52 | 52 | 52 | 52 | 52 |

Извор: доставени податоци од ОС Велес и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Велес за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и вкупен персонал во судот. Во ОС Велес судат 14 судии а судот го опслужуваат 55 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Велес изнесува 3,9 што е комплетно во согласност со просекот за персонал во судовите во државите членки на Совет на Европа, односно CEPEJ[28]. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Велес во изминатите 10 години успешно се справува со приливот на предмети и располага со доволни капацитети за совладување на приливот и во наредните години доколку се задржат стандардните услови за работа. Средната вредност на вкупниот број на предмети во работа варира околу 17.431 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи околу 15.260. Во овие услови на работа, се очекува Основниот суд Велес успешно да се справува со приливот на предмети во наредните 5 години. ОС Велес во периодот 2021-2025 е предвидено да достигне стапка на решавање во износ од 0,88 и да го зголеми процентот на решавање на предмети на 88%, со што ја намалува стапката на нерешени предмети на 0,59.

28 European judicial systems CEPEJ Evaluation Report, 2020 Evaluation cycle, достапно на: https://www.coe.int/en/web/cepej/special-file-publication-of-the-report-european-judicial-systems-cepej-evaluation-report-2020-evaluation-cycle-2018-data-

| Основен суд Велес | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 17 | 16 | 16 | 14 | 18 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| Број на судски службеници | 64 | 60 | 54 | 55 | 55 | 55 | 55 | 55 | 55 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 2246 | 2112 | 2095 | 2304 | 2180 | 2112 | 2105 | 2104 | 2104 |
| Новопримени предмети | 13335 | 14763 | 16566 | 13221 | 15260 | 15260 | 15260 | 15260 | 15260 |
| Погрешно заведени | 2 | 13 | 5 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 15942 | 17097 | 18855 | 15720 | 17440 | 17372 | 17365 | 17364 | 17364 |
| Вкупно решени предмети | 13830 | 15002 | 16551 | 13540 | 15328 | 15267 | 15261 | 15260 | 15260 |
| Решени предмети по судија | 813.5 | 937.6 | 1034 | 967.1 | 851.6 | 848.2 | 847.8 | 847.8 | 847.8 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.84 | 1.60 | 1.45 | 1.55 | 1.76 | 1.77 | 1.77 | 1.77 | 1.77 |
| Решени предмети по службеник | 216.1 | 250 | 306.5 | 246.2 | 278.7 | 277.6 | 277.5 | 277.5 | 277.5 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 6.94 | 6.00 | 4.89 | 6.09 | 5.38 | 5.40 | 5.41 | 5.41 | 5.41 |
| Нерешени предмети | 2112 | 2095 | 2304 | 2180 | 2112 | 2105 | 2104 | 2104 | 2104 |
| Стапка на решавање | 0.87 | 0.88 | 0.88 | 0.86 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 |
| Процент на решени предмети | 87% | 88% | 88% | 86% | 88% | 88% | 88% | 88% | 88% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.58 | 0.57 | 0.63 | 0.60 | 0.58 | 0.58 | 0.58 | 0.58 | 0.58 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 56 | 51 | 51 | 59 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 |

Извор: доставени податоци од ОС Велес и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Велес за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно систематизацијата на Судскиот совет на РСМ. Во овие услови на работа, а со задржување на истиот број на персонал, за ОС Велес се предвидува намалување на оптовареноста на судиите, додека бројот на нерешените предмети се очекува да биде во благо опаѓање. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети остануваат исти, додека стапката на нерешени предмети благо се намалува на 0,58.

## 3.2. Основен суд Гевгелија

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите во Основниот суд Гевгелија се води преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма. Во сумарните извештаи кои се изработуваат секој месец и се праќаат до Судскиот совет на РСМ, влегуваат сите предмети по сите основи по кој постапувал судот, односно остатокот од претходниот месец, новопримените предмети, вкупно во работа, решените и остатокот на нерешените предмети во тековниот месец. На квартално ниво се праќаат извештаи до Судскиот совет на РСМ каде се одвоени нормираните од ненормираните предмети. Притоа, предметите се заведуваат во соодветни уписници предвидени со Судскиот деловник, а потоа се врши контрола на движењето и на бројот на истите во АКМИС од каде се генерираат податоци за истите. Во изминатите години, со исклучок на 2018 година, ОС Гевгелија бил нотиран како неажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ, поради тоа што не успевал да го совлада приливот на новопримени предмети и притоа бил зголемен заостатокот на предметите. Сепак, интересно е дека во овој период во судот не е нотирана потреба за прием на судија од друг суд на времено упатување во ОС Гевгелија поради зголемен обем на работа на судот.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Гевгелија редовно ги објавува и доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. ОС Гевгелија има донесено годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот во согласност со Законот за управување со движењето на предметите.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во ОС Гевгелија формирани се два судски оддели во кои согласно Годишниот распоред за работа на судот за 2021 постапуваат вкупно девет судии и претседателот на судот. Важно да се напомене е дека во ОС Гевгелија судиите постапуваат по сите правни области. ОС Гевгелија донесува и Годишен распоред на работа за распределба на судечките оддели и истиот е јавно објавен во судот.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ГЕВГЕЛИЈА

| Основен суд Гевгелија | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 10 | 10 | 10 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| Број на судски службеници | 50 | 50 | 47 | 46 | 46 | 46 | 46 | 46 | 46 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 460 | 896 | 714 | 92 | 137 | 806 | 859 | 863 | 863 |
| Новопримени предмети | 8306 | 8649 | 8759 | 2483 | 9106 | 9106 | 9106 | 9106 | 9106 |
| Погрешно заведени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 8766 | 9639 | 9528 | 2568 | 9243 | 9912 | 9965 | 9969 | 9969 |
| Вкупно решени предмети | 7870 | 8925 | 8793 | 2454 | 8437 | 9053 | 9102 | 9106 | 9106 |
| Решени предмети по судија | 787 | 892.5 | 879.3 | 306.8 | 1055 | 1132 | 1138 | 1138 | 1138 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.91 | 1.68 | 1.71 | 4.89 | 1.42 | 1.33 | 1.32 | 1.32 | 1.32 |
| Решени предмети по службеник | 157.4 | 178.5 | 187.1 | 53.35 | 183.4 | 196.8 | 197.9 | 198 | 198 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.53 | 8.40 | 8.02 | 28.12 | 8.18 | 7.62 | 7.58 | 7.58 | 7.58 |
| Нерешени предмети | 896 | 714 | 735 | 137 | 806 | 859 | 863 | 863 | 863 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.93 | 0.92 | 0.96 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 |
| Процент на решени предмети | 90% | 93% | 92% | 96% | 91% | 91% | 91% | 91% | 91% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.25 | 0.20 | 0.20 | 0.04 | 0.22 | 0.24 | 0.24 | 0.24 | 0.24 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 42 | 29 | 31 | 20 | 35 | 35 | 35 | 35 | 35 |

Извор: доставени податоци од ОС Гевгелија и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Гевгелија за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Гевгелија судат 8 судии а судот го опслужуваат 46 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Гевгелија изнесува 5,7 што е за 1,8 над просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа, односно CEPEJ[29]. Сепак, при анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Гевгелија не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети, а доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Гевгелија повторно нема да го достигне приливот на предмети.

Средната вредност на вкупниот број на предмети во работа варира меѓу 9.243 и 9.969 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 8.437 – 9.106 предмети. ОС Гевгелија во периодот 2021-2025 е предвидено да ја намали својата стапка на решавање на 0,91 и да го намали процентот на решени предмети на 91%, со што ја зголемува стапката на нерешени предмети на 0,24. Очекуваното намалување на ефикасноста на судот во услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот се должи на реалната преоптовареност на судиите. Таа може да се забележи и преку проекциите на нерешени предмети на почетокот на годината, што се очекува нагло да се зголемува доколку останат истите услови за работа во судот.

| Основен суд Гевгелија | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 10 | 10 | 10 | 8 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 |
| Број на судски службеници | 50 | 50 | 47 | 46 | 46 | 46 | 46 | 46 | 46 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 460 | 896 | 714 | 92 | 137 | 237 | 245 | 246 | 246 |
| Новопримени предмети | 8306 | 8649 | 8759 | 2483 | 9106 | 9106 | 9106 | 9106 | 9106 |
| Погрешно заведени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 8766 | 9639 | 9528 | 2568 | 9243 | 9343 | 9351 | 9352 | 9352 |
| Вкупно решени предмети | 7870 | 8925 | 8793 | 2454 | 9006 | 9098 | 9105 | 9106 | 9106 |
| Решени предмети по судија | 787 | 892.5 | 879.3 | 306.8 | 692.8 | 699.8 | 700.4 | 700.5 | 700.5 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.91 | 1.68 | 1.71 | 4.89 | 2.53 | 2.17 | 2.14 | 2.14 | 2.14 |
| Решени предмети по службеник | 157.4 | 178.5 | 187.1 | 53.35 | 195.8 | 197.8 | 197.9 | 198 | 198 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.53 | 8.40 | 8.02 | 28.12 | 7.66 | 7.58 | 7.58 | 7.58 | 7.58 |
| Нерешени предмети | 896 | 714 | 735 | 137 | 237 | 245 | 246 | 246 | 246 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.93 | 0.92 | 0.96 | 0.97 | 0.97 | 0.97 | 0.97 | 0.97 |
| Процент на решени предмети | 90% | 93% | 92% | 96% | 97% | 97% | 97% | 97% | 97% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.25 | 0.20 | 0.20 | 0.04 | 0.06 | 0.07 | 0.07 | 0.07 | 0.07 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 42 | 29 | 31 | 20 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Гевгелија и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Гевгелија за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно систематизацијата на Судскиот совет на РСМ. Па така со 13 судии, а со задржување на истиот број на персонал, за ОС Гевгелија се предвидува намалување на оптовареноста на судиите. Бројот на нерешените предмети се очекува да биде во варијација од околу 237-246 предмети годишно, што е доста помал број од проекцијата согласно моменталниот број на судии. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети имаат значителен пораст на 0,97, односно 97%, додека стапката на нерешени предмети значително се намалува и достигнува 0,07.

29 European judicial systems CEPEJ Evaluation Report, 2020 Evaluation cycle, достапно на: https://www.coe.int/en/web/cepej/special-file-publication-of-the-report-european-judicial-systems-cepej-evaluation-report-2020-evaluation-cycle-2018-data-

## 3.3. Основен суд Кавадарци

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите се води преку АКМИС, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма. Основниот суд Кавадарци во изминатите четири години (2017-2020) успешно се справува со приливот на новопримени предмети и притоа речиси секоја година успева значително да го намали и заостатокот на стари предмети, со што последователно е регистриран како ажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ. Единствено во 2020 година во судот биле примени 7.835 предмети, а решени 7.786 со што е забележан како неажурен суд затоа што не го совладал годишниот прилив.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Кавадарци редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Кавадарци редовно донесува годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата во ОС Кавадарци е организирана во оддели – граѓански и кривичен. Во Годишниот распоред на работа за распределба на судечките оддели и бројот на судии што го донесува Основниот суд Кавадарци за 2020 година изнесувал 6 судии од кои во граѓанскиот и кривичниот оддел биле распределени по 3 судии, во кои се вбројува претседателот на ОС Кавадарци. Во последните четири години кои се предмет на анализа, во работата на судот не се забележани значителни проблеми со зголемен обем на работа, па така и немало потреба да се прими судија на работа од другите основни судови.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС КАВАДАРЦИ

| Основен суд Кавадарци | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 8 | 7 | 7 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Број на судски службеници | 40 | 39 | 42 | 38 | 38 | 38 | 38 | 38 | 38 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1191 | 1116 | 1062 | 904 | 976 | 829 | 836 | 836 | 836 |
| Новопримени предмети | 8613 | 9074 | 9354 | 7835 | 9179 | 9179 | 9179 | 9179 | 9179 |
| Погрешно заведени | 5 | 3 | 2 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 9881 | 10187 | 10414 | 8764 | 10155 | 10008 | 10015 | 10015 | 10015 |
| Вкупно решени предмети | 8765 | 9125 | 9503 | 7786 | 9326 | 9172 | 9179 | 9179 | 9179 |
| Решени предмети по судија | 1096 | 1304 | 1358 | 1298 | 1554 | 1529 | 1530 | 1530 | 1530 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.37 | 1.15 | 1.10 | 1.16 | 0.97 | 0.98 | 0.98 | 0.98 | 0.98 |
| Решени предмети по службеник | 219.1 | 234 | 226.3 | 204.9 | 245.4 | 241.4 | 241.6 | 241.6 | 241.6 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 6.85 | 6.41 | 6.63 | 7.32 | 6.11 | 6.21 | 6.21 | 6.21 | 6.21 |
| Нерешени предмети | 1116 | 1062 | 911 | 976 | 829 | 836 | 836 | 836 | 836 |
| Стапка на решавање | 0.89 | 0.90 | 0.91 | 0.89 | 0.92 | 0.92 | 0.92 | 0.92 | 0.92 |
| Процент на решени предмети | 89% | 90% | 91% | 89% | 92% | 92% | 92% | 92% | 92% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.31 | 0.29 | 0.25 | 0.27 | 0.23 | 0.23 | 0.23 | 0.23 | 0.23 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 46 | 42 | 35 | 46 | 32 | 33 | 33 | 33 | 33 |

Извор: доставени податоци од ОС Кавадарци и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Кавадарци за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Кавадарци во изминатата 2020 година суделе 6 судии а судот го опслужуваат 38 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Кавадарци изнесува 6,3 што е за 2,6 над просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Кавадарци најчесто успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Кавадарци се очекува повторно да го достигнува приливот на предмети.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 10.008 и 10.155 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 9.172 – 9.326 предмети. ОС Кавадарци во периодот 2021-2025 е предвидено минимално да ја зголеми својата стапка на решавање на 0,92 и да го зголеми процентот на решени предмети на 92%, со што ја намалуваа стапката на нерешени предмети на 0,23. Во овие услови на работа, се очекува Основниот суд Кавадарци успешно да се справува со приливот на предмети во наредните 5 години.

## 3.4. Основен суд Кратово

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденцијата за предметите по кои постапува ОС Кратово што влегуваат во ориентационата норма, се водат во хартиена форма преку уписници и евидентни книги, но и електронски преку АКМИС системот. Основниот суд Кратово најчесто успева да го совлада приливот на новопримени предмети и со тоа да го намали заостатокот на стари предмети, па во изминатиот период (2017-2020) во годишните извештаи на Судскиот Совет на РСМ, судот е постојано оценуван како ефикасен и ажурен суд. Единствено во 2020 година во судот биле примени 1.597 предмети, а решени 1.538 со што е забележан како неажурен суд.

За обемот на работа и приливот на предмети Основниот суд Кратово редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Кратово редовно донесува годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Согласно Годишниот распоред на работа што го донесува Основниот суд Кратово, во 2020 година во судот по предмети постапувале 3 судии во кои не се вбројува претседателот на ОС Кратово кој постапува единствено по предмети во рамки на судската управа. Работата во судот е организирана по оддели (граѓанско, кривично и прекршочно), но судиите постапуваат во сите правни области. Во последните четири години кои се предмет на анализа, во работата на судот не се забележани значителни проблеми со зголемен обем на работа, па така и немало потреба да се прими судија на работа од другите основни судови.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС КРАТОВО

| Основен суд Кратово | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Број на судски службеници | 21 | 20 | 18 | 17 | 17 | 17 | 17 | 17 | 17 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 155 | 151 | 150 | 155 | 242 | 152 | 174 | 169 | 170 |
| Новопримени предмети | 1744 | 1963 | 1873 | 1597 | 1778 | 1778 | 1778 | 1778 | 1778 |
| Погрешно заведени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 1899 | 2114 | 2023 | 1780 | 2020 | 1930 | 1952 | 1947 | 1948 |
| Вкупно решени предмети | 1748 | 1964 | 1872 | 1538 | 1868 | 1756 | 1783 | 1777 | 1778 |
| Решени предмети по судија | 582.7 | 654.7 | 624 | 512.7 | 622.7 | 585.3 | 594.3 | 592.3 | 592.7 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 2.57 | 2.29 | 2.40 | 2.93 | 2.41 | 2.56 | 2.52 | 2.53 | 2.53 |
| Решени предмети по службеник | 83.24 | 98.2 | 104 | 90.47 | 109.9 | 103.3 | 104.9 | 104.5 | 104.6 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 18.02 | 15.27 | 14.42 | 16.58 | 13.65 | 14.52 | 14.30 | 14.35 | 14.34 |
| Нерешени предмети | 151 | 150 | 151 | 242 | 152 | 174 | 169 | 170 | 170 |
| Стапка на решавање | 0.92 | 0.93 | 0.93 | 0.86 | 0.92 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 |
| Процент на решени предмети | 92% | 93% | 93% | 86% | 92% | 91% | 91% | 91% | 91% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.04 | 0.04 | 0.04 | 0.07 | 0.04 | 0.05 | 0.05 | 0.05 | 0.05 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 32 | 28 | 29 | 57 | 30 | 36 | 35 | 35 | 35 |

Извор: доставени податоци од ОС Кратово и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Кратово за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Кратово во изминатите години константно судат 3 судии а судот го опслужуваат вкупно 17 припадници на судската администрација, од кои 10 судски службеници, 1 сметководител, 1 благајник, 4 судски полицијаци и 1 хигиеничар. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Кратово изнесува 5,6 што е за 1,7 над просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Кратово не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Кратово се очекува повторно да има одредени проблеми при достигнувањето приливот на предмети.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 1.930 и 2.020 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 1.756 – 1.868 предмети. ОС Кратово во периодот 2021-2025 година е предвидено да одржува константна стапка на решавање во износ од 0,91 и да го зголеми процентот на решени предмети на 91%, со што одржува и константна стапка на нерешени предмети на 0,05.

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденцијата за предметите по кои постапува ОС Крива Паланка што влегуваат во ориентационата норма, се води преку АКМИС системот, а по нив во најголем дел постапува претседателот на судот, како дефиниран судија во тие уписници. Основниот суд Крива Паланка најчесто успева да го совлада приливот на новопримени предмети и со тоа да го намали заостатокот на стари предмети, па во изминатиот период единствено во 2018 година бил нотиран како неажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ во Годишниот извештај за 2018 година.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Крива Паланка редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Крива Паланка редовно донесува Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Согласно Годишниот распоред на работа за распределба на судечките оддели и бројот на судии што го донесува Основниот суд Крива Паланка, за 2020 година во судот постапувале вкупно 6 судии. Работата е организирана во кривичен и граѓански оддел во кои судат по 3 судии. Претседателката на судот постапува по предмети кои се дел од судската управа. Во последните четири години кои се предмет на анализа, во работата на судот не се забележани значителни проблеми со зголемен обем на работа, па така и немало потреба да биде делегиран судија на работа од друг основен суд.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС КРИВА ПАЛАНКА

| Основен суд Крива Паланка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Број на судски службеници | 29 | 27 | 25 | 28 | 28 | 28 | 28 | 28 | 28 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 652 | 649 | 1139 | 1073 | 1044 | 996 | 980 | 974 | 972 |
| Новопримени предмети | 4533 | 5378 | 4644 | 3850 | 4584 | 4584 | 4584 | 4584 | 4584 |
| Погрешно заведени | 0 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 5185 | 6027 | 5855 | 5036 | 5628 | 5580 | 5564 | 5558 | 5556 |
| Вкупно решени предмети | 4536 | 4911 | 4782 | 3992 | 4632 | 4600 | 4590 | 4586 | 4584 |
| Решени предмети по судија | 907.2 | 982.2 | 956.4 | 798.4 | 926.4 | 920 | 918 | 917.2 | 916.8 |
| Решени предмети по службеник | 156.4 | 181.9 | 191.3 | 142.6 | 165.4 | 164.3 | 163.9 | 163.8 | 163.7 |
| Нерешени предмети | 649 | 1116 | 1073 | 1044 | 996 | 980 | 974 | 972 | 972 |
| Стапка на решавање | 0.87 | 0.81 | 0.82 | 0.79 | 0.82 | 0.82 | 0.82 | 0.83 | 0.83 |
| Процент на решени предмети | 87% | 81% | 82% | 79% | 82% | 82% | 82% | 83% | 83% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.18 | 0.31 | 0.29 | 0.29 | 0.27 | 0.27 | 0.27 | 0.27 | 0.27 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 52 | 83 | 82 | 95 | 78 | 78 | 77 | 77 | 77 |

Извор: доставени податоци од ОС Крива Паланка и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Крива Паланка за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и вработените во судот. Во ОС Крива Паланка во изминатите години константно судат 5 судии а судот го опслужуваат 28 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Крива Паланка изнесува 5,6 што е за 1.7 над просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Крива Паланка најчесто успева се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Крива Паланка се очекува повторно да го достигнува приливот на предмети.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 5.580 и 5.628 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 4.584 – 4.632 предмети. ОС Крива Паланка во периодот 2021-2025 е предвидено да достигнува стапка на решавање во износ од 0,82 и 0,83 и да го зголеми процентот на решени предмети на 82%, со што ќе одржува и константна стапка на нерешени предмети во износ од 0,27.

| Основен суд Крива Паланка | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Број на судски службеници | 29 | 27 | 25 | 28 | 28 | 28 | 28 | 28 | 28 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 652 | 649 | 1139 | 1073 | 1044 | 717 | 607 | 570 | 557 |
| Новопримени предмети | 4533 | 5378 | 4644 | 3850 | 4584 | 4584 | 4584 | 4584 | 4584 |
| Погрешно заведени | 0 | 0 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 5185 | 6027 | 5855 | 5036 | 5628 | 5301 | 5191 | 5154 | 5141 |
| Вкупно решени предмети | 4536 | 4911 | 4782 | 3992 | 4911 | 4694 | 4621 | 4597 | 4588 |
| Решени предмети по судија | 907.2 | 982.2 | 956.4 | 798.4 | 818.5 | 782.3 | 770.2 | 766.2 | 764.7 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.65 | 1.53 | 1.57 | 1.88 | 2.07 | 2.00 | 1.97 | 1.97 | 1.96 |
| Решени предмети по службеник | 156.4 | 181.9 | 191.3 | 142.6 | 175.4 | 167.6 | 165 | 164.2 | 163.9 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.59 | 8.25 | 7.84 | 10.52 | 8.55 | 8.95 | 9.09 | 9.14 | 9.15 |
| Нерешени предмети | 649 | 1116 | 1073 | 1044 | 717 | 607 | 570 | 557 | 553 |
| Стапка на решавање | 0.87 | 0.81 | 0.82 | 0.79 | 0.87 | 0.89 | 0.89 | 0.89 | 0.89 |
| Процент на решени предмети | 87% | 81% | 82% | 79% | 87% | 89% | 89% | 89% | 89% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.18 | 0.31 | 0.29 | 0.29 | 0.20 | 0.17 | 0.16 | 0.15 | 0.15 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 52 | 83 | 82 | 95 | 53 | 47 | 45 | 44 | 44 |

Извор: доставени податоци од ОС Крива Паланка и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Крива Паланка за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно систематизацијата на Судскиот совет на РСМ. Согласно Одлуката, во ОС Крива Паланка е предвидено да судат 6 судии а во 2020 година по предмети постапувале 5 судии. Доколку во судот се зголеми бројот на судии за 1, со задржување на истиот број на судска служба, за ОС Крива Паланка се предвидува значително намалување на оптовареноста на судиите. Бројот на нерешените предмети се очекува да биде во константно опаѓање. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети имаат значителен пораст на 0,89, односно 89%, додека стапката на нерешени предмети значително се намалува и достигнува 0,15.

## 3.6. Основен суд Куманово

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

За сите постапувања на судот се формираат предмети заведени во АКМИС системот, во уписници или евидентни книги, вклучувајќи ги и предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма.

Основниот суд Куманово најчесто успева да го совлада приливот на новопримени предмети и со тоа да го намали заостатокот на стари предмети. Во анализираниот период (2017-2020) континуирано бил оценуван како ажурен и ефикасен суд од страна на Судскиот совет. Во изминатите четири години континуирано успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот.

За својата работа, судот доставува редовни извештаи до Судскиот совет и Министерството за правда во РСМ.  Притоа, судот секоја година носи годишен план за  управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата на судот е организирана во два оддели, граѓански и кривичен. Во граѓанскиот оддел судат 12 судии, додека во кривичниот постапуваат вкупно 10. Останатите судии се избрани на други функции, едниот е член на Судскиот совет на РСМ додека другиот е избран за претседател на ОС Куманово, и на истите им мирува судиското место. Во изминатите четири години не е ниту забележана потреба за прием на судија од друг суд поради зголемен обем на работа.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС КУМАНОВО

| Основен суд Куманово | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 29 | 26 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 | 24 |
| Број на судски службеници | 128 | 127 | 121 | 120 | 120 | 120 | 120 | 120 | 120 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 5717 | 4510 | 4583 | 3943 | 3835 | 4326 | 4382 | 4388 | 4389 |
| Новопримени предмети | 32624 | 35413 | 30355 | 28629 | 31827 | 31827 | 31827 | 31827 | 31827 |
| Погрешно заведени | 16 | 19 | 9 | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 38325 | 39904 | 35303 | 32862 | 35662 | 36153 | 36209 | 36215 | 36216 |
| Вкупно решени предмети | 33815 | 35541 | 31373 | 29027 | 31336 | 31771 | 31821 | 31826 | 31827 |
| Решени предмети по судија | 1166 | 1367 | 1307 | 1209 | 1306 | 1324 | 1326 | 1326 | 1326 |
| Решени предмети по службеник | 264.2 | 279.9 | 259.3 | 241.9 | 261.1 | 264.8 | 265.2 | 265.2 | 265.2 |
| Нерешени предмети | 4510 | 4363 | 3930 | 3835 | 4326 | 4382 | 4388 | 4389 | 4389 |
| Стапка на решавање | 0.88 | 0.89 | 0.89 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 | 0.88 |
| Процент на решени предмети | 88% | 89% | 89% | 88% | 88% | 88% | 88% | 88% | 88% |
| Стапка на нерешени предмети | 1.23 | 1.19 | 1.08 | 1.05 | 1.18 | 1.20 | 1.20 | 1.20 | 1.20 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 49 | 45 | 46 | 48 | 50 | 50 | 50 | 50 | 50 |

Извор: доставени податоци од ОС Куманово и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Куманово за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Куманово во изминатите години судат 24 судии а судот го опслужуваат 120 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Куманово изнесува 5 што е за 1,1 над просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Куманово редовно успева се справи со годишниот прилив на предмети. Сепак, доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, во ОС Куманово се очекува да се јават одредени проблеми при достигнувањето на приливот на нови предмети, поради преголемата оптовареност на судиите. Оптовареноста на судиите со предмети може да се забележи и преку проекциите на нерешени предмети на почетокот на годината, број што се очекува да се зголемува доколку останат истите услови за работа во судот.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 35.662 и 36.216 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 31.336 – 31.827 предмети. ОС Куманово во периодот 2021-2025 е предвидено да достигнува стапка на решавање во износ од 0,88 и да го задржи процентот на решени предмети на 82%, со што и благо ќе ја зголеми стапката на нерешени предмети во износ од 1,20.

## 3.7. Основен суд Неготино

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите по кои се постапува во ОС Неготино се води во АКМИС системот, во соодветно определениот уписник согласно Судскиот деловник.

Основниот суд Неготино во периодот 2017-2020 година најчесто успева да го совлада приливот на новопримени предмети и со тоа да го намали заостатокот на стари предмети, па во изминатиот период единствено во 2018 година бил нотиран како неажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ. За обемот на работа и приливот на предмети, ОС Неготино редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Неготино редовно донесува годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во ОС Неготино, еден судија постапува по кривични предмети, еден судија по прекршочни предмети, а останатите двајца судии и Претседателот на судот постапуваат во граѓански предмети. Поради непополнување на испразнетото судиско место, а притоа имајќи го предвид и обемот на работа на судот, ОС Неготино има доставено барање за делегирање на судија од друг суд. Судскиот совет на РСМ има позитивно одговорено на барањето за делегирање на дополнителен судија во ОС Неготино и има времено упатено судија од Основниот суд Велес за период од една година од 01.10.2020 година до 01.10.2021 година.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС НЕГОТИНО

| Основен суд Неготино | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Број на судски службеници | 17 | 16 | 18 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1525 | 1371 | 1395 | 1376 | 1316 | 1020 | 982 | 977 | 977 |
| Новопримени предмети | 4382 | 4762 | 4457 | 6598 | 5861 | 5861 | 5861 | 5861 | 5861 |
| Погрешно заведени | 9 | 5 | 6 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 5898 | 6163 | 5893 | 7637 | 7177 | 6881 | 6843 | 6838 | 6838 |
| Вкупно решени предмети | 4536 | 4840 | 4577 | 6683 | 6157 | 5899 | 5866 | 5861 | 5861 |
| Решени предмети по судија | 907.2 | 968 | 915.4 | 1337 | 1231 | 1180 | 1173 | 1172 | 1172 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.65 | 1.55 | 1.64 | 1.12 | 1.22 | 1.27 | 1.28 | 1.28 | 1.28 |
| Решени предмети по службеник | 266.8 | 302.5 | 254.3 | 290.6 | 267.7 | 256.5 | 255 | 254.8 | 254.8 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.62 | 4.96 | 5.90 | 5.16 | 5.60 | 5.85 | 5.88 | 5.89 | 5.89 |
| Нерешени предмети | 1362 | 1323 | 1316 | 1316 | 1020 | 982 | 977 | 977 | 977 |
| Стапка на решавање | 0.77 | 0.79 | 0.78 | 0.88 | 0.86 | 0.86 | 0.86 | 0.86 | 0.86 |
| Процент на решени предмети | 77% | 79% | 78% | 88% | 86% | 86% | 86% | 86% | 86% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.37 | 0.36 | 0.36 | 0.36 | 0.28 | 0.27 | 0.27 | 0.27 | 0.27 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 110 | 100 | 105 | 72 | 60 | 61 | 61 | 61 | 61 |

Извор: доставени податоци од ОС Неготино и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Неготино за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Неготино во изминатите години константно судат 5 судии а судот го опслужуваат 23 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Неготино изнесува 4,6 што е за 0,7 над просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. Важно е да се напомене дека од вкупниот број на судски службеници во ОС Неготино, до 2020 година судот располагал само со еден стручен соработник  од Категоријата В на поделба на судската служба, конкретно В3 судски соработник, на кој заклучно со 13 јануари 2021 година му заврши работниот однос и согласно тоа, работната позиција останува непополнета..

При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Неготино успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Неготино се очекува повторно да го достигнува приливот на предмети, но и успешно да продолжи да го намалува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 6.838 и 7.177 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 5.861 – 6.157 предмети. Дополнително, Основниот суд Неготино се очекува да продолжи да го намалува и бројот на нерешени предмети од минатите години. ОС Неготино во периодот 2021-2025 е предвидено да достигнува стапка на решавање во износ од 0,86 и да го зголеми процентот на решени предмети на 86%, со што ќе се намали стапка на нерешени предмети во износ од 0,27.

Од вака анализираните податоци може да се заклучи дека моменталниот број на судии кои постапуваат по предмети во ОС Неготино е соодветен согласно бројот на предмети во работа.

| Основен суд Неготино | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| Број на судски службеници | 17 | 16 | 18 | 23 | 61 | 61 | 61 | 61 | 61 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1525 | 1371 | 1395 | 1376 | 1316 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Новопримени предмети | 4382 | 4762 | 4457 | 6598 | 5861 | 5861 | 5861 | 5861 | 5861 |
| Погрешно заведени | 9 | 5 | 6 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 5898 | 6163 | 5893 | 7637 | 7177 | 5861 | 5861 | 5861 | 5861 |
| Вкупно решени предмети | 4536 | 4840 | 4577 | 6683 | 9769 | 8621 | 8621 | 8621 | 8621 |
| Решени предмети по судија | 907.2 | 968 | 915.4 | 1337 | 1954 | 1724 | 1724 | 1724 | 1724 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.65 | 1.55 | 1.64 | 1.12 | 0.77 | 0.87 | 0.87 | 0.87 | 0.87 |
| Решени предмети по службеник | 266.8 | 302.5 | 254.3 | 290.6 | 160.1 | 141.3 | 141.3 | 141.3 | 141.3 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.62 | 4.96 | 5.90 | 5.16 | 9.37 | 10.61 | 10.61 | 10.61 | 10.61 |
| Нерешени предмети | 1362 | 1323 | 1316 | 1316 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стапка на решавање | 0.77 | 0.79 | 0.78 | 0.88 | 1.36 | 1.47 | 1.47 | 1.47 | 1.47 |
| Процент на решени предмети | 77% | 79% | 78% | 88% | 136% | 147% | 147% | 147% | 147% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.37 | 0.36 | 0.36 | 0.36 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 110 | 100 | 105 | 72 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Неготино и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Неготино за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ и пополнети позиции за судската служба согласно Правилникот на систематизација на судот. Преку прием на судии делегирани од други основни судови, во Основниот суд Неготино постапуваат 5 судии, како што е и предвидено со Одлуката на Судскиот совет на РСМ. Во судот е предвиден 61 судски службеник, и доколку се пополни овој број се очекува ОС Неготино значително да ја подобри својата ефикасност. Бројот на нерешените предмети се очекува да биде во постојано опаѓање и да достигне 0 уште во 2022 година, бидејќи судиите полесно би го достигнувале приливот на предмети. Стапката на решавање на предмети ќе достигне 1,47, а со тоа и процентот на решени предмети ќе изнесува 147%, додека стапката на нерешени предмети ќе достигне 0,0.

## 3.8. Основен Граѓански суд Скопје

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите кои се во работа во Основниот Граѓански суд Скопје се води преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма. Во изминатите четири години, Судскиот совет на РСМ го забележува Основниот граѓански суд како ажурен суд кој секоја година успева да го совлада приливот и намали заостатокот на предмети. За својата работа, судот доставува редовни извештаи до Судскиот совет на РСМ и Министерството за правда.  Притоа, судот секоја година носи Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата на Основниот граѓански суд Скопје е организирана во четири оддели и тоа: Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови со вкупно 33 судии, од кои 4 судии постапуваат по семејни спорови; Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација, со вкупно 15 судии, и тоа 12 постапуваат по трговски спорови, а 2 од нив и по приговори против неправилности во извршувањето, и 3 судии постапуваат по стечајни предмети; Оддел за работни спорови со 10 судии и Оддел за вонпарнични и оставински предмети со 4 судии. Во изминатите 4 години во судот биле повремено примени на работа судии од други судови, но во момент на подготовка на анализата (2021) не е примен ниту еден судија од друг суд, а исто времено Основниот Граѓански суд Скопје времено не упатил судија во друг суд.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

| Основен Граѓански суд Скопје | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 68 | 65 | 64 | 64 | 64 | 64 | 64 | 64 | 64 |
| Број на судски службеници | 294 | 276 | 276 | 280 | 280 | 280 | 280 | 280 | 280 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 13877 | 11962 | 11101 | 12090 | 15213 | 12100 | 12109 | 12109 | 12109 |
| Новопримени предмети | 43524 | 46199 | 46793 | 39885 | 42075 | 42075 | 42075 | 42075 | 42075 |
| Погрешно заведени | 73 | 74 | 60 | 45 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 57328 | 58087 | 57834 | 53197 | 57288 | 54175 | 54184 | 54184 | 54184 |
| Вкупно решени предмети | 45366 | 46986 | 46701 | 37984 | 45188 | 42066 | 42075 | 42075 | 42075 |
| Решени предмети по судија | 667.1 | 722.9 | 729.7 | 593.5 | 706.1 | 657.3 | 657.4 | 657.4 | 657.4 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 2.25 | 2.08 | 2.06 | 2.53 | 2.12 | 2.28 | 2.28 | 2.28 | 2.28 |
| Решени предмети по службеник | 154.3 | 170.2 | 169.2 | 135.7 | 161.4 | 150.2 | 150.3 | 150.3 | 150.3 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.72 | 8.81 | 8.86 | 11.06 | 9.29 | 9.98 | 9.98 | 9.98 | 9.98 |
| Нерешени предмети | 11962 | 11101 | 11133 | 15213 | 12100 | 12109 | 12109 | 12109 | 12109 |
| Стапка на решавање | 0.79 | 0.81 | 0.81 | 0.71 | 0.79 | 0.78 | 0.78 | 0.78 | 0.78 |
| Процент на решени предмети | 79% | 81% | 81% | 71% | 79% | 78% | 78% | 78% | 78% |
| Стапка на нерешени предмети | 3.28 | 3.04 | 3.05 | 4.17 | 3.31 | 3.32 | 3.32 | 3.32 | 3.32 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 96 | 86 | 87 | 146 | 98 | 105 | 105 | 105 | 105 |

Извор: доставени податоци од Основен Граѓански суд Скопје и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во Основниот Граѓански суд Скопје за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во Основниот Граѓански суд Скопјево изминатите години судат 64 судии а судот го опслужуваат 280 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Скопје 2 изнесува 4,3 што е за 0,4 над просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа.

При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека Основниот Граѓански суд Скопје успешно го совладува годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, Основниот Граѓански суд Скопјесе очекува повторно да го достигнува приливот на предмети, но не и да го намалува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 54.175 и 57.288 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 42.065 – 45.188 предмети. Основниот Граѓански суд во периодот 2021-2025 е предвидено да достигнува стапка на решавање во износ од 0,78 и да го зголеми процентот на решени предмети на 78%, со што ќе се намали стапка на нерешени предмети во износ од 3,32.

| Основен Граѓански суд Скопје | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 68 | 65 | 64 | 64 | 64 | 64 | 64 | 64 | 64 |
| Број на судски службеници | 294 | 276 | 276 | 280 | 518 | 518 | 518 | 518 | 518 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 13877 | 11962 | 11101 | 12090 | 15213 | 7456 | 7480 | 7480 | 7480 |
| Новопримени предмети | 43524 | 46199 | 46793 | 39885 | 42075 | 42075 | 42075 | 42075 | 42075 |
| Погрешно заведени | 73 | 74 | 60 | 45 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 57328 | 58087 | 57834 | 53197 | 57288 | 49531 | 49555 | 49555 | 49555 |
| Вкупно решени предмети | 45366 | 46986 | 46701 | 37984 | 49832 | 42051 | 42075 | 42075 | 42075 |
| Решени предмети по судија | 667.1 | 722.9 | 729.7 | 593.5 | 778.6 | 657 | 657.4 | 657.4 | 657.4 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 2.25 | 2.08 | 2.06 | 2.53 | 1.93 | 2.28 | 2.28 | 2.28 | 2.28 |
| Решени предмети по службеник | 154.3 | 170.2 | 169.2 | 135.7 | 96.2 | 81.18 | 81.23 | 81.23 | 81.23 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.72 | 8.81 | 8.86 | 11.06 | 15.59 | 18.48 | 18.47 | 18.47 | 18.47 |
| Нерешени предмети | 11962 | 11101 | 11133 | 15213 | 7456 | 7480 | 7480 | 7480 | 7480 |
| Стапка на решавање | 0.79 | 0.81 | 0.81 | 0.71 | 0.87 | 0.85 | 0.85 | 0.85 | 0.85 |
| Процент на решени предмети | 79% | 81% | 81% | 71% | 87% | 85% | 85% | 85% | 85% |
| Стапка на нерешени предмети | 3.28 | 3.04 | 3.05 | 4.17 | 2.04 | 2.05 | 2.05 | 2.05 | 2.05 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 96 | 86 | 87 | 146 | 55 | 65 | 65 | 65 | 65 |

Извор: доставени податоци од Основен Граѓански суд Скопје и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во Основниот Граѓански суд Скопјеза период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнети позиции за судската служба согласно Правилникот на систематизација на судот.. Во судот се предвидени 518 судски службеници, и доколку се пополни овој број се очекува Основниот Граѓански суд Скопје значително да ја подобри својата ефикасност. Бројот на нерешените предмети се очекува да биде во постојано опаѓање и да достигне 7.480 уште во 2022 година, бидејќи судиите полесно би го достигнувале приливот на предмети. Стапката на решавање на предмети ќе достигне 0,85, а со тоа и процентот на решени предмети ќе изнесува 85%, додека стапката на нерешени предмети ќе се намали на 2,05.

## 3.9. Основен Кривичен суд Скопје

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите кои се во работа во Основниот Кривичен суд Скопје се води во АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма. Воедно судот изготвува Сумаран извештај со сите предмети кои влегуваат во ориентационата норма како и Сумарен извештај со предмети кои не влегуваат во ориентационата норма. Основниот Кривичен суд најчесто успева успешно да се справи со приливот на нови предмети, па во периодот 2017 – 2020 година, единствено во 2019 година судот бил забележан како неажурен од страна на Судскиот совет на РСМ.  За обемот на работа и приливот на предмети, Основниот Кривичен суд редовно доставува годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, судот редовно донесува Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата во Основниот Кривичен суд е организирана во вкупно шест оддели и одделенија и тоа за Организиран криминал каде по предмети постапуваат 9 судии, за Кривично полнолетни со вкупно 17 судии, Малолетници каде судат 2 судии, Извршување санкции повторно со 2 судии, за Претходна постапка каде постапуваат 6 судии и за Прекршоци со 13 судии.

Судот во изминатите години има примено во работа судии од основните судови од апелациското подрачје, додека на тројца судии од судот работните позиции им се во мирување.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ 1

| Основен Кривичен суд Скопје 1 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 58 | 56 | 56 | 55 | 55 | 55 | 55 | 55 | 55 |
| Број на судски службеници | 310 | 302 | 309 | 309 | 309 | 309 | 309 | 309 | 309 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 37259 | 23720 | 17482 | 21427 | 19850 | 13836 | 9503 | 6382 | 4134 |
| Новопримени предмети | 78070 | 86527 | 94534 | 80317 | 79695 | 79695 | 79695 | 79695 | 79695 |
| Погрешно заведени | 23 | 13 | 10 | 248 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 116194 | 111383 | 112639 | 101996 | 99545 | 93531 | 89198 | 86077 | 83829 |
| Вкупно решени предмети | 92475 | 93901 | 91212 | 82146 | 85709 | 84028 | 82816 | 81943 | 81314 |
| Решени предмети по судија | 1594.4 | 1676.8 | 1628.8 | 1493.6 | 1558.3 | 1527.8 | 1505.7 | 1489.9 | 1478.44 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.94 | 0.89 | 0.92 | 1.00 | 0.96 | 0.98 | 1.00 | 1.01 | 1.01 |
| Решени предмети по службеник | 298.31 | 310.93 | 295.18 | 265.84 | 277.38 | 271.94 | 268.01 | 265.19 | 263.152 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.03 | 4.82 | 5.08 | 5.64 | 5.41 | 5.52 | 5.60 | 5.66 | 5.70 |
| Нерешени предмети | 23719 | 17482 | 21427 | 19850 | 13836 | 9503 | 6382 | 4134 | 2515 |
| Стапка на решавање | 0.80 | 0.84 | 0.81 | 0.81 | 0.86 | 0.90 | 0.93 | 0.95 | 0.97 |
| Процент на решени предмети | 80% | 84% | 81% | 81% | 86% | 90% | 93% | 95% | 97% |
| Стапка на нерешени предмети | 6.49 | 4.79 | 5.87 | 5.44 | 3.79 | 2.60 | 1.75 | 1.13 | 0.69 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 94 | 68 | 86 | 88 | 59 | 41 | 28 | 18 | 11 |

Извор: доставени податоци од Основен Кривичен суд Скопје и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во Основниот Кривичен суд Скопје 1 за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во Основниот Кривичен суд во изминатите години судат 55 судии а судот го опслужуваат 280 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Скопје 1 изнесува 5 што е за 1,1 повеќе од просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Скопје 1 претежно успешно се справува со годишниот прилив на предмети и се очекува овој тренд да продолжи и во иднина. Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 83.829 и 99.545 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 81.314 – 85.709 предмети. ОС Скопје 1 во периодот 2021-2025 е предвидено да достигнува стапка на решавање во износ дури до 0,97 и да го достигне процентот на решени предмети околу 95%, со што и благо ќе ја зголеми стапката на нерешени предмети во износ од 1,75.

| Основен Кривичен суд Скопје | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 58 | 56 | 56 | 55 | 70 | 70 | 70 | 70 | 70 |
| Број на судски службеници | 310 | 302 | 309 | 309 | 615 | 615 | 615 | 615 | 615 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 37259 | 23720 | 17482 | 21427 | 19850 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Новопримени предмети | 78070 | 86527 | 94534 | 80317 | 79695 | 79695 | 79695 | 79695 | 79695 |
| Погрешно заведени | 23 | 13 | 10 | 248 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 116194 | 111383 | 112639 | 101996 | 99545 | 79695 | 79695 | 79695 | 79695 |
| Вкупно решени предмети | 92475 | 93901 | 91212 | 82146 | 155935 | 150384 | 150384 | 150384 | 150384 |
| Решени предмети по судија | 1594.4 | 1676.8 | 1628.8 | 1493.6 | 2227.6 | 2148.3 | 2148.3 | 2148.3 | 2148.34 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.94 | 0.89 | 0.92 | 1.00 | 0.67 | 0.70 | 0.70 | 0.70 | 0.70 |
| Решени предмети по службеник | 298.31 | 310.93 | 295.18 | 265.84 | 253.55 | 244.53 | 244.53 | 244.53 | 244.527 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.03 | 4.82 | 5.08 | 5.64 | 5.92 | 6.13 | 6.13 | 6.13 | 6.13 |
| Нерешени предмети | 23719 | 17482 | 21427 | 19850 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стапка на решавање | 0.80 | 0.84 | 0.81 | 0.81 | 1.57 | 1.89 | 1.89 | 1.89 | 1.89 |
| Процент на решени предмети | 80% | 84% | 81% | 81% | 157% | 189% | 189% | 189% | 189% |
| Стапка на нерешени предмети | 6.49 | 4.79 | 5.87 | 5.44 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 94 | 68 | 86 | 88 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: доставени податоци од Основен Кривичен суд Скопје и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во Основниот Кривичен суд Скопје за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со целосно исполнет број на судска служба. Согласно Систематизацијата, во Основниот Кривичен суд Скопје е предвидено да работат 615 службеници, додека во 2020 година биле ангажирани 309. Проекцијата покажува дека доколку целосно се пополни систематизацијата на Основниот Кривичен суд Скопје, се очекува значително намалување на оптовареноста на судиите. Бројот на нерешените предмети се очекува да биде во константно опаѓање. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети имаат значителен пораст на 1,95, односно 195%, додека стапката на нерешени предмети значително се намалува и достигнува 0,0.

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденција за предметите во Основниот суд Берово целосно се води преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма.

Согласно методологијата на Судскиот совет на РСМ, Основниот суд Берово во периодот 2017 – 2020 година претежно бил оценуван како ажурен суд бидејќи успешно се справувал со приливот на предмети. Единствено во 2019 година се сметал за неажурен суд од причина што не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети, а од друга страна го зголемил заостаток за 54 предмети. Заостатокот на предмети во ОС Берово пред се се евидентира поради настанатите кадровски промени во судот во изминатите 3 години. Поради пензионирање на судиите, ОС Берово прима во работа судии времено упатени од други судови, на кои им е потребно повеќе време за преземање на работата по предметите.

За обемот на работа и справувањето со приливот на предмети се доставуваат месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Берово има усвоено Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во Основниот суд Берово работата не е организирана во оддели поради малиот број на судии. Проблемите оо обемот на работа во Основниот суд Берово пред се се должат на настанатите кадровски промени во судот во изминатите 3 години. Во судот, по предмети постапуваат еден судија која е редовно избран во судот и суди предмети од граѓанска материја и претседателот на судот. Претседателот на судот е судија делегиран од Основниот суд Струмица кој постапува по предмети во кривична материја. Основиот суд Берово и во изминатите години се соочувал со недостаток на кадар поради што во судот биле делегирани судии од другите основни судови од апелациското подрачје Штип.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС БЕРОВО

| Основен суд Берово | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Број на судски службеници | 22 | 22 | 22 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 | 23 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 597 | 621 | 756 | 810 | 656 | 608 | 610 | 610 | 610 |
| Новопримени предмети | 3224 | 3526 | 3194 | 2597 | 3368 | 3368 | 3368 | 3368 | 3368 |
| Погрешно заведени | 1 | 2 | 43 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 3860 | 4193 | 3931 | 3935 | 4024 | 3976 | 3978 | 3978 | 3978 |
| Вкупно решени предмети | 3239 | 3437 | 3121 | 3282 | 3416 | 3366 | 3368 | 3368 | 3368 |
| Решени предмети по судија | 1620 | 3437 | 3121 | 1641 | 1708 | 1683 | 1684 | 1684 | 1684 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.93 | 0.44 | 0.48 | 0.91 | 0.88 | 0.89 | 0.89 | 0.89 | 0.89 |
| Решени предмети по службеник | 147.2 | 156.2 | 141.9 | 142.7 | 148.5 | 146.3 | 146.4 | 146.4 | 146.4 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 10.19 | 9.60 | 10.57 | 10.51 | 10.10 | 10.25 | 10.24 | 10.24 | 10.24 |
| Нерешени предмети | 621 | 756 | 810 | 656 | 608 | 610 | 610 | 610 | 610 |
| Стапка на решавање | 0.84 | 0.82 | 0.79 | 0.83 | 0.85 | 0.85 | 0.85 | 0.85 | 0.85 |
| Процент на решени предмети | 84% | 82% | 79% | 83% | 85% | 85% | 85% | 85% | 85% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.17 | 0.21 | 0.22 | 0.18 | 0.17 | 0.17 | 0.17 | 0.17 | 0.17 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 70 | 80 | 95 | 73 | 65 | 66 | 66 | 66 | 66 |

Извор: доставени податоци од ОС Берово и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Берово за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Берово во 2020 година по предмети постапувале 2 судии, а судот го опслужуваат 23 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Берово изнесува 11,5 што е за 7,6 поголем од просекот за персонал во судовите во земјите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Берово не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Берово се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, но и благо да го зголемува бројот на нерешени предмети од минатите години.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 3.976 и 4.024 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 3.366 – 3.416 предмети. ОС Берово во периодот 2021-2025 е предвидено да задржи стапка на решавање во износ од 0,85 и да го одржува процент на решени предмети на 85%, со што стапката на нерешени предмети би изнесувало 0,17.

| Основен суд Берово | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 2 | 1 | 1 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Број на судски службеници | 22 | 22 | 22 | 23 | 40 | 40 | 40 | 40 | 40 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 597 | 621 | 756 | 810 | 656 | 1091 | 1071 | 1072 | 1072 |
| Новопримени предмети | 3224 | 3526 | 3194 | 2597 | 3368 | 3368 | 3368 | 3368 | 3368 |
| Погрешно заведени | 1 | 2 | 43 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 3860 | 4193 | 3931 | 3935 | 4024 | 4459 | 4439 | 4440 | 4440 |
| Вкупно решени предмети | 3239 | 3437 | 3121 | 3282 | 2933 | 3388 | 3367 | 3368 | 3368 |
| Решени предмети по судија | 1620 | 3437 | 3121 | 1641 | 733.3 | 847 | 841.8 | 842 | 842 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.93 | 0.44 | 0.48 | 0.91 | 2.05 | 1.77 | 1.78 | 1.78 | 1.78 |
| Решени предмети по службеник | 147.2 | 156.2 | 141.9 | 142.7 | 73.33 | 84.7 | 84.18 | 84.2 | 84.2 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 10.19 | 9.60 | 10.57 | 10.51 | 20.46 | 17.71 | 17.82 | 17.81 | 17.81 |
| Нерешени предмети | 621 | 756 | 810 | 656 | 1091 | 1071 | 1072 | 1072 | 1072 |
| Стапка на решавање | 0.84 | 0.82 | 0.79 | 0.83 | 0.73 | 0.76 | 0.76 | 0.76 | 0.76 |
| Процент на решени предмети | 84% | 82% | 79% | 83% | 73% | 76% | 76% | 76% | 76% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.17 | 0.21 | 0.22 | 0.18 | 0.30 | 0.29 | 0.29 | 0.29 | 0.29 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 70 | 80 | 95 | 73 | 136 | 115 | 116 | 116 | 116 |

Извор: доставени податоци од ОС Берово и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Берово за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ. Доколку се исполни предвидениот број на судии, односно во судот судат 4 судии, за ОС Берово се предвидува значително намалување на оптовареноста на судиите. Во вакви услови, нерешените предмети се очекува константно да се намалуваат. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би растел и достигнува 0,76, односно 76%, додека стапката на нерешени предмети би била во константно опаѓање и би изнесувала и 0,29.

# 4.2. Основен суд Виница

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите во Основниот суд Виница се води преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма.

Според извештаите на Судскиот совет на РСМ, во периодот што е предмет на длабинска анализа (2017 – 2020 година), Основниот суд Виница претежно успешно се справувал со приливот на предмети, па единствено во 2020 година е забележан како неажурен суд.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Виница редовно ги објавува и доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Виница има донесено годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Основниот суд Виница донесува Годишен распоред на работа за распределба на судските оддели и бројот на судии. За 2020 година еден судија одлучува во граѓанскиот оддел и еден судија сметано од мај 2019 година постојано е делегиран да одлучува по предметите во кривичниот оддел. Претседателката на ОС Виница не е судечки судија бидејќи таа е избрана за судија на Апелацискиот суд Штип од каде е назначена за претседател на ОС Виница и не може да постапува по предмети во основниот суд. Важно е да се напомене дека во ОС Виница, претседателот на судот покрај претседателските работи ги врши и работите и надлежностите кои спаѓаат во описот на надлежности за администраторот на судот, но во судовите со основна надлежност овие обврски паѓаат на товар на претседателот на судот.

Согласно податоците, во последните пет години кои се предмет на анализа, во работата на судот не се забележани значителни проблеми со зголемен обем на работа, па така и немало потреба да се прими судија на работа од другите основни судови.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ВИНИЦА

| Основен суд Виница | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Број на судски службеници | 21 | 21 | 21 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 391 | 391 | 341 | 295 | 483 | 402 | 392 | 391 | 391 |
| Новопримени предмети | 3439 | 3609 | 3460 | 3153 | 3823 | 3823 | 3823 | 3823 | 3823 |
| Погрешно заведени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 3866 | 4038 | 3868 | 3467 | 4306 | 4225 | 4215 | 4214 | 4214 |
| Вкупно решени предмети | 3475 | 3697 | 3573 | 2984 | 3904 | 3833 | 3824 | 3823 | 3823 |
| Решени предмети по судија | 1738 | 1232 | 1191 | 994.7 | 1301 | 1278 | 1275 | 1274 | 1274 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.86 | 1.22 | 1.26 | 1.51 | 1.15 | 1.17 | 1.18 | 1.18 | 1.18 |
| Решени предмети по службеник | 165.5 | 176 | 170.1 | 149.2 | 195.2 | 191.7 | 191.2 | 191.2 | 191.2 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.06 | 8.52 | 8.82 | 10.05 | 7.68 | 7.83 | 7.85 | 7.85 | 7.85 |
| Нерешени предмети | 391 | 341 | 295 | 483 | 402 | 392 | 391 | 391 | 391 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.92 | 0.92 | 0.86 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 |
| Процент на решени предмети | 90% | 92% | 92% | 86% | 91% | 91% | 91% | 91% | 91% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.11 | 0.09 | 0.08 | 0.13 | 0.11 | 0.11 | 0.11 | 0.11 | 0.11 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 41 | 34 | 30 | 59 | 38 | 37 | 37 | 37 | 37 |

Извор: доставени податоци од ОС Виница и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Виница за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Виница во 2020 година по предмети постапувале 3 судии, а судот го опслужуваат 20 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници во ОС Виница изнесува 6,6 што е за 2,7 поголем од просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Виница најчесто успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Виница се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, додека бројот на нерешени предмети од минатите години се очекува да стагнира.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 4.214 и 4.306 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 3.823 – 3.904 предмети. ОС Виница во периодот 2021-2025 е предвидено да задржи стапка на решавање во износ од 0,91 и да го одржува процент на решени предмети на 91%, со што стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,11.

| Основен суд Виница | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Број на судски службеници | 21 | 21 | 20 | 21 | 37 | 37 | 37 | 37 | 37 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 391 | 391 | 341 | 295 | 483 | 319 | 299 | 297 | 296 |
| Новопримени предмети | 3439 | 3609 | 3460 | 3153 | 3823 | 3823 | 3823 | 3823 | 3823 |
| Погрешно заведени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 3866 | 4038 | 3868 | 3467 | 4306 | 4142 | 4122 | 4120 | 4119 |
| Вкупно решени предмети | 3475 | 3697 | 3573 | 2984 | 3987 | 3843 | 3825 | 3824 | 3823 |
| Решени предмети по судија | 1738 | 1232 | 1191 | 994.7 | 1329 | 1281 | 1275 | 1275 | 1274 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.86 | 1.22 | 1.26 | 1.51 | 1.13 | 1.17 | 1.18 | 1.18 | 1.18 |
| Решени предмети по службеник | 165.5 | 176 | 170.1 | 149.2 | 107.8 | 103.9 | 103.4 | 103.4 | 103.3 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.06 | 8.52 | 8.82 | 10.05 | 13.92 | 14.44 | 14.51 | 14.51 | 14.52 |
| Нерешени предмети | 391 | 341 | 295 | 483 | 319 | 299 | 297 | 296 | 296 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.92 | 0.92 | 0.86 | 0.93 | 0.93 | 0.93 | 0.93 | 0.93 |
| Процент на решени предмети | 90% | 92% | 92% | 86% | 93% | 93% | 93% | 93% | 93% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.11 | 0.09 | 0.08 | 0.13 | 0.09 | 0.08 | 0.08 | 0.08 | 0.08 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 41 | 34 | 30 | 59 | 29 | 28 | 28 | 28 | 28 |

Извор: доставени податоци од ОС Виница и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Виница за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на службеници согласно Правилникот за систематизација, ако се земе предвид дека во судот е пополнет бројот на судии согласно одлуката на Судскиот совет на РСМ. Доколку се исполни предвидениот број на службеници и тој изнесува 37, за ОС Виница се предвидува нерешените предмети благо да се намалат. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би растел и достигнува 0,93, односно 93%, додека стапката на нерешени предмети.

## 4.3. Основен суд Делчево

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите се води преку АКМИС, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма утврдена од страна на Судскиот совет на РСМ.

Од прегледот на годишните извештаи на Судски совет на РСМ, Основниот суд Делчево само во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети додека во 2018, 2019 и 2020 година го зголемил заостатокот на предметите и бил оценет како неажурен суд.

За обемот на работа и приливот на предмети согласно законската обврска се очекува дека Основниот суд Делчево доставува годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ иако за тоа од судот не беше доставен одговор на тоа прашање.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Основниот суд Делчево редовно донесува Годишен распоред за работата на судот. Поради малиот број на судии, во Основниот суд Делчево работата не е организирана во оддели. Во Годишниот распоред на работа за 2020 година во граѓанскиот и кривичниот оддел судел по еден судија, односно еден судија и претседателот на судот кој постапува по предмети.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ДЕЛЧЕВО

| Основен суд Делчево | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Број на судски службеници | 30 | 30 | 31 | 32 | 32 | 32 | 32 | 32 | 32 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 921 | 611 | 675 | 731 | 992 | 816 | 808 | 808 | 808 |
| Новопримени предмети | 4634 | 4844 | 4449 | 4616 | 4782 | 4782 | 4782 | 4782 | 4782 |
| Погрешно заведени | 1 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 5554 | 5455 | 5159 | 5416 | 5774 | 5598 | 5590 | 5590 | 5590 |
| Вкупно решени предмети | 4984 | 4780 | 4428 | 4424 | 4958 | 4790 | 4782 | 4782 | 4782 |
| Решени предмети по судија | 1661 | 2390 | 2214 | 2212 | 2479 | 2395 | 2391 | 2391 | 2391 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.90 | 0.63 | 0.68 | 0.68 | 0.61 | 0.63 | 0.63 | 0.63 | 0.63 |
| Решени предмети по службеник | 166.1 | 159.3 | 142.8 | 138.3 | 154.9 | 149.7 | 149.4 | 149.4 | 149.4 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.03 | 9.41 | 10.50 | 10.85 | 9.68 | 10.02 | 10.04 | 10.04 | 10.04 |
| Нерешени предмети | 570 | 675 | 731 | 992 | 816 | 808 | 808 | 808 | 808 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.88 | 0.86 | 0.82 | 0.86 | 0.86 | 0.86 | 0.86 | 0.86 |
| Процент на решени предмети | 90% | 88% | 86% | 82% | 86% | 86% | 86% | 86% | 86% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.16 | 0.18 | 0.20 | 0.27 | 0.22 | 0.22 | 0.22 | 0.22 | 0.22 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 42 | 52 | 60 | 82 | 60 | 62 | 62 | 62 | 62 |

Извор: доставени податоци од ОС Делчево и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Делчево за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Делчево во изминатите години по предмети постапувале 2 судии, а судот го опслужуваат 32 судски службеници. Поради малиот број на судии во ОС Делчево, соодносот на судии наспроти службеници изнесува 16 што е за 12,1 поголем од просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Делчево не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Делчево се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, додека бројот на нерешени предмети од минатите години се очекува да порасне.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 5.590 и 5.774 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 4.782 – 4.958 предмети. ОС Делчево во периодот 2021-2025 е предвидено да задржи стапка на решавање во износ од 0,91 и да го одржува процент на решени предмети на 91%, со што стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,22.

| Основен суд Делчево | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 2 | 2 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Број на судски службеници | 30 | 30 | 31 | 32 | 32 | 32 | 32 | 32 | 32 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 921 | 611 | 675 | 731 | 992 | 815 | 808 | 807 | 807 |
| Новопримени предмети | 4634 | 4844 | 4449 | 4616 | 4782 | 4782 | 4782 | 4782 | 4782 |
| Погрешно заведени | 1 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 5554 | 5455 | 5159 | 5416 | 5774 | 5597 | 5590 | 5589 | 5589 |
| Вкупно решени предмети | 4984 | 4780 | 4428 | 4424 | 4959 | 4789 | 4783 | 4782 | 4782 |
| Решени предмети по судија | 1661 | 2390 | 2214 | 2212 | 1240 | 1197 | 1196 | 1196 | 1196 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.90 | 0.63 | 0.68 | 0.68 | 1.21 | 1.25 | 1.25 | 1.25 | 1.25 |
| Решени предмети по службеник | 166.1 | 159.3 | 142.8 | 138.3 | 155 | 149.7 | 149.5 | 149.4 | 149.4 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 9.03 | 9.41 | 10.50 | 10.85 | 9.68 | 10.02 | 10.04 | 10.04 | 10.04 |
| Нерешени предмети | 570 | 675 | 731 | 992 | 815 | 808 | 807 | 807 | 807 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.88 | 0.86 | 0.82 | 0.86 | 0.86 | 0.86 | 0.86 | 0.86 |
| Процент на решени предмети | 90% | 88% | 86% | 82% | 86% | 86% | 86% | 86% | 86% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.16 | 0.18 | 0.20 | 0.27 | 0.22 | 0.22 | 0.22 | 0.22 | 0.22 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 42 | 52 | 60 | 82 | 60 | 62 | 62 | 62 | 62 |

Извор: доставени податоци од ОС Делчево и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Делчево за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ. Доколку се исполни предвидениот број на судии и тој изнесува 32, за ОС Делчево се предвидува бројот на нерешените предмети да стагнира и понатаму. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети благо би се намалувал и достигнува 0,86, односно 86%, додека стапката на нерешени предмети би била во благ пораст и би изнесувала 0,22.

## 4.4. Основен суд Кочани

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите во Основниот суд Кочани се води преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма. Согласно извештаите на Судскиот совет на РСМ, Основниот суд Кочани во 2018, 2019 и 2020 година бил категоризиран како неажурен суд, поради неможноста да го намали совлада приливот на предмети за дадените години и не успеал да го намали заостатокот на предметите.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Кочани редовно ги објавува и доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Кочани има донесено Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Согласно Годишниот распоред за работа на Основниот суд Кочани, работата во судот е организирана во 2 оддели – граѓански и кривичен. Во 2020 година по предмети постапувале 7 судии, од кои 4 во граѓанскиот и 3 во кривичниот оддел, вклучувајќи ја и претседателката на судот која суди односно постапува по предмети. Во последните пет години кои се предмет на анализа, ОС Кочани не забележал значителни проблеми со зголемен обем на работа и немало потреба да се прими судија на работа од другите основни судови. Од Основниот суд Кочани во 2020 година делегирани се 2 судии во други судови во апелациското подрачје Штип, односно во ОС Делчево и ОС Виница.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС КОЧАНИ

| Основен суд Кочани | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| Број на судски службеници | 50 | 47 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1381 | 1396 | 1852 | 2234 | 2487 | 2199 | 2120 | 2099 | 2093 |
| Новопримени предмети | 10679 | 12144 | 11627 | 9395 | 11451 | 11451 | 11451 | 11451 | 11451 |
| Погрешно заведени | 0 | 2 | 7 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 12060 | 13538 | 13472 | 11718 | 13938 | 13650 | 13571 | 13550 | 13544 |
| Вкупно решени предмети | 10664 | 11686 | 11326 | 9231 | 11739 | 11530 | 11472 | 11457 | 11453 |
| Решени предмети по судија | 1523 | 1669 | 1618 | 1319 | 1677 | 1647 | 1639 | 1637 | 1636 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.98 | 0.90 | 0.93 | 1.14 | 0.89 | 0.91 | 0.92 | 0.92 | 0.92 |
| Решени предмети по службеник | 213.3 | 248.6 | 251.7 | 205.1 | 260.9 | 256.2 | 254.9 | 254.6 | 254.5 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 7.03 | 6.03 | 5.96 | 7.31 | 5.75 | 5.85 | 5.88 | 5.89 | 5.89 |
| Нерешени предмети | 1396 | 1852 | 2146 | 2487 | 2199 | 2120 | 2099 | 2093 | 2091 |
| Стапка на решавање | 0.88 | 0.86 | 0.84 | 0.79 | 0.84 | 0.84 | 0.85 | 0.85 | 0.85 |
| Процент на решени предмети | 88% | 86% | 84% | 79% | 84% | 84% | 85% | 85% | 85% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.38 | 0.51 | 0.59 | 0.68 | 0.60 | 0.58 | 0.57 | 0.57 | 0.57 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 48 | 58 | 69 | 98 | 68 | 67 | 67 | 67 | 67 |

Извор: доставени податоци од ОС Кочани и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Кочани за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Кочани во изминатите години по предмети постапувале 7 судии, а судот го опслужуваат 45 судски службеници. Поради малиот број на судии во ОС Кочани, соодносот на судии наспроти службеници изнесува 6,4 што е за 2,5 поголем од просекот за персонал во судовите во земјите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Кочани не секогаш успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Кочани се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, додека бројот на нерешени предмети од минатите години се очекува благо да порасне.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 13.544 и 13.938 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 11.453 – 11.739 предмети. ОС Кочани во периодот 2021-2025 е предвидено да задржи стапка на решавање во износ од 0,95 и да го одржува процент на решени предмети на 85%, со што стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,57.

| Основен суд Кочани | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 7 | 7 | 7 | 7 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| Број на судски службеници | 50 | 47 | 45 | 45 | 88 | 88 | 88 | 88 | 88 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 1381 | 1396 | 1852 | 2234 | 2487 | 894 | 458 | 339 | 307 |
| Новопримени предмети | 10679 | 12144 | 11627 | 9395 | 11451 | 11451 | 11451 | 11451 | 11451 |
| Погрешно заведени | 0 | 2 | 7 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 12060 | 13538 | 13472 | 11718 | 13938 | 12345 | 11909 | 11790 | 11758 |
| Вкупно решени предмети | 10664 | 11686 | 11326 | 9231 | 13044 | 11887 | 11570 | 11483 | 11460 |
| Решени предмети по судија | 1523 | 1669 | 1618 | 1319 | 1304 | 1189 | 1157 | 1148 | 1146 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.98 | 0.90 | 0.93 | 1.14 | 1.15 | 1.26 | 1.30 | 1.31 | 1.31 |
| Решени предмети по службеник | 213.3 | 248.6 | 251.7 | 205.1 | 148.2 | 135.1 | 131.5 | 130.5 | 130.2 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 7.03 | 6.03 | 5.96 | 7.31 | 10.12 | 11.10 | 11.41 | 11.50 | 11.52 |
| Нерешени предмети | 1396 | 1852 | 2146 | 2487 | 894 | 458 | 339 | 307 | 298 |
| Стапка на решавање | 0.88 | 0.86 | 0.84 | 0.79 | 0.94 | 0.96 | 0.97 | 0.97 | 0.97 |
| Процент на решени предмети | 88% | 86% | 84% | 79% | 94% | 96% | 97% | 97% | 97% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.38 | 0.51 | 0.59 | 0.68 | 0.24 | 0.13 | 0.09 | 0.08 | 0.08 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 48 | 58 | 69 | 98 | 25 | 14 | 11 | 10 | 9 |

Извор: доставени податоци од ОС Кочани и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Кочани за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно Одлука на ССРСМ и пополнет службеници согласно Правилникот за систематизација на ОС Кочани. Доколку се исполни предвидениот број на судии тој ќе изнесува 10, додека бројот на службеници би изнесувал 88. Во овие услови за работа, во ОС Кочани се предвидува нерешените предмети константно да се намалуваат. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би растел и достигнува 0,97, односно 97%, додека стапката на нерешени предмети би паднала до 0,08.

# 4.5. Основен суд Радовиш

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Евиденцијата на предметите во ОС Радовиш се води преку евидентна книга. Основниот суд Радовиш најчесто успева да го совлада приливот на новопримени предмети и со тоа да го намали заостатокот на стари предмети, па во периодот 2017-2020 година, па единствено во 2019та година беше забележан како неажурен суд од страна на Судскиот совет на РСМ во своите годишни извештаи.

За обемот на работа и приливот на предмети Основниот суд Радовиш редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Радовиш редовно донесува годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Поради малиот број на судии, работата во судот не е организирана по оддели. Согласно Годишниот распоред на работа за распределба на судечките оддели и бројот на судии што го донесува Основниот суд Радовиш, за 2020 година во судот постапувале вкупно 4 судии вклучувајќи ја и претседателката на судот. Тие постапуваат во сите правни области , односно и по граѓански и по кривични предмети. Во последните четири години кои се предмет на анализа, во работата на судот не се забележани значителни проблеми со зголемен обем на работа, па така и немало потреба да се прими судија на работа од другите основни судови.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС РАДОВИШ

| Основен суд Радовиш | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Број на судски службеници | 30 | 30 | 31 | 32 | 32 | 32 | 32 | 32 | 32 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 482 | 369 | 362 | 574 | 601 | 546 | 543 | 543 | 543 |
| Новопримени предмети | 7138 | 7079 | 7426 | 5797 | 7606 | 7606 | 7606 | 7606 | 7606 |
| Погрешно заведени | 2 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 7705 | 7516 | 7888 | 6447 | 8207 | 8152 | 8149 | 8149 | 8149 |
| Вкупно решени предмети | 7336 | 7154 | 7304 | 5846 | 7661 | 7609 | 7606 | 7606 | 7606 |
| Решени предмети по судија | 1834 | 1789 | 1826 | 1462 | 1915 | 1902 | 1902 | 1902 | 1902 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.82 | 0.84 | 0.82 | 1.03 | 0.78 | 0.79 | 0.79 | 0.79 | 0.79 |
| Решени предмети по службеник | 244.5 | 238.5 | 235.6 | 182.7 | 239.4 | 237.8 | 237.7 | 237.7 | 237.7 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 6.13 | 6.29 | 6.37 | 8.21 | 6.27 | 6.31 | 6.31 | 6.31 | 6.31 |
| Нерешени предмети | 369 | 362 | 584 | 601 | 546 | 543 | 543 | 543 | 543 |
| Стапка на решавање | 0.95 | 0.95 | 0.93 | 0.91 | 0.93 | 0.93 | 0.93 | 0.93 | 0.93 |
| Процент на решени предмети | 95% | 95% | 93% | 91% | 93% | 93% | 93% | 93% | 93% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.10 | 0.10 | 0.16 | 0.16 | 0.15 | 0.15 | 0.15 | 0.15 | 0.15 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 18 | 18 | 29 | 38 | 26 | 26 | 26 | 26 | 26 |

Извор: доставени податоци од ОС Радовиш и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Радовиш за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Радовиш во изминатите години по предмети постапувале 4 судии, а судот го опслужуваат 32 судски службеници. Поради малиот број на судии во ОС Радовиш, соодносот на судии наспроти службеници изнесува 8 што е за двојно поголем од стандардите за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Радовиш најчесто успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Сепак, доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Радовиш се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, додека бројот на нерешени предмети од минатите години се очекува благо да порасне.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу 8.149 и 8.207 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 7.606 – 7.661 предмети. ОС Радовиш во периодот 2021-2025 е предвидено благо да ја намали стапка на решавање во износ од 0,93 и со тоа да го намали процент на решени предмети на 93%, со што стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,15.

| Основен суд Радовиш | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 4 | 4 | 4 | 4 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| Број на судски службеници | 30 | 30 | 31 | 32 | 32 | 32 | 32 | 32 | 32 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 482 | 369 | 362 | 574 | 601 | 432 | 425 | 425 | 425 |
| Новопримени предмети | 7138 | 7079 | 7426 | 5797 | 7606 | 7606 | 7606 | 7606 | 7606 |
| Погрешно заведени | 2 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 7705 | 7516 | 7888 | 6447 | 8207 | 8038 | 8031 | 8031 | 8031 |
| Вкупно решени предмети | 7336 | 7154 | 7304 | 5846 | 7775 | 7613 | 7606 | 7606 | 7606 |
| Решени предмети по судија | 1834 | 1789 | 1826 | 1462 | 1296 | 1269 | 1268 | 1268 | 1268 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 0.82 | 0.84 | 0.82 | 1.03 | 1.16 | 1.18 | 1.18 | 1.18 | 1.18 |
| Решени предмети по службеник | 244.5 | 238.5 | 235.6 | 182.7 | 243 | 237.9 | 237.7 | 237.7 | 237.7 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 6.13 | 6.29 | 6.37 | 8.21 | 6.17 | 6.31 | 6.31 | 6.31 | 6.31 |
| Нерешени предмети | 369 | 362 | 584 | 601 | 432 | 425 | 425 | 425 | 425 |
| Стапка на решавање | 0.95 | 0.95 | 0.93 | 0.91 | 0.95 | 0.95 | 0.95 | 0.95 | 0.95 |
| Процент на решени предмети | 95% | 95% | 93% | 91% | 95% | 95% | 95% | 95% | 95% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.10 | 0.10 | 0.16 | 0.16 | 0.12 | 0.12 | 0.12 | 0.12 | 0.12 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 18 | 18 | 29 | 38 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 |

Извор: доставени податоци од ОС Радовиш и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Радовиш за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно Одлука на ССРСМ. Доколку се исполни предвидениот број на судии тој ќе изнесува 6. Во овие услови за работа, во ОС Радовиш се предвидува нерешените предмети константно да се намалуваат. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би растел и достигнува 0,95, односно 95%, додека стапката на нерешени предмети би паднала до 0,12.

# 4.6. Основен суд Свети Николе

## ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Комплетната евиденцијата на предметите во ОС Свети Николе се води преку АКМИС системот. Основниот суд Свети Николе во изминатите 4 години успева да го совлада приливот на новопримени предмети и со тоа да го намали заостатокот на стари предмети. Во анализираниот период (2017-2020) континуирано бил оценуван како ажурен и ефикасен суд од страна на Судскиот совет.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Св. Николе редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет, и судот донесува годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување на застојот на движењето на предметите во судот.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во Годишниот распоред на работа за распределба на судските оддели и бројот на судии што го донесува Основниот суд Св. Николе, за 2020 година во граѓанскиот и кривичниот оддел суделе 3 судии вклучувајќи го и претседателот на судот, од кои 1 во граѓански оддел, 1 во кривичен оддел и 1 судија постапувал по предмети и од граѓанската и кривичната материја. Во последните четири години кои се предмет на анализа, во работата на Основниот суд Свети Николе не се забележани значителни проблеми со зголемен обем на работа, па така и немало потреба да се прими судија на работа од другите основни судови.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС СВЕТИ НИКОЛЕ

| Основен суд Свети Николе | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Број на судски службеници | 21 | 20 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 | 21 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 404 | 386 | 376 | 364 | 360 | 399 | 404 | 404 | 404 |
| Новопримени предмети | 3995 | 2488 | 2225 | 4530 | 4118 | 4118 | 4118 | 4118 | 4118 |
| Погрешно заведени | | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 4399 | 2715 | 2331 | 4935 | 4478 | 4517 | 4522 | 4522 | 4522 |
| Вкупно решени предмети | 4013 | 2445 | 2238 | 4575 | 4079 | 4113 | 4118 | 4118 | 4118 |
| Решени предмети по судија | 1338 | 815 | 746 | 1525 | 1360 | 1371 | 1373 | 1373 | 1373 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.12 | 1.84 | 2.01 | 0.98 | 1.10 | 1.09 | 1.09 | 1.09 | 1.09 |
| Решени предмети по службеник | 191.1 | 122.3 | 106.6 | 217.9 | 194.2 | 195.9 | 196.1 | 196.1 | 196.1 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 7.85 | 12.27 | 14.08 | 6.89 | 7.72 | 7.66 | 7.65 | 7.65 | 7.65 |
| Нерешени предмети | 386 | 376 | 363 | 360 | 399 | 404 | 404 | 404 | 404 |
| Стапка на решавање | 0.91 | 0.90 | 0.96 | 0.93 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 |
| Процент на решени предмети | 91% | 90% | 96% | 93% | 91% | 91% | 91% | 91% | 91% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.11 | 0.10 | 0.10 | 0.10 | 0.11 | 0.11 | 0.11 | 0.11 | 0.11 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 35 | 56 | 59 | 29 | 36 | 36 | 36 | 36 | 36 |

Извор: доставени податоци од ОС Свети Николе и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Свети Николе за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Свети Николе во изминатите години по предмети постапувале 3 судии, а судот го опслужуваат 21 судски службеници. Поради малиот број на судии, соодносот на судии наспроти службеници изнесува 7 што е за 3,1 поголем од просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Свети Николе најчесто успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Сепак, доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Свети Николе се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, додека бројот на нерешени предмети од минатите години се очекува благо да порасне.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу и 4.478 - 4.522 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 4.079 – 4.118 предмети. ОС Свети Николе во периодот 2021-2025 е предвидено благо да ја намали стапка на решавање во износ од 0,91 и со тоа да го намали процент на решени предмети на 91%, со што стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,11.

| Основен суд Свети Николе | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Број на судски службеници | 21 | 20 | 21 | 21 | 38 | 38 | 38 | 38 | 38 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 404 | 386 | 376 | 364 | 360 | 320 | 316 | 316 | 316 |
| Новопримени предмети | 3995 | 2488 | 2225 | 4530 | 4118 | 4118 | 4118 | 4118 | 4118 |
| Погрешно заведени | | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 4399 | 2715 | 2331 | 4935 | 4478 | 4438 | 4434 | 4434 | 4434 |
| Вкупно решени предмети | 4013 | 2445 | 2238 | 4575 | 4158 | 4122 | 4118 | 4118 | 4118 |
| Решени предмети по судија | 1338 | 815 | 746 | 1525 | 1040 | 1031 | 1030 | 1030 | 1030 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.12 | 1.84 | 2.01 | 0.98 | 1.44 | 1.46 | 1.46 | 1.46 | 1.46 |
| Решени предмети по службеник | 191.1 | 122.3 | 106.6 | 217.9 | 109.4 | 108.5 | 108.4 | 108.4 | 108.4 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 7.85 | 12.27 | 14.08 | 6.89 | 13.71 | 13.83 | 13.84 | 13.84 | 13.84 |
| Нерешени предмети | 386 | 376 | 363 | 360 | 320 | 316 | 316 | 316 | 316 |
| Стапка на решавање | 0.91 | 0.90 | 0.96 | 0.93 | 0.93 | 0.93 | 0.93 | 0.93 | 0.93 |
| Процент на решени предмети | 91% | 90% | 96% | 93% | 93% | 93% | 93% | 93% | 93% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.11 | 0.10 | 0.10 | 0.10 | 0.09 | 0.09 | 0.09 | 0.09 | 0.09 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 35 | 56 | 59 | 29 | 28 | 28 | 28 | 28 | 28 |

Извор: доставени податоци од ОС Свети Николе и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Свети Николе за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно Одлука на ССРСМ и целосно пополнета систематизација согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на судот. Доколку се исполни предвидениот број на судии тој ќе изнесува 4 а во судот би биле ангажирани 38 службеници. Во овие услови за работа, во ОС Радовиш се предвидува нерешените предмети да почнат да се намалуваат. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би растел и достигнува 0,93, односно 93%, додека стапката на нерешени предмети би паднала до 0,09.

## 4.7. Основен суд Струмица

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите во работа во ОС Струмица, вклучително и оние кои не се вбројуваат во нормата, се води преку АКМИС системот.

Во периодот од 2017 до 2020 година, согласно извештаите на Судскиот совет на РСМ, Основниот суд Струмица единствено во 2017 година успеал успешно да се справи со приливот на предмети. Па така, во 2018, 2019 и 2020 година континуирано бил оценет како неажурен суд бидејќи не успеал да го совлада приливот на новопримени предмети и да го намали заостатокот на стари предмети.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Струмица редовно доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет на РСМ. Во согласност со Законот за управување со движењето на предметите, ОС Струмица има донесено годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Работата на ОС Струмица е организирана во кривичен и граѓански оддел. Во Основниот суд Струмица, согласно Годишниот распоред на работа за 2020 година судечката функција ја вршат пет судии во граѓанскиот оддел и шест судии во кривичниот оддел додека еден судија е делегиран во ОС Берово како ВД претседател. И покрај континуираното несправување со приливот на предмети, во последните пет години кои се предмет на анализа, во Основниот суд Струмица не бил примен на работа ниту еден судија делегиран од друг суд од апелационото подрачје Штип.

### ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС СТРУМИЦА

| Основен суд Струмица | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 15 | 15 | 14 | 11 | 11 | 11 | 11 | 11 | 11 |
| Број на судски службеници | 72 | 67 | 65 | 66 | 66 | 66 | 66 | 66 | 66 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 2786 | 2095 | 2308 | 2887 | 3514 | 2490 | 2603 | 2590 | 2592 |
| Новопримени предмети | 19297 | 20320 | 18671 | 15249 | 20648 | 20648 | 20648 | 20648 | 20648 |
| Погрешно заведени | 50 | 5 | 3 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 22033 | 22410 | 20976 | 18247 | 24162 | 23138 | 23251 | 23238 | 23240 |
| Вкупно решени предмети | 19938 | 20102 | 18145 | 14737 | 21672 | 20535 | 20661 | 20646 | 20649 |
| Решени предмети по судија | 1329 | 1340 | 1296 | 1340 | 1970 | 1867 | 1878 | 1877 | 1877 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.13 | 1.12 | 1.16 | 1.12 | 0.76 | 0.80 | 0.80 | 0.80 | 0.80 |
| Решени предмети по службеник | 276.9 | 300 | 279.2 | 223.3 | 328.4 | 311.1 | 313 | 312.8 | 312.9 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.42 | 5.00 | 5.37 | 6.72 | 4.57 | 4.82 | 4.79 | 4.80 | 4.79 |
| Нерешени предмети | 2095 | 2308 | 2831 | 3514 | 2490 | 2603 | 2590 | 2592 | 2591 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.90 | 0.87 | 0.81 | 0.90 | 0.89 | 0.89 | 0.89 | 0.89 |
| Процент на решени предмети | 90% | 90% | 87% | 81% | 90% | 89% | 89% | 89% | 89% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.57 | 0.63 | 0.78 | 0.96 | 0.68 | 0.71 | 0.71 | 0.71 | 0.71 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 38 | 42 | 57 | 87 | 42 | 46 | 46 | 46 | 46 |

Извор: доставени податоци од ОС Струмица и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Струмица за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Струмица во 2020 година по предмети постапувале 11 судии, а судот го опслужуваат 66 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници изнесува 6 што е за 2,1 поголем од просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Струмица најчесто успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Сепак, доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Струмица се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, додека бројот на нерешени предмети од минатите години се очекува да стагнира.

Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу и 23.138 – 24.162 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 20.535 – 21.672 предмети. Во овие услови на работа ОС Струмица во периодот 2021-2025 е предвидено да ја задржи стапката на решавање во износ од 0,89 и со тоа да го одржи процент на решени предмети на 89%, со што стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,71.

| Основен суд Струмица | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 15 | 15 | 14 | 11 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 |
| Број на судски службеници | 72 | 67 | 65 | 66 | 66 | 66 | 66 | 66 | 66 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 2786 | 2095 | 2308 | 2887 | 3514 | 1594 | 1806 | 1783 | 1785 |
| Новопримени предмети | 19297 | 20320 | 18671 | 15249 | 20648 | 20648 | 20648 | 20648 | 20648 |
| Погрешно заведени | 50 | 5 | 3 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 22033 | 22410 | 20976 | 18247 | 24162 | 22242 | 22454 | 22431 | 22433 |
| Вкупно решени предмети | 19938 | 20102 | 18145 | 14737 | 22568 | 20436 | 20671 | 20646 | 20648 |
| Решени предмети по судија | 1329 | 1340 | 1296 | 1340 | 1128 | 1022 | 1034 | 1032 | 1032 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.13 | 1.12 | 1.16 | 1.12 | 1.33 | 1.47 | 1.45 | 1.45 | 1.45 |
| Решени предмети по службеник | 276.9 | 300 | 279.2 | 223.3 | 341.9 | 309.6 | 313.2 | 312.8 | 312.8 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 5.42 | 5.00 | 5.37 | 6.72 | 4.39 | 4.84 | 4.79 | 4.80 | 4.79 |
| Нерешени предмети | 2095 | 2308 | 2831 | 3514 | 1594 | 1806 | 1783 | 1785 | 1785 |
| Стапка на решавање | 0.90 | 0.90 | 0.87 | 0.81 | 0.93 | 0.92 | 0.92 | 0.92 | 0.92 |
| Процент на решени предмети | 90% | 90% | 87% | 81% | 93% | 92% | 92% | 92% | 92% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.57 | 0.63 | 0.78 | 0.96 | 0.44 | 0.49 | 0.49 | 0.49 | 0.49 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 38 | 42 | 57 | 87 | 26 | 32 | 31 | 32 | 32 |

Извор: доставени податоци од ОС Струмица и Судски совет на РСМ

Во второто сценарио, односно табела е проектирано движењето на предметите во ОС Струмица за период 2021 – 2025 година при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со пополнет број на судии согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ. Доколку се исполни предвидениот број на судии тој ќе изнесува 20. Во овие услови за работа, во ОС Струмица се предвидува нерешените предмети да почнат значително да се намалуваат. Стапката на решавање а со тоа и процентот на решени предмети би растел и достигнува 0,92, односно 92%, додека стапката на нерешени предмети би паднала до 0,49.

## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

### ПРЕГЛЕД НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО СУДОТ

Целокупната евиденција за предметите во Основниот суд Штип се води преку АКМИС системот, вклучително и за предметите кои не се вбројуваат во ориентационата норма. Притоа, предметите се заведуваат во соодветни уписници предвидени со Судскиот деловник, а потоа се врши контрола на движењето и на бројот на истите во АКМИС од каде се генерираат податоци за истите.

Основниот суд Штип не секогаш успешно се справува со приливот на предмети. Анализирајќи го периодот од 2017 до 2020 година, во 2019та година ОС Штип се сметал за неажурен суд имајќи предвид дека судот не успеал да го совлада приливот на новопримени предмети а во исто време го зголемил заостатокот предмети.

За обемот на работа и приливот на предмети ОС Штип редовно ги објавува и доставува месечни, квартални и годишни извештаи до Судскиот совет. ОС Штип има донесено годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети во судот во согласност со Законот за управување со движењето на предметите.

### ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

ОС Штип донесува Годишен распоред на работа за распределба на судските оддели и бројот на судии и истиот е објавен на веб страницата на судот. Во ОС Штип се формирани два судски оддели во кои согласно Годишниот распоред за работа на судот за 2021 година, постапуваат пет судии во кривичниот оддел и осум судии во граѓански оддел. Во минатото е нотирано времено упатување на еден судија од ОС Радовиш во ОС Штип поради зголемен обем на работа на судот.

## ЕМПИРИСКИ ПРОЕКЦИИ ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ОС ШТИП

| Основен суд Штип | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на судии | 16 | 15 | 15 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 |
| Број на судски службеници | 71 | 69 | 70 | 68 | 68 | 68 | 68 | 68 | 68 |
| Нерешени предмети на почеток од годината | 2733 | 2712 | 2619 | 3347 | 1383 | 1489 | 1514 | 1520 | 1521 |
| Новопримени предмети | 16126 | 16970 | 19742 | 14283 | 15203 | 15203 | 15203 | 15203 | 15203 |
| Погрешно заведени | 11 | 7 | 14 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно предмети во работа | 18848 | 19675 | 22347 | 17636 | 16586 | 16692 | 16717 | 16723 | 16724 |
| Вкупно решени предмети | 16136 | 17056 | 18860 | 16125 | 15097 | 15178 | 15197 | 15202 | 15202 |
| Решени предмети по судија | 1009 | 1137 | 1257 | 1240 | 1161 | 1168 | 1169 | 1169 | 1169 |
| Потрошени часови по предмет по судија | 1.49 | 1.32 | 1.19 | 1.21 | 1.29 | 1.28 | 1.28 | 1.28 | 1.28 |
| Решени предмети по службеник | 227.3 | 247.2 | 269.4 | 237.1 | 222 | 223.2 | 223.5 | 223.6 | 223.6 |
| Потрошени часови по предмет по службеник | 6.60 | 6.07 | 5.57 | 6.33 | 6.76 | 6.72 | 6.71 | 6.71 | 6.71 |
| Нерешени предмети | 2712 | 2619 | 3487 | 1383 | 1489 | 1514 | 1520 | 1521 | 1522 |
| Стапка на решавање | 0.86 | 0.87 | 0.84 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 | 0.91 |
| Процент на решени предмети | 86% | 87% | 84% | 91% | 91% | 91% | 91% | 91% | 91% |
| Стапка на нерешени предмети | 0.74 | 0.72 | 0.95 | 0.38 | 0.41 | 0.41 | 0.42 | 0.42 | 0.42 |
| Време за решавање по поединечен предмет | 61 | 56 | 67 | 31 | 36 | 36 | 37 | 37 | 37 |

Извор: доставени податоци од ОС Штип и Судски совет на РСМ

Во табелата е проектирано движењето на предметите во ОС Штип за период 2021 – 2025, при услови на стандарден (среден) прилив на предмети со моменталниот број на судии и персонал во судот. Во ОС Штип во 2020 година по предмети постапувале 13 судии, а судот го опслужуваат 68 судски службеници. Соодносот на судии наспроти службеници изнесува 5,2 што е за 1,3 поголем од просекот за персонал во судовите во државите членки на Советот на Европа. При анализа на достапните податоци може да се заклучи дека ОС Штип најчесто успешно се справува со годишниот прилив на предмети. Меѓутоа, доколку останат истите услови за работа и во наредните 5 години, ОС Штип се очекува одвај да го достигнува приливот на предмети, додека бројот на нерешени предмети од минатите години се очекува да биде повторно во благ пораст. Средната вредност на предвидениот вкупен број на предмети во работа варира меѓу и 16.586 – 16.724 предмети за секоја година, со што и се очекува вкупниот број на решени предмети да се движи меѓу 15.097 – 15.202 предмети. Во овие услови на работа ОС Штип во периодот 2021-2025 е предвидено да ја задржи стапката на решавање во износ од 0,91 и со тоа да го одржи процент на решени предмети на 91%, со што стапката на нерешени предмети би изнесувала 0,42.

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ЕФИКАСНОСТ

„ЕФИКАСНОСТА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ Е НА МНОГУ ВИСОКО НИВО ИМАЈЌИ ГИ ПРЕДВИД ПРЕДИЗВИЦИТЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ, ТЕХНИЧКИТЕ, ПРОСТОРНИТЕ И ФИНАНСИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ“

1. Податоците за движењето на предметите во судовите покажуваат висока ефикасност на решавање на предметите во основните судови, со висока стапка на решавање која е повисока од 100% и покрај материјалните и кадровските недостатоци. Според проекциите во анализата, постои различна оптовареност на судиите по број на решени предмети по судија и времето кое го посветуваат на решавање на предметите.

2. Основните судии во просек решаваат околу 5 судски предмети дневно преку целата година, што претставува висок степен на ефикасност но и индикатор за преоптовареност на основните судови имајќи ги предвид капацитетите и условите во кои работата судиите и судската служба.

3. Не постојат точно утврдени критериуми за бројот на судски службеници кои треба на судиите да им помогнат во тековно извршување на нивната судска функција односно не постои поделба на суштински за водење на судската постапка и несуштински персонал во основните судови.

4. Постои привиден висок сооднос на судската администрација наспроти бројот на судиите посебно во судовите со основна надлежност која се должи на малиот број на судии, во ОС Берово 2 , ОС Виница 2, ОС Крушево 2 и минимално потребниот број на судска служба од најмалку 15 извршители. Со ова привидно изгледа дека на еден судија во ОС Берово има најмногу извршители од судската администрација 10 или во другите мали судови околу 7-8 извршители на еден судија, без притоа да се утврди кој е минимално потребниот број на извршители во судската администрација за функционирање на еден суд и нормално извршување на судиските работи.

5. Непостоењето на можности за електронска поврзаност и комуникација со повисоките судови за електронски пренос на предметите (вертикална интероперабилност) ја намалува ефикасноста во судските постапки.

6. Нестоењето на интероперабилност со други органи ја намалува можноста за ефикасност и економичност во судските постапки.

7. Судовите имаат потреба од детално креирана и точна статистика која ќе биде генерирана од системот за управување со предметите (АКМИС) и вработените во судот со цел да постигне поголема ефективност во целокупното управување со судовите.

8. Методологијата за статистичка обработка не е усогласена помеѓу основните судови, ССРСМ и ВСРСМ што е од исклучителна важност за планирањето на ресурсите и политиките во правосудството.

# ТРАНСПАРЕНТОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Транспарентноста и отчетноста на правдата се меѓу фундаменталните постулати на правото на правично судење. Кога ќе се спомене зборот транспарентност, првата асоцијација е јавност и видливост на акциите, мерките, но и на ефектите од некоја преземена работа. Отчетноста, пак подразбира дека институциите се должни да дадат извештај за својата работа, како и за она што го постигнале пред граѓаните. Овие два принципа се неопходни за да може да зборуваме за демократски и независни институции. Ова е особено значајно кога станува збор за судството, кое доколку сака да го зајакне својот легитимитет во поделбата на власта како носител на еден од столбовите на власта, мора да се потпира на овие два принципа. Каков е статусот на судскиот систем, зависи од довербата на граѓаните во него, како и на општата перцепција околу тоа колку тие работат во нивен интерес. Правдата мора да биде не само остварена, туку и видлива.

Што се однесува до односите на судиите со медиумите, иако слободата на медиумите е демократски принцип, судскиот процес треба да биде заштитен од непотребно надворешно влијание. Мора да постои баланс помеѓу правото на јавноста да добива информации од јавно значење кое е основен принцип кој произлегува од членот 10 на Европската конвенција за човекови права и спречувањето од било какво надворешно влијание, вклучително и на јавноста при донесувањето на пресудите. Судиите може да постапат по легитимните очекувања на граѓаните единствено со законити и јасно образложени пресуди согласно стандардите кои ги предвидува членот 6 од ЕКЧП.

Постои општ тренд кон поголемо внимание на медиумите насочено кон работата на судовите и судиите, особено во областа на кривичното право. Имајќи ги предвид врските што може да се направат помеѓу судиите и медиумите, постои опасност начинот на кој самите судии се однесуваат, да биде под влијание на медиумите. Соодветно на тоа, судиите треба да покажат внимателност во односите со медиумите и да можат да ја задржат својата независност и непристрасност, воздржувајќи се од однесување кое би значело нивно јавно експонирање. Судиите исто така треба да бидат слободни да подготват резиме со кое ќе го појаснат значењето на нивните пресуди за јавноста. Покрај тоа, за земјите каде судиите се вклучени во кривични истраги, препорачливо е тие да ги усогласат потребните ограничувања во врска со предметите кои ги водат, со правото на информации.

Транспарентноста и отчетноста се спроведуваат преку начелото на јавност на судските постапки и на јавната достапност на судските одлуки. Членот 6 на Европската конвенција за човековите права предвидува дека пресудата се изрекува јавно и предвидува точно определени ситуации во кои јавноста може да биде исклучена од судската постапка, а овие принципи се доследно пренесени и во домашното законодавство на земјите потписнички на ова Конвенција. Начелото на јавност на судските постапки и јавно соопштување на судските одлуки како значајни компоненти на поширокото право на правично судење е вградено и во домашното право, односно во Уставот на Република Северна Македонија како и во Законот за кривична постапка, Законот за парнична постапка, Законот за судови, Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник.

Така, членот 102 на Уставот на РМ одредува дека: “Расправата пред судовите и изрекувањето на пресудата се јавни. Јавноста може да биде исклучена во случаи утврдени со закон.[30]” Уставот предвидува и јавно изрекување на пресудите, а јавноста понатаму се обезбедува и со учество на судии поротници.

Според Законот за кривична постапка, советот кој суди во конкретен случај може да ја исклучи јавноста од дел на главната расправа или од целата главна расправа, ако тоа е потребно заради чување на државна, воена, службена или важна деловна тајна, чување на јавниот ред, или поради заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, како и за евентуална заштита на малолетни лица кои се дел од постапката. Законот за парнична постапка пак предвидува дека јавноста може да се исклучи за целата главна расправа или за еден нејзин дел, повторно поради чувањето на службена, деловна или лична тајна, како и поради интересите на јавниот ред. Но и во кривичната и во граѓанската постапка, исклучувањето на јавноста од главната расправа спротивно на законот, претставува суштествена повреда на одредбите на постапката и како таква претставува правна основа за поднесување на жалба против пресудата на советот.

30 Устав на Република Северна Македонија, Службен весник на Р. Македонија бр.52/1991, изменет со Амандмани I-XXXVI

Изрекувањето на пресудите секогаш е јавно, дури и во случаите кога била исклучена јавноста во главната расправа. Воедно, Законот за судовите во став 3 од членот 99 предвидува генерална обврска на судовите два дена од денот на изготвувањето и потпишувањето на донесените одлуките, истите да ги објават на веб страницата на судот, на начин утврден со закон. Законот за судовите ги набројува јавноста и транспарентноста меѓу главните начела на судските постапки. Овој Закон исто така го уредува начинот на пренесување на информациите од судот до јавноста и медиумите. Имено според Законот за судовите, информации за јавноста преку средствата за јавно информирање ги дава претседателот на судот, одговорно лице за односи со јавноста. Во текот на постапките, судиите и лицето за односи со јавност можат да ја известат јавноста со определени информации, но притоа да водат сметка и да ја почитуваат презумпцијата на невиност и да не откриваат детали кои може да влијаат на постапките во тек. Согласно Законот за судови, во судовите задолжително се формира канцеларија за односи со јавноста, а секој суд во државата со цел исполнување на принципите на транспарентност и отчетност во работата, најмалку еднаш годишно ја известува јавноста за резултатите од работата на судот и судиите.

Имајќи предвид дека достапноста на судските одлуки не го опфаќа само нивното јавно читање во последниот дел на главната расправа, туку и доставување на судската одлука во целина до странките но и до јавноста, создадена е веб-страница (www.sud.mk) каде електронски се објавуваат судските одлуки, што дава голем придонес во транспарентното работење на судовите. Начинот и роковите за електронско објавување на судските пресуди се регулираат со Законот за управување со движењето на предметите во судовите. Судиите и службите се должни да ги почитуваат и роковите што се однесуваат на текот на постапката, но и за донесувањето, објавувањето, изготвувањето, доставувањето, анонимизирањето и објавувањето на одлуките на веб страната на судот во законскиот рок. За секое непочитување на роковите предвидени во посочените закони и во судскиот деловник, судијата е должен веднаш да го извести Претседателот на судот, со наведување на причините за тоа, каква што должност има и доколку настапила релативна или апсолутна застареност на гонењето, или извршувањето на казната (глобата).

Односите на судот со јавноста детално се регулираат во Судскиот деловник според кој, секој суд задолжително треба да има оформено канцеларија за односи со јавноста, која по поднесено барање на заинтересирано лице доставува анонимизиран примерок од бараната одлука објавена на веб-страницата на судот. Во судовите на видно место, секојдневно треба се објавуваат информации т.е. време, место и предмет на судење, додека за судења со поголем интерес на јавноста, судската управа треба да обезбеди просторија за прием на поголем број на лица во која ќе се одржува судењето. Согласно Судскиот деловник, Претседателот на судот, поради транспарентност и отвореност кон граѓаните, преку средствата за јавно информирање може да даде информации за работата на судот и за текот на одредени постапки, а притоа да внимава да не се наруши угледот, честа и достоинството на личноста, а паралелно со тоа и независноста и самостојноста на судот.

Дополнително, домашното законодавство го утврдува и правото на пристап до информации од јавен карактер како едно од основните права на граѓаните во Уставот на Републиката, и истото е подробно регулирано во Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во овој Закон јасно се пропишани обврските на органите на власт (вклучително и судската) во однос на објавувањето и споделувањето на информации категоризирани како јавни од страна на законодавецот.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# 1. Апелациско подрачје Битола

## 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во Основниот суд Битола е формирана посебна канцеларија за односи со јавност додека информирањето на јавноста го врши Претседателот на судот. Но во рамките на судот не постои пропишана процедура за односи со јавноста. Судот има назначено и лице за постапување со барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во судот назначено е и лице задолжено да води евиденција за примените претставки и поплаки на граѓаните, како и лице за олеснет пристап до судот на лица со посебни потреби.

Во ОС Битола се овозможени услови за медиумско снимање иако за тоа се чини дека нема интерес бидејќи во последните 3 години до судот не се пристигнати барања за медиумско снимање на рочишта.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

На веб страната на ОС Битола во делот извештаи не се ажурирани податоците за работењето на судот т.е. годишни извештаи за 2018, 2019 и 2020 година. Имено, објавените извештаи од 2017 година претставуваат нумерички приказ (примени, решени, нерешени, погрешно заведени и сл.) без конкретни објаснувања за состојбата на судот што е би претставувало потешкотија за граѓаните кои немаат доволни познавања за поимање на овие податоци. На веб страната на судот не се објавени годишните планови за работа и плановите за јавни набавки. За разлика од необјавувањето на овие документи, на веб страната на судот се објавени завршните сметки, а редовно се објавуваат и правосилните одлуки и резултатите од работата на судот. Информациите до јавноста се пласираат и објавуваат само на веб страната на судот и на огласната табла во судот. Објавувањето на судските огласи и соопштенија се врши единствено преку огласната табла на судот и на веб страната на судот. Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со претставници од другите судови како и со нотари, извршители, ОЈО и МВР. На ниво на апелационо подрачје се одржуваат заеднички состаноци и советувања на судиите од повисокиот суд и судиите од понискиот суд. Комуникацијата со судовите, органите на државната власт, установите и другите институции утврдени со закон се одвиваат преку пошта, телефон, електронска пошта. Сепак, во судот не се воспоставени внатрешни процедури за комуникација со органите, правните и физичките лица.

За време на пандемијата со вирусот КОВИД-19, ОС Битола беше во редовна комуникација со повисоките судови и Судскиот совет во однос на потребите на судот за почитување на мерките за обезбедување на услови на работа.

## 1.2. Основен суд Крушево

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во Основниот суд Крушево е назначено и лице за односи со јавноста, но не е формирана канцеларија за односи со јавноста. При вршење на оваа должност, за лицето одговорно за односи со јавноста не е пропишана посебна процедура за начинот на остварување на комуникација и известување на јавноста за работата на судот. Согласно законсите обврски, во ОС Крушево назначено е лице за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во судот назначено е и лице задолжено да води евиденција за примените претставки и поплаки на граѓаните, како и лице за олеснет пристап до судот на лица со посебни потреби.

Во однос на барањата за медиумско снимање во последните три години не се пристигнати барања до судот за медиумско снимање, иако судот има услови да обезбеди медиумско снимање, а може да обезбеди и солидни просторни услови за присуство на медиуми и набљудувачи во судските постапки.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Годишните и месечни извештаи за работата на судот се уредно објавени и достапни на веб страната на судот за периодот 2010-2020 година. Последно објавен и достапен годишен план за работа на судот на веб страната на ОС Крушево датира од 2016-та година, додека  недостасуваат завршните сметки на судот и извештаите за јавни набавки. На веб страната на судот редовно се објавуваат правосилните судски одлуки, како и резултатите од работата на судот и судиите. Согласно одговорот добиен од судот, ажурирање на веб страна се врши скоро секојдневно, а за овој процес не се предвидени процедури или посебни протоколи. Објавувањето на судските огласи и соопштенија се врши исклучиво преку огласна табла во судот и на веб страницата на судот. Доколку има огласи за вработување, огласувањето се врши дополнително и во дневен печат на македонски и албански јазик. . Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на ОС Крушево одржува консултативни средби со претставници од другите судови, извршители, нотари, вешти лица, претставници од МВР како и други лица од органите на управата на РСМ. Во однос на соработката со судовите од апелационото подрачје, во овој суд се одржуваат заеднички состаноци и советување на судиите од повисокиот суд заедно со судиите од пониските судови, а комуникацијата со судовите и останатите органи на државната власт се одвива преку електронска пошта, телефонски или непосредно. Во судот не е пропишана посебна процедура за комуникација со органите, правните и физичките лица.

За време на пандемијата КОВИД-19 судот одржувал редовна комуникација со повисоките судови и Судскиот совет во однос на потребите на судот за реализација на мерките за обезбедување на услови за работа.

## 1.3. Основен суд Охрид

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Основниот суд Охрид нема формирано канцеларија за односи со јавноста, но има назначено лице за односи со јавност. Сепак, ниту основни ниту контакт податоци за лицето назначено за односи со јавноста не се објавени на веб страната на судот. Посебна пропишана процедура за односи со јавноста во форма на кодекс или правилник не е усвоена. Известувањата за медиумите во врска со работата на судот ги дава претседателот на судот додека известувањата во врска со конкретни предмети ги дава судијата кој постапува по предметот со согласност на претседателот на судот. Во ОС Охрид назначено е лице за слободен пристап до информации од јавен карактер со цел отворено и објективно информирање на јавноста за работата на судот. Дополнително, ОС Охрид има назначено и лице што е судски соработник во судот, за спроведување на лицата со инвалидитет и овозможување на полесен пристап до информации. Како контакт е наведен фиксниот телефонски број и електронската пошта на ОС Охрид.

Судот располага и со просторни услови за медиуми и набљудувачи на судските постапки. Во последните четири години (2017-2020) до ОС Охрид биле поднесени вкупно 9 барања за одобрение за медиумско снимање и сите биле позитивно одговорени.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Кога станува збор за веб страната на ОС Охрид може да се согледа дека на истата редовно се објавуваат годишните извештаи со сумарни прегледи на движењето на предметите за период 2015-2020 година, објавени се само годишни извештаи за работата на судот и судиите за периодот 2014-2020 година но не и месечни и/или квартални извештаи. Единствено за 2020 година се објавени 4 квартални извештаи. Не е се објавени завршни сметки и финансиски извештаи за работењето на ОС Охрид. Во однос на годишните извештаи за слободен пристап до информации, единствено е објавен Извештајот за работа за 2019 година. Основниот суд Охрид редовно ги објавува правосилните првостепени одлуки согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите и донесеното Упатство за начинот на анонимизирање и објавување на судските одлуки на веб страницата на судот. Од 2017 година објавени се 9362 првостепени одлуки. Информациите во однос на објавувањето на анонимизираните првостепени судски одлуки и распоредот за судења се ажурираат секојдневно и автоматски се објавуваат на веб страната. Судските огласи, во зависност од нивниот вид, може да бидат објавени и во дневен медиум или Службен весник на РСМ. На секој кат во Основниот суд Охрид се поставени брошури кои ги објаснуваат правата на странките во постапка.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со претставници на органи на државната управа и други правни субјекти и институции, како и со судови на ниво на апелациско подрачје, а по потреба и со Судски совет, Судски буџетски совет, со нотари, адвокати и сл. Со претставници од повисоките судови се одржуваат состаноци два пати во годината. Комуникацијата се одвива преку писмена, телефонски и преку електронска пошта. Во судот нема посебни внатрешни процедури за комуникација со органите, правните и физичките лица. За време на ограничувањата предизвикани од КОВИД-19, судот бил во редовна комуникација со повисоките судови и судски органи за обезбедување и олеснување на условите за работа во судот.

# 1.4. Основен суд Прилеп

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Канцеларија за односи со јавноста не е формирана во рамки на Основниот суд Прилеп, но и покрај тоа што е назначено е лице (судија) задолжен за комуникација со јавност, судот нема пропишана процедура за односи со јавност. Во ОС Прилеп постои пракса во јавноста да се известува за одделни „интересни дела", а тоа најчесто се врши со прес конференција. Последен таков настан се однесувал на пресуда за доживотен затвор.. Во Основниот суд Прилеп назначено е лице задолжено за слободен  пристап до информации од јавен карактер. Во судот е назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информаци.

Судот има соодветни услови за овозможување на присуство на набљудувачи на постапка или медиумско снимање во случај да се јави потреба или барање од јавноста за тоа, но во последните 4 години не пристигнало ниту едно барање за медиумско снимање.

## СУДСКИ ПОРТАЛ

На веб страната на Судот редовно се објавуваат правосилните судски пресуди, извештаите и резултатите од работата. Сајтот се ажурира по потреба и истиот содржи дел од потребните информации. Сепак, недостасуваат завршни сметки и годишни планови за работа, додека јавните набавки на судот се уредно прикачени на веб страната. Судските огласи и соопштенија се објавуваат само на огласната табла и веб страната на судот.

Информациите на веб страната на судот се објавуваат според потреба, а не постои пропишана процедура или протокол при објавување на вести на веб страната на судот.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

## КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Во ОС Прилеп нема воспоставени внатрешни процедури за комуникација со органите, правните и физичките лица. Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со претставници од другите судови, органи на државната управа и останати институции како МВР, ОЈО и повисоките судски инстанци. Што се однесува до комуникацијата со овие институции, истата се одвива по писмен пат, а во одредени ситуации и преку интернет средби пред како резултат на пандемијата прогласена поради вирусот КОВИД-19. Во апелационото подрачје Битола, се одржуваат состаноци и советувања на судиите од основните судови со судиите од повисоките судови. За време на пандемијата на КОВИД-19 вирусот, судот одржувал постојана комуникација со повисоките судови и Судскиот совет на РСМ во однос на потребите на судот за почитување на мерките и обезбедување на услови за работа.

## 1.5. Основен суд Ресен

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во Основниот суд Ресен е формирана канцеларија за односи со јавноста во која оваа активност ја врши посебно назначено лице, додека известувањата за медиумите се одвиваат преку претседателката на судот. Во однос на уредувањето на начинот на односите со јавноста, во ОС Ресен не се пропишани процедури. Во судот назначено е лице кое е одговорно за пристап на информации од јавен карактер. Во судот е назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информаци.

Основниот суд Ресен не располага со доволно просторни и технички капацитети за да може да обезбеди услови за медиумско снимање на судењата, додека има капацитет да обезбеди услови за набљудувачи во судските постапки.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

На веб страната редовно се ажурираат сите информации, но недостасуваат годишни извештаи за работа за 2019 и 2020 година, годишни планови за работа и извештаи за извршени јавни набавки. Објавувањето на податоците се врши според посебна процедура (интерен протокол на судот), а јавните информации и соопштенијата се објавуваат само на огласната табла во судот и на веб страната. Правосилните судски одлуки редовно се објавуваат на веб-страната на судот, а исто така судот редовно ги објавува резултатите од работата на судот и судиите.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателката на судот одржува консултативни состаноци со претставници од другите судови, органи на државната управа и други органи, најчесто со МВР. Во текот на работењето на ОС Ресен се одржуваат заеднички состаноци и советување на судиите од Апелациониот суд Битола како непосердно повисок суд како и останатите основни судови во Битолското апелациското подрачје. Комуникацијата со судовите, органите на државната управа, установите и останатите институции се одвива преку електронска пошта.

За време на пандемијата со КОВИД-19, ОС Ресен бил во редовна комуникација со повисоките судови и Судскиот совет на РСМ во однос на координирање на потребите на судот за почитување на мерките и обезбедување на услови на работа.

## 1.6. Основен суд Струга

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Основниот суд Струга има формирано канцеларија за односи со јавноста, а работата ја врши еден од судиите. Основниот суд Струга нема развиено или пропишано процедура за информирање и комуникација со јавноста. Во ОС Струга назначено е лице за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во судот е назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информаци.

Во однос на барања за медиумско снимање во последните четири години, пристигнати се 73 барања и на сите е одговорено позитивно. Судот воедно има обезбедено услови за медиумско снимање.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната на Основниот суд Струга ги содржи потребните информации, како што се: календар на судења, можност за проверка на судски одлуки, обрасци и формулари и сл. Иако на неа се објавени месечни извештаи, недостасуваат годишните извештаи за работа, недостасува план за работа и завршни сметки. Ажурирањето на информациите на веб страната на судот се врши редовно т.е. на неделно ниво и се внесуваат од страна на судскиот информатичар, а нема предвидена посебна процедура/протокол кој се следи при објавување на овие информации. Правосилните судски одлуки се објавуваат редовно на веб страната, а се објавуваат и резултатите од работата на судот и судиите. Објавувањето на судските огласи и соопштенија се врши преку веб страната на судот покрај објавувањето на огласната табла во судот.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со претставници на другите судови и претставници на органи на државната управа како и останати правни субјекти на сопствена иницијатива, а најчесто средбите се организирани од страна на претседателите на повисоките судови. Заеднички состаноци и советувања на судиите од повисокиот суд и судиите од понискиот суд се одржуваат во согласност од потребата за тоа. Во судот постојат воспоставени внатрешни процедури за комуникација со органите и правните и физички субјекти. Комуникацијата со судовите, органите на државната управа, установите и другите институции утврдени со закон се остваруваат по писмен и електронски пат односно деловна кореспонденција регулирана со Судскиот деловник и други закони од управната и судската област кои регулираат кореспонденција и правна помош. Во судот постојат воспоставени внатрешни процедури за комуникација со органите, правните и физичките лица кои се донесуваат секоја година согласно со Законот за управување со движењето на предметите во судот.

За време на пандемијата со вирусот КОВИД-19 судот бил во редовна комуникација со Врховниот суд и Судскиот совет и ги применувал одлуките донесени од нивна страна, како и одлуките донесени од страна на Претседателот на Република Северна Македонија.

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1.Основен суд Гостивар

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во Основниот суд Гостивар не е формирана канцеларија за односи со јавноста, но назначено е лице (судија) за комуникација и односи со јавност. Вредно е да се забележи дека во овој суд постои правилник за комуникација со јавноста. Во судот е назначено и едно лице кое е одговорно за пристап до информации од јавен карактер, а предвиден е негов заменик. Меѓудругото, судот има назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информаци.

Анализата покажува дека во Основниот суд Гостивар постојат минимални услови за медиумско снимање, како и за следење на судските рочишта. Во последните 4 години не е регистрирано ниту едно барање од медиуми за снимање на судско рочиште.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната на Основниот суд Гостивар се ажурира по потреба, и се води внимание навремено да се ажурираат судските одлуки и закажаните судења, како и огласите и соопштенијата за јавност. Редовно се објавуваат годишните извештаи и завршните сметки, со определени исклучоци како на пример, завршната сметка за  2018-та година која не е објавена. На веб страната недостасуваат и плановите за работа на судот и извештаите за извршените јавни набавки.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со апелациониот суд Гостивар како непосредно повисок суд, а се одржуваат состаноци и со нотарската комора, адвокатската комора, обвинителството, полиција и други управни органи. Во судот се одржуваат заеднички состаноци и советување на судиите од повисокиот суд т.е. редовно се вршат посети од страна на АС Гостивар. Комуникацијата со судовите се одвива по писмен и електронски пат.

Во судот не воспоставена внатрешна процедура за комуникација со органите, правните и физичките лица. За време на пандемијата со вирусот КОВИД-19, судот бил во постојана комуникација со повисоките судови и Судскиот совет на РСМ во однос на обезбедување на потребите на судот за почитување на мерките и обезбедување на услови за работа. Притоа од судот постапувале согласно донесените заклучоци од страна на Судски совет на РСМ.

## 2.2.Основен суд Дебар

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во Основниот суд Дебар е фомирана Канцеларија за односи со јавноста со која раководи лице назначено за односи и комуникација со јавноста. Во судот не е развиена посебна процедура за односи со јавноста, туку се користат соодветните насоки од Судскиот деловник. Во ОС Дебар е назначено лице одговорно за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информаци.

Во просториите на судот се обезбедени услови за медиумско снимање како и услови за прием на набљудувачи на судските постапки. Согласно податоците од ОС Дебар, во последните 4 години во судот биле пристигнати вкупно 4 барања за медиумско снимање, од кои само 2 биле одобрени, односно позитивно одговорени.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Судот редовно ги објавува правосилните одлуки како и резултатите од работата на судот и судиите, а одржувањето на веб-страницата се реализира секојдневно. На веб страната на ОС Дебар објавени се годишните извештаи и завршните сметки, но недостасуваат плановите за работа и извештаите за јавни набавки. Судските огласи и соопштенија освен преку огласна табла и на веб страницата, судот како останати медиуми ги користи Службен Весник на Република Северна Македонија и дневните весници.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот во текот на своето работење остварува консултативни средби и состаноци со органи на државната управа, како и претставници на други институции. За време на вонредната состојба ОС Дебар одржувал постојана комуникација со повисоките судски инстанци т.е. Врховен суд на РСМ како и Судскиот совет на РСМ како подрачје во кое беше прогласена кризна состојба. Во судот е вработено лице за прием на претставки и поплаки на граѓаните, а просторните услови на овој суд дозволуваат и овозможуваат запознавање на странките со посебни информации за работата на судовите преку гласила внатре во судот.

## 2.3. Основен суд Кичево

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Кичево е формирана канцеларија за односи со јавноста, и во неа постапува едно лице – Раководител на оддел. Согласно законските обврски, ОС Кичево има назначено лице кое е задолжено за одговор на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, чии контакт информации се јавно објавени на веб страната на судот. ОС Кичево нема назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации. Основниот суд Кичево располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата. Во последните три години, до судот е пристигнато само едно барање за одобрување на медиумско снимање на кое било позитивно одговорено.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната на судот се ажурира редовно, судските одлуки се објавуваат автоматски, а останатите податоци и информации се внесуваат по потреба. Објавени се сите годишни и месечни извештаи за работа на судот во последните пет години, како и завршните сметки. Недостасува план за работа, како и извештај од извршени јавни набавки. Судот нема посебна процедура или протокол за објавување и ажурирање на податоците на веб страната. Покрај огласната табла на судот и веб страната, во Судот се користат и други начини за објавување на судските одлуки и соопштенијата како што се дневен весник, а повремено се објавуваат и во Службен весник на РСМ.

Во Судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува комуникација со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции и се одржуваат заеднички состаноци и советувања со судиите од повисокиот суд. Размената на информации помеѓу ОС Кичево и останатите судови и државни органи најчесто се одвива преку електронска комуникација и делумно и во пишана форма. За време на пандемијата со вирусот КОВИД-19, судот бил во постојана комуникација со повисоките судови и Судскиот совет на РСМ во однос на обезбедување на потребите на судот за почитување на мерките и обезбедување на услови за работа.

## 2.4. Основен суд Тетово

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Тетово е формирана канцеларија за односи со јавноста. Во канцеларијата постапуваат две лица (на работна позиција -помлад судски соработник), по барања на заинтересирани лица за добивање примерок од судска одлука објавена на веб страната на судот и одговара на прашања поставени од заинтересирани лица. Согласно законските обврски, ОС Тетово има назначено лице кое е задолжено за одговор на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, чии контакт информации се јавно објавени на веб страната на судот. Дополнително, судот има назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации чии контакт информации исто така се јавно достапни, односно објавени на веб страната на судот. Судот нема усвоено посебна процедура за односи со јавност.

Во судот постојат услови за обезбедување на медиумско снимање и прием на набљудувачи на постапка. Во периодот 2017 – 2020 година, во ОС Тетово биле пристигнати четири барања за медиумско снимање и сите биле позитивно одговорени.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната на ОС Тетово се ажурира секојдневно и се внесуваат судските одлуки како и закажаните судски рочишта. Редовно се објавени само извештаите за работа на месечно, квартално, полугодишно и годишно ниво. Објавени се јавните набавки само за 2016 и 2020 година и Годишниот план за работа за 2019 година. Судските одлуки и соопштенијата се објавуваат преку огласна табла и на веб страницата на судот, а јавните огласи покрај веб страната се објавуваат и во најмалку два печатени медиуми.

За разлика од останатите основни судови во ова апелациско подрачје, во ОС Тетово нема истакнати постери или брошури на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува редовни состаноци со претставници на органите од државата власт – судии од апелационото подрачје, СВР Тетово, нотари, извршители, претставници од другите судови итн. Комуникацијата се одвива по писмен пат, преку известувања, замолници, барања на списи или по електронски пат. Во однос на мерките предвидени како заштита на граѓаните од КОВИД 19 тие редовно се остварува комуникацијата со повисоките судови и содветно на тоа се преземени сите потребни активности.

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Согласно Судскиот деловник, во ОС Велес е формирана Канцеларија за односи со јавноста. Во канцеларијата постапува еден судски службеник по барања на заинтересирани лица за добивање примерок од судска одлука објавена на веб страната на судот и одговара на прашања поставени од заинтересирани лица. Од 2021 година, со Годишниот распоред за работа е назначен и судија портпарол, задолжен за комуникација со јавноста. Посебна пропишана процедура за односи со јавноста во форма на кодекс или правилник не е усвоена во рамките на канцеларијата за односи со јавноста или пак во судот. Согласно законските обврски, ОС Велес има назначено лице кое е задолжено за одговор на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, чии контакт информации се јавно објавени на веб страната на судот. Дополнително, ОС Велес има назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации чии контакт информации исто така се јавно достапни, односно објавени на веб страната на судот. Основниот суд Велес располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата. По барање на медиумите, од Врховниот суд на Република Северна Македонија за ОС Велес во 2020 година биле донесени 6 (шест) решенија со кои се одобрува телевизиско снимање на расправи по одредени предмети, во 2019 година 5 (пет) и во 2018 година 1 (едно) решение.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

ОС Велес редовно ги објавува своите месечни извештаи на веб страната на судот, а редовно се објавуваат и правосилните судски одлуки. Сепак, на веб страната недостасуваат годишните извештаи за работата на судот за изминатите 2 години, како и завршните сметки на ОС Велес. Покрај огласната табла на судот и веб страната, во судот се користат и други начини за објавување на судските одлуки и соопштенијата како што се Службен весник на РСМ, локалната радио станица, Агенцијата за вработување и во најмалку два дневни весници на територијата на РСМ. Во Основниот суд Велес во дел од судниците и просториите се објавени постери за запознавање со правата на странките во судска постапка.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции, како што се претседателот на Апелациониот суд, претседателите на првостепените судови и раководни лица од Јавното обвинителство, МВР, СВР Велес, Центар за социјална работи, локалната самоуправа, Агенција за катастар на недвижности – одделение Велес, Историски архив, Управа за матични книги и со останати институции. Во ОС Велес ценат дека транспарентноста при работата на судовите е клучна за враќање на довербата. Затоа предлагаат заеднички обуки со новинари и судии за да може тековната соработка уште повеќе да се унапреди. Судот смета дека новинарите и медиумите

влијаат на креирањето на јавното мислење и постои определен притисок од јавноста, посебно во сензитивни и јавни постапки каде јавното мислење е веќе оформено за одреден случај и постои изграден став кој провејува во јавниот дискурс. Дополнително, судот смета дека работата на судиите (особено во кривичните предмети), во голема мера зависи и од начинот на кој обвинителството го подготвува обвинителниот акт и ги собира и приложува доказите.

## 3.2. Основен суд Гевгелија

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Гевгелија е формирана Канцеларија за односи со јавноста, во која постапува едно лице – судија задолжено за комуникација со медиумите и општата јавност. Во судот недостасува утврдена и регулирана процедура за односи со јавноста преку Правилник, кодекс или упатство. Во судот е назначено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер, а воедно и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации чии контакт информации исто така се јавно достапни, односно објавени на веб страната на судот. Судот има услови за да обезбеди медиумско снимање на постапките, како и да овозможи присуство на граѓаните и набљудувачите во судските постапки и рочишта, иако во поселдните 4 години не биле упатени барања за медиумско снимање на рочиштата.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страницата на ОС Гевгелија редовно се ажурира со нови информации вклучително и редовно објавување на правосилните судски одлуки, како и резултатите од справувањето со обемот на работа на судиите. За содржината и начинот на објавување на известувањата и соопштенијата за работа на судот не се усвоени посебни процедури или протоколи. Во согласност со одредбите на Судскиот деловник објавувањето на судските огласи и соопштенијата се врши преку огласната табла во судот, веб страницата а повремено за предметите кои се од важност за јавноста се доставуваат и соопштенија до дневните весници. ОС Гевгелија подготвува детални наративни годишните извештаи за работа на судот кои во детали ја прикажуваат состојбата во судот во однос на човечките ресурси, квалитетот на работа во судечките оддели и просторните и ИКТ капацитети. Притоа, ОС Гевгелија своите месечни, квартални, полугодишни и годишни извештаи ги објавува на веб страната на судот во табеларна форма. Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со претседатели и судии од други судови, Судски совет, Казнено поправни установи, Агенција за одземени предмети, Архив на РСМ- одделение Велес, ОВР Гевгелија и Валандово, Центар за социјални работи, нотари и останати претставници на институции. Комуникацијата со останатите судови, органите на државната власт и институциите се одвива пред се по електронски пат, по пошта и преку средби и состаноци. Сепак, судот нема воспоставено процедура на надворешна комуникација.

ОС Гевгелија одржува и редовни состаноци со судиите од Апелацискиот суд Скопје.

За време на вонредната состојба во 2020 година, ОС Гевгелија одржуваше редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ.

## 3.3. Основен суд Кавадарци

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Кавадарци е формирана канцеларија за односи со јавноста согласно Судскиот деловник. Во неа работат и постапуваат еден (1) судија и еден (1) стручен соработник. Канцеларијата за односи со јавноста има воспоставено и посебна пишана процедура (кодекс) за постапување и односи со јавноста. Согласно законските обврски, ОС Кавадарци има назначено лице кое е задолжено за одговор на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, чии контакт информации се јавно објавени на веб страната на судот. Дополнително, ОС Кавадарци има назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации чии контакт информации исто така се јавно достапни, односно објавени на веб страната на судот. Основниот суд Кавадарци располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата. По барање на медиумите, од Врховниот суд на Република Северна Македонија за ОС Кавадарци во последните 3 години се донесени 5 (пет) решенија со кои се одобрува телевизиско снимање на расправи по одредени предмети.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Со почеток од јануари 2020 година, ОС Кавадарци редовно објавува сумарен месечен извештај за предметите во судот, а редовно се објавуваат и правосилните судски одлуки, завршните сметки за изминатите години. За последните 2 години се објавуваат и посебни годишни извештаи односно анализи на граѓанските и кривичните предмети, кривичните санкции и прекршочните предмети за изминатата година. Сепак, на веб страната недостасуваат годишните извештаи за работата на судот. Покрај огласната табла на судот и веб страната, во судот се користат и други начини за објавување на судските одлуки и соопштенијата како што се локалните медиуми и социјалните мрежи на ОС Кавадарци. Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на Основниот суд Кавадарци одржува консултативни состаноци со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции за што постои соодветна пропишана процедура. Не постои ни застој во комукацијата со другите органи, ниту пак, внатре во самиот суд и за тоа се користат сите форми на комуникација – состаноци, онлајн состаноци, пишана кореспонденција, (посебно во време на Ковид - 19), електронска пошта и друго. За време на вонредната состојба во 2020 година, ОС Кавадарци одржуваше редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ.

## 3.4. Основен суд Кратово

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Кратово е формирана канцеларија за односи со јавноста. Во канцеларијата постапува еден судија по барања на заинтересирани лица за добивање примерок од судска одлука објавена на веб страната на судот и одговара на прашања поставени од заинтересирани лица. Во Основниот суд Кратово не постои пишана процедура за комуникација со јавноста, а комуникацијата со јавноста и медиумите ја остварува Претседателот на судот и со оглед на тоа што судот постапува само по полесни кривични дела, досега судот имал само еден предмет за кој била известена јавноста. Согласно законските обврски, ОС Кратово има назначено лице кое е задолжено за одговор на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, чии контакт информации се јавно објавени на веб страната на судот. Дополнително, ОС Кратово има назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации чии контакт информации исто така се јавно достапни, односно објавени на веб страната на судот. Основниот суд Кратово располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата, но во последните три години, до судот нема пристигнато ниту една барање за одобрување на медиумско снимање. Судот поседува просторни капацитети во минимален број за претставниците на медиумите и набљудувачите на судските постапки.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страницата на ОС Кратово редовно се ажурира и ги содржи потребните известувања за јавноста: распоред на судски рочишта, правосилни судски одлуки, месечни, квартални и годишни извештаи. Сепак, на веб страната недостасуваат годишните извештаи за спроведените јавни набавки и Годишен план за работа. Судот имапосебна процедура за објавување на податоците на веб страната, во однос на редовна анонимизација на пресудите по нивната правосилност, објавување на закажаните термини за одржување на рочиштата, по нивното закажување во АКМИС системот и сите релевантни акти, одлуки и соопштенија за работата на судот, а од значење за транспарентно информирање на граѓаните. . Судот забележува дека е потребна техничка обука на лицето задолжено за одржување на веб страната со цел унапредување на содржините на страната.

Покрај огласната табла на судот и веб страната, во судот се користат и други начини за објавување на судските одлуки и соопштенијата како што се дневен весник, а повремено се објавуваат и во Службен весник, во зависност од видот на соопштенијата и огласите кои треба да бидат објавени. Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува комуникација со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции. Меѓутоа, Апелацискиот суд Скопје во чие подрачје се наоѓа и ОС Кратово во периодот (2017-2020) нема одржано ниту една консултативна средба со основниот суд Кратово. Размената на информации најчесто се одвива преку писмена комуникација, но исто така вклучува и усна и електронска комуникација. За време на вонредната состојба во 2020 година, ОС Кратово одржуваше редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ.

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во согласност со обврските од Судскиот деловник, во ОС Крива Паланка е формирана канцеларија за односи со јавноста. Во канцеларијата постапува едно лице–судија по барања на заинтересирани лица. Согласно законските обврски, ОС Крива Паланка има назначено лице (еден судски соработник) кое е задолжено за одговор на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, чии контакт информации се јавно објавени на веб страната на судот. Дополнително, судот има назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации чии контакт информации исто така се јавно достапни, односно објавени на веб страната на судот. Основниот суд Крива Паланка не располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата. Во текот на анализираниот период (2017-2020), само во 2020 година било поднесено барање за медиумско снимање до судот, но поради неисполнетост на условите предвидени во Законот за судовите и Судскиот деловник, истото не било одобрено.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната на судот се ажурира кога има потреба од објава на нови податоци поврзани со работењето на судот, на начин предвиден во годишната програма и распоредот за работа, за што е задолжен помладиот соработник (информатичар). ОС Крива Паланка редовно ги објавува своите месечни извештаи на веб страната на судот, правосилните судски пресуди, а редовно се објавуваат и завршните сметки и годишните извештаи за спроведени јавни набавки. Сепак, на веб страната недостасуваат Годишниот извештај за работата на судот за 2019 година. Судот нема посебна процедура или протокол за објавување и ажурирање на податоците на веб страната, односно истите се ажурираат по потреба, во согласност со Судскиот деловник. Покрај огласната табла на судот и веб страната, се користат и други начини за објавување на судските одлуки и соопштенијата како што се дневните весници, а годишниот извештај за работата на судот се пласира и на една од националните телевизии.

Во ОС Крива Паланка недостасуваат постери истакнати на видни места кои би ги запознавале странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателката на судот одржува комуникација со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции, како што се претседателите на судовите од апелациското подрачје Скопје, со основниот јавен обвинител, претставниците на Министерството за внатрешни работи, Царинската управа имајќи предвид дека ОС Крива Паланка е пограничен суд, Управата за имотно-правни работи итн. Размената на информации најчесто се одвива комбинирано, односно електронски и по пошта. Редовно се одржуваат и консултативни состаноци со Апелацискиот суд Скопје.

За време на вонредната состојба во 2020 година, ОС Крива Паланка одржуваше редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ.

## 3.6. Основен суд Куманово

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Согласно обврските предвидени во Судскиот деловник, во Основниот суд Куманово е формирана канцеларија за односи со јавноста. Во неа постапуваат Претседателот на судот, портпаролот и еден судски соработник. Судот нема пропишана процедура за односи со јавноста. Судот има назначено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер и истото лице е назначено и за контакт лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации. Во судот во последните четири години не се пристигнати барања за медиумско снимање на рочиштата, но и самиот суд располага со доста ограничени капацитети и можности за овозможување на медиумско снимање или пак за прием на набљудувачи на судските постапки.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Информациите на веб страната на судот се ажурираат повремено согласно потребите, односно во случаи на измена на Годишен распоред, донесување на нов Годишен распоред, евентуална промена на податоците во врска со судот кои им се неопходни на странките во нивно остварување на одредени права и пристап до судот и слично. Во судот не е развиена посебна процедура која се следи при објавување на информации на веб страна. Објавувањето на судските огласи и соопштенија генерално се врши преку огласната табла и преку веб страна судот преку соопштенија за јавност. Судот подготвува детални извештаи за својата работа што ги доставува до надлежните органи – Судски совет на РСМ, Врховен суд на РСМ и Министерството за правда, додека годишните и месечните извештаи за движењето со предметите се објавуваат и редовно на веб страната на судот. Според самите вработени во ОС Куманово, постои потреба од натамошно техничко усовршување за унапредување на содржините на веб страницата.

Во Основниот суд Куманово се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателката на судот одржува состаноци со претставници на институции согласно делокругот на работата на судот, додека со судиите од повисоките судови се одржуваат заеднички советувања и тренинзи преку Академијата за судии и јавни обвинители. Комуникацијата со судовите, органите на државната власт и останатите институции се врши и преку писмен пат, електронски, телефонски и преку директни средби. За време на вонредната состојба во 2020 година, ОС Куманово одржуваше редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ.

## 3.7. Основен суд Неготино

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во Основниот суд Неготино не е формирана канцеларија за односи со јавноста. Сепак, судот има назначено лице кое е задолжено за комуникација со јавноста и неговите контакт информации се објавени на веб страната на судот. Дополнително, истиот службеник е назначен од страна на судот за да постапува по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер и е назначено за контакт лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации. Во судот не е донесен или усвоен посебен правилник или кодекс за постапување и односи со јавноста. Основниот суд Неготино располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата. Сепак, во последните 3 години не било упатено ниту едно барање за медиумско снимање во судот.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Сумарните месечни извештаи за својата работа, ОС Неготино започнува редовно да го објавува во март 2020 година, а притоа ги има објавено и Годишниот извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2020 година и завршните годишни сметки за последните 5 години. Сепак, на веб страната на судот недостасува редовно, континуирано објавување на годишните извештаи за работењето на судот.

Покрај огласната табла на судот и веб страната, во судот се користат и други начини за објавување на јавните огласи за вработување и за избор на судии поротници како што се дневните печатени медиуми.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Во однос на соработка со други надлежни државни институиции, таа се одвива по потреба. Не се одржуваат заеднички состаноци со судии од апелационото подрачје, а советувањата се вршат согласно планот за обуки на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на судот по потреба одржува консултативни состаноци со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции.

Внатрешните процедури за комуникација се вршат според Судскиот деловник, а самата комуникација се остварува преку пошта, електронски, телефонски и таа се одвива без проблеми. За време на вонредната состојба во 2020 година, ОС Неготино одржуваше редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ.

# 3.8. Основен Граѓански суд Скопје

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Согласно обврските од Судскиот деловник, во Основниот Граѓански суд во Скопје е формирана канцеларија за односи со јавноста. Во Канцеларијата постапува едно лице – судски соработник, задолжен за комуникација и односи со јавноста. Во судот нема пропишано посебна процедура за односи со јавноста, туку се применува позитивното важечко законодавство. Судот има назначено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации. Судот има услови за да обезбеди медиумско снимање на постапките, како и да овозможи присуство на граѓаните и набљудувачите во судските постапки и рочишта. Во Основниот Граѓански суд Скопје во изминатите 4 години пристигнале голем број барања за медиумско снимање на судењата. Судот не води посебна евиденција за овие пријави, но сите барања за медиумско снимање ги забележува во соодветниот уписник на предметот, каде што се заведуваат и другите барања (СУ-03).

## СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната на ОснОсновниот Граѓански суд Скопје, ги содржи потребните информации за јавноста, таа редовно се ажурира, но процедура за ова не постои. На веб страната на судот недостасува годишниот извештај за 2020 година, нема објавено завршни сметки и план за работа, но, објавени се извештаите за јавни набавки. Според судот, постои потреба од натамошни технички обуки за подобрување на функционирањето на веб страната. Објавата на соопштенијата и информациите до јавноста се вршат преку веб страната, огласната табла на судот и по потреба преку Службен весник на Република Северна Македонија.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

## КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот остварува редовни средби и состаноци со претставници од Министерството за правда, судиите од другите судови и Апелацискиот суд, Судскиот совет на РСМ, и други институции. Се одржуваат и редовни советувања со судиите од повисокиот суд, додека за комуникацијата со институциите, органите на државната власт, правните и физичките лица со кои се комуницира по писмен и електронски пат, не се воспоставени посебни процедури во судот. Сите активности за комуникација и координација се вршат согласно Судскиот деловник, додека посебни внатрешни процедури нема.

## 3.9. Основен Кривичен суд Скопје

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Основниот Кривичен суд Скопје 1 е единствениот основен суд во државата кој има медиумски центар. Во судот е формирана канцеларија за односи со јавност во која работат две лица задолжени за оваа проблематика, во чии ингеренции е и одржувањето на веб страната. Односите со јавност се регулирани преку Судскиот деловник и Правилникот за односи со јавност на Врховниот суд на РСМ. Судот има назначено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер и лице за спроведување на лицата со посебни потреби и овозможување на полесен пристап до информации. Не постои податок колку медиумски снимања се реализирани во последните три години, но истите се вршат врз основа на одбрување на Врховниот суд и постојат соодветни услови за тоа. Судот соработува со сите медиуми и го цени нивниот интерес и нивната професионална обврска со цел поголема транспарентност и информирање на јавноста.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната се ажурира редовно – најчесто според потребите, а доколку има потреба и секојдневно. Според одговорите од основниот суд правосилните судски одлуки не се објавуваат редовно на веб страната на судот, иако таму може да се најдат досега над 20.000 објавени пресуди.

Анонимизирањето и објавувањето на судските пресуди е во надлежност на самите судии кои се објавуваат зависно од времето потребно за нивна писмена изработка и анонимизација. Судот во текот на минатата година спровел проект за анонимизација на правосилни не објавени пресуди со кој проект беа анонимизирани и објавени 1600 пресуди.

Судот ја информира јавноста за сите пресуди и тек на активни предмети за кои има интерес од јавноста односно од медиумите, но и за пресуди кои не биле следени од медиумите во текот на нивното судење, но како настан во време на сторувањето на кривичното дело за кое се водела судска постапка сепак претставува јавен интерес, како и за пресуди за предмети кои може да се од интерес за анализа во судската пракса. На страницата се објавуваат и Годишните извештаи во кои покрај активностите на судот, се опфатени јавните набавки и план за работа на Претседателот на судот, но други извештаи нема. Исто така, се објавуваат и месечни и квартални информации, кои главно содржат само статистички податоци. На веб страната се објавени и закажаните судења, содржани се општи податоци за судот, како и информации кои се битни за јавноста, кои посебно се доставуваат и до медиумите.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Од страна на Кривичниот суд во Скопје се одржуваат редовни состаноци со органите на државната управа, се користи усмена, писмена и електронска коресподенција, но не се одржуваат состаноци со останатите судови од апелационото подрачје и повисоките судови. Судот има воспоставено внатрешни процедури за комуникација со органите, правните и физичките лица.

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во согласност со обврските од Судскиот деловник, во ОС Берово е формирана канцеларија за односи со јавноста. Во канцеларијата постапува назначен судски службеник. Посебна пропишана процедура за односи со јавноста во форма на кодекс или правилник не е усвоена во рамките на канцеларијата за односи со јавноста или пак во судот. Согласно законските обврски, ОС Берово има назначено лице кое е задолжено за одговор на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер. Покрај ова, ОС Берово има назначено и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации чии контакт информации исто така се јавно достапни, односно објавени на веб страната на судот. Основниот суд Берово располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата, но досега не биле доставени барања за медиумско снимање на рочиштата.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

ОС Берово на својата веб страна редовно ги објавува своите месечни извештаи, а редовно се објавуваат и правосилните судски одлуки. На страницата се објавени годишните извештаи за работа на судот, како и завршните сметки, но ги нема објавено годишните планови за работа, како и информациите за јавните набавки. Јавноста се информира најмногу преку веб страната и огласната табла на судот, но покрај нив во судот се користат и други начини за објавување на судските одлуки и соопштенијата како што се Службен весник на РСМ, локалната радио станица, Агенцијата за вработување и во најмалку два дневни весници на територијата на РСМ. Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Основниот суд Берово комуницира и соработува со останатите судови од штипското апелационо подрачје, ОЈО Берово, надлежните инспекторати итн. Комуникацијата се остварува редовно и тоа најчесто преку состаноци, кои се и онлајн или телефонски, дури и за време на Ковид пандемијата, согласно препораките за заштита.

Во судот во Берово, не постојат внатрешни процедури за комуникација со органите на судот, правните и физичките лица.

## 4.2. Основен суд Виница

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во согласност со одредбите на Судскиот деловник во ОС Виница е формирана канцеларија за односи со јавноста во која е назначен судски соработник за комуникација со јавноста. На веб страната на судот се и јавно објавени контакт информации за лицето назначено за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации, како и од лицето назначено за слободен пристап до информации од јавен карактер. Дополнително, пристапот до информации од јавен карактер е уреден преку Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за пристап до информации. Во ОС Виница постојат услови за медиумско следење на судските постапки, но, досега такво барање не е доставено.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Содржините на веб страната на судот се ажурираат редовно – судски одлуки, решенија, информации, извештаи за работата и слично, и тие се внесуваат секогаш кога има потреба. На веб страната се објавени сите извештаи - годишни извештаи за работа, јавни набавки, план за работа, завршни сметки. Покрај огласната табла, ОС Виница користи и други алатки за информирање на јавноста, како што се локалните медиуми и весници или други институции кои се засегнати од соодветната содржина. Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателката на судот одржува консултативни состаноци со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции, како што се МВР, локалната самоуправа, Министерството за правда, Судскиот совет на РСМ и доколку се јави потреба и со други институции. За време на пандемијата на корона вирусот КОВИД-19, ОС Виница работел според Протоколот за работење на судот во услови на пандемија донесен од Здружението на судии. Притоа, ОС Виница одржувал редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ но помалку со Врховниот суд.

## 4.3. Основен суд Делчево

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Делчево е формирана канцеларија за односи со јавноста во која е определено да постапува едно лице. За полесен пристап до канцелариите за односи со јавност, на веб страната е објавено и каде точно се наоѓаат канцелариите, број на соба и како да се стигне до местото. Во рамките на судот е назначено едно лице за постапување по барања на граѓаните за слободен пристап до информации што е истовремено и лице задолжено за односи со лицата со посебни потреби во судот, а неговите контакт информации се јавно објавени на веб страната на ОС Делчево. Во ОС Делчево не е пропишана посебна процедура за односи со јавноста во форма на кодекс или правилник.

Во Основниот суд Делчево нема ниту технички ниту просторни капацитети и услови за да се обезбеди медиумско присуство и снимање на рочиштата. Во последните 4 години не било упатено ниту едно барање за медиумско снимање.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната на судот се ажурира по потреба и генерално ги содржи потребните информации, како и ажуриран распоред на судските предмети. Сепак, недостасува годишен извештај за 2019 година, завршна сметка за 2020 и годишен план за работа. Покрај огласната табла, судот ја информира јавноста и преку печатените медиуми. Во ОС Делчево се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции. Соработката и комуникацијата на судиите од повисоките и пониските судови од истото апелациско подрачје се преку заеднички состаноци и советувања, а комуникацијата со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции се одржува преку писмено комуницирање и преку електронска пошта. Во поглед на почитувањето на мерките и обезбедување услови за работа за време на КОВИД-19, судот одржувал редовна комуникација со повисоките судови и ги практикувал предложените мерки.

# 4.4. Основен суд Кочани

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во Основниот суд Кочани не е формирана Канцеларија за односи со јавноста, но е е назначено посебно лице за комуникација со јавноста кое постапува согласно пропишана процедура за односи со јавност (правилник, кодекс итн.). Во судот е назначено и лице за слободен пристап до информации од јавен карактер и лице задолжено за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации. Судот не располага со задоволителни просторни капацитети за присуство на медиуми и набљудувачи на судските постапки. Во последните 4 години е било упатено ниту едно барање за медиумско снимање до ОС Делчево.

## СУДСКИ ПОРТАЛ

Во однос на содржината на веб страната се потенцира дека нејзиното ажурирање е по потреба и без притоа да има воспоставено протокол за објавување на информациите на веб страната. Веб страната ги содржи потребните информации за судиите, судските одлуки, закажани судења, соопштенија итн. Годишни извештаи има само за 2020 и 2018 година, а објавени се месечни извештаи за работа. Недостасуваат и планови за работа и извештаи за јавни набавки. И ОС Кочани покрај огласната табла ги користи и медиумите како алатка за објавување на известувањата кон граѓаните. Во ходниците во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

## КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот во текот на своето работење остварува консултативни средби и состаноци со органи на државната управа, како и претставници на други институции (Адвокатска комора, Нотарска комора, јавни обвинителства итн). Комуникацијата со државните органи се одвива претежно по писмен пат, електронски по емаил и телефонски. Во однос на комуникацијата со странките не се воспоставени внатрешни процедури и истата се одвива директно со странките или преку нивните застапници исклучиво за статусот на нивните предмети. За време на пандемијата на корона вирусот КОВИД-19, судот бил во редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ во однос на потребите на судот за почитување на мерките и обезбедувањето на услови за работа.

# 4.5. Основен суд Радовиш

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во согласност со обврските од Судскиот деловник, во ОС Радовиш е формирана канцеларија за односи со јавноста. Во канцеларијата е назначен еден советник информатичар кој постапува по барања на заинтересирани лица за добивање примерок од судска одлука објавена на веб страната на судот и одговара на прашања поставени од заинтересирани лица. Согласно законските обврски, ОС Радовиш има назначено лице кое е задолжено за одговор на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, чии контакт информации се јавно објавени на веб страната на судот. Дополнително, ОС Радовиш има назначено и лице за спроведување на лицата со посебни потреби и овозможување на полесен пристап до информации чии контакт информации исто така се јавно достапни, односно објавени на веб страната на судот. Основниот суд Радовиш не располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата. Во последните три години, до судот нема пристигнато ниту една барање за одобрување на медиумско снимање.

## СУДСКИ ПОРТАЛ

ОС Радовиш редовно ги објавува своите месечни извештаи на веб страната на судот, а редовно се објавуваат и правосилните судски одлуки. Сепак, на веб страната недостасуваат годишните извештаи за работата на судот за 2019 година, како и годишниот план за работа и извештаите за спроведените јавни набавки. Покрај огласната табла на судот и веб страната, во судот се користат и други начини за објавување на судските одлуки и соопштенијата како што се соопштенија и огласи во медиумите, средби со граѓаните на Радовиш и преку посредни информации од вработените.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

## КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателката на судот одржува комуникација со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции, како што се Апелациониот суд Штип, МВР-СВР Радовиш, Центар за социјална работи -подрачна единица Радовиш, Агенција за катастар на недвижности – одделение Радовиш, Министерство за финансии – Управа за јавни приходи, Основно јавно обвинителство Радовиш и со останати институции. Размената на информации најчесто се одвива преку писмена комуникација и повремени работни состаноци. За време на пандемијата на корона вирусот КОВИД-19, ОС Радовиш бил во редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ во однос на потребите на судот за почитување на мерките и обезбедувањето на услови за работа.

## 4.6. Основен суд Свети Николе

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Свети Николе е формирана канцеларија за односи со јавноста каде постапува едно лице. Во судот е и назначено едно лице за односи со јавноста, како и лице задолжено за овозможување контакт на лица со посебни потреби. Контакт информациите се јавно објавени на веб страната на судот, заедно со три електронски адреси и упатена молба барањата за информации од јавен карактер Во ОС Свети Николе нема посебна пропишана процедура за односите со јавноста односно нема посебен правилник и кодекс. Комуникацијата со јавноста се одвива на непосреден начин.

ОС Свети Николе не располага со доволно технички и просторни капацитети и услови за да обезбеди медиумско присуство и медиумско снимање на рочиштата.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страната на судот се ажурира еднаш неделно, или по потреба. На страницата може да се најде календарот на судења, судските одлуки и извештаите за работата на судот. Објавени се и сите годишни извештаи и завршни сметки, а недостасува само годишен план за работа на судот (прикачен е само за 2016 година). Посебен протокол за ажурирање на веб страната и во овој суд не постои, а мислењето на судот е дека е потребна техничка обука за унапредување на веб страната. Огласите се објавуваат на огласна табла, веб страната, печатените и електронските медиуми.

На веб страната на ОС Свети Николе има објавени корисни информации за сите заинтересирани граѓани со кои се олеснува комуникацијата со судот (периоди во кои се користат годишни одмори и нема судења, начини на остварување на правата на странките, однесување при посета на судот, што е потребно за апостил печат и поведување оставинска постапка итн.).

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува редовни консултативни состаноци со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции, како што се Апелациониот суд во Штип, МВР, Државното правобранителство на РСМ, нотари, адвокати и сл. Соработката и комуникацијата на судиите од повисоките и пониските судови од истото апелационо подрачје се одвива континуирано, а комуникацијата со претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции се одржува преку редовни заеднички состаноци и работилници. Судот одржувал редовна комуникација со повисоките судови во однос на потребите на судот за почитување на мерките и обезбедување услови за работа во вонредни услови предизвикани од КОВИД-19.

## 4.7. Основен суд Струмица

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Струмица е формирана Канцеларија за односи со јавноста во која Претседателот на судот има определено еден судски соработник. За односите со јавноста се користат одредбите на Судскиот деловник, додека за давањето на информации од јавен карактер, назначено е посебно лице кое е задолжено за давање на информации од јавен карактер и истото е заведено во Агенцијата за слободен пристап со информации од јавен карактер. Во рамките на судот е и назначено лице задолжено за овозможување контакт на лица со посебни потреби. Судот располага со соодветни просторни капацитети и услови за присуство на медиумите и набљудувачите на судските постапки за време на рочиштата. Медиумско снимање на судските рочишта се практикува и во последните три години се поднесени 3 барања кои Врховниот суд ги одобрил во целост.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Информациите на веб страната на судот се ажурираат редовно по која било промена која е потребно да стои на веб страната на судот. Притоа судот редовно ги објавува резултатите од работата на судот и судиите, годишните извештаи и правосилните судски одлуки. Објавувањето на судските огласи и соопштенија се вршат исклучително преку огласната табла во судот и преку веб страницата на судот бидејќи не постојат други методи согласно Судскиот деловник за известување на јавноста. Годишните извештаи на Основниот суд Струмица се прикажани единствено со табеларен приказ на обемот на работа во делот на предметите од граѓанската област, кривичната област и предметите од судската управа. За содржината и начинот на објавување на информациите на веб страната на судот не се утврдени посебни процедури или протоколи.

Во судот се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со сите релевантни претставници на другите судови, органи на државната управа и други правни субјекти и институции а со кои ќе се јави потреба да се извршат консултативни разговори околу заеднички интереси и прашања. Комуникацијата со судовите, органите на државната власт, установите и другите институции утврдени со закон се одвива најчесто електронски, писмено и телефонски, кога потребата од комуникација е од итна природа. Во судот нема воспоставени внатрешни процедури за комуникација со органите, правните и физичките лица. Заеднички состаноци и советувања на судиите од повисокиот суд и понискиот суд од истото апелациско подрачје се одржуваат редовно.

За време на пандемијата на корона вирусот КОВИД-19, судот бил во редовна комуникација со Судскиот совет на РСМ во однос на потребите на судот за почитување на мерките и обезбедувањето на услови за работа.

## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

### ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во ОС Штип не е формирана канцеларија за односи со јавноста, но судот има назначено лице кое е задолжено за комуникација со јавноста, лице за слободен пристап до информации од јавен карактер и и лице за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации. Во судот недостасува процедура за односи со јавноста во форма на Правилник, кодекс или упатство. Основниот суд Штип располага со доволно услови за да обезбеди медиумско снимање и присуство на граѓаните и набљудувачите во судските постапки. Во Штип медиумите не покажуваат голем интерес за следење на судските постапки, па во последните три години не биле доставени барања за медиумско снимање на судските постапки во ОС Штип.

### СУДСКИ ПОРТАЛ

Веб страницата на ОС Штип редовно се ажурира со нови информации вклучително и редовно објавување на правосилните судски одлуки, како и резултатите од справувањето со обемот на работа на судиите. На веб страната се ажурираат закажаните судења, судските одлуки, соопштенијата за јавност и други информации. Објавени се сите годишни извештаи, но недостасуваат завршни сметки за 2019 и 2020, додека план за работа е објавен единствено за 2016 и 2020 година. За содржината и начинот на објавување на известувањата и соопштенијата за работа на судот не се усвоени посебни процедури или протоколи, иако ажурирањето е редовно истото е координирано со Претседателот на судот. Согласно одредбите на Судскиот деловник објавувањето на судските огласи и соопштенијата се врши преку огласната табла во судот, веб страницата а повремено за предметите кои се од важност за јавноста се доставуваат и соопштенија преку медиумите.

Во дел од судниците во ОС Штип се истакнати постери на видни места кои се однесуваат за запознавање на странките со нивните права и обврски во судницата и во судските постапки во кои учествуваат.

### КОМУНИКАЦИЈА СО ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Претседателот на судот одржува консултативни состаноци со претставници на другите судови, нотари од подрачјето на судот, Адвокатската комора на Република Северна Македонија (АКРСМ), Центар за социјална работа (ЦСР), извршители, Министерство за внатрешни работи и други. Во 2020 година поради состојбата со глобалната пандемија не се одржани заеднички состаноци и советувања на судиите од Апелациониот суд Штип. Преку Претседателот на судот согласно членот 96 од Судскиот деловник во предмети за кои постапката е во тек, судијата кој постапува по предметот непосредно комуницира со другите судови и други органи, а судскиот службеник може да комуницира по претходно овластување на Претседателот на судот. ОС Штип ја остварува комуникацијата со судовите, органите на државната власт и другите институции по писмен пат (пошта или емаил), но нема воспоставено внатрешни процедури за комуникација со правните и физичките лица како странки. За време на пандемијата на корона вирусот КОВИД-19, ОС Штип работел според мерките и препораките донесени од Владата на РСМ, Одлуката за постапување во ОС Штип при услови на пандемија предизвикана од вирусот КОВИД -19 со правила за однесување во судската зграда, донесена од Претседателот на ОС Штип и според советодавниот Протокол за работење на судот во услови на пандемија донесен од Здружението на судии. Притоа, ОС Штип одржувал редовна комуникација со Судскиот совет но помалку со Врховниот суд.

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

## „ОСНОВНИТЕ СУДОВИ СЕ ОТЧЕТНИ НО НЕДОВОЛНО ТРАНСПАРЕНТНИ И ОТВОРЕНИ“

1. Судската власт нема усвоено стратешки документ во кој ќе бидат опфатени системски активности за примена на начелата на отвореност, транспарентност и отчетност. Ваквиот документ ќе послужи за оценување на потребите на судовите и следење на примената на обврските за транспарентно и отчетно работење.

2. Основните судови немаат усвоено инструменти за зајакнување на довербата кај граѓаните и целокупната јавност. Постојат ретки исклучоци каде основните судови споделуваат информации за судски предмети што се во јавен интерес но со цел подобрување на информираноста на јавноста неопходно е да се зголеми присуството на претставници на судството на интервјуа, дебати и јавни расправи.

3. Комуникацијата на судовите со јавноста и пренесувањето на информации до медиумите се одвива со потешкотии поради отсуство на институционални процедури за примена на правилата за транспарентност на судовите. Основните судови немаат усвоено внатрешни процедури за начинот на известување на јавноста со определени информации, како и следење на содржината и објавите на веб страните на судот меѓу кои информациите од јавен карактер, правосилни судски одлуки и информирање за работата на судот.

4. Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите претставува солиден механизам за олеснување на комуникацијата помеѓу судовите и медиумите, со соодветни капацитети за професионално известување на јавноста за судските постапки и враќање на довербата во судскиот систем .

5. Недостасува отвореност на податоци во однос на планирањето и трошењето на судскиот буџет како и информации за спроведените јавни набавки. Ова е особено важно бидејќи ССРСМ има надлежност да ги следи веб страниците на судовите и да оценува дали претседателите на судовите постапуваат во согласност со законот.

6. Содржината на веб страните на основните судови не е унифицирана што го прави пребарувањето на информациите отежнато во сите основни судови. Постои неусогласеност на информации на податоци на веб страните на основните судови посебно во делот на  биографии на судиите, судски одлуки, правни мислења и соопштенија за јавноста. Исто така, на веб страните на судовите недостасуваат адаптирани информации за лицата со посебни потреби или ранливи категории на лица.

7. **Пребарувањето на објавените одлуки на веб страниците на основните судови е отежнато поради недостаток на информации по вид на предмет, правна област, подвид на предмет или правен основ.**

8. **Основните судови на своите веб страни редовно објавуваат месечни, тримесечни и годишни извештаи за судските предмети. Годишните извештаи содржат статистички податоци за судските предмети претставени табеларно кои не се доволни за да се прикаже реалната состојба со предметите и условите за работа во судот на начин кој ќе биде лесно разбирлив за јавноста.**

# КВАЛИТЕТ НА СУДСКА ПРАВДА

Основни клучни елементи на секој ефективен правосуден систем се квалитетот, независноста и ефикасноста. Имено, основен услов за обезбедување на заштита на индивидуалните права и слободи на граѓаните е воспоставувањето на ефективен правосуден систем. Истовремено, тоа претставува и услов за создавање на погодна деловна клима за инвестиции. Уште повеќе, постоењето на правосуден систем којшто се карактеризира со независност, квалитет и ефикасност е од витално значење во контекст на успешно спроведување на евроинтеграциските процеси на Република Северна Македонија, при што треба да се обезбеди доследна примена на европското законодавство во државата.

Компонентите независност и ефикасност, како едни од клучните компоненти на концептот „ефективен правосуден систем", претставуваат објективни и мерливи параметри. За разлика од нив, третата клучна компонента на концептот „ефективен правосуден систем", односно квалитетот на судксата правда, претставува субјективен параметар. Сепак, субјективниот карактер на судската правда не треба да претставува пречка во однос на нејзината мерливост. Имено, државата има обврска да воспостави механизам и алатки за обезбедување на повратни информации и во однос на ова прашање, за да може да се врши мерење во оваа смисла, со цел да се обезбедат релевантни насоки за унапредување на квалитетот на судската правда.

Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ) е судско тело воспоставено во 2002 година во рамки на Советот на Европа, заради обезбедување на механизам за унапредување на квалитетот и ефикасноста на судската правда во Европа. Имено, воспоставено е од страна на Комитетот на министри, на Советот на Европа на иницијатива на европските министри за правда, со цел да постои определено иновативно тело кое ќе се грижи за подобрување на квалитетот и ефикасноста на европските судски системи и за зајакнување на довербата на граѓаните во тие системи. Ова тело е составено од претставници-експерти од сите 47 држави членки на Советот на Европа и доверени му е следните мисии:

- да им предлага на државите прагматични решенија во однос на судската организација, целосно земајќи ги во предвид корисниците на судот;
- да се овозможи подобро спроведување на стандардите на Советот на Европа во областа на правдата;
- да придонесе кон олеснување во однос на бројот на случаи пред Европскиот суд за човекови права на начин што ќе ги обезбеди државите со ефективни решенија за спречување на повредите на правото на правично судење во разумен рок (член 6 од Европската конвенција за човекови права).

Конкретната задача на ова тело е да развива конкретни мерки и алатки, кои на креаторите на политики во делот на правосудството, како и на судските практичари, треба да им овозможи:

- да го анализираат квалитетот на судската правда;
- да ги идентификуваат проблемите што треба да се надминат;
- да ги дефинираат конкретните механизми и алатки преку кои ќе се врши проценка на перформансите на судскиот систем, а потоа и на функционирањето на тие системи;
- да го подобрат спроведувањето на механизми и алатки преку кои ќе се врши проценка на перформансите на судскиот систем во земјите членки на Советот на Европа и да предложат нови доколку е потребно;
- да обезбедат помош на држава членка, по нејзино барање, при спроведувањето на реформи во судската организација.

Со цел да ги реализира наведените мерки и алатки, CEPEJ разработува индикатори, собира и анализира податоци, дефинира мерки и средства за проценка, подготвува разни документи (извештаи, мислења, упатства, акциони планови, итн.), воспоставува соработка со институти за истражување и експерти во областа, со граѓански организации, и развива мрежи на судски професионалци.

За мерење на квалитетот на судската правда, Европската комисија за ефикасност на правдата на 7 декември 2016 година, на својата 28-ма пленарна седница донесе документ за мерење на квалитетот на судската правда. Како што е наведено во документот, во потесна смисла, „квалитетот на судската правда" често се сфаќа исклучиво како „квалитет на судските пресуди". Во поширока смисла, квалитетот на судската правда покрај квалитетот на судските пресуди, треба да ги опфати и сите аспекти што се релевантни за доброто функционирање на правосудниот систем, обично оценети преку перцепцијата на странките во постапката. Sensu lato, мерењето на судската правда вклучува различни елементи, како што се јасност на постапката и судските пресуди, навремени индивидуални процесни дејствија од судиите, достапност на канцелариите за странките, како и степенот на леснотија на употреба на достапните алатки, вклучително и онлајн достапните алатки.

Од анализата на достапните документи, произлегува дека клучни параметри за следење на квалитетот на судската правда се:

- Правичност на постапката;
- Судење во разумен рок;
- Транспарентност на постапката и јавноста на пресудата;
- Заштита на малолетни лица (и други лица на кои со закон и меѓународни акти им се гарантира заштита);
- Разбирливост на постапувањето на обвинителството, на текот на постапката и на пресудите/одлуките;
- Право на пристап до правда воопшто и
- Правна помош (кога се исполнети сите услови).

Заради мерење на квалитетот на судската правда, Европската комисија за ефикасност на правдата, во рамки на гореспоменатиот документ, во форма на Анекс, има утврдено и Листа за проверка на квалитетот на судската правда, која содржи 250 суштински прашања, кои ги опфаќаат сите аспекти на правосудниот систем. Сите предвидени прашања немаат еднаква важност за мерење на квалитетот, но сепак преку нивно систематско одговарање од страна на сите релевантни чинители, може да се извлече релевантен заклучок за квалитетот на судската правда.

Во однос, пак, на механизмите за мерење на квалитетот на судската праска, суштински се три, и тоа:

- Анализа на законите и подзаконските акти, со кои се воспоставува правосудниот систем во државата;
- Воспоставување на соодветни бази на статистички податоци и информации со чија анализа ќе се влечат соодветни заклучоци и
- Воспоставување на алатки и механизми за мерење на перцепцијата на граѓаните.

Мерењето на перцепцијата на странките не треба да значи дека правдата ќе се спроведува со цел да се задоволат очекувањата на странките. Довербата на граѓаните е секако легитимна цел, но не е единствената.

Во секој случај, темата за мерење на квалитетот на судската правда е многу важна и остава огромен простор за работа и подобрување, дури и во држави кои имаат воспоставено ефективни правосудни системи, а истата добива уште повеќе на значење во држави во кои владеењето на правото и правната држава се сè уште само формално воспоставени, односно во кои реформата на правосудните системи е еден од главните приоритети.

Воспоставените клучни параметри за следење на квалитетот на судската правда практично претставуваат клучни елементи на член 6 од Европската конвенција за човекови права, кој го гарантира правото на правично судење. Имено, правото на правично судење е во тесна корелација со квалитетот на судската правда, кој се изразува преку квалитетот на судските постапки, квалитетот на судските одлуки и квалитетот на нивното ефикасно спроведување. Притоа, еден од најважните критериуми кои го определуваат квалитетот на судската правда е начинот на образложување на судските одлуки.

Европскиот суд за човекови права развил богата судска практика во однос на усогласенота на начинот на образложување на судските одлуки со барањата за правично судење кои ги наложува член 6 од Европската конвенција за човекови права, при што воспоставил јасни принципи и стандарди во оваа смисла. Така, Судот утврдил дека гаранциите содржани во член 6 став 1 од Европската конвенција за човекови права вклучуваат обврска судовите да дадат доволни причини за своите одлуки (H. v. Belgium, § 53). Според Судот, образложената одлука им покажува на странките дека нивниот случај навистина е сослушан и со тоа придонесува за поголемо прифаќање на одлуката (Magnin v. France (dec.), § 29).

Иако домашниот суд има одредена маргина на уважување при избор на аргументи и дозволување на докази, тој е должен да ги оправда своите активности со образложение за своите одлуки (Suominen v. Finland, § 36; Carmel Saliba v. Malta, § 73). Притоа, наведените причини мора да бидат такви што ќе им овозможат на странките ефективно да го искористат секое постоечко право на жалба (Hirvisaari v. Finland, § 30 in fine).

Според Европскиот суд за човекови права, членот 6 став 1 од Европската конвенција за човекови права ги обврзува судовите да даваат причини за своите одлуки, но не може да се сфати во смисла дека бара детален одговор на секој аргумент (Van de Hurk v. the Netherlands, § 61; García Ruiz v. Spain [GC], § 26; Jahnke and Lenoble v. France (déc.); Perez v. France [GC], § 81). Притоа, степенот до кој се применува оваа должност да се даваат причини може да варира во зависност од природата на одлуката (Ruiz Torija v. Spain, § 29; Hiro Balani v. Spain, § 27) и може да се утврди само во светло на околностите на случајот: потребно е да се земе предвид, меѓу другото, разновидноста на поднесоците што тужителот може да ги поднесе до судовите и разликите што постојат во земјите договорнички во врска со законски одредби, вообичаени правила, правно мислење и презентирање и изготвување пресуди (Ruiz Torija v. Spain, § 29; Hiro Balani v. Spain, § 27). Меѓутоа, кога поднесувањето на странката е одлучувачко за исходот на постапката, тоа бара специфичен и изречен одговор (Ruiz Torija v. Spain, § 30; Hiro Balani v. Spain, § 28).

Имајќи ги предвид претходно наведните констатации, Судот утврдил дека од судовите се бара да ги испитаат:

- главните аргументи на тужителот (Buzescu v. Romania, § 67; Donadze v. Georgia §35);
- молбите во врска со правата и слободите загарантирани со Конвенцијата и нејзините протоколи: од националните судови се бара да ги испитаат овие молби со посебна строгост и грижа (Fabris v. France [GC], § 72 in fine; Wagner and J.M.W.L. v. Luxembourg, § 96).

Според Судот, членот 6 став 1 од Европската конвенција за човекови права не бара од повисокиот суд да даде подетално образложение кога едноставно применува специфична законска одредба за отфрлање на жалба во контекст на примената на правото бидејќи нема изгледи за успех, без дополнително објаснување (Burg and Others v. France (dec.); Gorou v. Greece (no. 2) [GC], § 41). Слично на тоа, во случај на барање за допуштање на жалба, што е предуслов за сослушување на побарувањата од страна на повисокиот суд и за евентуално донесување на пресуда, членот 6 став 1 не може да се толкува дека бара самото отфрлање на барањето за допуштање да е предмет на барање да се наведат детални причини (Kukkonen v. Finland (no. 2), § 24; Bufferne v. France (dec.))

Понатаму, со отфрлање на жалба, апелациониот суд може, во принцип, едноставно да ги одобри причините за одлуката на пониското суд (García Ruiz v. Spain [GC], § 26; contrast Tatishvili v. Russia, § 62). Меѓутоа, поимот за правична постапка наложува националниот суд кој дал скромни причини за своите одлуки, без разлика дали тоа го сторил со инкорпорирање на причините на пониското суд или на друг начин, всушност да се осврнал на суштинските прашања што биле доставени до неговата јурисдикција, а не само да ги одобрил без понатамошно дополнување наодите до кои дошол понизок суд (Helle v. Finland, § 60). Ова барање е уште поважно кога странката не можела усно да ја презентира својата постапка во домашната постапка (ibid.).

Сепак, апелационите судови (на второстепено ниво), кои се одговорни за филтрирање на неосновани жалби и имаат надлежност да постапуваат со прашања на факти и право во конкретната постапка, треба да дадат причини за нивното одбивање да прифатат жалба за разгледување и пресудување (Hansen v. Norway, §§ 77-83). Во цитираниот случај, апелациониот суд одбил да ја разгледа жалбата на жалителот против одлуката на првостепениот суд во граѓанска постапка, сметајќи дека е „јасно дека жалбата нема да успее" и на тој начин едноставно го репродуцирал текстот на Законот за парнична постапка.

Понатаму, Судот не утврдил повреда во случај кога не бил даден конкретен одговор на аргумент во врска со небитен аспект на случајот – имено, отсуство на потпис и печат, кое било недостаток повеќе од формална, отколку од суштинска природа, и бил навремено исправен (Mugoša v. Montenegro, § 63).

Во однос на третманот на квалитетот на судската правда во рамки на Советот на Европа, вредно е да се спомене и Консултативниот совет на европски судии. Се работи за советодавно тело на Советот на Европа во врска со прашања поврзани независноста, непристрасноста и компетентноста на судиите. Тоа е единствено тело во рамки на меѓународна организација кое е составено исклучиво од судии, и во овој поглед, тоа е единствено не само во Европа, туку и во светот. Со воспоставување на ова тело, Советот на Европа посветува приоритетно внимание на статусот на судиите и квалитетот на правосудниот систем, од причина што имплементацијата на владеењето на правото и унапредувањето и заштитата на човековите права и основните слободи зависат од постоењето на силно и независно судство, взаемно почитување помеѓу законодавната, извршната и судската власт и зголемената доверба на европските граѓани во нивниот правосуден систем.

Активностите на Консултативниот совет на европски судии се насочени кон усвојување на мислења кои ги засегаат најважните прашања поврзани со судството, меѓу кои и квалитетот на судската правда.  Така, Мислењето бр. 17 (2014) на овој совет се однесува на оценувањето на работата на судиите, квалитетот на судството и почитувањето на судската независност.

Во оваа смисла, Консултативниот совет на европски судиии во Мислењето бр. 17 (2014) утврдува дека „за владеење на правото во една демократија, не е доволно да се обезбеди само независно судство, туку, мораат да постојат и компетентни судови каде ќе се носат судски одлуки од највисок можен квалитет", па од тие причини тој постојано внимава на две прашања кои се од суштинска важност: заштитата на судската независност и можните начини за одржување и подобрување на квалитетот и ефикасноста на правосудните системи. Имено, постојат две клучни барања што секој правосуден систем мора да ги исполни, а тоа е спроведување на правдата со највисок можен квалитет и постоење на соодветна отчетност во едно демократско општество. Конкретно, во контекст на квалитетот на судските одлуки, Консултативниот совет на европски судиии изречно наведува дека „за своите одлуки, судиите мора да дадат убедливо и неспорно образложение, а пресудите мораат да ги пишуваат на јасен и сеопфатен начин".

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКАТА СЛУЖБА

Професионалниот развој и компетентноста на судиите е една од клучните компоненти на управување со човечките ресурси во судовите. Во однос на прашање, Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа за Комитетот на министри при Советот на Европа со став 25 од Мислењето бр. 3 (2002)[31] за принципите и правилата за професионално поведение на судиите, етика, несоодветно однесување и непристрасност, го утврдува следното: „Ефикасноста на судскиот систем бара, исто така, судијата да има висок степен на професионална свест. Треба да се обезбеди одржување на висок степен на професионална компетентност на судиите преку основна и континуирана обука која ќе им обезбеди соодветни квалификации".

31 Мислење бр. 3 на Консултативниот совет на европските судии при Совет на Европа, достапно на: https://rm.coe.int/1680747d46

Дополнително Консултативниот совет на европските судии при Советот на Европа за Комитетот на министри при Советот на Европа, со Мислењето бр. 4 (2003)[32] кое се однесува на принципите и правилата за соодветна почетна и континуирана обука на судии на национално и европско ниво, во својот став 42, ги дава следниве препораки:

- програмите и методите за обука треба да бидат предмет на често оценување од страна на органите одговорни за судиска обука;
- во начело, учеството во судиските иницијативи за обука не треба да биде предмет на квалитативна проценка;
- учеството во судиските иницијативи за обука, објективно разгледувано, може да биде земено предвид при професионалната оценка на судиите;
- квалитетот на пренесување на знаењата од страна на обучувачите треба да биде оценуван, секогаш кога ваквата оценка е неопходна, заради фактот што во некои системи почетната обука е фаза на процесот на избор на судиите.

Член 54 од Законот за судови предвидува дека „судијата има право и обврска на постојано стручно усовршување за време на траење на судиската функција согласно со закон," додека член 77 од истиот закон предвидува изрекување на дисциплинска мерка во случај на неисполнување на обврската за континуирана обука. Понатаму, Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, во својот член 114(3), утврдува дека: „континуираната обука е задолжителна за судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства." Во член 13 од овој закон се предвидува дека Управниот одбор на Академијата, по предлог на Програмскиот совет, утврдува програми за приемен испит, за почетна обука и за завршниот испит, програми за континуирана обука, програма за практикување на судиската и јавно обвинителската функција, општи и специјализирани програми за обука. Во Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 (Стратешка насока 4.1.1.2) се воведува специјализација на судиите. Во последните измени на Законот за судовите се предвидува поширока можност на судовите за формирање на оддели во рамките на судот, а со цел за зајакнување на можноста за специјализација на судиите за работа по одделен вид предмети.

Правилникот на Академијата за континуирана обука[33] во членот 7 утврдува 3 до 14 дена за обука годишно, зависно од должината на стажот на судиите. Содржината на програмата за континуирана обука (член 11 од Правилникот за континуирана обука) вклучува релевантни правни теми од домашното, меѓународното право, и правото на ЕУ, судската пракса, како и други области.

Задолжителната континуирана обука се изразува во денови, а за еден ден обука се смета обука во траење од најмалку шест наставни часа. Во зависност од стажот што секој судија и јавен обвинител го поседува, Академијата одредува минимален број на денови обука кои секој судија и јавен обвинител минимално треба да ги оствари во период од една календарска година. Новоизбраните судии со стаж до 1 година, треба да остварат минимум од 14 дена обука во текот на една календарска година, од кои 5 дена интензивна обука веднаш по изборот за судија или јавен обвинител и дополнителни 9 дена редовна обука. Судиите кои имаат помеѓу една и три години искуство се задолжени да посетат минимум од 10 дена обука, додека оние со стаж измеѓу 3 и 8 години посетуваат минимум од 6 дена обука. Судиите со стаж од осум до петнаесет години имаат обврска да остварат обука од 4 дена, а судиите со стаж петнаесет години стаж имаат обврска да посетат најмалку 2 дена континуирана обука.

32 Мислење бр. 4 на Консултативниот совет на европските судии при Совет на Европа, достапно на: https://rm.coe.int/1680747b52

33 Правилник за континуирана обука на Академијата за судии и јавни обвинители, Службен весник на РМ, бр. 77/2015 година

## КВАЛИТЕТОТ НА СУДСКАТА ПРАВДА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Анализата на севкупната состојба во однос на правосудниот систем на Репбулика Северна Македонија укажува дека постои отсуство на елементарни услови за следење и мерење на квалитетот на судската правда. Имено, освен достапноста на регулативата и нејзина анализа, не постојат дополнителни механизми и алатки преку кои ќе се следи и мери квалитетот на судската правда. Во оваа смисла, евидентно е отсуството на потребните бази на податоци и информации. Уште повеќе, оние бази кои се достапни не се соодветно пополнети, односно не може да стане збор за соодветен квалитет на податоците во рамки на овие бази.

Покрај отсуството на елементарни услови за следење и мерење на квалитетот на судската правда и соодветни бази на податоци и информации во оваа смисла, евидентно е и отсуството на механизам за мерење на задоволството на граѓаните од работата на судовите. Неспорен е фактот дека од анализите кои спорадично се прават на оваа тема од страна на граѓански и меѓународни организации, како и од информациите кои се пласираат во медиумите, задоволството и довербата на граѓаните во судството е на најниско ниво. Сепак, нема воспоставено формален механизам од кој на оваа тема би се добивале релевантни податоци. Во однос на мерењето на задоволството на граѓаните, многу повеќе е направено во делот на работата на администрацијата каде се прават напори за воспоставување на ваков систем, а во 2013 година е донесен дури и Закон за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба , а беа воспоставени и електронски механизми за оценка на работата на службениците.

Она што во моментов е достапно, односно годишните извештаи, како и сите останати податоци од апелационите судови и Судскиот совет на РСМ, не содржи доволно информации од кои може да се изведе прецизен заклучок дури ниту за квалитетот на судската правда во потесна смисла на зборот, односно за квалитетот на самите одлуки на основните судовите. Извештаите содржат податоци за решени предмети на годишно ниво, како и за видот на донесените одлуки, но со оглед на непостоењето на податоци за тоа колку од решените предмети се новопримени, а колку се земени од претходна година, не може да се извлече заклучок за бројот на оспорени одлуки на апелациониот суд на годишно ниво, за понатаму да се направи анализа на тоа против колку од решените предмети на апелациониот суд се поднесени вонредни правни средства до ВСРСМ, за конечно да се заклучи колку одлуки на апелациониот суд биле укинати, а колку барања на странките биле отфрлени и одбиени.

Според Оценките и заклучоците за судовите за 2019 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија, иако се споменува квалитетот, отсуствуваат подетални податоци за тоа како се мери квалитетот на судските одлуки. Квалитетот, според овој Извештај, е изразен преку односот на примените и решените предмети, а најчесто преку бројот на потврдени пресуди, наспроти бројот на укинати односно преиначени, и тоа по правни области, како параметар од кој може да се извлече заклучок за квалитетот. Сепак, се нотира дека отсуствува подетален осврт за квалитетот, освен наведените показатели.

Странките, согласно процесните закони во РСМ, под одредени услови имаат право против правосилни одлуки да употребуваат вонредни правни средства. Од бројот на вложени правни средства до Врховниот суд на РСМ, како и од нивниот исход, може да се изведат заклучоци за квалитетот на работење на апелационите судови, како и на основните судови во секое апелационо подрачје.

Организацијата на работата на судиите е врз основа на Годишниот распоред на судот во кој се уредува внатрешното работење на судот, остварување на програмата за работа на судот и извештаите за работа, спорни правни прашања, административно-технички прашања поврзани со работата на судот. Претседателот на судот е воедно надлежен да врши надзор врз работата преку увид во работата на советите во судот, судијата поединец, судскиот администратор и вработените во судската служба во судот. Дополнително, претседателот на судот ја координира работата на одделите, а во негова надлежност спаѓа и формирањето на работно тело за управување со

движењето на предметите, за чијашто работа претседателот треба да донесе годишен план за спречување и намалување на заостатокот на нерешени предмети. Оваа постапка е подетално уредена со Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

Во контекст на подобрување на квалитетот, во Судскиот деловник е предвидено дека во секој суд треба да постои судска библиотека. Судската библиотека треба да биде обезбедена со примероци од закони, прописи, коментари, како и материјали од стручна литература, книги и списанија при што стручната литература треба постојано да се дополнува. Текстовите на законите, согласно Судскиот деловник, треба да бидат во доволен број за секој вработен да има лесен пристап до истите. Иако условите за тоа се ограничувачки, во судската библиотека потребно е текстовите и прописите да бидат достапни во електронска форма и запис. Во контекст на ова прашање е и пристапот на судовите до законските прописи објавени во Службен весник на РСМ.

Од друга страна, кога се зборува за квалитетот на судската правда, тешко е да се воспостават егзактни критериуми за да може тој да биде искажан во квантитативна форма. Квалитетот на судската одлука не е само прашање на формата и процедурата, туку и на примената на правото. Прашањето за квалитетот на судската правда може да се изведе од Уставот на РСМ, каде што владеењето на правото и правната сигурност се ставени на ниво на темелни вредности, а во нормативниот дел се дадени насоките и рамките според кои е предвидено дека Врховниот суд, како највисок суд, се грижи за единствена примена на законите, односно унифицирањето на судската пракса од судовите. Прашањето за квалитетот на судската правда се изведува и преку одредбите на Законот за судовите, каде подетално се разработени постулатите поставени со Уставот на РСМ. Притоа, начинот на образложување на судските одлуки е еден од најважните критериуми за квалитетот на судската правда. Следствено на тоа, преку интерпретација на членот 6 од Европската конвенција за човекови права, преку кој се регулира правото на правично судење како неопходен елемент на квалитетот на судската правда, која се огледува не само преку квалитетот на судските постапки и процедури од аспект на форма, туку и од аспект на содржината, се доаѓа до потребата од јасност на образложението на судските одлуки и нивното ефикасно извршување.

Квалитетот на судската правда зависи многу и од фактот дали судската пракса е усогласена, или пак истата е неконзистентна. Во оваа анализа се опфатени и моменталните механизми воспоставени во рамки на секој апелационен суд за усогласување на нивната пракса, со праксата на Врховниот суд, како и со постапувањето на пониските судови. Помеѓу овластувањата на претседателот на апелациониот суд, како суд од повисок степен, е и правото на увид во податоците на судовите од подрачјето на неговата надлежност. За таа цел, повисокиот суд одржува заеднички состанок, советување или врши посета на сите основни судови од неговото апелационо подрачје најмалку еднаш во годината. Посетите воедно се користат и за разгледување на прашања од заедничкото значење за работата на пониските судови. При вршењето на надзорот, судот од повисок степен прибавува извештаи и други податоци за работата на судовите од понизок степен од соодветното подрачје. Претседателот на апелациониот суд поднесува извештај до Врховниот суд на РСМ, Судскиот совет на РСМ и Министерството за правда. Ваквата пракса е исклучително важна за утврдување на квалитетот на судската правда, бидејќи иако Европската конвенција за човекови права изрично не предвидува право на усогласена судска пракса, сепак во праксата на Европскиот суд за човекови права има примери каде што се утврдени повреди на правото на правично судење, особено кога за слични случаи се носат видливо различни одлуки од страна на Врховниот суд или пак од повеќе судови кои судат во повисок и највисок конечен степен, при што таквите неконзистентни и неусогласени одлуки можат да создадат правна несигурност и да ја намалат довербата на граѓаните во судството, која доверба впрочем е најважна компонента на владеењето на правото.

# 1. Апелациско подрачје Битола

## 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА

Во ОС Битола се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Согласно годишниот распоред на работа, работата на судот е организирана во два судски оддели, кривичен и граѓански оддел, за што Претседателот на судот има назначено претседател на оддел и заменик претседател на одделот. Во досегашното работење на ОС Битола е забележана потреба да се формира судски оддел за извршување на санкции и оддел за работни спорови.

Во ОС Битола постои пракса согласно која претставници од ОС Битола се вклучени во разгледување или подготовка на предлог прописи кои се однесуваат на работата на судовите.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Битола не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, Академијата за судии и јавни обвинители издава потврди за секој судија на крајот на секоја година. За време на пандемијата со КОВИД-19, во ОС Битола се следеле онлајн обуките организирани од АСЈО но и од други организации.

Претседателот на ОС Битола води грижа и презема активности за стручно усовршување на судиите и вработените во судската служба како и за останатите вработени во судот. Во досегашното работење од судот се јавува потреба од одржување на вонредни обуки. ОС Битола има обезбедено технички и просторни капацитети за следење на онлајн обуките на АСЈО.

Судот поседува сопствена библиотека, која ја во последниот период се обновува единствено со материјалите од Службен весник на РСМ, збирки и билтени од судовите, но останата литература како книги или коментари на закони не биле набавени во последниот период. Судиите редовни ги упатуваат странките на медијација пред отпочнување на рочиштата, но не се води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Битола е формиран оддел за судска пракса и со Годишниот распоред е назначен судија за следење и воедначување на судската пракса. Судијата назначен за следење на судската пракса донесува План за судска пракса согласно кој ја усогласува работата на судските оддели. Овој судија е задолжен за следење на објавените билтени за судска пракса и поединечните одлуки на повисоките судови по редовни и вонредни правни лекови, и врши нивна селекција по правни основи, ги евидентира и објавува во електронска форма заради нивна достапност. Во досегашното

работење се преземени мерки за воедначување и проучување на судската практика при дискусија на седниците на одделите. Од овие седници на судот, често се издвојуваат правни мислења и правни прашања, а Апелацискиот суд Битола редовно споделува заклучоци од определени правни прашања кои ги споделува со пониските судови. Во досегашното работење судиите од ОС Битола се соочиле со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Судот во својата работа води изворници за предметите кои се предмет на работа и кои се во архивата на судот.

## КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СУДОТ

Во досегашната работа се практикува соработка помеѓу судовите, а се укажува и правна помош. Во периодот од 2017 до 2020 година, во ОС Битола биле извршени посети од страна на судиите од Апелацискиот суд Битола.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Битола во последните пет години (2015-2020) во просек имал 26.210 вкупно предмети во работа на годишно ниво, а во просек судиите решавале по 22.557 предмети годишно. Предметите во работа во судот ги решавале 24 судии во 2015 година, во 2016 година по предметите постапувале 21 судија, а од 2018 до  2020 година предметите ги решаваат 19 судии, иако е утврдено судиската функција во Основниот суд Битола да ја вршат 25 судии. Во однос на предметното работење, ОС Битола во 2015 година имал 28.463 вкупно предмети во работа и судиите решиле 83% од предметите, во 2016 година судиите имале вкупно 27.132 предмети во работа од кои решиле 86%, во 2017 година имал 25.221 вкупно предмети во работа при што судиите решиле 87% од предметите, во 2018 година бројот на предмети во работа се намалил на 25.221 предмети при што судиите решиле 87%, во 2018 година судиите решиле 88% од вкупните 25.568 предмети во работа, а во 2019 година бројот на предмети во работа се намалува на 24.665 предмети во работа од кои судиите решиле 95% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Битола во 2015 година биле донесени 1.881 одлука по поднесени правни лекови од кои во 1.227 или 65% од предметите одлуката била потврдена, во 497 или 26% одлуката била укината и во 157 предмети или 8% одлуката била преиначена. Во 2016 година биле донесени 1.504 одлуки по поднесени правни лекови, од кои во 992 предмети или 66% одлуката на судиите била потврдена, во 355 или 24% имало укинувачка одлука, а во 157 предмети односно 10% имало преиначување на одлуката. Во 2017 година, имало 1.614 одлуки по поднесени правни лекови, од кои 1.044 или 65% биле потврдени одлуки, во 403 предмети или 25% одлуката била укината додека во 167 предмети или 10% одлуката била преиначена. Во 2018 година имало 1.597 одлуки по поднесени правни лекови, од кои во 1.094 предмети или 69% биле потврдени одлуки, во 329 предмети или 21% одлуката била укината додека преиначени биле 174 одлуки или 11%. Во 2019 година според податоците за кривичниот, граѓанскиот и прекршочниот оддел во Основниот суд Битола биле донесени 1.336 одлуки по поднесен правен лек, при што во 855 предмети или 64% одлуката на судиите била потврдена, укинати одлуки имало 286 или 21% додека преиначени биле одлуките во 195 предмети или 15%.




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Битола е предвидено да постапуваат 25 судии, но наместо тоа, постапувале 20.4 судии односно Основниот суд Битола постапувал со 18% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2020 година произлегува дека од донесените одлуки по изјавен правен лек на Основниот суд Битола, повисокиот суд во просек во 1.042 (66%) од предметите одлуката ја потврдувал, во 374 (23%) одлуката била укината и во 170 (11%) од предметите одлуката била преиначена во споредба со вкупниот број на донесени одлуки по обжалена пресуда.

## 1.2. Основен суд Крушево

### КВАЛИТЕТ НА СУДСКАТА ПРАВДА

Во ОС Крушево не се формирани специјализирани судски оддели. Согласно годишниот распоред на работа, како суд со основна надлежност начинот на организација се остварува преку формирање на одделенија и отсеци во составот на одделението (пр. Кривично одделение, отсек за прекршоци, граѓанско одделение и сл.). Според Годишниот распоред, како суд со основна надлежност, работата на судиите е организирана согласно одредени уписници и видови на предмети. Во ОС Крушево, Претседателот на судот изготвува програма за работа на одделение преку годишниот план за работа. Со оглед на големината и надлежноста на судот, досега не се јавила потреба за формирање на посебен судски оддел поради определен вид предмети.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Крушево не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, Академијата за судии и јавни обвинители издава потврди за секој судија на крајот на секоја година. За време на пандемијата со КОВИД-19, во ОС Крушево  се следеле онлајн обуките организирани од АСЈО но и од други организации, иако најчесто судиите ги следеле обуките од своите лични компјутери поради недоволно службени лаптопи кои се технички соодветни за следење на обуки во судот.

Претседателот на судот води грижа и презема активности за стручно усовршување на судиите и вработените во судската служба како и за останатите вработени во судот. Во однос на вклученост на вработените од судот при разгледување или подготовка на предлог закони и други прописи за работата на судовите, досега претставници од судиите и судската служба од ОС Крушево не биле вклучени.

ОС Крушево не поседува сопствена библиотека поради недостатокот на библиотечниот фонд и негово одржување и надополнување. ОС Крушево има пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите од редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но не се води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Крушево не е формиран оддел за судска практика, а во досегашната работа на судот не е назначен судија за воедначување на судската практика иако се преземале дејствија за воедначување или проучување на судската практика. Од седниците на судските оддели во ОС Крушево се издвојуваат правни мислења и правни прашања кои произлегуваат од работењето, а повисоките судови редовно споделуваат заклучоци од определени правни прашања со пониските судови. Во текот на работењето, вработените во ОС Крушево не се соочиле со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Судот во своето работење не води изворници за предметите.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СУДОТ

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоци од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Битола годишно во просек успева да оствари по две посети во ОС Крушево, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Битола има извршено осум проверки во работата на првостепениот суд. Исто така, се вршат проверки од Судскиот совет на РСМ еднаш до два пати годишно, а за анализираниот период од 2017 до 2020 година период забележани се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО НА ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Крушево во последните пет години (2015-2020) во просек имал по 1.694 вкупно предмети во работа на годишно ниво, а просечно судиите решавале по 1.455 предмети годишно. Во периодот од 2015 година до 2017 година по предметите во судот постапувале тројца судии, во 2018 година по предметите постапувале двајца судии, што е случај и во 2019 и 2020 година иако судиската функција во Основниот суд Крушево е предвидено да ја вршат тројца судии. Во однос на предметното работење, Основниот суд Крушево во 2015 година имал 1.758 вкупно предмети во работа и решил 87% од предметите, во 2016 година имал 1.362 вкупно предмети во работа од кои решил 1.172 или 86% од предметите, во 2017 година бројот на вкупно предмети во работа бил 1.582 вкупно предмети во работа од кои решил 90% од предметите, во 2018 година решил 89% од вкупните 1.867 предмети во работа, во 2019 година бројот на вкупни предмети во работа бил 1.788 од кои биле решени 89%. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа бил 1.808 од кои биле решени 75% што покажува намалување во обемот на решавањето на вкупните предмети во работа и приливот на нови предмети. За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Крушево во 2015 година биле донесени 126 одлуки

по поднесени правни лекови од кои 101 биле потврдени одлуки или 80% одлуките на судиите биле потврдени, во 15 предмети одлуката била укината или 12% и преиначена одлука имало во 10 предмети или 8%. Во 2016 година биле донесени 91 одлука по поднесени правни лекови, при што во 76 предмети одлуката на судиите била потврдена или 84%, во 10 предмети одлуката била укината или 11% а во 5 имало преиначување на одлуката односно 5%. Во 2017 година имало 55 одлуки по поднесени правни лекови, од кои во 39 или 71% одлуката била потврдена, во 12 или 22% одлуката била укината и во 4 или 7% одлуката била преиначена. Во 2018 година имало 117 одлуки по поднесен правен лек, при што во 66 биле потврдени одлуки или 56%, 45 или 38% биле укинати одлуки и преиначени одлуки имало во 6 предмети или 5%. Во 2019 година во Основниот суд Крушево имало 61 донесена одлука по поднесени правни лекови во кои одлуката на судиите била потврдена во 49 предмети или 80%, 6 биле укинати одлуки или 10% и преиначени одлуки имало по 6 предмети или 10%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС КРУШЕВО




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Крушево е предвидено да постапуваат 3 судии, но наместо тоа по предметите во работа постапувале 2.2 судии, односно Основниот суд Крушево работел со 26% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2020 година произлегува дека во Основниот суд Крушево повисокиот суд во просек во 74% ја потврдувал одлуката на судот, во 19% одлуките ги укинувал и во 7% одлуката била преиначена.

## 1.3. Основен суд Охрид

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Охрид се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со проширена надлежност, работата на судот е организирана во два судски оддели составени од повеќе одделенија. Во последната годишна програма за работа на ОС Охрид за 2021 година, е определено дека Кривичниот оддел се состои од кривично одделение за полнолетни и малолетни сторители на казнени дела, прекршочно одделение, одделение за извршување на санкции и одделение за претходна постапка. Граѓанскиот оддел се состои од парнично одделение, вонпарнично одделение и одделение за платни налози по приговор и извршување. Програмата за работа на Кривичниот оддел се утврдува на организирани седници на судии каде се разгледувале конкретни прашања и проблеми од областа, а од 2021 година програмите се изготвуваат во писмена форма и се објавуваат согласно законските

одредби. Граѓанскиот оддел, наместо програма за работа има воспоставена пракса седниците да се одржуваат секој прв четврток во месецот каде се утврдува планот за работа помеѓу судиите на судечкиот оддел и Претседателот на судот. Претседателот на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Охрид не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките организирани од АСЈО и обезбедување соодветна опрема за следење на online обуките. За таа цел, претседателот води евиденција за видот на обуки и колку судии посетувале обуки согласно годишниот квантум за реализирани обуки на секој судија поединечно. За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 секој судија посетувал online обука организирана од АСЈО.

ОС Охрид располага со сопствена судска библиотека, но таа не е доволно опремена. ОС Охрид има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите од Граѓанскиот оддел редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но не се води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација. Во кривичната материја постои можност за упатување на медијација само и исклучиво со предмети отпочнати со приватна тужба и само ако странките дадат изречна согласност на рочиштето за помирување. Нема посебна евиденција за бројот на предмети што биле решени со медијација во Кривичниот оддел.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Охрид не е формиран оддел за судска пракса, ниту со Годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Судиите од двата судечки оддели имаат забележано невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Ова прашање се решава тековно при секојдневното работење па така, Кривичниот оддел ја анализира судската пракса кога се разгледуваат конкретни спорни правни прашања а судиите од Граѓанскиот оддел ја разгледуваат судската пракса и при донесувањето на одлуки, но таа секогаш се зема предвид за одделни прашања кои се обврзувачки за судиите. Во случај на невоедначена судска пракса на повисокиот суд за идентични правни ситуации и околности, се повикува повисокиот суд да заземе став и да донесе правно мислење во конкретната ситуација. Редовна пракса на Кривичниот оддел на ОС Охрид е да издвојува определени прашања по кои се донесени заклучоци, стручни мислења и правни ставови. Во Годишниот извештај за работа на судот во 2020 година, меѓу другото, е наведено дека со цел подигнување на степенот на правна сигурност и еднаквост на странките во постапките кои се водат пред ОС Охрид, редовно секој месец (до 5-ти во месецот) се одржува седница на судиите, на која покрај разгледување на месечните извештаи за работата на секој судија поединечно и на судот како целина, како и разгледувањето на состојбата со стари нерешени предмети се води дискусија помеѓу судиите за унификација на судската пракса. Дискусиите кои се водат на одржаните месечни седници на судии се состојат во разгледување на поединечни предмети и одлуки на ОС Охрид и АС Битола и заземање на мислења и ставови за постапувањето и одлучувањето. Воедно, на овие состаноци се

дискутираат донесените заклучоци за заземени ставови и правни мислења од страна на АС Битола и работните средби со Врховниот суд на РСМ. Во Извештајот за работа за 2020 година, се напоменува дека работењето и усогласувањето на судската пракса е олеснето бидејќи судиите имаат пристап до јавно објавените одлуки на сите судови во државата, имаат достапност до датабазата за судска пракса на Врховен суд на РСМ, како и до публикациите од пресуди донесени од Европскиот суд за човекови права, со што се зголемува степенот на усогласеност на судската пракса и единство во примената на законите. Доколку има разидување во мислењата од седниците на Граѓанскиот оддел, се издвојуваат посебни правни мислења. Правосилните одлуки делумно се систематизираат по правни области во фазата на извршување на правосилните кривични пресуди односно при формирање на предмети за извршување согласно уписникот. Дополнително, во конкретни постапки се преземаат мерки за воедначување на судската практика и истото се дискутира при посетите на повисокиот суд и при спроведувањето на обуки на Академијата за судии и јавни обвинители. Судот во своето работење не води изворници за предметите од двата судечки оддели.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Битола, во просек остварува по две посети годишно во ОС Охрид, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Битола има извршено осум посети и проверки на работата на првостепениот суд. Исто така, се вршат проверки од Судскиот совет на РСМ еднаш до два пати годишно, а за анализираниот период 2017-2020 година период забележани се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Охрид во последните пет години во просек имал 20.634 илјади вкупно предмети во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 16.083 илјади предмети годишно. За предметите во работа во 2015 година одлучувале 18 судии, па потоа тој број се намалил на 16 судии во 2018 година, потоа на 15 судии се до 2020 година, иако со одлука на Судскиот совет во 2018 година се намалува предвидениот број на судиски места  на 18 судии. Во однос на предметното работење, бројот на нови предмети во работа во ОС Охрид се намалува, односно во 2015 година имал 22.719 вкупно предмети во работа и решил 73% од предметите, во 2016 година имал 20.576 илјади вкупно предмети во работа од кои решил 80% од предметите, во 2017 година имал 18.275 вкупно предмети во работа од кои решил 82% од предметите, во 2018 година имал 19.131 предмети во работа во кои решил 78% предмети. Во 2019 година бројот на вкупно предмети во работа се намалил на 18.319 при што судиите решиле 77% од предмети во работа. Во 2020 година бројот на предмети во работа бил 24.783 и судиите решиле 78% од вкупните предмети во работа.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во ОС Охрид во 2015 година имало 15.978 одлуки по поднесен правен лек, од кои има 15.210 потврдени одлуки или 95%, укинати одлуки имало 527 или 3% и 192 биле преиначени одлуки или 1%. Во 2016 година биле донесени 15.414 одлуки по изјавени правни лекови, од кои во 14.835 или 96% одлуката на судиите била потврдена, во 456 или 3% одлуката била укината а во 123 или 1% биле преиначени одлуки. Во 2017 година биле донесени 14.978 одлуки по поднесени правни лекови, од кои 14.340 или 96% биле потврдени одлуките на судиите, во 473 или 3% одлуките биле укинати а преиначени одлуки имало 165 или 1%. Во 2018 година биле донесени 14.250 одлуки по поднесени правни лекови, од кои во 13.741 предмети или 96% биле потврдени одлуки, 368 или 3% биле укинати одлуки и преиначени биле 141 од одлуките на судиите или 1%. Во 2019 година во ОС Охрид биле донесени 1.424 одлуки по поднесени правни лекови, при што одлуката била потврдена во 995 предмети или 70%, во 289 или 20% одлуката била укината и преиначени одлуки биле 140 предмети или 10%.




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во ОС Охрид во 2018 година е намален предвидениот број на судиски места од 20 на 18 судии, но и покрај тоа по предметите во работа постапувале 16.7 судии, односно Основниот суд Охрид постапувал со 23% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2020 година произлегува дека во просек за 79% од одлуките на ОС Охрид се изјавуваат правни лекови, од кои повисокиот суд во просек во 91% од предметите ја потврдувал одлуката на судот, во 6% од предметите одлуките биле укинати и 3% биле преиначувачки одлуки во споредба со вкупниот број на решени предмети по кој бил изјавен правен лек.

## 1.4. Основен суд Прилеп

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКАТА ПОСТАПКА

Во ОС Прилеп се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со проширена надлежнот, работата на судот е организирана во два судски оддели- Граѓански и Кривичен оддел кои имаат свои претседатели кои ги водат седниците на одделот. Во ОС Прилеп, претседателите на одделите подготвуваат програма за работа Во досегашното работење на ОС Прилеп не е забележана потреба да се формира дополнителен судски оддел за друг вид на предмети.  Претседателот на оддел согласно правилникот за работа на судовите раководи со одделот но не изготвува посебна програма за работа на одделот туку постапува по програмата за работа на судот. Согласно Судскиот деловник, се издвојуваат правосилните одлуки по правните области и истите се евидентираат во АКМИС системот.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Прилеп не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмата да ги внесуваат податоците за посетените обуки. Во работењето на судот се јавува потреба од одржување на вонредни обуки за определени области.

Претседателот на судот води грижа и презема активности за стручно усовршување на судиите и вработените во судот. За време на пандемијата со вирусот КОВИД-19, сите судии од ОС Прилеп посетувале онлајн обуки организирани од страна на Академијата за судии и јавни обвинители. За реализација на овие обуки, судот поседува технички и просторни капацитети за следење на онлајн од страна на судиите. Во досегашното работење на судот, претставници од ОС Прилеп не биле вклучени при разгледување или подготовка на предлог закони и други прописи кои се донесуваат на работа на судовите.

Судот поседува судска библиотека која се надополнува со доставување на билтени на судска практика од повисоките судови и стручна литература која се набавува преку донации. ОС Прилеп има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Во однос на упатувањето за користење на медијација за странките, во кривичната област медијацијата е пропишана само за кривични дела за кои се поднесува приватна кривична тужба и пред започнување на главната расправа по согласност на двете странки кои потоа се упатуваат на медијација, а доколку во определениот рок од 45 дена не се постигне спогодба се продолжува со кривичната постапка. Судот во работењето на кривичниот оддел за периодот 2017-2020 нема евиденција за согласност за решавање на предмети по пат на медијација. Во граѓанската област, согласно Законот за парничната постапка (ЗПП), судот редовно ги упатува странките на медијација пред започнување на рочиштата, а согласно ЗПП странките се должни заедно со тужбата да достават доказ дека е направен обид за постапка за медијација во областите каде истата е задолжителна. Досега во евиденцијата на судот не се забележани предмети кои биле решени по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Прилеп е формиран оддел за судска пракса, а со годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Судиите од двата судечки оддели имаат забележано невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. За воедначувањето на судската пракса, судиите разгледуваат идентични или слични примери и одлуки од сите судии кои постапуваат во соодветната област.Ваквите прашања се разгледуваат на седниците на судските оддели, каде исто така се издвојуваат правни мислења и правни прашања од седниците на судските оддели. АС Битола изготвува заклучоци за определени правни прашања и истите ги споделува со основните судови иако најчесто се доставуваат со задоцнување. Судот води изворници за предметите во хартиена форма кои се чуваат во архивата на судот, а исто така и во електронска форма истите се евидентирани во АКМИС системот.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Битола, во просек остварува по две посети годишно во ОС Битола, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Битола има извршено шест посети и проверки на работата на првостепениот суд.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Прилеп во последните пет години во просек имал по 22.961 илјади вкупно предмети во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 19.425 илјади предмети годишно. За предметите во работа во 2015 година одлучувале 18 судии, а нивниот број се намалувал се до 2018 година кога за предметите постапувале 14 судии, иако во ОС Прилеп

е предвидено судиската функција да ја вршат 18 судии. Во однос на предметното работење, Основниот суд Прилеп во 2015 година имал 23.686 илјади вкупно предмети во работа и решил 85% од предметите, во 2016 година имал 21.176 илјади вкупно предмети во работа од кои решил 85% од предметите, во 2017 година имал 19.288 вкупно предмети во работа од кои решил 85% од предметите, во 2018 година решил 86% од вкупните 20.762 предмети во работа, во 2019 година решил 84% од вкупните 21.172 предмети во работа, додека во 2020 година процентот на решени предмети е 74% од вкупните 31.058 предмети во работа. За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Прилеп во 2015 година имало 1.358 одлуки по поднесен правен лек, од кои во 1.179 или 87% одлуката била потврдена, во 137 или 10% одлуката била укината и во 42 предмети или 3% одлуката била преиначена. Во 2016 година биле донесени 559 одлуки по поднесен правен лек, при што 395 или 71% биле потврдени одлуки, 128 или 23% биле укинувачки одлуки а во 36 односно 6% имало преиначување на одлуката. Во 2017 година биле донесени 985 одлуки по поднесен правен лек во кои во 628 или 64% одлуката била потврдена, укинати одлуки имало 208 или 21% а преиначени одлуки биле 149 или 15%. Во 2018 година биле донесени 878 одлуки по поднесени правни лекови, при што одлуките на судиите биле потврдени во 596 предмети или 68%, во 189 или 22% одлуките биле укинати и 93 или 11% биле преиначени одлуки на судиите. Во 2019 година во Основниот суд Прилеп биле донесени 701 одлуки по поднесени правни лекови, при што одлуката била потврдена во 497 предмети или 71%, укинувачка одлука имало во 139 или 20%, и 65 или 9% биле преиначени одлуки.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС ПРИЛЕП




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во ОС Прилеп е предвидено да постапуваат 18 судии, но наместо тоа по предметите во работа во просек постапувале по 15.2 судии, односно Основниот суд Прилеп постапувал со 20% помалку капацитети во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека второстепениот суд во просек од донесените обжалени одлуки на ОС Прилеп во 73% од предметите ја потврдува одлуката, во 18% од предметите одлуката ја укинува и ја преиначува во 9% во споредба со вкупниот број на решени предмети по кој бил изјавен правен лек.

## 1.5. Основен суд Ресен

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Ресен не се формирани специјализирани судски оддели. Според годишниот распоред, како суд со основна надлежност, работата на судиите е организирана според специјализацијата по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Во однос на евиденција на одлуките, во ОС Ресен не постои пракса за систематизација и селектирање на правосилните одлуки по правни области.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Ресен не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година. За време на пандемијата со КОВИД-19, во ОС Ресен се следеле онлајн обуките организирани од АСЈО но и од други организации.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку програмата на АСЈО. Во судот е вработено лице кое е одговорно за евиденција на примените претставки и поплаки, а претседателката на судот води евиденција за бројот на судии кои посетиле обуки во периодот 2017-2020 како и видот на одржани обуки. За време на пандемијата со КОВИД-19, сите судии на ОС Ресен учествувале на онлајн обуки одржани од страна на Академијата за судии јавни обвинители и биле обезбедени технички и просторни капацитети за следење на онлајн обуки од АСЈО. Во работењето на судот не се јавила потребата од одржување на вонредни обуки, а судиите редовно своите странки ги упатуваат на решавање на споровите со медијација.. Во однос на консултациите при подготвувањето на правни прописи претставници од судот досега не биле вклучени при разгледување или подготовка на предлог-прописи за работата на судот.

ОС Ресен располага со сопствена судска библиотека, но таа не е доволно опремена. ОС Ресен има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Ресен не е формиран оддел за судска пракса, ниту со годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење и воедначување на судската пракса но судиите преземаат мерки за воедначување и проучување на судската пракса. Правни мислења и правни прашања во ОС Ресен не се издвојуваат од страна на судските оддели, но АС Битола често изготвува заклучоци од определени правни прашања и истите ги споделува со основните судови од своето апелациско подрачје. Се забележува дека и покрај подготвувањето на заклучоци за воедначување на судската пракса, ОС Ресен сепак во своето работење судот се соочил со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Во судот се водат изворници за сите предмети. Во периодот од 2017 до 2020 година во судот не се води евиденција на предмети решени по пат на медијација.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Битола во просек остварува по две посети годишно во ОС Ресен, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Битола има извршено осум посети и проверки на работата на првостепениот суд.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Ресен во последните пет години во просек имал 3.619 предмети во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 2.906 предмети годишно. За предметите во работа во Основниот суд Ресен во анализираниот период од 2015 до 2020 година постапувале тројца судии.  Во однос на предметното работење, Основниот суд Ресен во 2015 година имал 3.473 предмети во работа и решил 56% од предметите, во 2016 година имал 3.643 илјади предмети во работа од кои решил 84% од предметите, во 2017 година имал 3.671 вкупно предмети во работа од кои решил 73% од предметите, во 2018 година решил 88% од вкупните 3.665 предмети во работа, во 2019 година решил 90% од вкупните 4.198 предмети во работа, а во 2020 година процентот на решени предмети е 89% од вкупните 3.064 предмети во работа. За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Ресен во 2015 година имало 187 одлуки по поднесени правни лекови, при што одлуките на судиите биле потврдени во 110 предмети или 59%, укинати одлуки имало 63 или 34% и преиначени одлуки имало 14 или 7%. Во 2016 година биле донесени 93 одлуки по изјавени правни лекови, од кои во 59 или 63% одлуката била потврдена, 25 или 27% биле укинати одлуки, а во 9 или 10% одлуките биле преиначени. Во 2017 година биле донесени 109 одлуки по изјавени правни лекови, од кои 67 или 61% биле потврдени одлуки на судиите, укинати одлуки имало 25 или 23% а преиначени одлуки имало 17 или 16%. Во 2018 година во кривичниот и во граѓанскиот оддел во работа биле вкупно 115 предмети кои биле обжалени од кои во 77 или 67% одлуките биле потврдени, 25 или 22% биле укинати одлуки и преиначени одлуки имало 13 или 11%. Во 2019 година во Основниот суд Ресен во работа биле 108 обжалени предмети во кои што одлуките на судиите биле потврдени во 74 предмети или 69%, во 21  или 19% биле укинати одлуки и 13 или 12% биле преиначени одлуки на судиите.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС РЕСЕН



Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Ресен е предвидено да постапуваат 4 судии, но наместо тоа по предметите во работа постапувале во просек по 3 судии, односно на Основниот суд Ресен му недостасувале уште 25% од планираните капацитети во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек за 5% од одлуките на Основниот суд Ресен се изјавуваат правни лекови, од кои повисокиот суд во 64% од предметите ја потврдувал одлуката, во 25% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 11% од предметите во споредба со вкупниот број на решени предмети по кој бил изјавен правен лек.

## 1.6. Основен суд Струга

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Струга се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со проширена надлежност, работата на судот е организирана во два судски оддели составени од повеќе одделенија. Претседателот на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот. Претседателот на одделот на судот не изготвува програма за работа на одделот во ОС Струга. Досега правосилните одлуки не се издвојуваат и систематизираат по правни области.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Струга не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година. За време на пандемијата со КОВИД-19, во ОС Струга се следеле онлајн обуките организирани од АСЈО но и од други организации.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку програмата на АСЈО. За време на пандемијата со КОВИД 19 во текот на 2020 година пет судии од ОС Струга посетувале онлајн обуки на Академијата, но сепак ОС Струга нема доволно технички и просторни капацитети да обезбеди следење на онлајн обуките за судиите. Досега претставници од судот не биле вклучени при разгледување или подготовка на предлог прописи за работата на судот.

Судот во Струга располага со сопствена судска библиотека, но таа не е соодветно и доволно опремена и не се обновува бидејќи не се предвидени средства за таа намена. Од судот истакнуваат дека најсоодветен начин и бил кога повисок судски орган би набавувал стручна литература која би била дисеминирана до сите судски инстанци. Имено стручната литература во библиотеката на ОС Струга датира од пред 1993 година. ОС Струга има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Странките ретко избираат медијација за решавање на споровите, а во периодот 2017-2020 не се решени предмети со помош на медијација. Судот не води посебна евиденција за бројот на предмети што биле решени со медијација во двата судечки оддели.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Струга е формиран оддел за судска практика, а со Годишниот распоред за работа е назначен судија кој работи на воедначување на судската практика во судот. На седниците на судските оддели се издвојуваат правни мислења и правни прашања, а повисоките судови редовно ги споделуваат и доставуваат заклучоците до пониските судови. Во текот на своето работење, вработени во ОС Струга се соочиле со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Судот води изворници за предметите за целокупниот архивски материјал од трајна вредност.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. На годишно ниво, а зависно од потребите, повисоките судови вршат проверка на работата на првостепениот суд најмалку два пати, зависно и согласно со потребите на граѓанскиот и кривичниот оддел. Проверките ги врши апелационен суд. се врши проверка на работата и увид во предметите на судиите во ОС Струга. Исто така, од страна на комисија формирана од страна на Апелацискиот суд Битола се врши проверка на работењето во делокругот на судската управа, работењето на судските писарници и примената на АКМИС системот. Во периодот 2017-2020 година извршени се вкупно 7 посети од страна на АС Битола, а извршен е увид на функционалноста на АКМИС системот од страна на надзорната комисија при Министерството за правда.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Струга во последните пет години во просек имал 15.049 предмети вкупно предмети во работа, а судиите просечно решавале по 13.052 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите бил 14 во 2015 и 2016 година, во 2017 година по предметите постапувале 13 судии, во 2018 година предметите ги решавале 12 судии, во 2019 по предметите постапувале 10 судии и во 2020 предметите ги решавале 9 судии иако во Основниот суд Струга предвидено е судиската функција да ја вршат 15 судии. Во однос на предметното работење, Основниот суд Струга во 2015 година имал 16.993 илјади вкупно предмети во работа и решил 85% од предметите, во 2016 година вкупните предмети во работа се намалуваат на 7.943 предмети во работа и судиите решиле 87% од предметите, а во 2017 година бројот на вкупни предмети во работа се зголемува на 17.156 предмети во работа при што судиите решиле 89% од предметите. Бројот на вкупните предмети во работа останува сличен и во 2018 година, кога судиите имале 17.013 предмети во работа и решиле 88% од предмети во работа, а во 2019 година судиите имале 16.602  вкупно предмети во работа и судиите решиле 88% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа се зголемува на 6.447, а судиите решиле 84% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Струга во 2015 година биле донесени 833 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 566 или 68% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 202 или 24% и во 65 односно 8% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 759 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 486 или 64% биле потврдени одлуките, укинати биле 210 или 28% од одлуките, а преиначени одлуки имало 63 или 8%. Во 2017 година биле донесени 724 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 472 предмети или 65%, во 205 или 28% одлуката била укината и во 6% или 47 биле преиначени одлуки. Во 2018 година биле донесени 624 одлуки по изјавени правни лекови од кои 412 биле потврдени одлуки или 66%, укинати одлуки имало 164 или 26% и во 48 предмети или 8% одлуките биле преиначени. Во 2019 година во Основниот суд Струга биле донесени 513 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 372 предмети или 73%, во 109 или 21% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 32 предмети или 6%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС СТРУГА




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Струга е предвидено да постапуваат 15 судии, но наместо тоа по предметите во работа постапувале во просек по 12 судии, односно Основниот суд Струга постапувал со 20% помалку капацитети во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек повисокиот суд во 67% од предметите ја потврдувал одлуката, во 26% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 7% од предметите кои судиите ги решавале.

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Гостивар не се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со проширена надлежност, работата на судот е организирана во два судски оддели- кривичен оддел и граѓански оддел. Претседателот на одделот освен седница на стручен колегиум на судии од кривичниот оддел кој се одржува на месечно нивно на барање на судиите, не изготвува програма за работа на одделот. Претседателот на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот. Во досегашното работење на судот не е забележана потреба да се формира судски оддел поради определен вид на предмети.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Гостивар не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година. Во досегашната работа на судот не постои случај кога претставници на судот биле вклучени при разгледување или подготовка на предлог прописи за работата на судот.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку програмата на АСЈО. За време на пандемијата со КОВИД-19 вирусот од ОС Гостивар сите судии, вклучително и заменикот на претседателот на судот посетиле онлајн обука најмалку еднаш. Судот обезбедува минимални услови за одржувањето на ваквите обуки т.е. секој судија самостојно изнаоѓа решение за остварување на учество, а за оваа потреба судиите користат сопствена ИТ опрема (звучници, камера, микрофон и сл.). Досега не била утврдена потреба од одржување на вонредни обуки.

Судот во Гостивар располага со сопствена судска библиотека, но таа е недоволно опремена. ОС Гостивар има и пристап до Службен весник на РСМ, но тој не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата доколку некоја од странките побарала решавање на спорот по пат на медијација. Во досегашната работа на судот не се евидентирани случаи решени по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Правосилните одлуки на судот се издвојуваат и се систематизираат по правни области. Во судот е формиран оддел за судска практика, а во досегашното работење се преземени мерки за воедначување на судската практика, а биле преземени мерки за проучување на истата. Правни мислења и правни прашања од седниците на судските оддели се издвојуваат по предлог, а што се однесува до споделување на заклучоци од повисокиот судот за определени правни прашања, преку Билтен на судска практика повисокиот суд ја остваруваат оваа функција. Од судот навеле дека досега во најголем дел не се соочиле со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Во судот се водат изворници за предметите кои се архивирани во судот.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Гостивар, во просек остварува по две посети годишно во ОС Гостивар, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Гостивар има извршено осум посети и проверки на работата на првостепениот суд.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Гостивар во последните пет години (2015-2020) во просек имал 41.017 вкупно предмети во работа на годишно ниво, а во просек судиите решавале по 34.870 предмети годишно. Предметите во работа во судот ги решавале 24 судии во 2015 година, во 2016 година по предметите постапувале 23 судии, а од 2018 до 2020 година предметите ги решаваат 20 судии, иако е утврдено судиската функција во ОС Гостивар да ја вршат 28 судии. Во однос на предметното работење, ОС Гостивар во 2015 година имал 43.867 вкупно предмети во работа и судиите решиле 83% од предметите, во 2016 година судиите имале вкупно 40.637 предмети во работа од кои решиле 85%, во 2017 година имал 44.592 вкупно предмети во работа при што судиите решиле 73% од предметите, во 2018 година судиите решиле 87% од вкупните 40.421 предмети во работа, а во 2019 година бројот на предмети во работа се намалува на 35.568 предмети во работа од кои судиите решиле 84% од предметите. За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во ОС Гостивар во 2015 година биле донесени 3.071 одлука по поднесени правни лекови во двата судечки оддели од кои во 2.123 или 69% од предметите одлуката била потврдена, во 620 или 20% одлуката била укината и во 328 предмети или 11% одлуката била преиначена. Во 2016 година биле донесени 1.234 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 822 предмети или 67% одлуката на судиите била потврдена, во 287 или 23% имало укинувачка одлука, а во 125 предмети односно 10% имало преиначенување на одлуката. Во 2017 година, имало 1.007 одлуки по поднесени правни лекови од кои 738 или 73% биле потврдени одлуки, во 197 предмети или 20% одлуката била укината додека во 72 предмети или 7% одлуката била преиначена. Во 2018 година имало 967 одлуки по поднесени правни лекови, од кои во 655 предмети или 68% биле потврдени одлуки, во 208 предмети или 22% одлуката била укината додека преиначени биле 104 одлуки или 11%. Во 2019 година според податоците за кривичниот, граѓанскиот и прекршочниот оддел во ОС Гостивар биле донесени 902 одлуки по поднесен правен лек при што во 628 предмети или 70% одлуката на судиите била потврдена, укинати одлуки имало 186 или 21% додека преиначени биле одлуките во 88 предмети или 10%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС ГОСТИВАР




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Гостивар е предвидено да постапуваат 28 судии, но наместо тоа, но во анализиараниот период постапувале 21.2 судии во просек односно Основниот суд Гостивар постапувал со 32% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2019 година произлегува дека од донесените одлуки по изјавен правен лек на Основниот суд Гостивар, повисокиот суд во просек во 993 (69%) од предметите одлуката ја потврдувал, во 300 (21%) одлуката била укината и во 143 (10%) од предметите одлуката била преиначена во споредба со вкупниот број на донесени одлуки по обжалена пресуда.

## 2.2. Основен суд Дебар

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Дебар не се формирани специјализирани судски одделенија. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со основна надлежност, работата на судот е организирана во два судечки оддели- граѓански оддел и кривичен оддел.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на Академијата за судии и јавни обвинители - АСЈО. Во ОС Дебар не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година. Што се однесува до разгледувањата и подготовката на прописите за работата на судот, претставници од ОС Дебар досега не биле вклучени во изработката на ваквите акти.

Претседателот на судот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките организирани од АСЈО. Како активности кои ги презема Претседателот на судот за стручно усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките службеници судската

полиција и вработените во судската служба во судот, согласно планот и распоредот за обуки на Академијата за судии и јавни обвинители, Претседателот на судот донесува план за едукација на судиите и вработените во судската служба. За таа цел, претседателот води евиденција за видот на обуки и колку судии посетувале обуки согласно годишниот квантум за реализирани обуки на секој судија поединечно. За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 двајца судии посетувале online обука организирана од АСЈО.

Судот во Дебар располага со сопствена судска библиотека, но таа е не е доволно опремена. ОС Дебар има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите редовно ги упатуваат странките на користење на методите на медијација пред започнување на судските рочишта. Во ОС Дебар не се води евиденција за предмети решени по пат на медијација за периодот 2017-2020 година.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Дебар не е формиран оддел за судска пракса, ниту со Годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Судиите од двата судечки оддели имаат забележано невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Од седниците на судските оддели досега не се издвојуваат правни мислења и прашања кои произлегуваат од работењето на судот. Во однос на зголемената примена и воедначување на судската практика, повисокиот суд редовно споделува заклучоци од правни прашања со пониските судски инстанци.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Исто така, во ОС Дебар оцениле дека помеѓу судовите недоволно се практикува укажување на правна помош. Апелациониот суд Гостивар, во просек остварува по две посети годишно во ОС Дебар, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Гостивар има извршено осум посети и проверки на работата на првостепениот суд. Исто така, се вршат проверки од Судскиот совет на РСМ еднаш до два пати годишно, а за анализираниот период од 2017 до 2020 година период забележани се вкупно три посети. Повисоките судови редовно вршеле посета и проверка на работењето на основниот суд т.е. најмалку два пати годишно, а со новонастанатата состојба со КОВИД-19 вирусот ваквите посети не биле остварени. ОС Дебар во своето досегашно работење се соочил со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Дебар во последните пет години (2015-2020) во просек имал по 7.302 вкупно предмети во работа на годишно ниво, а просечно судиите решавале по 6.973 предмети годишно. Во 2015 година по предметите во судот постапувале пет судии, но од 2016 до 2020 година предметите во работа ги решаваат четири судии, иако судиската функција во Основниот суд Дебар е предвидено да ја вршат пет судии. Во однос на предметното работење, ОС Дебар во 2015 година имал 5.906 илјади вкупно предмети во работа и решил 94% од предметите, во 2016 година имал 5.560 вкупно предмети во работа од кои решил 95% од предметите, во 2017 година бројот на вкупно предмети во работа бил 7.409 вкупно предмети во работа од кои решил 97% од предметите, во 2018 година решил 97% од вкупните 8.972 предмети во работа, во 2019 година бројот на вкупни предмети во работа бил 8.870 од кои биле решени 95%. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа бил 7.904 од кои биле решени 95% од тековните предмети.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во ОС Дебар во 2015 година биле донесени 160 одлуки по поднесени правни лекови од кои 119 или 74% од одлуките на судиите биле потврдени, во 36 предмети одлуката била укината или 23% и во 5 или 3% одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 113 одлуки по поднесени правни лекови, при што во 89 предмети одлуката на судиите била потврдена или 79%, во 24 предмети одлуката била укината или 21% и немало одлуки кои биле преиначени.  Во 2017 година имало 416 одлуки по поднесени правни лекови, од кои во 392 или 94% одлуката била потврдена, во 22 или 5% одлуката била укината и во 2 или 0,9% одлуката била преиначена. Во 2018 година имало 84 одлуки по поднесен правен лек, при што во 66 биле потврдени одлуки или 79%, 15 или 18% биле укинати одлуки и преиначени одлуки имало во 3 предмети или 4%. Во 2019 година во Основниот суд Дебар имало 93 донесени одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката на судиите била потврдена во 68 предмети или 73%, 20 биле укинати одлуки или 22% и преиначени одлуки имало по 5 предмети или 5%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС ДЕБАР




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Дебар е предвидено да постапуваат пет судии, но наместо тоа по предметите во работа постапувале во просек по 4 судии, односно Основниот суд Дебар работел со 17% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2020 година произлегува дека во ОС Дебар во споредба со вкупниот број на решени предмети по кој бил изјавен правен лек, од кои повисокиот суд во просек во 80% ја потврдувал одлуката на судот, во 18% одлуките ги укинувал и во 3% одлуката на судиите биле преиначени во споредба со вкупниот број на донесени одлуки по обжалена пресуда.

## 2.3. Основен суд Кичево

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Кичево се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според годишниот распоред, како суд со проширена надлежност, работата на судот е организирана во два судски оддели составени од повеќе одделенија. Претседателите на одделите изготвуваат програма за работа на одделот која е интегрален дел од Програмата за работа на судот за тековната година.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Кичево не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку програмата на АСЈО. За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 судиите ги посетувале онлајн обуките организирани од АСЈО. Сепак, Од ОС Кичево посочуват дека судот располага со доволно технички капацитети за да им овозможи ресурси на судиите за следење на онлајн обуки.

Судот во Кичево располага со сопствена судска библиотека, која им е достапна на судиите за користење во секое време. ОС Кичево има обезбедено пристап до Службен весник на РСМ, но тој не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите во ОС Кичево нередовно ги упатуваат странките на медијација пред да започнат рочиштата и не се води евиденција за бројот на предмети решени по пат на медијација. Од друга страна, ОС Кичево нотира дека судиите предлагаат решавање на предметите во кривична материја преку помирување (признавање на вина), но најчесто странките не се согласуваат.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Кичево не е формиран оддел за судска пракса, ниту пак со годишниот распоред за работа е назначен судија за следење и воедначување на судската пракса во судот. Судиите на редовните седници на граѓанскиот и кривичниот оддел разговараат за прашањата поврзани со судската пракса. АС Гостивар редовно ги доставува заклучоците на своите оддели до ОС Кичево и заклучоците од заедничките средби на 4те апелациони судови и ВСРСМ за хармонизација на судската пракса и останати заклучоци од правни мислења и прашања. Сепак, судиите од овој суд се имаат соочено со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Дополнително, во конкретни постапки се преземаат мерки за воедначување на судската практика и истото се дискутира при посетите на повисокиот суд како и при спроведувањето на обуки на Академијата за судии и јавни обвинители. Судот во своето работење не води изворници за предметите од двата судечки оддели.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Гостивар, во просек остварува по две посети годишно во ОС Кичево, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Гостивар има извршено осум посети и проверки на работата на ОС Кичево. Исто така, се вршат проверки од Судскиот совет на РСМ еднаш до два пати годишно, а за анализираниот период 2017-2020 година период забележани се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Кичево во последните пет години во просек имал 16.419 предмети вкупно во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 14.554 предмети годишно. За предметите во работа во 2015 година одлучувале 12 судии, во 2016 и 2017 предметите ги решавале 11 судии, а од 2018 година се до 2020 по предметите во работа постапуваат осум судии, иако со одлука на Судскиот совет е предвидено судиската функција да ја вршат 13 судии. Во однос на предметното работење, во ОС Кичево во 2015 година судиите имале 14.530 вкупно предмети во работа и решиле 94% од предметите, во 2016 година имало 15.416 вкупно предмети во работа од кои биле решени 91% од предметите, во 2017 година имал 6.797 вкупно предмети во работа од кои ОС Кичево решил 88% од предметите, во 2018 година судиите имале 6.671 предмети во работа врешил 89% предмети. Во 2019 година бројот на вкупно предмети во работа во судот бил 6.176 од кои судиите решиле 82% од предметите во работа. Во 2020 година бројот на предмети во работа бил 13.374 предмети во работа а судиите решиле 85% од вкупните предмети во работа. За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во ОС Кичево во 2015 година имало 782 одлуки по поднесен правен лек од кои има 597 потврдени одлуки или 76%, укинати одлуки имало 112 или 14% и 73 или 9% биле преиначени одлуки на судиите. Во 2016 година биле донесени 764 одлуки по изјавени правни лекови од кои во 544 или 71% одлуката на судиите била потврдена, во 150 или 20% одлуката била укината а во 70 или 9% биле преиначени одлуки. Во 2017 година биле донесени 868 одлуки по поднесени правни лекови од кои 634 или 73% биле потврдени одлуки, во 165 или 19% одлуките биле укинати а преиначени одлуки имало 69 или 8%. Во 2018 година биле донесени 1.128 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 826 предмети или 73% биле потврдени одлуки, 205 или 18% биле укинати одлуки и преиначени биле 97 од одлуките на судиите или 9%. Во 2019 година во Основниот суд Кичево биле донесени 897 одлуки по поднесени правни лекови при што одлуката била потврдена во 600 предмети или 67%, во 188 или 21% одлуката била укината и преиначени одлуки биле 109 предмети или 12%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС КИЧЕВО




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во ОС Кичево предвидениот број на судиски места е 15 судии, но во анализираниот период од 2015 до 2020 година по предметите во работа во судот постапувале во просек по 9.8 судии, односно ОС Кичево постапувал со 35% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2020 година произлегува дека повисокиот суд во просек во 72% од предметите ја потврдувал одлуката на судот, во 18% од предметите одлуките биле укинати и 9% биле преиначувачки одлуки во споредба со вкупниот број на донесени одлуки по обжалена пресуда.

## 2.4. Основен суд Тетово

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Тетово се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според годишниот распоред, како суд со проширена надлежност, работата на судот е организирана во два судски оддели составени од повеќе одделенија. Претседателот на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Тетово не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година. Во однос на подготвувањето или разгледувањето на предлог прописи за работата на судот досега учествувале судии кои се членови на Здружението на судии, судски административци членови на УПОЗ и Здружението на судска служба, во делот на изготвување на различни прописи, законски и подзаконски акти.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку програмата на АСЈО. Во делот на стручното усовршување на судиите, судските поротници, раководните, стручните и административно техничките судски службеници се организираат обуки од АСЈО, со што истите се доставуваат до секој судија одделно со цел тие да ги одберат тематските целини на кои сакаат да присуствуваат, согласно предвидената агенда. На одредени предавања присуствуваат и стручните соработници, а по потреба се организираат обуки и од самиот суд. Судот често организира вонредни обуки кога се јавува потреба од тоа и во таа насока последна од таков тип била организирана за дактилографите во делот на користење на опремата за тонско водење на записниците во граѓанските предмети. За време на пандемијата со вирусот КОВИД-19, речиси сите судии во судот ги посетувале онлајн обуки во АСЈО, благодарение на соодветните технички и просторни капацитети за следење на истите.

Судот во Тетово располага со сопствена судска библиотека, но таа не е доволно опремена. ОС Тетово има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но судот не води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Тетово не е формиран оддел за судска пракса, но со годишниот распоред се назначени двајца судии во кривичниот оддел и во граѓанскиот оддел. Покрај наведеното во досегашната пракса на судот, во периодот од 2017 до 2020 година не се преземени активности за воедначување и проучување на судската пракса. Во однос на водењето изворници за предметите, судот наведеното го остварува преку издвојување на изворниците од секој предмет и нивно ништење, а потоа чување како архивска граѓа од трајна вредност во посебни папки.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Апелациониот суд Гостивар редовно ги споделува заклучоците по однос на конкретни правни прашања со ОС Тетово. Проверката на работата на ОС Тетово, досега е реализирана преку вкупно 8 посети во период од 2017 до 2020 година, односно вкупно по две посети годишно.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Тетово во последните пет години во просек имал по 33.965 илјади вкупно предмети во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 29.219 предмети годишно. За предметите во работа во 2017 година одлучувале 21 судии, а нивниот број се намалил на 20 во 2018, па повторно достигнал 21 судија во 2019 година. Во 2020 во ОС Тетово по предмети постапувале 23 судии а е предвидено судиската функција да ја вршат 26 судии. Во однос на предметното работење, ОС Тетово во 2015 година имал 32.059 вкупно предмети во работа и решил 84% од предметите, во 2016 година имал 29.431 илјади вкупно предмети во работа од кои решил 78% од предметите, во 2017 година имал 26.957 вкупно предмети во работа од кои решил 84% од предметите, во 2018 година решил 85% од вкупните 24.257 предмети во работа, во 2019 година решил 94% од вкупните 42.158 предмети во работа, додека во 2020 година процентот на решени предмети е 87% од вкупните 48.925 предмети во работа. За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Тетово во 2015 година имало 2020 одлуки по поднесен правен лек, од кои во 1.330 или 66% одлуката била потврдена, во 395 или 20% одлуката била укината и во 295 предмети или 15% одлуката била преиначена. Во 2016 година биле донесени 1.722 одлуки по поднесен правен лек при што 1.024 или 60% биле потврдени одлуки, 470 или 27% биле укинувачки одлуки а во 228 односно 13% имало преиначување на одлуката. Во 2017 година биле донесени 1.433 одлуки по поднесен правен лек предмети во кои во 888 или 62% одлуката била потврдена, укинати одлуки имало 351 или 24% а преиначени одлуки биле 194 или 14%. Во 2018 година биле донесени 1.437 одлуки по поднесени правни лекови, при што одлуките на судиите биле потврдени во 856 предмети или 60%, во 332 или 23% одлуките биле укинати и 249 или 17% биле преиначени одлуки. Во 2019 година во Основниот суд Тетово биле донесени 1.224 одлуки по поднесени правни лекови, при што одлуката била потврдена во 767 предмети или 63%, укинувачка одлука имало во 235 или 19%, и 222 или 18% биле преиначени одлуки.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС ТЕТОВО




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Тетово е предвидено да постапуваат 26 судии, но наместо тоа по предметите во работа во просек постапувале по 23.7 судии, односно Основниот суд Тетово постапувал со 9% помалку капацитети од предвидените во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека повисокиот суд во просек во 62% од предметите ја потврдувал одлуката, во 23% од предметите одлуката ја укинавал и ја преиначувал во 15% во споредба со вкупниот број на решени предмети по кој бил изјавен правен лек.

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Велес се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според годишниот распоред, како суд со проширена надлежност, работата е организирана во два судски оддели - граѓански и кривичен судски оддел составени од повеќе одделенија. Со секој од одделите управува претседател на оддел и заменик на оддел, назначени од страна на претседателот на судот со годишниот распоред на работа. Претседателот на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Велес не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките организирани од АСЈО. За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 секој судија посетувал online обука организирана од АСЈО.

Судот располага со сопствена судска библиотека, дел од нејзините изданија се достапни електронски и истата се користи од страна на судиите и вработените во судот. ОС Велес има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите од Граѓанскиот оддел редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но самиот суд не води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Велес не е формиран оддел за судска пракса, но со годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Судијата назначен за следење на судската пракса е овластен да ја усогласува работата на судските оддели согласно Планот за судска пракса што го донесува. Тој е задолжен за следење на објавените билтени за судска пракса и поединечните одлуки на повисоките судови по редовни и вонредни правни лекови, и врши нивна квалификација по правни основи, ги евидентира и објавува во електронска форма заради нивна достапност.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Скопје годишно во просек успева да оствари по две посети во ОС Велес. Па така, изминатите 4 години (2017 – 2020) АС Скопје има извршено 6 посети во ОС Велес, односно проверки на работата на првостепениот суд. Исто така, се вршат проверки од Судскиот совет на РСМ еднаш до два пати годишно, а за анализираниот период 2017-2020 година период забележани се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Велес во последните пет години во просек имал по 18.575 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 14.761 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите изнесувал 17 во 2015, 18 судии во 2016, па бројот на судии повторно се намалил на 17 во 2017. Во 2018 бројот на судии изнесувал 16 и истиот број останал иво 2019 и 2020 година, иако во Основниот суд Велес предвидено е судиската функција да ја вршат 18 судии. Во однос на предметното работење, Основниот суд Велес во 2015 година имал 18.693 предмети во работа и решил 87% од предметите, во 2016 година вкупните предмети во работа се намалуваат на 16.820 предмети во работа и судиите решиле повторно 87% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа продолжил да се намалува и во 2017 година кога изнесувал 15.942 предмети при што судиите повторно решиле 87% од предметите. Бројот на вкупно примените предмети во работа расте во 2018 година, кога судиите имале 17.097 предмети во работа и решиле 88% од предмети во работа, а во 2019 година имало 17.660 предмети во работа и судиите решиле 87% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа се зголемува на 15.720, а судиите решиле 86% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Велес во 2015 година биле донесени 1328 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 1074 или 79% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 204 или 15% и во 77 предмети односно 6% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 1.191 одлука по поднесени правни лекови од кои во 884 случаи или 74% биле потврдени, укинати биле 251 одлука или 21% од одлуките, а преиначени одлуки имало 56 или 5%. Во 2017 година биле донесени 994 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 725 предмети или 73%, додека во 229 предмети или 23% одлуката била укината, а во 4% или 40 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 837 одлуки по изјавени правни лекови од кои 628 одлуки биле потврдени или 75%, укинати одлуки имало 148 или 18% и во 61 предмет или 7% одлуките биле преиначени. Во 2019 година во Основниот суд Велес биле донесени 799 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 591 предмети или 74%, во 129 или 16% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 79 предмети или 10%.




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во ОС Велес е предвидено да постапуваат 18 судии, но наместо тоа по предметите во работа постапувале во просек по 16,7 судии, односно ОС Велес постапувал со 8% помалку капацитети во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек повисокиот суд во 75% од предметите ја потврдувал одлуката, во 19% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 6% од предметите кои судиите ги решавале.

## 3.2. Основен суд Гевгелија

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Гевгелија се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според годишниот распоред, како суд со проширена надлежност, работата на судот е организирана во два судски оддели составени од повеќе одделенија. Во кривичен оддел спаѓаат следните одделенија: кривично одделение, прекршочно одделение и одделение за извршување на санкции, додека граѓанскиот оддел е составен од одделение за парнични предмети, вонпарнично одделение и одделение за извршување. Сепак, иако се формирани два оддели, судиите во ОС Гевгелија постапуваат во сите области, односно по сите предмети поради непополнетост на судиските места.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Гевгелија не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателката на судот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. За таа цел, претседателката води евиденција за видот на обуки и колку судии посетувале обуки согласно годишниот квантум за реализирани обуки на секој судија поединечно. Во периодот на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД – 19, сите судии во ОС Гевгелија посетувале онлајн обуки во Академијата, бидејќи судот располага со доволно опрема за да ги обезбеди условите.

Судот во Гевгелија располага со сопствена судска библиотека, но таа не е доволно опремена. ОС Гевгелија има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите во ОС Гевгелија, согласно Законот за парнична постапка редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, сепак до сега не се евидентирани предмети кои биле решени по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Гевгелија не е формиран оддел за судска пракса, ниту пак е назначен судија задолжен за следење и прибирање на судската пракса. Секој судија е задолжен самостојно да води евиденција за систематизирање и издвојување на правосилните одлуки. Самите судии преземаат мерки за проучување и воедначување на судската пракса, па на нивно на оддел се разгледуваат одлуки од повисокиот суд, а при прием на предмети со иста или слична правна основа се зазема став за понатамошно постапување. Правни мислења и правни прашања се издвојуваат на седниците на оддели, но забележано е дека повисокиот суд не ги доставува редовно заклучоците од определени правни прашања.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Скопје, во просек остварува по две посети годишно во ОС Гевгелија, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Скопје има извршено три посети и проверки на работата на првостепениот суд. Исто така, се вршат проверки од Судскиот совет на РСМ еднаш до два пати годишно, а за анализираниот период 2017-2020 година период забележани се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Гевгелија во последните пет години во просек имал по 10.577 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 9.899 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите изнесувал 13 во 2015, 11 судии во 2016, па бројот на судии повторно се намалил на 10 во 2017, 2018 и 2019 година. Во 2020 година бројот на судии изнесувал 8. Во однос на предметното работење, ОС Гевгелија во 2015 година имал 14.036 предмети во работа и решил 96% од предметите, во 2016 година вкупните предмети во работа се намалуваат на 10.917 предмети во работа и судиите решиле 96% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа продолжил да се намалува и во 2017 година кога изнесувал 8.765 предмети при што судиите решиле 90% од предметите. Бројот на вкупно примените предмети во работа расте во 2018 година, кога судиите имале 9639 предмети во работа и решиле 93% од предмети во работа, а во 2019 година имало 9.528 предмети во работа и судиите решиле 92% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа драстично се намалува на 8.914, а судиите решиле 94% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во ОС Гевгелија во 2015 година биле донесени 348 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 256 предмети или 74% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 60 предмети или 17% и во 32 предмети односно 9% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 273 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 212 случаи или 78% биле потврдени, укинати биле 40 одлуки или 14% од одлуките, а преиначени одлуки имало 21 или 8%. Во 2017 година биле донесени 286 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 211 предмети или 74%, додека во 53 предмети или 18% одлуката била укината, а во 8% или 22 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 245 одлуки по изјавени правни лекови од кои 173 одлуки биле потврдени или 71%, укинати одлуки имало 47 или 19% и во 25 предмет или 10% одлуките биле преиначени. Во 2019 година биле донесени 163 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 121 предмети или 74%, во 31 или 19% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 11 предмети или 7%.




Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во ОС Гевгелија е предвидено да постапуваат 13 судии, но наместо тоа по предметите во работа постапувале во просек по 10,3 судии, односно ОС Гевгелија постапувал со 21% помалку капацитети во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек повисокиот суд во 74% од предметите ја потврдувал одлуката, во 18% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 8% од предметите кои судиите ги решавале.

## 3.3. Основен суд Кавадарци

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Кавадарци се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со проширена надлежност, работата на судот е организирана во два судски оддели составени од повеќе одделенија. Секој оддел има свој Претседател, назначен со годишниот распоред за работа на судот. Претседателот на одделот носи Програма за работа на одделот, а одлуките и пресудите од двата оддели се издвојуваат и систематизираат преку АКМИС системот. Во последната годишна програма за работа на ОС Кавадарци за 2021 година е определено дека кривичниот оддел се состои од кривично одделение за полнолетни и малолетни сторители на казнени дела, прекршочно одделение, одделение за

извршување на санкции и одделение за претходна постапка. Граѓанскиот оддел се состои од парнично одделение, вонпарнично одделение и одделение за платни налози по приговор и извршување. За сега во судот не е регистрирана потребата од формирање на дополнителен судски оддел поради зголемен број на определен вид предмети.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Кавадрци не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година. Во ОС Кавадарци се води посебна евиденција за учество на судиите на обуки за нивно усовршување за што евиденција води Претседателот на судот.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба преку програмата на АСЈО. За таа цел, Претседателот на судот води евиденција за видот на обуки и колку судии посетувале обуки согласно годишниот квантум за реализирани обуки на секој судија поединечно. За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19, сите седум судии посетувале редовна онлајн обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

ОС Кавадарци располага со сопствена судска библиотека која редовно се дополнува со нови закони и коментари на истите. Библиотеката најчесто се ажурира преку донации од авторите и слично. ОС Кавадарци има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Кавадарци не е формиран оддел за судска пракса, ниту со Годишниот распоред е определен судија задолжен за следење и собирање на праксата на судот. Сепак, судиите сами преземаат обврски за проучување и воедначување на судската пракса преку дискусија за пресудите на седницата на оддел и на седница на судии. Правните мислења и правни прашања од седниците на судските оддели се издвојуваат и во Граѓанскиот и во Кривичниот оддел, и редовно се поставуваат правни прашања со повисокиот суд. Повисоките судови редовно ги дистрибуираат заклучоците за правните прашања од средбите за хармонизација на судската пракса, но ОС Кавадарци се уште многу често се соочува со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Судот води изворници за предметите и за нив се водат и електронски уписници преку АКМИС системот.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Се до почетокот на 2020 година, односно до почетокот на пандемијата на вирусот КОВИД – 19, Апелациониот суд Скопје редовно вршел посети на на Основен суд Кавадарци. Апелациониот суд Скопје, во просек остварува по една посета годишно во ОС Кавадарци, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Скопје има извршено три посети и проверки на работата на ОС Кавадарци.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Кавадарци во последните пет години во просек имал по 10.228 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 9.123 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите изнесувал 11 во 2015, 8 судии во 2016 и 2017 година, па бројот на судии повторно се намалил на 7 во 2018 и 2019 година. Во 2020 година, во судот постапувале 6 судии. Во однос на предметното работење, Основниот суд Кавадарци во 2015 година имал 12.362 предмети во работа и решил 89% од предметите, во 2016 година вкупните предмети во работа се намалуваат на 9.761 предмет и судиите решиле 88% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа во 2017 година изнесувал 9.881 предмет при што судиите решиле 89% од предметите. Бројот на вкупно применете предмети во работа расте во 2018 година, кога судиите имале 10.187 предмети во работа и решиле 90% од предмети во работа, а во 2019 година имало 10.414 предмети во работа и судиите решиле 91% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа драстично се намалува на 8.764, а судиите решиле 89% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Кавадарци во 2015 година биле донесени 558 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 446 предмети или 80% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 90 предмети или 16% и во 22 предмети односно 4% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 350 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 287 случаи или 82% биле потврдени, укинати биле 50 одлуки или 14% од одлуките, а преиначени одлуки имало 13 или 4%. Во 2017 година биле донесени 505 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 425 предмети или 84%, додека во 64 предмети или 13% одлуката била укината, а во 3% или 16 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 342 одлуки по изјавени правни лекови од кои 287 одлуки биле потврдени или 84%, укинати одлуки имало 47 или 14% и во 8 предмети или 2% одлуките биле преиначени. Во 2019 година во Основниот суд Кавадарци биле донесени 258 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 206 предмети или 16%, во 40 или 16% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 12 предмети или 5%.

### КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС КАВАДАРЦИ




Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во ОС Кавадарци предвидено е да постапуваат 12 судии во периодот до 2018 година, и бројот на предвидени судии се намалил на 10 во 2019 година. Но наместо тоа по предметите во работа постапувале во просек по 7,8 судии, односно ОС Кавадарци постапувал со 30% помалку капацитети во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек повисокиот суд во 82% од предметите ја потврдувал одлуката, во 14% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 4% од предметите кои судиите ги решавале.

## 3.4. Основен суд Кратово

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Кратово формирани се специјализирани судски оддели (граѓански, кривичен и прекршочен оддел), но поради недоволниот број на судии, нема можност за поделба на истите по конкретна област. Според Годишниот распоред, како суд со основна надлежност, работата на судот е Претседателот на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Кратово претседателот на судот води посебна евиденција за бројот на судии и бројот на обуки, спроведени од АСЈО. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. За време на пандемијата со вирусот Ковид – 19, вкупно 3 судии посетувале онлајн обука организирана и спроведена од АСЈО.

Соодветните просторни и технички капацитети на судот, овозможиле непречено следење на онлајн обуките.

Судот не располага со сопствена судска библиотека. Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но до сега не е ниту еден случај решен на овој начин. Самиот суд води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Кратово не е формиран ниту оддел за судска пракса, но со годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење и воедначување на судската пракса. Во досегашното работење на судот во однос на проучувањето и воедначувањето на судската пракса се преземаат одредени активности во рамки на судското одделение. Апелациониот суд Скопје редовно ги споделува заклучоците по однос на конкретни правни прашања со ОС Кратово. Во периодот на анализа (2017-2020) проверката на работата на ОС Кратово е извршена вкупно 8 пати преку посети од АС Скопје. Сепак, ОС Кратово забележува дека се соочува со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови.

### КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Скопје, во просек остварува по две посети годишно во ОС Кратово, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Скопје има извршено осум посети и проверки на работата на првостепениот суд.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Кратово во последните пет години во просек имал по 2.000 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 1.843 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите изнесувал 3 во сите гоидни кои се предмет на анализа за квалитетот при работата (2015-2019). Во однос на предметното работење, Основниот суд Кратоово во 2015 година имал 1.959 предмети во работа и решил 92% од предметите, во 2016 година вкупните предмети во работа се намалуваат на 1.928 предмет и судиите решиле 92% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа во 2017 година изнесувал 1.920 предмети при што судиите повторно решиле 92% од предметите. Бројот на вкупно примените предмети во работа расте во 2018 година, кога судиите имале 2.145 предмети во работа и решиле 93% од нив, а во 2019 година имало 2050 предмети во работа и судиите решиле 92% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа драстично се намалува на 1.780, а судиите решиле 86% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Кратово во 2015 година биле донесени 85 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 60 предмети или 71% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 22 предмети или 25% и во 3 предмети односно 4% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 62 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 43 случаи или 69% биле потврдени, укинати биле 16 одлуки или 26% од одлуките, а преиначени одлуки имало 3 или 5%. Во 2017 година биле донесени 56 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 39 предмети или 70%, додека во 12 предмети или 21% одлуката била укината, а во 9% или 5 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 50 одлуки по изјавени правни лекови од кои 36 одлуки биле потврдени или 72%, укинати одлуки имало 14 или 28% додека воопшто немало преиначени предмети. Во 2019 година во Основниот суд Кратово биле донесени 53 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 37 предмети или 70%, во 10 или 19% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 6 предмети или 11%.

### КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС КРАТОВО




Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Кратово е предвидено да постапуваат 3 судии во периодот од 2015 до 2019 година, и бројот бил исполнет во целост, односно Основниот суд Кратово постапувал со 100% од предвидените капацитети. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек повисокиот суд во 70% од предметите ја потврдувал одлуката, во 24% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 6% од предметите кои судиите ги решавале.

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Крива Паланка се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со основна надлежност, работата на судот е организирана во два судечки оддели- граѓански оддел и кривичен оддел. Во однос на специјализацијата на судиите во специјализираните судски оддели, пред донесување на годишната програма и распоред на работа, се изнесуваат мислења на судиите во делот на нивната определба за работа во предметите од двата специјализирани судски оддели. Претседателката на судот е надлежна за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот. Во ОС Крива Паланка не е забележана потреба од формирање на оддел за определени предмети.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Крива Паланка не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. За таа цел, Претседателката на судот води евиденција за видот на обуки и колку судии посетувале обуки согласно годишниот квантум за реализирани обуки на секој судија поединечно. За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 секој судија посетувал online обука организирана од АСЈО. За време на пандемијата со вирусот КОВИД – 19, судиите од двата специјализирани оддели посетувале онлајн обука организирана и спроведена од АСЈО. Реализираните обуки се евидентираат во АСЈО и модулот на АКМИС системот во судот. Иако организираните обуки биле спроведени без позначајни потешкотии, потребно е обнова на техничките капацитети.

Судот во Крива Паланка не поседува сопствена библиотека, при што стручната литература се набавува повремено по барање на судиите и истата се користи во рамките на специјализираните судски оддели. ОС Крива Паланка има пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата и истото е опфатено во самите покани кои судот ги доставува до странките на постапката, но судот не води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Крива Паланка не е формиран оддел за воедначување и проучување на судската пракса, ниту со годишниот распоред е назначен судија за постапување во тој оддел, но сепак одлуките донесени од повисоките судови од значење за единствената примена на законите и воедначувањето на судската пракса се предмет на разгледување на седниците на одделите и седниците на судиите во судот. Сепак, ОС Крива Паланка се соочува со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Скопје редовно ги споделува заклучоците по однос на конкретни правни прашања со ОС Крива Паланка. ОС Крива Паланка редовно води изворници за предметите, согласно предвидените законски прописи на Законот за парнична постапка, Законот за кривична постапка и Судскиот деловник.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Работните посети и контрола над работата на ОС Крива Паланка се врши најмалку еднаш годишно, најчесто пред крајот на првото полугодие, но поради настанатата ситуација со вирусот Ковид – 19, во 2020 година таква посета воопшто не е извршена, додека во периодот од 2017 до 2020 година извршени се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Крива Паланка во последните пет години во просек имал по 5.601 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 4.758 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите изнесувал 6 во 2015 и 2016 година, а потоа 5 во 2017, 2018 и 2019 година.  Во однос на предметното работење, ОС Крива Паланка во 2015 година имал 5.669 предмети во работа и решил 88% од предметите, во 2016 година вкупните предмети во работа се намалуваат на 5.405 предмети и судиите решиле 88% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа во 2017 година изнесувал 5.285 предмети при што судиите повторно решиле 88% од предметите. Бројот на вкупно применените предмети во работа расте во 2018 година, кога судиите имале 5.793 предмети во работа и решиле 80% од нив, а во 2019 година имало 5.855 предмети во работа и судиите решиле 82% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа драстично се намалува на 5.036, а судиите решиле 79% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Крива Паланка во 2015 година биле донесени 283 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 204 предмети или 72% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 58 предмети или 20% и во 21 предмет односно 8% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 261 одлука по поднесени правни лекови од кои во 192 случаи или 74% биле потврдени, укинати биле 56 одлуки или 21% од одлуките, а преиначени одлуки имало 13 или 5%. Во 2017 година биле донесени 237 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 179 предмети или 76%, додека во 45 предмети или 19% одлуката била укината, а во 5% или 13 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 233 одлуки по изјавени правни лекови од кои 177 одлуки биле потврдени или 76%, укинати одлуки имало 47 или 20% додека преиначени биле 9 одлуки или 4 %. Во 2019 година во ОС Крива Паланка биле донесени 413 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 363 предмети или 88%, во 33 или 8% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 17 предмети или 4%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС КРИВА ПАЛАНКА



Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во ОС Крива Паланка е предвидено да постапуваат 6 судии, а бројот бил исполнет во целост до 2016 година. Бројот на судии се намалува на 5 во 2017 година и Основниот суд Кратово постапувал со 10% помалку од предвидените капацитети. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек повисокиот суд во 77% од предметите ја потврдувал одлуката, во 18% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 5% од предметите кои судиите ги решавале.

## 3.6. Основен суд Куманово

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Куманово се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Претседателите на одделите не изготвуваат програма за работа на одделот, бидејќи претседателот на одделот заедно со претседателот на судот и останатите од тимот на претседателот заеднички го изготвуваат предлог годишен распоред за работа на судии и годишен распоред за работа на судска служба, па не е воочена потреба од подготовка на и на посебни програми во рамките на одделите.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Куманово не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки, како и дека за секоја пријава на обука во АСЈО задолжително е судиите и соработниците да го пријават своето учество и кај Претседателката на судот. Дополнително, за бројот на посетени обуки АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателката на судот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Во судот нема податоци за тоа колку судии успеале да ги следат онлајн обуките во Академијата за судии и јавни обвинители за време на пандемијата од вирусот КОВИД – 19 во 2020 година, но посочуват дека судот не располага со доволно технички капацитети за да им овозможи ресурси на судиите за следење на онлајн обуки.

Судот не располага со своја библиотека. ОС Крива П има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите во ОС Куманово, согласно Законот за парнична постапка, редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, освен во предметите за оставински и вонпарнични предмети каде што се наведува дека судијата нема обврска да ги упати странките на медијација. Судот не води целокупна евиденција за тоа колку од предметите биде решени по пат медијација, и немаат сознанија дека воопшто некој предмет бил решен по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Куманово не е формиран оддел за судска пракса, ниту пак со годишниот распоред за работа е назначен судија задолжен за воедначување на судската пракса во судот. Судиите на редовните седници на одделите во судот или по потреба на седница на судии разговараат за прашањата поврзани со судската пракса. Апелациониот суд Скопје до ОС Куманово ги доставува и заклучоците од заедничките средби на 4те апелациони судови и ВСРСМ за усогласување на судската пракса. Сепак, судиите од овој суд се имаат соочено со невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. ОС Куманово во своето работење не води изворници за предметите од двата судечки оддели.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Работните посети и контрола над работата на ОС Куманово се врши најмалку еднаш годишно, најчесто пред крајот на првото полугодие, но поради настанатата ситуација со вирусот КОВИД– 19, во 2020 година таква посета воопшто не е извршена, додека во периодот од 2017 до 2020 година извршени се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Куманово во последните пет години во просек имал по 39.2525 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 34.014 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите изнесувал 34 во 2015 година, 32 во 2016, и бројот продолжил да се намалува на 29 во 2017 година, на 26 во 2018 и 24 во 2019 и 2020 година. Во однос на предметното работење, ОС Куманово во 2015 година имал 38.130 предмети во работа и решил 85% од предметите, во 2016 година имал во работа 38.212 предмети и судиите решиле 84% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа во 2017 година изнесувал 36.555 предмети при што судиите решиле 87% од предметите. Бројот на вкупно примените предмети во работа расте во 2018 година, кога судиите имале 38.226 предмети во работа и решиле 88% од нив, а во 2019 година имало 35.303 предмети во работа и судиите решиле 89% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа драстично се намалил на 32.862, а судиите решиле 88% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во ОС Куманово во 2015 година биле донесени 1.868 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 1.255 предмети или 67% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 421 предмет или 23% и во 192 предмети односно 10% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 1516 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 1056 случаи или 70% биле потврдени, укинати биле 341 одлука или 22% од одлуките, а преиначени одлуки имало 119 или 8%. Во 2017 година биле донесени 1.686 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 1.180 предмети или 70%, додека во 392 предмети или 23% одлуката била укината, а во 7% или 114 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 1.581 одлуки по изјавени правни лекови од кои 1.097 одлуки биле потврдени или 69%, укинати одлуки имало 356 или 23% додека преиначени биле 128 одлуки или 8%. Во 2019 година во ОС Куманово биле донесени 1.475 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 1.051 предмети или 71%, во 292 или 20% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 132 предмети или 9%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС КУМАНОВО




Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Куманово е предвидено да постапуваат 34 судии, а бројот бил исполнет во целост само во 2015 година. Основниот суд Куманово постапувал со 18% помалку од предвидените капацитети. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек повисокиот суд во 69% од предметите ја потврдувал одлуката, во 22% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 8% од предметите кои судиите ги решавале.

## 3.7. Основен суд Неготино

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Неготино не се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со основна надлежност, судиите постапуваат по сите предмети во зависност од приливот на работа, иако начелно постои некоја поделба на граѓански и кривични судии, пред се според предметите по кои постапуваат со одржување на расправи.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Неготино не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Во периодот на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД – 19, само еден судија од ОС Неготино посетувал онлајн обука во АСЈО, а причините за ова се пред се лоцирани во слабите технички капацитети на судот. Имено интернет мрежата на судот има заштита со што не дозволува приклучување на апликација „ZOOM" или останати слични апликации преку кои се следат онлајн обуките.

Судот во Неготино не располага со сопствена судска библиотека. ОС Неготино има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите во ОС Неготино, согласно Законот за парнична постапка редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, сепак до сега не е забележан случај на решен предмет од ОС Неготино по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Неготино не е формиран оддел за судска пракса, ниту пак е назначен судија задолжен за следење и прибирање на судската пракса. Секој судија е задолжен самостојно да води евиденција за систематизирање и издвојување на правосилните одлуки. Правни мислења и правни прашања не се издвојуваат на седниците на оддели, но сепак ОС Неготино ги следи објавите на заклучоците на повисоките судови по одредени правни прашања, а се следи и судската пракса од тековните објави на официјалните веб страни на повисоките судови кои се однесуваат на воедначување на судска пракса. Од ОС Неготино информираат дека Апелациониот суд Скопје редовно ги споделува заклучоците за одредени правни прашања и нотираат дека до сега се немаат сретнато со невоедначена примена на законите од повисоките судови.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Скопје, во просек остварува по една до две посети годишно во ОС Неготино, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Скопје има извршено вкупно три посети и проверки на работата на првостепениот суд. Се до почетокот на 2020 година, односно до стартот на пандемијата на вирусот КОВИД – 19, и Апелациониот суд Скопје ги вршел редовно посетите за квалитет во работата на Основен суд Неготино.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Неготино во последните пет години во просек имал по 13.593 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 11.419 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите изнесувал 5 за сите години на анализа (2015-2019), со оглед на тоа што оваа бројка на судии се должи на прием на времено упатени судии. Во однос на предметното работење, Основниот суд Неготино во 2015 година имал 8.542 предмети во работа и решил 85% од предметите, во 2016 година имал во работа 6.092 предмети и судиите решиле 74% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа во 2017 година изнесувал 5.946 предмети при што судиите решиле 77% од предметите. Бројот на вкупно примените предмети во работа расте во 2018 година, кога судиите имале 6.163 предмети во работа и решиле 79% од нив, а во 2019 година имало 5.893 предмети во работа и судиите решиле 78% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа драстично се зголемил на 7.637, а судиите решиле 88% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Неготино во 2015 година биле донесени 330 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 258 предмети или 78% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 52 предмет или 16% и во 20 предмети односно 6% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 221 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 191 случаи или 86% биле потврдени, укинати биле 24 одлука или 11% од одлуките, а преиначени одлуки имало 6 или 3%. Во 2017 година биле донесени дури

1.663 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 1.639 предмети или 99%, додека само 19 предмети или 1% одлуките била укинати, а во 0,3% или 5 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 167 одлуки по изјавени правни лекови од кои 133 одлуки биле потврдени или 80%, укинати одлуки имало 31 или 19% додека преиначени биле 3 одлуки или 2%. Во 2019 година во Основниот суд Неготино биле донесени 147 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 104 предмети или 71%, во 31 или 21% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 12 предмети или 8%.




Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Неготино е предвидено да постапуваат 5 судии, а бројот бил исполнет во целост само во периодот до 2019 година, додека во 2020 во судот постапувале 4 судии. Основниот суд Неготино постапувал со 18% помалку од предвидените капацитети. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек повисокиот суд во 69% од предметите ја потврдувал одлуката, во 22% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 8% од предметите кои судиите ги решавале.

## 3.8. Основен Граѓански суд Скопје

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во Основниот Граѓански суд Скопје се формирани вкупно четири оддели, и тоа: Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови со вкупно 33 судии, од кои 4 судии постапуваат по семејни спорови; Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација, со вкупно 15 судии,и тоа 12 постапуваат по трговски спорови, а 2 од нив и по приговори против неправилности во извршувањето, а 3 судии постапуваат по стечајни предмети; Оддел за работни спорови со 10 судии и Оддел за вонпарнични и оставински предмети со 4 судии.

Дополнително, судиите на Основниот Граѓански суд Скопјево повеќе наврати биле дел од подготовка на прописи и закони важи за нивната работа како што се: Судскиот деловник, Законот за парнична постапка и други.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на Академијата за судии и јавни обвинители. Во Основниот граѓански суд не се води посебна евиденција за учество на обуки во АСЈО од страна на судиите на овој суд.

Претседателот на судот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Во периодот на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД – 19, судии на Основниот Граѓански суд Скопје посетувале онлајн обуки во АСЈО, но судот не располага со евиденција за бројот на судиите. Основниот Граѓански суд Скопје располага со доволно технички и просторни капацитети за да овозможи учество на судиите на обуките од просториите на самиот суд.

Судот располага со сопствена судска библиотека која е достапна за сите вработени во секое време. Основниот Граѓански суд Скопје има и пристап до Службен весник на РСМ, и пристап е обезбеден за секој судија и стручен соработник.

Судиите ги упатуваат странките на медијација согласно законските обврски но од самиот суд потенцираат дека тоа не се случува редовно. Судот не води евиденција колку од предметите биле всушност решени по пат на медијација, но располага со податок дека во Одделот за оставински и вонпарнични предмети во последните 4 години (2017-2020) е решен еден предмет по пат на медијација и тоа предмет за делба на заеднички имот стекнат во брак.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во Основниот Граѓански суд Скопје не е формиран оддел за судска пракса, ниту пак се назначени судии за воедначување на судската пракса во судот. Сепак, од судот известуваат дека се прават напори за воедначување на судката пракса преку одржување редовни месечни состаноци на ниво на оддел при што се разгледуваат спорни прашања и се воедначува постапувањето во предметите. Во судот постои и пракса на издвојување правни мислења и прашања кои понатаму се дискутираат на редовните колегиуми на судиите.

Од Основниот Граѓански суд Скопје информираат дека Апелациониот суд Скопје ги споделува заклучоците за одредени правни прашања, како и дека во досегашното работење не се случило одлуката вратена на повторно разгледување од повисокиот суд да имплицира донесување на пристрасна одлука.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Скопје, во просек остварува по две посети годишно во Основниот Граѓански суд Скопје. Во перидоот 2017-2020 се остварени вкупно 8 посети, односно се до почетокот на 2020 година, односно до стартот на пандемијата на вирусот КОВИД – 19, Апелациониот суд Скопје ги вршел редовно посетите за квалитет во работата на Основниот Граѓански суд Скопје.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот Граѓански суд Скопје во последните пет години во просек имал по 56.907 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 43.759 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите се менувал низ годините но ниту еднаш не го достиганл бројот на судии определен со Одлуката на Судскиот совет на РСМ. Во однос на предметното работење, Основниот Граѓански суд во Скопје во 2015 година имал 58.651 предмет во работа и решил 77% од предметите, во 2016 година имал во работа 56.345 предмети и судиите решиле 73% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа во 2017 година изнесувал 56.456 предмети при што судиите решиле 77% од предметите. Бројот на вкупно примените предмети во работа во 2018 година изнесувал 56.692 предмети и решиле 79% од нив, а во 2019 година имало 56.392 предмети во работа и судиите решиле 79% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. За Основниот Граѓански суд Скопје во 2015 година биле донесени 6.599 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 5.275 предмети или 80% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 931 предмет или 14% и во 393 предмети односно 6% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 6.077 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 4.886 случаи или 81% биле потврдени, укинати биле 873 одлуки или 14% од одлуките, а преиначени одлуки имало 318 или 5%. Во 2017 година биле донесени 6.596 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 5.124 предмети или 78%, додека дури 1.074 предмети или 16% од одлуките била укинати, а во 6% или 398 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 6.341 одлуки по изјавени правни лекови од кои 4.980 одлуки биле потврдени или 79%, укинати одлуки имало 1.019 или 16% додека преиначени биле 342 одлуки или 5%. Во 2019 година за Основниот Граѓански суд Скопје биле донесени 6.212 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 4.919 предмети или 79%, во 935 или 15% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 358 предмети или 6%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ




Согласно одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во Основниот Граѓански суд Скопје е утврдено да ја вршат 77 судии. Сепак, предвидениот број на судии не бил исполнет ниту една година. Во 2017 година судската функција во Основниот Граѓански суд Скопјеја вршеле 67 судии, за тој број да падне на 66 во 2018 година. Во 2019 година судската функција во Основниот Граѓански суд Скопје ја извршувале 64 судии а во 2020 година 65 судии.

## 3.9. Основен Кривичен суд Скопје

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во Основниот кривичен суд Скопје се формирани вкупно шест оддели и одделенија и тоа: Организиран криминал – каде постапуваат 9 судии, Кривично полнолетни – со 17 судии, Малолетници – со 2 судии, Извршување снакции – каде постапуваат 2 судии, Претходна постапка – со 6 судии и Прекршоци – каде постапуваат 13 судии.

Дополнително, судиите на ОС Скопје во повеќе наврати биле дел од подготовка на прописи и закони важи за нивната работа како што се: Судскиот деловник, Кривичниот законик, Законот за кривичната постапка, Законот за прекршоци и слични.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на Академијата за судии и јавни обвинители. Во Основниот кривичен суд се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите. Евиденцијата ја води лице задолжено за тоа од Кабинетот на претседателот. Судиите секоја година посетуваат задолжителен број на часови кои се предвидени како задолжителна обука на судиите секоја година .Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Во периодот на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД – 19, сите судии на Основниот кривичен суд Скопје 1 посетувале онлајн обуки во АСЈО. Судот располага со доволно технички и просторни капацитети за да овозможи учество на судиите на обуките од просториите на самиот суд.

Кривичниот суд во Скопје располага со сопствена судска библиотека. Основниот Кривичен суд Скопје има и пристап до Службен весник на РСМ, и пристап е обезбеден за секој судија и стручен соработник.

Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација согласно законските обврски, но преовладува мислењето дека медијацијата се уште не доволно се применува од страна на странките.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Скопје 1 не е формиран оддел за судска пракса, но редовно се работи на нејзино воедначување од страна на двајца судии задолжени за следење на судската пракса во судот. Тоа се претседателот на Одделот Кривично полнолетни и претседателот на Одделот за Организиран криминал и корупција. На мрежното поврзување на судот, преку компјутерскиот центар, постојано се поставуваат скенирани одлуки од Апелационен суд Скопје и од Врховен суд на РСМ, како би можеле да им бидат достапни на сите судии и да им користат во секојдневното работење, во смисла на евентуално воедначување на судска пракса и неповторување на исти причини за укинување на одлуки. Воедно и на колегиуми што се одржуваат редовно се презентираат нови билтени на повисоките судови, нивни заклучоци и се презентира најновата пракса на ЕСЧП.

Во Судот постои и пракса на издвојување правни мислења и прашања кои понатаму се дискуритираат на редовните колегиумите.

Од Основниот Кривичен суд  Скопје информираат дека Апелациониот суд Скопје не ги споделува заклучоците за одредени правни прашања, туку тоа е оставено на волјата на претседателите на одделите во Судот. Дополнително од судот нотираат дека понекогаш се случува одлуката вратена на повторно разгледување од повисокиот суд да имплицира донесување на пристрасна одлука.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Скопје, во просек остварува по една до две посети годишно во ОС Скопје 1. Се до почетокот на 2020 година, односно до стартот на пандемијата на вирусот КОВИД – 19, и Апелацискиот суд Скопје ги вршел редовно посетите за квалитет во работата на Основниот Кривичен суд  Скопје.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Скопје 1 во последните пет години во просек имал по 108.090 предмети годишно во работа, а судиите просечно решавале по 81.886 предмети годишно. Бројот на судиите кои ги решавале предметите се менувал низ годините но ниту еднаш не го достиганл бројот на судии определен со Одлуката на Судскиот совет на РСМ.  Во однос на предметното работење, Основниот Кривичен суд во Скопје во 2015 година имал 122.745 предмети во работа и решил 66% од предметите, во 2016 година имал во работа 132.371 предмети и судиите решиле 72% од предметите. Бројот на вкупно предмети во работа во 2017 година изнесувал 116.194 предмети при што судиите решиле 80% од предметите. Бројот на вкупно примените предмети во работа во 2018 година изнесувал 111.396 предмети и решиле 84% од нив, а во 2019 година имало 112.639 предмети во работа и судиите решиле 81% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа драстично се намалил на 53.197, а судиите решиле 71% од предметите.

За квалитетот на решените предмети се анализира бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Скопје 1 во 2015 година биле донесени 2.428 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 1.621 предмети или 67% одлуката била потврдена, одлуката била укината во 480 предмет или 20% и во 327 предмети односно 13% од одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 1.993 одлуки по поднесени правни лекови од кои во 1.450 случаи или 73% биле потврдени, укинати биле 386 одлука или 19% од одлуките, а преиначени одлуки имало 157 или 8%. Во 2017 година биле донесени 2.136 одлуки по изјавен правен лек од кои одлуката била потврдена во 1.589 предмети или 74%, додека 412 предмети или 20% одлуките била укинати, а во 6% или 135 случаи одлуките биле преиначени. Во 2018 година биле донесени 1.969 одлуки по изјавени правни лекови од кои 1.414 одлуки биле потврдени или 72%, укинати одлуки имало 357 или 18% додека преиначени биле 198 одлуки или 10%. Во 2019 година за Основниот суд Скопје 1 биле донесени 1.151 одлуки по поднесени правни лекови во кои одлуката била потврдена во 814 предмети или 71%, во 156 или 14% одлуката била укината и преиначена одлука имало во 181 предмет или 16%.




Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот Кривичен суд Скопје 1 Скопје е предвидено да постапуваат 70 судии. Сепак, предвидениот број на судии не бил исполнет ниту една година. Во 2017 година судската функција во ОС Скопје 1 ја вршеле 52 судии, за тој број да падне на 50 во 2018 година. Во 2019 година судската функција во ОС Скопје 1 ја извршувале 53 судии а во 2020 година 52 судии.

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Берово се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, како суд со основна надлежност, судиите постапуваат по предмети во сите правни области.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Берово не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот на ОС Берово се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Претседателот донесува план за едукација на судиите и вработените во судската служба. За време на пандемијата КОВИД-19 од овој суд само еден судија ја следел онлајн обуката од Академијата за судии јавни обвинители иако се нотира дека судот нема погодни просторни и технички капацитети за континуирано следење на онлајн обуките. Досега не се јавила потреба од одржување на вонредни обуки за судиите.

Судот во Берово располага со сопствена судска библиотека, која се користи и надополнува. ОС Берово има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно. Судиите редовно ги упатуваат странките на користење на медијација пред започнување на судските рочишта, но не се води евиденција за предметите решени по пат на медијација.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Берово не е формиран оддел за судска пракса, ниту со Годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Судиите од двата судечки оддели имаат забележано невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови.

### КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови.

Апелациониот суд Штип редовно врши посета и проверка на работењето на основниот суд и тоа најмалку два пати годишно, а со новонастанатата состојба со КОВИД-19 вирусот ваквите посети не биле реализирани.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Берово во последните пет години (2015-2020) во просек имал 3.907 вкупно предмети во работа на годишно ниво, а просечно судиите решавале по 3.288 предмети годишно. Предметите во работа во судот ги решавале тројца судии во 2015 година, а од 2018 до 2020 година предметите ги решава еден судија во 2019 година иако е утврдено судиската функција во Основниот суд Берово да ја вршат четири судии. Моментално сите судиски места во Основниот суд Берово се испразнети, поради што во судот времено се делегираат судии од останатите судови на истото апелациско подрачје. Во однос на предметното работење, Основниот суд Берово во 2015 година имал 4.087 вкупно предмети во работа и судиите решиле 93% од предметите, во 2016 година вкупните предмети во работа се намалуваат на 3.435 предмети од кои судиите решиле 83%, во 2017 година имал 3.860 вкупно предмети во работа при што судиите решиле 84% од предметите, во 2018 година бројот на предмети во работа се зголемил на 4.193 предмети при што судиите решиле 82%, во 2019 година судиите решиле 79% од вкупните 3931 предмети во работа. Судот одлучувал со слична динамика и во текот на 2020 година при што процентот на решени предмети е 83% од вкупните 3.935 предмети во работа. За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Берово во 2015 година биле донесени 121 одлука по поднесени правни лекови што претставува 3% од вкупните 3.809 решени предмети од кои во 80 или 66% од предметите одлуката била потврдена, во 35 или 29% одлуката била укината и во 6 предмети или 5% одлуката била преиначена. Во 2016 година биле донесени 66 одлуки по поднесени правни лекови или 6% од вкупно 1.057 вкупно решени предмети, од кои во 50 предмети или 76% одлуката на судиите била потврдена, во 7 или 11% имало укинувачка одлука, а во 9 предмети односно 13% имало преиначенување на одлуката. Во 2017 година, имало 111 одлуки по поднесени правни лекови или 10% од вкупно 1147 решени предмети во работа, од кои 82 или 74% биле потврдени одлуки, во 26 предмети или 23% одлуката била укината додека во 3 предмети или 3% одлуката била преиначена. Во 2018 година имало 98 одлуки по поднесени правни лекови или 10% од вкупно 981 предмет во работа, од кои во 60 предмети или 61% биле потврдени одлуки, во 29 предмети или 30% одлуката била укината додека преиначени биле 9 одлуки или 9%. Во 2019 година според податоците за кривичниот, граѓанскиот и прекршочниот оддел во Основниот суд Берово биле донесени 172 одлуки по поднесен правен лек, при што во 140 предмети или 81% одлуката на судиите била потврдена, укинати одлуки имало 16 или 9% додека преиначени биле одлуките во 16 предмети или 9,3%.




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Берово е предвидено да постапуваат 4 судии, но наместо тоа, постапувале 1,7 судии односно Основниот суд Берово постапувал со 42% односно 58% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2020 година произлегува дека во просек за 11% од одлуките на Основниот суд Берово биле донесени одлуки по изјавен правен лек, од кои во просек во 72% од предметите одлуката била потврдена и во 8% од предметите одлуката била преиначена во споредба со вкупниот број на решени предмети по кој бил изјавен правен лек.

## 4.2. Основен суд Виница

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Виница не се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред за работа на судот за 2020 година, во ОС Виница судиите постапуваат во граѓански и кривичниот оддел. Поради малиот број на судии во судот и приливот на предмети досега не се утврдила потреба за донесување на посебна програма за работа на судечкиот оддел.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Виница не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателката на судот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Судот има технички и просторни капацитети за да обезбеди за судиите следење на онлајн обуките на АСЈО. Во периодот на пандемијата од вирусот КОВИД-19 сите судии  и претседателот на судот ги посетувале онлајн обуките во Академијата.

Судот во Виница располага со сопствена судска библиотека, која се дополнува со купена или подарена правна литература. ОС Виница има и пристап до Службен весник на РСМ, и пристапот е обезбеден за секој судија и оддел, преку споделување на документите од Службен весник на интра-нет страната на судот.

Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата. Информација за решени предмети по пат на медијација судот има за предметите кои се заведени во судот, додека за предметите каде не е отпочната постапката нема податоци. Судот по службена должност внимава дали пред да одпочне постапката со тужба, да е спроведена постапка за медијација - едитвено во стопанските спорови.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Виница не е формиран оддел за судска пракса, ниту со Годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса но еден од стручни службеници е задолжен континуирано да го следи нејзиниот развој. Судиите од двата судските оддели имаат забележано невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Спорните правни прашања се доставуваат за мислење до соодветните оддели на Апелациониот суд Штип и тој редовно ги споделува заклучоците и мислењата од правните прашања. Систематизирањето на правосилните одлуките се одвива по вид на уписник за секоја правна област.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Штип, во просек остварува по две посети годишно во ОС Виница, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Штип има извршено осум посети и проверки на работата на првостепениот суд.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Виница во последните пет години (2015-2020) во просек имал по 3.795 вкупно предмети во работа на годишно ниво, а просечно судиите решавале по 3.452 предмети годишно. Во периодот од второта половина на 2016 година до 2020 година двајца судии постапувале по сите предмети во работа иако судиската функција во Основниот суд Виница е предвидено да ја вршат тројца судии со претседателот на судот. Во однос на предметното работење, Основниот суд Виница во 2015 година имал 3.884 илјади вкупно предмети во работа и решил 94% од предметите, во 2016 година имал 3.467 илјади вкупно предмети во работа од кои решил 90% од предметите, во 2017 година бројот на вкупно предмети во работа бил 3.866 вкупно предмети во работа од кои решил 90% од предметите, во 2018 година решил 92% од вкупните 4.038 предмети во работа, во 2019 година бројот на вкупни предмети во работа бил 3.868 од кои биле решени 92%. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа бил 3.467 од кои биле решени 86% што покажува континуирана динамика во решавањето на вкупните предмети во работа и приливот на нови предмети. За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Виница во 2015 година биле донесени 139 одлуки по поднесени правни лекови што претставува 12% од вкупните 1.139 решени предмети од кои во 87 предмети или 63% одлуките на судиите биле потврдени, во 45 предмети одлуката била укината или 32% и преиначена одлука имало во 7 предмети или 5%. Во 2016 година биле донесени 101 одлуки по поднесени правни лекови или 11% од вкупно 949 решени предмети во работа, при што во 62 предмети одлуката на судиите била потврдена или 61%, во 32 предмети одлуката била укината или 32% а во 7 имало преиначување на одлуката односно 7%. Во 2017 година имало 95 одлуки по поднесени правни лекови што е 10% од вкупно 958 предмети во работа, од кои во 51 или 54% одлуката била потврдена, во 34 или 36% одлуката била укината и во 10 или 11% одлуката била преиначена. Во 2018 година имало 121 одлука по поднесен правен лек односно 16% од вкупните 739 предмети во работа, при што во 71 биле потврдени одлуки или 59%, 36 или 30% биле укинати одлуки и преиначени одлуки имало во 14 предмети или 12%. Во 2019 година во Основниот суд Виница од 152 одлуки по поднесени правни лекови, одлуката на судиите била потврдена во 81 предмет или 53%, 58 биле укинати одлуки или 38% и преиначени одлуки имало по 13 предмети или 9%. За напомена е дека во периодот предмет на анализа најголемиот процент на укинати и преиначени одлуки е од кривичната материја. Квалитетот на донесените одлуки во граѓанските предмети е висок.



Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Виница е предвидено да постапуваат вкупно 3 судии со претседателот на судот. По предметите во работа постапувале 2.5 судии, односно Основниот суд Виница постапувал со 75% или 25% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2020 година произлегува дека во просек за 14% од предметите на Основниот суд Виница се донесени одлуки по изјавен правен лек, од кои повисокиот суд во просечно во 58% од предметите ја потврдувал одлуката на судот, во 34% од предметите одлуките ги укинувал и во 9% од предметите одлуката била преиначена во споредба со вкупниот број на решени предмети по кој бил изјавен правен лек.

## 4.3. Основен суд Делчево

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Годишниот распоред на ОС Делчево се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред, работата во ОС Делчево не е организирана во судски оддели, а претседателот на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот. Правосилните одлуки се издвојуваат и систематизираат согласно АКМИС.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Делчево не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 секој судија посетувал online обука организирана од АСЈО.

Судот во Делчево не располага со сопствена судска библиотека. ОС Делчево има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно.

Нема информација за тоа колку предмети биле решени по пат на медијација ниту дали судиите ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Делчево не е формиран оддел за судска пракса и не е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Во ОС Делчево не се издвојуваат правни прашања и правни мислења. Во извештаите за работењето на судот за 2018 година се наведува дека судиите ја применуваат судската пракса следејќи ги одлуките на повисоките судови преку доставените билтени. Судската пракса се воедначува и преку заклучоците кои ги носат апелационите судови за примената на процесното и материјално право. При работењето, ОС Делчево воочил невоедначена примена на законите од повисоките судови. Исто така, судот води изворници за предметите согласно Судскиот Деловник.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Во периодот од 2017 до 2020 година, АС Штип еднаш годишно вршел проверка на работата на судот. Исто така, се вршат проверки од Судскиот совет на РСМ еднаш до два пати годишно, а за анализираниот период 2017-2020 година период забележани се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Делчево во последните пет години во просек имал по 5.426 вкупно предмети во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 4.536 предмети годишно. За предметите во работа на судот во периодот од 2015 до 2020 постапувал еден судија во 2015 година, во 2016 година предметите ги решавале тројца судии, а од 2018 година до 2020 предметите ги решаваат двајца судии иако во Основниот суд Делчево судиската функција е предвидено да ја извршуваат 4 судии. Во поглед на предметното работење, Основниот суд Делчево во 2015 година имал 6.169 илјади вкупно предмети во работа и судиите решиле 85% од предметите, во 2016 година имал 6.120 илјади вкупно предмети во работа од кои судиите решиле 84% од предметите. Бројот на предмети во работа во судот во 2017 година се зголемил на 10.477 вкупно предмети во работа од кои судиите решиле 89% од предметите, а во 2018 година се намалил на 5.455 и судиите решиле 88% од вкупните предмети во работа. Во 2019 година бројот на вкупни предмети во работа бил 5.159 од кои судиите решиле 86% од предметите. Во 2020 година вкупниот број на предмети во работа бил 5.416 од кои биле решени 82%.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. За Основниот суд Делчево во 2015 година биле донесени 145 одлуки по изјавен правен лек што претставува 3% од вкупните 4.330 решени предмети, од кои 102 или 70% биле потврдени одлуки, 10 или 7% од одлуките биле укинати и преиначени биле 33 од одлуките или 23%. Во 2016 година биле донесени 161 одлуки по изјавен правен лек што претставува 4% од вкупните 4.561 решени предмети, во кои одлуката била потврдена во 124 предмети или 77%, 22 односно 14% биле укинати одлуки, а преиначени одлуки имало 15 односно 9%. Во 2017 година биле донесени 180 одлуки по поднесен правен лек што е 12% од 1.486 вкупно решени обжалени предмети, од кои 140 или 78% биле потврдени одлуки, укинати одлуки имало 33 или 18%, а преиначени одлуки имало 7 или 4%. Во 2018 година биле донесени 146 одлуки по изјавен праен лек што е 12% од вкупните 1.011 решени обжалени предмети, од кои 105 или 72% биле потврдени одлуки, 29 или 20% биле укинати одлуки и 12 односно 8% биле преиначени одлуки. Во 2019 година во Основниот суд Делчево биле донесени 132 одлуки по изјавен правен лек што е 12% од вкупните 1.111 решени обжалени предмети, при што 103 или 78% од одлуките биле потврдени, 17 или 13% од одлуките биле укинати и 12 или 9% биле преиначени одлуки.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС ДЕЛЧЕВО



Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Делчево е предвидено да постапуваат 4 судии, а во анализираниот период од 2015 до 2020 година по предметите во работа постапувале во просек по 2.2 судии, односно Основниот суд Делчево постапувал со 55% односно со 45% помалку капацитети. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек за 9% од одлуките на Основниот суд Делчево се изјавуваат правни лекови, од кои повисокиот суд во просек во 75% од предметите ја потврдувал одлуката, во 14% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 11% од предметите кои судиите ги решавале.

## 4.4. Основен суд Кочани

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Кочани се формирани специјализирани судски оддели. Според Годишниот распоред на работа формирани се кривичен и граѓански оддел кои се доволни за да се совлада обемот на работа. ОС Кочани забележуваат дека нема потреба за дополнителни судски оддели за други видови на предмети. За работата на одделите не се подготвуваат посебни програми бидејќи се следи програмата за работа на судот.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на Академијата за судии и јавни обвинители. Во ОС Кочани не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателката на судот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Во 2020 година, само Претседателката на судот посетувала онлајн обуките на АСЈО за време на пандемијата од вирусот КОВИД-19. ОС Кочани има технички и просторни капацитети за да им обезбеди за судиите следење на онлајн обуките на Академијата за судии и јавни обвинители.

Претставниците на ОС Кочани досега не биле вклучени при разгледување или подготвување на предлог прописи за работата на судот.

Судот во Кочани не располага со сопствена судска библиотека. ОС Кочани има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно.

Практикувањето на медијацијата е на ниско ниво имајќи предвид дека истата се применува кога е законски задолжителна но и дека во досегашното работење на судот не се евидентирани предмети кои се решени преку медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Кочани не е формиран оддел за судска пракса, ниту со Годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење и проучување на судската пракса. Со Годишниот распоред за работа на судот се назначува стручен соработник кој е одговорен за следење и воедначување на судската пракса на судот. Дополнително, секој од судиите презема мерки за воедначување на судската пракса особено во случаите кога постојат истородни предмети кај повеќе судии. Правни мислења и правни прашања од седниците на судските оддели се издвојуваат само доколку се утврди потреба за тоа бидејќи АС Штип редовно доставува заклучоци за определени правни прашања. Во работата на судот постојат многу ретки случаи на невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Судот во своето работење не води изворници за предметите од двата судечки оддели.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Штип, во просек два пати годишно врши проверка на работата на ОС Кочани, но не се водат подетални евиденции за начинот и времето на посетите.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Кочани во последните пет години во просек имал 12.077 вкупно предмети во работа на годишно ниво, а просечно судиите решавале по 10.536 предмети годишно. Од 2015 година до 2020 година предметите ги решавале девет судии, иако за Основниот суд Кочани е предвидено судиската функција да ја извршуваат 10 судии. Во однос на предметното работење, Основниот суд Кочани во 2015 година имал 12.600 илјади вкупно предмети во работа и решил 90% од предметите, во 2016 година имал 12.627 илјади вкупно предмети во работа од кои решил 89% од предметите, во 2017 година бројот на вкупно предмети во работа бил 12.060 вкупно предмети во работа од кои решил 88% од предметите, во 2018 година решил 86% од вкупните 13.538 предмети во работа, во 2019 година бројот на вкупни предмети во работа бил 13.472 од кои биле решени 84%. Во 2020 година има намалување на вкупниот број на предмети во работа на 11.718 од кои биле решени 79%.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во 2015 година во Основниот суд Кочани биле донесени 526 одлуки по изјавен правен лек што претставува 6% од вкупно 9.177 решени предмети, во кои 364 или 69% биле потврдени одлуки, 115 или 22% биле укинувачки одлуки и во 47 предмети или 9% одлуките биле преиначени. Во 2016 година биле донесени 390 одлуки по изјавени правни лекови што претставува 4% од вкупните 9.259 решени предмети, во кои 269 или 69% биле потврдени одлуки, во 98 односно 25% одлуките биле укинати, а во 23 или 6% имало преиначување на одлуката. Во 2017 година биле донесени 541 одлука по изјавен правен лек, од кои 415 или 77% биле потврдени одлуки, укинати одлуки имало 87 или 16% и 39 односно 7% биле преиначени одлуки. Во 2018 година биле донесени 509 одлуки по изјавен правен лек, во кои во 367 или 72% одлуката била потврдена, 107 или 21% биле укинати одлуки и преиначени биле 35 одлуки или 7%. Во 2019 година во Основниот суд Кочани биле донесени 587 одлуки по изјавен правен лек, при што одлуката била потврдена во 428 или 73%, 129 или 22% од одлуките биле укинати и преиначени биле 30 одлуки или 5%.

КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС КОЧАНИ




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Кочани е предвидено да постапуваат 10 судии, а во анализираниот период од 2015 до 2020 година по предметите во работа постапувале во просек по 9 судии од кои двајца делегирано во други судови, односно Основниот суд Кочани постапувал со 70% капацитети односно 30% помалку капацитети. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек за 9% од одлуките на Основниот суд Кочани се изјавуваат правни лекови, од кои повисокиот суд во просек во 72% од предметите ја потврдувал одлуката, во 21% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 7% од предметите кои судиите ги решавале.

## 4.5. Основен суд Радовиш

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Претседателката на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на Академијата за судии и јавни обвинители. Во ОС Радовиш не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателката на судот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 секој судија посетувал online обука организирана од АСЈО.

Судот во Радовиш не располага со сопствена судска библиотека. ОС Радовиш има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно.

Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но самиот суд не води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

### СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Радовиш не е формиран оддел за судска пракса, ниту со годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Сепак судот вложува напори за проучување на судската пракса, па одредени правни прашања се дискутираат на седници на судии и во таа насока се донесуваат заклучоци. Одделни правни прашања се доставуваат и на разгледување до Апелациониот суд Штип кој редовно ги споделува заклучоци по однос на конкретни правни прашања со ОС Радовиш.

## 4.6. Основен суд Свети Николе

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Свети Николе се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според годишниот распоред како суд со основна надлежност, работата на судот е организирана во два оддели, граѓански и кривичен судски оддел. Програмата за работа на одделот се изготвува од страна на претседателот на судот. Претседателот на судот е надлежен за подготовка на интерните прописи за работа на судот, а во процесот на предлагање и усвојување на програмите се вклучуваат и други претставници на судот. Бидејќи станува збор за суд со основна надлежност не постои потреба од специјализација поради видот и обемот на предметите, но постои силна соработка помеѓу судовите и се укажува правна помош во случаите кога има потреба од тоа.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на Академијата за судии и јавни обвинители. Во ОС Свети Николе не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. За увид во квалитетот на работењето на ОС Св. Николе, секој судија доставува посебен индивидуален извештај за сработеното во тековната година.

За време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 секој судија посетувал online обука организирана од АСЈО.

Судот во Свети Николе располага со сопствена судска библиотека, но таа не е доволно опремена. ОС Свети Николе има пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно.

Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но самиот суд не води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Свети Николе не е формиран оддел за судска пракса, ниту со Годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Во досегашното работење воедначувањето или проучувањето на судската практика се одвива на редовните седници на судии преку непосредна дискусија за сите правни аспекти на одредено правно прашање. Имајќи предвид дека судиите се во мал број, тие преку секојдневна дискусија ги расчистуваат евентуалните спорни правни прашања заради усогласено решавање на предметите согласно законските решенија. За нејаснотии и неусогласеност во врска со одредени правни прашања, судиите поднесуваат прашања до соодветните оддели на Апелационен суд Штип. АС Штип редовно споделува заклучоци од определени правни прашања. При работењето, ОС Св. Николе воочил неводеначена примена на законите од повисоките судови.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Штип, во просек остварува по две посети годишно во ОС Свети Николе, а во периодот од 2017 до 2020 година, АС Штип има извршено осум посети и проверки на работата на првостепениот суд.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, ОС Свети Николе во последните пет години во просек имал 4.703 илјади вкупно предмети во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 4.298 илјади предмети годишно. За предметите во работа во 2015 година одлучувале четири судии, а од 2018 до 2020 година за предметите постапувале тројца судии, иако за Основниот суд Свети Николе предвидено е судиската функција да ја вршат четири судии. Во однос на предметното работење, ОС Свети Николе во 2015 година имал 5.628 илјади вкупно предмети во работа и решил 92% од предметите, во 2016 година имал 4.495 илјади вкупно предмети во работа од кои решил 91% од предметите, во 2017 година имал 4.399 вкупно предмети во работа од кои решил 91% од предметите, во 2018 година решил 90% од вкупните 2.715 предмети во работа, во 2019 година решил 96% од вкупните 2.331 предмети во работа, а во 2020 година процентот на решени предмети е 93% од вкупните 4.935 предмети во работа.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Свети Николе во 2015 година имало 225 одлуки по поднесени правни лекови што претставува 5% од вкупните 4.266 предмети во работа, при што одлуките на судиите биле потврдени во 182 предмети или 81%, укинати одлуки имало 36 или 16% и преиначени одлуки имало 7 или 3%. Во 2016 година биле донесени 191 одлука по изјавени правни прекови што претставува 6% од вкупните 3.371 предмети во работа од кои во 139 или 73% одлуката била потврдена, 43 или 23% биле укинати одлуки, а во 7 или 4% одлуките биле преиначени. Во 2017 година биле донесени 199 одлуки по изјавени правни лекови што е 7% од 3.034 вкупно решени предмети, од кои 139 или 70% биле потврдени одлуки на судиите, укинати одлуки имало 52 или 26% а преиначени одлуки имало 8

или 4%. Во 2018 година бројот на донесени одлуки по кои е изјавен правен лек е 167 или 4% од вкупните 4.606 решени предмети, при што во 142 или 85% одлуките биле потврдени, 17 или 10% биле укинати одлуки и преиначени одлуки имало 8 или 5%. Во 2019 година во Основниот суд Свети Николе биле донесени 177 одлуки по изјавени правни лекови што изнесува 3% од вкупните 5.212 предмети во работа, при што одлуките на судиите биле потврдени во 139 предмети или 79%, 25 или 14% биле укинати одлуки и 13 или 7% биле преиначени одлуки на судиите.




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Свети Николе е предвидено да постапуваат 4 судии, но наместо тоа по предметите во работа постапувале во просек по 3.6 судии, односно Основниот суд Свети Николе постапувал со 10% помалку капацитети во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек за 5% од одлуките на Основниот суд Свети Николе се изјавуваат правни лекови, од кои повисокиот суд во 77% од предметите ја потврдувал одлуката, во 18% од предметите одлуката ја укинувал и ја преиначувал во 5% од предметите кои судиите ги решавале.

## 4.7. Основен суд Струмица

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Струмица се формирани специјализирани судски оддели, кои работат без посебно подготвена програма за одделот. Според Годишниот распоред на работа формирани се кривичен и граѓански оддел, оддел за постапување по прекршоци, стопански и вонпарнични предмети. Во судот не е истакната потреба да се формира судски оддел поради друг вид на предмети.

### СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на АСЈО. Во ОС Струмица не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот на судот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Судиите за време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 ги посетуваа онлајн обуките на Академијата за судии и јавни обвинители. Во Судот има технички и просторни капацитети за да обезбеди за судиите следење на онлајн обуките на Академијата за судии и јавни обвинители.

Судот во Струмица располага со сопствена судска библиотека, но таа не е доволно опремена. ОС Струмица има и пристап до Службен весник на РСМ, но пристап не е обезбеден за секој судија или за секој судски оддел посебно.

Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но самиот суд не води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Струмица не е формиран оддел за судска пракса, ниту со годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Судиите од двата судски оддели имаат забележано невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Во работата на судот е забележана невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелациониот суд Штип, во просек остварува по две посети годишно во ОС Струмица, но не се водат подетални евиденции за начинот и времето на посетите.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Струмица во последните пет години во просек имал 23.401 илјади вкупно предмети во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 23.369 илјади предмети годишно. За предметите во работа во 2015 година одлучувале 19 судии, па потоа тој број се намалил на 16 судии во 2016 година, потоа на 15 судии се до 2020 година кога за предметите одлучувале 13 судии, а во Основниот суд Струмица е предвидено судиската функција да ја вршат 20 судии. Во однос на предметното работење, бројот на нови предмети во работа во Основниот суд Струмица се намалува, односно во 2015 година имал 29.434 вкупно предмети во работа и решил 89% од предметите, во 2016 година имал 26.486 илјади вкупно предмети во работа од кои решил 89% од предметите, во 2017 година имал 22.033 вкупно предмети во работа од кои решил 90% од предметите, но во 2018 година има двојно зголемување на предметите во работа на 42.160 предмети во работа во кои решил 89% предмети. Во 2019 година бројот на вкупно предмети во работа повторно се намалува на 20.976 каде судиите решиле 89% од предмети во работа. Во 2020 година бројот на предмети во работа е намален на 14.737 предмети и судиите решиле 81% од вкупните предмети во работа.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Струмица во 2015 година имало 862 одлуки по поднесен правен лек што претставува од 16% од вкупните 7.883 решени предмети од кои има 647 потврдени одлуки или 75%, укинати одлуки имало 171 или 20% и 44 биле преиначени одлуки на судиите или 5%. Во 2016 година биле донесени 885

одлуки по изјавени правни лекови што претставува 17% од вкупните 5.341 предмети во работа, од кои во 676 или 76% одлуката на судиите била потврдена, во 160 или 18% одлуката била укината а во 49 или 6% биле преиначени одлуки. Во 2017 година биле донесени 777 одлуки по поднесени правни лекови што претставува 17% од вкупните 4.538 предмети во работа, од кои 617 или 79% биле потврдени одлуките на судиите, во 126 или 16% одлуките биле укинати, а преиначени одлуки имало 34 или 4%. Во 2018 година биле донесени 723 одлуки по поднесени правни лекови или 17% од вкупно 4.364 предмети во работа, од кои во 523 предмети или 72% биле потврдени одлуки, 138 или 19% биле укинати одлуки и преиначени биле 62 одлуки на судиите или 9%. Во 2019 година во Основниот суд Струмица биле донесени 644 одлуки по поднесени правни лекови што претставува 18% од 3.570 вкупно предмети во работа, при што одлуката била потврдена во 453 предмети или 70%, во 122 или 19% одлуката била укината и преиначени одлуки биле 69 предмети или 11%.




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Струмица е предвидено да постапуваат 20 судии, но наместо тоа по предметите во работа постапувале 15.2 судии, односно Основниот суд Струмица постапувал со три четвртини од предвидените капацитети односно 24% помалку капацитети во анализираниот период. Од претставените податоци за анализираниот период од 2015 до 2020 година произлегува дека во просек за 16% од одлуките на Основниот суд Струмица се изјавуваат правни лекови, од кои повисокиот суд во просек во 58% од предметите ја потврдувал одлуката на судот, во 33% од предметите одлуките биле укинати и 9% биле преиначувачки одлуки во споредба со вкупниот број на решени предмети по кој бил изјавен правен лек.

## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

### КВАЛИТЕТ НА ВОДЕЊЕ НА СУДСКА ПОСТАПКА

Во ОС Штип се формирани специјализирани судски оддели. Годишниот распоред се донесува според определбата на судијата за специјализација по кривична, граѓанска, трговска или друга правна област. Според Годишниот распоред на работа формирани се кривичен и граѓански оддел но поради потребите на судот и остварување на норма судиите често постапуваат и по различен вид на предмети што гледано на подолг рок придонесува кон специјализација на судиите за определени правни прашања. ОС Штип нотира дека со оглед на бројот на судии е невозможно да се формира друг судски оддел иако за определен вид предмети понекогаш се јавува потреба.

## СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИТЕ И СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Специјализацијата на судиите и стручните соработници се остварува преку програмата на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). Во ОС Штип не се води посебна евиденција за учество на обуки од страна на судиите, поради обврската на судиите во својот профил на АКМИС програмот да внесуваат податоци за посетените обуки. Дополнително, за бројот на посетени обуки, АСЈО издава потврди за секој судија на крајот на секоја година.

Претседателот се грижи за стручното усовршување на судиите, судиите поротници, раководните, стручните и административно-техничките судски службеници, судската полиција и вработените во судската служба во судот преку овозможување учество на обуките преку програмата на АСЈО. Најголем дел од судиите за време на пандемијата од вирусот КОВИД-19 ги посетуваа онлајн обуките на Академијата за судии и јавни обвинители. Во Судот има технички и просторни капацитети за да обезбеди за судиите следење на онлајн обуките на Академијата за судии и јавни обвинители за што има набавено видео камери и слушалки за секој судија.

Судот во Штип располага со сопствена судска библиотека, но таа е недоволно опремена. ОС Штип има и пристап до Службен весник на РСМ а пристап е обезбеден за секој судија посебно во електронска форма.

Судиите редовно ги упатуваат странките на медијација пред започнување на рочиштата, но самиот суд не води евиденција за тоа колку од предметите биле решени по пат на медијација.

## СЛЕДЕЊЕ И ВОЕДНАЧУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА НА ПОВИСОКИТЕ СУДОВИ И НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во ОС Штип не е формиран оддел за судска пракса, ниту со Годишниот распоред за работа е назначен судија кој е задолжен за следење на судската пракса. Судиите од двата судечки оддели имаат забележано невоедначена примена на законите од страна на повисоките судови. Правните прашања и мислења судиите ги дискутираат на колегиуми на оддели и седници на судии.

## КВАЛИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Соработката помеѓу судовите се остварува преку укажување на правна помош, но и со споделување на заклучоците од определени правни прашања од страна на повисоките судови. Апелацискиот суд Штип редовно врши проверка на работата на ОС Штип, но не се водат подетални евиденции за начинот и времето на посетите. Исто така, се вршат проверки од Судскиот совет на РСМ еднаш до два пати годишно, а за анализираниот период од 2017 до 2020 година период забележани се вкупно три посети.

## КВАЛИТЕТ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО

Според оценките и заклучоците на Врховниот суд по однос на квалитетот на предметното работење на основните судови, Основниот суд Штип во последните пет години во просек имал по 17.435 илјади вкупно предмети во работа на годишно ниво, а судиите просечно решавале по 14.568 илјади предмети годишно. За предметите во работа во 2015 година одлучувале 19 судии, а нивниот број се намалувал се до 2020 година кога за предметите постапувале 15 судии, иако во Основниот суд Штип е предвидено судиската функција да ја вршат 19 судии. Во однос на предметното работење, Основниот суд Штип во 2015 година имал 16.932 илјади вкупно предмети во работа и решил 85% од предметите, во 2016 година имал 17.139 илјади вкупно предмети во работа од кои решил 76% од предметите, во 2017 година имал 18.848 вкупно предмети во работа од кои решил 86% од предметите, во 2018 година решил 87% од вкупните 19.675 предмети во работа, во 2019 година решил 84% од вкупните 22.347 предмети во работа, а во 2020 година процентот на решени предмети е 84% од вкупните 11.742 предмети во работа.

За квалитетот на решените предмети се анализираше бројот на одлуките по поднесен правен лек и нивниот однос со вкупниот број на решени предмети на ниво на суд или оддел. Во Основниот суд Штип во 2015 година имало 889 одлуки по поднесен правен лек што претставува 7% од вкупните 13.101 решени предмети, од кои во 689 или 78% одлуката била потврдена, во 147 или 17% одлуката била укината и во 38 предмети или 5% одлуката била преиначена. Во 2016 година биле донесени 754 одлуки по поднесен правен лек што претставува 6% од вкупните 13.664 решени предмети, од кои 555 или 74% биле потврдени одлуки, 115 или 15% биле укинувачки одлуки а во 38 односно 5% имало преиначување на одлуката. Во 2017 година биле донесени 785 одлуки по поднесен правен лек предмети односно 5% од вкупно 15.139 предмети во работа во кои во 589 или 75% одлуката била потврдена, укинати одлуки имало 144 или 18% а преиначени одлуки биле 52 или 7%. Во 2018 година биле донесени 904 одлуки по поднесени правни лекови односно 6% од вкупните 16.040 предмети во работа, при што одлуките на судиите биле потврдени во 687 предмети или 76%, во 173 или 19% одлуките биле укинати и 44 или 5% биле преиначени одлуки на судиите. Во 2019 година во Основниот суд Штип биле донесени 932 одлуки по поднесени правни лекови што претставува 5% од 17.603 вкупно предмети во работа, при што одлуката била потврдена во 615 предмети или 66%, укинувачка одлука имало во 250 или 27% 67 или 7% биле преиначени одлуки.

## КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ - ОС ШТИП




Би сакале да истакнеме дека со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Штип е предвидено да постапуваат 19 судии, но наместо тоа по предметите во работа во просек постапувале по 16 судии, односно Основниот суд Штип постапувал со 16% помалку капацитети во анализираниот период од 2015 до 2020 година. Од претставените податоци за анализираниот период произлегува дека во просек за 6% од одлуките на Основниот суд Струмица се изјавуваат правни лекови, од кои повисокиот суд во 74% од предметите ја потврдувал одлуката, во 19% од предметите одлуката ја укинавал и ја преиначувал во 5% од предметите кои судиите ги решавале.

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА

## „КВАЛИТЕТОТ НА ПРАВДАТА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НЕ Е СООДВЕТНО УТВРДЕН ПОРАДИ НЕДОСТАТОК НА СЕОПФАТНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МЕРЕЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРАВДАТА“

1. Врховниот суд на РСМ го оценува квалитетот во предметното работење на судот преку статистички податоци за бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки во однос на донесените обжалени одлуки од повисокиот суд.
2. Постои отсуство на јасно утврдени правила за следење и мерење на квалитетот на судската правда како и недостаток на дополнителни алатки и податоци преку кои ќе се следи исходот и причините за обжалување на одлуките на основните судови.
3. Недостасува стандардизиран пристап во процесирањето на предметите, односно не постојат контролни листи, стандардизирани обрасци или формулари за анализа на квалитетот и споредба на резултатите помеѓу судови од различни апелациски подрачја.
4. Судската пракса на повисоките судови и на ЕСЧП се применува поактивно но недостасува сеопфатен пристап кој ќе вклучи алатки за хармонизација на националната судска пракса.
5. Не е воспоставен систем на хоризонтално унифицирање на судската пракса за исти или слични правни прашања.
6. Развојот на судската пракса е ограничена поради недостатокот од човечки ресурси, интерна мрежа (регистар, база) како и поради фактот дека судиите назначени за следењето на судската пракса не се ослободени од ориентационата норма.
7. За основните судови не се обезбедуваат финансиски средства за обновување на судски библиотеки преку кои судиите и судската администрација има пристапот до правна литература, стручни изданија, статии и одлуки од европските судови, со што се ограничува можноста за следење на трендовите и новините во различни правни области.
8. Специјализацијата на судиите се врши преку програмата на АСЈО која се надополнува според потребите на судиите но не е воспоставен систем на добивање на повратни информации за примена на искуствата стекнати за време на обуките во секојдневната работа од страна на судиите и судските службеници кои можат да го подобрат квалитетот на континуираната едукација.
9. Во поглед на посетеноста на обуките не се водат посебни евиденции, освен од страна на претседателот на судот кој врши надзор за исполнување на обврските на судиите во АКМИС.
10. Во мал број на основни судови, претседателот на судот и судскиот администратор имаат изготвено годишни планови за обука на судските службеници.
11. Утврден е недостаток на механизми за менторство на судските службеници и новоизбраните судии во насока на нивно стручно усовршување, кариерен напредок, мотивација и подобрување на квалитетот во работата на судот.
12. АСЈО реализира обуки за унапредување на стручноста на судските служби во судството кои согласно Законот за судската служба и не се задолжителни и не се специјализирани за одделни категори на судски службеници туку се од општа тематика за работата на судот. Постои потреба од проширување на темите за обуки од областа на ИТ технологија и нивното користење за подобрување на квалитетот и ефикасноста на судовите.

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

# ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ, СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА И ОБУКИ НА СУДИИТЕ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

Судскиот деловник претставува "мал устав" на судството во Република Северна Македонија. Овој епитет произлегува од фактот дека со Судскиот деловник кој го донесува Министерот за правда всушност се уредуваат сите сегменти кои се во функција на работата на судовите. Оттука, Судскиот деловник ги регулира прашањата кои се однесуваат на внатрешната организација на судовите, начинот на работењето на судовите, водењето на евиденции за предметите, како и водење на уписниците и други книги, постапувањето со списите, обрасците, работата по меѓународната правна помош и постапувањето по претставките, повикувањето и распоредувањето на судиите-поротници, поставувањето на постојаните судски преведувачи, толкувачи и вешти лица, водење статистика и евиденција и стручното усовршување на кадрите, правилата за посебните ознаки на судските возила, информатичкиот систем во судовите, аудиовизуелно снимање на расправа, како и други прашања од значење за работата на судовите.

Исто како и во секоја друга организација, така и во судовите, управувањето со човечки ресурси е стратешки процес кој има за цел да се унапредат перформансите на самите судови.

Управувањето со човечките ресурси во судовите опфаќа:

- селекција и вработување,
- плати и надоместоци на плати,
- обука и стручно усовршување,
- односи меѓу вработените и
- организациски развој

Управувањето со човечките ресурси како процес самиот по себе а посебно во судовите е комплексен процес, поради фактот што во има повеќе различни категории на вработени, и тоа:

- судии
- судски службеници и судската полиција и
- помошно – технички лица.

За секоја од наведените категории на вработени се применуваат повеќе различни закони за нивно подетално уредување. Во однос на помошно – техничките лица (шофери, хигиеничари и сл.) нема посебна законска регулатива, односно за овие вработени се применува Законот за работните односи кој е општ закон за уредување на работните односи поради што истиот не содржи никакви специфики во однос на вработувањето, унапредувањето, обуките, одговорноста на овие вработени лица.

Видовите на работи и работни задачи, посебните услови за засновување на работен однос за работно место и бројот на извршителите на работните задачи се уредуваат со Правилник за организација и систематизација на работните места во судот кој го донесува Претседателот на судот.

Работите од судската управа ги вршат претседателот на судот или заменикот на претседателот, а Судскиот деловник дозволува во негово отсуство работите од судската управа да ги врши друг назначен судија, претседател на оддел или по потреба да организира сопствен тим за работа. Во членот 7 од Судскиот деловник[34] се набројани работите кои влегуваат во делокругот на судската управа, односно, организација на внатрешното работење на судот, спроведување на распоредот и програмата за работа на судот, распоредување на судиите поротници, работите во врска со вештаците, толкувачите и проценителите, работите поврзани со управувањето на движењето на предметите во судовите согласно закон, обезбедување стандардизација на податоците во предметите, обезбедување на постапка за прибирање и обработка на предлози и барања за подобрување на системот за управување со судските предмети (во техничка, организациска, процедурална смисла), како и комуникација со Работно тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите, работите за заверка на исправи наменети за странство, стручни работи во врска со остварувањето на правата, обврските и одговорностите на вработените во судската служба во судот и судиите во судот, работите во врска со изборот и разрешувањето на судиите, работите во врска со стручното усовршување на судиите, судската служба, кандидатите на АСЈО, судската полиција и другите вработени во судот, работите поврзани со функционирањето на судскиот информатички систем, водењето на судската статистика, работите за анализа на извештаите за работа на судиите и судот, работите за управување со судската зграда и недвижностите што му се доделени на судот на користење, информирање на јавноста за работата на судот, законско и наменско располагање со финансиските средства на судот, работите за следење на наплатата на судската такса, паричната казна, глобата, трошоците на постапката, судските паушали, ослободување и наплата на судските трошоци и работите околу судските депозити и гаранции.

## СУДИИ

Во однос на статусот и другите прашања од областа на човечките ресурси, за судиите се применуваат:

- Законот за судовите,
- Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и
- Судскиот деловник

Согласно Законот за судовите, Судскиот совет на Република Северна Македонија (ССРСМ) е надлежен за утврдување на оптималниот број на судии и судии поротници во судови во Република Северна Македонија. Оптималниот број на судии и судии поротници во судови се определува со одлука на ССРСМ, по прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија и мислење од седницата на судиите на конкретниот суд, врз основа на анализа и проекција за слободни судиски места согласно со Годишната програма за работа на Судскиот совет на Република Македонија, притоа применувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија на ССРСМ му дава надлежност со одлука врз основа на анализа да го утврдува бројот на слободните судиски места за основните судови во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни места за судии во основните судови, како и проекцијата за потребите од местата кои ќе се пополнуваат по завршување на почетната обука. Одлуката за слободни судиски места за основните судови, ССРСМ ја донесува со најмалку седум членови со право на глас и ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители најдоцна до 31 март во годината во која одлуката е донесена.

34 Судски деловник, Службен весник на Р. Македонија бр. 66/2013

ССРСМ го утврдува и бројот на судиите-поротници по предлог на претседателот на судот за кој се избираат судиите-поротници. Кога ССРСМ избира судија-поротник во суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. При изборот на судии и судии-поротници не смее да се врши дискриминација во однос на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба и без да се нарушат критериумите пропишани со закон, треба да се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

Со Судскиот деловник се уредува внатрешната организација на судовите. Во рамките на основните судови со проширена надлежност задолжително се основаат специјализирани судски оддели што ќе постапуваат за одделни видови на предмети. Основните судови можат да имаат судски одделенија, да судат надвор од седиштето на судот, како и да имаат судски денови надвор од седиштето на судот. За работата на судовите секој суд носи годишен распоред, а судската функција ја извршуваат преку судија поединец како и совет од три или пет судии во зависност од обемот видот на предметот и стварната надлежност на судовите.

Правилата за определување на бројот на судии во судовите се уредени во Деловникот на ССРСМ[35], според кој ССРСМ на седница формира Комисија во состав од тројца членови кои врз основа на податоци прибавени од АКМИС системот за последните две години прават анализа за секој суд. Анализата се прави врз основа на податоци за вкупниот број на судии во судот, вкупниот број на предмети во работа и вкупен број на нерешени предмети, прилив на нови предмети, ориентационата месечна норма и процентот на совладување на заостатокот на нерешени предмети. ССРСМ најмалку еднаш годишно врши анализи за утврдување на потребата од намалување или зголемување на бројот на судии.

## СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

Статусот на вработените во судската служба е регулиран во Законот за судиската служба од 2014 година, според кој правата, обврските и статусот на службениците е пресликан од законите кои го регулираат статусот на вработените во јавниот сектор и на административните службеници. Овој закон во себе содржи законски одредби со ретроактивно дејство, кои не соодветствуваат на потребите на судовите и кои не се реформски туку напротив, се оценети како ограничувачки, демотивирачки и воопшто не придонесуваат за подобрување на стручноста, квалитетот и ефикасноста на судската администрација, што беше делумно постигнато со претходниот Закон за судска служба од 2008 година. За остварување и заштита на правата на судската служба е формиран Совет на судската служба кој е сместен во Врховниот суд и го сочинуваат 11 члена од составот на судските администратори на повисоките судови и судовите со проширена надлежност.

Во согласност со Законот за судска служба, судските службеници се лица со статус на административен службеник кои во судовите вршат стручни, административни, информатички, технички, статистичко - аналитички и материјално - финансиски работи. Законот за судска служба во еден дел ја уредува и судската полиција, како посебно издвоена служба која ги обезбедува судските згради, имотот и лицата кои работат во судот.

Административната работа на судовите ја извршуваат судските службеници кои се класифицираат во четири категории, за кои дополнително се утврдени повеќе нивоа на работни места на судски службеници и тоа:

35 Деловник за работата на Судскиот совет, Службен весник на Р. Македонија бр. 274/2019

- Категорија А- судски администратор
  - А1 - судски администратор во Врховниот суд на Република Македонија,
  - А2 - судски администратор во Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови, основните судови со проширена надлежност

- Категорија Б - раководни судски службеници,
  - Б1 - самостоен судски советник,
  - Б2 - раководител на служба,
  - Б4 - раководител на судски оддел, раководител на судско одделение, раководител на оддел и раководител на одделение

- Категорија В - стручни судски службеници
  - В1 - виш судски советник, судски советник и советник,
  - В2 - виш судски соработник,
  - В3 - судски соработник и соработник,
  - В4 - помлад судски соработник и помлад соработник

- Категорија Г - помошно-стручни судски службеници
  - Г1 - самостоен судски референт и самостоен референт,
  - Г2 - виш судски референт;
  - Г3 - судски референти и референт и
  - Г4 - помлад судски референт и помлад референт.

Пополнувањето на работно место на судските службеници се врши преку спроведување на постапка за:

- вработување преку објавување на јавен оглас,
- унапредување преку објавување на интерен оглас и
- мобилност преку распоредување или преземање.

Вработувањето на судските службеници треба да биде во мерит постапка, во која најдобриот од пријавените кандидати преку административна селекција, испит за судски службеник и интервју со кандидатот ќе биде избран и вработен како судски службеник.

Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на судските службеници напредување во кариерата, односно преминување на повисоко ниво на работното место. При спроведување како на постапката на вработување, така и на постапката за унапредување задолжително се почитува начелото на соодветна и правична застапеност.

Платата на судскиот службеник се состои од следниве компоненти: основна компонента и исклучителна компонента. Основната компонента на плата ја сочинуваат дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж. Вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Северна Македонија. Системот на плата е премногу едноставен и доведува до таканаречена „урамниловка“ затоа што не ја одразува тежината и обемот на работа, кои треба да бидат основни параметри за утврдување на платата, со што не се овозможува соодветна мотивација на судските службеници. Одредбата со која вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници се утврдува со одлука на Владата е спорна и од аспект на уставност, затоа што овозможува директно мешање на извршната во судската власт што е спротивно на темелната вредност од членот 8 став 1 алинеја 4– поделба на законодавна, извршна и судска власт.

Судските службеници имаат право и обврска во текот на годината стручно да се усовршуваат врз основа на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и должност да го пренесуваат стекнатото знаење на другите судски службеници. Обуките за стручно усовршување на судските службеници можат да бидат општи (генерички) и специјализирани. Општите обуки се вршат поради стручно усовршување на судските службеници согласно рамката на општи компетенции. Специјализираните обуки се вршат заради стручно усовршување на судските службеници во однос на посебните компетенции и истите можат да бидат организирани во судовите, Академијата за судии и јавни обвинители и преку други институции. Институцијата која ја спроведува обуката, по завршената обука, на судскиот службеник треба да му издаде потврда за успешно реализирана обука. Меѓусебните права и обврски на судот и судскиот службеник кој е упатен на специјализирана обука за потребите на судот, се уредуваат со писмен договор во кој се утврдува точниот датум до кој судскиот службеник не може да побара престанок на работниот однос, како и неговата материјалната одговорност сразмерна на средствата потрошени за реализација на обуката, доколку по негова вина или на негово барање му престане работниот однос пред утврдениот датум. Начинот на организирање и спроведување на обуките ги пропишува министерот за правда. Врз основа на обуките од индивидуалните планови за стручно усовршување, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, подготвува годишен план за обуки на судските службеници во судот. Содржината и формата на годишниот план ги пропишува министерот за правда.

Согласно Законот за судска служба во судовите се воспоставува систем за управување со ефектот на судските службеници. Работните цели и задачи на судскиот службеник се утврдуваат врз основа на годишната програма за работа на судовите и треба да бидат јасни, прецизни, мерливи и со однапред утврдена временска рамка за извршување. Работните цели и задачи се утврдуваат од страна на непосредно претпоставениот судски службеник во соработка со судскиот службеник на крајот на постапката на оценување на работните достигнувања, во месец декември за наредната година. Судските службеници задолжително се оценуваат еднаш годишно и тоа најдоцна до 1 декември за тековната година. Судските службеници за кои годишната оцена е “особено се истакнува”, ќе бидат наградени со бонус во износ од една платата примена во последниот месец во годината во која се вршело оценувањето. На последните 5% судски службеници од ранг-листата ќе им престане работниот однос доколку се оценети со оцена „не задоволува“, ќе им биде намалена платата во износ од 20% во период од шест месеци доколку се оценети со оцена „делумно задоволува“ и ќе им биде намалена платата во износ од 10% во период од шест месеци доколку спаѓаат во последните 5% од ранг-листата, а не се оценети со оцена „не задоволува“ или „делумно задоволува“. На судскиот службеник кој е оценет со оценка „делумно задоволува” во две последователни оценувања, ќе му престане работниот однос.

Законот за судска служба содржи одредби со кои се регулира дисциплинската и материјалната одговорност како и на престанокот на работниот однос на судските службеници.

Законот за судска служба содржи и одредби со кои се регулира статусот на судската полиција, иако се работи за овластени службени лица, а не за судски службеници. Овие одредби се недоволни за регулирање на севкупните права од работен однос на судските полицајци. Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, од редот на припадниците на судската полиција во Врховниот суд на Република Македонија со високо образование, назначува командант на судската полиција на Република Македонија кој е вработен во Врховниот суд на Република Македонија. Претседателите на апелациските судови од редот на припадниците на судската полиција со високо образование во овие судови, назначуваат координатор на судската полиција за основните судови од апелационото подрачје, кои се вработени во соодветниот апелационен суд. Согласно Законот за судска служба, министерот за правда донесува Програма за едукација и тренинг на припадниците на судската полиција. Припадниците на судската полиција се оценуваат еднаш годишно за својата работа. За оценувањето на припадниците на судската полиција соодветно се применуваат одредбите за судските службеници. Претседателот на судот донесува План за обезбедување на судот.

# 1. Апелациско подрачје Битола

## 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Битола е утврдено да ја вршат 25 судии. Во периодот од 2017-2020 години овој број не бил ниту еднаш исполнет па така во моментов во ОС Битола одлучуваат 18 судии и тоа 10 судии во граѓанскиот оддел и 8 судии одлучуваат во кривичниот оддел.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Класификацијата на работните места на судските службеници, категориите на работни места, звањата и нивоата на работните места, називите и посебните компетенции како и бројот на потребните извршители во ОС Битола се класифицираат според Правилникот за систематизација на работните места донесен на 01.02.2020 година. Правилникот на ОС Битола предвидува 37 работни места за 144 извршители согласно Законот за судска служба.

Во согласност со актот за внатрешна организација на ОС Битола, предвидено е едно работно место од категоријата А2- Судски администратор и истото е пополнето.

Во категоријата Б за раководните судски службеници предвидени се 7 извршители. Според податоците од судот, пополнетоста во категоријата Б е 14%, односно пополнето е 1 од 7 предвидени работни места. Притоа, пополнето е работното место само за раководителот на одделението по информатика, а не се пополнети работните места за Б-1 самостоен судски советник, 5 работни места во категоријата Б-4 за раководител на службата во кривичниот и граѓанскиот оддел, одделот за судска пракса, одделението за стручна служба, одделение за материјално финансиско работење и одделението за човечки ресурси.

Во категоријата В за стручните судски службеници предвидени се 36 извршители. Според податоците од судот, пополнетоста во категоријата В е 58%, односно пополнети се 21 од 36 предвидени работни места. Притоа, делумно се пополнети работните места за В-1 виш судски советник, советник информатичар, В-2 виш судски соработник и судски соработник. Работните места за В-3 соработник преведувач- толкувач и соработник лектор не се предвидени.

Во категоријата Г за помошно-стручните судски службеници предвидени се 97 извршители. Според податоците од судот, пополнетоста на категоријата Г е 42%, односно пополнети се 41 од 97 предвидени работни места. Делумно се пополнети работните места за Г-1 самостоен судски референт- водител на уписник, одговорен сметководител, за Г-2 виш судски референт извршител во судска писарница и извршител во судска архива, како и извршител за прием и експидиција на пошта и Г-3 работните места за судските референти дактилографи. Работните места за Г-1 самостоен судски референт- технички секретар не е пополнета.

Во согласност со актот за систематизација во судот, моменталниот број на вработени не ги задоволува потребите на предвидените сектори. Согласно актот за систематизација на судот, приоритетни испразнети места за пополнување во наредниот период се – дактилографи, стручни соработници, хигиеничари и судска полиција.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Битола е десет (10), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир на судската полиција и 8 припадници на судската полиција. Во ОС Битола пополнети се шест работни места (6) за судската полиција. Припадниците на судската полиција не посетувале редовно обуки, а психофизичките прегледи се вршат редовно.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Битола предвидува четири (4) работни места за вработените кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за оператор на телефонска централа, возач, хаус мајстор и одржувач на хигиена. Од предвидените работни места пополнети се работното место за возач, оператор на телефонска централа и хаус мајстор, а делумно се пополнети четири од шест предвидени работни места за одржувачите на хигиена. Во ОС Битола едно лице е ангажирано со договор на дело/ волонтерство за вршење на задачи во судот.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Во ОС Битола се предвидени вкупно 119 извршители од кои се пополнети 77 места, односно судот работи со 65 проценти од предвидените позиции и кадар.

Во ОС Битола, како и во останатите основни судови во Северна Македонија, не се спроведува редовно постапката за оценување на судските службеници и не се води евиденција за оценките на судските службеници. Како начин за унапредување на судската служба се објавуваат интерни огласи, а во последните три години унапредено било едно лице.

Во ОС Битола не е предвиден начин за спроведување на менторство во судот, а во досегашното работење не биле спроведувани полугодишни разговори со судската служба. Во согласност со Законот за судска служба во последните 10 години се примени 19 лица, додека нема лица кои вршат технички и помошни работи и кои се примени согласно Законот за вработени во јавниот сектор.

Работата во судот се организира преку Годишен распоред за работа кој го донесува Претседателот на судот. Основниот суд Битола во последните три години се соочува со зголемен природен одлив на вработени пред се поради пензионирање, користење на породилно отсуство, користење на боледувања особено за време на пандемијата, поради што доаѓа до зачестени промени во годишниот распоред за работа.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Битола предвидени се 25 (дваесет и пет) места за судии, од кои пополнети се 18 (осумнаесет) места. При тоа 14 (четиринаесет) судии се македонци, 2 (двајца) судии се припадници на албанската заедница, а по 1 (еден) судија е припадник на турската и на бошњачката заедница во Република Северна Македонија. Ваквата состојба не е променета од 2017 година до 2020 година.

## 1.2. Основен суд Крушево

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Крушево е утврдено да ја вршат тројца судии. Во периодот од 2017-2020 година овој број не бил ниту еднаш исполнет па така во моментов во ОС Крушево одлучуваат двајца судии, од кои еден е избран судија а еден се делегира од ОС Битола. Двајцата судии одлучуваат по мешана материја односно по сите предмети во судот.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Крушево е усвоен во април 2015 година.

Согласно Правилникот, работните места според одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работните места, потребните стручни квалификации, работното искуство во струката, општите и посебните работни компетенции во ОС Крушево се предвидени 22 работни места за 37 извршители од А, Б, В и Г категориите на судската служба.

Согласно својата надлежност, ОС Крушево нема предвидено работно место за судски администратор во рамките на судот.

Во категоријата Б за раководните судски службеници предвидени се 4 извршители. Според податоците од судот, пополнетоста во категоријата Б е во целост неисполнета  односно од 4 предвидени работни места не е пополнето ниту едно. Притоа, не се пополнети работните места за раководителот на кривичниот и граѓанскиот оддел, како и за работните места за извршителите раководител на одделението за материјално-финансиско работење и раководител на одделението по информатика.

Во категоријата В се предвидени 12 извршители за стручните судски службеници, а вработени се 3 лица или пополнетоста е 25% од предвидените работни места во судот. Притоа, делумно се пополнети работните места за В-1 советник информатичар, В-2 виш судски соработник и судски соработник. Работните места за В-3 соработник преведувач- толкувач и соработник лектор не се воопшто предвидени.

Во категоријата Г за помошно-стручните судски службеници предвидени се 18 извршители. Според податоците од судот, пополнетоста на категоријата Г е 39%, односно пополнети се 7 од 18 предвидени работни места. Притоа, делумно се пополнети работните места за Г-1 самостоен судски референт-водител на уписник, одговорен сметководител, за Г-2 виш судски референт извршител во судска писарница и извршител во судска архива и Г-3 работните места за судските референти дактилографи. Работните места за Г-2 виш судски референт извршител во судската архива  не е пополнета.

Во согласност со актот за систематизација во судот, моменталниот број на вработени не ги задоволува потребите на предвидените сектори. Согласно актот за систематизација на судот, приоритетни испразнети места за пополнување во наредниот период се – дактилографи, судски референт извршител во писарница, виш судски референт- архивар економист, стручен судски соработник и помлад судски соработник- приправник.

### СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Според Правилата за вршење на работата на судската полиција и Правилникот за систематизација, во ОС Крушево се утврдени пет (5) припадници на судската полиција и тоа еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир на судската полиција и три (3) припадници на судската полиција. Во ОС Крушево пополнети се три работни места за судската полиција. Припадниците на судската полиција не посетувале редовно обуки, а психофизичките прегледи се вршат редовно.

### ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Крушево предвидува четири (4) работни места за лицата кои вршат технички и помошни работи, односно оператор на телефонска централа, возач, хаус мајстор и одржувач на хигиена кои се вработуваат согласно Законот за работни односи. Од предвидените работни места пополнети се работното место за оператор на телефонска централа и одржувач на хигиена, а не е пополнето работното место за хаус мајсторот. Во ОС Крушево нема лица кои се ангажирани со договор на дело/ волонтерство за вршење на задачи во судот.

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Во Актот за систематизација на ОС Крушево се предвидени вкупно 38 извршители од кои се пополнети 15 места, односно судот работи со 40 проценти од предвидените позиции и кадар.

Во ОС Крушево не се спроведува редовно постапката за оценување на судските службеници и не се води евиденција за оценките на судските службеници. Како начин за унапредување на судската служба се објавуваат интерни огласи, а во последните три години унапредено било едно лице.

Во ОС Крушево не е предвиден начин за спроведување на менторство во судот, а во досегашното работење не биле спроведувани полугодишни разговори со судската служба. Во согласност со Законот за судска служба во последните 10 години примено е едно лице кое врши технички и помошни работи и кои се примени согласно Законот за вработени во јавниот сектор.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во  Основниот суд Крушево предвидени се 3 (три) места за судии од кои пополнети се 2 (две) и тоа 1 (едно) место со припадник на влашката и 1 (едно) место со припадник на бошњачката заедница. Во 2019 година пополнети биле исто така 2 (две) работни места, и тоа едно со македонец, а едно со припадник на влашката заедница, додека пак во 2018 година биле пополнети сите 3 (три) работни места, и тоа 2 (две0 со македонци, а 1 (едно) со припадник на влашката заедница. И во 2017 година биле пополнети сите 3 (три) места, но тогаш 1 (еден) судија бил македонец, а 2 (двајца) припадници на влашката заедница.

## 1.3. Основен суд Охрид

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 2018 година, судиската функција во ОС Охрид е утврдено да ја вршат вкупно 18 судии. Во периодот од 2017-2020 години овој број не бил ниту еднаш исполнет па така во моментов во ОС Охрид одлучуваат 15 судии и тоа 8 судии во граѓанскиот оддел и 7 судии одлучуваат во кривичниот оддел.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Охрид е усвоен во декември 2018 година. Правилникот на ОС Охрид предвидува 34 работни места за 113 извршители од судската служба. Во ОС Охрид моментално се вработени 58 извршители во судската служба, односно пополнети се 51% од вкупно предвидените работни места за судската служба во судот.

Во согласност со актот за внатрешна организација на ОС Охрид, предвидено е едно работно место од категоријата А2- Судски администратор и истото е пополнето.

Во категоријата Б за раководните судски службеници предвидени се шест (6) работни места. Според податоците од судот, пополнетоста во категоријата Б е 17%, односно пополнето е само 1 од 6 предвидени работни места. Притоа, пополнето е работното место само за раководителот на одделението по информатика, а не се пополнети работните места за Б-1 самостоен судски советник, работното место за категоријата Б-4 за раководител на служба, раководител во кривичниот и граѓанскиот оддел, и раководител на одделението за материјално финансиско работење.

Во категоријата В се предвидени работни позиции за 34 стручните судски службеници. Според податоците од судот, пополнетоста во категоријата В е 44%, односно пополнети се 15 од 34 предвидени работни места. Притоа, делумно се пополнети работните места од категоријата В-3 судски соработник, В-4 помлад соработник, но најголем дел од предвидените работни места не се пополнети, односно не се пополнети работните места за звањето В-1 виш судски соработник, В-1 виш судски советник, В-1 советник информатичар, В-2 виш судски соработник, В-3 за соработник преведувач- толкувач, В-3 соработник во одделение за информатика и В-4 за помлад судски соработник.

Во категоријата Г за помошно-стручните судски службеници предвидени се работни места за 72 извршители. Според податоците од судот, пополнетоста на категоријата Г е 57%, односно пополнети се 41 од 72 предвидени работни места. Притоа, работните места за звањата од Г-1 за самостоен судски референт- технички секретар на претседателот и за самостоен судски референт- технички секретар на судскиот администратор, архивар, референт за прием и експедиција на пошта и помлад референт- внатрешен доставувач не се пополнети. Работните места за звањата Г-1 самостоен судски референт- водител на уписник, Г-2 виш судски референт изврител во судска писарница, Г-3 судски референт- дактилограф и Г-4 помлад референт- извршител во писарница се делумно пополнети.

Во согласност со Актот за систематизација во судот, моменталниот број на вработени не ги задоволува потребите на предвидените сектори. Има потреба од реорганизација на одделите и секторите, но истакнуваат дека е потребно најпрвин да се пополнуваат веќе испразнетите и непополнети работни места. Постојната бројка на вработени во судот не ги задоволува потребите за успешно завршување на работните обврски. Согласно Актот за систематизација на ОС Охрид, приоритетни места за пополнување во наредниот период се од категоријата на раководни судски службеници како и дактилографи. Затоа, во Планот за вработување ОС Охрид се нагласува потребата од зголемување на бројот на вработени, а како најприоритетни вработувања во судот кои треба да се пополнат ги навеле следните работни места: раководни судски службеници - 2 извршители, информатичар - 1 извршител, судски службеници за во судски писарници – 4 извршители, дактилографи 2 – извршители, оператор на телефонска централа 1- извршител и технички секретар на претседателот 1- извршител. Како најприоритетно се издвојува местото за раководител на служба. Непополнетите места во ОС Охрид како што се оператор на телефонска централа -1, возач -1, координатор на дактило биро -1, технички секретар на судскиот администратор -1, библиотекар -1, раководни судски службеници -7 и внатрешен доставувач -1 се извршуваат од страна на веќе вработени службеници кои се ангажирани за друга работна позиција.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Според Правилата за вршење на работата на судската полиција и Правилникот за систематизација, во ОС Охрид се предвидени десет (10) припадници на судската полиција и тоа: еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир на судската полиција и осум (8) припадници на судската полиција. Во ОС Охрид пополнети се местата за пет (5) припадници на судската полиција. Припадниците на судската полиција не посетувале редовно обуки, а психофизичките прегледи се вршат редовно.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Според Правилникот за систематизација, во ОС Охрид се предвидени четири (4) работни места за извршителите оператор на телефонска централа, возач, хаус мајстор и одржувач на хигиена кои се вработуваат согласно Законот за работни односи. Од предвидените работни места не се пополнети работните места за возач, оператор на телефонска централа и хаус мајстор, а делумно се пополнети две од пет предвидени работни места за одржувачите на хигиена. Во ОС Охрид не се ангажирани лица за вршење на задачи во судот со со договор на дело или волонтерство.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Во Актот за систематизација на ОС Охрид се предвидени вкупно 131 извршители од кои се пополнети 65 места, односно судот работи со 50 проценти од предвидените позиции и кадар.

Во ОС Охрид не се спроведува редовно постапката за оценување на судските службеници и не се води евиденција за оценките на судските службеници. Како начин за унапредување на судската служба се објавуваат интерни огласи, а во последните три години унапредено било едно лице врз основа на образованието, стажот и последната оценка како критериуми за унапредување на судската служба.

Во ОС Охрид не е предвиден начин за спроведување на менторство во судот, а во досегашното работење не биле спроведувани полугодишни разговори со судската служба. Полугодишните разговори согласно член 86 од Законот за судска служба се извршуваат само во случаи кога се спроведува постапка за оценување на судска служба.

Во согласност со Законот за судска служба во последните 10 години се примени 19 лица, додека нема лица кои вршат технички и помошни работи и кои се примени согласно Законот за вработени во јавниот сектор.

Работата во ОС Охрид се организира преку Годишен распоред за работа судот кој го донесува Претседателот. Претседателот на ОС Охрид свикува редовни состаноци со судските служби на кои се дискутираат и решаваат тековни проблеми. Во анализираниот период не е поднесен приговор против распоредот за работа. Во ОС Охрид се истакнува потребата од реорганизација на одделите и секторите, но поголема важност се придава на потребата од пополнување на веќе испразнетите и непополнети работни места. Постојната бројка на вработени во судот не ги задоволува потребите за успешно завршување на работните обврски.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Основниот суд Охрид предвидени се 18 (осумнаесет) места за судии, од кои пополнети се 15 (петнаесет ) места. При тоа 14 (четиринаесет) судии се македонци, а 1 (еден) е припадник на албанската заедница. Идентична состојба има и во 2019 година, додека пак во 2018 година, од 18 (осумнаесет) места за судии, биле пополнети се 16 (петнаесет ) места, со 15 (петнаесет) судии македонци и 1 (еден) припадник на албанската заедница. Во овој суд пак во 2017 година биле предвидени 20 (дваесет) места за судии, од кои пополнети биле 18 (осумнаесет), и тоа 16 (шеснаесет) судии биле македонци, а 2 (двајца) припадници на албанската заедница.

## 1.4. Основен суд Прилеп

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Прилеп е утврдено да ја вршат вкупно 18 судии. Во периодот од 2017-2020 години овој број не бил ниту еднаш исполнет па така во моментов во ОС Прилеп одлучуваат 13 судии и тоа 7 судии во граѓанскиот оддел и 6 судии одлучуваат во кривичниот оддел.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Прилеп е донесен во ноември 2018 година. Во ОС Прилеп се предвидени 81 работно место за 119 извршители од А, Б, В и Г категориите на судската служба. Во ОС Прилеп моментално се вработени 51 извршители во судската служба, односно пополнети се 43% од вкупно предвидените работни места за судската служба во судот.

Во согласност со актот за внатрешна организација на ОС Прилеп, предвидено е едно работно место од категоријата А2- Судски администратор и истото е пополнето.

Во категоријата Б за раководните судски службеници предвидени се 5 работни места. Според податоците од судот не е пополнето ниту едно од предвидените пет раководни позици во судот. Притоа, предвидени е 2 работни места за самостоен судски советник, раководител на кривичен оддел, раководител на граѓански оддел, раководител на одделение за информатика и раководител на одделение за материјално- финансиско работење.

Во категоријата В за стручните судски службеници предвидени се 26 работни места. Според податоците од судот, пополнетоста во категоријата В е 58%, односно пополнети се 15 од 26 предвидени работни места. Притоа, делумно се пополнети работните места за судски советник, советник информатичар, виш судски соработник, судски соработник и помлад судски соработник.

Во категоријата Г за помошно-стручните судски службеници предвидени се 64 работни места. Според податоците од судот, пополнетоста во категоријата Г е 55%, односно пополнети се 35 од 64 предвидени работни места. Притоа, пополнети се работните места за самостоен судски референт-технички секретар, самостоен судски референт- водител на уписник, виш судски референт извршител во судска писарница, извршител за прием и експедиција на пошта, дактилографи, благајник и судски доставувачи. Не се пополнети работните места за одговорен сметководител, извршител во судската архива и извршител за прием и експедиција на пошта.

Во согласност со актот за систематизација во судот, моменталниот број на вработени не ги задоволува потребите на предвидените сектори. Согласно актот за систематизација на судот, приоритетни испразнети места за пополнување во наредниот период се – дактилографи, стручни соработници, хигиеничари и судска полиција.

### СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Според Правилата за вршење на работата на судската полиција и Правилникот за систематизација, во ОС Прилеп се предвидени десет (10) припадници на судската полиција, и тоа еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир на судската полиција и осум (8) припадници на судската полиција. Во ОС Прилеп пополнети се седум работни места за судската полиција. Припадниците на судската полиција не посетуваат редовни обуки, додека психофизичките прегледи се вршат редовно.

### ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Според Правилникот за систематизација, во ОС Прилеп се предвидени четири (4) работни места за извршителите оператор на телефонска централа, возач, хаус мајстор и одржувач на хигиена кои се вработуваат согласно Законот за работни односи. Од предвидените работни места пополнети се работното место за возач, оператор на телефонска централа и хаус мајстор, а делумно се пополнети четири од пет предвидени работни места за одржувачите на хигиена. Во ОС Прилеп едно лице е ангажирано со договор на дело/ волонтерство за вршење на задачи во судот.

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Во Актот за систематизација, во ОС Прилеп се предвидени вкупно 113 извршители од кои се пополнети 65 места, односно судот работи со 57 проценти од предвидените позиции и кадар.

Во ОС Прилеп не се спроведува редовно постапката за оценување на судските службеници и не се води евиденција за оценките на судските службеници. Како начин за унапредување на судската служба се објавуваат интерни огласи, а во последните три години не бил унапреден ниту еден судски службеник. Во судската служба во изминатите 4 години немало унапредувања, а не се познати ниту критериумите кои би се применувале за остварување на ова право.

Во ОС Прилеп не се спроведува постапка за оценување на судските службеници и притоа за извештајниот период 2017-2020 година не постојат податоци за оценувањето. Следствено на ова, на последните 5% од ранг листата на оценети нема податоци дали им се изречени мерки за слаб ефект. Во ОС Прилеп не е предвиден начин за спроведување на менторство во судот, а во досегашното работење не биле спроведувани полугодишни разговори со судската служба. Во последните 10 години, согласност со Законот за судска служба се примени 3 лица, додека е примено едно лице за вршење на технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавниот сектор.

Работата во ОС Прилеп се организира преку Годишен распоред за работа судот кој го донесува Претседателот, а врз основа на тоа, Судскиот администратор врши распоредување на вработените во судската служба. Претседателот и Судскиот администртор на ОС Прилеп свикуваат редовни состаноци со судските служби на кои се дискутираат и решаваат тековни проблеми. Во анализираниот период не е поднесен приговор против распоредот за работа.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во  Основниот суд Прилеп предвидени се 18 (осумнаесет) места за судии, од кои пополнети се 13 (тринаесет) места со судии македонци. Ваквата состојба не е променета од 2017 година до 2020 година.

## 1.5. Основен суд Ресен

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Ресен е утврдено да ја вршат вкупно четири судии. Во периодот од 2017-2020 години овој број не бил ниту еднаш исполнет па така во моментов во ОС Ресен одлучуваат двајца судии и претседателот на судот по потреба. Постапка за избор на нови судии за ОС Ресен не била отворена во последните 4 години.

## ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Ресен е усвоен во јуни 2015 година. Правилникот на ОС Ресен предвидува 19 работни места за 36 извршители од Б, В и Г категориите на судската служба. Во ОС Ресен моментално се вработени 16 извршители во судската служба, односно пополнети се 44% од вкупно предвидените работни места за судската служба во судот.

Согласно својата надлежност, ОС Ресен нема предвидено работно место за судски администратор во рамките на судот.

Од раководните позиции предвидени во категоријата Б не е пополнето ниту едно од четирите предвидени раководни места во судот. Според табелата со звања за планирани и пополнети места на извршители, во ОС Ресен предвидени се два раководители на служба од категоријата Б - еден Самостоен судски советник (Б-1) и еден Раководител на одделение за информатика (Б-4).

Во категоријата В, предвидени се 12 судски стручни службеници, вработени се 5 лица или пополнети се 41% од предвидените работни места во судот. Во категоријата В, предвидена е по една позиција за звањата Виш судски советник, Судски советник и Виш судски соработник но овие позиции се уште не се пополнети. Во категоријата В-3 судски соработник – Следење и евиденција на судската практика, предвидени се четири извршители, а пополнети се три места. Според звањето В-3 соработник во одделението за материјално и финансиско работење предвиден е 1 соработник но оваа позиција останува непополнета. Истото се однесува и за позицијата соработник во одделение за информатика и помлад судски соработник, односно и овие работни места се празни. За работната позиција В-4 Помлад судски соработник преведувач, предвидено и пополнето е едно работно место. Како помлад соработник информатичар В-4 предвидена и пополнета е една позиција.

Во категоријата Г, предвидени се 16 извршители но вработени се 7 или 44%. Од четвртата категорија, позицијата Г1 - Самостоен судски референт – водител на писарница во актот се предвидени 2 места, кои се непополнети. Истото се однесува и за звањето Г-1 Самостоен судски референт – одговорен сметководител додека со звањето Г-2 Виш судски референт – извршител во судска писарница се предвидени три позиции кои не се непополнети. Предвидено и пополнето е едно место Г-2 Виш судски благајник, а предвидени се двајца извршители во судска Архива- економ, каде е пополнета само една позиција. Во судот се предвидени 5 работни позиции Г-3 Судски референт дактилограф, но од нив се пополнети три. Како референти на извршна писарница предвидени се три позиции, од кои е пополнета само една. Во судот се пополнети и предвидени вкупно 5 места за звањето Помлад судски референт Г-4 кои ги вршат три вработени лица.

Во согласност со актот за систематизација во судот, моменталниот број на вработени не ги задоволува потребите на предвидените сектори. Поради малиот број на кадар, дел од непополнетите работни места во судот се покриваат од вработени кои официјално работат на други позиции, како на пример: помлад референ со решение за работа како доставувач а работи во вонпарнично одделение, оставина и водење на архива; помлад референт со решение за помошник референт кој го води цело граѓанско одделение веќе 17 години, помлад референт кој го води цело прекршочно одделение и извршување на санкции во прешочниот оддел, веќе 17 години, помлад соработник - преведувач но работи како референт на писарница во приемно одделение. Согласно актот за систематизација на судот, приоритетни испразнети места за пополнување во наредниот период се – сметководител и стручен соработник од категоријата В.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Во ОС Ресен се предвидени пет работни места за припадниците на судската полиција и тоа еден (1) командир на судска полиција како и четири (4) позиции за судски полицајци. Од овие позиции не е пополнето работно место за командир на судската полиција но пополнети се сите четири позиции за судските полицајци. Јавна набавка за обновување на опремата на судската полиција не е спроведена во изминатите 5 години, додека припадниците на судската полиција не посетуваат обуки, ниту остваруваат редовен психо-физички преглед.

### ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во ОС Ресен е предвидена една работна позиција за помошно-техничкиот персонал и тоа за хаус мајстор и истата е пополнета, како и две работни позиции за хигиеничари во судот, возач кои не се пополнети.

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 42 позиции за судски службеници во ОС Ресен, пополнети се 21, односно судот работи со 50 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Ресен, како и во останатите судови во РСМ, не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а не постојат ниту критериуми за унапредување во судската служба. Во судот не постои систем на менторство, а што се однесува на полугодишните разговори, истите се одржуваат редовно во согласност со членот 86 од Законот за судска служба. Во периодот 2017-2020 година во судот не се примени нови лица како дел од судската служба. Во последните 10 години во судот се примени двајца вработени, согласно Законот за судската служба, а број на лица вработени согласно законот за вработени од јавен сектор изнесува еден вработен.

Работата во ОС Ресен се организира преку Годишен распоред за работа судот кој го донесува Претседателката. Претседателката на судот редовно одржува состаноци со судската служба на судот и во текот на работењето досега немало приговори против распоредот за работа.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Ресен предвидени се 4 (четири)места за судии од кои 3 (три) се пополнети, и тоа 2 (две) со македонци и 1 (едно) со припадник на турската заедница.

## 1.6. Основен суд Струга

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Струга е утврдено да ја вршат вкупно 15 судии. Во периодот од 2017-2020 години овој број не бил ниту еднаш исполнет па така во моментов во ОС Струга одлучуваат девет судии. Постапка за избор на нови судии за ОС Струга не била отворена во последните 4 години.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Основниот суд во Струга за своето работење има донесено Акт за систематизација на работните места на ден 17.01.2019 година кој досега не претрпел измени. Според актот на систематизација, во судот се предвидени 120 извршители, но работните обврски ги вршат вкупно 54 извршители. Со тоа, систематизацијата на судот е пополнета само 45% т.е. 55% или повеќе од половина од предвидените работни позиции не се пополнети.

Во согласност со актот за внатрешна организација на ОС Струга, предвидено е едно работно место од категоријата А2- Судски администратор и истото е пополнето.

Од раководните позиции предвидени во Категоријата Б не е пополнето ниедно од 7 предвидени раководни позиции во судот. Во Категоријата Б – Раководни позиции, предвидени се вкупно 7 работни позиции: самостоен судски советник, раководител на служба, раководител на кривичен оддел, раководител на граѓански оддел, раководител на одделение по информатика, раководител на материјално-финансиско одделение и раководител на одделение за човечки ресурси.

Во категоријата В, предвидени се 28 позиции за судските стручни соработници, а пополнети се 15 односно 53%. Во категоријата В, позициите Виш судски советник, судски советник и соработник информатичар воопшто не се пополнети. Позициите В-1 советник инженер – информатичар, В-3 соработник преведувач-толкувач и В-4 Помлад судски соработник преведувач се во целост пополнет. Во Категоријата В-2 Виш судски соработник пополнети се 2 од предвидените 3 места, во категоријата В-3 Судски соработник од предвидените 12 се пополнети само 5 места, додека во категоријата В-4 Помлад судски соработник се пополнети 5 од предвидените 7 работни позиции.

Во Категоријата Г – Помошно стручни судски службеници, од предвидените 67 извршители вработени се 30 лица односно 45%. Во категоријата Г – позициите Г-1 Самостоен судски референт – технички секретар, Г-1 Самостоен судски референт – Извршител во одделение за информатика, Г-2 Виш судски референт Извршител во судска архива, Г-2 Виш судски референт- извршител за прием и експедиција на пошта, Г-3 Судски референт- извршител во писарница и Г-4 помлад референт за материјално работење воопшто не се пополнети. Делумно пополнети се работните позиции Г-1 Самостоен судски референт- водител на писарница, каде од 8 пополнети се 5 позиции, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница каде од 7 пополнети се 2 позиции, Г-3 Судски референт дактилограф каде од предвидени 20 пополнети се 9 позиции, Г-4 Помлад судски референт доставувач, каде од 10 пополнети се 4 позиции и Г-4 Помлад судски референт- извршител во писарница каде од 6 пополнети се 4 работни места. За позициите Г-1 Самостоен судски референт- извршител во писарница, Г-1 Самостоен судски референт- за прием и експедиција на пошта, Г-1 Самостоен референт -Сметководител, Г-2 Виш судски референт- благајник, Г-2 Виш судски референт-Економ и Г-3 Референт- координатор за техничко одржување предвиден е по еден извршител и овие работни позиции се пополнети.

Согласно Актот за систематизација на судот, работа во судот вршат лица кои според систематизацијата се ангажирани на друга работна позиција. Такви позиции кои недостасуваат во ОС Струга во овој момент се: раководител на граѓански оддел, раководител на кривичен оддел, архивар, водител на писарница, соработник, технички секретар на претседателот на судот. Приоритетни места за пополнување во периодот кој претходи се: архивар, водител на писарница, соработник и технички секретар на претседателот на судот.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Во Основниот суд Струга се предвидени работни позиции за вкупно осум (8) припадници на судската полиција, односно еден Командир на судска полиција, еден Заменик командир на судска полиција и шест судски полицајци. Сепак, позициите Командир и заменик командир на судска полиција не се пополнети, додека во судот се ангажирани 4 од предвидените 6 судски полицајци. Последната спроведена јавна набавка за обновување на опремата на судската полиција е остварена во декември 2020-та година. Припадниците на судската полиција последниот психо-физички преглед го оствариле пред две години, а поради настанатата ситуација со КОВИД-19 припадниците на судската полиција не го остварија редовниот преглед во последниот период.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во однос на помошно-техничкиот персонал, Во основниот суд Струга се предвидени 9 извршители за 5 работни позиции. Сепак, работните места возач, хаусмајстор и курир воопшто не се пополнети. На позицијата хигиеничар, од предвидените 5 ангажирани се 3 извршители, додека во судот е ангажиран и еден оператор на телефонска централа.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 120 позиции за судската служба во судот, пополнети се 54, односно судот работи со 45 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Струга не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат полугодишни разговори, согласно Законот за судска служба.

Бројот на административни судски службеници примени во последните 10 години согласно Законот за судска служба изнесува 20 лица, а бројот на лица кои вршат технички и помошни работи примени во последните 10 години согласно Законот за вработени во јавниот сектор изнесува 2.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот е јавно објавен. Претседателот на судот одржува состаноци со судската служба на судот, а состаноците најчесто ги свикува за организација на работата или за тековни предизвици во работењето на судската полиција. Досега во ОС Струга нема поднесени приговори против распоредот на работа.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Струга предвидени се 15 (петнаесет) места за судии, од кои пополнети се 9 (девет ) места. При тоа 6 (шест) судии се македонци, 2 (двајца) судии се припадници на албанската заедница а еден се изјаснил како припадник на друга етничка заедница. Во ОС Струга има очигледно и значајно намалување на бројот на судии од година во година, па така во 2017 година имало 14 (четиринаесет) судии, од кои 8 (осум) биле македонци, 5 (пет) биле припадници на албанската заедница, а еден на друга етничка заедница. Во 2018 година имало 12 (дванаесет) судии, од кои 7 (седум) биле македонци, 4 (четворица) биле припадници на албанската заедница, а еден на друга етничка заедница. Во 2019 година имало 10 (десет) судии, од кои 6 (шестмина) биле македонци, 3 (тројца) биле припадници на албанската заедница, а еден на друга етничка заедница.

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на РСМ, судиската функција во ОС Гостивар е утврдено да ја вршат вкупно 28 судии. Во периодот од 2017-2020 години овој број не бил ниту еднаш исполнет па така во моментов во ОС Гостивар одлучуваат деветнаесет (19) судии. Во судот нема судии чиј работен однос е во мирување, а во периодот 2015-2020 година немало ниту случај на времено упатување на судии во друг суд.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Гостивар е усвоен во јануари 2019 година. Согласно Правилникот, во ОС Гостивар се предвидени 29 работни места за 181 извршител од А, Б, В и Г категориите на судската служба. Во ОС Гостивар моментално се вработени 68 извршители во судската служба, односно пополнети се 37% од вкупно предвидените работни места за судската служба во судот.

Во согласност со актот за внатрешна организација на ОС Гостивар, предвидено е едно работно место од категоријата А2- Судски администратор и истото е пополнето.

Во категоријата Б предвидени се 6 раководни позиции за судските службеници но ниту една од овие позиции не е пополнета. Во категоријата Б предвидени се 6 извршители за следните 5 работни позиции: Б-1-Самостоен судски советник, Б-4 Раководител на кривичен оддел, Б-4 Раководител на граѓански оддел, Б-4 Одделение за информатика и Б-4 Одделение за човечки ресурси.

Во категоријата В предвидени се 63 работни позиции за судските стручни службеници а пополнети се 26 односно 41%. Во категоријата В, целосно непополнети се позициите В-1 Виш судски советник, В-1 Судски советник, В-2 Виш судски соработник, В-4 Соработник во одделение за информатика и В-4 Помлад соработник книговодител. Единствена целосно пополнета работна позиција е В-1 Советник инженер информатичар. За позицијата В-3 Судски соработник предвидени се 21 извршител а пополнети се 6. За позицијата В-3 Соработник од 5 предвидени ангажирани се 3 лица, додека на позицијата В-6 од предвидените 26 извршители пополнети се 16.

Во категоријата Г, од предвидените 109 работните позиции за помошно стручните службеници пополнети се 41 или 38%. Во категоријата Г, целосно непополнети се позициите Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар, Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска архива, Г-2 Виш судски референт- Економ, Г3- Судски референт-за прием и експедиција на пошта и Г-4 Помлад референт- доставувач. Позицијата Г-2 Виш судски референт – Благајник е единствената позиција во Категоријата Г што е пополнета во целост. За позицијата Г-1 Самостоен судски референт- водител на уписник се предвидени 10 а ангажирани 3 извршители, за позицијата Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница од предвидените 11 ангажирани се само 2 извршители, додека Г-4 Помлад судски референт доставувач од предвидените 15 пополнети се 5 позиции. За позицијата Г3- Судски референт-извршител во

писарница ангажирани се 3 лица а предвидени во Актот за систематизација се 11 извршители, додека за позицијата Г-4 Помлад судски референт извршител во писарница од предвидените 25 ангажирани се 14 извршители. Во ОС Гостивар се ангажирани 13 дактилографи (позиција Г-3) а предвидени се 29 работни места за ова звање.

Дел од работата во Основниот суд Гостивар ја вршат лица кои според систематизација се вработени за друга работна позиција. Па така, Благајникот ја врши работата за Раководител на одделение за економско и финансиско работење и сметководител виш судски референт. Судски соработник ги извршува задачите кои произлегуваат од позицијата Раководител на оддел. Судскиот советник информатичар раководи со Одделението за информатика додека помладите судски референти извршуваат задачи за самостојни судски референти.

Приоритетни места за пополнување во периодот кој претходи се: пет судски референти – дактилографи, еден самостоен судски референт- сметководител, четири судски соработници, еден виш судски референт-архивар, еден виш судски референт-економ, еден советник по информатика, пет помлади судски референти – доставувачи, пет виши судски референти во писарница, три позиции за судска полиција.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Во Основниот суд Гостивар се предвидени работни позиции за вкупно 8 припадници на судската полиција, односно еден Командир на судската полиција, еден Заменик командир на судска полиција и шест судски полицајци. Сепак, позицииите Командир и заменик командир на судска полиција не се пополнети, додека во судот се ангажирани 5 од предвидените 6 судски полицајци. За опремата на судската полиција досега не е направена јавна набавка, а припадниците од судската полиција досега не посетувале обуки ниту редовни психо-физички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во однос на помошно-техничкиот персонал, Во Основниот суд Гостивар се предвидени 9 извршители за 5 работни позиции. Во судот се ангажирани возач, хаус мајстор и курир, додека работното место Оператор на телефонска централа не е пополнето. Во ОС Гостивар се ангажирани 2 од потребните 5 хигиеничари.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 198 позиции за судската служба во судот, пополнети се 78, односно судот работи со 39 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Гостивар не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат полугодишни разговори, согласно Законот за судска служба.

Бројот на административни судски службеници примени во последните 10 години согласно Законот за судска служба изнесува 34 лица. За истиот период, како лица кои вршат технички и помошни работи примени во последните 10 години (согласно Законот за вработени во јавен сектор) вработена е една хигиеничарка.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот е јавно објавен. Претседателот на судот одржува состаноци со судската служба на судот, а состаноците најчесто ги свикува за решавање на тековни прашања. Досега во ОС Гостивар нема поднесени приговори против распоредот на работа.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Гостивар предвидени се 28 (дваесет и осум) места за судии, од кои пополнети се 19 (деветнаесет) места. При тоа 9 (девет) судии се македонци, 8 (осум) судии се припадници на албанската заедница, а по 1 (еден) на турската и ромската заедница во Република Северна Македонија. Ваквата состојба со бројот на судии е од 2017 година.

## 2.2. Основен суд Дебар

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на Одлука на Судскиот совет на РСМ, во основниот суд Дебар се предвидени 5 судии а овој број е и во целост исполнет. Во ОС Дебар нема судии на кои работниот однос им е во мирување. Во периодот 2015-2020 година во судот немало времено упатување на судии во друг суд.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Дебар е усвоен во март 2015 година. Согласно Правилникот, во ОС Дебар се предвидени 18 работни позиции за 40 извршител од Б, В и Г категориите на судската служба. Во ОС Дебар моментално се вработени 19 извршители во судската служба, односно пополнети се 47% од вкупно предвидените работни места за судската служба во судот.

Согласно својата надлежност, ОС Дебар нема предвидено работно место за судски администратор во рамките на судот.

Во категоријата Б е предвидена една раководна позиција која е непополнета за Б- 2 Раководител на служба.

Во категоријата В, предвидени се 11 работни места за стручни судски соработници а вработени се 6 лица или 55% од предвидените места се пополнети.

Приоритетни места за пополнување во Основниот суд Дебар за периодот кој претстои се: Самостоен референт – Книговодител благајник и Референт – извршител за прием и експедиција на пошта.

### СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Во Основниот суд Дебар се предвидени работни позиции за вкупно 8 припадници на судската полиција, односно еден Командир на судска полиција, еден Заменик командир на судска полиција и шест судски полицајци. Сепак, позициите Командир и заменик командир на судска полиција не се пополнети, додека во судот се ангажирани 4 од предвидените 6 судски полицајци. Последната јавна набавка за обновување на опремата и униформата на судската полиција е направена пред речиси 20 години, односно во 2002 година, а припадниците од судската полиција досега не посетувале обуки ниту редовни психо-физички прегледи.

### ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во однос на помошно-техничкиот персонал, Во Основниот суд Дебар се предвидени 2 извршители за 2 работни позиции – хаус мајстор и хигиеничар. Од нив, во ОС Дебар е ангажиран хигиеничар но недостасува хаус мајстор.

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 50 работни позиции службата во судот, пополнети се 24, односно судот работи со 40 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Дебар не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Сепак, во судот се вршат полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба.

Во изминатите 10 години Основниот суд Дебар не примил ниту еден административен судски службеник согласно Законот за судска служба ниту пак ниту едно лице за извршување на технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот е јавно објавен. Претседателот на судот одржува состаноци со судската служба на судот, а состаноците најчесто ги свикува за решавање на тековни проблеми. Досега во ОС Дебар нема поднесени приговори против распоредот на работа.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Дебар предвидени се 5 (пет) места за судии, од кои пополнети се 4 (четири) места. При тоа 2 (двајца) судии се македонци, 2 (двајца) судии се припадници на албанската заедница. Ваквата состојба со бројот на судии е непроменета од 2017 година.

## 2.3. Основен суд Кичево

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ, судиската функција во ОС Кичево е утврдено да ја вршат вкупно 13 судии. Сепак овој број ниту еднаш не бил исполнет во последните 4 години. Во 2017 година, во судот суделе 11 судии, за овој број да се намали на 9 во 2018 година, па на 8 во 2019 и 2020 година.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Кичево е усвоен во 2015 година, подоцна менуван во 2018 и 2020 година. Согласно Правилникот, во ОС Кичево моментално се вработени 32 извршители во судската служба, односно пополнети се 36% од вкупно предвидените работни места за судската служба во судот.

За позицијата А2 судски администратор е предвидена работна позиција но истата не е исполнета.

Во категоријата Б предвидени се 6 извршители за 5 работни позиции, но пополнето е само едно односно 17% од предвидените раководни позиции во судот. Во категоријата Б предвидени се 6 извршители за следните 5 работни позиции: Б-1-Раководител на служба, Б-4 Раководител на оддел, Б-4 Одделение за информатика, Б-4 Одделение за човечки ресурси и Б-4 Одделение за материјално-финансиско работење кои се непополнети. На позицијата Раководител на судски оддел е ангажирано 1 лице од предвидените 2 извршители.

Во категоријата В предвидени се 19 работни позиции за стручните судски службеници но пополнети се само 6 односно 32% од предвидените работни позиции во судот. Во категоријата В, целосно непополнети се позициите В-1 Виш судски советник и В-2 Виш судски соработник, додека целосно пополнета е единствено позицијата В-1 Советник инженер информатичар. За позицијата В-1 Судски советник предвидени се 2 извршители а ангажиран е 1. За позицијата В-3 Судски соработник се ангажирани 5 од предвидените 12 службеници. За позицијата В-4 Помлад судски соработник се ангажирани 4 наспроти предвидените 12, а за категоријата В-4 Помлад соработник преведувач се ангажирани 2 од 4 предвидени извршители.

Во категоријата Г предвидени се 20 работни позиции за помошно стручните службеници, но пополнети се 11 односно 65% од предвидените работни места во судот не се пополнети. Во категоријата Г, целосно непополнети се позициите Г-1 Самостоен судски референт- водител на уписник, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска Архива и Г-2 Виш судски референт- извршител за прием и експедиција на пошта. Единствена работна позиција во целост исполнета е Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар, додека на позицијата Г-1 Самостоен судски референт - одговорен сметководител од предвидени 2 извршители ангажиран е еден. На позицијата Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница предвидени се 7 извршители а ангажирани се двајца, додека Г-2 Виш судски референт-  благајник од предвидени два ангажиран е само еден службеник. На позицијата Г-4 помлад судски референт доставувач од предвидените 9 ангажирани се службеници. Во од Кичево се ангажирани 8 дактилографи (позиција Г-3) а предвидени се 15 работни места за ова звање.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Во Основниот суд Кичево се предвидени работни позиции за вкупно 8 припадници на судската полиција, односно еден Заменик командир на судска полиција и седум судски полицајци, додека позицијата Командир на судска полиција не е воопшто предвидена. Сепак, позицијата Заменик командир на судска полиција не е пополнета, додека во судот се ангажирани 5 од предвидените 7 судски полицајци. Последната јавна набавка за обновување на опремата на судската полиција била спроведена во 2019 година, а од ОС Кичево нотираат дека припадниците на судската полиција не одат на редовни психофизички прегледи и многу ретко посетуваат специјализирани обуки наменети за судски полицајци.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во однос на помошно-техничкиот персонал, Во Основниот суд Кичево се предвидени 7 извршители за 4 работни позиции – возач, оператор на телефонска централа, хаус мајстор и хигиеничар. Од нив, во ОС Кичево е ангажиран еден возач и двајца хигиеничари но недостасува хаус мајстор и оператор на телефонска централа.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 102 работни позиции службата во судот, пополнети се 40, односно судот работи со 39 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Кичево не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така, нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Сепак, во Судот се вршат полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба.

Во однос на нови вработувања во судот, во последните 10 години биле примени на работа вкупно 15 лица – од кои дури 6 ја имаат напуштено работната позиција. ОС Кичево нотира дека приоритетни работни позиции за пополнување согласно Актот за систематизација се судски администратор, архивар и дактилографи. Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот се објавува за вработените во судот. Во изминатите години немало приговори кон распоредот за работа.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Кичево предвидени се 13 (тринаесет) места за судии, од кои пополнети се 7 (седум) места. Од пополнетите места 3 (три) се пополнети со македонци, а 4 (четири) со припадници на албанската заедница. Истиот број на судии биле предвидени и во 2017, 2018 и 2019 година, со тоа што бројот на пополнети места постојано се намалува, од 11 (единаесет) во 2017, на 9 (девет) во 2019 година и на 8 (осум) во 2019 година.

## 2.4. Основен суд Тетово

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлуката на Судскиот совет на РСМ, судиската функција во ОС Тетово е утврдено да ја вршат претседателот на судот и 26 судии. Во исполнетоста на бројот на судиите се забележува редовно отстапување во текот на целиот анализиран период (2017-2020), односно вкупниот број на судии во 2017 изнесувал 21, во 2018 година изнесувал 20 судии, во 2019 бојот повторно изнесувал 21, додека во 2020 година пополнетиот број изнесувал 23 судии.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Тетово е усвоен во декември 2018 година и досега не бил предмет на одредени суштински измени. Согласно Правилникот, во ОС Тетово се предвидени 36 работни места за 216 извршители од А, Б, В и Г категориите на судската служба. Во ОС Тетово моментално се вработени 111 извршители во судската служба, односно пополнети се 51% од вкупно предвидените работни места за судската служба во судот.

### ЗА ПОЗИЦИЈАТА А2 СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР Е ПРЕДВИДЕНА РАБОТНА ПОЗИЦИЈА И ИСТАТА Е ПОПОЛНЕТА.

Во категоријата Б предвидени се 5 извршители но во Основниот суд Тетово не е пополнета ниту една од овие работни позиции, односно судот функционира без раководители во ниту еден сектор. Во категоријата Б предвидени се 5 извршители за следните 5 работни позиции: Б-4 Раководител на кривичен оддел, Б-4 Раководител на граѓански оддел, Б-4 Одделение за информатика, Б-4 Одделение за материјално-финансиско работење и Б-4 Одделение за човечки ресурси.

Во категоријата В предвидени се 58 работни позиции за стручни судски службеници, а пополнети се 26 работни места односно 44% од предвидените извршители во судот. Целосно непополнети се позициите В-1 Виш судски советник, В-1 Судски советник, В-2 Виш судски соработник, В-4

Соработник во одделение за информатика и В-4 Помлад соработник книговодител. Единствена целосно пополнета работна позиција е В-1 Советник инженер информатичар. За позицијата В-3 Судски соработник предвидени се 21 извршител а пополнети се 6. За позицијата В-3 Соработник од 5 предвидени ангажирани се 3 лица, додека на позицијата В-6 од предвидените 26 извршители пополнети се 16.

Во категоријата Г предвидени се 118 работни позиции за помошно стручните службеници, но пополнети се 57 работни места односно 48% од предвидените извршители во судот. Целосно непополнети се позициите Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар, Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска архива, Г-2 Виш судски референт- Економ, Г3- Судски референт-за прием и експедиција на пошта и Г-4 Помлад референт- доставувач. Позицијата Г-2 Виш судски референт – Благајник е единствената позиција во Категоријата Г што е пополнета во целост. За позицијата Г-1 Самостоен судски референт- водител на уписник се предвидени 10 а ангажирани 3 извршители, за позицијата Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница од предвидените 11 ангажирани се само 2 извршители, додека Г-4 Помлад судски референт доставувач од предвидените 15 пополнети се 5 позиции. За позицијата Г3- Судски референт-извршител во писарница ангажирани се 3 лица а предвидени во Актот за систематизација се 11 извршители, додека за позицијата Г-4 Помлад судски референт извршител во писарница од предвидените 25 ангажирани се 14 извршители. Во ОС Гостивар се ангажирани 13 дактилографи (позиција Г-3) а предвидени се 29 работни места за ова звање.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Во Основниот суд Тетово не е предвидено ангажирање на Командир или Заменик командир на судската полиција, туку се предвидени само работни места за 8 судски полицајци. Од нив, вработени во судот се 7 судски полицајци. Во однос на спроведувањето на јавни набавки за обновување на опремата на судската полиција, последната е направена во 2019 година, додека обуки и психофизички прегледи досега воопшто не се спроведени.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во однос на помошно-техничкиот персонал, Во Основниот суд Тетово се предвидени 11 извршители за 4 работни позиции – возач, оператор на телефонска централа, хаус мајстор и хигиеничар. Од нив, во ОС Тетово е ангажиран еден оператор на телефонска централа, еден хаус-мајстор и тројца хигиеничари.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 227 извршители во ОС Тетово, пополнети се 116, односно судот работи со 51 процент од предвидениот кадар.

Во ОС Тетово не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Тетово се примени 51 административен судски службеник согласно Законот за судска служба, како и 2 лица кои вршат технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува најчесто на крајот на декември и истиот не е јавно објавен, но е достапен за сите судии, припадници на судската служба и вработените во судот. Претседателот на судот одржува состаноци со судската служба на судот, а состаноците најчесто ги свикува за решавање на тековни проблеми или при зголемен обем на работа.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Тетово предвидени се 27 (дваесет и седум) места за судии, од кои пополнети се 23 (дваесет и три). Притоа 11 (единаесет) судии се македонци, 10 (десет) албанци а 2 (двајца) припадници на влашката заедница. Во 2019та година судот функционирал со 21 судија од кои повторно 11 (единаесет) биле македонци, 2 (двајца) власи а 8 (осум) албанци. Во 2018 година во судот суделе 20 судии од кои 10 (десет) македонци, 8 (осум) албанци и 2 (двајца) власи, а во 2017 година во ОС Тетово по предмети постапувале 21 судија од кои 11 (единаесет) македонци, 8 (осум) албанци и 2 (двајца) припадници на влашката заедница во РСМ.

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на РСМ, судиската функција во ОС Велес е утврдено да ја вршат претседателот на судот и 18 судии. Во периодот од 2017-2020 години овој број не бил ниту еднаш исполнет. Во 2017 година, судиска функција во ОС Велес извршувале 17 судии а по пензионирањето на еден судија во 2018 година, бројот на судии е намален на 16 и судот останува со 16 судии во 2019 и 2020 година. Постапка за избор на нови судии за ОС Велес не била отворена во последните 4 години.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Велес е усвоен во февруари 2019 година и изменет во декември 2020 година. Работните места на судските службеници се класифицираат во категориите А, Б, В и Г согласно Законот за судска служба, и Правилникот на ОС Велес предвидува 30 работни позиции за 99 извршители.

За позицијата А2 судски администратор е предвидена работна позиција и истата е исполнета.

Во категоријата Б предвидени се 7 извршители за 6 раководни позиции во судот, но пополнето е само едно односно не се пополнети 85% од предвидените раководни позиции во судот. Во категоријата Б предвидени се 7 извршители за следните 6 работни позиции: Б-1 Раководител на служба, Б-4 Раководител на кривичен оддел, Б-4 Раководител на граѓански оддел, Б-4 Одделение за информатика, Б-4 Одделение за материјално-финансиско работење и Б-4 Одделение за човечки ресурси. Сепак, од сите овие работни места, пополнета е единствено позицијата Б-4 Раководител на одделение за информатика, што претставува единствена раководна позиција во ОС Велес.

Во категоријата В предвидени се 24 работни позиции за стручните судски службеници а пополнети се 11 работни места односно 46% од предвидените работни места во судот. Според податоците целосно непополнети се позициите В-1 Виш судски советник, В-1 судски советник, В-1 Советник – инженер информатичар и В-3 Соработник преведувач толкувач. Единствена целосно пополнета позиција од Категоријата В е В-4 Помлад судски соработник. За позицијата В-2 Виш судски соработник предвидени се 4 а ангажирано е само едно лице, додека за позицијата В-3 Судски соработник за следење и евиденција на судска пракса од предвидените 11 ангажирани се 8 лица.

Во категоријата Г предвидени се 67 работни позиции за помошно стручните службеници, но пополнети се 27 односно 40% од предвидените работни места во судот. Според податоците целосно непополнети се позициите Г-1 Самостоен судски референт - технички секретар, Г-1 Самостоен судски референт по информатика, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска архива, Г-2 Виш судски референт економ и Г-2 Виш судски референт благајник. Во ОС Велес целосно исполнети работни позиции пак се Г-1 Самостоен судски референт- координатор на дактило биро и Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител. За позицијата Г-1 Самостоен судски референт предвидени се 9 лица а ангажирани 2. На позицијата Г-2 Виш судски референт извршител во судска писарница од предвидените осум вработени се само две лица, додека на

позицијата Г-4 Помлад судски референт доставувач, ангажирани се 5 од предвидените 8 лица, што е случај и со позицијата Г- 4 Помлад судски референт извршител во писарница/за административно технички работи  каде исто се ангажирани 5 лица од предвидените 8. Во ОС Велес се ангажирани 11 дактилографи иако согласно Систематизацијата се предвидени 18.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Велес е осум (8), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и шест (6) судски полицајци. Од овие позиции, единствено не е пополнето местото на заменик командир на судската полиција. Последното обновување на опремата на судската полиција била во направена преку јавна набавка во 2020 година. Припадниците на судската полиција во ОС Велес ги посетуваат специјализираните обуки на АСЈО наменети за судската полиција. Последната обука на која учествувале судски полицајци од ОС Велес била организирана  во декември 2019та година, а припадниците на судската полиција на ОС Велес посетуваат редовни психофизички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Велес предвидува 4 позиции за лица вработени според Законот за работните односи и тоа за хаус-мајстор (1), возач (1), оператор на телефонска централа (1) и одржувач на хигиена (4). Сепак, од предвидените работни позиции за 7 извршители, пополнети се само 3, и тоа сите за одржувачи на хигиена во рамките на ОС Велес.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 114 извршители во ОС Велес, пополнети се 50, односно судот работи со 43 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Велес не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Велес се примени 6 административни судски службеници согласно Законот за судска служба, како и 2 лица кои вршат технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор. Согласно Актот за систематизација на ОС Велес, приоритетни места за пополнување во наредниот период се самостоен судски референт во одделение на информатика, судски референт-дактилограф и хаус-мајстор.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува редовно и истиот не е јавно објавен. Нема податоци за обемот и редовноста на одржаните состаноци на Претседателот на судот со судската служба на судот.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во  Основниот суд Велес предвидени се 18 (осумнаесет) места за судии, од кои пополнети се 16 (шеснаесет) места. При тоа 14 (четиринаесет) судии се македонци, 1 (еден) судија е припадник на албанската заедница, а 1 (еден) на бошњачката заедница во Република Северна Македонија. Ваквата состојба со бројот на судии е од 2018 година, додека во 2017 година имало 17 (седумнаесет) судии, а бројот на судии македонци бил 15 (петнаесет). Во однос на припадниците на заедниците нема никаква промена од 2017 година до денес.

## 3.2. Основен суд Гевгелија

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Согласно одлука на Судскиот совет на РСМ, судиската функција во ОС Гевгелија е утврдено да ја вршат вкупно 13 судии. Сепак овој број ниту еднаш не бил исполнет во последните 4 години. Имено, во периодот 2017-2020 година, ОС Гевгелија ефективно работел со 10 судии, откако на еден судија бил разрешен по основ на пензија на самиот старт на 2017 година. Од септември 2020, ОС Гевгелија суди со 9 судии по пензионирањето на уште една судијка. Во овој период не биле избрани нови судии во ОС Гевгелија. Важно е да се напомене дека сите судии во Основниот суд Гевгелија работат работат во сите правни области, односно постапуваат и по граѓански и по кривични предмети.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Гевгелија, донесен во декември 2019 година, работните места на судската служба се класифицираат во четирите категории согласно Законот за судска служба.

Правилникот на ОС Гевгелија предвидува 30 работни позиции за 92 извршители согласно Законот за судска служба.

Во ОС Гевгелија е предвидена работната позицијата А-2 судски администратор но истата не е пополнета.

Од 10 раководни позиции предвидени во Категоријата Б, пополнети се само две – Раководител на оддел и Раководител на одделение за информатика, односно пополнети се 20% од предвидените раководни позиции во судот. Според податоците, предвидени но непополнети се работните позиции: Б3 Раководител на стручно-правна служба, Б3 Раководител на административно-техничка служба, Б4 Раководител на судски оддел граѓански, Б4 Раководител на судски оддел кривичен, Б4 Раководител на одделение за човечки ресурси, Б4 Раководител на одделение за материјално финансиско работење, Б4 Раководител на одделение за извршување на санкции и Б4 Раководител на одделение за казнена евиденција.

Во Категоријата В предвидени се 26 работни места за стручни судски соработници, но пополнети се 8 работни места односно 31% од предвидените работни позиции во судот. Пополнети се позициите со звање В3 судски соработник, а не се пополнети позициите за В1 виш судски советник, В1 судски советник, В1 советник инженер информатичар, В2 виш судски соработник, В3 Соработник преведувач и В4 Помлад судски соработник воопшто не се пополнети .

Во Категоријата Г – Помошно стручни судски службеници, од предвидените 64 извршители вработени се 29 лица односно пополнети се 64% од предвидените работни места во судот. Според податоците, целосно непополнети се позициите Г1 Самостоен судски референт- технички секретар на Претседател на судот, Г1 Самостоен судски референт-координатор на дактилобиро, Г1 Самостоен референт-извршител во одделение за информатика, Г2 Виш судски референт-архивар и Г2 Виш судски референт-економ. Целосно исполнети работни позиции во оваа категорија се: Г1 Самостоен референт-сметководител, Г2 Виш судски референт-благајник, Г3 Судски референт за прием и експедиција на пошта и Г3 Референт координатор за техничко одржување. Делумно исполнети работни позиции се Г1 Самостоен судски референт-водител на писарница каде од предвидените 10 ангажирани се 4 лица, а слична е ситуацијата и во позицијата Г2 Виш судски референт-извршител во писарница, каде исто од предвидените 10 лица ангажирани се 4. За позицијата Г4 Помлад судски референт-извршител во писарница ангажиран е 1 извршител а предвидени се 3, додека за позицијата Г4 Помлад судски референт-доставувач ангажирани се 6 лица а предвидени се 12. Во ОС Гевгелија работат 10 дактилографи, а согласно Актот за систематизација на судот му се потребни 20.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Гевгелија е четиринаесет (14), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и дванаесет (12) судски полицајци. Од овие позиции, пополнети работни места се единствено судските полицајци, каде од предвидените 12 пополнети се 5 работни позиции. Последното обновување на опремата на судската полиција била во направена преку јавна набавка во декември 2019 година. Припадниците на судската полиција во ОС Гевгелија не ги посетуваат специјализираните обуки на АСЈО наменети за судската полиција, но редовно ги вршат задолжителните психофизички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Гевгелија предвидува 10 позиции за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаусмајстор (1), возач (1), оператор на телефонска централа (1), одржувач на хигиена (3) и курир (4). Сепак, од предвидените работни позиции за 10 извршители, пополнети се само 2 – оператор на телефонска централа и одржувач на хигиена во рамките на судот.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 107 извршители во ОС Гевгелија, пополнети се 46, односно судот работи со 42 % од предвидениот кадар.

Во ОС Гевгелија не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така, нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Гевгелија се примени 4 административни судски службеници согласно Законот за судска служба, како и 1 лице кои врши технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор. Согласно Актот за систематизација на ОС Гевгелија, приоритетни места за пополнување во наредниот период се судски администратор, хаус-мајстор, раководител на одделение за материјално- финансово работење, архивар, судски референт дактилограф и судски полицаец од женски пол.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува редовно и истиот е јавно објавен. Претседателот на судот одржува состаноци со судската служба кои се свикуваат согласно потребите со работниот процес и споделување на новини и информации за работата на судот.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Гевгелија предвидени се 13 (тринаесет) места за судии, од кои пополнети се 10 (десет) места, а сите 10 судии се македонци. Ваквата состојба со бројот на судии е од 2018 година, додека во 2017 година имало 11 (единаесет) судии, а и судијата кој во 2017 година го напуштил судот бил македонец.

## 3.3. Основен суд Кавадарци

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Согласно одлука на Судскиот совет на РСМ, судиската функција во ОС Кавадарци е утврдено да ја вршат вкупно 12 судии. Сепак, во изминатите години овој број не бил ниту еднаш исполнет. Во 2017 година во ОС Кавадарци по предмети постапувале 8 судии, додека тој број паднал на 7 во 2018 (поради времено упатување на еден судија во друг суд) и останал 7 и во 2019 година, а од почетокот на 2020 година, во ОС Кавадарци судат 6 судии вклучувајќи го и претседателот на судот.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Кавадарци е усвоен на 24 февруари 2020 година и досега не се направени измени на актот. Правилникот на ОС Кавадарци предвидува 27 работни позиции за 81 извршител согласно Законот за судска служба.

Во Категоријата А, во судот е превидена работната позиција судски администратор, која од 2020 година која е непополнета.

Раководни позиции од Категоријата Б се предвидени 7 но вработено е едно лице односно пополнет е 1% од предвидените раководни позиции во судот. Според податоците, пополнета е позицијата за Б1- Раководител на одделение за информатика. Целосно непополнети работни места од Категоријата Б се: Б-1 Раководител на служба, Б-4 кривичен оддел, Б-4 граѓански оддел, Б-4 одделение за стручна служба, Б-4 одделение за материјално-финансиско работење и Б-4 одделение за човечки ресурси.

Во Категоријата В предвидени се 24 работни места за стручни судски соработници, но вработени се 5 лица односно пополнети се 21% од предвидените извршители во судот. Позициите В1 виш судски советник, В1 судски советник, В1 советник инженер информатичар и В3 соработник преведувач-толкувач воопшто не се пополнети. Целосно пополнета не е ниту една работа позиција од Категоријата В, додека делумно се пополнети В2 виш судски соработник каде е ангажирано едно лице а предвидени се четири извршители, В2 судски соработник каде се ангажирани 3 лица а предвидени се 8 и В4 помлад судски соработник каде е ангажирано едно лице а предвидени се 3.

Во Категоријата Г – Помошно стручни судски службеници, од предвидените 46 извршители вработени се 25 лица, односно 54% од предвидените извршители во судот. Работните позиции Г1 Самостоен судски референт – технички секретар, Г1 Самостоен судски референт – координатор на дактило биро, Г1 Самостоен судски референт одговорен сметководител, Г1 Самостоен судски референт по информатика и Г2 Виш судски референт – извршител во судска архива воопшто не се пополнети. Целосно исполнети работни места пак се Г1 самостоен судски референт техничар и Г3 Референт водител на техничка служба. Делумно исполнети позиции се Г1 Самостоен судски референт каде се предвидени 8 лица а ангажирани се 3, Г2 Виш судски референт извршител во судска писарница каде исто се предвидени 8 извршители а ангажирани се 3. За работната позицијата Г4 помлад судски референт доставувач се ангажирани 5 лица а предвидени се 8 додека на позицијата Г4 помлад судски референт извршител за административно технички работи е ангажирани едно лице а предвидени се 3 извршители. Во судот се ангажирани 11 дактилографи додека согласно Актот за Систематизација на судот му се потребни 15.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Кавадарци е осум (8), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и шест (6) судски полицајци. Од овие позиции, пополнета е работната позиција Координатор на судска полиција и 5 од предвидените 6 припадници на судската полиција. Последното обновување на опремата на судската полиција била во направена преку јавна набавка во 2017 година, кога биле набавени кошули, панталони, џемпери и јакни за обезбедувањето на судот. Сепак, припадниците на судската полиција во ОС Кавадарци не ги посетуваат специјализираните обуки на АСЈО наменети за судската полиција, и не ги вршат психофизички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Кавадарци предвидува и 4 позиции за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаусмајстор (1), возач (1), оператор на централа (1) и одржувач на хигиена (1). Сепак, од предвидените 4 работни позиции за помошниот персонал, не е пополнета ниту една.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 94 извршители во ОС Кавадарци, пополнети се 37, односно судот работи со 39 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Кавадарци не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Кавадарци се примени 6 административни судски службеници согласно Законот за судска служба, но не е ангажирано ниту едно лице за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор. Согласно Актот за Систематизација, дел од неисполнетите работни места се покриваат од другите вработени во службата, како што се позициите судски администратор и судски референт - извршител во писарница. Во моментот бројот на вработени воопшто не ги задоволува потребите во судот и е доведено во прашање нормалното функционирање на судот поради недостаток на кадар. Според моменталната состојба, сите оддели имаат потреба од вработени од причина што во изминатиот период голем број од вработените се пензионирани, но испразнетите работни позиции остануваат непополнети. Приоритетни позиции за пополнување во ОС Кавадарци се судски администратор, стручни советници - 6, технички персонал, дактилографи - 3 и раководител на одделение - 4.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот се објавува за вработените во судот.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Кавадарци предвидени се 10 (десет) места за судии, од кои пополнети се 6 (шест ) места, а сите судии се македонци. Во 2019 година, пак имало 7 (седум) судии. Во 2018 и 2017 година пак имало предвидено 12 (дванаесет) места за судии, од кои пополнети биле 8 (осум), и сите биле македонци.

## 3.4. Основен суд Кратово

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Кратово е утврдено да ја вршат претседателот на судот и 3 судии. Утврдениот број на судии, во периодот од 2017-2020 година редовно е исполнет.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Кратово е усвоен во април 2015 година и истиот е само еднаш изменет во октомври 2018 година. Согласно Законот за судската служба, Актот на систематизација на ОС Кратово предвидува 27 работни позиции за 41 извршител класифицирани во три категории (Б, В и Г).

Распоредувањето на вработените во судската служба, се врши врз основа на анализи за потребата од распоредување на судски службеник на работно место кое е неопходно заради ажурно и навремено извршување на работите во судот.

Во ОС Кратово, како суд со основна месна надлежност, не е предвидена работната позиција судски администратор (согласно одредбите на Судскиот деловник).

Од категоријата Б, во ОС Кратово се предвидени 8 работни позиции но не е исполнета ниту една, односно Основниот суд Кратово функционира без ниту еден раководен службеник во рамките на судот.

Во Категоријата В- Стручни судски службеници предвидени се 9 извршители а вработени се 2 лица, односно пополнети се 22% од предвидените работни позиции во судот. Целосно пополнета е само една позиција В1 - советник инженер информатичар, додека делумно пополнета е позицијата В2 судски соработник каде се предвидени 3 извршители а ангажиран е еден. Целосно непополнети работни позиции се В1 виш судски советник, В1 судски советник, В2 виш судски соработник, В2 соработник водител на стручна библиотека и В4 помлад судски соработник.

Во Категоријата Г предвидени се работни позиции за 24 извршители, но вработени се 11 лица односно пополнети се 46% од предвидените работни позиции во судот. Позициите Г-1 Самостоен судски референт, Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар, Г-2 Виш судски референт- извршител за работни односи, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска архива, Г-2 Виш судски референт- извршител за прием и експедиција на пошта, Г-4 Помлад судски референт извршител за административно технички работи и Г-4 Помлад референт- извршител за административно технички работи воопшто не се пополнети. Делумно пополнета е работната позиција Г-4 Помлад судски референт доставувач каде од 6 предвидени извршители, ангажирани се 2. Целосно пополнети работни позиции пак се Г-1 Самостоен судски референт- водител на уписник, Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница и Г-3 Судски референт- дактилограф. Во судот се ангажирани 4 дактилографи, колку што и се предвидени со Актот за систематизација на ОС Кратово.

### СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Кратово е седум (7), од кои еден (1) командир на судската полиција, (1) заменик на судска полиција и пет (5) судски полицајци. Сепак, позициите координаторот на судската полиција и заменик координатор се непополнети, додека ангажирани се 4 судски полицајци. Опремата на судската полиција последен пат била опремена преку јавна набавка во 2017 година. Во истата година е спроведена и последната обука за судската полиција, додека судските полицајци на ОС Кратово не одат на редовни психофизички прегледи.

### ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Кратово предвидува 5 позиции за лица вработени според Законот за работните односи и тоа за хаусмајстор (1), оператор на телефонска централа (1), одржувач на хигиена (2) и возач (1). Сепак, од предвидените работни позиции за 5 извршители, пополнето е само 1 работно место - одржувач на хигиена во рамките на ОС Кратово.

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидените 53 извршители во Правилникот за систематизација на ОС Кратово, пополнети се само 18 работни позиции, односно судот работи со 34 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Кратово не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Иако досега нема изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба, судот води евиднција за тоа. Во судот се вршат полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Кратово е примен 1 административен судски службеник согласно Законот за судска служба, но не е ангажирано ниту едно лице за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор. Согласно Актот за Систематизација, дел од неисполнетите работни места се покриваат од другите вработени во службата, додека приоритетни работни позиции за пополнување се самостоен судски референт - водител на кривична и прекршочна писарница и судски референт - технички секретар на претседателот на судот.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува редовно и истиот е јавно објавен. Претседателот на судот одржува редовни состаноци со судската служба за разгледување на тековните работни обврски во судот.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Кратово предвидени се 3 (три) места за судии и сите се пополнети со судии македонци. Идентична ситуација има и во 2019, 2018 и 2017 година.

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлуката на Судскиот совет на РСМ, судиската функција во ОС Крива Паланка е утврдено да ја вршат претседателот на судот и 6 судии. Овој број бил во целост исполнет во периодот од 2017 до 2020 година со исклучок на 2018 година кога во судот суделе 5 судии.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Крива Паланка е усвоен во ноември 2018 година и досега не бил предмет на измени. Правилникот на ОС Крива Паланка предвидува 25 работни позиции за 47 извршители во судската служба кои се класифицираат во три категории (Б, В и Г) согласно Законот за судска служба..

Во ОС Крива Паланка, како суд со основна месна надлежност, не е предвидена работната позиција судски администратор.

Во категоријата Б предвидени се 4 раководни функции но вработено е 1 лице како раководител на граѓанскиот оддел, односно пополнетоста е 25% од предвидените раководни места во судот.

Во Категоријата В предвидени се 14 работни места за стручни судски соработници. Целосно непополнети се позициите В1 виш судски советник, В1 судски советник, В2 виш судски соработник, В3 соработник информатичар и В4 помлад судски соработник. Во целост исполнети работни позиции од категоријата В се В1 советник инженер информатичар, В2 судски соработник и В4 помлад соработник информатичар.

Во Категоријата Г предвидени се 28 помошно стручни судски службеници, а вработени се 11 лица односно пополнетоста е 39% од предвидените работни места во судот. Целосно непополнети се позициите Г1 Самостоен судски референт – Технички секретар, Г2 виш судски референт – извршител во судска писарница, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска архива, Г-2 Виш судски референт- економ и Г-3 Судски референт-извршител во писарница. Делумно пополнети работни позиции се Г-1 Самостоен судски референт- водител на уписник, каде е ангажиран еден извршител од потребните пет и Г-3 Судски референт- дактилограф каде од предвидените 6 ангажирани се 4 дактилографи. Целосно пополнети работни позиции се: Г-1 Самостоен судски референт за прием и експедиција на судска пошта, Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител и Г-2 Виш судски референт-благајник.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Крива Паланка е седум (7), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и пет (5) судски полицајци. Од овие позиции, пополнета е делумно позицијата за судските полицајци каде се ангажирани 3 извршители. Последното обновување на опремата на судската полиција била во направена преку јавна набавка во 2017 година, додека припадниците на судската полиција во ОС Крива Паланка не вршат редовни психофизички прегледи. Судските полицајци посетуваат обуки за својата работа, а последната спроведена обука била одржана во декември 2019 година.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Крива Паланка предвидува и 5 позиции за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаусмајстор (1), возач (1), и одржувач на хигиена (3). Сепак, од предвидените 5 работни позиции за помошниот персонал, пополнета е само една, односно ангажирано е едно лице за одржување на хигиена во судската зграда.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 59 извршители во ОС Крива Паланка, ангажирани се 24, односно судот работи со 40 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Крива Паланка не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Крива Паланка е примен само еден административен судски службеник согласно Законот за судска служба, но не било ангажирано ниту едно лице за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор. Поради неисполнетата систематизација, дел од непополнетите работни места во ОС Крива Паланка се покриваат од останатите вработени кои официјално работат на други работни позиции. Позиции чии работни обврски се покриваат од други вработени во судот се: 4 самостојни судски референти-раководители на парнична, вонпарнична (оставински предмети), прекршочна и писарница за извршување на прекршочни санкции, како и два (2) судски референти-дактилографи. Приоритетни односно итни работни позиции за пополнување во иднина се 4 самостојни судски референти-водители на писарница, 2 судски референти-дактилографи, 1 хигиеничар и 1 припадник на судската полиција.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот се објавува за вработените во судот.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Крива Паланка предвидени се 6 (три) места за судии и сите се пополнети со судии македонци. Идентична ситуација има и во 2019, 2018 и 2017 година.

## 3.6. Основен суд Куманово

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Согласно одлука на Судскиот совет на РСМ, судиската функција во ОС Куманово е утврдено да ја вршат вкупно 34 судии. Сепак во последните 4 години овој број не беше ниту еднаш исполнет. Во 2017 година, во судот суделе 29 судии, за овој број да се намали на 24 во 2018 година, па на 22 во 2019 и 2020 година. Во 2020 година на двајца судии од ОС Куманово вршењето на судиската функција им е ставена во мирување поради избор за член во Судскиот совет и поради избор за претседател на Основен суд Кратово. Во периодот од 2015 до 2020 година пак, вкупно 4 судии од ОС Куманово биле времено упатени во други судови.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Куманово, донесен во декември 2018 година, работните места на судската служба се класифицираат во четирите категории согласно Законот за судска служба.

Правилникот на ОС Куманово предвидува 34 работни позиции за 236 извршители согласно Законот за судска служба.

Во ОС Куманово е предвидено и пополнето е работното место за судски администратор на судот.

Во категоријата Б, предвидени се 9 раководни позииции но пополнета е само една работна позиција односно пополнетоста е 11% од предвидените работни позиции во судот. Пополнета е работната позиција за Б4 Раководител на одделение за информатика, а целосно непополнети работни позиции се Б4 Раководител на кривичен оддел, Б4 Раководител на граѓански оддел, Б4 Раководител на одделение за материјално-финансиско работење и Б4 раководител на одделение за човечки ресурси.

Во категоријата В предвидени се 86 работни места за стручни судски соработници, но пополнети се само 29 односно пополнетоста е 34% од предвидените работни позиции во судот. Целосно неисполнети се позициите В1 виш судски советник, В1 судски советник и В2 виш судски соработник. Делумно исполнети се работните позиции В1 Советник инженер информатичар, В3 судски соработник за следење и евиденција на судска практика, В3 соработник преведувач толкувач, В4 помлад судски соработник, В4 помлад судски соработник преведувач и В4 помлад соработник, одговорен за корпора деликти.

Во категоријата Г предвидени се 142 работни места за помошно стручниот персонал, а вработени се 73 лица односно пополнетоста е 51 од предвидените работни места во судот. Целосно неисполнети работни места се: Г1 Самостоен судски референт, Г1 Самостоен судски референт – технички секретар, Г1 Самостоен судски референт – координатор на дактило биро и Г3 судски референт – извршител во писарница. Делумно пополнети позиции се Г1 Самостоен судски референт – водител на уписник каде се предвидени 13 извршители а ангажирани се 7, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница каде се ангажирани 9 лица а предвидени се 19. Делумна пополнетост на систематизацијата е забележлива и во позицијата Г4 помлад судски референт-помошник архивар каде се пополнети 15 од предвидените 31 лице и позицијата Г-4 Помлад судски референт извршител во писарница каде се ангажирани 8 лица а предвидени се 15. Во судот се ангажирани и 32 дактилографи а предвидени се 45. Целосно исполнети позиции се Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител и Г-2 Виш судски референт- извршител во судска архива.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Куманово изнесува единаесет (11), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и девет (9) судски полицајци. Во судот е ангажиран Командир на судската полицијата и 5 судски полицајци од предвидените 9, додека позицијата Заменик командир на судска полиција не е пополнета. Во судот не била спроведена ниту една јавна набавка за обновување на опремата на судската полиција ниту пак тие посетуваат обуки во рамките на нивната работа, но редовно ги вршат задолжителните психофизички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Куманово предвидува и 16 работни места за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаусмајстор (1), возач (2), одржувач на хигиена (8), оператор на телефонска централа (1) и курир (согласно ЗРО) (4). Сепак, од предвидените работни позиции, пополнета е само една, односно ангажирано е едно лице за одржување на хигиена во судската зграда.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 263 извршители во ОС Куманово, ангажирани се 119, односно судот работи со 45 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Куманово не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година. Во изминатите 10 години во Основниот суд Куманово се примени 50 административни

судски службеник согласно Законот за судска служба. Најголем дел од овие службеници имале трансформиран работен однос согласно Закон за трансформација, дел биле преземени согласно Известувањето на Владата на Република Македонија бр.04-1729/1 од 15.11.2012г., Извадокот на записникот од Двесте и единаесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 02.10.2012г., од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, а дел се преземени и од други судови. Во изминатите 10 години биле ангажирани 9 лица за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор. Поради неисполнетата систематизација, дел од непополнетите работни места во ОС Куманово се извршуваат од останатите вработени кои официјално работат на други работни позиции. Приоритетни односно итни работни позиции за пополнување во иднина се судски соработници, судски референти дактилографи, судски референти во писарница, информатичар.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот се објавува за вработените во судот но не и јавно.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Куманово предвидени се 34 (триесет и четири) места за судии, од кои пополнети се 22 (дваесет и две) места. При тоа 14 (четиринаесет) судии се македонци, а 5 (пет) се припадници на албанската заедница, 2 (двајца) се припадници на српската заедница, а 1 (еден) на влашката заедница. Во 2019 година од предвидени 34 (триесет и четири), исто така пополнети биле 22 (дваесет и две) места, и тоа 14 (четиринаесет) судии биле македонци, а 4 (четири) биле припадници на албанската заедница, 3 (тројца) биле припадници на српската заедница, а 1 (еден) на влашката заедница. Во 2018 година од предвидени 34 (триесет и четири), пополнети биле 24 (дваесет и четири) места, и тоа 14 (четиринаесет) судии биле македонци, а 6 (шест) биле припадници на албанската заедница, 3 (тројца) биле припадници на српската заедница, а 1 (еден) на влашката заедница. Во 2017 година од предвидени 34 (триесет и четири), пополнети биле 29 (дваесет и девет) места, и тоа 18 (осумнаесет) судии биле македонци, а 7 (седум) биле припадници на албанската заедница, 3 (тројца) биле припадници на српската заедница, а 1 (еден) на влашката заедница.

# 3.7. Основен суд Неготино

## ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Согласно одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Неготино е утврдено да ја вршат 5 судии. Предвидениот број на судии бил исполнет за секоја година што е предмет на анализа (2017-2020), освен за последната 2020 година кога на еден судија му престанал работниот однос бидејќи бил избран за судија во друг суд. Важно е да се напомене дека сите судии во Основниот суд Неготино работат во сите правни материи, односно постапуваат и по граѓански и по кривични предмети.

## ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Неготино е усвоен во ноември 2020 година. Правилникот на ОС Неготино предвидува 26 работни позиции за 60 извршители кои се класифицираат во три од четирите категории согласно Законот за судска служба.

Согласно надлежноста на ОС Неготино не е ангажирано лице за работното место на судскиот администратор во категоријата А.

Во категоријата Б се предвидени 7 раководни позиции но не е пополнето ниту едно од предвидените работни места во судот. Целосно непополнети се работните места за Б1 Раководител на служба, Б4 Раководител на кривичен оддел, Б4 Раководител на граѓански оддел, Б4 Раководител на одделение по информатика, Б4 Раководител на Одделение за материјално-финансиско работење и Б4 Раководител на Одделение за човечки ресурси.

Во Категоријата В предвидени се 15 работни места за стручни судски соработници, но пополнета е само 1 работна позиција односно пополнети се 7% од предвидените работни места во судот. Пополнета е единствено позицијата В3 информатичар, а непополнети се позициите В1 судски советник, В1 советник инженер информатичар, В2 виш судски соработник, В2 судски соработник и В4 помлад судски соработник воопшто не се пополнети.

Во Категоријата Г – Помошно стручни судски службеници се предвидуваат 38 извршители но вработени се 15 лица односно пополнетоста е 40% од предвидените работни места во судот.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Неготино изнесува осум (8), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и шест (6) судски полицајци. Сепак, во судот не е ангажиран ниту Командир на судската полицијата ниту Заменик командир на судска полиција. Последното обновување на опремата на судската полиција била во направена преку јавна набавка во декември 2019 година. Припадниците на судската полиција во ОС Неготино не ги посетуваат специјализираните обуки на АСЈО наменети за судската полиција, но редовно ги вршат задолжителните психофизички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Неготино предвидува и 4 работни места за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаусмајстор (1), возач (1) и одржувач на хигиена (2), Сепак, од предвидените работни позиции, пополнета е само една, односно ангажирано е едно лице за одржување на хигиена во судската зграда на ОС Неготино.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 72 извршители во судската служба на ОС Неготино, ангажирани се само 20 лица, односно судот работи со 28 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Неготино не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година. Во изминатите 10 години во Основниот суд Неготино се примени 6 административни судски службеници согласно Законот за судска служба. Во изминатите 10 години ангажирано само 1 лице за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор. Поради неисполнетата систематизација, дел од непополнетите работни места во ОС Неготино се покриваат од останатите вработени кои официјално работат на други работни позиции. Приоритетни односно итни работни позиции за пополнување во иднина се В3-судски соработник, Г3-дактилограф и Г-2 архивар.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот се објавува јавно.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Неготино предвидени се 5 (пет) места за судии од кои 4 (четири) се пополнети со судии македонци. Идентична ситуација има и во 2019, 2018 и 2017 година. Во 2019 година и 2018 година сите 5 (пет) места биле пополнети со судии македонци.

## 3.8. Основен Граѓански суд Скопје

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Согласно одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во Основниот Граѓански суд Скопје е утврдено да ја вршат 77 судии. Сепак, предвидениот број на судии не бил исполнет ниту една година. Во 2017 година судската функција во Основниот Граѓански суд Скопје ја вршеле 67 судии, за тој број да падне на 66 во 2018 година. Во 2019 година судската функција во Основниот Граѓански суд Скопје ја извршувале 64 судии а во 2020 година 65 судии или Основниот Граѓански суд Скопје од 2020 година работи со исполнетост на капацитети од 84 %.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот граѓански суд Скопје е усвоен на 26.06.2015 година, и досега има претрпено 5 измени. Работните места на судските службеници се класифицираат во четирите категории согласно Законот за судска служба. Правилникот на Основниот Граѓански суд Скопје предвидува 27 работни позиции за 518 извршители согласно Законот за судска служба.

Во Основниот Граѓански суд Скопје предвидено и пополнето е работното место за судски администратор во судот.

Во категоријата Б се предвидени 4 раководни позиции а вработени се 2 лица со што пополнетоста е 50% од предвидените раководни позиции во судот. Пополнети се работните позиции за Б4-Раководител на одделение за материјално-финансиско работење и Б-4 Раководител на одделение за човечки ресурси. Позицијата Б4 Раководител на граѓански оддел е делумно пополнета, каде од предвидените 4 ангажирани се 2 лица, а позицијата Б4 Раководител на Одделение по информатика не е воопшто исполнета.

Во категоријата В предвидени се 152 работни позиции за стручни судски соработници, но вработени се 74 лица односно пополнетоста е 49% од предвидените работни места во судот.

Во категоријата Г предвидени се 334 работни позиции за помошно стручни судски службеници, вработени се 154 лица односно пополнетоста е 46% од предвидените работни места во судот. Целосно пополнета е позицијата Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар, додека две позиции не се воопшто исполнети - Г-1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител и Г-2 Виш судски референт- извршител за прием и експедиција на пошта. Според податоците 11 од работните позиции се делумно исполнети, а судот располага со 56 дактилографи наспроти предвидените 115 во актот за систематизација.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот граѓански суд Скопје изнесува тринаесет (13) и сите позиции се наменети за судските полицајци. Во систематизацијата на судот не е предвидена работа позиција за Координатор на судска полиција ниту пак Заменик координатор на судска полиција. Повеќе од десет години во Основниот Граѓански суд Скопјене е направена ниту една јавна набавка за обновување на опремата што ја користи судската полиција. Припадниците на судската полиција во Основниот Граѓански суд Скопје не посетуваат редовни психо-физички прегледи, додека во однос на обука, припадниците на судската полиција посетиле кратка обука за распознавање на оружјето со кое располагаат, а потоа и уште една за стрелање со истото во касарната Ѓорче Петров на 27.12.2015 година.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот Граѓански суд Скопје предвидува и 5 работни места за 34 извршители на технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаусмајстор (2), возач (3), оператор на телефонска централа (2), курир (10) и одржувач на хигиена (18), Сепак, судот располага со четворица курири, двајца возачи, еден хаус-мајстори и шест хигиеничари.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 529 извршител во судската служба на Основниот Граѓански суд Скопје, ангажирани се само 267 лица, односно судот работи со 50 проценти од предвидениот кадар.

Во Основниот граѓански суд не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година. Во изминатите 10 години во Основниот Граѓански суд Скопјесе примени 31 административен судски службеник согласно Законот за судска служба и 13 лица за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор. Поради неисполнетата систематизација, дел од непополнетите работни места во Основниот граѓански суд Скопје се покриваат од останатите вработени кои официјално работат на други работни позиции и од самиот суд потенцираат дека е неопходна нивно исполнување.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот се објавува јавно.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот Граѓански суд во Скопје предвидени се 77 (седумдесет и седум) места за судии, и во однос на ова прашање состојбата е идентична во сите четири години од извештајниот период (2017, 2018, 2019, 2020 година. Меѓутоа состојбата со пополнетоста се менува, па така во 2020 година пополнети се 65 (шеесет и пет) места. При тоа 57 (педесет и седум) судии се македонци, а 6 (шест) се припадници на албанската заедница, 2 (двајца) се припадници на други заедници. Во 2019 година пополнети се 64 (шеесет и четири) места и тоа 56 (педесет и шест) се пополнети со судии македонци, а 6 (шест) се припадници на албанската заедница, 2 (двајца) се припадници на други заедници. Во 2018 година пополнети се 66 (шеесет и шест) места и тоа 58 (педесет и осум) се пополнети со судии македонци, а 6 (шест) се припадници на албанската заедница, 2 (двајца) се припадници на други заедници. Во 2017 година пополнети се 67 (шеесет и седум) места и тоа 58 (педесет и осум) се пополнети со судии македонци, а 7 (седум) се припадници на албанската заедница, 2 (двајца) се припадници на други заедници.

## 3.9. Основен Кривичен суд Скопје

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Согласно одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во Основниот Кривичен суд Скопје 1 Скопје е утврдено да ја вршат 70 судии. Сепак, предвидениот број на судии не бил исполнет ниту една година. Во 2017 година судската функција во ОС Скопје 1 ја вршеле 52 судии, за тој број да падне на 50 во 2018 година. Во 2019 година судската функција во ОС Скопје 1 ја извршувале 53 судии а во 2020 година 52 судии.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот кривичен суд Скопје е усвоен на 7 февруари 2019 година и до сега не е менуван. Правилникот на Основниот кривичен суд Скопје предвидува 80 работни позиции за 549 извршители кои се класифицираат во четирите категории согласно Законот за судска служба.

Во Основниот Кривичен суд Скопје предвидено и пополнето е работното место за судски администратор во судот. Судскиот администратор ги врши работите предвидени во Законот за судска служба, Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник.

Во категоријата Б се предвидени 13 раководни позиции но вработени се 3 лица односно пополнетоста е 23% од предвидените раководни позиции во судот. Целосно исполнети се работните позиции за Б4-Раководител на судски оддел - кривично полнолетни, Б-4 Раководител на одделение за водење на казнена и кривична евиденција и Б-4 Раководител на одделение за човечки ресурси. Останатите 10 раководни позиции не се воопшто пополнети - Б-1-Самостоен судски советник, Б-2 Раководител на служба, Б-4 Раководител на судски оддел за прекршоци, Б4- Раководител на судски оддел за извршување на санкциите, Б-4 Раководител на судски оддел за претходна постапка, Б-4 Раководител на судски оддел - кривично малолетни, Б-4 Раководител на специјализираното судско одделение за организиран криминал и корупција, Б-4 Раководител на одделение за информатика, Б-4 Раководител на одделение за аналитика и односи со јавност и Б-4 Раководител на одделение за материјално-финансиско работење.

Во категоријата В предвидени се 152 работни места за стручни судски соработници но вработени се 48 лица односно пополнетоста е 32% од предвидените работни места во судот. Целосно пополнета е позицијата В1 советник-информатичар, 11 работни позиции се делумно исполнети и 9 позиции од категоријата В не се воопшто пополнети согласно Актот за систематизација.

Во Категоријата Г – Помошно стручни судски службеници, во Правилникот се предвидуваат 44 работни места за 383 извршители, но дури 17 од овие позиции не се воопшто исполнети, додека 22 се делумно исполнети. Во категоријата Г целосно пополнети се само 4 работни позиции - Г-1 Самостоен судски референт- технички секретар на судскиот администратор, Г-1 Самостоен судски референт- извршител за контрола на спроведување затворски казни и мерки безбедност, трошоци и казни, Г-2 Виш судски референт-контер и Г-2 Виш судски референт - извршител во корпора. Од предвидените 383, всушност ангажирани се 198 лица.

### СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот кривичен суд Скопје 1 изнесува триесет (30), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и дваесет и осум (28) судски полицајци. Во судот се ангажирани Командир на судската полицијата и

Заменик командир на судска полиција, како и 14 од предвидените 28 позиции за судски полицајци. Информации за последната спроведена обука на судската полиција не се достапни, додека последната спроведена јавна набавка за обновување на опремата на судската полиција била извршена во 2018 година. Припадниците на судската полиција во ОС Скопје 1 редовно ги вршат задолжителните психофизички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Скопје 1 предвидува и 6 работни места за 36 извршители на технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаусмајстор (5), возач (5), оператор на телефонска централа (1), курир (2), работник во судско бифе (3) и одржувач на хигиена (20), Сепак, судот располага со еден возач, двајца хаус-мајстори, еден курир и девет хигиеничари.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 651 извршител во судската служба на ОС Скопје 1, ангажирани се само 280 лица, односно судот работи со 45 проценти од предвидениот кадар.

Во Основниот кривичен суд не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година. Основниот кривичен суд Скопје 1 не достави податоци за тоа колкав е бројот на примени административни судски служебници согласно Законот за судска служба и лица за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор за последните 10 години. Поради неисполнетата систематизација, дел од непополнетите работни места во ОС Скопје 1 се покриваат од останатите вработени кои официјално работат на други работни позиции. Приоритетни односно итни работни позиции за пополнување во иднина се дактилографи и стручни судски соработници.

Годишниот распоред за работа на судот се донесува навремено и истиот се објавува јавно.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот Кривичен суд во Скопје предвидени се 70 (седумдесет) места за судии, меѓутоа состојбата со пополнетоста се менува, па така во 2020 година пополнети се 52 (педесет и две) места. При тоа 37 (триесет и седум) судии се македонци, 8 (осум) се припадници на албанската заедница, 2 (двајца) се срби, 2 (двајца) се припадници на влашката заедница и 3 (тројца) се бошњаци. Во 2019 година пополнети се 53 (педест и три) места и тоа 39 (триесет и девет) се пополнети со судии македонци, 7 (седум) се албанци, 2 (двајца) се срби, 2 (двајца) се припадници на влашката заедница и 3 (тројца) се бошњаци. Во 2018 година пополнети се 50 (педест) места и тоа 38 (триесет и осум) се пополнети со судии македонци, 5 (пет) се припадници на албанската заедница, 2 (двајца) се срби, 2 (двајца) се припадници на влашката заедница и 3 (тројца) се бошњаци. Во 2017 година пополнети се 52 (педесет и две) места и тоа 39 (триесет и девет) се пополнети со судии македонци, 6 (шест) се припадници на албанската заедница, 2 (двајца) се срби, 2 (двајца) се припадници на влашката заедница и 3 (тројца) се бошњаци.

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Согласно одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Берово е утврдено да ја вршат 5 судии. Предвидениот број на судии сепак не бил исполнет ниту еднаш во последните четири години. Во 2017 година во ОС Берово по предмети постапувале 3 судии за тој број да се намали на 2 во 2018, 2019 и 2020 година. Моментално во судот суди еден судија од ОС Берово а ВД претседател на судот кој воедно и постапува по предмети е судија делегиран до Основниот суд Струмица.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Берово е усвоен во април 2015 година. Работните места на судските службеници се класифицираат во четирите категории согласно Законот за судска служба. Правилникот на ОС Берово предвидува 18 работни позиции за 40 извршители согласно Законот за судска служба.

Согласно својата надлежност, ОС Берово нема предвидено работно место за судски администратор во рамките на судот.

Во категоријата Б за раководните судски службеници не е пополнето ниедно од 4 предвидени раководни позиции во судот.

Во категоријата В предвидени се 7 работни места за стручни судски соработници а вработени се 3 лица или пополнетоста е 43% од предвидените работни места во судот.

Во категоријата Г – Помошно стручни судски службеници, од предвидените 22 извршители вработени се 14 лица, односно пополнетоста е 64% од предвидените работни места во судот. Судот располага со 4 дактилографи за што се нотира дека е недоволно за да се совлада ефикасно работата во судот.

### СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Берово е шест (6), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и четири (4) судски полицајци. Од овие позиции, единствено не е пополнето местото на заменик командир на судската полиција. Последното обновување на опремата на судската полиција била во направена преку јавна набавка во 2017 година. Судската полиција на ОС Берово не посетува редовни психо-физички прегледи, додека последен па посетиле обука за својата работа во 2018 година.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Берово предвидува и 3 работни места за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаус-мајстор (1) и одржувач на хигиена (2), Сепак, од предвидените работни позиции, делумно пополнета е само една, односно ангажирано е едно лице за одржување на хигиена во судската зграда на ОС Берово.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 40 извршители во судската служба на ОС Берово, ангажирани се само 8 лица, односно судот работи со 20 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Берово не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба.

Основниот суд Берово не достави информации во врска со евентуални вработувања во изминатите 10 години согласно Законот за судска служба и Законот за вработени во јавен сектор. Од ОС Берово нотираат дека нема потреба од реорганизација на организационите единици во судот, односно досегашниот начин на извршување на работата може да се изврши доволно ефикасно доколку се пополни предвидениот број на работни места. Моментално двајца судски службеници ги извршуваат позициите работните задачи како референти за прием и експедиција на пошта, а еден од судските службеници ги извршува работните задачи за доставувачот на судот. Овие лица вршат работи надвор од описот на задачи и обврски за нивната позиција, а притоа не примаат плата соодветна за работата која вршат.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Берово предвидени се 4 (четири) места за судии, од кои пополнети се 2 (две) места со судии македонци. Ваквата состојба не е променета од 2017 година до моментот 2020 година.

# 4.2. Основен суд Виница

## ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, за Основниот суд Виница е утврдено судиската функција да ја извршуваат тројца судии. ОС Виница во периодот 2017 до 2020 година работел со непополнет број на избрани судии, односно тој работел со еден назначен судија за граѓанскиот и еден судија за предметите во кривичниот оддел. Поради престанок на судиската функција по основ на пензија во 2019 година, се делегира по еден судија од ОС Штип за предметите во кривичниот оддел а во 2020 година бил делегиран судија од Основен суд Кочани. Од Основен суд Виница немало времено упатување на судии, ниту пак има судии на кои работниот однос им е во мирување.

## ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Внатрешната организација на ОС Виница е уредена со Правилник за организација и систематизација на работните места од 2018 година, по кој се направени една измена и дополнување во 2020 година. Според Правилникот за организација и систематизација на работните места, во ОС Виница има 27 работни места предвидени за 40 извршители кои се класифицираат во три категории согласно Законот за судска служба..

Категоријата А која се однесува на работно место за судскиот администратор на судот не е предвидена со Систематизацијата на ОС Виница, поради негова основна стварна надлежност.

Во рамките на работните места од категоријата Б утврдено е едно работно место Б4- Раководител на судски оддел кое досега не е пополнето.

Во категоријата В предвидени се 8 работни места за стручните судски соработници а вработени се 3 лица, односно пополнетоста е  38% од предвидените работни места во судот. Во целост се пополнети 3 работни позиции за советник информатичар, судски соработник и еден помлад судски соработник.

Во категоријата Г предвидени се 20 работни места за  помошно-стручниот персонал а вработени се 10 лица односно пополнетоста е 50% од предвидените работни места во судот. Во судот недостасува еден самостоен судски референт надлежен за прием и експедиција на пошта и еден самостоен судски референт-водител на уписници за граѓанскиот оддел поради заминување на уписничарот во пензија. Од судот наведуваат дека е потребно унапредување на постојните работни места судски соработници во судски советник и виш судски советник кои ги исполнуваат условите предвидени со Законот за судската служба.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на судски полицајци во Основниот суд Виница е шест (6), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и четири (4) судски полицајци. Моментално, во судот се вработени четири (5 ) судски полицајци од кои еден (1) е командир на судската полиција. Последното обновување на опремата на судската полиција била во 2016 година за зимската униформа, во 2017 за пролетната униформа а во 2020 година се набавени обувки за судската полиција. Припадниците на судската полиција не посетуваат никакви специјализирани обуки и за нив не се предвидени редовни психофизички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Виница предвидува само 2 работни места за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за хаус-мајстор (1) и одржувач на хигиена (1). Пополнета е само една работна позицијата, односно ангажирано е едно лице за одржување на хигиена во судската зграда на ОС Виница.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 40 извршители во судската служба на ОС Виница, ангажирани се само 19 лица, односно судот работи со 48 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Виница не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската

служба. Последното оценување на судските службеници во ОС Виница било во 2015 година, па така во последователниот период не биле одржувани полугодишни разговори со судската служба. Во последните 10 години во Основниот суд во Виница е примено само едно лице на позицијата за судски службеник, а не е примено ниту едно лице за вршење на технички и помошни работи преку Законот за вработени во јавен сектор.

Од Основен суд Виница се нотира дека испразнетите работни места по основ на пензионирање во судот не се пополнуваат и нив ги вршат вработени лица кои за тоа немаат квалификации. Испразнетите места по основ на пензионирање или на друг начин не се пополнуваат иако секоја година се доставуваат барања до Судско буџетскиот совет за пополнување на истите. Ваквата пополнетост на работните места не одговара на обемот на работа во судот.

Значајно да се истакне дека стручните соработници се со стаж по положен испит над 20 и 14 години но немаат можност за кариерно унапредување. Во судот се ангажирани 2 дактилографи.

Годишниот распоред за работа на судот се објавува на веб страницата на судот и на интерната мрежа во судот, а досега не се евидентираат приговори за неговата содржина.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Виница предвидени се 3 (три) места за судии, од кои пополнети се 2 (две) места со судии македонци. При тоа едно од местата е пополнето со делегирање. Идентична ситуација има и во 2019 година, додека пак во 2018 и 2017 година и двете места биле пополнети со судии без делегирање.

## 4.3. Основен суд Делчево

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Делчево е утврдено да ја вршат 4 судии од кои еден е претседател на судот. Потребниот број на судии се утврдува според бројот на предметите во судот во кои се нормирани. Во анализираниот период од 2017-2020, овој број не бил исполнет ниту еднаш. Во 2017 и 2018 година во ОС Делчево по предмети постапувале тројца судии, додека во 2019 и 2020 овој број изнесувал два., вклучувајќи го и делегираниот судија од ОС Кочани. Постапка за избор на нови судии за ОС Делчево била отворена во 2019 година кога бил избран 1 судија.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Делчево е усвоен во март 2019 година. Работните места на судските службеници согласно Законот за судска служба се класифицираат во три категории (Б, В и Г) со кој се систематизирани 25 работни места за 48 извршители.

Категоријата А која се однесува на работно место за судскиот администратор на судот не е предвидена со Систематизацијата на ОС Делчево, поради негова основна стварна надлежност.

Во категоријата Б – раководни функции, но не е пополнета ниту една работна позиција, односно судот функционира без Б-1 самостоен судски советник, Б-4 раководител на кривичен оддел, Б-4 раководител на граѓански оддел, Б-4 раководител на одделение за информатика и Б-4 раководител на одделение за материјално-финансиско работење односно без ниту една раководна позиција од предвидените за работа на судот.

Во категоријата В- стручни судски соработници предвидени се 10 извршители односно пополнети се 60% од предвидените работни места во судот. Целосно се пополнети работните места за В-1 советник – информатичар, 2 В-2 судски соработници, 1 В-4 помлад судски соработник и 1 помлад соработник и В-4 книговодител.

Во категоријата Г за помошно-стручни судски службеници предвидени се 28 извршители, а вработени се 16 лица, односно 57% од предвидените работни места во судот. Од пополнетите работни позиции: 3 се за самостоен судски референт – извршител во писарница/водител на уписник (Г1), 1 за виш судски референт извршител за прием и експедиција на пошта (Г2), 2 за судски референти – дактилографи (Г3), 1 за референт – благајник (Г3), 6 за помлади судски референти – доставувачи (Г4) и 2 за помлади судски референти извршители за административно технички работи (Г4). Останувaат непополнети систематизирани места: 2 позиции за самостоен судски референт извршител во писарница/водител на уписник, 1 самостоен референт – сметководител, 4 позиции за судски референти – дактилографи, 1 позиција за референт економист и 4 помлади судски референти – доставувачи.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на судски полицајци во Основниот суд Делчево е шест (6) – еден командир на полиција, еден заменик командир и четири судски полицајци. Овие работни позиции се исполнети во целост. Припадниците на судската полиција не посетуваат редовни психофизички прегледи ниту пак никакви специјализирани обуки. Од Основниот суд Делчево не беа доставени податоци за последната спроведена јавна набавка на судот за обновување на опремата на судската полиција.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Делчево предвидува три работни места за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за возач (1) и одржувач на хигиена (2) и истите се пополнети.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 48 извршител во судската служба на ОС Делчево, ангажирани се само 29 лица, односно судот работи со 60 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Делчево не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година. Во изминатите 10 години во Основниот суд Делчево се примени 3 судски службеници и двајца судски полицајци огласно Законот за судска служба и 3 лица за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор од кои на едно лице му е престанат работниот однос.

Приоритетни работни места за пополнување во иднина се виш судски соработници, судски соработник, дактилограф, архивар и водител на судска писарница.

Годишниот распоред секоја година е навремено донесен, но се доцни со објавувањето на распоредите на веб страната на судот. Така, последниот јавно објавен распоред е за 2018 година.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Делчево предвидени се 4 (четири) места за судии, од кои пополнети се 2 (две) места со судии македонци. Ваквата состојба со бројот на судии е од 2020 година, додека пак во периодот 2017 година до 2019 година имало 3 (тројца) судии сите македонци.

## 4.4. Основен суд Кочани

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија во ОС Кочани се утврдени 10 судиски места за работата на судот. Во периодот од 2017 до 2020 година бројот на судиски места не е пополнет во целост и судот континуирано работел со недостаток од еден судија. Во анализираниот период не се избрани ниту нови судии и немало разрешени судии по основ на спроведена дисциплинска постапка или несовесно вршење на функцијата. Во моментов бројот на судии е 9 и тоа во граѓанскиот оддел судат четири судии, а во кривичниот оддел судат 3 судии, додека двајца судии се делегирани во ОС Делчево и ОС Виница.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Според Правилникот за организација и систематизација на работните места, во ОС Кочани има систематизирани 26 работни места за 88 извршители за поодделни работни места. Според доставените податоци, пополнетоста е 51%, односно пополнети се 45 работни места.

Во рамките на категоријата А е предвидено работно место за судскиот администратор кое е пополнето.

Во категоријата Б е предвидено едно работно место за раководител на одделение за информатика (Б4) кое е пополнето.

Во рамки на категоријата В предвидени се 24 работни места за судските стручни соработници, а вработени се 6 лица односно пополнети се 25% од предвидените работни места во судот. Целосно непополнети се четири работни позиции - В1 виш судски советник, В1 судски советник, В1 советник-инженер информатичар и В2 виш судски соработник. Делумно исполнета е позицијата В2 каде од предвидените 13 судски соработници, ангажирани се само четири, како и позицијата В4 Помлад судски соработник каде се предвидени 4 извршители а ангажирани се 2.

Во категоријата Г предвидени се 48 работни места за помошно стручниот персонал, а вработени се 28 лица или пополнети се 52% од предвидените работни места во судот. Целосно неисполнети се работните позиции Г1 Самостоен судски референт- технички секретар, Г1 Самостоен судски референт- архивар и Г1 Самостоен судски референт по информатика.  Во целост се исполнети работните позиции Г-1 Самостоен судски референт- за прием и експедиција на пошта, Г1 Самостоен судски референт- одговорен сметководител, Г2 Виш судски референт- благајник и Г2 Виш судски

референт- економ, каде е предвиден по еден извршител и истиот е ангажиран. Делумно се пополнети останатите позиции во оваа категорија, како Г1 Самостоен судски референт- водител на уписник, каде од предвидените 6 ангажирано е едно лице, Г2 Виш судски референт- извршител во судска писарница, каде од 7 ангажирани се 3 лица, Г3 Судски референт-водител на писарница каде од предвидени 3 извршители ангажиран е еден, Г3 Судски референт- дактилограф каде се ангажирани 10 од предвидените 15 и Г4 Помлад судски референт доставувач каде се предвидени 10 а ангажирани 6 извршители.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на судски полицајци во ОС Кочани е осум, од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и шест (6) судски полицајци. Моментално, во судот се вработени четири (4) судски полицајци од кои еден (1) е командир на судската полиција и еден е заменик командир.

Припадниците на судската полиција не посетуваат редовни психофизички прегледи ниту пак специјализирани обуки, а и самиот Основен суд Кочани нема никакви податоци за спроведена јавна набавка за обнова на опремата што ја употребува судската полиција.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Кочани предвидува три работни места за вработени кои вршат технички и помошни работи во судот (вработени согласно Законот за работните односи) и тоа за возач (1), одржувач на хигиена (3) и хаусмајстор (1). Во судот се ангажирани еден возач, еден хаусмајстор и еден хигиеничар.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 88 извршител во судската служба на ОС Кочани, ангажирани се 45 лица, односно судот работи со 51 процент од предвидениот кадар.

Во ОС Кочани не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Кочани се примени 6 судски службеници и двајца судски полицајци огласно Законот за судска служба и 4 лица за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор од кои на едно лице му е престанат работниот однос.

Приоритетни работни места за пополнување во иднина се самостоен судски референт-водител на писарница бидејќи во септември 2021 г. судскиот службеник заминува во пензија, судски референт-дактилограф бидејќи тројца судски службеници на ова работно место поради испразнетите работни места-извршители во писарница во претходниот период, се прераспределени на работно место извршител во писарница и во моментот како дактилографи работат 7 судски службеници, како и надополнување на предвидените места за хигиеничар во судот.

Годишниот распоред секоја година е навремено донесен, и истиот е јавно објавен.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Кочани предвидени се 10 (десет) места за судии, од кои пополнети се 9 (девет) места со судии македонци. Ваквата состојба не е променета од 2017 година до 2020 година.

# 4.5. Основен суд Радовиш

## ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Врз основа на одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, судиската функција во ОС Радовиш е утврдено дека треба да ја вршат претседател на судот и 6 судии. Во периодот од 2017-2020 години овој број не бил ниту еднаш исполнет. Во 2017 година, судиска функција извршувале 5 судии, додека во 2018 година бројот на судии се намалил на 4, за повторно да се зголеми на 5 судии во 2020 година. Постапка за избор на нови судии за ОС Радовиш не била отворена во последните 4 години.

## ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Радовиш е усвоен во декември 2019 година. Правилникот на ОС Радовиш предвидува 19 работни позиции за 44 извршители кои се класифицираат во три категории (Б, В и Г) согласно Законот за судска служба.

Во ОС Радовиш, како суд со основна месна надлежност, не е предвидена работната позиција судски администратор (согласно обврските од Судскиот деловник).

Во ОС Радовиш е предвидена само една раководна позиција од категоријата Б, наменета за раководител на судски оддел, и истата е пополнета.

Во категоријата В предвидени се 9 работни места за стручни судски соработници и тоа за следните звања: судски советник, советник инженер информатичар, виш судски соработник и судски соработник. Од предвидени 9 позиции пополнети се само 6 работни места, односно 67% од предвидените работни места во судот. Непополнети се позициите за судски советник и виш судски соработник.

Во категоријата Г предвидени се 23 позиции за помошно стручни судски службеници, вработени се 12 лица односно пополнети се 11% од предвидените работни места во судот. Целосно се непополнети позициите Г1 Самостоен судски референт- технички секретар и Г3 Судски референт- за прием и експедиција на пошта. Целосно исполнети се позициите Г-1 Самостоен референт- сметководител и Г-2 Виш судски референт- благајник. Делумно пополнети се позициите Г-2 Виш судски референт- извршител во судска писарница, каде се ангажирани 3 од предвидените 5 извршители, Г-4 Помлад судски референт доставувач, каде се ангажирани 3 од предвидените 4 извршители и Г-3 Судски референт- дактилограф, каде судот располага со 4 дактилографи од потребните 10.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на припадници на судската полиција во Основниот суд Радовиш е седум (7), од кои еден (1) командир на судската полиција и шест (6) судски полицајци. Сите работни позиции предвидени за судската служба се пополнети во ОС Радовиш. Иако има потреба од спроведување јавна набавка за обновување на опремата на судската полиција, во изминатите години (2017-2020) воопшто таква не е спроведена. Последната обука за припадниците на судската полиција била спроведена во 2019 година, а последниот редовен психофизички преглед е спроведен во 2018 година.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Основниот суд Радовиш предвидува 4 позиции за лица вработени според Законот за работните односи и тоа за хаус мајстор (1), оператор на телефонска централа (1) и одржувач на хигиена (2).

Сепак, од предвидените работни позиции за 4 извршители, пополнети се само 2, и тоа сите за одржувачи на хигиена во рамките на ОС Радовиш.

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидени 44 извршител во судската служба на ОС Радовиш, ангажирани се 28 лица, односно судот работи со 63 проценти од предвидениот кадар.

Во ОС Радовиш не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Радовиш се примени 5 службеници согласно Законот за судска служба и 1 лице за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор.

Поради неисполнетата систематизација, дел од непополнетите работни места во ОС Радовиш пополнуваат од останатите вработени кои официјално работат на други работни позиции. Позиции чии работни обврски се пополнуваат од други вработени во судот се: технички секретар на претседателот, прием и експедиција на пошта, уписничар, доставувач, архивар, хаус мајстор, оператор на централа и возач.  Овие лица вршат работи надвор од описот на задачи и обврски за нивната позиција, а притоа не примаат надоместок на плата соодветна на обемот на работата која вршат.

Годишниот распоред за работа се донесува редовно и истиот е јавно објавен.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Радовиш предвидени се 6 (шест) места за судии, од кои пополнети се 4 (четири) места со судии македонци. Ваквата состојба не е променета од 2017 година до моментот на подготовка на овој извештај.

## 4.6. Основен суд Свети Николе

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Со одлука на Судски совет е утврдено дека судиската функција во ОС Свети Николе треба да ја извршуваат 4 судии. Во периодот од 2017-2020 година предвидениот капацитет бил исполнет до мај 2017 година, кога Судскиот совет на РСМ ја искористил законската можност и донел одлука за времено упатување на еден судија од ОС Радовиш во ОС Св. Николе, за временски период од една година. Истата година е донесено решение за престанок на судиска функција поради пензионирање на еден судија. Од мај 2017 до 2020 судот работи со намален капацитет односно 3 судии од кои 1 е делегиран од друг суд. Непополнети се местата за 2 судии но постапка за избор на нови судии не е реализирана. Во анализираниот период не се поведени дисциплински постапки, постапки за утврдување несовесно вршење на функцијата и нема судии чиј работен однос е во мирување.

## ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во ОС Свети Николе е усвоен во јануари 2019 година. Работните места на судските службеници согласно Законот за судска служба се класифицираат во три категории (категорија Б - раководни судски службеници; категорија В - стручни судски службеници и категорија Г - помошно-стручни судски службеници а во рамките на категориите се утврдуваат нивоа на работни места) со кои се систематизирани 19 работни места за 38 извршители.

Од предвидените работни позиции за раководни судски службеници од категоријата - Б, не се пополнети утврдените позиции за 1 самостоен судски советник (Б1) и 1 раководител на служба (Б2)

Од предвидените 7 позиции за стручни судски службеници од категоријата – В, во ОС Свети Николе вработени се 4 лица односно пополнети се 57% од предвидените работни места во судот. Пополнети се работните позиции за 1 В-1 советник – информатичар, 2 В-3 судски соработници за следење и евиденција на судска практика и 1 В-4 помлад судски соработник. Остануваат непополнети работните позиции за 1 судски советник, 1 виш судски соработник и 1 судски соработник.

Во рамките на работните места од категоријата Г за помошно-стручни судски службеници се предвидени 20 извршители, а вработени се 11 лица односно 55% од предвидените работни места. Во целост се пополнети 3 позиции за самостоен судски референт – извршител во писарница/водител на уписник (Г1), 1 самостоен судски референт – сметководител (Г1) позиција што била пополнета во 2019 година по испразнето работно место поради пензионирање на претходниот вработен, 4 судски референти – дактилографи (Г3) и 3 помлади судски референти – доставувачи (Г4). Остануваат непополнети утврдените места за 1 самостоен судски референт – благајник, 2 самостојни судски референти - извршители во писарница, 1 самостоен судски референт - координатор за прием и експедиција на пошта, 1 виш судски референт – архивар, 3 судски референт-дактилографи и 1 помлад судски референт – доставувач.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на судски полицајци во Основниот суд Свети Николе е шест (6), од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и четири (4) судски полицајци. Моментално, во судот се вработени само четири (4) судски полицајци. Од ОС Свети Николе известуваат дека воопшто не била спроведена никаква набавка за обновување на опремата на судската полиција. Полицијата не е опремена ни со соодветно вооружување, што негативно се одразува на безбедносната состојба на судот. Судските полицајци воопшто не посетуваат обуки а единствено посетуваат регуларни здравствени систематски прегледи со останатите вработени во судот.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во ОС Св. Николе е предвидено вработување на 1 хаусмајстор и 2 хигиеничари од кои е пополнето само 1 место за хигиеничари.

Потребно е поскоро вработување на 1 лице што ќе работи како хаусмајстор, возач и одржувач на парно греење и 1 хигиеничар од предвидените места со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во ОС Св. Николе.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидените 38 извршители на судска служба, ОС Св. Николе работи со 20 судски службеници, односно судот функционира со 53% од потребниот кадар.

Во ОС Свети Николе не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Свети Николе се примени 3 службеници согласно Законот за судска служба и 1 лице за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор.

Итно работно место за пополнување во иднина е раководител на судска писарница. Годишниот распоред на работата на судот се носи редовно и се објавува јавно преку веб страницата на судот.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Свети Николе предвидени се 4 (четири) места за судии, од кои пополнети се 3 (две) места со судии македонци. Ваквата состојба со бројот на судии е од 2018година, додека пак во 2017 година сите 4 (четири) места за судии биле пополнети со македонци.

## 4.7. Основен суд Струмица

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија се утврдени 20 судиски места за работата на судот. Во периодот од 2017 до 2020 година бројот на судиски места не е пополнет во целост, односно во 2017 година бројот на судии бил 15, во 2018 броел 14 судии и истиот се намалил на 11 судии во периодот 2019 и 2020 година. Од 2017 година до денес постојано се делегира по еден судија во Основниот суд Берово. Во периодот од 2017 до 2020 година не се избрани нови судии, а судиската функција по основ на пензионирање им престанала на еден судија во 2017 година и на една судијка во 2019 година. Во моментов, на еден судија работниот однос му е во мирување, а во периодот 2015 до 2020 година направени се времени упатувања во друг суд за тројца судии и поднесени се приговори од двајца судии. Во моментов бројот на судии во граѓанскиот оддел е 5, додека во кривичниот оддел судат 7 судии.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Основниот суд Струмица има донесено Правилник за организација и систематизација на работните места, но не е познат датумот на неговото донесување. Согласно Правилникот, во ОС Струмица се систематизирани 30 работни места за 112 извршители за пооделните работни места.

Во рамките на категоријата А е утврдено едно работно место за А2- Судски администратор кое е пополнето.

Во категоријата Б систематизирани се 7 раководни судски службеници, а вработено е едно лице или пополнети се 14% од предвидените работни места во судот. Пополнета е работната позиција за за советник информатичар, а не се пополнети позициите за Б-3 Раководител на служба, Б4-кривичен оддел, Б-4 граѓански оддел, Б-4 одделение за материјално-финансиско работење и Б-4 одделение за човечки ресурси.

Во рамки на категоријата В од предвидените 25 стручни судски соработници вработени се 13 лица или пополнети се 52% од предвидените работни места во судот. Целосно непополнети работни позиции се В1 виш судски советник, В1 советник-инженер информатичар, В2 виш судски соработник, В3 Соработник преведувач-толкувач и В-4 Помлад судски соработник.

Во категоријата Г од предвидените 52 помошно-стручни судски службеници пополнети се работните места за 46 извршители односно пополнети се 88% од предвидените работни места во судот. Целосно непополнети се 6 работни позиции во оваа категорија и тоа: Г1 Самостоен судски референт- технички секретар на претседателот, Г1 Самостоен судски референт- технички секретар на судскиот администратор, Г1 Самостоен судски референт- координатор на дактило биро, Г1 Самостоен судски референт по информатика, Г2 Виш судски референт- извршител во судска Архива и Г2 Виш судски референт- извршител за прием и експедиција на пошта.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на судски полицајци во Основниот суд Струмица е осум, од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и шест (6) судски полицајци. Моментално, во судот се вработени четири (4) судски полицајци од кои еден (1) е командир на судската полиција, а од 2017 година нема назначено заменик командир. Последната јавна набавка за обновување на опремата на судската полиција била во 2018 година. Припадниците на судската полиција не посетуваат специјализирани обуки и за нив не се предвидени психо- физички прегледи.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во ОС Струмица е предвидено вработување на хаус-мајстор (1), оператор на телефонска централа (1), возач (1) и хигиеничари (4). Во целост се пополнети сите функции освен местото за оператор на телефонска централа.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидените 117 извршители на судска служба, ОС Струмица работи со 66 судски службеници, односно судот функционира со 56% од потребниот кадар.

Во ОС Струмица не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, согласно член 86 од Законот за судска служба, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Струмица се примени 16 службеници согласно Законот за судска служба и ниту едно лице за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор.

Приоритетни места за пополнување кои согласно Актот за организација и систематизација не се сеуште пополнети се судски полицаец, виш судски референт за прием и експедиција на пошта и советници информатичари.

Годишниот распоред на работата на судот се носи редовно и се објавува јавно.

### ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Струмица предвидени се 20 (дваесет) места за судии, од кои пополнети се 11 (единаесет) места, а сите судии се македонци. И во овој суд има очигледно и значајно намалување на бројот на судии од година во година, па така во 2017 година имало 15 (петнаесет) судии, во 2018 година имало 14 (четиринаесет) судии, а од 2019 година се 11 (единаесет) судии. За целиот период сите судии се македонци.

## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

### ПРЕДВИДЕНИ СУДИСКИ МЕСТА

Со одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија, во Основниот суд Штип се утврдени 19 судиски места за работата на судот. Во периодот од 2017 до 2020 година бројот на судиски места не е пополнет во целост, односно за сите овие години бројот на судии изнесувал 16. Во овој период на еден судија работниот однос му е во мирување поради избор за член на Судскиот совет, додека еден судија бил времено упатен во ОС Берово. Во периодот од 2017 до 2020 година не се избрани нови судии, а судиската функција по основ на пензионирање и престанала на една судијка во 2020 година. Нема разрешени судии по основ на спроведена дисциплинска постапка или несовесно вршење на функцијата. Во моментов бројот на судии во граѓанскиот оддел е 8, додека во кривичниот оддел судат 5 судии.

### ПРЕДВИДЕНИ СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА

Според Правилникот за организација и систематизација на работните места, во ОС Штип се систематизирани 26 работни места за 120 извршители за поделните работни места.

Во рамките на категоријата А е утврдено едно работно место за судскиот администратор кое е пополнето.

Во категоријата Б се предвидени 7 раководни позиции од кои не е исполнета ниту една. Целосно се непополнети работните позиции Б2 Раководител на служба, Б4 раководител на кривичен оддел, Б4 раководител на граѓански оддел, Б4 одделение за човечки ресурси, Б4 одделение по информатика и Б4 одделение за материјално-финансиско работење.

Во рамки на категоријата В од предвидените 24 работни места за извршителите, пополнети се само 12 односно 50% од предвидените работни места во судот. Целосно непополнети се работните позиции В1 Виш судски советник, В2 Судски советник, В1 советник информатичар и В2 Виш судски соработник.

Во категоријата Г од предвидените 75 помошни стручни службеници пополнети се работните места за 41 извршители или 55% од предвидените работни места во судот. Целосно непополнети се работните позиции Г1 Самостоен судски референт- технички секретар на судски администратор, Г1 Самостоен судски референт- водител на уписник, Г1 Самостоен судски референт- координатор на дактило биро, Г-2 Виш судски референт- извршител во судска Архива, Г-2 Виш судски референт- економ и Г3 Референт- водител на техничка служба.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Утврдениот број на судски полицајци во Основниот суд Штип е десет, од кои еден (1) командир на судската полиција, еден (1) заменик командир и осум (8) судски полицајци. Моментално, во судот се ангажирани шест лица – сите судски полицајци. Последната јавна набавка за обновување на опремата на судската полиција била во 2020 година каде биле набавени по еден пар чевли и панталони за судски полицајци. Припадниците на судската полиција ретко посетуваат обуки за нивната работа а последната била одржана во 2019 година, додека не посетуваат редовни психо-физички прегледи, единствено редовниот систематски преглед.

## ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ СОГЛАСНО ЗРО

Во ОС Штип е предвидено ангажирање на хаус-мајстор (1), пператор на телефонска централа (1), возач (1), работник во судско бифе (1) и хигиеничари (3). Во судот единствено е ангажиран возач и тројца хигиеничари.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Од вкупно предвидените 120 извршители на судска служба, ОС Штип работи со 68 судски службеници, односно судот функционира со 56% од потребниот кадар.

Во ОС Штип не се спроведува постапка за оценување на судските службеници, а следствено на тоа не се води табела за распределба на оценките. Исто така нема евиденција за изречени мерки за слаб ефект на судските службеници како и применети критериуми за унапредување на судската служба. Во судот не се вршат ниту полугодишни разговори, но се очекува да се започне со нивно редовно спроведување во 2021 година.

Во изминатите 10 години во Основниот суд Штип се примени 19 судски службеници и 3 припадници на судската полиција согласно Законот за судска служба и едно лице за вршење технички и помошни работи согласно Законот за вработени во јавен сектор.

Приоритетни места за пополнување кои согласно актот за организација и систематизација се уште не се пополнети се дактилограф,  хаус мајстор и командир на судска полиција, а потребно е и пополнување на раководните места раководители на граѓански и кривичен оддел по пат на унапредување.

Годишниот распоред на работата на судот се носи редовно и се објавува јавно.

## ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

Во Основниот суд Штип предвидени се 19 (деветнаесет) места за судии, од кои пополнети се 16 (шеснаесет) места. Притоа 14 (четиринаесет) судии се македонци, а 2 (двајца) се припадници на влашката заедница. Во периодот од 2017 година до 2019 година од 19 (деветнаесет) места пополнети биле 15 (шеснаесет ) места, со 13 (тринаесет) македонци и 2 (двајца) припадници на влашката заедница.

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## „ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ПОСТОИ КОНТИНУИРАН НЕДОСТАТОК НА СУДИИ И СУДСКИ ПЕРСОНАЛ“

1. Бројот на судии и судски службеници во основните судови не соодветствува на реалната потреба на судовите. Во ниту еден суд нема целосна пополнетост на предвидените судиски места и систематизираните работни позиции, што е основен предуслов за ефикасно и квалитетно работење на судовите во извршување на законските надлежности.

2. Законот за судската служба е нецелосно применлив во делот на постапките поврзани со управувањето со човечките ресурси (унапредување, оценување, стручно усовршување, дисциплинска и материјална одговорност) на судските службеници.

3. Статусот на вработените во судовите е уреден со различни закони што предизвикува дискрепанција во правата и обврските како и во нивната одговорност, висина на плата и другите надоместоци и надлежности.

4. Надлежностите на судската служба се регулирани како дел од јавниот сектор, но несоодветно ја утврдуваат специфичноста и природата на нивниот придонес во работата на судовите.

5. Основните судовите во континуитет функционираат со висок процент на непополнети работни места во судот, а се забележува дека постои нерамномерната распределба на судски стручни службеници во судовите со мал и голем број на вработени што упатува на потребата од ревидирање на начинот и условите за работење на судската служба и воедначување на внатрешната организациска поставеност во судовите како и на актите за систематизација. Сите основни судови функционираат со преполовен раководен кадар од предвидените во актот за систематизација на работните места, при што се забележува разноликост во потребните нивоа на вработените лица на раководните позиции (ОС Дебар е суд со основна надлежност и има предвидено едно раководно место за В-2 Раководител на служба, ОС Радовиш има предвидено едно раководно место за В- 2 Раководител на оддел, а ОС Кочани како суд со проширена надлежност има предвидено едно раководно место за В-4 Раководител на службата за информатика) што упатува на немање стандарди за вработување на суштински персонал за работа во судот. Раководни судски службеници немаат 19 основни судови и функционираат без ниту едно раководно место во судот.

6. Во основните судови недостасува соодветна организациона единица за управување со човечките ресурси или назначување на одговорно лице со посебни овластувања поврзани со управувањето со човечките ресурси во работата на судот (престанок на работен однос, проценка на потребите, унапредување, оценување, стручно усовршување, дисциплинска и материјална одговорност).

7. Ненавременото пополнување на упразнетите работни места во основните судови е повеќегодишна состојба која се должи на условеноста на судската власт да обезбеди согласност и средства за вработување на лица за упразнетите работни места од извршната власт, односно Министерството за финансии, што неминовно влијае врз капацитетите судовите ефикасно и навремено да ги извршуваат своите надлежности.

8. Правото на унапредување на судските службеници е ограничено имајќи ја предвид неекипираноста со раководни судски советници во речиси сите основни судови. Унапредувањето на вработените во судската служба се остварува со потешкотии и поради ненавременото донесување на подзаконски акт со кој Министерството за правда детално ќе ја уреди постапката за оценување на судските службеници.

9. Актите за организација и систематизација на вработените во судот не се донесени врз реални проекции поради немањето на утврдени критериуми за потребниот број на судски службеници по категории на работни места, бројот и видот на организациони единици и потребниот сооднос помеѓу различни категории на вработени лица согласно надлежноста на судот.

10. Основниот кривичен суд и Основниот граѓански суд во Скопје како најголеми судови имаат најмногу вработени лица во судовите иако значителен дел од предвидените работни места во овие судови не се пополнети. Основниот кривичен суд работи со 45% од предвидениот кадар (вработени 280 лица од вкупно предвидени 651 извршители за 52 избрани судии) од кои најголем дел се помошни стручни службеници. Основниот граѓански суд работи со 50% од предвидениот кадар (вработени се 267 лица од вкупно предвидени 529 извршители за 65 избрани судии). Во овие судови има висока непополнетост на стручните судски соработници со повеќе од 50% како и најмногу предвидени извршители поради високиот број на судии и обемот на работа во овие судови.

11. Во најголем дел од основните судовите постои солидна екипираност на судиите со стручни судски службеници со постигнување на минимален сооднос од 1:1, иако постојат ситуации како на пример ОС Берово каде соодност е 3.1 или 3 стручни соработници на 1 судија како и ОС Делчево со сооднос од 2.5 или 5 стручни судски соработници на 2 судии. Недостаток на стручни судски службеници за работа со секој судија имаат 7 основни судови од различна надлежност (ОС Кратово, ОС Гевгелија, ОС Велес, ОС Кавадарци ОС Кривичен суд и ОС Кичево), додека ОС Неготино нема ниту еден вработен стручен судски соработник за четири судии.

12. Не постојат јасни критериуми за утврдување на бројот на потребни судски службеници, судски полицајци и помошно-технички лица кои се систематизираат во актот за систематизација.

13. Не постои еднаква пополнетост по однос на структурата на работни места што претставува сериозен проблем во однос на организација на работењето на судовите. Основните судови имаат недостаток на кадри кои се клучни за работата на судот, како што е судскиот администратор, раководните судски советници или советници информатичари, а речиси сите судови се соочуваат со намален или недоволен број на дактилографи и референти за прием и експедиција на пошта. Исто така, во ниту еден од основните судови не е назначен соработник преведувач, толкувач или лектор кои влегуваат во категоријата на судската стручна служба.

14. Непополнетоста на систематизираните работни места и се помалиот број на судии поради природен одлив и ненавремениот избор претставува директна опасност по независноста на судството, бидејќи оваа состојба пред се должи на недавањето на согласност за пополнување на испразнетите места од страна на Министерството за финансии и покрај тоа што истите работни места се веќе предвидени со државниот буџет.

15. Со воведувањето на дигитализацијата на судството, утврдена е потреба за воведување на нови работни позиции и програми за развивање на аналитичките капацитети на судските службеници.

16. Поради недостаток на доволно ресурси и капацитети во судовите, судските службеници извршуваат задачи кои се опфатени во делокругот на надлежности на друго работно место со поголеми овластувања. Утврдена е потреба од воспоставување на механизам вреднување и надоместок на судските службеници кои покрај својата позиција извршуваат и други позиции во судот.

17. Придонесот на судските службеници во работата на судот е се уште непризнаен елемент во судската работа и има потреба да се развијат процеси за оценување на нивната работа и професионален развој на вештините, доследна примена на Правилникот за оценување и унапредување на судските службеници и реорганизација на работата на судечките оддели.

18. Не е воспоставен систем на кариера на судската служба како кај судиите. Имено, се уште постои можност во повисоките судови да се вработуваат лица кои немаат стекнато претходно работно искуство во основен суд за разлика од судиите каде постои “затворен” систем на кариера.

19. Утврдена е потреба од ревидирање на класификацијата на работните места на судските службеници, категориите на работни места, звањата и нивоата на работните места, називите и посебните квалификации на судската служба и потреба од создавање на т.н судски кабинети.

# УСЛОВИ ЗА РАБОТА, ФИЗИЧКИ ПРИСТАП И БЕЗБЕДНОСНИ УСЛОВИ ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО ЧЕТИРИТЕ АПЕЛАЦИОНИ ПОДРАЧЈА

# 1. Апелациско подрачје Битола

## 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

### ИНФРАСТРУКТУРА

Зградата на ОС Битола е изградена во 1975 година. Во судската зграда не се сместени други државни органи кои ја делат зградата со судот. Судската зграда на ОС Битола не поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво. Судската зграда е соодветно одржувана поради што е во одлична состојба, во целост е функционална и се наоѓа во близина на центарот на градот. Судот има свој паркинг на кој се паркираат службените возила и вработените во судот, но истиот не е доволен согласно бројот на вработени во судот. На улицата пред судската зграда има паркинг кој се наплаќа, што овозможува лесен пристап на странките и на другите лица кои доаѓаат во судската зграда. Судската зграда е опремена со рампа и има лифт за пристап до судот за лица со попреченост.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку службен влез за разлика од лицата кои влегуваат во судот на главниот влез. Во судската зграда има воспоставен видео надзор за кое е назначено лице задолжено за видео надзорот.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Приемот на писмената во судот се врши во просторија која е во непосредна близина до влезот на судската зграда. Судниците во ОС Битола се доволно опремени за водење на јавни расправи. Пристапот до приемната писарница во судот е едноставен и лесен. Просторот пред писарницата не е ограничен додека во нив неа има доволно простор за вработените. Комуникацијата се одвива преку стаклен шалтер што истата ја прави едноставна и ефикасна. Во судот има киоск компјутер за потребите на странките, медиумите и останатата јавност, а во зградата постои просторија за судиите поротници и просторија за адвокатите.

Секој судија има своја канцеларија и истите се обезбедени со врата за чие отворање е потребно посебна картичка. Во салите за состаноци во ОС Битола постои функционална опрема за стенографско водење на записник со цел за веродостојно водење на записници од работата на судот.

Во судот има вкупно пет судници со услови за изготвување на аудио запис од судењата. Пред делот со судниците има чекалници каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи како и автомат за кафе. Тоалетите се достапни за странките во чекалницата, и истите се во полна функционалност.

Судот има соба за притворени лица кои престојуваат во истата пред и по рочиштето.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат

решетки на прозорците. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 18 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 39 |
| Број на санитарни чворови во судот | 14 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 3 |
| Список на возила и година на производство | Нема податоци |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 8 |
| Број на паркинг места за странки | 0 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 2 |

Извор: доставени податоци од ОС Битола

## 1.2. Основен суд Крушево

### ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда во Крушево е изградена во 1980 година и за неа ОС Крушево имотен лист. Во зградата на ОС Крушево не се сместени останати државни органи. Судската зграда не е соодветно одржувана поради неодобрениа средства за капитални инвестиции поради што зградата не е во многу добра состојба. Но и покрај оваа ситуација, раководството на судот прави напори за одржување на соодветна функционалност на судската зграда.

Судската зграда не поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво.

Зградата се наоѓа на влезот од центарот на градот. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за помагала но во зградата нема инсталирано лифт имајќи предвид дека судниците се наоѓаат на првиот кат од судската зграда. На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Во зградата на судот е воспоставен видео надзор, а како лице кое води сметка за истиот е припадник од судската полиција. Судот има своја гаража но не и паркинг на кој би се паркирале вработените во судот и странките. Судиите и судската администрација влегуваат и излегуваат преку ист влез/излез.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Судската зграда има две судници кои се делумно опремени и се функционални, но само една судница има услови за изготвување на аудио запис од судењата. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност, но потребно му е реновирање.

Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот. Просторот пред писарниците е ограничен бидејќи е истиот простор на влезот од зградата но има доволно простор за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица. Комуникацијата се одвива во посебна соба каде нема шалтер.

Секој судија има своја канцеларија во судската зграда и истите се на првиот кат каде се и судниците и не е обезбеден со безбедносна врата.

Во судот нема просторија за доење, а исто така судот не располага со просторен капацитет да се обезбеди згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Салата за состаноци на судот има компјутер и печатар, преку кој се подготвува записник од состанокот. Судниците во овој суд се доволно опремени за водење на јавни расправи.

Архивата на судот се наоѓа во таванските простории и простории на приземјето каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци но истите не се заштитени со решетки. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се на дрвени полици.

Судската зграда има сериозен проблем со влагата, која ги нагризува ѕидовите посебно на приземјето каде веќе се одронува дел од ѕидовите. Потребно е да се итно да се санира оваа состојба поради ризик од оштетување на ѕидовите и електричната инсталација како и да се вароса целиот суд бидејќи не е варосан повеќе од 20 години. Исто така е потребно целосно реновирање на судот од аспект на освежување на канцелариskiот мебел, подот и останатиот инвентар бидејќи истите датираат од изградбата и пуштање во функција на судската зграда пред 40 години.

Судот имаат службено возило кое е постаро повеќе од 25 години за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 3 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 12 |
| Број на санитарни чворови во судот | 2 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема податоци |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 2 |
| Список на возила и година на производство | -Голд 2 произведено во 1985г.<br>-Мерцедес 250 D произведено во 1990г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 3 |
| Број на паркинг места за странки | 3 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 1 |

Извор: доставени податоци од ОС Крушево

# 1.3. Основен суд Охрид

## ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на Основниот суд Охрид е изградена во 1963 година но истата е соодветно одржувана поради што е во одлична состојба и функционалност и се наоѓа во самиот центар на градот. ОС Охрид Просторот поседува имотен лист. Во судската зграда се сместени и Основното јавно обвинителство- Охрид и Државното правобранителство - Охрид. Трошоците за користење на зградата не се сразмерно поделени меѓу трите институции. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво за кое во просториите на судот е вградена инсталација и резервоар. Судската зграда има инсталирано пластичен резервоар за екстралесно гориво и истиот не е соодветен за подолг период за користење поради што е потребна негова замена со метален или резервоар од инокс.

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи не постои архитектонска пречка за влез во зградата со инвалидско помагало. Судот има свој паркинг кој е несразмерно помал од потребите на судот и на кој се паркираат службените возила и вработените во судот. На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку службен влез за разлика од лицата кои влегуваат во судот на главниот влез. Во судот е воспоставен видео надзор во рамки на работењето на судот, а надзорот го врши судската полиција. Дополнително, во судот се обезбедени и картички за евиденција на пристап во судските простории освен во просториите за странки (шалтер сала, судници и сл.).

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Едноставен и лесен е пристапот до приемната писарница во судот. Просторот пред писарницата не е ограничен додека во неа има доволно простор за вработените. Комуникацијата се одвива преку стаклен шалтер што истата ја прави едноставна и ефикасна.

Секој судија има своја канцеларија и истите се обезбедени со врата за чие отворање е потребно посебна картичка.

Судската зграда има 12 судници кои се опремени и се целосно функционални. Пред делот со судниците има чекални каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи како и автомат за кафе. Тоалетите се достапни за странките во чекалницата, и истите се во полна функционалност.

Судот има соба за притворени лица кои престојуваат во истата пред и по рочиштето. Исто така, постои посебна просторија за судиите поротници и адвокатите, но не е воспоставена пракса за користење на просторијата.

Канцеларијата на претседателот се користи и како сала за состаноци но истата не располага со опрема за стенографија. Судот не располага со посебна просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Судот поседува киоск компјутер за полесно пребарување на податоци на странките, медиумите и останатата заинтересирана јавност, но тој не е во функција.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат решетки на прозорците. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Просториите за предмети со кои се извршени кривични дела се наоѓаат во подрумските простории но и во дел од судската зграда во кој се влегува од надворешната страна.

Покрај ова, ОС Охрид има сериозен проблем ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 20 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 26 |
| Број на санитарни чворови во судот | 15 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема податоци |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 4, од кои 2 се неисправни |
| Список на возила и година на производство | -Шкода Рапид произведено во 2019г.<br>-Хундаи Гетз произведено во 2008г.<br>-НисанТерано произведено во 2000г.<br>-Мерцедес произведено во 1989г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 5 |
| Број на паркинг места за странки | Нема податоци |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од ОС Охрид

# 1.4. Основен суд Прилеп

## ИНФРАСТРУКТУРА

Стариот дел на зградата на Основниот суд Прилеп е изградена во 1962, додека новиот дел е изграден во 2008 година. Судската зграда на ОС Прилеп поседува имотен лист. Во судската зграда е сместено и Основното Јавно обвинителство Прилеп, а трошоците кои настануваат за користењето на зградата корисниците ги носат сразмерно врз основа на површината која ја користат. Судската зграда на ОС Прилеп не поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво.

Судската зграда е целосно функционална и е во добра состојба бидејќи е соодветно одржувана, но не се наоѓа во центарот на градот. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е самата патека е има косина за инвалидски количка и други помагала. На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Сите вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку главниот влез заедно со други лица, кои доаѓаат во судот. Во судската зграда има воспоставен видео надзор за кое е назначено лице задолжено за видео надзорот.

Судот има два мали паркинзи кои не се обезбедени со рампа и гаража во судската зграда која се користи за трите службени возила. Паркинзите ги користат вработените во судот но и странките и истите поради својата големина не се доволни и постои потреба за поголем паркинг кој може да биде обезбеден во соработка со општината на една од улиците околу судот.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот. Просторот пред писарниците е ограничен додека во нив има доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица.  Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна. Во судот постои киоск компјутер кој не е во фукнција на странките, а во зградата има две посебни простории за адвокатите.

Во судот вкупно пет судници имаат услови за изготвување на аудио запис од судењата, а воедно судниците се доволно опремени за водење на јавни расправи. Приемното одделение на писмената се врши во просторија до влезот на судската зграда. Во салите за состаноци на судот, нема функционална опрема или опрема стенографско водење на записник или друг вид на опрема со која се обезбедува веродостојно водење на записниците.

Секој судија има своја канцеларија во судската зграда и истите се во посебни делови кои е не е обезбедени со врати за чие отворање е потребно посебна картичка или клуч.

Судската зграда има пет судници кои се опремени и се целосно функционални. Пред судниците има чекалници каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи со седишта. Тоалетите се достапни за странките во чекалниците, и истите е во полна функционалност, но во нив не се инсталирани WC шољи туку чучавци.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци на кои има решетки. Како и во другите основни судови, овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани и на полици. Судската зграда има посебна соба за класифицирани информации со посебна заштитна врата.

Постои голем проблем со водата која се појавува за време на врнежи бидејќи судската зграда е изградена на најниската точка на градот и во неколку наврати, судот бил поплавен во подрумските простории и гаражата во висина на самите простории, и поради тоа биле поплавени автомобилите и инсталацијата за греење. Иако во новиот дел се вградувале материјали за енергетска ефикасност, се појавува проблем со замената на дел од инсталираните делови поради неможноста за замена на истите од причина што истите се вградени пред повеќе од 15 години. Исто така, потребно е да се изврши реновирање односно замена на дограмата која е инсталирана на старата зграда како и да се доклиматизира целата судска зграда бидејќи сега за сега целосно е климатизиран само новиот дел додека стариот дел е делумно климатизиран. Покрај ова, потребно е да се заменат камерите на судот бидејќи истите се од 2005/06 година бидејќи истите не се соодветни и не одговараат на потребните за безбедноста на судската зграда.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 18 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 26 |
| Број на санитарни чворови во судот | 12 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 1 |
| Список на возила и година на производство | Произведени во 2019г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема податоци |
| Број на паркинг места за странки | Нема податоци |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од ОС Прилеп

# 1.5. Основен суд Ресен

## ИНФРАСТРУКТУРА

Зградата на Основниот суд Ресен, изградена во '80те години на минатиот век е соодветно одржувана поради што е во добра состојба и во целост функционална. Зградата се наоѓа во центарот на градот и покрај ОС Ресен во неа е сместено и Основното Јавно обвинителство а трошоците за заедничко користење на зградата корисниците не го сносат сразмерно. Основниот суд во Ресен не поседува имотен лист за судската зграда. Дел од просториите во приземјето и еден анекс на судската зграда се во приватна сопственост и кои се дел од нив издадени за адвокатски канцеларии. Судот има греење кое е на екстра лесно гориво и кое го дели со општинската зграда која се наоѓа веднаш до судската зграда, но резервоарот за екстралесното гориво се наоѓа до судската зграда и истиот не е во целост обезбеден. Дел од зградата има сменето дограма, но потребно е да се смени целата и да се стави фасада за судската зграда да биде целосно енергетски ефикасна.

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за помагала но истата има многу висок нагиб. Во судската зграда не е инсталиран лифт за лица со посебни потреби при движење или кои се служат со помагала за движење што го прави пристапот ограничен. На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда, но истиот не е во функција. Во зградата на судот е воспоставен видео надзор врз работењето на судот за кое е назначено лице и кое е задолжено за видео надзорот. Сите вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку главниот влез заедно со други лица, кои доаѓаат во судот.

Судот има свој паркинг на кој се паркираат вработените во судот и лицата кои доаѓаат во судот но истиот е со ограничен простор. Позади судската зграда има голем простор кој може да се користи за паркинг но истиот е во сопственост на општината. Судската зграда има своја гаража за службеното возило која не е согласно стандардни димензии од причина што нема доволно простор за возило од средна големина.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот. Просторот пред писарниците не е ограничен додека  во нив има доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица.  Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна.

Судската зграда има три судници кои се опремени и се целосно функционални но услови за аудио запис од судењата во судот има само една судница,. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност.

Во судот не постои киоск компјутер за потребите на странките, медиумите и останатата јавност, а во зградата исто така нема ниту просторија за судиите поротници и просторија за адвокатите. Во судот нема просторија за доење. Салите за состаноци немаат функционална опрема за стенографско водење на записник или друг вид на опрема со цел за веродостојност на записниците кои се носат, а воедно судниците се делумно опремени за водење на јавни расправи.

Секој судија има своја канцеларија во судската зграда и истите се во посебен дел кој не е обезбеден со безбедносна врата.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитена со врата која се заклучува. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат прозорци кои не се заштитени со решетки. Голем простор земаат предмети заземаат предметите кои се одземено во кривична и прекршочна постапка поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се на метални и импровизирани дрвени полици.

Судот има старо службено возило за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 3 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот | 4 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема податоци |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 2 |
| Список на возила и година на производство | -Тојота Јарис произведено во 2002г. (функционално),<br>-Застава Југо 45 произведено во 1989г. (нефункционално) |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема податоци |
| Број на паркинг места за странки | Нема податоци |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од ОС Ресен

# 1.6. Основен суд Струга

## ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на ОС Струга е изградена во 1972 година, а судот за неа поседува имотен лист. Во 2005-та година извршена е доградба на зградата која моментално се состои од приземје и четири ката, но новата градба не е внесена во катастар поради немање соодветна градежна документација. Зградата е соодветно одржувана поради што е во одлична состојба и функционалност и се наоѓа во близина на центарот на градот. Во 2017-та година изготвен е геодетски елаборат и побарана е легализација на надградбата но постапката се уште не е завршена. Во судската зграда сместени се Државното правобранителство Струга како и Основното јавно обвинителство Струга, додека трошоците за зградата не се сносат сразмерно од страна на корисниците. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи има изградено рампа за инвалидско помагало а во зградата е инсталиран лифт кој го олеснува движењето низ судската зграда посебно за лица кои имаат потешкотии со движењето или кои користат помагала за движење. Судот има свој паркинг кој е несразмерно помал од потребите на судот и на кој се паркираат службените возила и вработените во судот се паркираат на околните улици. Судот има иницирано постапка за експропријација на дел од земјиштето кое ја опкружува судската зграда поради обезбедување на дополнителен простор за паркирање но и поради безбедносен карактер бидејќи доколку се обезбеди делот за кој е иницирана експропријација, судската зграда ќе биде опкружена со земјиште кое ќе биде во нејзино владеење. На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку службен влез за разлика од лицата кои влегуваат во судот на главниот влез.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Пристапот до приемната писарница е едноставен и лесен бидејќи се наоѓа во судската зграда каде има изградено и рампа за инвалидски помагала. Просторот пред писарницата е широк и простран додека во неа има доволно простор за вработените. Комуникацијата се одвива преку стаклен шалтер што истата ја прави едноставна и ефикасна.

Во судот не постои киоск-компјутер кој служи за информирање на странките и останатата јавност, а исто така во судот не е обезбедена просторија за судиите поротници и просторија за адвокатите. Судската зграда има посебен влез и излез од просториите за судиите и вработените на судот и опремена е со техника за лица со попреченост. Салите за состаноци имаат функционална опрема за водење на записник со цел за веродостојно водење на записниците.

Списите на водени постапки се чуваат во метален орман бидејќи зграда нема посебна просторија за чување на доказите.

Судската зграда нема сертификат за енергетска ефикасност и има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво за кое во просториите на судот е вградена инсталација и резервоар. Од аспект на енергетската ефикасност потребно е да се замени дограмата на судската зграда од причина што истата веќе не е функционална и претставува ризик како за вработените така и за лицата кои се движат во близина на судската зграда бидејќи постои ризик од паѓање на дел од дограмата.

Судската зграда има дванаесет судници кои се опремени и се целосно функционални. Пред делот со судниците има чекалници каде има доволно простор за странките и другите лица. Тоалетите се достапни за странките во чекалниците на секој кат и истите се во полна функционалност.

Секој судија има своја канцеларија и истите се обезбедени со врата за чие отворање е потребно посебна картичка.

Судот има соба за притворени лица кои престојуваат во истата пред и по рочиштето.

Архивата на судот се наоѓа во поткровјето на судската зграда и на другите катови и приодот во истата е заштитен со врати кои се заклучуваат. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорците на кои нема решетки. Судската зграда има посебна соба за серверот, која не е соодветна и покрај обидите да се обезбедат неопходните услови за нормално функционирањето на серверот.

Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Просториите за предмети со кои се извршени кривични дела се наоѓаат во подрумските простории но и во дел од судската зграда во кој се влегува од надворешната страна.

Судската зграда има сериозен проблем со кровот, преку кој влегува вода во ѕидовите што може да се воочи како сите простории и по ходниците кои се наоѓаат на последниот кат во судската зграда. Потребно е да се итно да се санира оваа состојба поради ризик од оштетување на ѕидовите и електричната инсталација како и по здравјето на вработените во судот, бидејќи состојбата е алармантна од причина што веќе се распаѓаат ѕидовите и паѓаат делови од плафоните.

Покрај ова, ОС Струга има сериозен проблем ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 12 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 4 |
| Број на санитарни чворови во судот | 10 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема податоци |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 3 |
| Список на возила и година на производство | 4 |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 8 |
| Број на паркинг места за странки | Нема податоци |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 1 |

Извор: доставени податоци од ОС Струга

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

### ИНФРАСТРУКТУРА

Зграда на ОС Гостивар е изградена во 1975 година и е целосно реновирана во 2006 година. Судот за неа поседува имотен лист и истата е соодветно одржувана поради што е во добра состојба, во целост функционална и се наоѓа во центарот на градот. Судската зграда е пространа но не е во целост во функција на основниот суд бидејќи во неа се сместени уште 4 институции. Во судската зграда се сместени и Основно јавно обвинителство Гостивар, Вишо Јавно обвинителство Гостивар, Државно правобранителство Гостивар и Апелационен суд Гостивар. Трошоците за користење на зградата ги сноси единствено основниот суд. За зградата нема сертификат за енергетска ефикасност но има воспоставено независно греење на екстра лесно гориво.

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за помагала додека поради тоа што при влезот во судската зграда но во зградата нема лифтови и нема пристап за лицата со попреченост. Судот има свој паркинг кој е со многу ограничен простор и на кој се паркираат вработените во судот. Службените возила се паркираат на споредниот влез на судската зграда каде се паркираат и возилата на Управата за извршување на санкции со кои се носат притворените лица на судење.

Постои простор и потреба за инсталирање на лифт кој би го користат странките и вработените во судот како и лицата со посебни потреби кои доаѓаат во судската зграда.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Целиот простор на судската зграда и нејзиното опкружување е покриено со видео надзор но за тоа не е назначено лице контролор кое треба да раководи со него. Во зградата постои посебен влез и излез за судиите и вработените во судот, а посебен за странките и јавноста.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот кои се наоѓаат блиску до влезот на судската зграда. Просторот пред писарниците е широк но во писарниците нема доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица. Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна.

Постои соба за притвореници и истата се наоѓа на задниот влез на судската зграда и во истата се сместуваат притворените лица пред и по судењето.

Во судот нема активен киоск компјутер за потребите на странките, медиумите и останатата јавност, а нема ниту просторија за судиите поротници и просторија за адвокатите.

Во салите за состаноци не постои функционална опрема за стенографско водење на записник или друг вид на опрема со која се обезбедува веродостојно водење на записниците.

Во судот само три судници се опремени за изготвување на аудио-запис од судењата, а судиите се опремени за водење на јавни расправи. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи. Тоалетите е достапни за странките во чекалницата, и истите е во полна функционалност.

Секој судија има своја канцеларија и истите се во посебен дел кој е обезбеден со врата за чие отворање е потребно посебна картичка.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат решетки на прозорците. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се на полици и во метални ормани.

Потребно е да се обезбеди повеќе простор во судската зграда за основниот суд по можност со преземање на дел од просториите од другите институции кои би можеле да бидат преселени во други административни згради во градот.

Покрај ова, ОС Гостивар има сериозен проблем со ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија.

Исто така, ОС Гостивар има проблем со обезбедувањето на простор за одземени предмети со кои е сторено кривично дело во кривични и прекршочни постапки кои претставуваат доказен материјал бидејќи Агенцијата за управување со одземен имот и покрај својата обврска да ги преземе овие предмети воопшто не ја исполнува истата, поради што ОС Гостивар како и останатите основни судови се всушност чувари на овие предмети.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 19 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 13 |
| Број на санитарни чворови во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 2 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 2 |
| Список на возила и година на производство | -Хундаи Лантра набавено во 2019г.<br>-Пежо 206 |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Неколку паркинг места |
| Број на паркинг места за странки | Нема |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема |

Извор: доставени податоци од ОС Гостивар

## 2.2. Основен суд Дебар

### ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на ОС Дебар е изградена во 1958 година додека доградбата на судската зграда е од 2006 година. За судската зграда нема имотен лист. Зградата се наоѓа во центарот на градот и за истата не е обезбеден паркинг ниту за вработените во судот а ниту за странките и другите лица кои доаѓаат во судот. Освен судот, просториите во истата зграда ги користи Основното Јавно обвинителство, а трошоците за користење на зградата ги сносат сразмерно. Пред судската зграда има рампа која овозможува пристап на лицата со посебни потреби, но зградата нема лифт и судниците и другите простории, канцелариите на судиите се наоѓаат на првиот и вториот кат на судската зграда. Во судот е воспоставен пракса  кога имаат странка која има проблеми со движењето односно е со посебни потреби, судењата да се оддржуваат во просторијата каде се наоѓаат писарниците која се наоѓа на приземјето и до која лесно се приоѓа од главниот влез. Вработените во судот, судиите и судската служба влегуваат и излегуваат на ист влез како и сите лица кои доаѓаат во судската зграда бидејќи не постои друг влез кој би го користеле само вработените во судот.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Приемната писарница на судот е достапна и до неа се доаѓа директно од главниот влез со што е обезбеден полесен пристап на граѓаните до информации за работата на судот. Во судот нема киоск компјутер преку кој странките можат да добијат информации за работата на судот. Во судот постои посебна просторија за судии поротници како и просторија за адвокатите, а посебен влез/излез од просториите за судиите и вработените во судот, од оној со јавноста нема. Судската зграда има сериозен проблем кровот кој во еден дел е целосно уништен и преку кој влегува вода во ѕидовите што може да се воочи од просториите на судот. Потребно е да се итно да се санира оваа состојба поради ризик од оштетување на ѕидовите и електричната инсталација како и по здравјето на вработените во судот. Во судот постои една судница во која има услови за изготвување на аудио-запис.

Судниците се опремени за водење на јавни расправи. Во ОС Дебар нема просторија за доење. Во однос на енергетска ефикасност зградата не поседува сертификат. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво. Во судот постои лице кое е задолжено за видео-надзорот во зградата на судот.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат прозорци кои не се заштитени со решетки. Голем простор земаат предмети заземаат предметите кои се одземено во кривична и прекршочна постапка поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани и дрвени полици но истата се наоѓа во очајна состојба бидејќи не ги исполнува основните услови за архивско работење.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 5 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 7 |
| Број на санитарни чворови во судот | 4 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 2 |
| Список на возила и година на производство | -Голф 4 и<br>-Пасат (надвор од употреба) |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 0 |
| Број на паркинг места за странки | 0 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Дебар

## 2.3. Основен суд Кичево

### ИНФРАСТРУКТУРА

Зградата на ОС Кичево е изградена во средината на 60те години од минатиот век но истата е соодветно одржувана поради што е во добра состојба и во целост функционална и се наоѓа во центарот на градот. Во судската зграда покрај ОС Кичево, сместени се и Основно јавно обвинителство Кичево и Државното правобранителство за подрачје Кичево. Сепак, трошоците за користењето на зградата не ги сносат сразмерно сите институции. Зградата нема сертификат за енергетска ефикасност но има сопствено независно греење на екстра лесно гориво. Во судот е инсталирана една надворешна рампа за пристап на лица со попреченост која води до влезот на ОС Кичево, но во судот нема лифт што претставува посебен проблем бидејќи судниците се наоѓаат на првиот кат. На главниот влез на судската зграда има инсталирано метал детектор и истиот е во функција. Основниот суд Кичево е еден од ретките судови во државата во кој воопшто не е обезбеден видео надзор над зградата. Зградата има посебен влез и излез за судиите и вработени и посебен за странки во судот.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Приемот на писмената, поднесоците, писмата и други документи се врши во просторија која е во непосредна близина до влезот на судската зграда. Писарниците се наоѓаат во соби и немаат стаклени шалтери што ја отежнува комуникацијата со странките и другите лица. Судот нема на располагање киоск компјутер за потребите на странките. Судниците во судот се доволно опремени за водење на јавни расправи, додека во две од нив се обезбедени и услови за изготвување на аудио запис од судењата. Салите за состаноци пак не поседуваат функционална опрема за стенографско водење на записник, туку само за тонско снимање. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи. Тоалетите е достапни за странките во чекалницата, и истите е во полна функционалност.

Судот располага со посебна просторија за адвокатите и судиите поротници, но не со просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Архивата на судот се наоѓа во просториите на приземјето каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со обична внатрешна врата. Просториите во кои се наоѓа имаат прозорци кои не се заштитени со решетки. Предмети со кои се сторени кривични дела заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се на полици и во метални ормани, но нема доволно простор за истата, поради што се користи и друга просторија која била предвидена за судница за судења со голем број на учесници а која се наоѓа исто така на приземјето. Во архивата има влага која се јавува кога има дождови и истата влијае штетно на архивските материјали но и поради истата постои ризик за уништување на електричната инсталација.

Судот нема службено возило за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила. Покрај ова, ОС Кичево има сериозен проблем ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија. Исто така, ОС Кичево има проблем со обезбедувањето на простор за одземени предмети со кои е сторено кривично дело во кривични и прекршочни постапки кои претставуваат доказен материјал бидејќи Агенцијата за управување со одземен имот и покрај својата обврска да ги преземе овие предмети воопшто не ја исполнува истата, поради што ОС Кичево како и останатите основни судови се всушност чувари на овие предмети.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 8 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 18 |
| Број на санитарни чворови во судот | 3 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 3 од кои едно е во возна состојба |
| Список на возила и година на производство | -Шкода Октавиа произведено во 1997г.<br>-Ауди 9 произведено во 1991г.<br>-Лада Нива произведено во 1996г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема податоци |
| Број на паркинг места за странки | Нема податоци |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од ОС Кичево

## 2.4.Основен суд Тетово

### ИНФРАСТРУКТУРА

Зградата на Основниот суд Тетово е изградена во 70те години на минатиот век, истата е соодветно одржувана поради што е во добра состојба и во целост функционална и се наоѓа во центарот на градот. Основниот суд во Тетово просторот на судската зграда го дели со Основното јавно обвинителство Тетово и Државното правобранителство Тетово. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за помагала додека поради тоа што при влезот во судската зграда. Судот има свој паркинг на кој се паркираат вработените во судот и службените возила.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Сите вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку главниот влез заедно со други лица, кои доаѓаат во судот. Направен е посебен надворешен влез односно пристап во судската зграда за прием на документи и архива, додека главниот влез се користи само за лицата кои доаѓаат на судење. Целиот простор на судската зграда и нејзиното опкружување е покриено со видео надзор.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот. Просторот пред писарниците е широк додека  во нив има доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица.  Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво. Постои соба за притвореници но истата не се користи од страна на судот туку обвинетите со полициска придружба се спроведуваат директно до судот. Секој судија има своја канцеларија и истите се во посебен дел кој е обезбеден со врата за чие отворање е потребно посебна картичка.

Судската зграда има десет судници кои се опремени и се целосно функционални. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи. Тоалетите е достапни за странките во чекалницата, и истите е во полна функционалност. Сите ходници се реновирани вклучувајќи го и подот, при што делот за вентилација на првиот кат е пренаменет во простор за архивирање.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат решетки на прозорците. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани. Посебен проблем претставува тоа што во архивите се јавува вода која претставува посебен ризик како за списите на судските предмети кои се архивирани во подрумските простории како и за електричната инсталација во архивата. Потребно е да се обезбедат средства за капитални инвестиции за лифт и за поправка на водоводната инсталација во подрумските простории каде се наоѓа архивата како и за полици за архивирање на предмети бидејќи предметите од пензионираните нотари претставуваат големо обременување за архивата на судот. Покрај ова, ОС Тетово има сериозен проблем ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија. Исто така, ОС Тетово има проблем со обезбедувањето на простор за одземени предмети со кои е сторено кривично дело во кривични и прекршочни постапки кои претставуваат доказен материјал бидејќи Агенцијата за управување со одземен имот и покрај својата обврска да ги преземе овие предмети воопшто не ја исполнува истата, поради што ОС Тетово како и останатите основни судови се всушност чувари на овие предмети.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 23 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 27 |
| Број на санитарни чворови во судот | 9+2 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 3 |
| Список на возила и година на производство | Судот располага со 4 возила, меѓутоа само едно возило (Шкода Октавија, 2018 година) е регистрирано |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 10 |
| Број на паркинг места за странки | 0 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Тетово

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

### ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на Основниот суд Велес е во сопственост на Република Северна Македонија. Зградата е изградена во 1959 година но истата е соодветно одржувана поради што е во добра состојба и во целост функционална. Судската зграда се наоѓа во центарот на градот и покрај ОС Велес во истата се сместени и Основно јавно обвинителство Велес и Државно правобранителство за подрачје Велес.

Трошоците за вода и греење на зградата ги подмирува ОС Велес, додека Основното јавно обвинителство Велес има сопствено броило (сметач) за електрична енергија па ги надоместува сопствените трошоци за струја. Зградата не поседува сертификат за енергетска ефикасност.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Сите вработени, судиите и судските лужбеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку главниот влез заедно со други лица, кои доаѓаат во судот. Во судот е воспоставен видео надзор со кој раководи Командирот на судската полиција.

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за помагала додека поради тоа што при влезот во судската зграда има скали и инсталиран е лифт за да се овозможи пристап за лица со посебни потреби. Судот нема свој паркинг на кој би се паркирале вработените во судот, но пред судската зграда има голем паркинг кој не е посебно уреден за да можат вработените да ги паркираат своите возила. Службените возила на судот се паркираат на еден од споредните влезови, заедно со возилото на Основното јавно обвинителство Велес.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот. Просторот пред писарниците е ограничен додека во нив има доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица. Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна. Судот не поседува киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат овие податоци.

Судската зграда има посебна соба за класифицирани информации со посебна заштитна врата.

ОС Велес располага со три судници во кои се обезбедени услови за подготовка на аудио запис од судењата, но не и видео записи. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи како и автомат за кафе. Тоалетите се достапни до странките во чекалницата, и истите е во полна функционалност.

Салите за состаноци и одлучување на судиите не поседуваат функционална опрема за стенографско водење на записник или друг вид на опрема со која би се обезбедило веродостојно водење на записниците.

Секој судија има своја канцеларија на вториот кат од судската зграда и истите се во посебен дел кој е обезбеден со врата за чие отворање е потребно посебна картичка.

Според просторните услови на ОС Велес, не се предвидени посебни простории за судиите поротници и адвокатите. Судот не располага со посебна просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат решетки на прозорците. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 16 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 15 |
| Број на санитарни чворови во судот | 10 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 4 од кои само едно во испаравна состојба и се користи |
| Список на возила и година на производство | -Mercedes Benz 191 произведено во 1989 г. -неисправно -Opel Omega A 21 I произведено во 1992 г. -неисправно -BMW 525 TDS произведено во 1998 г. -неисправно - Peugeot 308 произведено во 2018 г.- исправно, се користи |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема |
| Број на паркинг места за странки | Нема |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема |

Извор: доставени податоци од ОС Велес

## 3.2. Основен суд Гевгелија

### ИНФРАСТРУКТУРА

Зградата на ОС Гевгелија е со дата на изградба од 1973 година, и во неа покрај судот, сместени се и Основно јавно обвинителство Гевгелија и Државното правобранителство за подрачје Гевгелија. Трошоците за користењето на зградата ги сносат сразмерно само судот и Државното правобранителство, додека ОЈО не учествува во уделот. Зградата не поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Зградата има посебен влез и излез за судиите и вработени и посебен за странки во судот. Во судот е воспоставен и видео надзор кој се управува и следи од страна на Претседателката на судот.

ОС Гевгелија нема свој сопствен паркинг туку вработените, странките и лицата кои доаѓаат во судот го користат јавниот паркинг кој се наоѓа пред судот. Судската зграда има гаража во која се паркираат службените возила.

Во судот е инсталирана една надворешна рампа за пристап на лица со попреченост која води до влезот на ОС Гевгелија, но нема лифт. Судот не располага со посебна просторија за адвокатите и судиите поротници, ниту пак со просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Приемот на писмената, поднесоците, писмата и други документи се врши во просторија која е во непосредна близина до влезот на судската зграда. Пристапот е едноставен и лесен и просторот пред писарниците не е ограничен додека во нив има доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица. Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна. Судот не поседува киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат овие податоци.

Судниците во судот се доволно опремени за водење на јавни расправи, додека во една од нив се обезбедени и услови за изготвување на аудио запис од судењата. Салите за состаноци пак не поседуваат функционална опрема за стенографско водење на записник. Пред судниците има тоалети кои се функционални и достапни за странките и другите лица

Судот располага и со просторија за чување на привремено одземен имот во неправосилните кривични и прекршочни постапки кои претставуваат доказен материјал. Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата не е заштитен со посебна врата. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат решетки на прозорците. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани. ОС Гевгелија има проблем со обемот на архивата која треба да биде предадена во Државниот архив. Покрај ова, судот има проблем и со предадените предмети од нотарите кои се пензионирани и истиот претставува сервис за чување и давање на увид на нотарските предмети од пензионираните нотари.

Судската зграда има сериозен проблем кровот, преку кој влегува вода во ѕидовите што може да се воочи како во една од судниците така и по канцелариите и ходниците на судот. Потребно е да се итно да се санира оваа состојба поради ризик од оштетување на ѕидовите и електричната инсталација како и по здравјето на вработените во судот.

Покрај ова, ОС Гевгелија има сериозен проблем ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија.

Исто така, ОС Гевгелија има проблем со обезбедувањето на простор за одземени предмети со кои е сторено кривично дело во кривични и прекршочни постапки кои претставуваат доказен материјал бидејќи Агенцијата за управување со одземен имот и покрај својата обврска да ги преземе овие предмети воопшто не ја исполнува истата, поради што ОС Гевгелија како и останатите основни судови се всушност чувари на овие предмети.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 12 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 15 |
| Број на санитарни чворови во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | -Две ПМВ возила во исправна состојба<br>-Две ПМВ возила во неисправна состојба |
| Список на возила и година на производство | -Peugeot 205 произведено во 1997 г.<br>-Ford fokus произведено во 2001 г.<br>-Passat произведено во 2002 г. и<br>-Opel Astra произведено во 2019 г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема |
| Број на паркинг места за странки | Нема |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема |

Извор: доставени податоци од ОС Гевгелија

## 3.3. Основен суд Кавадарци

### ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на Основниот суд Кавадарци е во сопственост на Република Северна Македонија. Зградата е изградена уште пред повеќе од 100 години но истата е соодветно одржувана поради што е во добра состојба и во целост функционална. Зградата не поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво. Судската зграда не се наоѓа во центарот на градот и пристапот до истата е преку населено место со тесни улички. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните но не и за лицата со посебни потреби. Судот има свој паркинг на кој се паркираат службените возила на судот, како и вработените во судот и странките.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Во судот е воспоставен видео надзор во рамки на работењето на судот, а надзорот го врши лице определено за таа функција од страна на Претседателот.

Сите вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку главниот влез заедно со други лица, кои доаѓаат во судот.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Приемот на писмената, поднесоците, писмата и други документи не се врши во просторија која е во непосредна близина до влезот на судската зграда. Во судската писарница се даваат известувања врз основа на податоците од предметот. Пристапот до приемното одделение во судот е едноставен но не постои можност за лесна комуникација поради поставеноста на шалтерот. Судската зграда има три судници кои се опремени и се целосно функционални и обезбедени се услови за подготовка на аудио и визуелни записи од судењата, но не и стенографско водење на записите. Една од судниците ги има сите услови за судење по електронски пат. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени монитори т.е. телевизори преку кои може да се следи секое судење кое во моментот се одвива во судниците. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата но истиот се наоѓа на меѓу приземјето и првиот кат, и истиот е во полна функционалност.

Секој судија има своја канцеларија на вториот кат од судската зграда и делот на судската зграда во која се наоѓаат не е обезбеден со посебни врати на заклучување. Обезбедена е просторија за случаи на малолетничка правда. Судот не поседува киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат податоците за новите предмети.

Според просторните услови на ОС Кавадарци, предвидени се и посебен влез и излез за странките наспроти вработените во судот. Судот има обезбедено и посебни простории за судиите поротници и адвокатите. Судот не располага со посебна просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат решетки на прозорците и во истите е сместен и дел за вработените каде можат да се дружат и да се одморат. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани.

Посебен проблем претставува влагата која се јавува во подрумските простории во која е сместена архивата а која се јавува поради староста на судската зграда.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 8 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 18 |
| Број на санитарни чворови во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 2 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 1 |
| Список на возила и година на производство | -Пасат 2003 |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 4 |
| Број на паркинг места за странки | 29 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 2 |

Извор: доставени податоци од ОС Кавадарци

## 3.4. Основен суд Кратово

### ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на Основниот суд Кратово е изградена во 1974 година и за истата судот поседува имотен лист. Во зградата на ОС Кратово не се сместени останати државни органи и институции. На влезната врата нема метал детектор, но има видео надзор за кој има назначено посебна служба. Судската зграда не поседува сертификат за енергетска ефикасност и е единствената судска зграда во Република Северна Македонија која има самостојно греење на електрична енергија. На влезот во судот е поставена една рампа за олеснет пристап  за лицата со попреченост или инвалидитет.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

ОС Кратово поседува само една судница во која се обезбедени услови за изготвување на видео запис од судењата, а салите за состаноци немаат функционална опрема за стенографско водење на записник или друга опрема за веродостојно водење на записниците. Во судот делумно се опремени судниците за водење јавни расправи. Судот не поседува киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат потребните податоци за нивните предмети.

ОС Кратово нема обезбедено соодветна просторија за судии поротници и за адвокати, ниту поединечен влез и излез за судиите и вработените на Судот наспроти странките и општата јавност. Судот не располага со посебна просторија предвидена за доење. Простории за згрижување на предучилишните деца на судиите или вработените во службата не се обезбедени.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата не е заштитен со посебна безбедносна врата кои бидејќи Агенцијата за управување со одземен имот и покрај својата обврска да ги преземе овие предмети воопшто не ја исполнува истата, поради што ОС Кратово како и останатите основни судови се всушност чувари на овие предмети.

Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци на кои нема решетки. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани. Посебен проблем претставува влагата која се јавува во подрумските простории во која е сместена архивата а која се јавува поради поставеноста на судската зграда односно поради тоа што се наоѓа на удолнина од каде поминува атмосферската вода.

Покрај ова, ОС Кратово има сериозен проблем ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија.

Судот има старо службено возило за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 4 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 8 |
| Број на санитарни чворови во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 1 |
| Список на возила и година на производство | -Ауди 80 произведено во 1989 г., „Голф 2 и „Ауди 100" произведени во 1992 година кои се целосно нефункционални |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 0 |
| Број на паркинг места за странки | 0 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Кратово

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

### ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на Основниот суд Крива Паланка е изградена во 1973 година и судот за неа поседува имотен лист, јавно достапен на веб страната на судот. Во зградата на ОС Крива Паланка се наоѓа во центарот на градот и покрај ОС Крива Паланка во судската зграда е сместено и Основното јавно обвинителство на Крива Паланка. Трошоците за електричната енергија се покриени од Основното јавно обвинителство, додека сите останати ги покрива ОС Крива Паланка. На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда и има воспоставен видео надзор. Пред зградата е поставена пристапна патека која води до влезот на судската зграда, додека посоодветни капацитети сеуште не се обезбедени. Во судот не е обезбеден посебен влез и излез за странките, судиите и останатите вработените.

Судската зграда нема посебен паркинг туку користи јавен паркинг. ОС Крива Паланка има сопствена гаража која се наоѓа на 500 метри од судската зграда и истата се користи за одложување на стари ствари и за чување на хаварисано моторно возило.

Судската зграда не поседува сертификат за енергетска ефикасност и има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

ОС Крива Паланка поседува само една судница во која се обезбедени услови за изготвување на видео запис од судењата, а салите за состаноци немаат функционална опрема за стенографско водење на записник или друга опрема за веродостојно водење на записниците сите судници. Во судот има доволно опремени судници за водење јавни расправи по предметите. Судот не поседува киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат потребните податоци за нивните предмети.

ОС Крива Паланка нема обезбедено соодветна просторија за судии поротници и адвокати.

Во ОС Крива Паланка приемот на писмената, поднесоците, писмата и други документи се врши во просторија која е на првиот кат на судската зграда што претставува дополнително отежнување при подигнување на писмената. ОС Крива Паланка има назначено посебна служба задолжена за видео надзорот над работењето на судот. Просторот пред писарницата не е ограничен додека во нив неа има доволно простор за вработените. Комуникацијата се одвива преку стаклен шалтер што истата ја прави едноставна и ефикасна.

Пред судниците и писарницата има тоалети кои се достапни за странките во чекалницата, и истите се во полна функционалност. Секој судија има своја канцеларија и истите се наоѓаат на кат кој е обезбеден со врата за чие отворање е потребно посебна картичка.

Во судот сите посебни докази и списи од водените постапки се чуваат во посебна просторија, односно во судската архива. ОС Крива Паланка има стари службени возила за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила. Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата не е заштитен со посебна врата. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат решетки на прозорците. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани.

Покрај ова, ОС Крива Паланка има проблем со ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија.

Исто така, ОС Крива Паланка има проблем со обезбедувањето на простор за одземени предмети со кои е сторено кривично дело во кривични и прекршочни постапки кои претставуваат доказен материјал бидејќи Агенцијата за управување со одземен имот и покрај својата обврска да ги преземе овие предмети воопшто не ја исполнува истата, поради што ОС Крива Паланка како и останатите основни судови се всушност чувари на овие предмети.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 6 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 9 |
| Број на санитарни чворови во судот | 4 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 3 |
| Список на возила и година на производство | Нема податоци |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 0 |
| Број на паркинг места за странки | 0 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Крива Паланка

# 3.6. Основен суд Куманово

## ИНФРАСТРУКТУРА

Зградата на Основниот суд Куманово е градба од 1945 година и истата е соодветно одржувана поради што е во добра состојба и во целост функционална и се наоѓа во центарот на градот. Во просториите на зградата се сместени два државни органи – Основно јавно обвинителство Куманово и Државно правобранителство Куманово. Трошоците за користење на зградата ги сносат сите корисници сразмерно, согласно површината која ја користат. Судската зграда нема сертификат за енергетска ефикасност и има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво. ОС Куманово има план за гасификација на судската зграда имајќи предвид дека постои можност поради тоа што околните згради, Општина Куманово, СВР Куманово се веќе дел од гасоводниот систем.

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за помагала и инсталиран е лифт за да се овозможи пристап за лица со посебни потреби до судниците. Судот нема свој паркинг на кој би се паркирале вработените во судот, а службеното возило се паркира пред главниот влез на судот. Вработените во судот ги паркираат своите возила на околните улици. Основниот суд води судска постапка за дел од земјиштето кое се наоѓа зад судската зграда со цел да се има пристап до резервоарот за нафта за парното греење на судската зграда и да се овозможи добивање на неколку места за паркирање.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку главниот влез но на различна врата за разлика од лицата кои влегуваат во судот.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Приемот на писмената во Основниот суд Куманово се врши во просторија која е во непосредна близина до влезот на судската зграда. Едноставен и лесен е пристапот до приемната писарница во судот. Просторот пред писарницата не е ограничен додека во неа има доволно простор за вработените. Комуникацијата се одвива преку стаклен шалтер што истата ја прави едноставна и ефикасна.

Во вкупно 5 сали за судење се обезбедени услови за изготвување на аудио запис од судењата. Салите за судење во кои постапуваат судиите од граѓанскиот оддел (освен една сала за судење) се опремени со систем за тонско снимање согласно одредбите на ЗПП, додека 3 сали за судење во кои постапуваат судиите во кривичниот оддел не располагаат со опрема за аудио снимање на рочиштата согласно одредбите на ЗКП. Пред судниците има чекалници каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи како и автомат за кафе. Тоалетите се достапни за странките во чекалницата, и истите се во полна функционалност.

Секој судија има своја канцеларија и истите не се обезбедени со врата за чие отворање е потребно посебна картичка. Судот не поседува киоск компјутер.

Судот има соба за притворени лица кои престојуваат во истата пред и по рочиштето.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат решетки на прозорците. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата претставува посебен ризик од причина што истата не е лачена односно не се предадени во државниот архив и не се поништени од 1946 година и поради тоа постои пренатрупаност до мерка на целосна исполнетост на подрумите во кои се наоѓа архивата. Постои ризик од пожар бидејќи сите подрумски простории се до плафон полни со судски списи.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 26 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 34 |
| Број на санитарни чворови во судот | 24 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 3 од кои 2 се во употреба, а 1 не е во употреба |
| Список на возила и година на производство | -Елантра произведено во 2019г.<br>-Пасат произведено во 2002г.<br>Мерцедес произведено во 1993г.<br>-не е во употреба |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема |
| Број на паркинг места за странки | Нема |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема |

Извор: доставени податоци од ОС Куманово

## 3.7. Основен суд Неготино

### ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на Основниот суд Неготино е всушност станбена зграда со издвоен посебен влез за судот која е изградена 1990тите години. Над деловниот простор кој го користи судот има индивидуални станови, а во склоп на истата зграда има и деловни простории на подружници на државни органи (Централен регистар на РСМ, Шумска полиција), но со посебни влезови. Трошоците се во целост надоместени од Основен суд Неготино за деловите од зградата кои ги користат. Судот има греење кое е самостојно и истото е на електрична енергија

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за лица со посебни потреби. Во случаи кога странката е лице со попреченост, за конкретниот предмет и судење се користи една просторија на приземјето во судот, бидејќи до спратот каде што се наоѓаат судниците, нема пристап за лица со попреченост (има повеќе скали, а нема лифт). Во ОС Неготино не е обезбеден ниту посебен влез и излез за вработените наспроти странките и јавноста. Судот не располага со посебна просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Судот нема свој паркинг на кој би се паркирале вработените во судот и лицата кои доаѓаат во судот, но пред судската зграда има можност да се обезбедат неколку паркинг места кои сепак не би можеле да ги задоволат потребите на судот.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Во судот е воспоставен видео надзор во на приземјето на судот и на спратот каде што се наоѓаат судниците, а надзорот го вршат припадниците на судската полиција. Сите вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку главниот влез заедно со други лица, кои доаѓаат во судот.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот. Просторот во нив има доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица. Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна. ОС Неготино не поседува киоск компјутер за потребите на странките и останатата јавност.

Судската зграда има три судници од кои во една судница се обезбедени услови за подготовка на аудио запис од судењата, но не и видео записи и таа се користи за судења во парнични предмети. Ценејќи според Извештајот на Апелациониот суд Скопје доставен при работна посета за примената на Законот за управување со движењето на предметите, констатирано е дека во ОС Неготино не е обезбедена никаква поддршка на системот за тонско снимање во судот, дека не се врши надградба на апликацијата и каков било проблем со хардверскиот дел од опремата нема да може да се надмине.

Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност.

Во судот нема посебна просторија за состаноци. Седниците на судиите се одржуваат во Кабинетот на претседателот на судот, а доколку е потребно одржување на состанок со сите судски службеници истовремено, истиот се одржува во едната судница која е со поголем капацитет.

Секој судија има своја канцеларија на вториот кат од судската зграда.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани. Предметите на судот со сите списи кон истите по кои постапките се во тек се чуваат во соодветни шкафови во писарници, архивираните предмети чиј рок на чување не е истечен се чуваат во издвоена подрумска просторија, на метални полици и во метални ормани. Одземените предмети се чуваат со две посебни простории (една подрумска и една на кат) додека пари или други скапоцени предмети се чуваат во сеф.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 5 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 9 |
| Број на санитарни чворови во судот | 5 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 2 |
| Список на возила и година на производство | Нема податоци |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 0 |
| Број на паркинг места за странки | 0 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Неготино

# 3.8. Основен Граѓански суд Скопје

## ИНФРАСТРУКТУРА

Зградата на Основен Граѓански суд Скопје е дадена во употреба на судот во септември 1998 година. Зградата има имотен лист но нема сертификат за енергетска ефикасност. Основниот Граѓански суд Скопје и дел од просториите на Врховниот суд на РСМ - првите три ката од зградата, како и дел од просториите на Апелацискиот суд Скопје. Трошоците за користење на зградата ги сносат сите корисници сразмерно согласно површината која ја користат. Судската зграда има посебен влез и излез за странките и вработените во судот. Во судот не е поставена рампа за олеснет пристап до зградата за лица со попреченост, ниту пак има функционален лифт. Писарниците се наоѓаат на приземјето на зградата, непосредно до влезот, додека судниците се на погорните катови од судот. Со оглед на тешката пристапност на судниците кои се наоѓаат на горните катови во судот, за лицата со посебни потреби во движењето, а со цел да им се овозможи непречено физичко учество во постапката и пристап до судот, се организира одржување на судски рочиштта во пристапна просторија на приземјето на судот.

Судската зграда има проблем со несоодветниот простор имајќи предвид дека најголем дел од просториите во приемниот дел се преградени за да се обезбедат доволно простории како за вработемите така и списите кои ги прима судот. Исто така, тргнувајќи од фактот дека зградата е во функција повеќе од 30 години, во судот имаат проблем со дограмата бидејќи постои опасност истата да се откачи и да падне од зградата бидејќи истата не е во функција. Дополнителен проблем е и користење на лифтот до кој пристапот е од главниот влез од Врховниот суд на РСМ. Поради немање на дозвола од Врховниот суд, лифтот не може да се користи ниту од страна на вработените во судот а ниту ни од страна на лицата со посебни потреби при движењето кои доаѓаат во судот.

Основниот Граѓански суд Скопје користи паркинг заедно со Врховниот суд на РСМ и има многу ограничен број на места за паркирање.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Приемот на писмената во Основниот Граѓански суд Скопје се врши во просторија која е во непосредна близина до влезот на судската зграда. Судот поседува киоск компјутер но истиот не е во функција.

Судниците во судот се опремени со опрема за тонско снимање, но во дел од нив истата е нефункционална. Функционална компјутерска опрема е обезбедена за сите судници како и за салата за состаноци на Основниот Граѓански суд Скопје.

Видео надзор е овозможен и спроведен во судот. Судот поседува посебна просторија за чување на доказите на водените постапки. Архивираните кривични предмети по кои постапувал овој суд се до 2007 година се чуваат во самата архива на судот, во кој има и сеф за останати докази од кривичните постапки. Судот не располага со посебна просторија за адвокатите и судиите поротници, ниту пак со просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Основниот Граѓански суд Скопје има проблем и со просторот кој е наменет за архивирање. Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории но и во просторот пред судниците кој е заграден на секој кат и наменет за архива. Архивата претставува посебен ризик од причина што истата и покрај тоа што се лачи е огромна бидејќи Основниот Граѓански суд Скопје е суд со најголем обем на предмети и на работа во Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 66 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 55 + 3 дактилобироа |
| Број на санитарни чворови во судот | 30 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 2 |
| Список на возила и година на производство | ПМВ Марка „Мерцедес", година на производство 2002, ПМВ "Superb„ година на производство 2019. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 34, наменети за судии |
| Број на паркинг места за странки | Нема |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема |

Извор: доставени податоци од Основен Граѓански суд Скопје

Покрај ова, Основниот Граѓански суд Скопје има сериозен проблем со ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија. Основниот граѓански суд во 2019 година сптоведе постапка за отстранување на отпадот на судот (расходувана канцелариска и компјутерска опрема) но постапката останува и понатаму крајно комплицирана.

## 3.9. Основен Кривичен суд Скопје 1

### ИНФРАСТРУКТУРА

Зградата на Основниот Кривичен суд Скопје заедно со Основниот Граѓански суд во Скопје се сместени во две згради. Едната зграда  судска зграда во која беше сместен судот до 2019 година додека другата е изградена во седумдесетите години од минатиот век. Судот за поновата зграда поседува имотен лист и истата се наоѓа на влезот во центарот на градот во т.н. Судска палата. Дел од просториите на судот се користат од страна на Службата за пробација која е во состав на Министерството за правда, но од судот не обезбедија податоци за начинот на кој корисниците ги сносат трошоците за површината што ја користат. Од судот не обезбедија податоци за енергетската ефикасност на судските згради. Судските згради имаат централно парно греење. Новата зграда на Основниот Кривичен суд Скопје се користи за кривичните предмети додека старата зграда се користи за судење за прекршочни предмети.

Судските згради има посебен влез и излез за странките и вработените во судот, како и паркинг кој се користи за службените возила но истиот во основа е во функција на превоз на обвинети до судот.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Пристапот до двете судски згради е прилагоден за странките а посебно за лицата со посебни потреби. Во новата зграда има и лифт кој е соодветно позициониран за да биде лесен и брз пристапот до судниците и до чекалните додека во старата зграда нема лифт. Приемот на писмената во во двете згради Основниот Кривичен суд Скопје се врши во просторија која е во непосредна близина до влезот на судската зграда. Судот не поседува киоск компјутер.

На главниот влез во судските зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда.

Вкупно 24 од судниците во новата судска зграда се опремени со опрема за тонско снимање. Функционална компјутерска опрема е обезбедена и за судниците и за салата за состаноци на Основниот Кривичен суд Скопје .

Видео надзор е овозможен и спроведен во двете судски згради и набљудувањето го спроведува судската полиција.

Судот располага со сопствена просторија за чување на докази и списи односно архива и во двете судски згради, а во тек е и подготовка на просторија за судии поротници и за адвокати.

Просторот за Архивата со кој располага судот е просторно несоодветен бидејќи нема доволно простор имајќи го предвид обемот на предметите кои се архивираат но и предмети кои се чуваат како архивска граѓа од траен карактер од кривична и граѓанска област. Исто така во новата зграда не е предвидено доволно простор за материјалите кои ги користи судот бидејќи дел од истите се складирани во подрумот односно во делот на гаражниот простор.

Покрај ова, Основниот Кривичен суд Скопје има сериозен проблем ствари кои се расходувани а кои не може да ги оттуѓи поради сложената постапка која е предвидена со Законот за оттуѓување на движни ствари бидејќи за оттуѓувањето на стварите кои се нефункционални (скршени, искористени, стари и други) треба да се одлучува на седница на Владата на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 53 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 58 |
| Број на санитарни чворови во судот | 8/30 38 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 5 |
| Список на возила и година на производство-Во прилог | Нема податоци |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 41 |
| Број на паркинг места за странки | 0 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од Основен Кривичен суд Скопје

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

### ИНФРАСТРУКТУРА

Основниот суд во Берово има судска зграда која е изградена '70тите години од минатиот век но истата ја дели со Основното обвинителство Берово. Зградата се наоѓа во центарот на градот. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи на влез во судската зграда има рампа за помагала за движење. Судот користи паркинг на кој се паркираат вработените во судот и странките кој се наоѓа на парцела соседна на парцелата на која се наоѓа судската зграда. Судот има закупено гаража во соседната станбена зграда. Судиите и судската администрација влегуваат и излегуваат преку службен влез/излез додека странките влегуваат на главниот влез на судската зграда.

На главниот влез во судската зграда метал детектор.

Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво и нема сертификат за енергетска ефикасност.

### ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во ОС Берово има една судница во која се обезбедени услови за аудио записи од судењата, но не е поставена опрема за видео записи. До судниците кои се наоѓаат на првиот кат до кој водат многу стрмни внатрешни згради. Судската зграда нема инсталирано лифт. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност, но потребно му е реновирање. Секој судија има своја канцеларија во судската зграда.

Приемот на писмената, поднесоците, писмата и други документи се врши во приемната писарница која не се наоѓа во непосредна близина до влезот на судската зграда. Просторот пред писарницата не е ограничен додека во нив неа има доволно простор за вработените. Комуникацијата се одвива преку стаклен шалтер што истата ја прави едноставна и ефикасна. Судот не поседува киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат овие податоци.

Видео надзор е воспоставен во рамки на работењето на судот, а надзорот го врши судската полиција.

Салите за состаноци и одлучување на судиите не поседуваат функционална опрема за стенографско водење на записник или друг вид на опрема со која би се обезбедило веродостојно водење на записниците.

Според просторните услови на ОС Берово не се предвидени посебна просторија за судиите поротници и адвокатите. Во ОС Берово обезбеден е посебен влез и излез за судиите, вработените на судот и за странките и јавноста. Судот не располага со посебна просторија за доење или има просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските и приземните простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со метална врата. Во архивата и другите подрумски простории има влага која веќе има влијание на архивираните предмети како и предметите кои се чуваат во подрумот на судот. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци со решетки. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Во архивата постои пренатрупаност пред се поради преземање на архивите на нотарите кои се пензионираат како и дел од просториите се преполни со стари ствари, мебел, стара компјутерска опрема која не е оттуѓена поради сложеноста на постапката за оттуѓување на движни ствари. Дворот на судот е заграден со ограда и истиот се одржува.

Судот имаат службено возило кое е постаро повеќе од 20 години за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила.

Состојбата на зградата е релативно функционална, но потребни се реконструкции на канцелариските подови кои се стари повеќе од 40 години и се во лоша состојба, како и подните плочки на ходниците од приземјето и катовите кои се видливо дотраени и го нарушуваат изгледот на судот.

Судската зграда има ПВЦ дограма но сепак зградата има сериозен проблем со влагата, која ги нагризува ѕидовите посебно во стаклениот дел кој е централен дел на судската зграда како и кровот на зградата за кој постои ургентна потреба за реконструкција. Потребно е да се итно да се санира оваа состојба поради ризик од оштетување на фасадата и на просториите во судската зграда каде веќе може да се забележи оштетување од влага. Исто така е потребно целосно реновирање на судот од аспект на освежување на канцеларискиот мебел, подот и останатиот инвентар бидејќи истите датираат од изградбата и пуштање во функција на судската зграда пред повеќе од 45 години.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 4 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 9 |
| Број на санитарни чворови во судот | 5 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 1 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 1 |
| Список на возила и година на производство | Форд Ескорт 1998 |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема податоци |
| Број на паркинг места за странки | Нема податоци |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од ОС Берово

## 4.2. Основен суд Виница

### ИНФРАСТРУКТУРА

Основниот суд во Виница има судска зграда која е изградена ′60тите години од минатиот век која во 1989 година Општина Виница ја дала на користење на судот. Истата зграда претходно била здравствен дом поради што и не е во целост соодветна за судска зграда. Сопственик на судската зграда е Република Северна Македонија. Зградата се наоѓа во близина на центарот на градот. Во зградата на ОС Виница не се сместени други државни органи. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи на влез во судската зграда има рампа за инвалидски помагала. Судот користи паркинг на кој се паркираат вработените во судот и странките кој се наоѓа пред дворот на судската зграда. Судиите и судската

администрација влегуваат и излегуваат преку ист влез/излез иако во самата зграда има уште еден влез/излез но истиот треба да се приспособи за таа намена. Барани се дополнителни финансиски средства од Судскиот буџет за ставање во функција и на тој влез/излез но не биле одобрени. Судот не располага со посебна просторија за доење или има просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата.

Зградата не поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво. Приемот на писмената, поднесоците, писмата и други документи се врши во писарница до која е едноставен и лесен е пристапот но истата нема шалтери туку се сместени во посебни простории.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во ОС Виница има една судница во која се обезбедени услови за аудио записи од судењата, но не е поставена опрема за видео записи. Пред судницата има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност, но потребно му е реновирање.

Видео надзор е воспоставен во рамки на работењето на судот, а надзорот го врши информатичарот и судската полиција. Доказите и списите за предметите и постапките се чуваат во посебна просторија на судот. Салите за состаноци и одлучување на судиите не поседуваат функционална опрема за стенографско водење на записник или друг вид на опрема со која би се обезбедило веродостојно водење на записниците. Според просторните услови на ОС Виница не се предвидени посебна просторија за судиите поротници и адвокатите, па за тие намени се користат постојните канцеларии кои се слободни поради испразнетите работни места.

Архивата на судот се наоѓа во простории на приземјето каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци истите се заштитени со метални решетки. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени во метални ормани.

Судот не поседува киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат овие податоци.

Потребно е целосно реновирање на судот од аспект на освежување на канцеларискиот мебел, подот и останатиот инвентар бидејќи истите датираат од изградбата и пуштање во функција на судската зграда пред 50 години.

Судот имаат службено возило кое е постаро повеќе од 20 години за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 3 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот | 3 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 1 |
| Список на возила и година на производство | -Едно возило произведено во 2002 г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 8 |
| Број на паркинг места за странки | 5 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Виница

# 4.3. Основен суд Делчево

## ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на ОС Делчево е изградена во 1978 година. Во истата зграда е сместено и Основно јавно обвинителство но трошоците за вода и греење на зградата не ги сносат сразмерно согласно површината која ја користат туку истите ги плаќа ОС Делчево.

Зградата во која што е сместен судот е на два спрата со два посебни влеза, од кои едниот го користи ОЈО Делчево. На приземјето од зградата се сместени судска полиција, централа, отсек за прием и експедиција, прекршочен отсек, граѓански отсек, кривичен отсек, вонпарничен отсек, благајна, извршен отсек, просториите за стручни соработници, доставувачи и три посебни простории што ги користи Основното јавно обвинителство на Делчево. Пристапот до приемната писарница во судот едноставен и лесен и директно поврзан со главниот влез. Просторот пред писарницата не е ограничен додека  во нив неа има доволно простор за вработените. Комуникацијата се одвива преку стаклен шалтер што истата ја прави едноставна и ефикасна.

На првиот кат се сместени кабинетот на претседателот на судот, судските кабинети, судници, канцелариите за стручни соработници, дактилографи и чекална. Секој судија има своја канцеларија во судската зграда. Затоплувањето на судската зграда се врши со парно греење на екстра лесно масло.

Во 2019 година бил набавен еден нов котел за парното греење но инсталацијата за парно греење е дотраена и е неопходно итно реновирање. Истата година била извршена замена на столаријата на судската зграда со ПВЦ. Столаријата била од самата изградба (во 1975 година) кога судската зграда е пуштена во употреба и до 2019 година не било интервенирано ниту во дограмата ниту во фасадата на зградата. Судската зграда нема сертификат за енергетска ефикасност.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Судот располага со три судници од кои во една се обезбедени услови за изготвување аудио запис од судењата. Судниците се доволно опремени за да се водат јавни расправи. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност.

Судот нема издвоена просторија за судиите поротници и просторија за адвокатите и не располага со посебен влез и излез од просториите за судиите и вработените наспроти странките и јавноста. Исто така, судот не располага со посебна просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата. Нема ни киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат саканите податоци.

Од ОС Делчево сметаат дека нема потреба од обезбедување посебни рампи и лифтови за пристап на лицата со попреченост бидејќи влезот во судот е на исто ниво со улицата на која се наоѓа судската зграда. Во судот нема лифт поради што е оневозможено движење на горниот кат на лица кои користат помош при движење.

На главниот влез во судската зграда нема метал детектор ниту инсталиран видео надзор.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските и приземните простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со метална врата. Во архивата и другите подрумски простории има влага која веќе има влијание на архивираните предмети како и предметите кои се чуваат во подрумот на судот. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци со решетки. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со

одземен имот. Во архивата постои пренатрупаност пред се поради преземање на архивите на нотарите кои се пензионираат како и дел од просториите се преполни со стари ствари, мебел, стара компјутерска опрема која не е оттуѓена поради сложеноста на постапката за оттуѓување на движни ствари.

Судската зградата има сериозен проблем со влагата, која ги нагризува ѕидовите посебно во големата судница која не е функционална и постои ургентна потреба за реконструкција за санирање на влагата. Судската зграда има посебен проблем со излевање на вода во гаражата и постои опасност од оштетување на електричната инсталација како и на просториите во долниот дел на судската зграда. Потребно е да се итно да се санира оваа состојба поради ризик од оштетување на просториите во судската зграда каде веќе може да се забележи оштетување од влага. Исто така е потребно целосно реновирање на судот од аспект на освежување на канцелариските мебел, подот и останатиот инвентар бидејќи истите датираат од изградбата и пуштање во функција на судската зграда пред повеќе од 40 години.

Судот имаат службено возило кое е постаро повеќе од 25 години за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 6 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 4 |
| Број на санитарни чворови во судот | 5 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | -Две од кои еднo е неисправно-хаварисано |
| Список на возила и година на производство | -Опел Вектра произведено во 1998г.<br>-Лада произведено во 1997г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема |
| Број на паркинг места за странки | Нема |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема |

Извор: доставени податоци од ОС Делчево

## 4.4.Основен суд Кочани

### ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на Основниот суд Кочани е изградена во 1968 година век но истата е соодветно одржувана поради што е во добра состојба и во целост функционална и се наоѓа во близина на центарот на градот. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за помагала. На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку службен влез за вработените од судот.

Судот има свој паркинг на кој паркираат вработените во судот и каде се паркирани и службените возила. Дворот на судот е заграден со ограда и истиот се одржува.

Судот поседува имотен лист за судската зграда во која покрај ОС Кочани се сместени и ОЈО и подрачното одделение на Државното правобранителство на Кочани. Помеѓу институциите нема договор за сразмерно покривање на трошоците за одржување на зградата и поради тоа трошоците во целост ги плаќа Основниот суд Кочани. Судската зграда не поседува сертификат за енергетска ефикасност но судската зграда има сменета дограма што ја прави зградата делумно енергетски ефикасна. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Приемот на писмената, поднесоците, писмата и други документи се врши во просторија на приземје на зградата, која е во непосредна близина до влезот на судската зграда. ОС Кочани поседува киоск компјутер за потребите на странките и останатата јавност. Едноставен и лесен е пристапот до приемната писарница во судот. Просторот пред писарницата не е ограничен додека во нив неа има доволно простор за вработените. Комуникацијата се одвива преку стаклен шалтер што истата ја прави едноставна и ефикасна.

ОС Кочани располага само 3 судници од кои само една судница во која се обезбедени услови за аудио запис од судењата во граѓанските предмети, но не и видео записи. Пред делот со судниците има чекалници каде има доволно простор за странките и другите лица и каде се поставени клупи како и автомат за кафе. Судот има соба за притворени лица кои престојуваат во истата пред и по рочиштето. Тоалетите се достапни за странките во чекалницата, и истите се во полна функционалност.

Секој судија има своја канцеларија и истите не се обезбедени со врата за чие отворање е потребно посебна картичка. Во судот е воспоставен видео надзор во на приземјето на судот и на катот каде што се наоѓаат судниците, а надзорот го врши командирот на судската полиција. Во судот нема посебна просторија за состаноци.

Судот не располага со посебна просторија за доење и нема просторен капацитет за згрижување на предучилишни деца на судиите и вработените во службата

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со метална врата. Во архивата и другите подрумски простории има влага која веќе има влијание на архивираните предмети како и предметите кои се чуваат во подрумот на судот. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци со решетки. Овие предмети заземаат поголем простор не само поради количината туку и поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Во архивата постои пренатрупаност пред се поради преземање на архивите на нотарите кои се пензионираат како и дел од просториите се преполни со стари ствари, мебел, стара компјутерска опрема која не е оттуѓена поради сложеноста на постапката за оттуѓување на движни ствари.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 9 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 5 канцеларии и едношалтерски систем |
| Број на санитарни чворови во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема податоци |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 1 |
| Список на возила и година на производство | -Пежо 308 произведено во 2019 г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 10 |
| Број на паркинг места за странки | Нема податоци |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема податоци |

# 4.5. Основен суд Радовиш

## ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на Основниот суд Радовиш е изградена во 1972 година и истата е соодветно одржувана поради што е во добра состојба и во целост функционална и се наоѓа во центарот на градот. ОС Радовиш има имотен лист за судската зграда. Во судската зграда се сместени Основното јавно обвинителство Радовиш, Агенцијата за катастар на недвижности – подрачна канцеларија Радовиш и Управата за јавни приходи– подрачна канцеларија Радовиш.

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи е изградена рампа за помагала за движење но во судската зграда нема инсталирано лифт. Судот нема свој паркинг на кој би се паркирале вработените во судот, но покрај тоа што од задната страна на судската зграда има голем простор кој може да се користи за паркинг но истиот е во сопственост на општината. Судот нема поединечен влез и излез за судиите и вработените на судот наспроти странките и општата јавност, и покрај тоа што има заден излез на судската зграда. На главниот влез во судската зграда нема ниту метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Судската зграда има дополнителен влез/излез кој излегува директно на тоа земјиште, што може да биде влез за вработените во судот.

Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво и нема сертификат за енергетска ефикасност. Агенцијата за катастар на недвижности и УЈП ги подмируваат сметките за вода и греење самостојно, додека сметките на ОЈО Радовиш се фактурираат на сметката на судот и ги подмирува самиот суд. Судската зграда има сериозен проблем со кровот, преку кој влегува вода во ѕидовите што може да се воочи како во една од судниците така и по ходниците на судот. Потребно е да се итно да се санира оваа состојба поради ризик од оштетување на ѕидовите и електричната инсталација како и по здравјето на вработените во судот.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Судската зграда има три судници кои се опремени и се целосно функционални. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност.

Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот. Просторот пред писарниците е ограничен додека во нив има доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица. Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна.

Судот не поседува киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат потребните податоци за нивните предмети.

Салите за состаноци и одлучување на судиите поседуваат функционална опрема за стенографско водење на записник или друг вид на опрема со која би се обезбедило веродостојно водење на записниците. Судот исто така поседува доволен број на опремени судници за водење јавни расправи.

ОС Радовиш нема обезбедено соодветна просторија за судии поротници и за адвокати, ниту располага со посебна просторија предвидена за доење, ниту простории за згрижување на предучилишните деца на судиите или вработените во службата. Секој судија има своја канцеларија во судската зграда и истите се во посебен дел кој не е обезбеден со безбедносна врата. ОС Радовиш има обезбедно видео надзор во судската зграда, кој го контролира судската полиција.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат прозорци кои не се заштитени со решетки. Голем простор земаат предмети заземаат предметите кои се одземено во кривична и прекршочна постапка поради ненавременото подигање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани и дрвени полици. Постои можност за драстично зголемување на архивата на судот бидејќи дел од подрумските простории кои се дел од зградата за кои може да се направи пристап од судот но истиот има и пристап од надвор се во владение на судот но потребни се инвестиции за чистење, реновирање и опремување на тој подрумски простор бидејќи е преполн со стари ствари, мебел, стара компјутерска опрема која не е оттуѓена поради сложеноста на постапката за оттуѓување на движни ствари.

Судот нема службено возило за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 5 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 13 |
| Број на санитарни чворови во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема податоци |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | Моментално судот нема возило во возна состојба на располагање и нема дадено на користење |
| Список на возила и година на производство | 3 возила постари од 30 год. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 1-недоволно |
| Број на паркинг места за странки | Нема |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема |

Извор: доставени податоци од ОС Радовиш

# 4.6. Основен суд Свети Николе

## ИНФРАСТРУКТУРА

Основниот суд во Свети Николе има судска зграда која е изградена 1976 година но истата е соодветно одржувана поради што зградата е во многу добра состојба и раководството на судот прави напори за одржување на соодветна функционалност на судската зграда. Зградата се наоѓа во близина на центарот на градот. Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи нема пречки за влез во судската зграда. На главниот влез во судската зграда нема метал детектор. Судиите и судската администрација влегуваат и излегуваат преку ист влез/излез.

Судот користи паркинг на кој се паркираат вработените во судот и странките и кој се наоѓа на улицата на која е судската зграда, но не е даден на користење на судот. Во зградата на судот е сместено и Основно јавно обвинителство но трошоците за вода и греење на зградата не ги сносат сразмерно согласно површината која ја користат. Зградата не поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Секој судија има своја канцеларија во судската зграда и тој дел е обезбеден со безбедносна врата. Едноставен и лесен е пристапот до писарниците во судот. Делот на судската зграда пред писарниците е доста широк и има доволно простор за странките како и за вработените и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица. Писмената по електронски пат се примаат на службениот е-маил на судот од страна на Судскиот референт за прием и експедиција на пошта-архивар. Доколку писменото содржи повеќе страни (билтени, закони, работни материјали за семинари и сл.), е должен писменото да го достави до лицето за кое е назначено по електронски пат, преку заедничка папка.

Судот располага со две судници од кои во една се обезбедени услови за изготвување аудио запис од судењата, но не и видео записи. Судниците се доволно опремени за да се водат јавни расправи. Салите за состаноци, односно за одлучување имаат функционална опрема и опрема за стенографско водење на записник, со која се обезбедува веродостојно водење на записниците.. Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица. Пред судниците има простор за судски полицаец кој го одржува редот. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност, но потребно му е реновирање. Судот нема издвоена просторија за судиите поротници и просторија за адвокатите но располага со посебен влез и излез од просториите за судиите и вработените наспроти странките и јавноста.

За вршење на работата судот има обезбедено бироа, шкафови и столови за судската сала и канцелариите. Најголем дел просториите се климатизирани. Судската зграда има ПВЦ дограма но сепак зградата има сериозен проблем со влагата, која ги нагризува ѕидовите посебно во стаклениот дел каде поминуваат скалите за повисоките катови. Потребно е да се итно да се санира оваа состојба поради ризик од оштетување на фасадата и на надворешниот ѕид. Исто така е потребно целосно реновирање на судот од аспект на освежување на дел од канцелариските мебел, подот и останатиот инвентар бидејќи истите датираат од изградбата и пуштање во функција на судската зграда пред 50 години.

Судот имаат службено возило кое е постаро повеќе од 20 години за разлика од останатите судови кои беа опремени со нови возила.

Зградата на Судот нема видео надзор ни лице задолжено за видео надзор. Нема ни киоск компјутер за да им овозможи на странките самите да ги пребаруваат саканите податоци.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата. Просториите во кои се наоѓа архивата имаат прозорци и истите се заштитени со метална мрежа. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени.

Постои пренатрупаност од стари ствари, мебел, стара компјутерска опрема која не е оттуѓена поради сложеноста на постапката за оттуѓување на движни ствари.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 3 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 11 |
| Број на санитарни чворови во судот | 2 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | 0 |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 1 |
| Список на возила и година на производство | -Опел Омега произведено во 1999 г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 0 |
| Број на паркинг места за странки | 0 |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 0 |

Извор: доставени податоци од ОС Свети Николе

# 4.7. Основен суд Струмица

## ИНФРАСТРУКТУРА

Судската зграда на ОС Струмица е изградена во 1975 година и поседува имотен лист. Во судската зграда покрај судот е сместено и Државното правобранителство за подрачјето на градот Струмица. Притоа, трошоците за користење на зградата ја сносат корисниците сразмерно со површината која ја користат. Судската зграда поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво.

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните како и  за лицата со посебни потреби бидејќи на споредниот влез има изградено рампа. Судот има свој паркинг на кој се паркираат службените возила на судот, како и вработените во судот и странките. На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда. Сите вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку службениот влез за разлика од странките и другите лица кои влегуваат и излегуваат преку главниот влез. За работењето на судот е воспоставен видео надзор и е назначено лице кое е задолжено за видео надзорот.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во Основниот суд Струмица има 11 судници од кои 4 се опремени со опрема за аудио записи од судењата, но се нотира дека судниците не се доволно опремени за водење на јавни расправи. Делумно функционална опрема за стенографско водење на записник има во судниците, но не и во салите за состаноци.

Приемот на писмената, поднесоците и писмата се вршат во приемната писарница на судот. Пристапот до приемната писарница во судот е едноставен со можност за лесна комуникација поради поставеноста на шалтерот.

Во судот постои киоск компјутер за потребите на странките, медиумите и останатата јавност.

Секој судија има своја канцеларија од судската зграда и делот на судската зграда во која се наоѓаат е обезбеден со посебни врати на заклучување. Судот има посебна соба за адвокати.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата е заштитен со врата со метални решетки. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во метални ормани.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 20 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 25 |
| Број на санитарни чворови во судот | 13 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема податоци |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 1 |
| Список на возила и година на производство | -ПМВ Голф произведен во 2000г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | 20 |
| Број на паркинг места за странки | Нема податоци |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од ОС Струмица

# 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

## ИНФРАСТРУКТУРА

Судот е сместен во две судски згради, од кои таа во Штип е изградена во 1952 година со една доградба во 1978 година како и судското одделение во Пробиштип е сместено во зградата на Агенција за вработување. Во судската зграда, покрај ОС Штип сместени се и Апелациониот суд Штип, Основното и Вишото јавно обвинителство и Државното правобранителство. Судската зграда не поседува сертификат за енергетска ефикасност и се нотира дека има потреба од реновирање на зградата а посебно на електричната инсталација која е стара и преоптеретена поради што често настанува прекин на струја поради користењето на електричната опрема. Трошоците за користење на зградата ја сносат сите институции сразмерно со површината која ја користат. Судската зграда не поседува сертификат за енергетска ефикасност. Судот има греење кое е самостојно и истото е на екстра лесно гориво.

Пристапот до главниот влез на судската зграда е достапен за граѓаните и за лицата со посебни потреби бидејќи нема скали за влез во судската зграда. Судот има свој паркинг со многу ограничен број на места за паркинг каде се паркираат службените возила.

На главниот влез во судската зграда има метал детектор низ кој задолжително треба да помине секое лице кое влегува во судската зграда каде е присутен судски полицаец. Сите вработени, судиите и судските службеници и другите вработени влегуваат и излегуваат преку влезот во судот заедно со други лица, кои доаѓаат во судот. Постои и влез преку главниот влез на зградата на Апелацискиот суд Штип каде има посебна рампа за лица со посебни потреби.

## ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

Во Основниот суд Штип има 3 судници од кои 2 се опремени со опрема за аудио записи од судењата, но се нотира дека судниците не се доволно опремени за водење на јавни расправи. Делумно функционална опрема за стенографско водење на записник има во судниците, но не и во салите за состаноци. Судот има обезбедено просторија за судиите поротници и просторија за адвокатите, како и посебен влез за странките и нивните застапници и судиите и вработените во судот. Во судот се поставени посебни рампи и лифтови за пристап до Судот за лицата со попреченост. За чување на доказите и списите на тековните судски предмети во судот има посебна просторија. Во зградата постои и соба за увид во предмети која е посебно одделена. За работењето на судот е воспоставен видео надзор со 16 камери за видео надзор кој е одговорен информатичарот на судот.

Пред судниците има чекалница каде има доволно простор за странките и другите лица. Тоалетот е достапен до странките во чекалницата, и истиот е во полна функционалност но потребно е тоалетите во судската зграда да се реновираат.

Приемот на писмената, поднесоците и писмата се вршат во приемната писарница на судот. Преку писарницата и се известуваат странките за основните податоци за предметот, бројот на предмет, судијата кој постапува по предметот, во која фаза е постапката по предметот (испратен на одговор на тужба, закажана расправа, испратен на вештачење, испратен по жалба, по вонреден правен лек и други процесни дејствија). Пристапот до писарниците во судот е едноставен и лесен. Просторот пред писарниците е ограничен додека во нив има доволно простор за вработените како и за поднесоците и материјалите кои ги примаат од страна на странките и други лица. Комуникацијата се одвива преку стаклени шалтери што истата ја прави едноставна и ефикасна.

ОС Штип нема доволно просторни капацитети за одвивање на судските рочишта бидејќи располага само со три судници од кои две се опремени за аудио запис од судењата. Оваа ситуација беше особено проблематична во периодот на пандемијата бидејќи судовите не поседуваа доволно опрема и нивната работа се одвиваше значително отежнато.

Судот не поседува опрема за стенографско водење на записници во судниците ниту во салите за состаноци. Во судот не постои киоск компјутер за потребите на странките, медиумите и останатата јавност.

Архивата на судот се наоѓа во подрумските простории каде воедно се чуваат и предмети со кои се извршени кривични дела и приодот во истата не е соодветно заштитен. Просториите во кои се наоѓа архивата немаат прозорци но останатите делови од подрумските простории имаат обезбедени прозорците. Архивата е поделена согласно видот на предметите и истите се соодветно селектирани и сместени се во на полици и истите се пренатрупани. Оваа пренатрупаност е резултата пред се поради преземање на архивите на нотарите кои се пензионираат како и дел од просториите се преполни со стари ствари, мебел, стара компјутерска опрема која не е оттуѓена поради сложеноста на постапката за оттуѓување на движни ствари како и ненавременото преземање на предметите со кои се сторени кривични дела од страна на Агенцијата за управување со одземен имот.

| | |
|---|---|
| Број на канцеларии на судиите во судот | 15 |
| Број на канцеларии на судската служба во судот | 35 |
| Број на санитарни чворови во судот | 6 |
| Број на санитарни чворови во судот прилагодени за лица со посебни потреби | Нема |
| Број на возила во сопственост на Судот или дадени на користење | 4 |
| Список на возила и година на производство | -Опел астра произведено во 2019г.<br>-Рено Лагуна произведено во 2001г.<br>-Ауди произведено во 1993г.<br>-Опела Корса произведено во 1999г. |
| Број на паркинг места за вработени во судот | Нема |
| Број на паркинг места за странки | Нема |
| Број на паркинг места за лица со посебни потреби | 1 |

Извор: доставени податоци од ОС Штип

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ И ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

## „ПРОСТОРНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ГИ ЗАДОВОЛУВААТ МИНИМАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СУДОВИТЕ“

1. Постојните материјални, финансиски, просторни и други услови за работа на основните судови ја отежнуваат примената на надлежностите предвидени во Судскиот деловник, Законот за судови, Законот за Судскиот совет и Законот за управување со движењето на предметите.

2. Сите основни судови се сместени во судски згради во сопственост на судот, освен ОС Неготино чија зграда се наоѓа во станбена зграда додека Основен граѓански суд и Основен кривичен суд се сместени во три односно во две судски згради.

3. Најголем дел од судските згради на основните судови се функционални но имаат потреба од реконструкција и обновување на инфраструктурата и просторните услови, како и санирање на дефекти. На пример, ОС Радовиш и ОС Струга имаат итна потреба од санација поради проблеми со протекување на покривот со што се става во опасност електричната инсталација на судската зграда, додека во ОС Граѓански суд Скопје постои опасност по вработените и граѓаните од паѓање на дограмата на судската зграда.

4. Просторните капацитети на основните судови во судските згради се ограничени заради другите државни институции кои се сместени и ги користат капацитетите на судската зграда, пред се основните јавни обвинителства и државното правобранителство што влијае на перзепцијата за независност и непристрасност. Заедничкото користење на судската зграда меѓу институциите не е детално уредена и предизвикува финансиски импликации по буџетот на основните судови бидејќи само неколку основни судови ги делат трошоците сразмерно на просторот што го користат другите институции.

5. Основните судови не поседуваат сертификат за енергетска ефикасност што значи дека судските згради не ги исполнуваат минималните барања за енергетски карактеристики што претставува дополнителна финансиска импликација на буџетот во однос на одржливата потрошувачка на енергија во судската зграда.

6. Основните судови имаат набавено нови автомобили во 2019 година освен неколку судови претежно со основна надлежност. Постои потреба за набавка на нови возила за судовите за сите судови при што треба да се води посебна грижа судовите кои имаат месна надлежност на територија каде има планински места да се обезбедат соодветни возила за теренски увид.

7. Значителен дел од судовите имаат обезбедено службен паркинг за вработените лица од судот, но ниту еден суд нема обезбедено посебен паркинг за странките или за лицата со попреченост.

8. Основните судови ги прилагодуваат своите ресурси за да овозможат непречен пристап до суд за лицата со попреченост. Речиси сите основни судови имаат поставено рампа со инвалидски помагала или лифт за движење на лицата низ судот, но се забележува разновидност во опремата и условите на основните судови да обезбедат пристап до судот за лицата со попреченост.

9. Многу малку судски згради имаат инсталиран лифт и покрај тоа што имаат повеќе катови. На пример, Основниот граѓански суд и покрај тоа што има лифт во делот на зградата која ја дели со Врховниот суд, истиот не е во функција за лицата кои доаѓаат во судот ниту за службените лица на судот.

10. Основните судови воглавно имаат застарена и нефункционална опрема за вршење на видео надзор врз работата на судот додека само ОС Кичево нема видео надзор на судската зграда. Исто така, се забележува дека судовите немаат унифициран пристап во вршењето на видео надзор врз судот, па така овластувањата за видео надзорот врз работата на судот ја врши претседателот на судот, судските полицајци или друго назначено службено лице.

11. Судниците во основните судови се делумно опремени за аудио и визуелно снимање но се забележува дека опремата не е достапна и функционална во сите судници во судовите. Постои нееднаква опременост на судовите со опрема за видео и тонско снимање па така се забележува дека има основни судови кои немаат никаква поддршка за тонско снимање на рочиштата (ОС Неготино) додека во ОС Кавадарци целиот суд е опремен со модерна опрема со можност за следење на судењата на екрани кои се наоѓаат во чекалните. Во многу мал дел од судовите има функционална опрема за стенографско водење на записници во салите за состаноци.

12. Писарниците се сместени во непосредна близина на влезот судот и овозможуваат ефикасно разменување на документи меѓу странките.

13. Сите судии имаат посебни канцеларии во судот од кои голем дел се наоѓаат во посебен дел од судската зграда кој е воглавно обезбеден со безбедносни врати, додека судските службеници се најчесто сместени во заеднички простории со помал капацитет.

14. Дел од основните судови немаат соодветни просторни капацитети за архивата на судот, имајќи ги предвид обемот на предметите и архивската граѓа од траен карактер. Судските архиви се најчесто сместени во подрумските простории или поткровјето на судот што не е соодветно бидејќи не се заштитени од штетни влијанија, дождови, влага и пожари. Дополнително проблем претставуваат нотарските предмети на пензионираните нотари од подрачјето на судот, расходувани и одземени ствари кои не можат да се отстранат поради сложената постапка предвидена со Законот за отуѓување на движни ствари.

15. Просторот во судските згради дополнително е обременет и со предмети конфискувани поради тоа што со истите се сторени кривични дела како резултата на ненавременото подигање на истите што претставува обврска за Агенцијата за управување со одземен имот.

# ИКТ ОПРЕМА И ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО ЕЛЕКТРОНСКО ПОВРЗУВАЊЕ

## ИНФОРМАТИЧКО КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ (ИКТ) ВО ПРАВОСУДСТВОТО

Искуствата укажуваат дека ИКТ се револуционерна новина и значаен фактор во подобрување на ефикасното функционирање на судските системи. При соодветна употреба, ИКТ ја подобруваат ефикасноста на судовите на разни начини, вклучувајќи олеснување на внатрешната (интерна) комуникација, забрзување на процесите како внесување на податоци; полесно следење на документи; автоматско генерирање и пристап до информации; комуникацијата со странките и институциите; електронски пристап до сите правосудни информации и судски одлуки; олеснување на процесот на документирање и водење на соодветна архива; достапност на правна литература и претходна судска пракса. Користењето на информатичко-комуникациските технологии ја подобрува и транспарентноста, јавната доверба и довербата на граѓаните во правосудството (онлајн пристап до сите правосудни информации, веб услуги како информации за состојбата на судските постапки, судските одлуки, комуникацијата преку електронско поднесување на поднесоци и тужби итн), чија примена е зависна најмногу од клучните чинители и ресурси во судовите.

Во примената на ИКТ во правосудниот процес, основниот мотив мораат да останат високо-квалитетните стандарди во правосудството и потребите на корисниците – вработените во правосудството, како и странките во предметите. Всушност, и покрај несомнените капацитети на ИКТ да придонесат во подобрување на квалитетот на правдата, тие не претставуваат цел самите за себе, туку се само средство со кое се подобрува целокупното функционирање на правосудниот систем. Според тоа, основната водилка при воведувањето на ваквите технологии не треба да бидат административните потреби (на пример кратењето на трошоците), туку ИКТ треба да бидат интегрален дел од една генерална стратегија за модернизирање на правосудството и подобрување на квалитетот на судската правда. Тие треба да ја олеснат работата, како за службениците во рамките на правосудниот систем (судиите, стручните советници итн), така и за странките кои се инволвирани во предметите, како што се адвокатите и самите граѓани кои се јавуваат како засегнати страни. Сево ова им овозможува на судовите да работат со нови, пофлексибилни методи.

Со цел да се избегнат проблеми во компатибилноста на ИКТ платформи кои функционираат во различни институции и да се овозможи непречена комуникација и размена меѓу институциите, препорачливо е ИКТ да се земат како дел од поширока стратегија за промена. Ваквата стратегија не смее да ги изостави вработените во институциите. При тоа, постојаната обука на персоналот е неопходна компонента во секој проект со ИКТ.

Од суштинско значење за процесот на дефинирање на стратегија за примена на ИКТ во правосудството е анализирање на постоечките капацитети на институциите. Подобро разбирање на целокупната слика ќе овозможи инвестирање во технологии кои се применливи и кои ќе им бидат од корист на институциите. Во тој процес можат и да се идентификуваат сите комуникациски врски во сите процеси во правосудството, и врз основа на истите да се изгради комуникациска мрежа која целосно ќе ги задоволува потребите на сите корисници на мрежата, како и на странките во предметите.

Подобрениот пристап до правосудни услуги е неопходен предуслов да се зајакне квалитетот на правдата, но тој самиот по себе не гарантира позитивни ефекти на секое ниво бидејќи нејзината применливост зависи најмногу од клучните чинители во правосудството.

При спроведувањето на проекти за употреба на ИКТ, препорачливо е да се направи споредба со системите кои веќе се користат во рамките на други институции, со цел да се обезбеди компатибилност и таканаречена интероперабилност на системите, но и со системи кои се користат во други сектори, вклучително и приватниот сектор, како и решенија кои се применуваат во други држави.

Пред детално да се разгледа состојбата со ИКТ во правосудството во Република Северна Македонија, во продолжение на текстот следува сумирање на општите препораки на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ).

## ПРЕПОРАКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ЕФИКАСНОСТ НА ПРАВДАТА (CEPEJ)

Европската комисија за ефикасноста на правдата во рамките на Советот на Европа (CEPEJ), во рамките на своите одговорности, го наведува постојаното земање предвид на потенцијалот кој го нудат новите информатички технологии со цел подобрување на ефикасноста и квалитетот на правосудниот сектор. Притоа, ЦЕПЕЈ ја истакнува важноста за почитување на правата заштитени со Европската конвенција за човекови права, како и Конвенцијата бр. 108 која ја нагласува заштитата на личните податоци. Во декември 2018 година, ЦЕПЕЈ ја усвои Етичката повелба за користење на информатичките технологии во правосудството како прв чекор во напорите на ЦЕПЕЈ да промовира одговорна употреба на електронските алатки во европските судски системи, во согласност со вредностите на Советот на Европа. Етичката повелба се заснова на 5 фундаментални принципи за работењето на правосудните органи:

- **Принцип на почитување на фундаменталните права: креирањето и примената на електронските алатки и услугите се компатибилни со основните права.**
- **Принцип на недискриминација: спречување на практики со кои се поттикнува било каква дискриминација помеѓу поединци или групи индивидуи.**
- **Принцип на квалитет и безбедност: во однос на обработката на судските одлуки и податоци да се користат проверени и веродостојни податоци и извори во безбедно опкружување;**
- **Принцип на транспарентност, непристрасност и правичност: методите за обработка на податоци да бидат достапни и разбирливи од надворешни лица;**
- **Принцип „под контрола": подразбира утврден пристап со кој може на лесен начин да се изврши контрола врз процесите;**

Имајќи ја предвид потребата да се поддржи примената на Етичката повелба, работната група на ЦЕПЕЈ во 2020 година подготви насоки за регулирање на примената на информатичките технологии во согласност со принципите на Повелбата. ЦЕПЕЈ исто така усвои и оперативен план за својата Работна група за компјутерска правда и информатички алатки во судството. Оперативниот план дава насоки и предлози во областа на дигитализацијата на правосудството и има за цел да обезбеди нови конкретни алатки во европските судови, што стана уште попотребно за време на кризата со пандемијата, нередовното работење на судовите, притоа обезбедувајќи почитување на основните принципи на Европската конвенција за човекови права и особено оние од членот 6. Во документот се содржани предлози за воведување на елетронски пристап за поднесување на документи и поднесоци, дигитализација на регистрите на судовите и јавните обвинителства, електронска размена на документи помеѓу институтциите и странките во постапките, работа со електронски документи и автоматска обработка на податоци, сослушување на далечина, онлајн медијација итн. Алатките можат да имаат различни форми (на пример, упатства, списоци за проверка или процесна активности). Притоа, ЦЕПЕЈ истакнува дека во контекст на воведувањето на дигитализацијата во судството, алатките треба да се фокусираат на правни, судски, организациски, етички и технички решенија кои имаат веќе утврдено влијание врз квалитетот на судските системи.

## СТРАТЕГИЈА ЗА ИКТ

Во 2019 година, Министерството за правда усвои Стратегија за информатичко-комуникациска технологија во правосудството за периодот 2019 - 2024 година која опфаќа конкретни мерки и активности наменети за Судскиот совет, Јавното обвинителство, Академијата за судии и јавни обвинители, Адвокатската комора, Нотарската комора како и медијаторите и извршителите.

Стратегијата е донесена со цел да овозможи централизиран податочен систем на правосудниот систем во Република Северна Македонија за зголемување на ефикасноста, транспарентноста и отчетноста на информатичките системи во правосудството. Таа се донесува со цел да овозможи увид во ограничувањата со кои работат институциите, ефикасност во спроведување на набавките и избегнување на технолошката фрагментација, овозможување на интероперабилност, соодветно

ниво на безбедност на податоците и др. Визијата на ИКТ стратегијата е постигнување на централен податочен систем за целокупното правосудство во Република Северна Македонија, со цел зголемување на транспарентноста, навременоста и лесното користење на правосудните услуги, како и подобрување на квалитетот на податоците и соработката со другите институции како и правосудните системи на други земји.

Стратегијата утврдува дека тековната состојба во судовите во однос на хардверската опрема е застарена и неисправна, има недостаток на работни станици, а истите не ги поддржува софтверските решенија што се користат во судовите, а тоа предизвикува неефикасно функционирање на истите. Состојбата на серверите во судовите е со слаб капацитет, односно нема сервери за складирање на податоци, ниту за базата на податоци ACCMIS и системот за аудио снимање FEMIDA (записите се чуваат на локалните компјутери и се префрлаат на CD). Поради непостоење на услови од страна на судовите, интероперабилноста во овие судови никогаш не заживеа.

Во 2019 година, во Министерството за правда се формираше Советот за координирање на информатичко- комуникациската технологија во правосудните органи (Совет за ИКТ). Главниот проблем со кој во моментов се соочува РСМ во поглед на ИКТ во правосудството е тоа што информатичките активности во правосудството се некоординирани бидејќи не е воспоставена координација на стратешко ниво. Една од целите за формирање на ова тело беше потребата од воедначување на податоците што се добиваат од сите правосудни органи, имајќи предвид дека Министерството за правда е надлежна институција за изготвување и управување со Стратегијата за информатичка технологија. Основна задача на Советот за ИКТ во правосудството ќе биде планирање и реализирање на потребите на правосудните институции.

Обновувањето на хардверската опрема е еден од приоритетите наведени во Стратегијата, во кој е утврдено донесување на план за континуирано одрживо надоградување на работните станици, сервери, печатачи, скенери, аудио и видео опрема, итн) каде секоја година ќе се заменува 20-25% од опремата според стандардите и нормите за одржување на информатичката технологија. Во поглед на информатичките системи е наведена потребата од централизација и интеграција на информатичките системи, што значи интеграција на постоечките и нивна надоградба за да го опфатат правосудниот работен процес. Планирани се и интегрирани системи за управување со казнено-поправните установи со цел да ги задоволат потребите на управата за извршување на санкции и поправните институции. За Судскиот совет на РСМ поголемиот дел од управувањето и контролата на работењето на судовите и судиите се поврзани со софтверски решенија. Регистрите за судии се неопходно да бидат редовно ажурирани електронски со цел да се креираат извештаи за следење на нивната работа, а во овој дел се клучни и модулите за оценување и модулите за кандидатски листи за судии и претседатели на судови. Помеѓу останатите приоритети, Стратегијата предвидува восоставување на интегриран информациски системи во правосудството, развивање и спроведување на софтверско решение за електронско архивирање и дигитализација на постоечките архиви, алатки за деловна интелегенција за пристап, преглед, обработка на податоци од разни извори, систем за управување со предмети, интегриран систем и база на податоци за судската пракса во РСМ со инсталација и конфигурација наменета за сите правосудни и академски институции како и НВО и јавниот сектор, но и централизиран веб портал наменет за електронски услуги за граѓаните, коморите на адвокати, нотарите, медијаторите, извршителите, како и меѓународните институции.

## ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ИКТ ВО ПРАВОСУДСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во земји како Република Северна Македонија, можностите кои ги нудат ИКТ имаат потенцијал за зголемување на јавната доверба во правосудството. Компјутеризацијата на правосудните органи во РСМ во последната деценија се спроведуваше со висок интензитет, преку воведување на информациски систем за автоматско управување со судските предмети, систем за сметководство и буџетирање, развој на нова веб-страница за судовите и опрема за некои од судовите со хардвер и софтвер за аудио снимање, систем за аудио-видео снимање на сослушувањата во судовите со проширена надлежност.

Република Северна Македонија има воспоставено механизми со кои се применува информатичката технологија во повеќе процеси кои се од значење за функционалноста и подобрувањето во работата на судовите. Судовите имаат служби за информатика кои се посебни организациони единици со вработени 1 до 2 лица што е недоволно имајќи ги предвид сите информатички процеси кои се предвидени да се имплементираат во судовите. Недостатокот се бележи во недоволна искористеност на информатичкиот кадар, координација и професионална обука за судските службеници - информатичари.

## ЗАКОН ЗА СУДОВИТЕ

Согласно Законот за судовите, во Министерството за правда на Република Северна Македонија е воспоставен единствен информатички центар со база на податоци за сите правосудни органи. Министерството за правда го обезбедува поставувањето, одржувањето и функционирањето на информатичкиот систем на единствена методолошка и технолошка основа. Притоа, во информатичкиот систем на Министерството за правда се вршат работите кои се однесуваат на судството, јавното обвинителство, адвокатурата и нотарските работи, меѓународната правна помош, извршувањето на санкции за кривични дела и прекршоци, судски вештачења, експертизи и супер-вештачења, работи во однос на кривичната, прекршочните, парничната, вонпарничната, извршната и управната постапка и управниот надзор.

Во согласност со член 99 од Законот за судовите, во рамките на Врховниот суд на Република Северна Македонија е формиран Центар за информатика со база на податоци за Судскиот информатички систем. Главните задачи на Центарот за информатика при Врховниот суд се:

- **да опслужува, администрира, следи и врши зачувување на централизираните бази на податоци во кои сите судови внесуваат и ажурираат податоци,**
- **да врши централизирано зачувување на АКМИС базите од судовите на РСМ,**
- **да врши централизирано менаџирање на уредите за заштита и мрежните уреди во сите судови, и останати слични обврски директно поврзани со воспоставувањето и одржувањето на ИКТ во судството на Република Северна Македонија.**

Во рамките на Врховниот суд на РСМ се чуваат централизирани бази на податоци и од таму се управува со апликации за судовите и Судскиот совет на РСМ. Во Центарот за информатика се наоѓаат базите на централни номенклатури, за електронска достава на судски документи, за казнената евиденција, базата на објавени судски одлуки на веб порталите на судовите. Во Врховниот суд се сместени и централизираните бази за размена на податоци за стечајните управници со Централниот регистар на РСМ, кој е наменет за судовите на РСМ во кои се спроведуваат стечајни постапки. Врховниот суд воедно ги спроведува и постапките за централизирано опслужување на судскиот портал и веб страниците на сите судови. Во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ воспоставена е интерконекциска врска со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за електронска размена на податоци. Востановен е сервис кој ги презема податоците (барање за заштита на законитоста - БЗЗ, барање за мислење/предлози, покани, одлуки и други писмена) од локалните ACCMIS бази на судовите. Во Центарот за информатика на Врховниот суд на РСМ воспоставена е интерконекциска врска со Службен весник на Република Северна Македонија за електронска размена на податоци. Покренат е сервис кој на дневно ниво ги презема податоците за судските огласи од областа на стечај, регистрација на политички партии итн. од локалните ACCMIS бази на судовите.

## СУДСКИ ДЕЛОВНИК

Судскиот деловник содржи одредби кои ја уредуваат внатрешната организација на информатичкиот систем, аудиовизуелното снимање на расправа, како и други прашања каде е предвидено користење на информатички алатки. Судскиот деловник предвидува користење на информатичка технологија за автоматска обработка на податоците при вршењето на работите на судската управа, административното работење, судските уписници, регистри за што судовите утврдуваат процедури со технички и организациски мерки за тајност и заштита на личните податоци. Помеѓу наведените надлежности кои влегуваат во работа на судската управа, во членот 7 од Судскиот деловник се наведени обезбедување на услови за прибирање и обработка на предлози и барања за подобрување на системот за управување со судските предмети (во техничка, организациска, процедурална смисла), како и комуникација со Работно тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите, работите за заверка на исправи наменети за странство, работите поврзани со функционирањето на судскиот информатички систем, работите за водење на судската статистика, работите за анализа на извештаите за работата на судиите и судот, информирање на јавноста за работата на судот, законско и наменско располагање со финансиските средства на судот, работите за следење на наплата на судската такса, паричната казна, глобата, трошоците на постапката и судските паушали.

Во судовите се користи автоматизиран компјутерски систем за управување со судските предмети, а претседателот на судот е надлежен за надзор над примената и користењето на системот од страна на вработените во судот и судиите. Претседателот на судот на седница на судиите и претседателот на повисокиот суд, посебно и заедно, повремено ги анализираат статистичките податоците за работата на основните судови и преземаат мерки за воедначување на судската практика, а претседателот на повисокиот суд укажува и на слабостите во работата со предлог за нивно отстранување. Статистичките податоци во стандардизиран формат, односно статистички прашалник во пишана и/или во електронска форма, судовите ги доставуваат до повисокиот суд, Врховниот суд на РСМ, Судскиот совет на РСМ, Министерството за правда и Државниот завод за статистика.

Судовите имаат служби за информатика, како посебни организациони единици. Со центарот, односно службата за информатика раководи претседателот на судот или од него определен судија. Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Северна Македонија, односно службите, организира информатичка подршка на работата на судот, се грижи за информатичката инфраструктура, апликациите и базите на податоци кои ги води и користи од судот, ги следи и имплементира новите технолошки процеси, се грижи за заштитата и сигурноста на податоците и целиот систем, системски ги архивира и на соодветен начин ги чува податоците, ги обучува судиите и вработените во судската служба во судот и им дава стручна помош на пониските судови. Во членот 89 од Судскиот деловник се наведува дека информатичката технологија на судот ја сочинуваат сервери и компјутери, комуникациска опрема и инфраструктура, системски програми и алатки, стандардни апликации, програм за управување со движењето на судските предмети (АКМИС), програм за материјално и финансиско работење(АБМС). Претседателот на судот е надлежен за обезбедување на кадровски, технички и организациони услови за функционирање на информатичката технологија на судот за точниот и ажурен внес на податоците за спроведување на пропишаните мерки за безбедност за чување и заштита на податоците поврзани со користење на информатичката технологија на судот. Претседателот на судот одлучува за давање на податоци кои се чуваат во информатичкиот систем во судовите на надворешни институции и лица, по пат на преносливи сигурносни медиуми или по електронски пат, а одлуката се заведува во уписникот „СУ» (судска управа). Судскиот администратор определува одговорен судски службеник информатичар за автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети- администратор на АКМИС.

Во членот 159 од Судскиот деловник се содржани одредби за електронски прием на писмена испратени до судот. Поднесоците со праќаат до судот преку посебен веб портал за таа намена. Можност за електронско поднесување има секоја странка која претходно има регистрирано своја

лична сметка на судскиот веб портал согласно упатството за електронска достава. За користење на оваа можност на веб порталот при најавата странката се идентификува со електронски сертификат. Поднесокот заедно со сите списи во електронски формат се испраќа преку судското електронско сандаче до приемното одделение на судот, а определениот судски службеник за електронски прием во електронското одделение на судот ги прегледува електронските поднесоци и го потврдува нивниот прием со праќање на потврда за успешна достава преку личната сметка на странката. Информатичката технологија е предвидено да се применува и во работата по примените поднесоци и образувањето на предметот, каде што судскиот службеник во судската писарница доколку има технички можности ги скенира примените поднесоци и ги сместува во архивската датотека на судската писарница во електронска и писмена форма. Доставниците и повратниците, извештаите за електронска достава и другите писмена се приложуваат, се лепат и се чуваат кон записникот или одлуката на кои се однесуваат и ако има можност се скенираат и придружуваат на електронското досие.

Во членот 237 е уредена електронската достава на писмената до странките кои се доставуваат и по електронски пат доколку се обезбедени услови за тоа во судот, но и доколку странката која сака да користи електронска комуникација со судот потребно е да има отворено лична сметка за комуникација со судот за што поднесува барање до судот за регистрација на судскиот портал преку електронски сертификат. Судскиот портал може да нуди и сервиси за известување на регистрираната странка за поставен акт на неговата сметка (е-маил, смс порака). Овие сервиси се користат само ако странката дала согласност кога се регистрирала и немаат функција на потврда за успешно извршена достава.

Судовите користат информатичка технологија и за евиденција во помошните книги, регистри кои се водат независно од предметите, како што се водење на дневник за службени излегувања, евиденција на издадени потврди на работници кои отсуствувале од работа по покана на судот, контролник за парични казни, глоби, трошоци на постапките, евиденција на прекршочни санкции, казнени правни и политичи лица, регистар на политички партии, цркви, верски заедници евиденција за малолетници и друго. Во членот 255 од Судскиот деловник се наведени конкретните евиденции кои е потребно да бидат внесени во електронско досие, како што е евиденција за гаранција, список на постојани судски вештаци и толкувачи, предмети кои треба да се вратат, доставна книга за движењето на предметите и работните дневници на судиите.

# 1 .Апелациско подрачје Битола

## 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

При вршењето на работите од судската управа, административното работење и водењето на судски уписници во ОС Битола се користи информатичка технологија. Со службата за информатика во судот управува раководител на служба за информатика.

Како недостатоци на ИКТ во судот наведени се проблеми со серверот кој е стар повеќе од 10 години и истиот е скоро пополнет и нема место за податоците. Со оглед на фактот дека во судот се скенираат документи постојано, за ваквата ситуација известени се Судскиот совет на РСМ И ВСРСМ.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 2 од кои 1 раководител на одделение за информатика и советник информатичар |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 146 компјутери набавени во период од 2011-2019г. |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 2 лап топи постари од 15 години , истите тешко функционираат и потребни се барем 3 топи за вршење на увиди |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 76 печатари набавени во различни години, дел се нови, дел се поправаат (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 13 скенери |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2011г. |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од ОС Битола

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во судот внатрешното поврзување на судиите функционира преку внатрешна веб страна и мрежа со обезбедени папки (фолдери) за секој вработен.

Доставата на предметите до повисоките судови се врши преку пошта, а комуникацијата на судијата известител и претседателот на одделот се одвива лично и писмено.

Правните мислења и заклучоци од седниците на судии и седниците на судските оддели се доставуваат писмено како и преку електронска пошта

## 1.2. Основен суд Крушево

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Во работите од судската управа во ОС Крушево во делот на административното работење и водењето на судските уписници целосно се водат со информатичка технологија. Со службата за информатика во судот раководи претседателката на судот и информатичарот.

Како недостатоци во работењето на ИКТ опремата на овој суд посочени се серверите и компјутерите за кои е неопходна замена.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 15 комјутери набавени во период од 2010 -2018г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 1 лап-топ,набавен во 2018 г. (функционален) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 14 принтери набавени во период од 2008- 2018г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 2 скенери набавени во период од 2015 - 2018г. (сите се фунцкионални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2010г. (функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP, Windows 7 Windows 10 Pro, Windows Server 2008 |

Извор: доставени податоци од ОС Крушево

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Внатрешното поврзување на судиите и останатите судови сеуште не е функционално. Истото се однесува и за надворешното поврзување со другите државни органи и институции.

Доставата на предмети до повисоките судови се врши по пошта и преку официјалната електронска пошта на судовите. Во однос на безбедносните протоколи за пристап кон информатичката мрежа, креиран е кориснички пристап на секој вработен со име и лозинка согласно законот за заштита на лични податоци. Во рамки на работењето на судот се прават редовни и периодични безбедносни проверки на системот.

Во судот е обезбеден пристап до Службен весник на РСМ за двајца судии и еден стручен соработник. Со оглед на големината на судот и бројот на судии, комуникацијата се одвива непосредно со судијата известител и претседателот на судот.

Правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се доставуваат преку електронска пошта или во печатена форма.

## 1.3. Основен суд Охрид

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Во вршењето на работите од судската управа административното работење и водење на судските уписници во целост се користи информатичка технологија. Во судот има Раководител на одделение за информатика кој во координација со Претседателот на судот и Судскиот администратор раководи со информатичката опрема.

Од судот истакнуваат дека е потребно да се заменат серверите поради дотраеност бидејќи истите се користат повеќе од 10 години но и дека серверите овозможуваат мал капацитет на меморија за складирање на податоците. Дел од компјутерите со кои работаат вработените се исто така со прилично застарени, па потребно е да се заменат со нови. Моменталната состојба со мрежната опрема ги задоволува постоечките потреби, меѓутоа ако се набават нови компјутери ќе има потреба од набавка и на соодветна компјутерска инфраструктура (дополнителни прекинувачи/switches).

ОС Охрид располага со сервер кој е постар од 10 години, поради што е потребно е да се замени со понов сервер кој би имал поголем капацитет на меморија кој во иднина ќе ги задоволува потребите во однос на работењето во судот. Во функција е модулот за скенирање на поднесоци до судот и прикачување на истите кон досието на предметот.

| Хардверски капацитети | Нема податоци |
|---|---|
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | -1 Fujitsu набавен во 2015г.<br>-7 MS набавени во 2017 г.<br>-14 Lenovo набавени во 2018г.<br>-8 Lenovo наббавени во 2019г.<br>-8 Fujitsu набавени во 2015г.<br>-21 Anhoch набавени во 2009г.<br>-1 Dell набавен цо 2007г.<br>-1Comtrade набавен во 2009г.<br>-11No name набавени во 2008г.<br>-3 Lenovo Ibm набавени во 2008г.<br>-2 No name набавени во 2016г.<br>-4 Compaq Celeron d набавен во 2006г. |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема податоци |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | -10Lexmark 260d набавен во 2010г.<br>-12Lexmark ms417 набавен во 2018г.<br>-2HP125a mfa набавен во 2016г.<br>-3Xerox 3020 набавен во 2015г.<br>-1Xerox phaser 3320 набавен во 2015г.<br>-5Kyocera 1040 набавен во 2017г.<br>-2Kyocera FS 1120 MFP набавен во 2019г.<br>-9Canon 3010 набавен во 2010г.<br>-5Samsung ML2010 набавен во 2007г.<br>-1Synology DS218j – 1T набавен во 2019г.<br>-1HP lj pro 400 m401 набавен во 2015 г.<br>-2Lexmark ms 410 набавен во 2016г. |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | -3 Fujitsu fi 6110 набавени во 2015г. |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер Fujitsu набавен во 2011г. |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Нема податоци |

Извор: доставени податоци од ОС Охрид

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Надворешното мрежно поврзување со другите државни органи се извршува преку електронска комуникација (email). Доставата на предметите до повисоките судови се извршува на неделно ниво, со сопствено возило на судот. Правните мислења и заклучоците од седниците на судиите и седниците на судските оддели се доставува во хартиена форма, на секој судија поединечно.

Во Извештајот за работа на судот за 2020 година е забележано дека во ОС Охрид има 85 персонални компјутери но тие не ги исполнуваат основните барања за ефикасно и брзо извршување на работните задачи на вработените.

# 1.4. Основен суд Прилеп

## ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

При вршењето на работите од судската управа, административното работење и водењето на судските уписници се користи информатичка технологија. Како недостатоци на ИКТ опремата во судот се посочени сервери и компјутери, а има потреба имплементација на целосно нов програм за управување со движењето на судските предмети.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | -3 COMTRADE набавени во 2008г.<br>-24 PIXIO набавени во 2009г.<br>-4 MSI набавени во 2010г.<br>-9 FUJITSU набавени во 2015г.<br>-27 DELL набавени во 2018-2019г.<br>-14 LENOVO набавени во 2020г. |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | -3 MINOLTA 4650<br>-9 MINOLTA 1350<br>-12 LEXMARK 260D<br>-2 XEROX 3020<br>-1 XEROX 3320<br>-1 HP1005<br>-1 HP1010<br>-4 OKI B432, |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 3 скенери набавени во период од 2012-2014г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 2 сервери набавени во период од 2010-2012г. (сите се функционални) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows 10 , Windows XP |

Извор: доставени податоци од ОС Прилеп

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во судот не постои надворешно поврзување со другите институции, а доставата на предметите до повисоките судови се врши преку пошта за итни случаи, а со службено возило за редовни ситуации. Претседателот на судот комуникацијата со судијата известител и претседателот на одделот ја остварува на редовни состаноци на одделот.

## 1.5. Основен суд Ресен

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

При вршењето на работите од судската управа, административното работење и водењето на судски уписници се користи информатичката технологија со која раководи информатичарот во судот. Во однос на недостатоци на информатичката технологија, од страна на судот не се евидентирани недостатоци кај серверите и компјутерите, комуникациската опрема и инфраструктурата, системските програми и алатки и стандардните апликации, а не е наведена потреба за целосно нов програм за управување на движењето со судските предмети, како и за материјално и финансиско работење.

| | |
|---|---|
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 24 компјутери набавени во период од 2010-2019г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 13 печатари набавени во период од 2009-2019г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 2 скенери |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 машина во која се вградени 5 витуални сервери набавени во 2009г. |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows 7, Windows 10, I Windows server |

Извор: доставени податоци од ОС Ресен

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Поврзаноста на судот со другите судови се остварува преку ВПН линк, а не постои надворешно поврзување со другите државни органи и институции. Доставата на предметите до повисоките судови се врши по пошта или службено возило и лице задолжено за достава.

За информатичката мрежа постојат безбедносни протоколи за пристап и истите ги пропишува информатичарот т.е. ИТ Центарот на Врховен суд на РСМ. Во рамки на работењето на судот се прават редовни и периодични безбедносни проверки на системот, а за таа цел лозинките за пристап се менуваат на секои три месеци.

ОС Ресен обезбедил пристап за судиите и останатите вработени до Службен Весник на РСМ, а сите вработени во судот имаат непречен пристап до интернет.

Комуникацијата на судијата известител и претседателот на суд се одвива со закажување на состаноци.

# 1.6. Основен суд Струга

## ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

При вршењето на работите од судската управа, административното работење и водењето на судските уписници се употребува информатичка технологија. Со службата за информатика во судот раководи судскиот администратор - судскиот информатичар. Како недостатоци на информатичката технологија на судот забележани се комуникациската опрема и инфраструктура и серверите и компјутерите кои ги користи судот моментално.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 Лице |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 64 компјутери<br>-7 Dell набавени во 2018г<br>-5 компјутери Аспире набавени во 2017г.<br>-16 компјутери Anhoch Goliath XD набавени во 2015г.<br>-14 компјутери Anhoch набавени во 2008г.<br>-4 се со 1GB RAM меморија со процесор 2.66 GHz Intel Celeron набавени во период од 2006-2007г.<br>-За 18 компјутери потребна е итна замена. |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 2 лап-топи од модел Asus набавени во 2015г. |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | Нема податоци |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | -4 скенери, два набавени во 2020г.<br>-3 скенери набавени во 2015г. |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | Нема податоци |
| Оперативен систем кој се користи во судот | WindowsXP, Windows7, Windows10 |

Извор: доставени податоци од ОС Струга

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

ОС Струга има надворешно поврзување со други државни институции. Доставата на предметите до повисоките судови се остварува преку пошта и со службено возило користејќи доставни и приемни книги со цел да се намалат трошоците. Поврзувањето помеѓу судиите и останатите судови се одвива преку серверско поврзување помеѓу судиите и останатите вработени во судската служба на постојната серверска мрежа во судот, но не постои посебна веб страна која би го регулирала поврзувањето одделно. Комуникацијата на судија известител и претседател на оддел се остварува преку АКМИС и непосредно на закажана седница. Правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седници на судски оддел се одвиваат преку електронски пат на службениот и-меил на судот или преку пошта како и на серверската достапна папка на сите лица кои ја користат внатрешната мрежа на судот.

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

При вршењето на работата од судската управа, административното работење и водењето на судските уписници се користи информатичка технологија во целост. Со службата за информатика во судот раководи систем-администратор т.е. судски советник по информатика.

Како недостатоци на ИКТ технологијата во судот наведени се малиот број на компјутери со добри перформанси, застареноста на инфраструктурата на мрежното поврзување, недоволната комуникациска опрема, големиот број на нелиценцирани стандардни програми како и потреба од подобрување на постоечкиот АКМИС систем.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика, ИТ техничари нема вработени, Вработен е само еден судски Информатичар и уште еден со договор | ИТ техничари нема вработени, вработен е само еден судски Информатичар и уште еден со договор |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | -15 Anhoch Pixio набавени во 2009г.<br>(од кои само 10 се функционални)<br>-4 Hp Pro набавени во 2013г.<br>(од кои 38 се функционални)<br>-8 Fujitsu набавени во 2015г.<br>-5 набавени во 2017г.<br>-22 DELL Opti Plex 3060 набавени во 2019г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | -5 HP Laser Jet 1022 набавен во 2009г.<br>-20 HP laser jet 1102 набавен во 2013г.<br>-4 Xerox Phaser 3020 набавен во 2015г.<br>-8 Lexmark MS 417de набавен во 2017г.<br>-10 Lexmark MS 521 de 10 (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | -10 ScanJet 200 набавени во 2013г.<br>од кои 9 се фунционални<br>-4 Fujitsu Fi-6110 набавени 2015г.<br>(сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2010г. (функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP, Windows 7, Windows 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Гостивар

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во судот постои надворешно поврзување со Јавното обвинителство но истото не се користи. Доставата на предметите се врши преку пошта или лично. Комуникациајта на судијата известител и претседателот на оддел се одвива по писмен пат.

# 2.2. Основен суд Дебар

## ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

При вршењето на работите од судската управа, административното работење и водењето на судските уписници се користи информатичка технологија, а со службата за информатика раководи претседателот на судот. Како клучни недостатоци на информатичката технологија на судот забележани се компјутерите и серверите на судот, како и комуникациската опрема и инфраструктурата на комуникациската опрема.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | Нема податоци |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 24 компјутери кои се набавени во период од 2014-2019 г.<br>(2 компјутери се нефункционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема ниту еден лап топ |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 17 персонални принтери набавени во период од 2010-2019г.<br>(од кои 2 се нефункционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 1 скенер набавен во 2010г.(функционален) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2014г.(функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP, Windows 7, Windows 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Дебар

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во судот не постои мрежно поврзување помеѓу судиите и останатите судови во смисла на мрежно поврзување, додека надворешно поврзување постои со Врховен суд на РСМ т.е. со центарот за информатика. Доставата на предмети до повисоките судови се врши единствено преку физичко доставување на предметите. Во судот постојат безбедносни протоколи за пристап до информатичката мрежа, а нив ги пропишува офицерот за заштита на личните податоци во ОС Дебар. Безбедносните контроли и проверки на системот се вршат редовно и периодично т.е. неделно, месечно и годишно.

За вработените во судот обезбеден е пристап на судиите и вработените до електронско издание на Службен Весник на РСМ. Пристапот до интернет за сите вработени во судот е достапен во текот на работењето.

Комуникацијата на судијата известител и претседателот на оддел во судот, предвидено е да се одвива во електронска форма односно преку е-пошта. Правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се доставуваат во писмена и електронска форма.

Нема соодветни просторини услови за серверот и истиот се наоѓа во просторија во која се импровизирани условите за нормално функционирање на серверот на судот.

# 2.3. Основен суд Кичево

## ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Основниот суд Кичево е опремен со компјутери, има пристап до интернет и располага со информатичката технологија. Со службата за информатика во судот управува и раководи Претседателот на судот. ОС Кичево забележува дека е потребна обнова на моменталните сервери и компјутери поради застареност.

| Хардверски капацитети | Нема податоци |
|---|---|
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 70 компјутери од кои дел се набавени во 2019 и 2020г. додека другите се набавени во минати години. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 2 лаптопи од кои едниот е набавени во период од 2019- 1010 г. (сите се функционални) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 50 печатари дел набавени 2018, додека другите се постари (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 4 скенери од кои 2 мултифункционални и 2 ласерски за скенирање на поштата во приемната писарница |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2010 г. (функционални но застарени) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows 7, Windows 10, Server 2008. |

Извор: доставени податоци од ОС Кичево

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Основниот суд Кичево нема воспоставено посебна мрежа на внатрешно поврзување меѓу судиите и останатите судови. Комуникацијата со останатите судови се одвива преку електронска пошта.

Во судот има еден пристап до Службени весник но пристап не е овозможен за сите судии и стручни соработници.

Посебен механизам за олеснета комуникацијата за работата на судечките оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот не е предвиден. Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши електронски преку електронската пошта на судиите.

## 2.4. Основен суд Тетово

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Судот е опремен со компјутери, поседува пристап до интернет мрежа и располага со информатичка технологија. Информатичката технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи претседателот на судот. Од судот истакнуваат дека е потребна промена на комуникациската опрема и инфраструктура преку воведување целосно нов програм за материјално и финансиско работење.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 4 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 109 компјутери различна година на набавка (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 1 лап топ (функционален) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 55 принтери различна година на набавка (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 6 скенери различна година на набавка (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2012г. (функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows7, Windows10 |

Извор: доставени податоци од ОС Тетово

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во судот нема мрежно внатрешно поврзување помеѓу судиите и останатите судови, ниту надворешното поврзување со останатите државни органи и институции.

Доставата на предметите до повисоките судови се врши најчесто преку пошта и електронски, преку електронската адреса на судот.

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Судот е целосно опремен со компјутери кои имаат интернет пристап и располага со сета потребна информатичката технологија. Информатичката технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи Раководител на одделението за информатика (што претставува и единствена пополнета раководна функција во судската служба во ОС Велес). Судот истакнува дека е потребна обнова на серверите на ОС Велес.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | Во судот компјутерската опрема ја одржува само еден службеник Раководител на одделение за информатика. Во одделението нема вработено други ИТ лица. |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | -25 набавени во 2011 г.<br>-2 набавени во 2012 г.<br>-2 набавени во 2013 г.<br>-12 набавени во 2014 г.<br>-9 набавени во 2016 г.<br>-5 набавени во 2017 г.<br>-10 набавени во 2018 г.<br>-20 набавени во 2020 г.<br>(сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | -3 набавени во 2011 г.<br>-2 набавени во 2019 г.<br>(сите се функционални) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | -26 набавени во 2011 г.<br>-4 набавени во 2015 г.<br>-10 набавени во 2016 г.<br>-4 набавени во 2018 г.<br>-1 набавен 2019 г.<br>(сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 1 набавен во 2011 г.<br>3 набавени во 2016г.<br>(сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2010 г.<br>(функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | WindowsXP, Windows7, Windows10 |

Извор: доставени податоци од ОС Велес

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Мрежното поврзување на судиите меѓу себе, како и со вработените во судот се врши преку АКМИС системот, а доставувањето на информации, известувања и податоци поврзани со работењето на судот, судиите и судските службеници се врши преку „заедничките папки" на компјутерите во судот. Поврзување со останатите судови не е извршено, а исто така недостасува и надворешно поврзување со други државни органи и институции.

Офицерот за безбедност на личните податоци, заедно со Претседателот на судот и судскиот советник-информатичар ги пропишуваат безбедносните протоколи за пристап кон информатичката мрежа. Во рамки на работењето на судот се вршат неделни безбедносни проверки на системот.

Судот има обезбедено пристап на судиите и вработените до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија. Пристап до интернет е обезбеден за сите вработени во судот, односно тројца судии и двајца стручни соработници. Комуникацијата за работата на судечките оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот се врши преку непосредно и на седниците на оддел. Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши во хартиена форма за судиите и службениците што треба да постапуваат по заклучокот, додека на останатите судии, мислењата и заклучоците им се доставуваат по пат на електронска пошта (е-меил).

# 3.2. Основен суд Гевгелија

## ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Основниот суд Гевгелија е опремен со компјутери, поседува пристап до интернет и располага со информатичката технологија. Со неа управува и менаџира раководителот на одделот за информатика во судот. Од судот забележуваат дека е потребна обнова на серверите и компјутерите.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 0 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 45 компјутери (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 1 лап топ набавен во 2020г. (функционален) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 55 принтери (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 3 скенери (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP,Windows 7<br>Windows 10,Windows server 2008 |

Извор: доставени податоци од ОС Гевгелија

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Основниот суд Гевгелија нема воспоставено посебна мрежа на внатрешно поврзување меѓу судиите и останатите судови, и комуникацијата се одвива преку споделување на датотеки на интерната мрежа на судовите. Доставата на предметите до повисоките судови се врши физички, односно по пошта, и по потреба со службено возило. Постојат посебни безбедносни протоколи за пристап кон информатичката мрежа и тие се пропишани и обезбедени преку Работното тело за управување со движење на предметите при Врховниот суд, а во судот се вршат и периодични безбедносни проверки на системот.

Во судот постои можност да се пристапува до Службени весник но пристап не е овозможен за сите судии и стручни соработници.

Комуникацијата за работата на судечките оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот се врши преку со писмен поднесок и истиот физички се доставува. Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши електронски преку заеднички фолдери „папки“ во ПДФ формат, како и непосредно до секој судија во писмена форма.

## 3.3. Основен суд Кавадарци

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Основниот суд Кавадарци е опремен со компјутери, има пристап до интернет и располага со информатичката технологија. Информатичката технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи Раководителот на службата за информатика. Судот истакнува дека е потребна обнова на серверите и компјутерите, како и дека се потребни целосно нови програми за управување со движењето на судските предмети и за материјално и финансиско работење во судот.

За време на вонредната состојба во 2020 година, во Основниот суд Кавадарци се одржуваа и спроведуваа онлајн рочишта. Имено, во ОС Кавадарци преку примена на електронски технички средства беше одржано првото онлајн судење за кривично дело „разбојништво". Ваквиот начин на преземање судски дејствија обезбеди двонасочна комуникација без заедничко физичко присуство на странките и јавноста, при што странките во постапката можеа да ги оспоруваат обвиненијата или да предлагаат докази. За потребите на ОС Кавадарци, електронската платформа Мајкрософт тимс (Microsoft Teams) беше надоградена и беше воспоставен онлајн календар на судењата за кои странките добиваат линк за следење на судењето по претходно електронско пријавување и одобрен пристап. Целото судење беше снимано, а записот скалдиран со можност за преглед во секое време. Преку оваа апликација судот понуди алтернативен начин за остварување на комуникацијата помеѓу странките во постапката и во период на вонредна состојба обезбеди непречено одржување на расправите и дејствијата во текот на судските постапки. На овој начин, судот ги презеде и обезбеди сите мерки за превенција и се обезбеди социјалната дистанца за време на воспоставената вонредна состојба, со цел за непречено одржување на расправите и преземање дејствија во текот на судските постапки.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 извршител |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 44 компјутери набавени во период од 2008-2018г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 2 лап топи набавени во период од 2015 -2018г.(сите се функционални) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 35 принтери набавени во период од 2008 - 2018г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 7 скенери набавени во период од 2014 - 2020г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2014г. (функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP, Windows 7  Windows 8 и Windows 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Кавадарци

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во Основниот суд Кавадарци се користи судската компјутерска мрежа за размена на податоци меѓу судиите и службениците, а за комуникација со останатите судови се користи електронската пошта. Доставата на предметите до повисоките судови се врши физички, односно по пошта или со службеното возило на судот. Во судот  постојат посебни безбедносни протоколи за пристап кон информатичката мрежа и тие се пропишани и обезбедени преку Работното тело за управување со движење на предметите при Врховниот суд на РСМ, а во судот се вршат и редовни периодични безбедносни проверки на системот.

Во судот постои можност да се пристапува до Службен весник но пристап не е обезбеден за сите судии и стручни соработници.

Комуникацијата за работата на судечките оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот се врши по писмен пат, односно преку со писмен поднесок и истиот физички се доставува. Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши електронски.

# 3.4. Основен суд Кратово

## ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТУКРУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1-Дипл. Информатичар  и 0-ИТ техничари |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 18 компјутери набавени во период од 2010- 2019 г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 1 лап топ набавен во јануари  2021 година |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 18 принтери набавени во период од 2010- 2019 г.  (сите се функционални ) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 3 скенери набавени во период од 2010-2019г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 4 сервери набавени во период од 2010- 2016г. (3 функционални и 1 нефункционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows 10 Pro, Windows, Windows XP |

Извор: доставени податоци од ОС Кратово

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во судот нема мрежно внатрешно поврзување помеѓу судиите и останатите судови, додека надворешното поврзување со другите државни органи и институции се одвива без некои поголеми потешкотии.

ОС Кратово има обезбедено пристап на судиите и вработените до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија. Безбедносните протоколи за пристап до информатичката мрежа се исто така обезбедени. Во рамки на редовното работење на судот се прават периодични безбедносни проверки на системот. Пристап до интернет мрежата на дневна основа имаат сите судии,1 судски соработник и 1 советник-информатичар.

Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши лично и електронски за судиите и службениците што треба да постапуваат по заклучокот.

Доставата на одредени списи од предметите по кои постапуваат повисоките судови се врши најчесто преку пошта бидејќи не постои можност за достава преку електронски пат.

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

ОС Крива Паланка е опремен со компјутери, поседува пристап до интернет и располага со останата информатичка технологија. Информатичката технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи претседателот на судот. Судот истакнува дека е потребна обнова на серверите и компјутерската опрема, комуникациската опрема, системските програми и алатки, стандардните апликации, воспоставување целосно нов програм за управување со движењето на судските предмети и целосно нов програм за материјално и финансиско работење.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 2 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 42 компјутери набавени во период од 2003 -2020 г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 1 лап топ набавен во 2009г. (нефункционален) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 25 принтери (20 функционални, 5 амортизирани) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 3 скенери набавени во период од 2015-2020г. (2 се функционални, 1 не е функционален) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 3 сервери набавени во период од 2007 -2015г. (2 функционални , 1 нефункционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP, Windows 7, Windows 10 Pro, Windows 2008 Server R2 Enterprise |

Извор: доставени податоци од ОС Крива Паланка

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во судот нема мрежно внатрешно поврзување помеѓу судиите и останатите судови, ниту надворешното поврзување со другите државни органи и институции.

Судот има обезбедено пристап на судиите и вработените до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија, кој се користи по потреба. Безбедносните протоколи за пристап до информатичката мрежа се обезбедени преку препорачани полиси за администрирање на компјутерската мрежа од страна на ИТ центарот при Врховниот суд на РСМ. Во рамки на редовното работење на судот се прават периодични безбедносни проверки на системот. Пристап до интернет мрежата на дневна основа имаат вкупно шест (6) судии и шест стручни соработници.

Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши лично, во писмена форма и електронски за судиите и службениците што треба да постапуваат по заклучокот. Согласно организацијата на специјализираните судски оддели, комуникацијата помеѓу судијата известител и претседателот на одделот се врши согласно условите предвидени во Законот за кривична постапка.

Доставата на одредени списи од предметите по кои постапуваат повисоките судови не се врши преку електронски пат туку најчесто се врши преку пошта.

## 3.6. Основен суд Куманово

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Во Основниот суд Куманово се користи информатичката технологија во секојдневното работење, судот е опремен со компјутери и има пристап до интернет. Со службата за информатика во судот раководи Претседателот и судскиот администратор. Вработените во судот оценуваат дека се потребни нови сервери и компјутери како и системски програми и апликации за подобрување на информатичките капацитети со кои располага ОС Куманово.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 2 советници информатичари |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | -130 набавени во период од 2015-2019г. (сите се функционални)<br>-60 набавени пред 2005г. (нефункционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | -2 набавени во 2018г. (функционални)<br>-1 набавен пред 2010 г. (нефункционален) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални | -60 принтери функционални (HP 1102. Xerox 3020, Samsung 1640, Samsung 1660, Lexmark MS 310, HP 1018, HP 1010, Xerox 3320)<br>-30 принтери (нефункционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | -1 набавен во 2011г.<br>-3 набавени во 2018г. |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 4 сервери набавени во 2010г. |
| Windows XP, Windows 7 и Windows 10 | Windows XP, Windows 7 и Windows 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Куманово

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во Основниот суд Куманово се користи електронска комуникација по пат на е-маил за доставување на правни мислења и заклучоци од седници на судии или оддел. Движењето на предметот се евидентира во АКМИС, но сепак доставата на предметите до повисоките судови не се врши по електронски пат туку се врши по пошта и по потреба со службеното возило на судот.

## 3.7. Основен суд Неготино

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Основниот суд Неготино е опремен со компјутери, поседува пристап до интернет и располага со информатичката технологија. Информатичката технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи Претседателката на судот. Судот истакнува дека е потребна обнова на серверите и комуникациската опрема на ОС Неготино, како и воспоставување на целосно нови програми за управување со движењето на предметите и за материјално и финансиско работење на судот.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 28 компјутери набавени во период од 2007-2019г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема податоци |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 20 принтери, набавени во период 2010 -2016г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 2 скенери набавени во 2015 г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2009г. (функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | XP, Vista Windows7, Windows 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Неготино

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Основниот суд Неготино нема воспоставено мрежа на внатрешно поврзување меѓу судиите и останатите судови, а не постои ниту надворешно поврзување со другите државни органи и институции. Доставата на предметите до повисоките судови се врши физички, односно по пошта, а во АКМИС системот се преземаат доследно дејствија за текот на постапката од кои може да се констатира дека се доставува предмет до повисокиот суд на постапување, а како доказ за достава на истиот се користи повратница/доставница за уредно извршена достава на комплет списи по предметот. Постојат посебни безбедносни протоколи за пристап кон информатичката мрежа и тие се пропишани и обезбедени преку Работното тело за управување со движење на предметите при Врховниот суд, а во судот се вршат и редовни периодични безбедносни проверки на системот.

Во судот постои можност да се пристапува до Службени весник само од еден персонален компјутер, но е воспоставено поврзување на судиите и стручните судски службеници новините од Службен весник. Сите судии и судски службеници имаат пристап до интернет, со исклучок на доставната служба и техничко-помошниот кадар.

Комуникацијата за работата на судечките оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот се врши преку со писмен поднесок и истиот физички се доставува. Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши исто така на физички начин, во хартиена форма и еден примерок останува во судската архива.

## 3.8. Основен граѓански суд Скопје

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

При вршењето на работите од судската управа, административното работење и водењето на судските уписници во судот се користи информатичка технологија, додека раководител за службата за информатика во судот сеуште не е назначен. Како недостатоци на информатичката технологија на судот наведен е новиот програм за управување со движењето на судските предмети, кој има потреба од целосна или барем делумна надоградба на самата програма.

Надворешното поврзување со другите органи и институции е опишано како пасивно, а доставата на предметите до повисоките судови се врши физички.

Во судот не е имплементирано внатрешно поврзување на судиите, а ниту останатите судови.

Правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се доставуваат преку интерен мрежен информатор.

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 ИТ -техничар и 4 советници -информатичари |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 393 компјутери (делумно нефункционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 5 лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 143 застарени-постари од 5 години(поголем дел нефункционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 9 скенери (од кои два нефункционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2010г. |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP, Windows7, Windows 10 |

Извор: доставени податоци од Основен Граѓански суд Скопје

## 3.9. Основен Кривичен суд Скопје

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Од страна на Основниот Кривичен суд Скопје не се наведени одговори на прашањата кои се однесуваат на користење на информатичка технологија при вршење на работите од судската управа, административното работење и водењето на судските уписници, како и кој раководи со судската служба. Не постојат забележани податоци во прашалникот кои се однесуваат на евентуални недостатоци со сервери и компјутери во судот, комуникациска опрема и инфраструктура, системски програми и алатки, стандардни апликации, програми за управување со судските предмети и финансиското работење.

Исто, не се наведени податоци за начинот на внатрешното поврзување на судиите, доставата на предметите до повисоките судови, начинот на комуникација помеѓу судијата известител и претседателот на оддел, а нема објаснување на кој начин се доставуваат правните мислења и заклучоци од сендиците на судии и седниците на судските оддели.

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 ИТ -техничар и 4 советници -информатичари |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 88 компјутери набавени во 2020г.<br>48 компјутери набавени во 2019г.<br>80 компјутери набавени во 2018г.<br>125 компјутери набавени во 2017г.<br>13 компјутери набавени во 2015г.<br>60 компјутери набавени во 2010г.<br>1 компјутер набавен во 2009г.<br>15 компјутери набавени во 2008г.<br>22 компјутери набавени во 2007г.<br>1 компјутер - нема податок која година е набавен (функционални)<br>110 компјутери набавени во 2002 г.<br>32 компјутери набавени во 2003г.<br>(не се користат) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 60 принтери набавени 2020г.<br>4 принтери набавени 2018г.<br>8 принтери набавени 2015г.<br>60 принтери набавени 2009г.<br>110 принтери набавени 2005г. |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 7 скенери набавени во 2015г. |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 2 сервера набавени во 2009г.<br>5 сервера набавени во 2001г.<br>2 сервера – нема податок која година се набавени |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP, Windows7, Windows 10 |

Извор: доставени податоци од Основен Кривичен суд Скопје

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Судот располага со информатичка технологија, опремен е со компјутери, пристап до интернет и користи електронска комуникација. Информатичка технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи Претседателот на судот. ОС Берово ја истакнува потреба од опремување со компјутери, печатачи и скенери во судот, за поголема ефикасност на работа.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | компјутери, принтери, лап топ, монитори |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 3 компјутери набавени во 2019г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 1 лап топ набавен во 2019г. (функционален) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 5 принтери набавени во 2019г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | Нема податоци |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2019г. |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows |

Извор: доставени податоци од ОС Берово

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Судот има механизам на внатрешно, мрежното поврзување помеѓу судиите во судот со останатите судови од апелациското подрачје , но не се обезбедени податоци за неговата функционалност. Комуникацијата на судот со другите државни органи и институции се одржува преку е-меил. ОС Берово функционира согласно безбедносните протоколи за пристап кон информатичката мрежа што ги пропишува Врховниот суд на РСМ. Во рамки на работењето на судот се вршат периодични безбедносни проверки на системот.

Судот има обезбедено еден пристап до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија за вработените во судот. Пристап до интернет е обезбеден за вработените во судот, односно двајца судии и двајца стручни соработници. Податоци за поврзаноста и комуникацијата на судечките оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот не се обезбедени, додека правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши по електронски пат.

## 4.2. Основен суд Виница

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Судот располага со информатичка технологија, опремен е со компјутери, пристап до интернет и користи електронска комуникација. Информатичка технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи Претседателката на судот и советникот информатичар. Се истакнува потреба од обновување на постоечкото мрежно поврзување.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 20 компјутери набавени во период од 2008 - 2019г .(сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 5 принтери набавени во период од 2008 - 2018г.(сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 2 скенери набавени во 2016г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2010 г. (функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | VmwareVsphere и Microsoft Windows 2008, а Microsoft Windows XP/7 |

Извор: доставени податоци од ОС Виница

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Мрежното поврзување помеѓу судиите во судот со останатите судови од апелациското подрачје се одвива преку поврзување на локална судска ЛАН структура од Microsoft ActiveDirectory која е проширена на ниво на локализирана (но не локална) WAN мрежна структура (меѓу општинска и меѓу судска структура). Надворешното поврзување на судот со другите државни органи и институции е се уште на ниско ниво, иако постојат обиди за поврзување со некои институции и државни органи кои имаат соодветни капацитети за таква мрежна operaбилност. Офицерот за безбедност на личните податоци, заедно со Претседателката на судот и судскиот советник-информатичар ги пропишуваат безбедносните протоколи за пристап кон информатичката мрежа. Во рамки на работењето на судот се вршат неделни безбедносни проверки на системот.

ОС Виница има обезбедено пристап на судиите и вработените до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија. Пристап до интернет е обезбеден за сите вработени во судот, односно тројца судии и двајца стручни соработници. Комуникацијата за работата на судските оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот се врши преку постоечкиот информационен систем на ниво на суд, односно преку директен контакт, електронска компјутерска комуникација и телефонска мрежа. Правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши по електронски пат.

## 4.3. Основен суд Делчево

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Во 2019 година е направена јавна набавка на 8 нови компјутери со што делумно се решил долготрајниот проблем со застарена компјутерска опрема. Информатичката технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи информатичар. Од судот истакнуваат дека е потребна обнова на комуникациската опрема и инфраструктурата, со што целосно ќе се реши проблемот со кој се соочуваат во секојдневното работење.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 20 компјутери набавени во период од 2018-2019г. |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 1 лаптоп набавен во 2018г. (функционален) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 8 принтери набавени во период од 2018 - 2019г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 3 скенери еден набавен во 2012г. и два набавени во 2018г. (сите се функционалн) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2012г. (функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows 10 Pro |

Извор: доставени податоци од ОС Делчево

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Во однос на мрежното поврзување, од ОС Делчево нема информација за меѓусебното внатрешно поврзување на судиите и поврзувањето со останатите судови. Во судот нема ни надворешно мрежно поврзување со други државни органи и институции. Доставата на предметите до повисоките судови се врши по пошта.

Во ОС Делчево се запазени безбедносни протоколи за пристап кон информатичката мрежа, се прават редовни периодични безбедносни проверки на системот и судот има обезбедено пристап на судиите и вработените до електронското издание на Службен весник на РСМ. Сите вработени лица имаат пристап до интернет а правните мислења и заклучоците од седниците на судиите и седниците на судските оддели се доставуваат по електронски пат.

## 4.4. Основен суд Кочани

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Основниот суд Кочани е опремен со компјутери, поседува пристап до интернет и располага со информатичката технологија. Информатичката технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи Раководител на одделението за информатика. Судот истакнува дека е потребна обнова на серверите и комуникациската опрема на ОС Кочани, како и воспоставување на целосно нови програми за управување со движењето на предметите и за материјално и финансиско работење на судот.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | Нема податоци |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 45 компјутери набавени во период од 2009 - 2019 г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 1 лап топ набавен во 2011г. (функционален) |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 24 принтери набавени во период од 2007-2018 г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 4 скенери набавени во период од 2011-2015 г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 1 сервер набавен во 2010г. (функционален) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows XP, Windows 7, Windows 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Кочани

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Основниот суд Кочани нема воспоставено мрежа на внатрешно поврзување меѓу судиите и останатите судови, а не постои ниту надворешно поврзување со другите државни органи и институции. Доставата на предметите до повисоките судови се врши по пошта или со службено возило. Офицерот за безбедност на личните податоци, заедно со Претседателот на судот и судскиот советник-информатичар ги пропишуваат безбедносните протоколи за пристап кон информатичката мрежа. Во рамки на работењето на судот се вршат неделни безбедносни проверки на системот. Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши исто така на физички начин, лично на секој од судиите.

# 4.5. Основен суд Радовиш

## ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Судот е опремен со компјутери, поседува пристап до интернет и располага со информатичка технологија. Информатичката технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи советник информатичар.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 25 компјутери набавени во период од 2018-2019г. |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 25 принтери набавени во период од 2006-2009г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 3 скенери набавени во период од 2012-2014г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 2 сервери набавени во период од 2010-2012г. (сите се функционални) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows 10 , Windows XP |

Извор: доставени податоци од ОС Радовиш

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Мрежното поврзување на судиите меѓу себе, како и со вработените во судот се врши со помош на мрежен фолдер преку кој се разменуваат фајлови и документи. Поврзување со останатите судови не е извршено, а исто така недостасува и надворешно поврзување со други државни органи и институции.

Судот има обезбедено пристап на судиите и вработените до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија. Пристап до информатичката мрежа е обезбеден за сите вработени во судот, а безбедносните протоколи за истото се обезбедени од Врховниот суд на РСМ, преку посебна мрежа за контрола и мониторинг на мрежниот промет помеѓу судовите.

Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши во хартиена форма за судиите и службениците што треба да постапуваат по заклучокот, односно преку интерни размени во папка и со лична достава.

## 4.6. Основен суд Свети Николе

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

За работите од судската управа, административното работење и водењето на судските уписници се користи информатичка технологија, за што е задолжено едно лице – информатичар. Судот е опремен со компјутери, поседува пристап до интернет и располага со информатичката технологија. Сепак, потребни се нови сервери за АКМИС и антивирус и компјутери за видео-конференциски судења и обуки. Дополнително потребна е набавка на лиценцирани оперативни системи Windows 10 за повеќе компјутери во судот. Од стандардните апликации потребен е 1 пакет Microsoft Office.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | -3 набавени во 2018г.<br>-7 набавени во 2017г.<br>-1 набавени во 2014г.<br>-1 набавени во 2012г.<br>-1 набавени во 2012г.<br>-6 набавени во 2008г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | -1 набавени во 2020г.<br>-5 набавени во 2018г.<br>-1 набавени во2016г.<br>-1 набавени во2014г.<br>1 набавени во 2012г.<br>-5 набавени во 2007г. (сите се функционални) |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | -2 набавени во 2014г.<br>-3 набавени во 2018г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | -1 сервер за АКМИС набавен во 2010г.<br>-1 сервер за скенирање набавен во 2014г.<br>(сите се функционални) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windos XP, Windows 7, Windows 10 и Windows Vista |

Извор: доставени податоци од ОС Свети Николе

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Мрежното поврзување на судиите меѓу себе како и со вработените во судот се врши преку АКМИС системот преку мрежни папки на кои ги споделуваат документите и преку судски е-маил адреси. Надворешно поврзување со други државни органи и институции не постои. Доставувањето на предметите до повисоките судови се врши преку пошта или со достава на рака.

Доставувањето на предмети по барање на друг суд или друг државен орган е посебно регулирано со Внатрешните процедури на ОС Св. Николе од јануари 2020 година. Имено, согласно овој акт по барањата за доставување на предмети на друг суд или друг државен орган, постапува Претседателот на судот. Судскиот службеник - водител на отсек кој има барање од друг суд или орган за доставување на предмет, а предметот не е завршен, е должен барањето веднаш да го достави до судијата кој постапува по предметот. Ако барањето е за предмет кој е правосилно завршен, судскиот службеник - водител на отсек е должен веднаш да го достави барањето до Претседателот на судот, кој одлучува во законски рок. Претседателот на судот кои одлучуваат по барањата на друг суд или државен орган, во случај кога се доставува предмет, се должни веднаш да го известат судскиот отсек каде предметот е доставен.

Судскиот службеник - водител на отсек по приемот на известувањето од Претседателот на судот, е должен веднаш да евидентира во електронското досие на кого и кога е доставен предметот.

Безбедносните протоколи за пристап кон информатичката мрежа се пропишани преку правилниците и законските одредби. Во рамките на работењето на судот се вршат периодични безбедносни проверки на системот.

Судот има обезбедено постојан пристап до интернет за судиите и стручните соработници а воедно сите имаат пристап до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија. Комуникацијата за работата на судијата известител и претседателот на одделот се врши непосредно за секоја поединечна тема но и преку писмени одлуки. На истиот начин се врши и доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судиите и седниците на судските оддели.

Во текот на 2019 година биле набавени неколку UPS уреди со што во голема мера се решило прашањето со прекините на струја и ударите од гром. Дополнително, бил набавен NAS storage уред што бил успешно интегриран со постоечкиот сервер така што просторот за чување на податоци на серверот се проширил и се избегнала опасност од преполнување на серверот за подолго време, а се овозможило скенирањето на поднесоците кои постојано пристигнуваат во судот. Истовремено овој уред служи и за привремен backup уред, но потребно е да се купи уште најмалку еден NAS storage со цел физички да се одделат овие две функционалности – backup и скенирање. Останува потребата од компјутер кој ќе служи за сервер на антивирусната програма и на други апликации како vmWare Sphere client и програмата за контрола на работно време.

## 4.7. Основен суд Струмица

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

ОС Струмица поседува услови и капацитети за користење на информатичката технологија. Информатичката технологија се користи за вршење на работите од судската управа, административното работење и водењето на судските уписници.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | 76 компјутери набавени во период од 2010-2020г. (сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | Нема лап топи |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | 36 принтери набавени во период од 2012-2020г.(34 функционални 4 нефункционални). |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | 6 скенери набавени во период од 2012-2020г. (сите се функционални) |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | 2 сервери набавени во 2010г.(сите се функционални) |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows 7 Pro, Windows 10 Pro, Windows Vista |

Извор: доставени податоци од ОС Струмица

### МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Мрежното поврзување на судот со другите државни органи и институции и електронската комуникација се уште не е воспоставена. Доставата на предметите до повисоките судови се врши физички преку доставната служба на судот. Судот има обезбедено пристап на судиите и вработените до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија. Пристап до интернет е обезбеден за сите вработени во судот, но комуникацијата за работата на судски оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот најчесто се одвива усно во рамки на работата на судот, а поретко преку постоечкиот информационен систем на ниво на суд и електронска компјутерска комуникација. Доставувањето на правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши по електронски пат.

## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

### ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Судот располага со информатичка технологија, опремен е со компјутери, пристап до интернет и користи електронска комуникација. Информатичка технологија се користи за административното работење и водење на судските уписници, како и за работите од судската управа и со неа раководи Претседателот на судот и советникот информатичар. Се истакнува потреба од обновување на постоечкото мрежно поврзување.

| | |
|---|---|
| Број на ИТ техничари во судот/ во Службата за информатика | 1 |
| Хардверски капацитети | Нема податоци |
| Број на компјутери, година на набавка и дали се функционални? | -14 набавени во 2020г.<br>-9 набавени во 2019г.<br>-1 набавени во 2018г.<br>-7 набавени во 2017г.<br>-8 донирани во 2015г.<br>-25 набавени во 2008г.<br>(сите се функционални) |
| Број на лап-топи, година на набавка и дали се функционални? | 2 лаптопи набавени во 2020г. |
| Број на печатачи/принтери, година на набавка и дали се функционални? | -3 набавени во 2020г.<br>-5 набавени во 2015г.<br>-6 набавени во 2014г.<br>-1 фотокопир, кој се користи како мрежен принтер набавен во 2014г.<br>-1 фотокопир, кој се користи како мрежен принтер набавен во 2011г.<br>-15 принтери набавени во 2009г.<br>-1 фотокопир, кој се користи како мрежен принтер набавен пред 2009г. |
| Број на скенери, година на набавка и дали се функционални? | Нема податоци |
| Број на сервери, година на набавка и функционалност | -1 сервер за VM набавен во 2008 г.<br>-1 сервер за скенирање набавен во 2015 г. |
| Оперативен систем кој се користи во судот | Windows vista, Windows7, Windows 10 |

Извор: доставени податоци од ОС Штип

## МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ ВО СУДОВИТЕ

Мрежното поврзување помеѓу судиите во судот со останатите судови од апелациското подрачје се одвива преку поврзување на локална судска ЛАН структура од Microsoft Active Directory која е проширена на ниво на локализирана (но не локална) WAN мрежна структура (меѓу општинска и меѓу судска структура). Надворешното поврзување на судот со другите државни органи и институции е се уште на ниско ниво, иако постојат обиди за поврзување со некои институции и државни органи кои имаат соодветни капацитети за таква мрежна операбилност. Офицерот за безбедност на личните податоци, заедно со Претседателот на судот и судскиот советник - информатичар ги пропишуваат безбедносните протоколи за пристап кон информатичката мрежа. Во рамки на работењето на судот се вршат неделни безбедносни проверки на системот.

Судот има обезбедено пристап на судиите и вработените до електронското издание на Службениот весник на Република Северна Македонија. Пристап до интернет е обезбеден за сите вработени во судот, односно тројца судии и двајца стручни соработници. Комуникацијата за работата на судските оддели, односно помеѓу судијата известител и претседателот на одделот се врши преку постоечкиот информационен систем на ниво на суд, односно преку директен контакт, електронска компјутерска комуникација и телефонска мрежа. Правните мислења и заклучоците од седниците на судии и седниците на судските оддели се врши по електронски пат.

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ИНФОРМАТИЧКО КОМПЈУТЕРСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА

## „НЕКОНТИНУИРАНОТО ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ИКТ ЈА ОТЕЖНУВА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СУДОВИТЕ“

1. Речиси сите основни судови имаат формирано служби за информатика како посебна организациона единица составено од еден до двајца советници информатичари и претседателот на судот, а дел од основните судови имаат вработено најмалку едно лице надлежно за вршење на информатичките процеси во судот.

2. Сите основни судови се соочуваат со потешкотии во примената и екипираноста на информатичките капацитети на судовите особено имајќи предвид дека во работата на судот се користат повеќе софтверски апликации.

3. Електронската комуникација и размената на информации помеѓу основните судови се одвива преку емаил адреси, при што службен меил користат само дел од судиите и судските службеници но не и останатиот персонал во судот. Сите вработени во основните судови имаат пристап до интернет. Неопходно е обновување на компјутерската опрема во основните судови и набавка на скенери и печатари во судот за исполнување на предвидените надлежности.

   Постојниот информациски систем во правосудството не ги интегрира сите деловни процеси кои се спроведуваат во основните судови. Информатичката технологија е предвидено да се применува и во работата по примените поднесоци и образувањето на предметот, каде што судскиот службеник во судската писарница доколку има технички можности ги скенира примените поднесоци и ги сместува во архивската датотека на судската писарница во електронска и писмена форма.

4. Доставата на писмена до странките е предизвик за основните судови и влијае на ефективноста во судските постапки. Електронското поврзување на судовите е се уште нефункционално освен за регистрираните адвокати, нотари,извршители и странки во постапката кои комуницираат преку електронска адреса. Доставата на пресуди, покани за рочишта, одлуки, потврди, уверенија и слично се врши лично преку пошта или преку доставувач на судот. Постои потреба од анализа на досегашната примена на процесните одредби и утврдување на причините за отежнатото вршење на уредна достава од судот.

5. Во основните судови постојат можности за електронско поднесување и електронски прием на писмена испратени до судот преку посебен судски веб портал за што постои упатство за електронска достава. Електронската достава ја користат странките и адвокатите кои се претходно регистрирани на судскиот портал и кои поседуваат електронски сертификат за идентификација. при што комуникацијата е еднонасочна односно само од основните судови до странките и адвокатите. Проблематично е што оваа комуникација е еднонасочна и адвокатите и странките не можат да доставуваат писмена до основниот суд што влијае врз ефикасноста и економичноста на судот.

6. Основните судови имаат потреба од поддршка за ефективно спроведување на работните процеси со примена на ИКТ, како што се: комуникација со странките преку електронско поврзување на тужби и поднесоци, веб услуги, онлајн пристап до судските одлуки, автоматска обработка на податоци и итн. Потребно е да се предвиди раководна позиција за информатички службеник и посебна кадровска организациона единица за информатичко- комуникациската технологија со јасно дефинирани надлежности.

7. Основните судови имаат застарена информатичка опрема која не ги задоволува потребите за воведување на нови ИКТ системи. Врз ефикасноста влијае и хардверската опрема која во најголем дел од судовите е застарена и неисправна ја отежнува примената на софтверските решенија кои се користат во судовите и ја ограничува примената на нови ИКТ процеси.

8. Поради слабиот капацитет на серверите не постојат бази на податоци за движењето на предметите (АКМИС) и аудио записите (ФЕМИДА) и истите се зачувуваат преку локални методи. Проблематично е што недостасуваат процедури за обликот и процедурата за документите кои се генерираат во текот на судската постапка и нивното зачувување во централна база на податоци за судскиот информатички систем.

9. Постојат технички можности за интероперабилност со повисоките судови и институции, електронска достава на предмети и податоци но не се усвоени дополнителни внатрешни процедури за следење на нивната примена. Судовите имаат организациски, технички и кадровски услови за електронска достава на писмената до странките и адвокатите кои се регистрирани, но проблемот се лоцира во слабата меморија на серверите и неможноста за пребарување по основи на писмената кои се скенираат и се прикачуваат кон досието на предметот.

# АКМИС

Согласно Законот за управувањето со движењето на предметите во судовите, во РСМ се користи системот АКМИС кој содржи одредби за управување со движењето на предметите во судовите во земјата преку автоматизиран компјутерски систем за управување со судски предмети. Со помош на овој систем ќе се постигне почитување на законските рокови за преземање на процесните дејствија, законските рокови за донесување, изготвување и објавување на судските одлуки и според рокови определени со законот, а ќе се спречи застој во движењето на судските предмети како и спречување на создавање на заостаток на нерешени судски предмети.

Архивското работење во судовите се одвива согласно Законот за архивски материјал, како и одредбите кои произлегуваат од Судскиот деловник во однос на архивирањето на предметите и останатиот материјал кој произлегува од работата на судовите.

Согласно член 90 од Судскиот деловник, администраторот на АКМИС системот во судот согласно годишниот распоред за работа и распоредот и овластувањата на судиите и судските службеници за работа со АКМИС системот кои се составен дел на внатрешните процедури ги ажурира сите потребни промени на локалните номенклатури во АКМИС системот.

Овластени лица за пристап до АКМИС системот се корисниците на АКМИС системот, службени лица за увид на податоците на АКМИС системот, надворешен корисник на АКМИС системот, овластено стручно лице, овластен стручен судски службеник на централни номенклатури на АКМИС системот и овластен судски службеник информатичар на АКМИС системот во судот.

# 1. Апелациско подрачје Битола

## 1.2. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

Во последните 5 години при работењето со АКМИС системот не се забележани потешкотии. Работното тело за стандардизација на постапките за користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до судот, а во изминатиот пет годишен период бил спроведен надзор од Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС, но од судот не доставиле извештај за резултатите од спроведената проверка.

За работење со АКМИС системот, вработените следат континуирана обука за АКМИС согласно календарот за обуки.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Во судот доставата се врши преку доставна служба и пошта додека во судот постои електронска судска архива каде се скенираат писмените документи. Од судот не доставиле одговор дали го користат електронскиот систем за достава за двонасочна комуникација со странките и нивните застапници за испраќање и добивање на писмена, а во судот нема регистрирани правни субјекти за вршење на оваа функција. Досега не се забележани потешкотии при приемот на писмена упатени до судот. Во судот постојат услови за прием на писмената кои се испратени по електронски пат.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во ОС Битола се води комбинирано (рачно и компјутерски). Судот поседува кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници.

Во судот постои програма за заштита на личните податоци, а има и назначено лице за заштита на личните податоци (контролор) во рамките на судот.

При вршењето работи од судската управа, претседателот на судот носи акти т.е. решенија и наредби.

Во ОС Битола, постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци со степен на тајност е уредено преку обезбедување на безбедносен сертификат за лицата кои работат со вакви податоци. Не е наведено колку лица поседуваат ваков сертификат во ОС Битола.

Како најчест проблем при работењето на судската писарница нотирано е  пребарувањето по одредени основи-услови кои не можат да се изберат или нема можност да се врши пребарување бидејќи нема простор за внесување на такви податоци при заведување.

Останатите проблеми кои се појавуваат при работа со АКМИС системот се пријавуваат редовно до работното тело за АКМИС.

## 1.3. Основен суд Крушево

ОС Крушево во текот на своето работење нема забележано поголеми проблеми или потешкотии во функционирањето на АКМИС системот. Доколку се појави проблем, истиот се отстранува преку поддршката на ЕДУ Софт за релативно кратко време.

Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до судот и истите се почитуваат комплетно. За нивно спроведување задолжени се сите вработени кои го користат АКМИС системот.

Службениците континуирано следат обука за АКМИС програмата доколку има промени или надградби на истата.

Во последните пет години не бил спроведен надзор од Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се води комбинирано. Предметите и другите податоци покрај во електронското досие се чуваат и во печатена форма во папки во архивата на судот. Доставата на судот се врши преку доставна служба на судот, но понекогаш може да се врши и преку пошта. Во однос на електронската архива на податоци т.е. дали писмената се скенираат и дали судската писарница поседува услови за тоа, во ОС Крушево се скенираат сите писмени документи со што се формира електронско досие за истите т.е. судската писарница на приемно одделение има обезбедено  услови за скенирање на документите.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Судот го користи електронскиот систем за достава со еднонасочна комуникација од судот до странките и нивните застапници доколку истите се регистрирани во системот за е- достава. Од ОС Крушево не располагаат со податок колку правни субјекти, институции и државни органи се регистрирани во електронската достава на судот. Досега не се забележани потешкотии при прием на писмена до судот. За прием на писмената испратени до судот по електронски пат, освен за дописи кои пристигнуваат на официјалната електронска пошта на судот не постои друг начин.

Судот во моментов со своите кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници успева да го обезбеди вршењето на функциите со цел за обезбедување на непречена работа на судот. Во судот постои програма за заштита на лични податоци во рамките на судот и за тоа има назначено посебно лице (контролор) за заштита на личните податоци.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е уредено со писмени изјави за заштита на податоците од страна на вработените и судиите. При вршењето на работи од судската управа, претседателот на судот во ОС Крушево не донесува одлуки, ниту издава посебни наредби и упатства.

Во однос на надзорот на работата на судските писарници проблеми во работењето се забележани со книгите за евиденција, додека останатите функции како, увид на работата на советите во судот, судијата поединец, судскиот администратор и вработените во судската служба во судот, увидот во списите на предметот, увид во одлуките на судот и повисоките судови донесени по поднесен правен лек, преглед на уписниците, регистрите, роковникот на судии и роковникот на судските писарници со насрочени предмети, помошни книги и други податоци во АКМИС се оценети како функционални и со нив не е забележан пробме во работењето.

## 1.4. Основен суд Охрид

Целокупната евиденција на предметите во ОС Охрид се врши преку АКМИС системот. Во последните 5 години не се забележани посебни потешкотии или проблеми при функционирањето на АКМИС системот но доколку се забележи некаков проблем при работењето се користи посебна платформа за поддршка и помош од "Едусофт". Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот последен пат спроведе надзор во Основниот суд Охрид во 2019 година. Работното тело за стандардизација на АКМИС системот редовно доставува заклучоци и ако во нив се содржани насоки за ОС Охрид истите се спроведуваат.

Обуките се организираат од страна на АСЈО согласно нивниот план за обуки. Најчесто се организираат една до две обуки за АКМИС системот и на тие обуки учествуваат само по 20тина учесници од судот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано, рачно и преку АКМИС системот. Архивирањето на хартиените списи на предметите од страна на судијата се врши со потпис на штембилот за архивирање кој се става на обвивката на предметот.

Во судот постои доставна служба која брои 10 доставувачи. Исто така, постои електронска архива на податоци. Писмените документи кои пристигнуваат во судот редовно и во целост се скенираат и системски се поврзуваат со електронското досие на предметот за кој се наменети. Системот за електронска достава и прием на писмена е во прва фаза на реализација, се врши само достава на писмена до адвокатите и други странки кои имаат регистрирано електронско сандаче.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

ОС Охрид располага со кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници и од 2017 година врши електронска достава на писмена до субјекти кои се регистрирани во системот за електронска достава. Во системот за електронска достава се регистрирани 101 субјекти и тоа: 86 адвокати, 7 адвокатски друштва, 5 нотари, 2 извршители и 1 јавно претпријатие.

Не се забележани проблеми со приемот на писмена упатени до судот. Постојат услови за прием на писмена по електронски пат, но се уште не е започната реализацијата на втора фаза од електронската достава.

Во ОС Охрид вршењето на работите од судската управа, донесувањето одлуки од претседателот на судот, издавањето наредби и давањето упатства се спроведуваат согласно насоките во Судскиот деловник, внатрешните процедури, Законот за судови и Законот за управување со движењето на предмети.

Во ОС Охрид постои и програма за заштита на лични податоци. Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации, преку потпишување на изјави за класифицирани податоци со степен на тајност. Претседателот на судот и Судскиот администратор поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност. Во рамки на ОС Охрид е назначено посебно лице - контролор за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на лични податоци.

Од извршениот надзор врз работата на судските писарници се забележани проблеми при увид во работата на советите во судот, судија поединец, судски администратор и вработени во судската служба во судот. Исто така, нотиран е проблем при извршувањето увид во податоците од АКМИС.

## 1.5. Основен суд Прилеп

При вршење надзор над работата на судските писарници, проблеми во работењето се забележани при преглед на уписниците, регистрите, роковникот на судии и роковникот на судските писарници со насрочени предмети.

Во последните 5 години со функционирањето на АКМИС системот не се забележани потешкотии. Работното тело за стандардизацијана постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до судот кои ги спроведуваат судските службеници.

Во последните 5 години бил спроведен надзор од страна на Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС но не биле евидентирани пропусти.

Судските службеници во ОС Прилеп следат обука за АКМИС според каталогот за обуки на академијата за судии и јавни обвинители.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Во судот архивското работење се води компјутерски. Судот нема кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници. Во судот постои самостојна доставна служба, но дел од доставата се врши преку пошта. При водење на електронска архива на податоци, писмените документи се скенираат и овој процес се врши во приемната писарница.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Судот го користи електронскиот систем за достава на двонасочна комуникација со странките и нивните застапници но само во делот на електронска достава. Правни субјекти кои се регистрирани во овој систем се само дел од адвокатите. Досега не се забележани потешкотии при приемот на писмена упатени до судот, а сеуште не постојат услови за прием на писмената испратени до судот по електронски пат. Во судот е ангажирано лице (контролор) за заштита на личните податоци.

При вршењето на работите од судската управа, претсетелот на судот донесува одлуки, издава наредби и дава упатства согласно со Судскиот деловник.

Во судот се утврдени посебни процедури за заштита на личните податоци. Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани информации со степен на тајност е регулирано така што само вработените кои поседуваат сертификат со соодветен степен ракуваат со таквите податоци. Во судот вкупно 15 лица поседуваат безбедносен сертификат за класифицирани информации.

## 1.6. Основен суд Ресен

Во работењето на ОС Ресен во изминатиот период 2015-2020 година не се забележани потешкотии при работа со функционирањето на АКМИС системот. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до судот, а истите се почитуваат. Во последните три години судските службеници не добиле никаква обука во врска со користењето на АКМИС системот. Последната контрола била спроведена од страна на Апелационен суд Битола како надзор од Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се води комбинирано т.е. рачно и компјутерски. Доставата која ја врши судот се одвива на два начина – преку пошта и преку самостојна служба. Во ОС Ресен постои електронска архива на податоци односно се скенираат сите поднесоци од страна на судската писарница која има услови за оваа функција. Од ОС Ресен при вршење надзор на работата на судските писарници не утврдиле проблем при  увидот во работата на советите на судот, судијата поединец, судскиот администратор и вработените во судската служба во судот, увид во списите на предметот, увид во одлуките на судот и повисоките судови донесени по поднесен правен лек, преглед на уписниците, регистрите, роковникот на судии и роковникот на судските писарници со насрочени предмети, а не затекнале проблеми ниту со помошните книги, книгите за евиденција, увид во податоците со АКМИС и сл.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Судот го користи електронскиот систем за достава за двонасочна комуникација со странките и нивните застапници само со субјектите со кои има можност за тоа. Како правни субјекти, институции и државни органи регистрирани на системот за електронска достава досега се забележани само адвокатите, а досега не се забележани потешкотии при прием на писмена упатено до судот. Во судот постојат услови за прием на писмената испратени до судот по електронски пат. Судот поседува кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската доставаа на писмената до странките и нивните застапници.

Во судот постои програма за заштита на личните податоци и за таа цел е задолжено лице (контролор) за заштита на личните податоци во рамките на судот.

Во ОС Ресен, судиите и дел од службениците поседуваат безедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност. При вршење на работите од судската управа претседателот на судот донесува одлуки, издава наредби и дава упатства за вршење на работите од овој домен.

## 1.7. Основен суд Струга

Во последните 5 години имало потешкотии со работењето во АКМИС системот кои се решени заеднички со судскиот информатичар и работното тело за стандардизација. Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до судот, а за нивно спроведување задолжен е судскиот информатичар. во последните пет години беше спроведена проверка од страна на Комисија за надзор за функционирањето на АКМИС системот, кој беше спроведен на 13.12.2019 година и за него постои официјален извештај. Извештајот претставува детален преглед на посебните сегменти на работењето во судот и во него се утврдени неколку  препораки.

Судските службеници ретко посетуваат обука за АКМИС бидејќи обуките се во мал број и не се доволно опширни со цел да ги задоволат потребите на лицата кои ги посетуваат.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се води рачно во самиот предмет и компјутерски со внесување на податоци во АКМИС т.е. комбинирано. При вршењето на надзор на работата на судските писарници се забележани проблеми во работењето, конкретно при увид во списите на предметот како и други тековни проблеми при работењето. Во судот постои електронска архива на податоци, т.е. писмена кои се скенираат. Се скенираат сите приемни поднесоци во граѓанскиот и кривичниот оддел.

## ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Судот поседува кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници. Судот не го користи електронскиот систем за достава за двонасочна комуникација со странките и нивните застапници. Досега само 57 правни субјекти се регистрирани на системот за електронска достава на судот, а досега не се забележани потешкотии при приемот на писмена упатени до судот. во овој момент постојат услови за прием на писмената испратени до судот по електронски пат.

Во судот се вработени четири доставувачи кои го покриваат целиот град и дел од приградските населби. За одредени места кои се помали по број на жители и кои се оддалечени од градот доставата се врши преку пошта.

Во судот постои лице кое е задолжено за заштита на личните податоци (контролор) во рамките на судот по одлука на претседателот на судот. Пр вршење на работите од судската управа претседателот на судот донесува процедури, упатства за постапување, распореди за работа, наредби за постапување, решенија и одлуки по однос на права од работен однос и сл.

Во судот не постои програма за заштита на лични податоци во рамките на судот. Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци со степен на тајност се остварува согласно со Законот за класифицирани информации, а од судот само две лица поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

Во последните пет години во работењето на АКМИС системот се забележани потешкотии но истите се решаваат тековно. Како главна забелешка за АКМИС системот посочено е тоа што програмата на истиот не работи доволно брзо со што влијае на експедитивноста при работењето. Работното тело за стандардизација доставува заклучоци согласно потребите и истите во принцип се почитуваат. Во последните пет години во судот во ОС Гостивар немало ниту една посета од Комисијата за надзор на функционирањето на АКМИС системот. Во судот во последните 5 години, судските службеници не посетиле никаква обука за АКМИС. Архивското работење во судот се води компјутерски во АКМИС системот, а потоа предметите се чуваат во архивата во судот додека не се префрлат во Државниот архив на РСМ.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Во судот доставата се врши преку пошта, а има и самостојна доставна служба. Во однос на електронската архива на податоци, скенирањето во судот започна во 2021 година. Условите за вршење на оваа функција се непогодни поради недоволен просторен капацитет и недостаток на кадар, а голем обем на предмети. При вршењето на надзор на работат ана судските писарници забележани се проблеми при увид во работата на советите на судот, судијата поединец, судскиот администратор и вработените во судската служба во судот, како и при увид во списите на предметот и увид во податоците од АКМИС.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Судот не го користи електронскиот систем за достава на двонасочна комуникација со странките и нивните застапници, а доставата со адвокатите е еднонасочна и не е задолжителна. Во судот досега се регистрирани 60 субјекти на системот за електронска достава.

Досега не се забележани потешкотии при приемот на писмена упатени до судот. Судот располага со електронска пошта и така ја остварува комуникацијата со останатите субјекти. Со оглед на бројот на вработените и просторните услови за функционирањето на електронската достава е отежната, особено поради тоа дека доставата не е задолжителна и сеуште е еднонасочна, а техничките услови се задоволителни.

Во судот не постои програма за заштита на лични податоци во рамките на судот. Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци со степен на тајност е регулирано со правилници, процедури и планови согласно законот за заштита на лични податоци.

Во судот ниту едно лице не поседува безбедносен сертификат запостапување со класифицирани податоци со степен на тајност.

Во судот е назначено лице – офицер за заштита на личните податоци.

При вршењето на работите од судската управа претседателот на судот донесува одлуку, наредби и упатства согласно со судскиот деловник.

## 2.2. Основен суд Дебар

Во однос на работењето на АКМИС системот во последните 5 години во судот повремено се забележуваат потешкотии во функционирањето на системот. Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до ОС Дебар, а истите се почитуваат доследно. Судските службеници ретко следат континуирана обука за АКМИС, а во последните 5 години по спроведениот надзор од Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот, судот не го поседува извештајот за функционирањето на АКМИС системот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се води комбинирано. Во однос на видовите на предмети по кои се постапува во овој суд првично се уредува предметот за физичко архивирање и се внесуваат сите податоци за кои постои можност за внесување во АКМИС системот. Во судот постои електронска архива на податоци и сите поднесоци доставено до судот се скенираат од страна на судскиот службеник во приемната писарница на судот. При вршење на надзор на работата на судските писарници се забележани проблеми во однос на работењето, поконкретно при преглед на уписниците, регистрите, роковникот на судии и роковникот на судските писарници со насрочени предмети, како и со увидот во податоците од АКМИС системот

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

За судот функционира доставна служба т.е. доставувачи за подрачјето на град Дебар во општина Центар Жупа, а доставата исто така покрај пошта, се врши и електронски. ОС Дебар го користи и електронскиот систем за достава за двонасочна комуникација со странките и нивните застапници, а во системот освен адвокатите, останати правни субјекти, институции и државни органи не се регистрирани. Во судот не се забележани потешкотии при прием на писмена упатени до судот, а постојат услови за прием на писмената испратени до судот по електронски пат. Судот има своја официјална електронска адреса за прием на писмена испратени преку електронски пат, а истата е објавена на веб страната на судот. Судот поседува доволно кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници.

Во ОС Дебар постои програма за заштита на личните податоци. Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано со поседување на безбедносен сертификат. Во ОС Дебар, безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност поседуваат тројца т.е. претседателот на судот, еден стручен судски соработник и соработникот-информатичар, а сертификатот е соназнака „Строго доверливо“. При вршењето на работите од судската управа претседателот на судот донесува одлуки, издава наредби и дава упатства.

## 2.3. Основен суд Кичево

Целокупната евиденција на предметите во ОС Кичево се врши преку АКМИС системот. Судски службеници ретко посетуваат обуки за работа во АКМИС системот. Во изминатите години се забележани мали потешкотии и проблеми при работата на системот, но тие се од полесен карактер и брзо и лесно се отстрануваат. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за ОС Кичево, и тие се доставуваат до претседателот на судот како задолжен за нивно спроведување во судот. Во последните години Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот извршила една посета во ОС Кичево, на 19 јули 2019 година. Од посетата до ОС Кичево бил доставен извештај со 31 препорака за подобрување на работата на судот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивата во судот се води на комбиниран начин, односно предметите прво се уредуваат физички а потоа и се внесуваат во АКМИС системот.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата на судските списи се врши пред се од страна на судската доставна служба на ОС Кичево. Во Основниот суд Кичево се користи и системот за електронска комуникација со странки и нивните застапници и тоа двонасочно, односно и за прием и за испраќање на податоци и информации од судот кон странките. Сепак, судот не располага со точен број на правни субјекти кои се регистрирани на системот за електронска достава до судот.

ОС Кичево има усвоено интерен акт за заштита на личните податоци, и има назначено лице за заштита на личните податоци, односно контролор. Судот не достави податоци за бројот и функцијата на лицата кои поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци.

## 2.4. Основен суд Тетово

Во последните 5 години во ОС Тетово се забележани потешкотии при функционирањето на АКМИС системот, во делот на конекцијата до серверот. Во однос на Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС системот и доставувањето редовни заклучоци до судот, целосна ингеренција има Врховниот суд на РСМ.

Во последните пет години биле спроведени вкупно две проверки над функционирањето на АКМИС системот, составени од ИТ експерти на ССРСМ, Министерството за правда и Апелациониот суд Гостивар, но за спроведениот надзор до судот не е испратен никаков извештај.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано, односно предметите се архивираат во АКМИС системот, но и писмено преку предавање во архива.

Не постои електронска архива на податоци, ниту пак судот има технички можности за скенирање на документите. Последнато обновување на опремата е направено пред 6 години, односно доставен е сервер за четири скенери, но истиот до денеска не е во функција.

При вршењето надзор на работата на судските писарници забележани се одредени недостатоци, поврзани со увидот во списите на предметот, увидот во одлуките донесени од повисоките судови по претходно поднесен правен лек, во прегледот на уписниците, роковниците, регистрите, роковникот на судските писарници со насрочени предмети, како и увидот во предметите од АКМИС системот и одредени пропусти при внесување на податоците во уписниците.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Судот го користи електронскиот систем за двонасочна комуникација само за оние правни субјкети кои се регистрирани за тоа. Досега вкупно има регистрирано 110 правни субјекти за е-достава. Во судот доставата на писмената се врши преку доставна служба, но во одредени реони судот ги користи услугите на АД Македонски пошти.

Во судот има посебно лице задолжено за заштита на личните податоци, односно назначен е офицер за заштита на личните податоци. Иако е назначено посебно лице, судот нема усвоено посебна програма за заштита на личните податоци.

Во делот на постапувањето со класифицирани податоци со одреден степен на тајност, во судот постои посебен уписник, СУ-ДОВ кој го води претседателот на судот, и само тој поседува безбедносен сертификат.

При вршењето на работите од судската управа претседателот редовно донесува одлуки, наредби, упатства за работните процеси, распореди за работа, кои се однесуваат на подобрувањето на организацијата и ажурноста при правораздавањето на судот.

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

Целокупната евиденција на предметите во ОС Велес се врши преку АКМИС системот. Во последните 5 години не се забележани посебни потешкотии или проблеми при функционирањето на АКМИС системот. Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот последен пат спроведе надзор во Основниот суд Велес на 15 март 2018 година, но Извештај за евентуалните констатирани пропусти при користењето на системот не бил доставен во ОС Велес. Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за работата на ОС Велес и истите во целост се почитуваат и спроведуваат од страна Судскиот администратор, судскиот информатичар и судските службеници во писарниците, судиите и судските службеници-записничари по наредба на Претседателот на судот. Обуки за АКМИС системот се одржуваат доколку дојде до одредени промени, надоградувања или ажурирања на системот, по што обуките ги одржува информатичарот на судот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано. Архивирањето на хартиените списи на предметите од страна на судијата се врши со потпис на штембилот за архивирање кој се става на обвивката на предметот. Судските службеници од писарниците во програмот АКМИС евидентираат дека предметот е во архив. По изминување на рокот за чување на предметите, согласно План и Листи донесени согласно Законот за архивски материјал се врши одвојување на предметите или одлуки кои трајно се чуваат и предметите на кои им е поминат рокот на чување. Предметите и одлуките кои се чуваат трајно се попишуваат и се предаваат на Државниот архив, а предметите на кои им е поминат рокот се уништуваат. Ова се прави рачно, а во АКМИС системот се уште не постои можност за бришење на предметите на кои им е поминат рокот за чување.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата во ОС Велес се врши преку судски доставувачи кои вршат достава на подрачје на градот. Доставата се врши и преку доставувачи од други судови и по пошта. Во судот постојат кадровски, организациски и технички услови за функционирање на електронската достава на писмена до странките и нивните застапници, но електронската достава не се користи двонасочно. Имено, судот ја користи оваа електронската достава едносмерно, односно единствено за доставување на писмена од Судот до странките. Иако електронската достава беше воведена во судовите уште во 2014та година, до периодот на подготовка на анализата, само 2 правни лица (Центар за социјална работа Велес и Јавно претпријатие за комунални дејност Дервен) се регистрирани на системот за електронска достава во ОС Велес.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации. Вкупно 21 лице во ОС Велес поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност. Тоа се 7 судии, 7 стручни судски службеници, Командирот на судската полиција и сите останати припадници на судската полиција.

Во рамки на судот е назначено посебно лице - контролор за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на лични податоци.

## 3.2. Основен суд Гевгелија

Целокупната евиденција на предметите во ОС Гевгелија се врши преку АКМИС системот. Сите судски службеници посетувале обука во периодот кога се вовел АКМИС системот во работа на судовите и немаат потреба за понатамошни обучувања во оваа област. Во изминатите години се забележани ситни потешкотии и проблеми при работата на системот, но тие се од полесен карактер и брзо и лесно се отстрануваат. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за ОС Гевгелија, и тие се доставуваат до претседателот на судот како задолжен за нивно спроведување во судот. Во последните години Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот не извршила посета во ОС Гевгелија.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивата во судот се води на комбиниран начин, односно предметите прво се уредуваат физички а потоа и се внесуваат во АКМИС системот.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата на судските писмена за подрачје на Општина Гевгелија ја врши судската доставна служба-судските доставувачи во судот и преку пошта. ОС Гевгелија го користи и системот за електронска комуникација со странки и нивните застапници но само еднонасочно, односно само за комуницирање податоци и информации од судот кон странките. За прием на писмената на странките електронски, се користи официјалната е-маил адреса на судот. До сега, вкупно 18 адвокати, извршители и нотари се регистрирале на системот на електронска достава на судот, но не е регистрирана ниту една институција, или орган на државната власт и само еден правен субјект.

ОС Гевгелија има усвоено повеќе интерни акти и правилници за заштита на личните податоци, и има назначено лице за заштита на личните податоци, односно контролор. Пет лица – претседателот на судот, тројца судии и еден раководител на оддел поседуваат важечки сертификат за работа со класифицирани податоци.

## 3.3. Основен суд Кавадарци

Евиденцијата на предметите во ОС Кавадарци се врши АКМИС системот. Во изминатите години во судот повремено се појавуваат потешкотии при функционирањето на АКМИС системот. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за ОС Кавадарци, а тие се доставуваат до судскиот администратор и информатичарот на судот. Последниот надзор спроведен во ОС Кавадарци од страна на Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот се случи во 2019 година. Главните забелешки на Комисијата се однесуваа на ненавремено објавување на анонимизираните пресуди на веб страната на судот, што се должи пак на недостатокот од човечки ресурси во судот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивата во судот се води претежно рачно, а подоцна истите податоци се внесуваат во АКМИС системот. Судот располага со опрема за скенирање на поднесоците и електронската архива функционира во целост.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата на судските писмена за подрачје на Општина Кавадарци се врши претежно преку пошта. ОС Кавадарци во целост го користи системот за двонасочна комуникација со странките. ОС Кавадарци е еден од малкуте судови во државата каде што системот функционира во двете насоки, односно и за примање поднесоци и за упатување на одговор/информација до странките. До сега на системот на електронска достава во ОС Кавадарци се регистрирани 430 правни лица.

ОС Кавадарци има назначено лице за заштита на личните податоци, односно контролор. Ниту еден судија во ОС Кавадарци нема важечки сертификат за работа со класифицирани податоци, а само еден службеник располага со безбедносен сертификат.

## 3.4. Основен суд Кратово

Во последните 5 години во ОС Кратово не се забележани посебни потешкотии или проблеми при функционирањето на АКМИС системот. Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за работата на ОС Кратово и истите во целост се почитуваат и спроведуваат, а надлежно лице за нивно спроведување е советник информатичарот.

Судските службеници во ОС Кратово следат континуирана обука за АКМИС системот, но во последните пет години ниту еднаш не е спроведен надзор од Комисијата над функционирањето на истиот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано, а доставувањето на списите за конкретни предмети се остварува преку доставната служба на судот. Во судот не постои електронска архива на податоци, односно направа за скенирање на документите и списите на предметите. Во судот нема вработено судски службеник – архивар, ниту пак има друго лице кое е одговорно за архивата или судски службеник надлежен за прием и експедиција на поштата, што претставува дополнителен проблем во процесот на архивирање и архивско работење на судските предмети.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Електронскиот систем за двонасочна комуникација помеѓу странките и нивните застапници се користи само кога истото е возможно согласно капацитетите на судот за е-достава. Покрај наведеното, бројот на правни субјекти, институции и државни органи, регистрирани за електронска достава е многу мал, односно само 1 адвокат.

Судот се соочува со потешкотии во однос на кадровските, техничките и организациските услови за функционирање на електронска достава на писмената до странките и нивните застапници, односно делумно се задоволени наведените услови за непречено извршување на е - доставата.

Во рамките на ОС Кратово иако има назначено лице кое е задолжено за заштитата на личните податоци, не постои посебна програма, туку судот постапува согласно Законот и подзаконските акти од областа на заштита на личните податоци.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации. И покрај законското предвидување, безбедносен сертификат за постапување со класифицираните податоци со одреден степен на тајност, поседува само претседателот на судот.

При вршењето на работите од судската управа претседателот редовно донесува одлуки, распореди за работа, решенија, упатства и наредби кои се однесуваат на организацијата и работење на судот, постапувањето со предмети, почитувањето на Судскиот деловник, принципите и начелата за ажурност во правораздавањето на судот.

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

Во последните 5 години во ОС Крива Паланка не се забележани посебни потешкотии или проблеми при функционирањето на АКМИС системот. Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за работата на ОС Крива Паланка и истите во целост се почитуваат и спроведуваат, а надлежно лице за нивно спроведување е администраторот на АКМИС системот.

Обуките за судските службеници не се организираат редовно, но секогаш кога се спроведуваат од страна на АСЈО, има голем интерес кај за присуство на истите од страна на судските службеници. Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот спроведува редовен надзор и резултатите се задоволителни.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано, односно предметите се архивираат во АКМИС системот, со ставање датум на архивирањето и рокот на чување на предметот. Архивирањето е континуиран процес, а за издвојувањето на архивскиот од документарниот материјал се формира комисија, која има за задача да изготви предлог за уништување на документарниот материјал со истечен рок на чување, кој се доставува до Државниот архив заради добивање на согласност.

Во ОС Крива Паланка иако постои електронска архива на податоци, односно скенер за скенирање на документите и списите на предметите, процесот е отежнат поради недостаток на судски службеници.

При вршењето надзор на работата на судските писарници се забележани одредени недостатоци, поврзани со увидот во работата на одделните совети во судот, судијата поединец, судскиот администраторот, вработените во судската служба во судот, увидот во списите на предметите, увидот во одлуките донесени од повисоките судови по претходно поднесен правен лек, во прегледот на уписниците, роковниците, помошните книги и книгите за евиденција како и контролата над работата на судската полиција. Во однос на работата на судските писарници условите се вонредно тешки, поради пензионирањето и со тоа празнењето на повеќе работни места, што доведува до заостаток во работата.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Судот не го користи системот за двонасочна комуникација помеѓу странките и нивните застапници, односно електронската достава се врши само за субјектите кои се регистрирани за тоа, но судот такви се уште нема регистрирано. Доставата на писмената до странките и нивните застапници се врши преку доставна служба на судот, но само за подрачјето на градот Крива Паланка, во спротивно истата се одвива преку пошта. Во однос на приемот на писмената упатени до судот, досега не се забележани поголеми потешкотии или проблеми.

Судот се соочува со потешкотии во однос на кадровските, техничките и организациските услови за функционирање на електронска достава на писмената до странките и нивните застапници, односно делумно се задоволени наведените услови за непречено извршување на е - доставата.

Во ОС Крива Паланка усвоена е посебна програма за заштита на личните податоци и судот има назначено посебно лице во делот на заштитата на истите.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации и Судскиот деловник. Само две лица во судот поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицираните податоци со одреден степен на тајност.

Забележани се потешкотии и во вршењето на помошно-стручните, односно административно-техничките работи, поради што се прават дневни и неделни распореди на судските соработници и судските референти – дактилографи. Сето тоа се одразува на ажурноста и квалитетот, односно уредноста и навременоста при заведувањето, оформувањето, предавањето на предметите, пописот и средувањето на списите, доставувањето, подготвувањето на предметите за жалбена постапка итн. Овој вонреден напор се одразува на квалитетот во работењето на судските службеници и на нивните примарни работни места.

При вршењето на работите од судската управа претседателот редовно донесува одлуки, наредби, упатства за работните процеси, распореди за работа, кои се однесуваат на подобрувањето на организацијата и ажурноста при правораздавањето на судот.

## 3.6. Основен суд Куманово

Целокупната евиденција на сите предмети во Основниот суд Куманово се врши преку АКМИС системот. Службениците во судот ретко посетуваат обуки за работа во самиот програм. Во последните 5 години судот забележува проблеми при функционирањето на АКМИС системот но не се доставени податоци за тоа како се надминуваат овие потешкотии во работата. Од судот нотираат и дека редовно се доставуваат и почитуваат заклучоците од Работното тело за стандардизација на постапките за користењето на АКМИС системот. Задолжени за спроведување на заклучоците се Претседателката на судот, претседателите на одделите, судскиот администратор и службата за информатика. Во последните 5 години беше извршен еден надзор од Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот во Основен суд Куманово во 2019 година и при контролата не беа констатирани неправилности.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивирањето на предметите во Основниот суд Куманово се врши на комбиниран начин, односно предметите се евидентираат во АКМИС системот, но самата архива на судот се води рачно. Со скенирање на писмени документи во Основен суд Куманово се започна во 2019 година, меѓутоа поради недостаток на техничка опрема (скенери) документите се скенираат во најголемите писарници и тоа во граѓанска и кривична писарница, писарница за работни спорови и прекршочна писарница, додека во дел од помалите писарници се уште не се скенираат документи.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата се врши преку доставната служба на судот, но и делумно преку пошта. Судот го користи електронскиот систем за достава, меѓутоа се работи за еднонасочна комуникација, односно за доставување на писмена од судот до странките и тоа до странките кои имаат поднесено и одобрено електронско сандаче. Но врската од странките до судот се уште не е во функција. На системот за електронска достава на Основниот суд Куманово се регистрирани 2 правни лица, 55 адвокати, 2 извршители и 1 нотар.

Основниот суд Куманово има назначено лице за заштита на личните податоци, односно контролор, додека безбедносен сертификат поседуваат 10 лица, но не се обезбедени податоци на кои работните позиции се тие.

## 3.7. Основен суд Неготино

Евиденцијата на предметите во ОС Неготино се врши целокупно преку АКМИС системот. Во изминатите години во судот повремено се појавуваат потешкотии при функционирањето на АКМИС системот, тие се од полесен карактер и се отстрануваат за краток временски период. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за ОС Неготино, тие се доставуваат до администраторот на АКМИС системот – информатичарот, како и до судиите и стручните службеници. Последниот надзор спроведен во ОС Неготино од страна на Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот се случи во 2019 година. Главните забелешки на Комисијата се однесуваа на ненавремено објавување на анонимизираните пресуди на веб страната на судот, што се должи пак на недостатокот од човечки ресурси во судот. Забелешките дадени во извештајот беа надминати за што беше доставено и известување до АС Скопје во 2020 година. Вработените во судот не следеле обуки за АКМИС системот во последните 3 години бидејќи не биле регистрирани никакви проблеми и потешкотии при работата во системот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивата во судот се води на комбиниран начин, односно предметите прво се уредуваат физички а потоа и се внесуваат во АКМИС системот. Почнувајќи од февруари 2020 година, секој поднесок примен во страна на судот се скенира од судскиот службеник кој е дел од приемната писарница во судот.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата на судските писмена за подрачје на Општина Неготино ја врши судската доставна служба-судски доставувачи. Дел од судските писмена, освен за подрачјето на Скопје, се доставуваат преку другите судови преку договорена соработка, на начин што писмената се доставуваат до судот и судските доставувачи истите ги доставуваат за подрачјето на тој суд. За останатите судски писмена доставата се врши преку пошта. Каде што има можност, доколку странката се застапува пред судот преку полномошник-адвокат, доставата се врши преку АКМИС со електронска достава. Во судот е забележано негодување од страна на адвокатите за користење на електронската достава. На седниците на судии и средбите со судските службеници-дактилографи, претседателката на судот редовно укажува и упатува на користење на електронска достава преку АКМИС системот поради подобра економичност на судот но и за избегнување на манипулирање со датумите на прием. ОС Неготино го користи и системот за електронска комуникација со странки и нивните застапници но само еднонасочно, односно само за комуницирање податоци од судот кон странките. За прием на странките и нивните писмена електронски, се користи официјалната е-маил адреса на судот. До сега, вкупно 18 адвокати и само еден правен субјект (Општина Демир Капија) се регистрирани на системот за електронска достава на судот, односно не се користи целосниот потенцијал на електронскиот систем за двонасочна комуникација.

ОС Неготино има усвоено повеќе интерни акти и правилници за заштита на личните податоци, и има назначено лице за заштита на личните податоци, односно контролор. Ниту еден судија во ОС Неготино нема важечки сертификат за работа со класифицирани податоци, а само еден службеник располага со безбедносен сертификат.

## 3.8. Основен граѓански суд Скопје

Во последните пет години во судот биле забележани потешкотии при функционирањето на АКМИС системот. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до судот и истите се почитуваат и имплементираат од засегнатите страни на кои се однесуваат истите. Во истиот период била спроведена контрола на АКМИС системот но не биле констатирани неправилности. Доставата на документација се врши преку Судскиот совет на РСМ.

Судските службеници не следат континуирана обука за АКМИС.

Надзор на работата на судските службеници се врши преку непосреден увид во предметите, начинот на нивно чување, уписниците, помошните книги и книгите за евиденција и податоците за предметот во АКМИС при што се констатираат евентуални пропусти и неправилности. Судскиот администратор и раководните службеници имаат овластувања да вршат увид во работата на судските службеници но не и во работата на судиите и судските совети.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Во судот нема кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници. Имено, се врши еднонасочна електронска достава на странките, каде што постојат услови за тоа. Имено, судот доставува пресуди по електронски пат на странки/полномошници кои имаат регистрирано електронско сандаче. Основниот Граѓански суд Скопје нема кадровски, технички и организациски услови за функционирање на двонасочна  електронската достава, односно за електронски прием на поднесоци, ниту пак за електронска достава на поднесоците примени во писмена форма до спротивната  странка /полномошник. Во однос на доставата во Основниот Граѓански суд Скопје има доставна служба, но доставата се врши и преку пошта. За електронска достава судот не води евиденција за бројот на регистрации на правни субјекти регистрирани на системот  за електронска достава.

Досега не биле забележани потешкотии при примање на писмена упатени до судот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се евидентира во АКМИС но архивата на судот се води рачно.

Во судот не постои електронска архива на податоци т.е. писмените документи не се скенираат, а за извршување на оваа функција од судот навеле дека не постојат услови.

Во судот постои лице задолжено за заштита на личните податоци (Контролор).

Претседателот на судот носи годишен распоред за работата на судот, Годишен план за работата на судот, Одлука за формирање на работно тело за управување со движењето на предметите и други акти кои се однесуваат на организацијата на судот, како и одлуки, решенија и наредби кои се однесуваат на спроведување на погоре наведените акти.

Во судот постојат повеќе процедури и правилници кои се однесуваат на заштита на личните податоци.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци со степен на тајност се врши согласно закон и подзаконски акти. Во моментот безбедносен сертификат поседуваат Претседателот на судот, 36 судии, 15 судии поротници, судскиот администратор, 1 раководен службеник, 4 судски соработници и 27 судски службеници и дактилографи (категорија Г).

## 3.9. Основен кривичен суд Скопје

Во изминатиот пет годишен период во ОС Скопје 1 забележани се проблеми при функционирањето на АКМИС системот, а како главна причина за тоа претставува староста и дотраеноста на серверите во судот. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до судот, а зависно од одделот за кој се однесува заклучокот, понатаму истиот се имплементира соодветно. Во последните 5 години во судот надзор од Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС беше спроведена во 2018-та година.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Во електронската архива на податоци во судот дел од писмените документи се скенираат т.е. делумно се скенираат иницијалните акти и второстепените одлуки. Во судската писарница како и во судските одделенија има услови за скенирање на документи.

При вршењето на работите од судската управа, претседателот на судот донесува одлуки, издава наредби и дава упатства заради ажурно и ефикасно работење на судот.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Во однос на доставата, во ОС Скопје 1 постои самостојна доставна служба но дел од доставата се врши и преку пошта. Електронскиот систем за достава за двонасочна комуникација со странките и нивните застапници, судот го користи само при достава на писмена до застапниците на странките т.е. адвокатите. На овој систем како правни субјекти (институции, државни органи и сл.) досега се регистрирани 63 правни субјекти, а во текот на работењето не се забележани потешкотии при приемот на писмена упатени до судот. Во однос на условите за прием на писмената испратени до судот по електронски пат, истите електронски може да се достават единствено од страна на судот до застапниците на странките.

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

Во ОС Берово во изминатите пет години не се нотирани посебни потешкотии или проблеми при функционирањето на АКМИС системот. Досега не се спроведени надзори од Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано. Предметите кои се заведуваат се означуваат рачно со ознаки и  рокови за чување истите се заведуваат електронски во АКМИС системот за секој поединечен предмет. Во судот постојат кадровски, организациски и технички услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници. Писмените поднесоци се скенираат и архивираат заедно со останатите списи од предметот.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата во ОС Берово се врши и преку самостојна доставна служба на судот, како и преку пошта. Во судот постојат се обезбедени технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и застапниците. Судот користи електронски систем за двонасочна комуникација со странките и нивните застапници за испраќање и достава на писмена. Во судот постојат услови за прием на писмената испратени до судот по електронски пат и поради тоа не се забележани конкретни потешкотии при приемот на писмена упатени до судот. Сепак, во судот не се обезбедени податоци за регистар на правни субјекти и државни органи кои се регистрираат на системот за електронска достава.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации. Сепак, ниту еден судија или вработен во судот не поседува безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност.  Во рамки на судот е усвоена програма за заштита на личните податоци и назначено е посебно лице контролор во рамки на судот.

## 4.2. Основен суд Виница

Во ОС Виница се нотираат секојдневни проблеми при работењето во АКМИС системот и нотираат дека истиот не е соодветен за да ги опфати сите специфики во судското работење. Контролата врз функционирањето на АКМИС системот во Основниот суд во Виница ја врши судскиот службеник информатичар од Апелациониот суд Штип кој два пати годишно врши посети во судот. Досега не се спроведени надзори од Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот.

## АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано. Предметите кои се заведуваат се означуваат рачно со ознаки и роковиза чување и истите се заведуваат електронски во АКМИС системот за секој поединечен предмет. Во судската писарница во судот постојат услови за скенирање на судските предмети, но поради недоволни мемориски капацитети на хардверот во судот се скенираат само оние документи кои може да бидат електронски доставени. Пописот на архивската граѓа и списокот со предлог за ништење се прави рачно. Листите со попишаните предмети се внесуваат и во АКМИС. Чувањето на предметите кои се од траен карактер се врши во соодветни архивски ормани.

## ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Во судот постојат кадровски, организациски и технички услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници.

Доставната служба на судот се состои од 4 судски доставувачи кои вршат достава на подрачјето на градот Виница и дел од околните населени места. Доставата надвор од подрачјето на судот се врши преку судските доставувачи на судовите на Апелациското подрачје Штип, каде има услови за електронска достава, доставата се врши по електронски пат и преку редовна пошта. Во судот постојат кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и застапниците. Судот користи електронски систем за двонасочна комуникација со странките и нивните застапници за испраќање и достава на писмена. Во судот постојат услови за прием на писмената испратени до судот по електронски пат и поради тоа не се забележани конкретни потешкотии при приемот на писмена упатени до судот. Доставата на предметите до повисоките судови се врши преку пошта, додека за предметите за кои е поднесен правен лек доставата се врши преку доставувачите на судот. Во судот постои регистар на правни субјекти и државни органи кои се регистрираат на системот за електронска достава и за нив доставата се врши по електронски пат.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации. Во судот две лица од кои едниот командир на судската полиција и еден судски референт поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност. Судиите не поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци. Во рамки на судот е усвоена програма за заштита на личните податоци и назначено е посебно лице контролор во рамки на судот.

# 4.3. Основен суд Делчево

Евиденцијата на предметите во ОС Делчево се врши преку АКМИС системот. Во последните 5 години не се забележани посебни потешкотии или проблеми при функционирањето на АКМИС. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци до судот а судиите се должни истите да ги спроведат. Во однос на обуките, судските службеници следат континуирана обука за АКМИС согласно предвидениот распоред и план за обуки од Академијата за судии и јавни обвинители. Во последните 5 години Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС системот нема спроведено надзор во Основниот суд Делчево.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши компјутерски. Во судот постои и електронска архива на податоци односно писмените документи се скенираат. Не се забележани потешкотии во работењето при приемот на писмена упатени до судот и истото се врши по електронски пат бидејќи судот има кадровски, технички и организациски услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата во ОС Делчево се врши преку судски доставувачи кои вршат достава на подрачје на градот. Доставата се врши и по пошта. Електронската достава се користи двонасочно. Нема податок колку правни субјекти, институции и државни органи се регистрирани на системот за електронска достава во ОС Делчево.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации. Во ОС Делчево две лица поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност и тоа претседателот на судот и контролорот. Во судот е донесена програма за заштита на лични податоци и  назначено посебно лице - контролор за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на лични податоци.

## 4.4. Основен суд Кочани

Евиденцијата на предметите во ОС Кочани се врши во целост преку АКМИС. Во изминатите години во судот не се појавени потешкотии при функционирањето на АКМИС системот. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за ОС Кочани, кои вработените во судот ги почитуваат согласно деловникот за работа. Досега не е спроведен надзор спроведен во ОС Кочани од страна на Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС. Вработените во судот не следеле обуки за АКМИС системот во последните 3 години бидејќи не биле регистрирани никакви проблеми и потешкотии при работата во системот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивата во судот се води на комбиниран начин, односно предметите прво се уредуваат физички а потоа и се внесуваат во АКМИС системот.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата на судските писмена за ОС Кочани ја врши судската доставна служба-судски доставувачи. За останатите судски писмена доставата се врши преку пошта. Електронска достава на судски акти се врши кон оние корисници што се регистрирани во системот за електронска достава. ОС Кочани го користи системот за електронска комуникација со странките и нивните застапници но само еднонасочно, односно само за комуницирање податоци од судот кон странките. Во системот за електронска достава на ОС Кочани се регистрирани 32 адвокати.

ОС Кочани има назначено лице за заштита на личните податоци, односно контролор кој постапува согласно Законот за заштита на личните податоци. Ниту еден судија во ОС Кочани нема важечки сертификат за работа со класифицирани податоци. Поднесени се барања за нови безбедносни сертификати за едно вработено лице со истечена важност на безбедносниот сертификат, како и за Претседателката на судот, но поради промената на претседателот на судот во 2020 година, постапката за добивање на безбедносен сертификат се уште не е завршена. Сите вработени и судии се запознаени дека податоците кои се класифицирани со степен на тајност не треба да се изнесуваат и споделуваат надвор од судот.

## 4.5. Основен суд Радовиш

Во последните 5 години не се забележани посебни потешкотии или проблеми при функционирањето на АКМИС системот, а ако се појават, истите се отстрануваат за релативно краток временски период. Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за работата на ОС Радовиш и истите во целост се почитуваат и спроведуваат од страна на судските службеници, во зависност од видот на предметот и уписниците. Комисијата за надзор над функционирањеето на АКМИС системот нема спроведено никаков надзор во последните 5 години на функционирање на судот. Обуки за АКМИС системот се одржуваат и се посетени од судските службеници кога истите се организираат во координација со советник информатичарот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано. Доставната служба на судот функционира на комбиниран начин, односно преку вработените, 3 доставувачи и преку пошта. Во судот постои електронска архива на податоци, односно направа за скенирање на документите и списите на предметите, но и покрај тоа е потребна посоодветна опрема, како и посебно лице кое ќе ја води електронската архива на списите.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Дел од двонасочната комуникација помеѓу странките и нивните застапници, за достава на потребните списи на предметот се одвива по електронски пат, поради фактот на постоење мал број регистрирани субјекти за е-достава. При доставувањето на писмената до судот забележани се потешкотии, бидејќи најголемиот дел од доставата се врши по пошта. Судот се соочува со потешкотии во однос на кадровските, техничките и организациските услови за функционирање на електронска достава на писмената до странките и нивните застапници, односно делумно се задоволени наведените услови за непречено извршување на е - доставата.

Во ОС Радовиш заштитата на податоците согласно Законот за заштита на личните податоци, се врши преку посебно задолжено лице во рамките на судот. Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации. Вкупно 2 лица во ОС Радовиш поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност, односно еден судија и раководител на оддел. При вршењето на работите од судската управа претседателката на судот редовно донесува одлуки, упатства и наредби кои се однесуваат на организацијата и работење на судот, постапувањето со предмети, почитувањето на Судскиот деловник, принципите и начелата за ажурност во правораздавањето на судот.

## 4.6. Основен суд Свети Николе

Целокупната евиденција на предметите во ОС Св. Николе се врши преку АКМИС системот и во последните 5 години се забележани проблеми и отежнато функционирање на АКМИС системот. Имено, во просек еднаш во три месеци Работното тело за стандардизација на постапките и користењето на АКМИС доставува заклучоци до судот. Истите се почитуваат, но вработените често се соочуваат со проблеми бидејќи тие не секогаш координирани со "Едусофт" за да се имплементираат нивните заклучоци во АКМИС. За нивното спроведување судот ги задолжил сите записничари и информатичарот. Дополнителен проблем е тоа што судските службеници воопшто не следат обуки за АКМИС. Кога станува збор за спроведување надзор над функционирањето на АКМИС системот, во ОС Свети Николе секоја година, се врши надзор врз работата во АКМИС од страна на информатичари од Апелационен суд Штип.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во судот се врши комбинирано. Судскиот службеник - водител на отсек е должен да ги следи роковите по правосилно завршените предмети и кога ќе ги преземе сите дејствија по предметите, согласно Судскиот деловник е должен веднаш да ги достави до судијата кој постапувал по предметите, за архивирање. Тој е должен најмалку еднаш во текот на месецот да проверува кои предмети треба да се архивираат и веднаш да ги достави до судијата кој постапувал по предметите. Судијата врши проверката дали се преземени сите дејствија по предметите согласно Судскиот деловник, и веднаш или најдоцна до крајот на наредниот работен ден, потврдува со свој потпис дека предметот треба да се стави во архив, на штембилот за архивирање и веднаш го враќа на судскиот службеник - водител на отсек. Судијата кој постапувал по предметот е должен на обвивката на списите да го евидентира рокот на чување на предметот (од трајна вредност или со рок на чување). Судскиот службеник - водител на отсек откако ќе ги прими предметите од судијата, е должен архивирањето да го евидентира во АКМИС и веднаш или најдоцна во рок од 3 дена од приемот, да ги смести предметите во архивата на судот.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата на писмена се врши преку пошта, преку судски доставувачи за подрачјето на општина Свети Николе и Лозово и преку судски доставувачи. Судските доставувачи се должни да ги почитуваат законските рокови за достава и писмената да ги доставуваат согласно ЗКП, ЗПП и Судскиот деловник. Судскиот службеник (самостоен судски референт - водител на отсек и судски референт-дактилограф), е должен писменото кое го доставува (одлука, покана и сл.) да го заведе во евидентна книга (тетратка), со наведување на денот на експедирање, бројот на предметот и вид на писменото кое се доставува.

Доставување на писмена преку пошта се врши по дадена усмена или писмена наредба од судија за доставување на писмена до судскиот службеник. Судскиот службеник е должен да постапи по наредбата на судијата веднаш или најдоцна до крајот на наредниот работен ден и писменото да го достави до Овластениот судски службеник за експедиција на пошта - архивар што е должен да го евидентира во доставната книга за пошта. Ако писменото е итно тогаш тоа се доставува лично и без одлагање. Останатите писмена ги доставува овластен судски службеник за подигање и носење на писмената во пошта. Помладиот судски референт - доставувач е должен писмената да ги достави веднаш или најдоцна до крајот на наредниот работен ден.

Во ОС Свети Николе посебно е регулирано доставувањето на писмена по факс и електронска пошта. Така, писмената кои се доставуваат итно, откако ќе се достават по редовен пат, се предаваат на дактилограф на претседателот на судот, заради доставување по факс или на архивар заради доставување по е-маил. Потврдата од факсот дека уредно е доставено писменото се враќа на судијата. Архиварот е должен писменото кое го доставува по е-маил, претходно да го скенира и веднаш да го достави на е-маил на адресантот.

Судскиот службеник (референт - дактилограф, водител на сектор и други) е должен писмената што ги доставува по е-маил (покана и слично) тоа да го стори веднаш преку личната е-маил адреса до официјалната адреса е-маил на Основен суд Свети Николе. Судот има задолжено информатичар за секојдневно да ги препраќа писмената од официјалната е-маил адреса на судот до електронското сандаче на примателот како и истовремено да обезбеди известие дека писменото е примено од примачот. Вака обезбедено писменото известие го предава на судскиот референт за прием и експедиција на пошта - архивар кој пак понатаму писменото го става во соодветната евидентна книга (тетратка) со наведување на денот на експедирањето, бројот на предметот и видот на писменото кое се доставува односно за кого  се однесува писменото согласно бројот на судскиот предмет.

Оттука произлегува дека електронскиот систем за достава се користи еднонасочно, само за испраќање на писмената. Во системот за електронска достава се регистрирани 17 адвокати и 1 нотар. Потешкотии се забележани при приемот на поднесоци преку е-маил пораки од провајдерите yahoo и gmail кон судскиот  е-маил, кој е поддржан од Телесмарт.

Во ОС Свети Николе има Правилник за заштита на лични податоци и постои посебно лице - контролор за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на лични податоци. Но, во судот не е уредено постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци со степен на тајност ниту има лица кои поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци со степен на тајност.

Претседателот на судот во вршењето на работите од судската управа донесува одлуки, и тоа наредби и решенија и истите се задолжителни за сите вработени.

## 4.7. Основен суд Струмица

Во ОС Струмица не се забележани особени потешкотии при функционирањето на АКМИС системот. Во судската писарница има назначено судски службеници кои се задолжени за спроведување на заклучоците на Работното тело за управување со движењето со предметите. За работата во АКМИС судските службеници посетуваат контиунирана обука преку АСЈО. Во 2017 година работата на ОС Струмица била под надзор на Комисијата за функционирањето на АКМИС системот.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивското работење во Основниот суд Струмица се врши комбинирано, односно предметот се евидентира електронски во АКМИС, а судијата назначен за предметот рачно го потпишува со ознака. Во судот постојат кадровски, организациски и технички услови за функционирање на електронската достава на писмената до странките и нивните застапници.

Доставата на документи во Судот се врши преку доставувачите на судот или преку редовна пошта иако во судската писарница постојат услови за скенирање на документи и за воспоставување на електронска архива на податоци, како и за прием на писмената по електронски пат.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Во однос на комуникацијата со странките и со нивните застапници во судот е воспоставена двонасочна размена на писмена преку електронскиот систем за достава. На системот за електронска достава регистрирани се вкупно 72 правни субјекти, институции и државни органи и досега не е забележана некаква потешкотија при приемот на писмена кои се упатени до судот.

Постапувањето на судиите и вработените во судската служба со класифицирани податоци е регулирано согласно Законот за класифицирани информации. За постапувањето со класифицирани податоци со степен на тајност, во ОС Струмица се обезбедени безбедносни сертификати само за девет вработени лица во судот. Судиите не поседуваат безбедносен сертификат за постапување со класифицирани податоци. Притоа во судот не е усвоена програма за заштита на личните податоци.

## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

Евиденцијата на предметите во ОС Штип се врши во целост преку АКМИС. Во изминатите години во судот се регистрираат одредени потешкотии при функционирањето на АКМИС системот, но тие претежно се однесуваат на нестабилна интернет конекција и брзо се надминуваат. Работното тело за стандардизација на постапките при користењето на АКМИС системот редовно доставува заклучоци за ОС Штип, кои вработените во судот ги почитуваат согласно деловникот за работа. Обуки за користење на АКМИС системот не се спроведуваат. Во изминатите 5 години била извршен надзор од страна на Комисијата за надзор над функционирањето на АКМИС.

### АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Архивата во судот се води на комбиниран начин, односно предметите прво се уредуваат физички а потоа и се внесуваат во АКМИС системот.

### ЕЛЕКТРОНСКА ДОСТАВА

Доставата на судските писмена за ОС Штип претежно ја врши судската доставна служба-судски доставувачи, а за се користат и услугите на поштата. Електронска достава на судски акти се врши кон оние корисници што се регистрирани во системот за електронска достава, што во ОС Штип се претежно адвокати - застапници на странките. ОС Кочани го користи системот за електронска комуникација со странките и нивните застапници но само еднонасочно, односно само за комуницирање податоци од судот кон странките.

ОС Штип има назначено лице за заштита на личните податоци, односно контролор кој постапува согласно Законот за заштита на личните податоци. Ниту еден судија во ОС Штип нема важечки сертификат за работа со класифицирани податоци. Ваков сертификат поседува единствено судскиот администратор.

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА АКМИС

„ПОСТОЈНИОТ СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СУДСКИТЕ ПРЕДМЕТИ Е ЗАСТАРЕН БИДЕЈЌИ НЕ ГИ СОДРЖИ СЕГМЕНТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПОЗИТИВНОТО ЗАКОНОДАВСТВО И ПОТРЕБИТЕ ЗА КВАЛИТЕТНА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ"

1. **Постојниот Автоматизиран компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) треба да биде надограден согласно новата правна рамка за работа на телото за управување со движењето на предметите и правилата за следење и оценување на работата на судиите.**

2. **Недостасуваат внатрешни процедури за работа на работното тело за стандардизација на постапките формирано во Врховниот суд, со јасно утврдени надлежности за управување со судските предмети, судскиот протал и базите на податоци за работа на судовите.**

3. **Постојат можности за собирање, обработка и анализа на податоците за работата на судовите преку АКМИС системот, но истите не се користат доволно во судовите. Централизирањето на АКМИС базата на податоци е неопходен предуслов за генерирање на статистички податоци за судските постапки и за воспоставување на интероперабилност со другите институции.**

4. **Недостасува организациска и кадровска екипираност на судството како предуслов на воведувањето на дигитализација на работните и управувачките процеси во судството. Утврдена е потреба за обезбедување на технички можности и софтвери за е-достава во судот, обрасци за користење на електронски документи за работа на судот, електронски потписи, записници, решенија, судски одлуки и обрасци во електронска форма.**

5. **Не се утврдени внатрешни процедури за работа на службите за информатика, нивните надлежности и потребната стручната едукација за обезбедување на поддршка во функционирањето на АКМИС.**

6. **Потребно е АКМИС да се развива согласно потребите на судовите но и на останатите органи кои се надлежни за креирање на политики и донесување на стратегии за развој на судството во Северна Македонија.**

# ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

## ДЕФИНИРАЊЕ НА СУДСКИОТ БУЏЕТ

Судскиот буџет, согласно Законот за судскиот буџет, претставува годишна процена на приходите и расходите на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија и е наменет за нивно финансирање. Средствата наменети за единките корисници од Судската власт ги распределува Судскиот буџетски совет. Согласно член 4 од Законот за судски буџет, делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Северна Македонија, потребни за функционирање на единките корисници се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ. Со цел да се обезбеди постојаност во финансирањето, и да се гарантира независнота на финансирањето на Судската власт, во случај на ребаланс на буџетот на Република Северна Македонија средствата претходно наменети за финансирање на судската власт не може да се намалат. Податоците кои се достапни на ЦЕПЕЈ[36] покажуваат дека РСМ не успева да го постигне потребното ниво на предвидена буџетска алокација.

За вршење на работите во врска со судскиот буџет се основа Судски буџетски совет. Претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Заменик во негово отсуство е претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Членови на Судскиот буџетски совет се Министерот за правда, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Управниот суд Скопје, претседателите на Апелациониот суд во Скопје, Апелациониот суд во Штип, Апелациониот суд во Битола и Апелациониот суд во Гостивар, двајца претседатели на основните судови по редослед утврден во Законот за судовите, од кои еден претседател од судовите со проширена надлежност, по системот на ротација, со мандат од две години и директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Во работата на Судскиот буџетски совет учествуваат и претставници од Министерството за финансии, но без право на одлучување.

Судскиот буџетски совет ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судскиот буџет, врши распределба на средствата од судскиот буџет на единките корисници и презема мерки за навремено извршување на судскиот буџет, одобрува средства за нови вработувања во единките корисници во рамките на утврдениот судски буџет за маса на исплата на плати, го назначува внатрешниот ревизор, го донесува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти и формира помошни тела, го изготвува годишниот извештај за извршувањето на судскиот буџет, врши пренамена на намената на средствата определени во делот «Судска власт» и може да го овласти претседателот на Судскиот буџетски совет да врши пренамена на средствата определени во делот „Судска власт“ до определен износ, централизирано спроведување на постапки за јавни набавки за единките корисници и врши други работи предвидени со закон.

Буџетите на судовите се спремаат согласно член 13 и член 14 од Законот за судскиот буџет. Судскиот буџетски совет изготвува циркулар кој се доставува до корисниците во кој се наведени насоките за изготвување на финансиските планови. Заклучно со 15ти мај во тековната година основните судови ги усогласуваат финансиските планови на ниво на апелационо подрачје. Единките корисници најдоцна до 1 јуни во тековната година ги доставуваат следните податоци до Судскиот буџетски совет:

- процена на трошоците за фискалната година;
- процена на трошоците за наредните две фискални години;
- преглед на потребните расходи за неопходното вработување за извршување на функциите на корисниците;
- предлози кои ги содржат идните обврски или повеќегодишните трошоци, вклучувајќи ги инвестиционите проекти искажани поединечно и
- трошоците за секоја идна година искажани одделно.

36 Достапно на https://public.tableau.com/profile/cepej#!/vizhome/CEPEJ-Budgetv2020_1EN/GDPBudget

По добивањето на податоците Судскиот буџетски совет изготвува предлог судски буџет и го доставува до Министерството за финансии. Согласно со методологијата на ЦЕПЕЈ, нивото на средства кои се определуваат за функционирањето на сите судови се мери преку износот на сите средства (национални и регионални) кои се определуваат на годишно ниво поделено по глава на жител. Така, според оваа методологија во 2016 година годишниот буџет за судовите изнесувал 14,4 евра по глава на жител во Републиката Северна Македонија, во споредба со 2014 година кога изнесувал 14,9 евра по глава на жител. Податоците за 2018 покажуваат намалување во номиналната алокација на судски буџет по глава на жител во износ од 13,8 евра. Споредбено со земјите од истата група на вкупен национален буџет и големината на економијата на земјата, РСМ е во горниот дел на табелата, зад Босна и Херцеговина која алоцирала, во 2018 25,3 евра по глава на жител и Србија со 31 евро по глава на жител. Само за илустрација, просекот на судски буџет алоциран по глава на жител на ниво на Европска унија се движи помеѓу 40 и 50 евра.

## ПРОЦЕДУРИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СУДСКИ БУЏЕТИ

Анализата на буџетското работење на судовите, како и наодите од одговорите на испратените прашалници утврдуваат дека покрај централно (Судски буџетски совет) подготвените насоки за буџетирање, во судовите постојат и внатрешни процедури за планирање и извршување на судскиот буџет. Планирањето, извршувањето и известувањето на судскиот буџет се врши во посебен ИТ систем за финансиско работење кој е мрежно поврзан- Автоматизиран буџетски менаџмент систем (АБМС). Параметрите кои се користат за буџетско планирање се врз основа на анализа на претходните години за потрошените финансиски средства и потребите на Судот. Секој суд своето финансиско раководење го води според посебни внатрешни акти. Платите и надоместоци, како и бодовите и коефициентите се пресметуваат врз основа на Законот за плати на судиите и Законот за судска служба. За пресметка и исплата на платите, како и за целокупното финансиско работење, секој суд има свој благајник и сметководител.

Министерството за финансии, до носителите на функционалната област го доставува буџетското барање во форма на буџетски циркулар. Судскиот буџетски совет, преку Стручната служба, го дистрибуира буџетското барање во рок од 5 дена од денот на прием од Министерството за финансии, до сите Судови. Подготовката на судскиот буџет се заснова на фискалната политика и внатрешните критериуми како и буџетскиот циркулар утврден од Владата на Република Северна Македонија за наредната буџетска година. Судскиот буџетски совет изготвува циркулар кој ги дава насоките кои судовите треба да ги земат во предвид при изработката на финансиските планови.

Заведен и архивиран, буџетскиот циркулар се доставува до Претседателот на Судот на разгледување. Претседателот веднаш потоа составува работната група за изработка на буџетскиот поднесок и донесува одлука за именување на членови во групата. Тимот кој работи на подготовка на буџетскиот поднесок, конечните податоци од извршените анализи ги внесува во соодветните обрасци и изготвува Предлог буџет, кој се доставува до Претседателот на Судот за контрола и утврдување. Претседателот ги разгледува и ги контролира податоците во поднесокот и со нив доставува образложение кон буџетската проекција, што практично значи одобрување и утврдување на буџетскиот поднесок. Комплетно подготвен, поднесокот се доставува преку архивата на Судот во писмена форма во еден примерок до Судскиот буџетски совет, а се доставува и во електронска форма преку службената е-маил адреса до Стручната служба на Судски буџетски совет.

Капиталните расходи се планираат и утврдуваат од страна на Судскиот буџетски совет, како посебен дел од буџетскиот поднесок, а по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија се операционализираат со донесување на посебна програма донесена од Судскиот буџетски совет.

Откако ќе ги добие финансиските планови, односно поднесоци од судовите, Судскиот буџетски совет го изготвува предлог судскиот буџет кој што потоа се доставува до Министерството за финансии заедно со образложението. Министерот за финансии и претседателот на Судскиот буџетски совет потребно е да постигнат согласност во однос на делот на средствата од судскиот буџет, во спротивно

Министерството за финансии изготвува извештај кој се доставува до Влада на Република Северна Македонија. Министерството за финансии е одговорно за координацијата на поднесувањето на предлог - буџетските пресметки при што се прави проверка на точноста и рационалноста на проценетите трошоци, како и на распределбата на средствата по програми и проекти во функција на остварување на стратешките приоритети. Предлогот на Буџетот на Републиката го утврдува Владата и го доставува до Собранието за донесување, не подоцна од 15ти ноември. Судскиот буџет, како дел од предлог буџетот на РСМ се рагледува и одобрува од Собранието на РСМ.

Реализацијата, односно извршувањето на буџетот се следи преку АБМС системот, преку модулот за буџетско работење. Судскиот буџетски совет го врши мониторингот на извршувањето на финансискиот план. Според тоа Судскиот буџетски совет најмалку еднаш годишно е потребно да достави извештај за извршувањето на судскиот буџет до Министерството за финансии, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија. Внатрешна ревизија на извршувањето на финансиските планови во судовите врши внатрешен ревизор кој е назначен од страна на Судскиот буџетски совет.

Судскиот буџетски совет (СБС) во 2020 година донесе Одлука за усвојување на критериумите и методологијата за подготовка на судскиот буџет за Програмата 20- Судска администрација и Програма 30- Академија за судии и јавни обвинители врз основа на инструментите за стратешко планирање, првично предвидени за Владата на РСМ, министерствата и другите јавни органи кои се корисници на државниот буџет. Програмата е збир на поврзани и сродни активности кои се насочени кон остварување на заедничка цел на ниво на судската власт или на ниво на единка корисник и ја подготвува Судскиот буџетски совет. Притоа, единките корисници можат континуирано да ја ажурираат програмата на СБС преку иницијативи кои произлегле како резултат на променети услови и околности, при што активностите се нотираат со одредено ниво на приоритет и тоа висок приоритет, среден и низок приоритет.

Поради пандемијата со вирусот КОВИД- 19 дел од активностите предвидени со Програмата за работа на СБС за 2020 година не беа реализирани во целост и се опфатени во Програмата за работа за 2021[37] година, меѓу кои доработка на АБМС системот со интегрирање на Единствениот годишен план за вработување на судската власт и годишната програма за капитални инвестиции. Со овие програмски активности е предвидено да се направи целосен преглед на состојбата со човечките ресурси во судството и нивното кариерно унапредување и навремени информации за текот и реализацијата на капиталните инвестиции. За 2021 година, Судскиот буџетски совет има донесено и Одлука за усвојување на годишната програма за распределба на капиталните расходи од буџетот-судска власт за 2021 година наменети за трошоци околу купување на опрема и машини, градежни објекти, вложувања и нефинансиски средства, купување на возила и купување на опрема и машини за АСЈО.[38] Како приоритети во програмата е наведено обновувањето на просторнтие услови за работа во судовите, одржување на објетите и опремата во судовите, прилагодување на судската инфраструктура за следење на реформите на правосудството, координација на инвестиционите активности со проекти кои се спроведуваат од страна на меѓународни финансиски институции и донатори, како и одржување на информатичкиот систем за судската власт како дел од зголемувањето на ефикасноста на судството. Со Буџетот на РСМ е предвидено капиталните инвестирања за судската власт за 2021 година да изнесуваат 174.100.000 денари за судовите, Судскиот совет на РСМ и АСЈО.

## ПРОЦЕДУРИ ЗА ВОДЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВО

Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници го уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, ревалоризацијата, финансиските извештаи, доставувањето и финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството на:

37 Одлука за усвојување на програмата за работа на Судскиот буџетски совет за 2021 година бр. 02-69/24 од 15.01.2021 година;

38 Годишна програма за капитални расходи од буџет- Судска власт за 2021 година бр. 02-69/21 од 15.01.2021 година;

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- буџетите на единиците на локалната самоуправа, буџетите и фондовите;
- буџетските корисници;
- единките корисници на средства од буџетите, како и
- на другите правни лица за кои средствата за вршење на основната дејност претежно се обезбедуваат од буџетите.

Сметководствените стандарди за буџетите и буџетските корисници кои се применуваат во РСМ се Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор (МССЈС), кои се објавуваат во Службен весник на РСМ од страна на министерот за финансии, доколку не се во спротивност со посебниот Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници или друг пропис.

Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор се развиваат во последната денеција на 20от век како последица на притисокот сметководствените стандарди кои се користат во јавниот сектор како и годишните финансиски извештаи изработени врз оваа основа да бидат воедначени или приближени до сметководствените стандарди кои се користат во приватниот сектор. Увидот во целокупните приходи и расходи кои една организација од јавен карактер ги има како и нивно прикажување се главната придобивка од примена и подготовка на финансиски извештаи базирани на овие сметководствени стандарди. Преку прифаќање на овие стандарди и водење на сметководството во нивна согласност, се зголемува квалитетот и транспарентноста на финансиските извештаи во судството и се зајакнува довербата на јавноста во финансиското управување во јавниот сектор.

Буџетите и буџетските корисници се должни да го водат сметководството по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетите и буџетските корисници. Тие се должни да водат одделно сметководство за средствата остварени во буџетот по други основи, и тоа за:

- приходите наплатени од органи;
- приходите наплатени од дополнителни активности на буџетските корисници;
- приходите од донации;
- приходите од кредити и
- други приходи.

За водење на сметководство, буџетските корисници се должни во своето сметководство да обезбедат податоци поединечно по сите видови на приходи и други приливи, за расходите и другите одливи, како и за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата. Сметководствената евиденција судовите ја водат согласно Упатството за воедначување на сметководственото работење во единките корисници на судската власт издадено од Судскиот буџетски совет. Водењето на сметководството, деловните книги и сметководствената евиденција, и другите прашања поврзани со сметководството на буџетите и буџетските корисници е уредено со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Службен весник на РМ бр. 61/02, 98/02 и 81/05).

Сметководството треба да обезбеди податоци поединечно и по видови на приходи и други приливи, расходите и други одливи, како и за состојбата со средствата, обврските и изворите на средствата. Расходите се извршуваат согласно Законот за извршување на буџетот, во делот наменет за судската власт. Согласно Законот за буџетите, Сметководствениот план за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за класификација на расходите и Правилникот за класификација на приходите за потребите на судската власт се предвидени следните расходи и приходи, групирани во следните групи на сметки:

| Група | Опис |
|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци |
| 42 | Стоки и услуги |
| 46 | Субвенции и трансфери |
| 48 | Капитални расходи |

| Група | Опис |
|---|---|
| 741112 | Трансфери од Буџет на СРМ |
| 724132 | Надомест на трошоци за судска и прекршочна постапка |
| 725939 | Останати неданочни приходи |

# АНАЛИЗА НА СУДСКИТЕ БУЏЕТИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

## 1. Апелациско подрачје Битола

Врз основа на анализата на завршните сметки на основните судови на апелациското подрачје Битола за годините 2017, 2018 , 2019 и 2020 година, идентификувани се следните видови на трошоци:

- Плати и надоместоци, како и придонеси за социјално осигурување;
- Стоки и услуги, вклучително патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други тековни расходи;
- Субвенции и трансфери;
- Капитални расходи како купување на опрема и машини и вложувања и нефинансиски средства.

Според анализата на реализираните трошоци на буџетските сметки, прикажана во агрегатната табела за сите судови на апелациското подрачје Битола подоле, во просек за периодот 2017-2020, најголем процент завземаат трошоците кои се однесуваат на плати и надоместоци (83%), стоки и услуги вклучително и тековно одржување (13%) вложувања во субвенции и трансфери (3%) и капитални расходи (2%). Оваа поделба на трошоците е примерна за видот на дејноста која што е претежно фоксирана на човечки ресурси, односно на трошоци во поддршка на судски и помошен персонал. Сепак, треба да се направи подетална анализа за тоа во која мера во вкупните трошоци учествуваат платите и надоместоците на судиите и судискиот персонал а во која мера човечкиот персонал кој е во нивна поддршка. Треба да се забележи дека од сумарните податоци на ниво на апелациско подрачје Битола се непотполни за Крушево за 2017 и 2018 година и Охрид за 2017 година и поради тоа постои празнина во анализата на тие податоци.

| БИТОЛА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 200 040 350 | 195 011 701 | 210 951 355 | 213 228 056 | 83% | |
| Стоки и услуги | 30 469 254 | 32 278 454 | 31 468 641 | 31 352 549 | 13% | |
| Субвенции и трансфери | 3 535 905 | 2 725 246 | 19 641 534 | 5 688 680 | 3% | |
| Капитални расходи | 994 774 | 3 914 983 | 9 130 453 | 579 725 | 1% | |
| Вкупно расходи | 235 040 283 | 233 930 384 | 271 191 983 | 250 849 010 | 100% | |

Покрај буџетските сметки, основните судови располагаат со средства и на сопствени смекти. Таму се бележат приходи од судски такси, како и расходи за надоместоци, материјали и ситен инвентар и најголем дел за капитални расходи. Се воочува тренд на повремено инвестирање во капитални трошоци, односно инвестиции кои доведуваат до нерамномерно трошење на средства гледано во набљудуваниот временски период 2017 до 2020. Иако ова не претствава проблем, од перспектива на управување со буџети и финансии, постои простор за подобрување преку воведување на периодичност во капиталните инвестиции.

| БИТОЛА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | - | - | - | - | 0% | |
| Стоки и услуги | 2 927 103 | 1 974 134 | 3 307 888 | 1 036 020 | 47% | |
| Субвенции и трансфери | 168 951 | 8 493 | 131 564 | 869 311 | 6% | |
| Капитални расходи | 656 835 | 4 7171 020 | 3 007 875 | 659 374 | 46% | |
| Вкупно расходи | 3 752 889 | 6 699 647 | 6 447 327 | 2 564 705 | 100% | |

Следната секција содржи детален преглед, по основен суд, година и реализирани трошоци на буџетските сметки на судовите како и преглед на вкупните расходи направени од сопствените сметки. Трендот на трошење и приходи кој што се забележува на ниво на целото апелационо подрачје важи и за индивидуалните основни судови:

## 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

| БИТОЛА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 57 556 672 | 56 694 575 | 60 389 991 | 61 948 508 | 83% | |
| Стоки и услуги | 7 575 177 | 9 844 223 | 7 840 925 | 8 156 024 | 12% | |
| Субвенции и трансфери | 2 383 220 | 369 573 | 5 595 431 | 1 551 606 | 3% | |
| Капитални расходи | 182 690 | 2 728 866 | 1 692 105 | - | 2% | |
| Вкупно расходи | 67 697 759 | 69 637 237 | 75 518 452 | 71 656 138 | 100% | |

| БИТОЛА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 1 886 339 | 2 068 677 | 2 570 301 | 479 901 | |
| Вкупно приходи | 6 805 268 | 8 280 430 | 9 702 872 | 10 739 518 | |

## 1.2. Основен суд Крушево

| КРУШЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | - | - | 8 883 159 | 8 006 955 | 81% | |
| Стоки и услуги | - | - | 1 222 408 | 1 241 848 | 12% | |
| Субвенции и трансфери | - | - | 556 122 | 756 375 | 6% | |
| Капитални расходи | - | - | 122 850 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | - | - | 10 784 539 | 10 005 178 | 100% | |

| КРУШЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | - | - | 28 950 | 209 783 | |
| Вкупно приходи | - | - | 377 809 | 452 963 | |

## 1.3. Основен суд Охрид

| ОХРИД | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 46 495 878 | 46 001 150 | 45 532 576 | 48 401 893 | 81% | |
| Стоки и услуги | 9 263 975 | 8 051 718 | 7 829 353 | 9 883 718 | 15% | |
| Субвенции и трансфери | 198 561 | 697 261 | 4 414 438 | 2 487 896 | 3% | |
| Капитални расходи | 307 650 | - | 1 240 075 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 56 266 064 | 54 750 129 | 59 016 442 | 10 005 178 | 100% | |

| ОХРИД | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | - | 2 731 599 | 1 470 790 | 1 065 257 | |
| Вкупно приходи | - | 5 010 768 | 4 472 147 | 4 757 226 | |

## 1.4. Основен суд Прилеп

| ПРИЛЕП | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 47 964 179 | 45 852 057 | 46 262 807 | 47 394 453 | 82% | |
| Стоки и услуги | 7 966 040 | 8 270 036 | 7 287 777 | 6 400 019 | 13% | |
| Субвенции и трансфери | 223 295 | 681 982 | 4 832 996 | 413 065 | 3% | |
| Капитални расходи | 196 259 | 649 522 | 3 087 179 | 529 725 | 2% | |
| Вкупно расходи | 56 349 773 | 55 453 597 | 61 470 759 | 54 737 262 | 100% | |

| ПРИЛЕП | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 572 117 | 278 565 | 2 096 688 | 433 552 | |
| Вкупно приходи | 3 191 604 | 4 496 161 | 5 423 970 | 4 511 512 | |

## 1.5. Основен суд Ресен

| РЕСЕН | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 11 145 880 | 11 018 679 | 12 256 320 | 11 722 482 | 84% | |
| Стоки и услуги | 1 305 999 | 1 512 127 | 1 679 663 | 1 458 008 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 39 519 | 288 644 | 722 355 | 391 101 | 3% | |
| Капитални расходи | 108 675 | - | 1 537 809 | - | 3% | |
| Вкупно расходи | 12 600 073 | 12 819 450 | 16 196 147 | 13 571 591 | 100% | |

| РЕСЕН | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 361 151 | 580 151 | 43 415 | 433 552 | |
| Вкупно приходи | 881 506 | 1 063 142 | 1 437 289 | 2 077 416 | |

## 1.6. Основен суд Струга

| СТРУГА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 36 877 741 | 35 445 240 | 37 626 502 | 35 753 765 | 85% | |
| Стоки и услуги | 4 358 063 | 4 600 350 | 5 608 515 | 4 212 932 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 691 310 | 687 786 | 3 520 192 | 88 637 | 3% | |
| Капитални расходи | 199 500 | 536 595 | 1 450 435 | 50 000 | 1% | |
| Вкупно расходи | 42 126 614 | 41 269 971 | 48 205 644 | 40 105 334 | 100% | |

| СТРУГА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 933 282 | 1 040 655 | 237 183 | 106 489 | |
| Вкупно приходи | 932 282 | 1 342 352 | 1 345 583 | 1 884 083 | |

# АНАЛИЗА НА СУДСКИТЕ БУЏЕТИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

## 2. Апелациско подрачје Гостивар

Врз основа на анализата на завршните сметки на основните судови на апелациското подрачје Гостивар за годините 2017, 2018 , 2019 и 2020 година, идентификувани се следните видови на трошоци:

- Плати и надоместоци, како и придонеси за социјално осигурување;
- Стоки и услуги, вклучително патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други тековни расходи;
- Субвенции и трансфери;
- Капитални расходи како купување на опрема и машини и вложувања и нефинансиски средства.

Според анализата на реализираните трошоци на буџетските сметки, прикажана во агрегатната табела за сите судови на апелациското подрачје Гостивар подоле, во просек за периодот 2017-2020, најголем процент завземаат трошоците кои се однесуваат на плати и надоместоци (85%), стоки и услуги вклучително и тековно одржување (11%) вложувања во субвенции и трансфери (3%) и капитални расходи (1%). Оваа поделба на трошоците е примерна за видот на дејноста која што е претежно фоксирана на човечки ресурси, односно на трошоци во поддршка на судски и помошен персонал. Сепак, треба да се направи подетална анализа за тоа во која мера во вкупните трошоци учествуваат платите и надоместоците на судиите и судискиот персонал а во која мера човечкиот персонал кој е во нивна поддршка.

| ГОСТИВАР | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 95 142 520 | 93 637 524 | 100 671 031 | 98 662 306 | 85% | |
| Стоки и услуги | 13 289 727 | 12 364 860 | 12 037 728 | 12 492 007 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 2 478 801 | 960 465 | 10 778 051 | 1 086 692 | 3% | |
| Капитални расходи | 325 650 | - | 2 119 337 | 349 650 | 1% | |
| Вкупно расходи | 111 236 698 | 106 962 849 | 125 606 147 | 112 590 655 | 100% | |

Покрај буџетските сметки, основните судови располагаат со средства и на сопствени сметки. Таму се бележат приходи од судски такси, како и расходи за надоместоци, материјали и ситен инвентар и најголем дел за капитални расходи. Се воочува тренд на повремено инвестирање во капитални трошоци, односно инвестиции кои доведуваат до нерамномерно трошење на средства гледано во набљудуваниот временски период 2017 до 2020. Иако ова не претставува проблем, од перспектива на управување со буџети и финансии, постои простор за подобрување преку воведување на периодичност во капиталните инвестиции.

| ГОСТИВАР | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | - | - | - | - | 0% | |
| Стоки и услуги | 1 780 971 | 901 719 | 2 171 533 | 1 063 246 | 57% | |
| Субвенции и трансфери | 178 115 | - | 355 824 | 570 443 | 11% | |
| Капитални расходи | - | 1 937 668 | 1 096 900 | 396 000 | 33% | |
| Вкупно расходи | 1 959 086 | 2 839 387 | 3 624 257 | 2 029 689 | 100% | |

Следната секција содржи детален преглед, по основен суд, година и реализирани трошоци на буџетските сметки на судовите како и преглед на вкупните расходи направени од сопствените сметки. Трендот на трошење и приходи кој што се забележува на ниво на целото апелационо подрачје важи и за индивидуалните основни судови:

## 2.1. Основен суд Гостивар

| ГОСТИВАР | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 50 493 277 | 49 526 809 | 54 164 222 | 53 728 486 | 83% | |
| Стоки и услуги | 7 091 094 | 8 180 709 | 7 600 197 | 8 326 035 | 12% | |
| Субвенции и трансфери | 1 261 234 | 757 950 | 7 429 192 | 321 660 | 4% | |
| Капитални расходи | 162 750 | - | 1 316 200 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 59 008 355 | 58 465 468 | 70 509 811 | 62 376 181 | 100% | |

| ГОСТИВАР | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 1 313 812 | 1 723 256 | 2 731 629 | 960 410 | |
| Вкупно приходи | 4 224 129 | 5 105 794 | 5 787 622 | 4 925 432 | |

## 2.2. Основен суд Дебар

| ДЕБАР | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 13 059 333 | 13 219 915 | 14 836 872 | 14 615 016 | 88% | |
| Стоки и услуги | 1 666 945 | 1 454 318 | 1 668 694 | 1 312 966 | 10% | |
| Субвенции и трансфери | 28 260 | 76 314 | 942 959 | 179 294 | 2% | |
| Капитални расходи | 162 900 | - | 259 807 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 14 917 438 | 14 750 547 | 17 708 332 | 16 107 276 | 100% | |

| ДЕБАР | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 40 215 | 89 316 | - | 30 000 | |
| Вкупно приходи | 199 631 | 276 516 | 314 980 | 404 224 | |

## 2.3. Основен суд Кичево

| КИЧЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 31 589 910 | 30 890 800 | 31 669 937 | 30 318 804 | 87% | |
| Стоки и услуги | 4 531 688 | 2 729 833 | 2 768 837 | 2 853 006 | 9% | |
| Субвенции и трансфери | 1 189 307 | 126 201 | 2 405 900 | 585 738 | 3% | |
| Капитални расходи | - | - | 543 330 | 349 650 | 1% | |
| Вкупно расходи | 37 310 905 | 33 746 834 | 37 388 004 | 34 107 198 | 100% | |

| КИЧЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 605 059 | 1 026 815 | 892 628 | 1 039 279 | |
| Вкупно приходи | 1 126 476 | 1 531 848 | 1 594 906 | 1 672 778 | |

## 2.4. Основен суд Тетово

| ТЕТОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | - | - | 73 095 607 | - | 79% | |
| Стоки и услуги | - | - | 7 053 989 | - | 8% | |
| Субвенции и трансфери | - | - | 5 151 186 | - | 6% | |
| Капитални расходи | - | - | 7 392 987 | - | 8% | |
| Вкупно расходи | - | - | 92 693 769 | - | 100% | |

| ТЕТОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | - | - | 2 321 224 | - | |
| Вкупно приходи | - | - | 11 289 736 | - | |

## АНАЛИЗА НА СУДСКИТЕ БУЏЕТИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

# 3. Апелациско подрачје Скопје

Врз основа на анализата на завршните сметки на основните судови на апелациското подрачје Скопје за годините 2017, 2018 , 2019 и 2020 година, идентификувани се следните видови на трошоци:

- Плати и надоместоци, како и придонеси за социјално осигурување;
- Стоки и услуги, вклучително патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други тековни расходи;
- Субвенции и трансфери;
- Капитални расходи како купување на опрема и машини и вложувања и нефинансиски средства.

Според анализата на реализираните трошоци на буџетските сметки, прикажана во агрегатната табела за сите судови на апелациското подрачје Гостивар подоле, во просек за периодот 2017-2020, најголем процент завземаат трошоците кои се однесуваат на плати и надоместоци (85%), стоки и услуги вклучително и тековно одржување (11%) вложувања во субвенции и трансфери (3%) и капитални расходи (1%). Оваа поделба на трошоците е примерна за видот на дејноста која што е претежно фоксирана на човечки ресурси, односно на трошоци во поддршка на судски и помошен персонал. Сепак, треба да се направи подетална анализа за тоа во која мера во вкупните трошоци учествуваат платите и надоместоците на судиите и судискиот персонал  а во која мера човечкиот персонал кој е во нивна поддршка.

| СКОПЈЕ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 559 825 343 | 548 759 108 | 563 101 658 | 559 674 969 | 85% | |
| Стоки и услуги | 74 365 974 | 80 222 262 | 80 324 459 | 67 482 370 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 5 721 832 | 17 236 211 | 45 366 617 | 9 221 572 | 3% | |
| Капитални расходи | 1 626 942 | 7 259 442 | 12 631 537 | 809 182 | 1% | |
| Вкупно расходи | 641 540 091 | 653 477 023 | 701 424 271 | 637 188 093 | 100% | |

Покрај буџетските сметки, основните судови располагаат со средства и на сопствени смекти. Таму се  бележат приходи од судски такси, како и расходи за надоместоци, материјали и ситен инвентар и најголем дел за капитални расходи. Се воочува тренд на повремено инвестирање во капитални трошоци, односно инвестиции кои доведуваат до нерамномерно трошење на средства гледано во набљудуваниот временски период 2017 до 2020. Иако ова не претставува проблем, од перспектива на управување со буџети и финансии, постои простор за подобрување преку воведување на периодичност во капиталните инвестиции.

| СКОПЈЕ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | - | - | - | - | 0% | |
| Стоки и услуги | 11 237 764 | 2 618 309 | 8 978 330 | 8 196 139 | 42% | |
| Субвенции и трансфери | 77 213 | 94 768 | 19 831 | 17 977 758 | 25% | |
| Капитални расходи | - | 11 873 357 | 6 427 185 | 6 093 742 | 33% | |
| Вкупно расходи | 11 314 977 | 14 568 434 | 15 425 346 | 32 267 639 | 100% | |

Следната секција содржи детален преглед, по основен суд, година и реализирани трошоци на буџетските сметки на судовите како и преглед на вкупните расходи направени од сопствените сметки. Трендот на трошење и приходи кој што се забележува на ниво на целото апелационо подрачје важи и за индивидуалните основни судови:

## 3.1. Основен суд Велес

| ВЕЛЕС | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 40 832 293 | 41 035 680 | 40 283 315 | 38 916 429 | 78% | |
| Стоки и услуги | 6 761 521 | 11 746 275 | 9 654 259 | 6 447 577 | 17% | |
| Субвенции и трансфери | 110 934 | 447 991 | 4 089 517 | 3 104 735 | 4% | |
| Капитални расходи | 177 926 | - | 1 554 780 | 759 780 | 1% | |
| Вкупно расходи | 47 882 674 | 53 229 946 | 55 581 871 | 49 228 521 | 100% | |

| ВЕЛЕС | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 1 052 651 | 428 173 | 44 801 | 674 873 | |
| Вкупно приходи | 2 702 524 | 4 051 514 | 6 907 490 | 9 996 636 | |

## 3.2. Основен суд Гевгелија

| ГЕВГЕЛИЈА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 29 374 476 | 29 857 399 | 30 205 443 | 30 490 154 | 88% | |
| Стоки и услуги | 2 891 479 | 3 043 136 | 3 228 641 | 3 256 745 | 9% | |
| Субвенции и трансфери | 257 125 | 48 710 | 2 283 678 | 806 007 | 2% | |
| Капитални расходи | 353 325 | 146 792 | 70 800 | 49 402 | 0% | |
| Вкупно расходи | 32 876 405 | 33 096 037 | 35 788 562 | 34 602 308 | 100% | |

| ГЕВГЕЛИЈА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 211 946 | 2 017 944 | 1 765 872 | 843 149 | |
| Вкупно приходи | 2 680 680 | 4 229 068 | 4 316 923 | 4 348 120 | |

## 3.3. Основен суд Кавадарци

| КАВАДАРЦИ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 23 211 533 | 22 720 564 | 25 249 763 | 24 474 176 | 86% | |
| Стоки и услуги | 2 673 527 | 3 537 524 | 2 625 173 | 3 449 390 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 390 836 | 48 710 | 1 826 986 | 259 910 | 2% | |
| Капитални расходи | 138 128 | 30 000 | 493 541 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 26 414 024 | 26 336 798 | 30 195 463 | 28 183 476 | 100% | |

| КАВАДАРЦИ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 3 630 | 18 097 | 1 740 | 61 393 | |
| Вкупно приходи | 117 352 | 277 716 | 402 039 | 601 431 | |

## 3.4. Основен суд Кратово

| КРАТОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 10 790 514 | 10 844 498 | 10 980 326 | 10 586 410 | 86% | |
| Стоки и услуги | 1 226 123 | 1 215 665 | 1 271 229 | 1 389 953 | 10% | |
| Субвенции и трансфери | 681 976 | 243 185 | 737 355 | - | 3% | |
| Капитални расходи | 163 800 | - | 156 957 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 12 862 413 | 12 303 348 | 13 145 867 | 11 976 363 | 100% | |

| КРАТОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 3 630 | 18 097 | 1 740 | 61 393 | |
| Вкупно приходи | 117 352 | 277 716 | 402 039 | 601 431 | |

## 3.5. Основен суд Крива Палнка

| КРИВА ПАЛАНКА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 16 893 429 | 17 063 116 | 17 222 484 | 18 049 405 | 87% | |
| Стоки и услуги | 1 718 318 | 1 939 189 | 2 088 530 | 1 701 732 | 9% | |
| Субвенции и трансфери | 698 109 | 339 394 | 1 218 021 | 51 574 | 3% | |
| Капитални расходи | 140 105 | 99 120 | 21 948 | - | 0% | |
| Вкупно расходи | 19 449 961 | 19 440 819 | 20 550 983 | 19 802 711 | 100% | |

| КРИВА ПАЛАНКА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 284 777 | 245 140 | 110 703 | 1 124 381 | |
| Вкупно приходи | 990 485 | 1 562 146 | 2 113 006 | 2 672 803 | |

## 3.6. Основен суд Куманово

| КУМАНОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 76 091 869 | 75 364 177 | 73 763 847 | 71 214 857 | 81% | |
| Стоки и услуги | 10 895 280 | 12 506 178 | 9 523 594 | 7 773 033 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 1 420 233 | 13 613 131 | 6 832 900 | 129 112 | 6% | |
| Капитални расходи | 186 600 | 4 731 350 | 3 329 787 | - | 2% | |
| Вкупно расходи | 88 593 982 | 106 214 836 | 93 450 128 | 79 117 002 | 100% | |

| КУМАНОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 3 076 163 | 1 971 866 | 898 849 | 629 299 | |
| Вкупно приходи | 3 385 009 | 3 322 266 | 4 867 957 | 6 919 038 | |

## 3.7. Основен суд Неготино

| НЕГОТИНО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 9 897 324 | 11 693 668 | 11 696 738 | 12 938 921 | 77% | |
| Стоки и услуги | 2 591 769 | 2 348 838 | 2 722 264 | 2 741 875 | 17% | |
| Субвенции и трансфери | - | 809 035 | 1 245 494 | 44 848 | 4% | |
| Капитални расходи | 125 947 | - | 1 038 410 | - | 2% | |
| Вкупно расходи | 12 615 040 | 14 851 541 | 16 702 906 | 15 725 644 | 100% | |

| НЕГОТИНО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 272 260 | 604 956 | 1 361 682 | 729 327 | |
| Вкупно приходи | 929 395 | 1 625 124 | 2 056 439 | 2 095 897 | |

## 3.8. Основен Граѓански суд Скопје

| СКОПЈЕ 2 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 177 467 133 | 171 884 261 | 177 641 368 | 173 033 505 | 87% | |
| Стоки и услуги | 20 276 933 | 19 512 611 | 23 657 367 | 17 666 682 | 10% | |
| Субвенции и трансфери | 1 307 242 | 911 843 | 14 965 577 | 2 368 781 | 2% | |
| Капитални расходи | 341 111 | 2 252 180 | 5 965 314 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 199 392 419 | 194 560 895 | 222 229 626 | 193 068 968 | 100% | |

| СКОПЈЕ 2 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 633 972 | 3 804 474 | 1 220 730 | 1 026 381 | |
| Вкупно приходи | 4 844 156 | 5 667 018 | 3 162 110 | 3 348 512 | |

## 3.9. Основен суд Кривичен Скопје

| СКОПЈЕ 1 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 175 266 772 | 168 295 745 | 176 058 374 | 179 971 112 | 86% | |
| Стоки и услуги | 25 331 024 | 24 372 846 | 25 553 402 | 23 055 383 | 12% | |
| Субвенции и трансфери | 855 377 | 774 212 | 12 167 089 | 2 456 605 | 2% | |
| Капитални расходи | - | - | - | - | 0% | |
| Вкупно расходи | 201 453 173 | 193 442 803 | 213 778 865 | 205 483 100 | 100% | |

| СКОПЈЕ 1 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 4 864 977 | 3 597 882 | 9 824 680 | 25 423 565 | |
| Вкупно приходи | 25 230 203 | 31 452 203 | 38 474 726 | 40 715 058 | |

АНАЛИЗА НА СУДСКИТЕ БУЏЕТИ И НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

# 4. Апелациско подрачје Штип

Врз основа на анализата на завршните сметки на основните судови на апелациското подрачје Штип за годините 2017, 2018 , 2019 и 2020 година, идентификувани се следните видови на трошоци:

- Плати и надоместоци, како и придонеси за социјално осигурување;
- Стоки и услуги, вклучително патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други тековни расходи;
- Субвенции и трансфери;
- Капитални расходи како купување на опрема и машини и вложувања и нефинансиски средства.

Според анализата на реализираните трошоци на буџетските сметки, прикажана во агрегатната табела за сите судови на апелациското подрачје Штип подоле, во просек за периодот 2017-2020, најголем процент завземаат трошоците кои се однесуваат на плати и надоместоци (86%), стоки и услуги вклучително и тековно одржување (11%) вложувања во субвенции и трансфери (2%) и капитални расходи (1%). Оваа поделба на трошоците е примерна за видот на дејноста која што е претежно фоксирана на човечки ресурси, односно на трошоци во поддршка на судски и помошен персонал. Сепак, треба да се направи подетална анализа за тоа во која мера во вкупните трошоци учествуваат платите и надоместоците на судиите и судискиот персонал а во која мера човечкиот персонал во помошните служби кој е во нивна поддршка.

| ШТИП | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 177 215 430 | 173 738 314 | 176 078 067 | 174 130 708 | 86% | |
| Стоки и услуги | 24 950 388 | 23 912 239 | 22 835 885 | 20 781 946 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 1 323 050 | 1 043 116 | 12 340 803 | 1 787 755 | 2% | |
| Капитални расходи | 1 287 076 | 773 833 | 7 067 074 | 460 000 | 1% | |
| Вкупно расходи | 204 775 944 | 199 467 502 | 218 321 829 | 197 160 409 | 100% | |

Покрај буџетските сметки, основните судови располагаат со средства и на сопствени смекти. Таму се бележат приходи од судски такси, како и расходи за надоместоци, материјали и ситен инвентар и најголем дел за капитални расходи. Се воочува тренд на повремено инвестирање во капитални трошоци, односно инвестиции кои доведуваат до нерамномерно трошење на средства гледано во набљудуваниот временски период 2017 до 2020. Иако ова не претставува проблем, од перспектива на управување со буџети и финансии, постои простор за подобрување преку воведување на периодичност во капиталните инвестиции.

| ШТИП | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | - | - | - | - | 0% | |
| Стоки и услуги | 2 328 357 | 359 943 | 829 890 | 1 143 714 | 41% | |
| Субвенции и трансфери | 300 152 | 46 000 | 60 003 | 454 984 | 8% | |
| Капитални расходи | - | 2 929 743 | 118 590 | 2 880 732 | 52% | |
| Вкупно расходи | 2 628 509 | 3 335 686 | 1 008 483 | 4 479 430 | 100% | |

Следната секција содржи детален преглед, по основен суд, година и реализирани трошоци на буџетските сметки на судовите како и преглед на вкупните расходи направени од сопствените сметки. Трендот на трошење и приходи кој штп се забележува на ниво на целото апелационо подрачје важи и за индивидуалните основни судови:

## 4.1. Основен суд Берово

| БЕРОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 12 414 008 | 12 244 869 | 12 164 065 | 11 622 051 | 81% | |
| Стоки и услуги | 3 149 860 | 2 441 403 | 2 158 213 | 2 261 309 | 17% | |
| Субвенции и трансфери | 135 846 | - | 741 505 | 110 011 | 2% | |
| Капитални расходи | 164 850 | 408 026 | 115 448 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 15 864 564 | 15 094 298 | 15 179 231 | 13 993 371 | 100% | |

| БЕРОВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 38 000 | 46 000 | 36 400 | 94 492 | |
| Вкупно приходи | 72 546 | 80 456 | 71 356 | 1 768 128 | |

## 4.2. Основен суд Виница

| ВИНИЦА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 11 383 232 | 11 541 578 | 12 027 826 | 12 186 008 | 88% | |
| Стоки и услуги | 961 595 | 997 926 | 1 311 148 | 928 647 | 8% | |
| Субвенции и трансфери | 45 500 | 15 000 | 797 201 | - | 2% | |
| Капитални расходи | 141 855 | 365 807 | 740 538 | - | 2% | |
| Вкупно расходи | 12 532 182 | 12 920 311 | 14 876 713 | 13 114 655 | 100% | |

| ВИНИЦА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 141 999 | 132 398 | 23 239 | 125 876 | |
| Вкупно приходи | 823 560 | 1 165 446 | 1 554 038 | 2 108 038 | |

## 4.3. Основен суд Делчево

| ДЕЛЧЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 14 556 820 | 13 716 446 | 14 294 995 | 14 724 151 | 86% | |
| Стоки и услуги | 2 474 912 | 1 879 326 | 1 603 598 | 1 668 097 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 137 256 | 128 680 | 236 595 | 269 604 | 1% | |
| Капитални расходи | 161 700 | - | 1 092 748 | - | 2% | |
| Вкупно расходи | 17 330 688 | 15 724 452 | 17 227 936 | 16 661 852 | 100% | |

| ДЕЛЧЕВО | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 288 440 | 250 987 | 62 127 | - | |
| Вкупно приходи | 562 282 | 610 794 | 751 528 | - | |

## 4.4. Основен суд Кочани

| КОЧАНИ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 25 433 427 | 26 031 224 | 26 310 049 | 26 076 191 | 84% | |
| Стоки и услуги | 3 501 209 | 3 837 658 | 3 853 657 | 3 957 410 | 12% | |
| Субвенции и трансфери | 39 796 | 201 184 | 2 192 683 | 45 000 | 2% | |
| Капитални расходи | 174 195 | - | 1 996 310 | - | 2% | |
| Вкупно расходи | 29 148 627 | 30 070 066 | 34 352 699 | 30 078 601 | 100% | |

| КОЧАНИ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 223 692 | 69 778 | 414 119 | 773 610 | |
| Вкупно приходи | 2 608 003 | 3 286 858 | 4 305 389 | 4 814 805 | |

## 4.5. Основен суд Радовиш

| РАДОВИШ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 16 970 930 | 16 159 017 | 17 371 126 | 17 110 639 | 86% | |
| Стоки и услуги | 1 903 322 | 2 010 424 | 1 892 501 | 1 440 038 | 9% | |
| Субвенции и трансфери | 606 973 | 222 601 | 772 765 | 715 022 | 3% | |
| Капитални расходи | 138 415 | - | 1 271 808 | - | 2% | |
| Вкупно расходи | 19 619 640 | 18 392 042 | 21 308 200 | 19 265 699 | 100% | |

| РАДОВИШ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 610 962 | - | 126 422 | 1 827 522 | |
| Вкупно приходи | 1 759 886 | 1 262 874 | 1 621 812 | 2 135 952 | |

## 4.6. Основен суд Свети Николе

| СВЕТИ НИКОЛЕ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 11 442 199 | 10 841 382 | 11 722 415 | 11 393 063 | 87% | |
| Стоки и услуги | 1 444 529 | 1 348 095 | 1 481 518 | 1 577 662 | 11% | |
| Субвенции и трансфери | 45 028 | 46 392 | 692 358 | 30 000 | 2% | |
| Капитални расходи | 145 163 | - | 199 313 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 13 076 919 | 12 235 869 | 14 095 604 | 13 000 725 | 100% | |

| СВЕТИ НИКОЛЕ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 249 450 | 87 630 | 166 638 | 1 054 074 | |
| Вкупно приходи | 565 199 | 820 726 | 1 588 390 | 2 075 251 | |

## 4.7. Основен суд Струмица

| СТРУМИЦА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 44 011 404 | 41 836 658 | 40 060 873 | 38 283 582 | 84% | |
| Стоки и услуги | 7 539 296 | 7 362 805 | 6 317 132 | 5 650 333 | 14% | |
| Субвенции и трансфери | 180 414 | 211 643 | 3 255 257 | 452 082 | 2% | |
| Капитални расходи | 199 198 | - | 698 800 | 460 000 | 1% | |
| Вкупно расходи | 51 930 312 | 49 411 106 | 50 332 062 | 44 845 997 | 100% | |

| СТРУМИЦА | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 844 094 | 2 648 655 | 145 549 | 536 284 | |
| Вкупно приходи | 3 922 649 | 4 917 029 | 5 454 004 | 6 933 964 | |

## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

| ШТИП | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Просечен удел | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 41 003 410 | 41 367 140 | 42 126 718 | 42 735 023 | 89% | |
| Стоки и услуги | 3 975 665 | 4 034 602 | 4 218 118 | 3 298 450 | 8% | |
| Субвенции и трансфери | 132 237 | 217 616 | 3 652 439 | 166 036 | 2% | |
| Капитални расходи | 161 700 | - | 952 109 | - | 1% | |
| Вкупно расходи | 45 273 012 | 45 619 358 | 50 949 384 | 46 199 509 | 100% | |

| ШТИП | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно расходи | 231 872 | 100 238 | 33 989 | 67 572 | |
| Вкупно приходи | 4 460 286 | 6 321 948 | 9 049 312 | 11 903 002 | |

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Во РСМ буџетските принципте на "јавност" и "полагање сметка" се отсликуваат преку улогата на Државниот завод за ревизија. Оваа институција е овластена да врши три типа на ревизии:

- Ревизија на регуларност, постапка на утврдување и оценување на усогласеноста на работењето на субјектот со законите, подзаконските акти и интерните акти;
- Ревизија на успешност, процена на економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми, и
- Финансиска ревизија, проверка на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

Член 22 од Законот за државна ревизија го дефинира предметот и обемот на државната ревизија. Така, "Државната ревизија се врши на Собранието на РСМ, Претседателот на РСМ, Буџетот на РСМ и буџетите на општините, буџетските корисници, единките корисници, јавните претпријатија, трговските друштва во кои државата е доминантен акционер, агенциите и другите институции основани со закон, другите институции финансирани со јавни средства, Народната банка на РСМ, политичките партии финансирани со средства од Буџетот, на корисници на средства од Европската унија (освен на системот за имплементација, раководење и контрола на инструментот за претпристапна помош во РСМ) и на корисници на средства од други меѓународни институции". Законот исто така предвидува ревизија и врз субјекти кои не се погоре наведени но користат средства кои претставуваат јавни расходи. За вршење на државната ревизија се применуваат меѓународните ревизорски стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции – INTOSAI со што се следат новите достигнувања на методолошката и ревизорска пракса и потребата од усогласување со меѓународните стандарди. По извршената ревизија се изготвува извештај за ревизијата кој подлежи на постапка на приговор и прифаќање. Конечниот извештај се поднесува до раководниот орган на институцијата предмет на ревизија, кој е должен во рок од 90 дена да ги отстрани констатираните недостатоци. Државниот завод за ревизија поднесува до Собранието на РСМ годишент извештај преку кој се остварува улогата на надзор врз трошењето на јавните пари. Врз основа на овој извештај Собранието на РСМ расправа за системските слабости, случаите на корупција и ефикасноста и ефективноста при трошењето на средствата од Буџетот на РСМ, вклучително и тие наменети за судската власт.

Ефикасно и ефективно судство е едно од основите за оддржлив социо-економски развој. Како што се зголемуваат барањата за подобрена (зголемена) одговорност и видливи резултати, така се појавува потреба за подобрена контрола, мониторинг и оцена на резултатите.

Мониторинг и Оценка на резултатите е моќен инструмент кој може да се користи да се подобри начинот и обемот во којшт се постигнуваат планираните резултати. Воведувањето на резултатска базирана рамка на мониторинг и оцена им овозможува на носителите на одлуки да оценат дали поставените цели навистина се на добар пат да се остварат. Оваа рамка не треба да се набљудува само од гледиште на критичка контрола врз работата на одредена организација. Напротив, резултатите добиени од примена на оваа рамка на мониторинг и оцена се користат внатрешно (од страна на поднесувачот на буџетскиот предлот) за подобрување на планираните активности како и за оценка на прогресот кон остварување на планираните резултати и евентуални исправки на политиките. Затоа се вели дека резултатски базираната рамка за мониторинг и оцена е првично инструмент за добро управување којшто во голема мера може да придонесе за ефикасноста и ефективноста на судската власт.

Традиционалните системи на мониторинг и евалуација се фокусираат на имплементацијата и најчесто даваат одговор на прашањето "дали се извршени планираните активности?". Овој пристап не им овозможува на носителите на одлука разбирање за успехот или неуспехот на одреден потфат. Резултатски базираниот мониторинг и евалуација пак даваат одоговор на прашањето "што се промени со имплементацијата на планираните активности и како тоа може да се докаже". Ваквите системи на мониторинг промовираат вредност на транспарентност и одговорност во рамките на одредена организација. Исто така, гледано однадвор, тие обезбедуваат јасна слика за статусот на проектите и програмите. Поради ова, за имплементација на резултатски базирана рамка на мониторинг и оцена потребна е политичка волја за транспарентност и отвореност при планирањето затоа што имплементацијата воведува нова димензија на институционални односи и перцепција во јавноста.

# ЈАВНИ НАБАВКИ

Јавните набавки во Основните судови се спроведуваат во согласност со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/19 и 87/21). Со овој закон се уредуваат начинот и постапките за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки, надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правната заштита во постапките за јавни набавки, како и правната заштита во постапките за доделување концесии и договори за јавно приватно партнерство. Опфаќањето на судовите во Законот за јавните набавки произлегува од членот 9 став (1) точка а) од овој закон, согласно со кој, Договорни органи во смисла на овој закон се државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа. Со оглед на фактот што судовите согласно член 1 став (2) од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) се дефинираат како самостојни и независни државни органи, јасно е дека истите влегуваат во опфатот на Законот за јавните набавки.

Самиот Закон за јавните набавки предвидува повеќе различни постапки за јавни набавки, и тоа:

- набавка од мала вредност;
- поедноставена отворена постапка;
- отворена постапка;
- ограничена постапка;
- конкурентна постапка со преговарање;
- конкурентен дијалог;
- партнерство за иновации;
- постапка со преговарање без објавување оглас и
- постапка со преговарање со објавување оглас.

За секоја од овие постапки важат различни правила.

Основниот суд може да врши набавки од мала вредност на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра во денарска противвредност и на работи до 20.000 евра во денарска противвредност. Набавката од мала вредност се врши:

- со објавување оглас за набавка од мала вредност, при што минималниот рок за поднесување на понудите е седум дена од денот на објавување на огласот или
- преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност на ЕСЈН, за набавка на стандардни стоки и услуги.

Основниот суд може да спроведе поедноставена отворена постапка за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 70.000 евра во денарска противвредност и на работи до 500.000 евра во денарска противвредност. Во поедноставената отворена постапка, секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда врз основа на објавениот оглас за јавна набавка. Во прилог на понудата се доставува изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност. Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата.

Отворената постапка се спроведува во една фаза и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда со потребната документација за утврдување способност и сета друга документација согласно со условите од тендерската документација. Минималниот временски рок за поднесување на понудите е 30 дена од денот на објавувањето на огласот во ЕСЈН.

Ограничената постапка се спроведува во две фази и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, врз основа на објавениот оглас за јавна набавка. Во прилог на пријавата за учество се доставува и документацијата за утврдување способност според условите од тендерската документација за

првата фаза. Минималниот временски рок за поднесување на пријавите за учество кај јавните набавки од класичниот јавен сектор е 30 дена од датумот кога е објавен огласот за јавна набавка. Врз основа на извештајот на комисијата, основниот суд донесува одлука за избраните кандидати до кои ќе достави покана за поднесување понуди, при што понуда во втората фаза може да поднесат само избраните кандидати.

Во конкурентната постапка со преговарање секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, врз основа на објавениот оглас за јавна набавка. Во прилог на пријавата за учество се доставува и документацијата за утврдување способност според условите од тендерската документација за првата фаза. Основниот суд го утврдува предметот на набавка во тендерската документација, со опис на неговите потреби и бараните карактеристики на стоките, услугите или работите што се набавуваат, како и критериумите за избор на најповолна понуда. Основниот суд наведува и со кои елементи од описот се утврдуваат минималните услови кои мора да ги исполнат економските оператори. Наведените информации треба да бидат доволно прецизни за да им овозможат на економските оператори да го идентификуваат видот и обемот на бараните решенија и да одлучат дали да се пријават за учество во постапката.

Конкурентниот дијалог се спроведува во три фази, и тоа фаза на претквалификација, фаза на дијалог и фаза на поднесување конечна понуда. Во постапката со конкурентен дијалог секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, кон која ја приложува потребната документација за утврдување способност. Врз основа на извештајот на комисијата основниот суд донесува одлука за избраните кандидати до кои ќе достави покана за учество во дијалогот. Во дијалогот може да учествуваат само оние кандидати кои ќе ги покани основниот суд по оценка на нивната способност. Основниот суд може да го ограничи бројот на способните кандидати кои ќе бидат поканети да учествуваат во фазата на дијалог. Во постапката со конкурентен дијалог договорот се доделува исклучиво според критериумот на најдобар однос помеѓу цената и квалитетот.

Основниот суд може да користи партнерство за иновации доколку има потреба од иновативни стоки, услуги или работи, која не може да се задоволи и со набавка на стоки, услуги или работи кои се веќе достапни на пазарот. Основниот суд ги утврдува причините и потребата од иновативни стоки, услуги или работи во тендерската документација, како и минималните барања во поглед на предметот на набавка, и минималните услови за утврдување способност кои треба да бидат доволно прецизни за да им овозможат на економските оператори да го идентификуваат видот и обемот на бараните решенија и да одлучат дали да се пријават за учество во постапката. Во постапката за партнерство за иновации секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, кон што ја приложува потребната документација за утврдување способност. Основниот суд може да одлучи да воспостави партнерство за иновации со еден или повеќе партнери кои ќе спроведуваат одделни истражувачки и развојни активности.

Основниот суд може да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас за јавна набавка за стоки, услуги или работи во следниве случаи:

- кога по претходно спроведени две отворени постапки или поедноставени отворени постапки не е поднесена ниту една понуда или ниту една соодветна понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество или ниту една соодветна пријава за учество во првата фаза, под услов да не се значително сменети условите од тендерската документација. Вкупната цена на конечната понуда предложена во постапката со преговарање не смее да ја надмине цената на понудата на истиот понудувач поднесена во претходната неуспешна постапка за јавна набавка;
- доколку јавната набавка од секторските дејности има за цел само истражување, експериментирање, проучување или развој и нема за цел да оствари профит или да ги надомести трошоците за истражувањето и развојот, под услов доделувањето на таквиот договор да не влијае врз конкурентноста при доделувањето подоцнежни договори за јавни набавки со тие цели;
- доколку стоката, услугата или работата може да ја обезбеди само одреден економски оператор.

Основниот суд може да ја користи постапката со преговарање со објавување оглас за јавни набавки од секторските дејности. Во постапката со преговарање со објавување оглас, секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество, врз основа на објавениот оглас за јавна набавка. Во прилог на пријавата за учество се доставува и документацијата за утврдување способност. По завршување на првата фаза, комисијата изготвува извештај за оценување на способноста на кандидатите и листа на квалификувани кандидати. Врз основа на извештајот на комисијата основниот суд донесува одлука за избраните кандидати до кои ќе достави покана за поднесување првична понуда. Првична понуда, која е основа за натамошни преговори, може да поднесат само оние кандидатите кои ќе ги покани основниот суд по оценка на нивната способност.

Самиот закон за јавни набавки предвидува повеќе обврски за Основните судови пред спроведување на јавните набавки, и тоа:

- Планирање на јавните набавки преку донесување на годишни планови за јавни набавки;
- Донесување на одлука за јавна набавка;
- Формирање на комисија за јавни набавки;
- Определување на лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки;
- Подготовка на тендерска документација, која вклучува и техничка спецификација;
- Евалуација на понудите и
- Избор на најповолна понуда и склучување на договор.

Сето претходно наведено во однос на јавните набавки важи за основните судови, односно и тие при спроведување на јавните набавки се должни да ги почитуваат одредбите од Законот за јавните набавки. Со оглед на фактот што Законот за јавните набавки предвидува премногу бирократски процедури, кои бараат администрирање на истите, судовите мораат да ангажираат повеќе човечки ресурси за спроведување на јавните набавки , што секако има негативно влијание на самата основна надлежност на судовите, кои наместо ресурсите да ги користат за судските постапки ги користат за споредни административни работи. Оттука мора да се разгледаат можностите за олеснување на работата на судовите во однос на јавните набавки, дури и со користење на постојните механизми кои ги содржи Законот за јавните набавки, односно со спроведување на централизирани набавни активности и централно тело за јавни набавки што може да функционира во рамките на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

# 1. Апелациско подрачје Битола

## 1.2. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

Планот за јавни набавки во ОС Битола се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Нема податоци колкав процент од буџетот на судот се наменети за јавни набавки. Во ОС Битола се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Од дадените податоци ОС Битола нема потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно), но нема податоци дали ОС Битола има побарано и дополнителни средства во буџетот во претходните три години.

## 1.3. Основен суд Крушево

Планот за јавни набавки во ОС Крушево се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 70 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Крушево се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето нема потреба од промена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Крушево нема податоци за тоа дали се барани дополнителни средства за јавни набавки во претходните три години (208, 2019 и 2020 година).

## 1.4. Основен суд Охрид

Планот за јавни набавки во ОС Охрид се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

4 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Охрид се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Охрид има побарано и добиено дополнителни 34.409,00 денари за јавни набавки во претходните четири години (2017, 2018, 2019 и 2020 година).

## 1.5. Основен суд Прилеп

Планот за јавни набавки во ОС Прилеп се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 30 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Прилеп се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Прилеп има побарано и добиено дополнителни 20.000,00 денари за јавни набавки во претходните години.

## 1.6. Основен суд Ресен

Планот за јавни набавки во ОС Ресен се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

500.000,00 денари од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Ресен се реализираат 80% до 90% од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Ресен нема доставено податоци дали се барани дополнителни средства во буџетот во претходните три години.

## 1.7. Основен суд Струга

Планот за јавни набавки во ОС Струга се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 69 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Струга се реализираат 97 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Струга нема доставено податоци дали се барани дополнителни средства во буџетот во претходните три години.

# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

Планот за јавни набавки во ОС Гостивар се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Од 1 % до 3% од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, и варира за различна фискална година. Во ОС Гостивар се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно), но нема податоци дали ОС Гостивар има побарано и дополнителни средства во буџетот во претходните три години.

## 2.2. Основен суд Дебар

Планот за јавни набавки во ОС Дебар се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Нема податоци колкав процент од буџетот на судот се наменети за јавни набавки. Во ОС Дебар се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето многу ретко се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно), но нема податоци дали ОС Дебар има побарано и дополнителни средства во буџетот во претходните три години.

## 2.3. Основен суд Кичево

Планот за јавни набавки во ОС Кичево се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Околу 60%  од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, и варира за различна фискална година. Во ОС Кичево се реализираат 60% од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на нема потреба промена на планот за јавни набавки ниту пак се барано дополнителни средства во буџетот од Судскиот совет.

## 2.4. Основен суд Тетово

Планот за јавни набавки во ОС Тетово се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Нема податоци колкав процент од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Тетово од планирани 13 јавни набавки реализирани се 8, но нема податоци колкав е процентот на средствата обезбедени за јавни набавки кои се реализирани. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Тетово има побарано и добиено дополнителни 35.308,00 денари за јавни набавки во претходните три години. (208, 2019 и 2020 година).

# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

Планот за јавни набавки во ОС Велес се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 4.16 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Штип се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Велес има побарано и добиено дополнителни 943.710,00 денари за јавни набавки во 2020 година, а има добиено дополнителни средства и во 2019 година.

## 3.2. Основен суд Гевгелија

Планот за јавни набавки во ОС Гевгелија се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 61.05 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Гевгелија се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Гевгелија има побарано и добиено дополнителни 53.702,00 денари за јавни набавки во 2020 година, а има добиено дополнителни средства и во 2018 година, додека во 2019 година не се барани дополнителни средства.

## 3.3. Основен суд Кавадарци

Планот за јавни набавки во ОС Кавадарци се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 50 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Кавадарци се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Кавадарци има побарано и добиено дополнителни 2.850.643,00 денари со вклучен ДДВ во претходните три години (208, 2019 и 2020 година).

## 3.4. Основен суд Кратово

Планот за јавни набавки во ОС КРатово се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Нема податоци колкав процент од буџетот е наменет за јавни набавки и колку од средствата се искористени. Во текот на работењето нема потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Кратово нема добиено дополнителни средства во претходните три години (208, 2019 и 2020 година), но нема податоци дали истите се побарани.

## 3.5. Основен суд Крива Паланка

Планот за јавни набавки во ОС Крива Паланка се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Нема податоци колкав дел од буџетот на судот се наменети за јавни набавки. Во ОС Крива Паланка се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Крива Паланка нема барано дополнителни средства за јавни набавки во претходните три години (208, 2019 и 2020 година).

## 3.6. Основен суд Куманово

Планот за јавни набавки во ОС Куманово се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 10 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Во ОС Куманово се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

## 3.7. Основен суд Неготино

Планот за јавни набавки во ОС Неготино се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Нема податоци колкав дел од буџетот на судот се наменети за јавни набавки. Во ОС Неготино се реализираат 100 % од средствата обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно). ОС Неготино нема барано дополнителни средства за јавни набавки во претходните три години (208, 2019 и 2020 година).

## 3.8. Основен граѓански суд Скопје

Планот за јавни набавки во Основен граѓански суд Скопје се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

12.3% од буџетот на Основниот граѓански суд Скопје се наменети за јавни набавки, кои во целост се реализираат. Во текот на работењето повремено по исклучок се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно), но нема податоци дали Основниот граѓански суд Скопје има барано дополнителни средства за јавни набавки во претходните три години (208, 2019 и 2020 година).

## 3.9. Основен кривичен суд Скопје

Планот за јавни набавки во Основен кривичен суд Скопје се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

14.500.000,00 денари од буџетот на Основниот кривичен суд Скопје се наменети за јавни набавки, а од нив се реализирани 92%. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што се врши измена на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно), но нема податоци дали Основниот кривичен суд Скопје има барано дополнителни средства за јавни набавки во претходните три години (208, 2019 и 2020 година).

# 4. Апелациско подрачје Штип

## 4.1. Основен суд Виница

Планот за јавни набавки во ОС Виница се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 0.4 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Процентот на искористување на средствата за јавни набавки во ОС Виница се реализира целосно т.е. 100 % што е и разбирливо имајќи го во предвид многу малиот износ кој е обезбеден во буџетот за јавни набавки. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно) но дополнителни средства од ОС Виница досега не добиле т.е. во последните три години во овој суд не примиле каков било износ на средства за оваа намена.

## 4.2. Основен суд Делчево

Планот за јавни набавки во ОС Делчево се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Процентот на искористување на средствата за јавни набавки во ОС Делчево се реализира целосно т.е. 100 %. Во текот на работењето не се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно) но дополнителни средства од ОС Делчево досега не барал.

## 4.3. Основен суд Кочани

Планот за јавни набавки во ОС Кочани се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 40 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Процентот на искористување на средствата за јавни набавки во ОС Кочани се реализира 70 %. Во текот на работењето повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки се реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно) но дополнителни средства од ОС Кочани досега не барал, затоа што не се целосно искористени средствата од буџетот.

## 4.4. Основен суд Радовиш

Планот за јавни набавки во ОС Кочани се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 8 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Процентот на искористување на средствата за јавни набавки во ОС Кочани се реализира 100 %. Судот нема дадено податоци дали има потреба од непланирани набавки и дали барале дополнителни средства во буџетот од оние кои првично им биле одобрени.

## 4.5. Основен суд Свети Николе

Планот за јавни набавки во ОС Свети Николе се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 6 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Процентот на искористување на средствата за јавни набавки во ОС Свети Николе се реализира 70 %. Основниот суд Свети Николе нема потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки и нема барано дополнителни средства за јавни набавки.

## 4.6. Основен суд Струмица

Планот за јавни набавки во ОС Струмица се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Приближно 5 % од буџетот на судот се наменети за јавни набавки, но процентот може да варира за различна фискална година. Процентот на искористување на средствата за јавни набавки во ОС Струмица се реализира. 80 % . Основниот суд Струмица нема потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки и нема барано дополнителни средства за јавни набавки.

## 4.7. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

Планот за јавни набавки во ОС Штип се носи на годишно ниво и го донесува претседателот на судот. За ова цел во судот се формира комисија за јавни набавки каде се утврдуваат потребите и се проектираат трошоците во работењето.

Нема податоци колкав дел од буџетот на судот се наменети за јавни набавки. Во ОС Штип се реализираат 100 % од средствата кои биле обезбедени за јавни набавки. Во текот на работењето

повремено се појавува потреба од јавни набавки кои не биле опфатени во проекциите и планирањето на трошоците при подготовка на буџетот од кој составен дел претставуваат и јавните набавки, за што судот носи измени на планот за јавни набавки.

Процедурата за добивање на дополнителни средства за јавни набавки сеа реализира на начин што планирањето се реализира со подготовка на буџетски циркулар (за секоја година посебно) но нема податоци дали ОС Штип барал дополнителни средства.

# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ, БУЏЕТИРАЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ

„БУЏЕТСКОТО ПЛАНИРАЊЕ НЕ СЕ ЗАСНОВА НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ПЛАНОВИ ЗА СУДСТВОТО, СО ШТО НЕ СЕ ИЗЛЕГУВА ВО ПРЕСРЕТ НА ПОТРЕБИТЕ НА САМИТЕ СУДОВИ"

1. Постојните уставни и законски гаранции за финансирањето на судската власт не се применуваат соодветно и претставуваат ризик врз стабилноста во функционирањето на основните судови. Недостасува сеопфатен механизам преку кој ќе се обезбеди долгорочно и стратешко финансирање на судската власт во согласност со уставната и законската независност и самостојност на судската власт во РСМ.
2. Моделот на финансирање на судството согласно Законот за извршување на буџетот на РСМ како и Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет претставува пречка за ефикасно функционирање на судовите имајќи предвид дека износот, но и извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии и ниту еднаш не е одобрен во целост и согласно законски утврдениот минимум на одобрени средства.
3. Судската власт е недоволно самостојна во планирањето и распределувањето на судскиот буџет поради несоодветна примена на Законот за судскиот буџет од нивното воведување во 2010 година. Недостасуваат дополнителни податоци за процедурите при планирањето на буџетот за судската власт кои се во надлежност на Владата на РСМ, Министерството за финансии и Судскиот буџетски совет кои би дале увид за причините во неодобрувањето на бараните средства со детална анализа на судскиот буџет и реални потреби.
4. Финансиските податоци не дозволуваат подетална анализа на работата на судот и планирање на долгорочни и стратешки активности. Недостасува заедничко учество на сите надлежни институции, сите судови во РСМ, Судскиот совет на РСМ и Судскиот буџетски совет на РСМ во процесот на планирање на капиталните инвестиции особено постапките за модернизација на судството како што се воведувањето на нови информатички системи, но и одржувањето на функционалноста на АКМИС системот.
5. Во ниту еден судски буџет не се одобрени средства за финансирање на судската власт според законски утврдениот процент од 0,8% од БНП и не постојат податоци за алокација на задолжителните 5% во судскиот буџет за стручно усовршување на судската служба.
6. Најголем дел од судските буџетите (84%) се трошоци за плати и социјални придонеси. Буџетските предлози и извештаите за трошење на буџетските средства треба да диференцираат меѓу буџети, средства и потреби за судиски персонал (судии и стручни соработници) и помошен персонал. Судискиот персонал, нивните вработувања и финансирањето е неопходно да се третираат како приоритет од страна на Судскиот буџетски совет.
7. Во ниту еден судски буџет не се одобрени задолжителните 2% од тековните трошоци на судовите кои согласно Законот за судскиот буџет се наменети за покривање на трошоци во случаи на виша сила, елементарни непогоди, катастрофи врз судството.

8. Судската власт, функционира како дел од државниот буџетски систем, нема свој одвоен независен буџет и независен трезорски систем, а набавките и вработувањата се предмет на одобрување од Министерство за финансии; и поради тоа истите не се реализираат навремено и во целост. Моделот на финансирање на судството согласно Законот за извршување на буџетот на РСМ како и Законот за плати на судиите и Законот за Судски буџетски совет претставува пречка за ефикасно функционирање на судовите имајќи предвид дека износот, но и извршувањето на судскиот буџет подлежи на согласност од страна на Министерство за финансии. Судската власт мора да има независен и одвоен буџет и трезорски систем којшто ќе добива средства директно од Буџетот на РСМ со независност од Министерството за финансии. Судскиот буџет треба да има посебна форма, потенцијално и посебен календар на припрема и одобрување во согласност со потребите на судската власт, кој ќе подлежи на посебно разгледување и одобрување од страна на Собранието на РСМ.

9. Најголем дел од предвидените работни места не се пополнуваат по нивното упразнување, а причината за непополнување на овие позиции најчесто се наоѓа во недобивањето, односно отежнатото добивање на согласност од Министерството за финансии. Во согласност со воспоставените практики, веќе одобрените а испразнети позиции не треба да подлежат на повторно одобрување односно согласност од Министерството за финансии, бидејќи Судскиот буџетски совет е доволен надзор при трошењето на веќе одобрените средства.

10. За разлика од судиите, судските службеници се ограничени во остварувањето на правото на додатоци од плата и доделување на награди за постигнати успеси и ефекти во работата на судските службеници како и во примената на санкции за незадоволителна работа на судскиот службеник.

11. Системот на плата за судските службеници е премногу едноставен и доведува до таканаречена „урамниловка“ затоа што не ја одразува тежината и обемот на работа, кои треба да бидат основни параметри за утврдување на платата, со што не се овозможува соодветна мотивација на судските службеници. Одредбата со која вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници се утврдува со одлука на Владата е спорна и од аспект на уставност, затоа што овозможува директно мешање на извршната во судската власт што е спротивно на темелната вредност од членот 8 на Уставот и принципите за поделба на законодавна, извршна и судска власт.

12. Независен судски буџет и трезорски систем не е поволен само заради независноста на судството од извршната власт. Тој модел би дозволил креирање на буџетски модели и постапки кои ќе бидат порелевантни за судската власт и ќе се фокусираат на можните придобивки од внесување на новини и реформи во финансиското и буџетско управување. Судскиот буџет може да отиде чекор напред од програмското буџетирање кое се применува на ниво на РСМ и би можел да користи Резултатско базирано буџетирање (РББ). За разлика од традиционалното буџетирање, каде фокусот е на планирање на средства за плати, надоместоци, стоки и услуги, капитални расходи и така натаму, РББ значи формулирање на програми и буџети кои што се во поддршка на постигнување на планираните резултати кои што се артикулираат на почетокот на буџетскиот процес, и наспрема кои се мери успешноста на постигнатото. Се смета дека резултатски базирано управување (и буџетирање) поефикасно ги адресира одговорноста, децентрализацијата, и потребите на крајните корисници (судовите).

13. Капиталните инвестиции се застапени со околу 2 проценти од судскиот буџет. Капиталните расходи во основните судови имаат неправилна периодичност на трошење, односно се случуваат на неколку години без одредени правила или трендови. Ова укажува на непостојаност на инвестициите односно ненавремено замена на капиталните средства и инвестиции. Анализата покажува дека причините се движат од непостојаност на финансирањето, недоволно време за планирање на капиталните инвестиции и рестриктивност на трошење кое најчесто е од временски карактер.

14. Не е воспоставена рамка за остварување на внатрешна ревизија како ни за процената на регуларност и успешност во Основните судови надвор од Судскиот буџетски совет или Државниот Завод за Ревизија. Ниеден основен суд на територијата на РСМ нема донесено акти, програма и процедури за внатрешна ревизија, ниту пак изготвуваат извештаи за внатрешна ревизија надвор од системот на ревизија воспоставен од ДЗР.

# РОДОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО КАДРОВСКАТА СТРУКТУРА И РАБОТАТА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

**Правосуден систем** кој е независен, непристрасен и родово сензитивен има клучна улога за унапредување на човековите права на жените и мажите, постигнување родова еднаквост и интегрирање на родовата перспектива во спроведувањето правда.[39]

**Родова еднаквост** е состојбата во која жените и мажите ги уживаат истите права и можности во сите сектори на општеството, вклучително и економското учество и донесувањето одлуки, при што различните однесувања, аспирации и потреби на жените и мажите еднакво се земаат предвид при развојот и спроведувањето на политиките. За зајакнување на родовата еднаквост потребно е систематско разгледување на разликите меѓу условите, ситуациите и потребите на жените и мажите во сите политики и акции. Овој пристап се нарекува **родово интегрирање** или интегрирање на родовата перспектива.[40] За да се интегрира родовата перспектива во секојдневната работа, развиени се разни **алатки и методи за родово интегрирање**,[41] како на пр: родова анализа,[42] проценка на влијанието на родот,[43] родово одговорно буџетирање,[44] родова обука,[45] податоци разделени по пол, [46] и др.

Родовата еднаквост, односно родовиот баланс и родово рамноправната работна средина во судството се важни бидејќи различноста има силен потенцијал за подобрување на квалитетот на судскиот систем. За судството да биде сфатено како легитимно, односно да ужива доверба кај јавноста потребно е демографскиот состав на лицата кои работат во правосудниот систем да го отсликува составот на населението[47] во целина. Зајакнувањето на родовата разновидност во правосудниот систем (во оставот на судиите, судската служба и судската полиција) може да ги намали пречките за пристап на жените до правда, како што е стигмата поврзана со пријавување насилство и злоупотреба, а со тоа да обезбеди поизбалансиран пристап кон спроведување на законите. Покрај тоа, родовата разновидност може да помогне да се зголеми сензитивноста кај судиите за различни аспекти кај различни групи, и тоа да им овозможи да ги надминат своите имплицитни предубедувања[48] и несвесна примена на стереотипи. Квалитетот на судската правда се подобрува со присуството на судијки кои придонесуваат за размислувања кои не би биле земени предвид во нивно отсуство. Оттука, опсегот на дискусијата е зголемен, со што родовата перспектива ја подобрува правичноста на пресудата, а тоа конечно им користи и на жените и на мажите.

За надминувањето на стереотипите и родовата пристрасност освен родовата разновидност, исто така, многу се значајни едукацијата и обуките за родово сензитивизирање на вработените во правосудниот систем. Академијата за судии и јавни обвинители има предвидено задолжителна и континуирана обука во чии рамки се предвидени и обуки на родови теми како родово-базирано насилство против жените и девојките; забрана за отказ поради бременост, раѓање и родителство; ЕУ регулатива за надлежност, признавање и извршување на судските одлуки во брачните спорови поврзани со родителска одговорност и други родово сензитивни теми.[49] Но, во Проценката за

39 Генерално собрание на Обединетите Нации, Извештај на специјалниот известувач за независноста на судиите и адвокатите, A/HRC/17/30, 29 април 2011 година, параграф 45.

40 С. Гавриќ, Е. Јованова, Р.Мехмед, С.Сарделиќ, „Родовата еднаквост е важна! - Прирачник за пратениците и собранискиот персонал за родова еднаквост и зајакнување на жените", Скопје 2020

41 За подетални информации постете ја веб-страница на Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE), https://eige.europa.eu/

42 Родова анализа е критичко испитување како разликите во родовите улоги, активности, потреби, можности и права/следувања влијаат врз жените, мажите, девојчињата и момчињата во дадена област на политиките, ситуација или контекст.

43 Проценка на влијанието на родот е алатка за проверка на дадени предлог-политики со цел да се идентификува и процени нивното диференцијално влијание или дејство врз жените и мажите за да се исправат таквите нееднаквости пред да се поддржи предлогот.

44 Родово одговорно буџетирање е интегрирање на родовата перспектива во буџетскиот процес, односно родово базирана проценка на буџетот, вклучувајќи ја родовата перспектива на сите нивоа на буџетскиот процес и преструктурирање на приходите и расходите со цел да се промовира родова еднаквост.

45 Родова обука е секоја образовна алатка или процес чија цел е да се зголеми свесноста на креаторите на политиките и другите чинители за прашањата од областа на родовата еднаквост, да се изградат нивните родови компетенции и да им се овозможи да ги промовираат целите на родовата еднаквост во својата работа на секое ниво.

46 Податоци разделени по пол се податоци што се собрани и претставени посебно зажените и мажите, што овозможува да се мерат разликите меѓу жените и мажите во поглед на разните социјални и економски димензии и претставува еден од условите за да се добие родова статистика.

47 Според Државниот завод за статистика, во Република Северна Македонија има 2 076 694 жители. Процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население е речиси подеднакво, 49.9 % од населението се жени, а 50.1 % се мажи (состојба 30.06.2019 година).

48 Според поимникот на ОБСЕ во „Родот, различностите и правдата", имплицитни предубедувања се ставови или стереотипи кои влијаат на разбирањето, постапувањето и одлуките на несвесно ниво. Таквите предубедувања, кои се однесуваат на давање и поволна и неповолна оценка, се активираат.

49 Каталог на обуки во рамките на задолжителната континуирана обука за судии, јавни обвинители, претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства за период СЕПТЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ 2019 година, Академија за судии и јавни обвинители, Скопје, https://jpacademy.gov.mk/wp-content/uploads/2019/10/KATALOG-9-12-2019.pdf (пристапено на 08.02.2021).

напредокот и влијанието на Националната стратегија за родова еднаквост (2013-2020) и Националниот акциски план за родова еднаквост (2018-2020) се наведува дека се „нереализирани активностите за зајакнување на капацитетите на судии и јавни обвинители за родовата перспектива во судската власт", како и дека „...судството многу ретко препознава родова базирана дискриминација на пазарот на труд и за вработување и да останат вработени особено во репродуктивниот период".[50]

Според Извештајот на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ) има малку држави и субјекти во кои се донесени и имплементирани специфични одредби во корист на родовиот паритет при вработувањето во правосудниот сектор. Во повеќето случаи, се применуваат општи одредби или механизми насочени кон избегнување на родова дискриминација. Само Германија има развиено политика во корист на паритет за регрутирање судии и адвокати, нотари и извршители. Огромното мнозинство на држави и ентитети укажуваат на постоење на институции задолжени за родов паритет, но тие не се специфични за правосудниот систем. Некои држави имаат национална програма, или документ за политика за унапредување на родовиот баланс во нивниот правен систем. Но, во повеќето држави, вклучително и Република Северна Македонија програмите/законите/документите за родова еднаквост се однесуваат општо на целата државна служба, без посебни одредби во областа на судскиот систем. Ова значи дека овие држави и субјекти ги третираат правните професии како и секоја друга професија, без да се земат предвид одредени карактеристики на судската професија.

И покрај општата феминизација на судските функции, некои држави, вклучително и Република Северна Македонија во Извештајот на CEPEJ посочуваат дека не ја смениле, односно не ја прилагодиле соодветно организацијата на судската работа. Во некои држави во насока на прилагодување на работата кон поголемата застапеност на судијките, односно во насока на олеснување на постигнувањето баланс меѓу работните и семејните обврски предвидени се мерки како: намалено работно време за судијките мајки; можност за замена на отсутни лица заради породилно; распределување на обемот на работа и прилагодување на работното време; можност за скратено работно време или работа од дома заради грижа за дете, оваа мерка се однесува и на мажи и на жени, итн.

Република Северна Македонија има силна нормативна рамка за унапредување на родовата еднаквост, преку учество во сите релевантни меѓународни рамки за родова еднаквост:

- Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на ОН (CEDAW);
- Платформата за акција од Пекинг на ОН (1995);
- Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи на Советот на Европа (ратификувана во 1997);
- Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулската конвенција, ратификувана во 2018);
- Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН „Жени, мир и безбедност" (за која земјата искажа поддршка) и дополнителните резолуции.

Уставот (Член 9) пропишува еднаквост за сите граѓани, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Согласно Уставот и меѓународно преземените обврски, земјата има усвоено бројни закони во кои се уредува родовата рамноправност во армијата, полицијата, судството и јавната администрација. Сепак најсеопфатен е Законот за еднакви можности на жените и мажите.[51] Согласно овој Закон беше донесена Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020, а за нејзиното спроведување беа усвоени два Национални планови за акција за родова еднаквост, за периодот 2013-2016 и за периодот 2018-2020 година; како и три Оперативни планови за родова еднаквост, за 2013 година, 2015 година и 2018 година. Споменатиот Закон за еднакви можности на мажите и жените претрпе неколку измени и дополнувања, а во изработка е нов Закон. Истовремено се очекува да биде донесена и нова Стратегија за родова еднаквост.

50 Благица Петрески, Проценка за напредокот и влијанието на Националната стратегија за родова еднаквост (НСРЕ) (2013-2020) и Националниот акциски план за родова еднаквост (НАПРЕ) (2018-2020), Скопје, 2021 CEPEJ studies no.26, 2018 Edition (2016 data), https://rm.coe.int/rapport-avec-couv-18-09-2018-en/16808def9c (пристапено на 12.3.2021).

51 Закон за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21).

Врз основа на актуелниот Закон се воспостави сложена структура на националните механизми за родова еднаквост, во чии рамки влегуваат:

- Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието на Република Северна Македонија;
- Клубот на пратенички при Собранието;
- Интер-ресорска група консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите;
- Министерство за труд и социјална политика/Сектор за еднакви можности; Правен застапник за нееднаков третман по основ на пол во Министерство за труд и социјална политика;
- Координатор/ка и заменик координатор/ка за еднакви можности на жените и мажите во сите министерства назначени од редот на вработените;
- Комисии за еднакви можности на жените и мажите (во рамки на советите на локалната самоуправа, составени од советници/советнички со мандат од 4 години), и координатори/координаторки за еднакви можности на жените и мажите (државни службеници/чки, вработени во единицата на локална самоуправа).

**Сите органи на законодавната, извршната и судската власт имаат законска обврска да ги имплементираат Законот за еднакви можности и стратешките документи од областа на родовата еднаквост. Исто така, имаат обврска да ја инкорпорираат родовата перспектива во своите стратешки документи, во стратешки планови и буџети, на национално и на локално ниво.**

Кога станува збор за родовата еднаквост конкретно за поддршка на учество на жените во политиката и позициите на моќ, Република Северна Македонија воведе родова квота во Изборниот законик. Членот 64 од Изборниот законик предвидува најмалку 40% од кандидатите на листата на кандидати за пратеници (но и за членови на совет на општините) да припаднат на помалку застапениот пол, обврзувајќи ги политичките субјекти дека „на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места. Оваа родова квота обезбеди зголемување на застапеноста на жените во Собранието, како и во советите на општинско ниво. Во законодавната власт во постојниот пратенички состав, 47 или 39% од вкупно 120 пратеници се жени. Во извршната власт, како и на градоначалничките места на локално ниво, каде не е предвидена родова квота застапеноста на жените останува ниска и под таргетот од 40% утврден во Препораката (2003) на Комитетот на министри при Советот на Европа до земјите членки за балансирано учество на жените и мажите во политичкото и јавното одлучување. Односно во Владата од вкупно 16 министерства, има само четири (4) министерства кои се раководени од министерки и има три (3) заменички министерки.

Во поглед на пристапот на жените до позиции на моќ, за разлика од извршната власт каде побројни се мажите и законодавната власт каде зголемениот број на пратеничките се должи на родовите квоти во Изборниот законик, судската власт во Република Северна Македонија дури и во отсуство на афирмативни мерки се карактеризира со поголем број судијки во споредба со мажите судии (види слика 1).

Слика 1: Табеларен приказ на родовата застапеност на судии во основните, апелациските, Управниот, Вишиот управен и Врховниот суд во периодот 2015-2020 година

| 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Суд | Жени | Мажи | Вкупно |
| Врховен суд | 9 | 10 | 19 |
| Виш управен суд | 10 | | 10 |
| Управен суд | 23 | 6 | 29 |
| Апелациони судови | 46 | 43 | 89 |
| Основни судови | 253 | 178 | 431 |
| Вкупно | 341 | 237 | 578 |

| 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Суд | Жени | Мажи | Вкупно |
| Врховен суд | 12 | 11 | 23 |
| Виш управен суд | 12 | | 12 |
| Управен суд | 23 | 6 | 29 |
| Апелациони судови | 44 | 45 | 89 |
| Основни судови | 239 | 162 | 401 |
| Вкупно | 330 | 224 | 554 |

| 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Суд | Жени | Мажи | Вкупно |
| Врховен суд | 11 | 11 | 22 |
| Виш управен суд | 12 | | 12 |
| Управен суд | 21 | 6 | 27 |
| Апелациони судови | 45 | 44 | 89 |
| Основни судови | 227 | 153 | 380 |
| Вкупно | 316 | 214 | 530 |

| 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Суд | Жени | Мажи | Вкупно |
| Врховен суд | 8 | 11 | 19 |
| Виш управен суд | 12 | 1 | 13 |
| Управен суд | 23 | 6 | 29 |
| Апелациони судови | 45 | 43 | 88 |
| Основни судови | 216 | 146 | 362 |
| Вкупно | 304 | 207 | 511 |

| 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Суд | Жени | Мажи | Вкупно |
| Врховен суд | 9 | 10 | 19 |
| Виш управен суд | 13 | 1 | 14 |
| Управен суд | 25 | 7 | 32 |
| Апелациони судови | 43 | 39 | 82 |
| Основни судови | 209 | 141 | 350 |
| Вкупно | 299 | 198 | 497 |

| 2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Суд | Жени | Мажи | Вкупно |
| Врховен суд | 11 | 11 | 22 |
| Виш управен суд | 13 | 1 | 14 |
| Управен суд | 25 | 7 | 32 |
| Апелациони судови | 43 | 38 | 81 |
| Основни судови | 207 | 137 | 344 |
| Вкупно | 299 | 194 | 493 |

Извор: Информација од јавен карактер обезбедена од Судскот совет на Република Северна Македонија

# 1. Апелациско подрачје Битола

## 1.1. Основен суд Битола со судско одделение во Демир Хисар

Од вкупно 18 судии, 12 се мажи. Претседателот на судот не суди. Од вкупно 12 судии, шест (6) се судии во граѓанска област, а шест (6) во кривична област. Од вкупно шесте (6) судијки, четири (4) се во граѓанска област, а две (2) судијки се во кривична област. Нема податоци за судии-поротници.

Во однос на половата застапеност на вработените во судската служба, жените се бројно позастапени во составот на судот, односно во вкупниот број на вработени. Има судска администраторка, а на раководна позиција (Б) има една (1) жена, раководителка на Одделението за информатика. Во однос на работните места во стручната судска служба (В) има двајца (2) мажи и една (1) жена. Жените се позастапени во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има 36 жени и 11 мажи. Во однос на судиските полицајци, сите шест (6) полициски работни места се пополнети од мажи.




## 1.2. Основен суд Крушево

Има балансирана родова застапеност во однос на судиите, односно има еден (1) судија и една (1) судијка, која е претседателка на судот. Судијката се занимава со граѓанска и кривична материја, а судијата со кривична материја. Има пет (5) судии-поротници, но нема родово разделени податоци.

Во однос на работните места во судската служба поголема е застапеноста на мажите. Во стручната судска служба (В) доминираат мажи, односно има двајца (2) мажи и една (1) жена. Мажите се позастапени и во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има четворица (4) мажи и три (3) жени. Нема раководни судски службеници, ниту судски администратор. Во однос на судиските полицајци, сите три полициски работни места се пополнети од мажи.



## 1.3. Основен суд Охрид

Судот има 15 судии. Седум (7) се мажи, од кои петорица (5), се во граѓанска област, а двајца (2) се во кривична област. Претседателот на судот не постапува по предмети. Од вкупно осумте (8) судијки, три (3) се во граѓанска област, а пет (5) се во кривична област. Во 2020 година има четворица (4) судии- поротници мажи и шест (6) судии-поротници жени.

Во судската служба има судски администратор. На раководна позиција во судската служба (Б) има еден (1) маж, раководител на Одделението за информатика. Во однос на работните места во стручната судска служба (В), доминираат жени, односно има 12 жени и тројца (3) мажи. Жените се позастапени во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има 23 жени и 18 мажи. Во однос на судиските полицајци, сите пет (5) полициски работни места се пополнети од мажи.

О.С. ОХРИД




## 1.4. Основен суд Прилеп

Од вкупно 13 судии, седум (7) се мажи и шест (6) се жени. Претседател на судот е маж, кој не е активен судија. На граѓанска материја има двајца (2) судии и пет (5) судијки, а на кривична материја има пет (5) судии и еден (1) судијка. Во 2020 има вкупно 24 судии поротници од кои девет (9) се мажи и 15 се жени.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, се констатира дека од вкупниот број на вработени жените се мнозинска родова група, но на повисоките позиции доминираат мажи, а во стручните служби и во помошните служби мнозинството се жени. Конкретно, на позицијата судски администратор (А) е маж, во раководните служби (Б) има еден (1) маж, во стручните службени (В) има шест (6) мажи и девет (9) жени, а во помошно-стручните служби (Г) има 14 мажи и 20 жени. Во судската полиција, сите седум (7) вработени се мажи.

О.С. ПРИЛЕП



## 1.5. Основен суд Ресен

Од вкупно три (3) судии, еден (1) е маж и две (2) се жени. Претседателката на судот е активна судијка. На граѓанска материја има еден (1) судија, а на кривична материја има две (2) судијки. Во 2020 има вкупно четири (4) судии поротници од кои сите се жени.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, во стручните служби (В) има три (3) мажи и две (2) жени, а во помошно-стручните служби (Г) има пет (5) мажи и седум (7) жени. Во судската полиција, сите четворица (4) вработени се мажи.




## 1.6. Основен суд Струга

Има вкупно девет (9) судии, од кои шест (6) мажи и три (3) жени. Претседател на судот е маж, кој истовремено е активен судија. На граѓанска материја работат тројца (3) судии и една (1) судијка, а на кривична материја има тројца (3) судии и две (2) судијки. Нема податоци за судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, се констатира дека од вкупниот број на вработени жените се доминантна родова група, но на повисоките позиции доминираат мажи, а во стручните служби и во помошните служби доминираат жени. Конкретно, на позицијата судски администратор (А) е маж, во раководните служби (Б) има еден (1) маж, во стручните служби (В) има четири (4) мажи и 11 жени, а во помошно-стручните служби (Г) има 10 мажи и 20 жени. Во судската полиција, сите четворица (4) вработени се мажи.



# 2. Апелациско подрачје Гостивар

## 2.1. Основен суд Гостивар

Од вкупно 19 судии 10 се мажи и 9 се жени. Претседател на судот е маж.. На граѓанска материја работат шест (6) судии и три (3) судијки, а на кривична материја работат тројца (3) судии и шест (6) судијки. Нема судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во вкупниот состав на судската служба, се констатира дека има приближно еднаква застапеност на жени и мажи. Позицијата судски администратор (А) ја има маж, во стручните служби (В) има 10 жени и 16 мажи, а во помошно-стручните служби (Г) има 24 жени и 17 мажи. Во судската полиција, сите пет (5) вработени се мажи.




## 2.2. Основен суд Дебар

Сите четворица (4) судии се мажи и претседателот на судот е маж, кој истовремено е активен судија. На граѓанска материја работат двајца (2) судии, и на кривична материја работат двајца (2) судии. Нема информации за судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, се констатира дека од вкупниот број на вработени мажите се доминантна родова група. Не е пополнета позицијата на судски администратор. Во стручните служби (В) има четворица (4) мажи и две (2) жени, а во помошно-стручните служби (Г) има шест (6) мажи и 9 (девет) жени. Во судската полиција сите четворица (4) вработени се мажи.



## 2.3. Основен суд Кичево

Од вкупно осум (8) судии, четворица (4) се мажи и четири (4) се жени, односно има балансирана родова застапеност. Судот има претседателка, која истовремено е активна судијка. На кривична материја работат еден (1) судија и две (2) судијки, а на граѓанска работат двајца (2) судии и три (3) судијки. Во 2020 година има осум (8) жени и седум (7) мажи судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во вкупниот состав на судската служба, се констатира дека има приближно еднаква застапеност на жени и мажи. Нема судски администратор, а на позицијата раководен судски службеник (Б) е вработена жена. Во стручните служби (В) има осум (8) мажи и пет (5) жени, а во помошно-стручните служби (Г) има 13 жени и пет (5) мажи. Во судската полиција, сите пет (5) вработени се мажи.




## 2.4. Основен Суд Тетово

Од вкупно 23 судии, девет (9) се судијки и 14 се мажи. Претседател на судот е маж, кој истовремено е активен судија. На граѓанска материја работат девет (9) мажи и три (3) жени, а на кривична материја работат пет (5) мажи и шест (6) жени. Во 2020 година има 14 жени и шест (6) мажи судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба се констатира дека постои родов баланс, притоа, обезбеден е родов баланс во стручната служба, а жените се мнозинство во помошните служби. Судскиот администратор (А) е маж. Во стручните служби (В) има 23 жени и 23 мажи, а во помошно-стручни судски служби (Г), има 24 мажи и 33 жени. Во судската полиција, сите седум (7) вработени се мажи.



# 3. Апелациско подрачје Скопје

## 3.1. Основен суд Велес

Од вкупно 16 судии, шест (6) се мажи и 10 се жени. Претседателката на судот не суди. На граѓанска материја работат двајца (2) судии и шест (6) судијки, а на кривична материја работат тројца (3) судии и четири (4) судијки. Во 2020 година има вкупно 42 судии поротници од кои осум (8) се мажи и 34 се жени.

Во судската служба генерално позастапени се жените. Има судска администраторка, а на раководна позиција во судската служба (Б) има жена, раководителка на Одделението за информатика. Во однос на работните места во стручната судска служба (В) има осум (8) жени и тројца (3) мажи. Жените се позастапени и во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има 19 жени и осум (8) мажи. Во однос на судиските полицајци, сите седум (7) полициски работни места се пополнети од мажи.



## 3.2. Основен суд Гевгелија

Од вкупно 10 судии девет се (9) жени и еден (1) е маж. Претседателот на судот е жена. Сите судии и претседателката на судот, постапуваат по предмети и од граѓанска и кривична материја. Во 2020 година има вкупно 25 судии поротници од кои пет (5) се мажи и 20 се жени.

Во судската служба нема судски администратор. Во однос на раководните позиции во судската служба (Б) има двајца (2) мажи раководители на одделенија. Во однос на работните места во стручната судска служба (В) позастапени се жените, односно има шест (6) жени и двајца (2) мажи. Жените се позастапени и во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има 18 жени и 11 мажи. Во однос на судиските полицајци, сите пет (5) полициски работни места се пополнети од мажи.




## 3.3. Основен суд Кавадарци

Од вкупно шест (6) судии, четири (4) се жени и двајца (2) се мажи, вклучително и претседателот на судот. На граѓанска материја работат две (2) судијки и еден (1) судија. На кривична материја работат две (2) судијки и претседалот на судот. Во 2020 година има вкупно 18 судии поротници од кои четворица (4) се мажи и 14 се жени.

Во судската служба нема судски администратор. На раководна позиција во судската служба (Б) има еден (1) маж.  Во однос на работните места во стручната судска служба (В) пополенти се само од жени, односно има пет (5) жени. Жените се позастапени во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има 14 жени и 11 мажи. Интересен податок е што единствено во овој основен суд во групата на помошно-стручни судски службеници има двајца (2) мажи од вкупно 11 дактилографи. Во однос на судиските полицајци, сите шест (6) полициски работни места се пополнети од мажи.



## 3.4. Основен суд Кратово

Од вкупно четворица(4) судии две (2) се жени и двајца (2) маж, од кои еден е и претседател на судот. Претседателот не суди. Судијките постапуваат по предмети и од граѓанска и кривична материја. Нема податоци за судии поротници.

Во судската служба нема судски администратор, ниту пополнети раководни позиции. Во однос на работните места во стручната судска служба (В) пополенти се само од мажи, односно има двајца (2) мажи. Жените се позастапени во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има шест (6) жени и петорица (5) мажи. Во однос на судиските полицајци, сите четири (4) полициски работни места се пополнети од мажи.




## 3.5. Основен Суд Крива Паланка

Од вкупно шест (6) судии, еден (1) е маж и пет (5) се жени. Судот има претседателка, која не суди во текот на мандатот. На граѓанска материја има три (3) судијки, а на кривична материја има еден (1) судија и три (3) судијки. Во 2020 има вкупно тројца (3) судии поротници од кои еден (1) маж и две (2) се жени.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, во раководните служби (Б) има еден (1) маж, во стручните служби (В) има еден (1) маж и седум (7) жени, а во помошно-стручните служби (Г) има пет (5) мажи и шест (6) жени. Во судската полиција, сите тројца (3) вработени се мажи.



## 3.6. Основен суд Куманово

Од вкупно 23 судии, седум (7) се мажи и 15 се жени. Судот има претседателка, која не суди. На граѓанска материја има двајца (2) судии и 10 судијки, а на кривична материја има пет (5) судии. Во 2020 има вкупно седум (7) судии поротници од кои двајца (2) се мажи и пет (5) се жени.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, има судска администраторка (А), во раководните служби (Б) има еден маж, во стручните служби (В) има 13 мажи и 16 жени, а во помошно-стручните служби (Г) има 24 мажи и 49 жени. Во судската полиција, сите петорица (5) вработени се мажи.

О.С. КУМАНОВО




## 3.7. Основен суд Неготино

Од вкупно четири (4) судии, двајца (2) се мажи и две (2) се жени. Судот има Претседателка, која истовремено е активна судијка на кривична и граѓанска материја. На Граѓанска материја има двајца (2) судии и една (1) судијка, а на кривична материја има двајца (2) судии и две (2) судијки. Во 2020, има вкупно четири (4) судии поротници од кои еден (1) е маж и три (3) се жени.

Во однос на родовата застапеност на вработените во судска служба се констатира дека жените се доминантна родова група во помошните служби, додека позициите судски администратор (А) и позициите во раководните служби (Б) и во стручните служби немаат вработени. Конкретно, во помошно-стручните служби (Г) има двајца (2) мажи и 11 жени. Во судската полиција, сите четворица (4) вработени се мажи.

О.С. НЕГОТИНО



## 3.8. Основен Граѓански суд Скопје

Од вкупно 65 судии, 10 се мажи и 55 се жени. Претседател на судот е маж, кој не е активен судија. Основниот Граѓански суд Скопје се занимава исклучиво со граѓанска материја. Нема податоци за судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, се констатира дека од вкупниот број на вработени жените се мнозинска родова група и доминираат на сите нивоа во судската администрација, освен судската полиција. Конкретно, има една судска администраторка (А), во раководните служби (Б) има четири (4) жени, во стручните служби (В) има 25 мажи и 49 жени, а во помошно-стручните служби (Г) има 38 мажи и 116 жени. Во судската полиција, сите девет (9) вработени се мажи.

О.С. ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ




## 3.9. Основен Кривичен суд Скопје

Од вкупно 52 судии 21 се мажи и 31 се жени. Претседател на судот е маж. О.С. Скопје 1 се занимава исклучиво со кривична материја. Нема податоци за судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, се констатира дека од вкупниот број на вработени жените се доминантна родова група. Конкретно, позицијата судски администратор ја има маж, а во раководните служби (Б) има една (1) жена и двајца (2) мажи. Во стручните служби (В) има 34 жени и 14 мажи, а во помошно-стручните служби (Г) има 142 жени и 55 мажи. Интересен податок е што во овој основен суд во групата на помошно-стручни судски службеници има тројца (3) мажи од вкупно 72 дактилографи и единствено во овој суд во судската полиција, од 16 вработени една (1) е жена.

О.С. ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ



# 4. Апелациско подрчје Штип

## 4.1. Основен суд Берово

Од вкупно двајца судии, една (1) е жена и еден (1) е маж, кој е и претседател на судот. Судијката е во граѓанска област, а судијата е во кривична област. Во 2020 година има три (3) жени судии-поротници и еден (1) маж.

Во однос на родовата застапеност на вработените во стручната судска служба (В) доминираат мажи, односно има двајца (2) мажи и една (1) жена. Мажите се позастапени и во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има осум (8) мажи и пет (5) жени, сите пет се дактилографики. Во однос на судиските полицајци, сите пет (5) полициски работни места се пополнети од мажи.




## 4.2. Основен суд Виница

Од вкупно двајца судии, еден (1) е маж, а една (1) е жена. Судијката е претседателка на судот. Судијката е во граѓанска област, а судијата е во кривична област. Нема информација за судии поротници. Во однос на родовата застапеност на вработените во стручната судска служба (В) доминираат мажи, односно има двајца (2) мажи и една (1) жена. Жените се позастапени во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има шест (6) жени и четворица (4) мажи.

Нема раководни судски службеници, ниту судски администратор. Во однос на судиските полицајци, сите пет (5) полициски работни места се пополнети од мажи.



## 4.3. Основен суд Делчево

Има балансирана родова застапеност во однос на судиите, односно има една (1) судијка и еден (1) судија, кој е претседател на судот. Судијката е во граѓанска област, а судијата работи и во граѓанска и во кривична област. Од вкупно осум (8) судии поротници во 2020 година, петорица (5) се мажи и три (3) жени.

Во однос на работните места во стручната судска служба (В) доминираат мажи, односно има тројца (3) мажи и две (2) жени. Жените се позастапени во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има осум (8) жени и седум (7) мажи. Нема раководни судски службеници, ниту судски администратор. Во однос на судиските полицајци, сите шест (6) полициски работни места се пополнети од мажи.




## 4.4. Основен суд Кочани

Од вкупно девет (9) судии, пет (5) се жени, од кои едната е претседателка на судот и е во кривична област. Од останатите четири судијки, една (1) е во граѓанска област, а три (3) во кривична област. Тројцата (3) судии се во граѓанска област. Во однос на составот на судиите поротници во 2020 година, тројца (3) се мажи, а осум (8) се жени.

Во однос на половата застапеност на вработените во судската служба, жените се бројно позастапени во составот на судот, односно во вкупниот број на вработени. Има судска администраторка, а на раководни позиции (Б) има една (1) жена, раководителка на

Одделението за информатика. Во однос на работните места во стручната судска служба (В) има балансирана родова застапеност, односно има тројца (3) мажи и три (3) жени. Жените се позастапени во групата на помошно-стручни судски службеници (Г), односно има 18 жени и седум (7) мажи. Во однос на судиските полицајци, сите девет (9) полициски работни места се пополнети од мажи.



## 4.5. Основен суд Радовиш

Од вкупно пет (5) судии, двајца (2) се мажи и три (3) жени. Судот има претседателка, која истовремено е активна судијка. На кривична материја работат еден (1) судија и три (3) судијки судии и на граѓанска работат еден (1) судија и три (3) судијки. Нема податоци за судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, се констатира дека од вкупниот број на вработени жените се доминантна родова група, односно на раководните позиции доминираат жени, во стручните служби има рамномерна родова застапеност и во помошните служби доминираат жени. Конкретно, кај раководните судски службеници (Б) е предвидено да има само една позиција и таму е вработена жена. Во стручните служби (В) има тројца (3) мажи и три (3) жени, а во помошно-стручните служби (Г) има осум (8) жени и четворица (4) мажи. Во судската полиција, сите седум (7) вработени се мажи.




## 4.6. Основен Суд Свети Николе

Од вкупно три (3) судии, две (2) се судијки и еден (1) е маж. Претседател на судот е маж, кој истовремено е активен судија. На граѓанска материја работат еден (1) судија и една (1) судијка, а на кривична материја работат две (2) судијки. Нема податоци за судии поротници.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба се констатира дека постои родов баланс, притоа, жените се мнозинство во стручните служби, а мажите се незначително мнозинство во помошните служби. Конкретно, во стручните служби (В) има три (3) жени и еден (1) маж, а во помошно-стручни судски служби (Г), има шест (6) мажи и пет (5) жени. Во судската полиција, сите четири (4) вработени се мажи.



## 4.7. Основен суд Струмица

Од вкупно 11 судии, четворица (4) се мажи и седум (7) се жени. Претседателот на судот е маж, кој истовремено е активен судија. На граѓанска материја работат пет (5) судијки, а на кривична материја работат четири (4 ) судии и три (3) судијки. Во 2020 година има вкупно 17 судии поротници од кои седум (7) се мажи и 10 се жени.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, се констатира дека од вкупниот број на вработени жените се доминантна родова група, но на повисоките позиции доминираат мажи, во стручните служби има балансиран состав, а жените доминираат во помошните служби. Конкретно, на позицијата судски администратор (А) е маж, во раководните служби (Б) има двајца (2) мажи, во стручните служби (В) има шест (6) мажи и седум (7) жени, а во помошно-стручните служби (Г) има девет (9) мажи и 29 жени. Во судската полиција сите пет (5) вработени се мажи.




## 4.8. Основен суд Штип со судско одделение во Пробиштип

Од вкупно 16 судии шест (6) се мажи и 10 се жени. Претседател на судот е маж, кој не е активен судија. На граѓанска материја работат тројца (3) судии и пет (5) судијки, а на кривична материја работат двајца (2) судии и три (3) судијки. Во 2020 година има вкупно 28 судии поротници од кои шест (6) се мажи и 22 се жени.

Од аспект на родовата застапеност во судската служба, се констатира дека од вкупниот број на вработени жените се доминантна родова група. Конкретно, позицијата судски администратор (А) ја има жена, во стручните служби (В) единственото вработено лице е жена, а во помошно-стручните служби (Г) има 29 жени и 12 мажи. Во судската полиција, сите шест (6) вработени се мажи.



# НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА РОДОВИ ПЕРСПЕКТИВИ

## ОСНОВНИТЕ СУДОВИ СЕ ГЕНЕРИЧКИ РОДОВО ИНКЛУЗИВНИ, НО ПОТРЕБНО Е ДА СЕ РАБОТИ НА РОДОВА СЕНЗИТИВИЗАЦИЈА И ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО НИВНАТА РАБОТА.

1. Во основните судови има мнозинска застапеност на жените на позиции на моќ, конкретно на судски позиции. Но, постои тенденција судијки да бидат претежно ангажирани за граѓанските предмети, а за кривичните предмети доминантно да бидат ангажирани мажи судии.
2. Отсуствува родова разновидност во кадровската структура на судската служба, а во некои работни позиции се забележува феминизација (дактилографската) и масклулинизација (полициската). Родовата разновидност во застапеноста на претставниците на судската полиција е потребна имајќи предвид дека тие се задолжени за претрес и заштита на вработените во судот.
3. Отсуствуваат систематизирани информации во однос на бројот и обемот на предмети кои содржат родови аспекти во секој од судовите, вклучително и родово разделени податоци.
4. Постои потреба од родова сензитивизација и интегрирање на родовата перспектива во работата на основните судови. Судските мислења и одлуки со родова перспектива се многу значаен фактор во спречување на дискриминацијата и нееднаквоста.
5. Со оглед на надлежностите кои ги има претседателот/претседателката на основниот судот, постои потреба од негова/нејзина родова сенизтивизација што ќе придонесе за внесување на родовата перспектива во работата на судот, внатрешните односи меѓу вработените, како и односот кон странките. Родовата сензитивизација на претседателот/ката ќе придонесе да се препознае и потребата за поголема родова сензитивизација на вработените преку соодвентни родови обуки.
6. Основните судови се отворени за соработка во однос на родово сензитивни предмети, но немаат механизми и ресурси да ја реализираат таквата соработка. Постои потреба од воспоставување механизам за размена на искуства за родово сензитивни постапки со колегите од останатите судови во државата.
7. Основните судови немаат кохерентнен пристап во градењето соработка со органите на власта, установите и другите институции во однос на родово сензитивни предмети. Преку соработката со локалните органи, како Центрите за социјални работи, здравствените установи и подрачните единици на Секторите за внатрешни работи на МВР во соодветните општини и нивните подрачни органи може да се избегне дуплирање на постапките со цел да се спречат повредите на правилото „non bis in idem“, истовремено промовирајќи ги правата на жртвите и сведоците, осигурувајќи на тој начин на пр. семејното насилство да не остане незабележано.
8. Основните судови генерално не се доволно меѓународно поврзани од аспект на родово сензитивни предмети и таквото поврзување не се реализира бидејќи судовите немаат предвидено буџет за зачленување на судиите во меѓународни асоцијации и учество на настани за родово сензитивни теми.
9. Основните судови немаат просторни капацитети кои би го олесналe балансот меѓу работните и семејните обврски. Недостигот на просторните капацитети се надоместува со поволните одредби од Законот за судска служба кој експлицитно води грижа за балансот меѓу работните и семејните обврски на вработените.

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

contact@cpia.mk
www.cpia.mk